**ДРЖАВЕН АРХИВ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**МАКЕДОНИКА ЛИТЕРА**

**Павел Шатев**

# ИСТОРИЈА НА МАКЕДОНИЈА

(МАТЕРИЈАЛИ)

**ТОМ 1**

**ДРЖАВЕН АРХИВ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**МАКЕДОНИКА ЛИТЕРА**

Министерство за култура

***Оваа публикација е објавена со финансиска поддршка на Министерството за култура на Република Македонија***

© Павел Шатев (Милка Шатева), 2012
© Државен архив на Република Македонија и Македоника литера, за ова издание.
Сите права за ова издание се заштитени со закон. Не е дозволено копирање, умножување и објавување на делови или на целото издание во печатени и електронски медиуми или за друг вид јавна употреба или изведба без согласност на издавачот или на преведувачот на ова издание.

**Павел Шатев**

# ИСТОРИЈА НА МАКЕДОНИЈА

## (МАТЕРИЈАЛИ)

## Том 1

*Избор и превод*
**Предраг Димитровски**

*Предговор и редакција*
**Д-р Зоран Тодоровски**

МАКЕДОНИКА
литера
**Скопје, 2012**
**МАКЕДОНИЈА**

# КОН ОВА ИЗДАНИЕ

– Оригиналните ракописи и сѐ што имам од татко ми сакам да биде во Македонија. Со оваа помисла сум обземена, не можам навечер да спијам и верувајте ми, тоа ми е поголем товар од годините, што ги носам.

Со овие зборови, во јануари 2012, ме пречека во Загреб, Република Хрватска, во својот дом, Милка Шатева, ќерка и единствениот директен жив наследник на гемиџијата и истакнат македонски револуционер, првиот министер за правосудство во повоена Македонија, Павел Шатев. За помалку од една година ова беше наша втора средба. Во април 2011 година заминав во Загреб на нејзино барање и патувањето следуваше по серија телефонски разговори и договори. А, поводот беше текст објавен во политичкиот магазин „Публика“, додаток во реномираниот весник „Дневник“ каде што бев вработен, за иницијативата изнесена на одржаната панихида на битолските гробишта. На одбележувањето на 60-годишнината од смртта на Павел Шатев, кој животот го заврши во домашен притвор во Битола, беше реактуелизирана иницијативата за префрлање на моштите во неговото родно Кратово. И во таа пригода се слушнавме со г-ѓата Шатева, но тогаш не беше подготвена за поширок разговор. Иницијативата не заживеа, зашто се покажа дека семејството Шатеви во писмен документ уште многу порано инсистирало, моштите да не се пренесуваат и да останат на Светонеделските гробишта во Битола.

На првата средба во Загреб, г-ѓата Милка Шатева, доктор по хемиски науки и американски специјализант, во форма на микрофилм ми ги даде сите необјавени ракописи на нејзиниот татко Павел Шатев. „Земете ги и во Македонија конечно да се дознае вистината за мојот татко“, ми порача тогаш таа.

Станува збор за повеќе од 4.000 страници материјал од кои подоцна во „Публика“ објавив и серија текстови. И целиот овој меѓупериод одржувавме телефонски контакти. И праќав сѐ што беше објавувано, ја информирав за сѐ што се случува во Македонија и настаните непосредно поврзани со името

на нејзиниот татко. Знаеше за споменикот на гемиџиите, за новиот музеј, за местото на Павел Шатев во него, за иницијативата за подигање посебен споменик, за... Воспоставивме речиси редовна комуникација. Не знам дали истовремено контактирала и со други роднини и пријатели во Македонија, но знам дека стекнавме меѓусебна доверба. И повторно ме повика во Загреб. Овојпат, за да ги запазиме сите законски процедури околу објавувањето на ракописите, како што е редот, ме пречека со подготвената нотарска изјава за предадените филмувани материјали и пренесувањето на авторските права за нивно објавување и публикување. Не ѝ беше тешко со своите 90 лета да одвои време и да отиде на нотар.

– Минатиот пат ви ги дадов микрофилмовите, а сега ќе ви дадам сѐ што имам тука. Вие немате претстава ниту можете да замислите какво е чувството по цели 60 години татко ми да биде конечно рехабилитиран. Ве молам, сакам сѐ да биде во Македонија, речиси низ солзи изусти г-ѓата Милка Шатева.

Имаше и некоја симболика во времето за договорената средба. Ја имавме само неколку дена пред одбележувањето на 61-годишнината од смртта на револуционерот. А, оваа 2012 година, пак, се навршуваат 130 години од неговото раѓање. Во таа пригода ми предаде по еден примерок од неколку книги, што ги напишал нејзиниот татко. Една од нив, пак, датираше од 1910 година, напишана по враќањето од затворот во Фезан, денешна Сирија. Така, само површно ги читам насловите. „Во Македонија под ропство“, „Заточеништвото во Сахара-Фезан“, „Националните малцинства и самоопределувањето на народите“, „Солунскиот атентат и заточениците во Фезан“... Познати се и веројатно ги има по библиотеките и кај поединци. Ама, сигурно не се директно од семејството на авторот и револуционерот, особено не со негов потпис. Немав дилеми, местото им е во новиот Музеј на македонската револуционерна борба. По враќањето од Загреб ги предадов, само прво мораа да бидат репарирани и конзервирани.

Оригиналните ракописи и целокупното творештво на Павел Шатев се депонирани во Државниот архив на Хрватска, а нивното објавување и користење во научни и стручни цели не може да се врши без согласност на депонентите до мај 2021 година. Г-ѓата Шатева беше решена тие да бидат префрлени во Македонија. Само комплицираната процедура за раскинување на договорот и неговите анекси, како и биолошкиот часовник беа главните пречки за исполнување на посакуваното.

Но, како и да е, ракописите се тука. Првите преведени и обработени еве ги пред сите нас. Претпоставувам дека денес малкумина можат и да помислат дека пред речиси седум децении некој во Македонија пишувал за прашања, чија актуелност целосно доаѓа до израз и во овие наши времиња. Ќе следуваат и други, почнувајќи од неговите спомени, преку анализата на направените грешки во македонското револуционерно движење, што според оценките на

Шатев не треба да се повторат на патот кон македонската иднина, па сè до белешките и записниците од сослушувањето пред иследниците на некогашната ОЗНА или УДБА. Сето ова, повеќе од сигурно, ќе фрли нова светлина не само врз името и делото на Павел Шатев, туку и врз македонската историја.

Од оваа временска дистанца, ќерката Милка Шатева ќе забележи дека единствена грешка на нејзиниот татко Павел Шатев била што тој никогаш не се согласил да биде комунист и тоа го платил со својот живот. Дали тоа навистина било пресудно е работа на историчарите, но непобитен е фактот дека името на последниот гемиџија, бриселскиот доктор по право, конспиративецот и прв министер за правосудство на слободна Македонија стана парадигма за сликата на македонскиот револуционер. Двапати осудуван на смрт, еднаш од турскиот султан и вторпат од бугарскиот цар, и на двапати помилуван, стана жртва на сопствената Македонија на која ѝ го посвети целиот свој живот. Неговата ќерка Милка Шатева можеше со материјалите да прави што сака, да ги предаде кому сака и каде сака. Но, сепак, се определи, и секако не случајно, за Македонија. На заминување ме испрати со пораката:

– Поздравете ми ја Македонија.

Македонија е поздравена и на овој скромен начин може да возврати: Ви благодариме г-ѓа Милка!

За возврат, најмалку што може да направиме е да им искажеме благодарност на Милка и Наѓа Шатеви, исто така ќерка на Павел Шатев.

Истовремено, сакам посебна благодарност да им искажеме и на проф. Елена Атанасова и г-ин Јосип Циндриќ.

*Предраг Димитровски*

# ПРЕДГОВОР

*„Павел Шатев – едно име, кое достојно има свое место меѓу имињата на најсветлите ликови на македонското движење – Гоце Делчев и Даме Груев – едно име, кое секој Бугарин, секој Македонец, го изговара со радост и почит.*

*Кој друг, освен Павел Шатев, би можел да говори со поголемо срце и со поголеми познавања за Македонија*“[1].

Никола Д. Петков

Револуционерото дело на Павел Шатев е мошне огромно, богато и разновидно и го вбројува во еден од најистакнатите македонски револуционери, национални дејци, политичари и државници. Меѓу другото, тој е познат и како искусен дипломат, конспиратор и разузнувач, а се во услуга на македонското ослободително дело. Како плоден новинар и публицист, а особено со неговиот богат творечки опус за историското минато на македонскиот народ и како автор на повеќе необјавени ракописи (студии, монографии и статии) од историјата на Македонија, тој се легитимира како прв македонски научен историограф.

Револуционерната дејност на Павел Шатев интегрално е вткаена во најсудбоносните собитија на македонското национално ослободително движење. Како неодминлива фигура на македонската политичка сцена, Павел Шатев е непосреден учесник и активен сведок речиси на сите етапи на македонското револуционерно минато, особено на растежот и оформувањето на револуционерната физиономија на Македонската

[1] Од беседата на Никола Д. Петков, бугарски политички деец, лидер на Бугарскиот земјоделски народен сојуз и пратеник во Народното собрание, кој и самиот ќе стане жртва на бугарската комунистичка власт, при предавањето - рефератот што Павел Шатев го одржал во Софија, во хотелот „Славјанска беседа“ на 8 септември 1945 година на тема „Балканскиот проблем и Македонија“. Подоцна рефератот ќе излезе и како посебна брошура „Балканската проблема и Македония“, София, 1945, 3-6.

революционерна организација со сите нејзини идејно-политички превирања, делби и трансформации.

Революционерната дејност на Павел Шатев во македонската историографија не беше доволно третирана и валоризирана. И покрај тоа што во колективната меморија кај македонскиот народ Шатев беше познат и славен како храбар гемиџија, во македонската историографија тој беше премолчуван и критикуван како „потенцијален непријател" на македонската комунистичка власт, а спомнуван само кога се пишуваше за Солунските атентати во 1903 година. Особено ваквите квалификации беа присутни за време на информбировската хајка во 1948 година, кога беше обвинуван дека ги изневерил македонските партиски цели со соработката и контактите што гои имал со Советскиот Сојуз и со Бугарија.

Официјалната научно-историска рехибилитација во Р Македонија Павел Шатев ја доби со одржувањето на првиот научен собир „Павел Шатев, време-живот-дело (1882-1951)", одржан на 15 и 16 март 1992 година во Кратово. Меѓу првите, за вистината на личноста на Павел Шатев и постудиозна брошура и монографија за неговиот животен и револуционерен пат објави новинарот и публицист Панче Михајлов во 1991 и 1996 година[2].

Животниот и револуционерен пат на Павел Шатев, главно, може да се подели на три периоди. Првиот: анархистичкиот период, како учесник во копањето канал за минирање на Отоманската банка во Цариград и учеството во групата гемиџии во солунските атентати (1902-1903). Вториот: национално-федералистичкиот период, како политички активист во редовите на македонската емиграција во Софија, учеството во подготовката и преговорите за потпишување на Мајскиот манифест во Виена и дејноста во основањето и работата на ВМРО (Обединета) во Виена, Берлин и Цариград (1919-1930). Третиот: комунистичкиот период, кога се вклучил во државниот и политичкиот живот на новата македонска власт со членувањето во АСНОМ, потпретседател на Президиумот на АСНОМ и министер на правосудството во првата влада на Федерална Македонија (1944-1949).

Павел Шатев е роден во Кратово на 15 јули 1882 година во трговско семејство, од татко Поце и мајка Стојанка[3]. Се школувал во родниот град, прогимназија завршил во Скопје, каде се запознал со револуционерното движење од својот учител Христо Матов и од Пере Тошев, кој во тоа време бил училишен инспектор во Скопје. Школувањето го продолжил

[2] Панче Михајлов, Павел Шатев. Живот и дело, Скопје, 1991; Панче Михајлов, Револуционер, родољуб, разузнавач. Прилог кон биографијата на Павел Шатев, Кратово, 1996.

[3] Според Изводот од матичната книга на умрените од 1986 година, П. Шатев е роден на 2 јуни 1882 година (Државен архив на Република Македонија /натаму: ДАРМ/, Фонд: Виктор Аќимовиќ /необработен/).

во гимназијата во Солун, која ја завршил во 1900 година. Во 1899 година станал член на Македонската револуционерна организација, а во следната 1900 година се приклучил кон револуционерниот терористички кружок на младите ученици од Велес, наречени гемиџии.

Во јуни 1900 година Павел Шатев учествувал во копањето канал за минирање на Отоманската банка во Цариград, зедно со Петар Манџуков, Славе Мерџанов и Петар Соколов. Како сомнителен на турската полиција, бил уапсен и протеран од Цариград и бил интерниран во родниот град Кратово. Во учебната 1901/1902 година бил учител во с. Лесново, Кратовско[4], а во февруари 1902 година морал да бега во Бугарија бидејќи добил вест дека во Цариград била откриена нивната акција и дека му претстои апсење. Учествувајќи во подготовките околу кревањето на Илинденското востание во Кратовско, Павел Шатев во пролетта 1903 година, за време на престојот во Кочанско, заедно со Тодор Александров, Владислав Ковачев и Аргир Манасиев учествувал во пренесувањето и снабдувањето на оружјето за потребите на востанието во Кратовско, Кочанско и Штипско[5].

Илинденското востание и пораките од востанието и новите Илиндени, ќе остане трајна инспирација во публицистичкото творење и во необјавената ракописна оставина[6] на Павел Шатев. На дваесетгодишнината од востанието, споредувајќи ги „двата симболи на македонскиот хероизам" – солунските атентати и Илинденското востание, Шатев во органот на Илинденската организација „Илинден" ќе напише: „На 28 април 1903 година во македонската престолнина Солун се бореа два револуционерни система: едниот на рускиот анархизам, засаден на македонска почва, кој сакаше да предизвика смели и страшни разрушувања и да всее паника сред европскиот капитализам и Хамидовиот деспотизам, а другиот – на Левски, кој сметаше да дејствува преку бавна револуционерна подготовка на масите. Првата група ги даде солунските атентати, а втората – Илинденското востание. И тешко е за историчарот, тој, лично, да определи кој од тие два настана бил поголем по своето значење, кој од тие два система бил пославен – дали примерот на личната бестрашност, или пак систематското воспитание на масите во револуцијата кој донесе едно самоосвестување на македонските маси, кое продолжува да твори веќе втора песна на македонската епопеја"[7].

[4] Исто, Фонд: Кратовско архиерејско намесништво, кут. 17, 1.496.4.87/187.

[5] Павел Шатев, Македония под робство, София, 1968, 309-324.

[6] ДАРМ, Фонд: Републички секретаријата за внатрешни работи, Пописник бр. 1, Павел Шатев, Илинденското востание во историјата (ракопис).

7 В. „Илинденъ", София, бр. 17, 29. VII. 1923, Види и кај Павел Шатев, Македония… цит., 484-485.

Во април 1903 година, во Солун, заедно со групата гемиџии, Павел Шатев учествувал во кревањето во воздух на Отоманската банка и на другите објекти, а самиот извршил диверзија на францускиот патнички брод „Гвадалкивир“ во солунското пристаниште. Бил уапсен и осуден на смрт, но казната му била заменета со доживотна робија, по што бил испратен во затворот во градот Мурзук, во областа Фезан, длабоко во Сахарската пустина (Либија).

По Младотурската револуција во 1908 година Павел Шатев бил амнестиран и заедно со гемиџијата Милан Арсов од Велес и Петар Христов од Битола од Фезан се вратил во Македонија. Кон крајот на 1908 година заминал во Софија, каде што завршил правни науки на Софискиот универзитет, а докторски студии завршил во Брисел, во 1912 година. Извесно време бил професор во Солунската трговска гимназија.

Во Втората балканска војна бил принуден да бега во Бугарија, каде што работел како адвокат до 1915 година, кога бил мобилизиран во бугарската армија до 1918 година.

Веднаш по Првата светска војна новата Земјоделска влада на Александар Стамболиски го назначила Шатев за окружен началник во градот Крџали, бидејќи добро го владеел турскиот јазик и имал контакти со турските претставници. Во 1921 година се населил во Софија, каде што работел како адвокат. Во Софија се оженил со Вера Мрмева, од семејство по потекло од Прилеп. Тогаш се вклучил во политичкиот живот на македонската емиграција и до крајот на својот живот ќе остане политички активен и секогаш ќе биде во првите редови на прогресивната македонска емиграција во Бугарија во борбата за ослободувањето на Македонија и создавање на македонска држава.

Како левоориентиран македонски национален деец, Павел Шатев се приклучил во редовите на Македонската емигрантска федеративна организација (МЕФО), прифаќајќи ја политичката платформа на оваа легална македонска организација за решавање на македонското прашање: „Создавање на Македонија во нејзините географски и економски граници во самостојна политичка единица како етапа за остварување на балканска федерација“[8]. Како искусен револуционер и авторитетна личност во македонските емигрантски средини во Бугарија, Шатев ќе биде избран за претседател на Основачкиот конгрес на МЕФО, одржан на 4 декември 1921 година, во Софија, на кој била донесена Резолуција да продолжи заедничката борба на сите сили во Македонија со легални средства и методи за остварување на единствениот идеал: „Автономна

[8] Архив на Инстититот за национална историја, Скопје, (натаму: АИНИ), Сл. IV. 24/II, бр. 69, Никола Киров-Майски, Документи за делото „В строя за Македония“, София, 1957, кн. II (ракопис).

федеративна Македонија со рамноправност на сите народности“[9]. Потоа, Шатев ќе биде избран и за претседател на Комисијата за „обединување“, односно за помирување и постигнување договор со Извршниот комитет на македонските братства во Бугарија пред „Обединителниот“ собир на македонската емиграција во Софија[10], врз следната политичка платформа: „Македонската емиграција од сите народности се организираат да војуваат со легални средства за создавање на Македонија во нејзините географски и економски граници во автономна федеративна држава, независна од балканските држави и да служи како соединителна алка меѓу нив“[11].

Изменетите политички состојби и процеси во Бугарија, на Балканот и Европа во однос на присутноста на решавањето на македонското прашање, како и идејните превирања и противречностите во средината на македонската емиграција во Бугарија и во раководните стуи во ВМРО, а секако и под влијание на засилената комунистичка пропаганда од страна на Советскиот Сојуз, предизвикале промени и врз идеолошката матрица и политичкото убедување кај Шатев. Така, во барањето нови патишта за ослободување на Македонија и со уверувањето дека само Советскиот Сојуз ќе му даде искрена поддршка на македонскиот народ и на неговата борба за национална слобода, Шатев во средината на 1922 година првпат ќе стапи во контакт со претставниците на Советскиот Сојуз и со Коминтерната.

Поаѓајќи од убедувањето дека спасот за ослободување на Македонија, како што вели Павел Шатев во своите ракописни спомени, лежи во „обединувањето на сите македонски револуционерни сили“[12], тој во преговорите со советските претставници во Софија ќе го вклучи и Тодор Александров како водач на најмасовната оружена сила на ВМРО, сметајќи ја неговата организација „посилна и од самата бугарска држава“[13]. Во понатамошните контакти со претставниците на Советскиот Сојуз Шатев ќе се пројави како мошне искусен конспиратор и дипломат и како професионален разузнавач, известувајќи ги Русите „за македонските работи“[14] со постојан месечен надомес од 3-4.000 лева[15]. Во пролетта 1923 година тој отворил канцеларија во Софија, односно биро-претставништво како „камуфлажа“[16] за остварување средби со советските претставници.

Станувајќи соработник и разузнавач на Советскиот Сојуз, Павел Шатев ќе учествува во подготовката и преговорите за потпишување на

---

[9] В. „Автономна Македония“, София, бр. 53, 15. XII. 1921, „Заседания на Макед. учред. федеративен конгрес“, 1-2.

[10] ДАРМ, Фонд: Македонски национален комитет, кут. 3.

[11] Центален държавен архив, София (натаму: ЦДА), Фонд 1932, оп. 3, а. е. 268, л. 5-6.

[12] ДАРМ, Пописник 1, Материјал бр. 18. Спомени на Павел Шатев (ракопис), 494.

[13] Исто, Пописник 1, Материјал бр. 20. Изјава на Славе Иванов, 13.

[14] Исто, Изјава на Славе Иванов.

[15] АИНИ, Записникод сослушувањето на Павел Шатев од 23.VI. 1949, 2.

[16] Исто, 2, 5.

Мајскиот манифест во Виена во 1924 година. Во Виена патувал три пати за да ги сондира врските на претставниците на ВМРО со Советскиот Сојуз и со Коминтерната. Првиот пат ги придружувал Димитар Влахов и Михаил Монев за пат кон Москва, коишто ги испратил Тодор Александров да разговараат со претставниците на Советскиот Сојуз. За текот на преговорите и за потпишувањето на Мајскиот манифест, Шатев од Софија доставувал седмични извештаи до претставниците на Советскиот Сојуз, како и за политичките состојби во Бугарија и за односите на ВМРО со бугарската влада и со БКП[17].

Во ноември 1924 година Павел Шатев емигрирал во Турција, а во јули 1925 година во Виена. Понатамошната своја револуционерна дејност тој ќе ја продолжи во раководните редови на ВМРО (Обединета), учествувајќи во основањето на ВМРО (Обединета), каде бил избран за заменик-член на ЦК и член на редакцијата и соработник во органот на ВМРО (Обединета), в. „Македонско дело" (1925-1933). Во редовите на новата македонска левоориентирана организација, Шатев ќе ја афирмира и пропагира македонската национална индивидуалност и државна и политичка физиономија. Пледирајќи за национална и социјално-економска независност и самостојност на Македонија, тој, меѓу другото, ќе истакне: „Македонија е сега национално, социјално и економски експлоатирана и како таква, за да си обезбеди право на културен и социјален развој, неопходна е национална, политичка и економска слобода". Притоа, на страниците на в. „Македонско дело", тој ќе ја ги дефинира стремежите на македонското национално ослободително движење и на Македонците: „Идеалот на Македонците е создавање на една татковина, една одделна македонска држава, со македонска нација, со своја историја и свој самостоен политички и културен живот"[18].

Во април 1928 година Павел Шатев заедно со раководството на ВМРО (Обединета) се префрлил во Берлин, каде активно учествувал во одржувањето на Првата општа конференција на ВМРО (Обединета) во јули 1928 година. Застапувајќи ја националреволуционерната струја на организацијата, тој се конфронтирал со Димитар Влахов околу

---

[17] Исто, Записникод сослушувањето на Павел Шатев од 2.II. 1950, 11. За учеството на П. Шатев во потпишувањето на Манифестот види повеќе кај Зоран Тодоровски, Павел Шатев и Мајскиот манифест, Павел Шатев, Време-живот-дело (1882-1951). Прилози од Научниот собир одржан на 15 и 16 март 1992 година во Кратово, 53-62.

[18] П. П. Шатев, Македонското национално освободително движение, в. Македонско дело", бр. 11, 10. II. 1926, 3. За политичките погледи на П. Шатев види повеќе кај Даринка Петреска, Придонесот на Павел Шатев за расветлувањето на аспектите на македонското ослободително дело низ објавените прилозите во „Македонско дело", Павел Шатев, Време-живот-дело (1882-1951). Прилози од Научниот собир одржан на 15 и 16 март 1992 година во Кратово, 63-75.

политичката платформа на организацијата, застапувајќи ги ставовите за непартиска, националноослободителна организација, независна од Коминтерната и од Бугарската работничка партија (БРП). Покрај тоа, тој се спротивставил на неговиот избор во ЦК на организацијата, откажувајќи се од членството во Задграничното биро. Во Берлин соработувал со Георги Димитров, кој бил претставник на Коминтерната во овој град.

Во духот на решението на Конференцијата во Берлин, како и поради недостиг на финансиски средства, Павел Шатев во август 1929 година, заедно со семејството, сопругата и двете малолетни ќерки, се преселил во Цариград. Во Цариград, заедно со Михаил Герџиков и Георги Занков, ја организирал познатата Цариградска конференција на членовите на национал-федералистичката струја на ВМРО (Об). Предводејќи ја оваа струја на ВМРО (Обединета), Шатев се залагал за самостојноста на Организацијата, а особено за отфрлање на комунистичката „мантија", односно на комунистичкото „туторство" на Коминтерната.

Образложувајќи ги своите идејни и политички ставови, Павел Шатев во писмото до бугарскиот министер за внатрешни работи и до директорот на полицијата во Софија, од 4 мај 1939 година, меѓу другото, ќе им напише: „Јас, кога сум пишувал за идеологијата и тактиката на македонското ослободително движење, никогаш не сум водел сметка, на кој начин и како, во каква форма, ќе се претстави пред полицијата, зашто се однесуваше за една национална кауза… Со други зборови, македонското националноослободително движење не може, во никој случај, да се смета за класно, туку за чисто национално движење". Во писмото Шатев им напишал дека тој „како македонски деец" секогаш ги поддржувал и никогаш нема да се откаже од „идеите и мислите" коишто ги застапувал во минатото. Во врска со објавената книга „Македонија во ропство", во 1934 година, во Софија, Шатев ќе истакне дека во книгата го презентирал „сето она од коешто сум се воодоошевувал и што сум правел – сѐ за еден заеднички за сите идеал – СЛОБОДАТА НА МАКЕДОНИЈА" (со големи букви во писмото – м.б.)[19].

Во јуни 1931 година, со дозвола на бугарските власти, Павел Шатев заедно со семејството се вратил во Софија[20], во период кога во Бугарија се одвивале крвавите пресметки помеѓу приврзаниците на михајловистичката и протогеровистичката струја на ВМРО.

Во годините пред и за време на Втората светска војна, исправен пред опасноста на фашистичката инвазија на Балканот, Павел Шатев

---

[19] Архив на Министерството за вътрешни работи, София, (натаму: АМВР), К-79384, л. 71-73, 145-155.

[20] Исто, l. 9-14. Писма на бугарската амбасада во Цариград и Дирекцијата на полицијата во Софија да му се издаде „патен билет" на П. Шатев за враќање во Бугарија.

ќе се придружи кон антифашистичкиот сили, докажувајќи се како голем патриот и антифашистички борец. Притоа, тој постојано ќе биде следен, приведуван и сослушуван од полицијата, ставајќи го својот живот повторно на големи искушенија во бугарските затвори и логори.

Во овој период, Павел Шатев објавил статија во в. „Народна волја“ во Детроит, под наслов „Еден задолжителен долг“, од 13 мај 1938 година. Освврнувајќи се на актуелните состојби на поделеноста на европската и светската јавност на „два фронта, фашизмот-новата форма на европскиот империјализам и завојувања, и фронтот на слободата и демократијата, Шатев во статијата ќе подвлече: „Како сите народи, големи и мали, ТАКА И НИЕ МАКЕДОНЦИТЕ СМЕ ИСПРАВЕНИ ПРЕД ДИЛЕМАТА ДА ИЗБЕРЕМЕ ЕДЕН ОД ТИЕ ДВА СПРОТИВСТАВЕНИ ФРОНТА, НА ТИЕ ДВА СИСТЕМА, ДВА МИРОГЛЕДА ЗА ИДНОТО УРЕДУВАЊЕ И РАСПРЕДЕЛБА НА КАРТАТА НА ЕВРОПА... СЕПАК, НИЕ КАКО ПОРОБЕН И УГНЕТЕН НАРОД НИ СЕ НАЛОЖУВА ЈАСНО И КАТЕГОРИЧКИ ДА ЗАСТАНЕМЕ ИДЕЈНО И НА ДЕЛО НА ФРОНТОТ НА ДЕМОКРАТИЈАТА, СЛОБОДАТА И РАМНОПРАВНОСТА ВО ПРАВАТА И ОБВРСКИТЕ. ТОА Е ЕДЕН ЗАДОЛЖИТЕЛЕН ДОЛГ НА СЕКОЈ МАКЕДОНЕЦ, КОЈШТО ГО САКА СВОЈОТ РОД И ТАТКОВИНА“ (со големи букви во полицискиот документ – б. м.)[21].

Во овој период, од јуни 1939 година, Павел Шатев во Софија одржувал блиски контакти со Венко Марковски. Според записникот од неговото сослушување, тој на полициските органи ќе им изјави дека Венко Марковски е „млад поет, којшто пишува убави стихови на македонски дијалект“[22].

Пред почетокот на војната, Павел Шатев е потписник на два апела - меморандуми за решавање на македонското прашање. Првиот, на 1 ноември 1938 година, во името на неколку стотици македонски општественици и на македонската емиграција во Бугарија, Соединетите Американски Држави, Канада, Аргентина, Јужна Америка, Австралија и Европа, тој заедно со Туше Делииванов и Божин Проданов се потписници на апелот под наслов: „Известување од македонската општественост до светската општествена јавност“. Во Известувањето се барало: „ставање крај на крајно неподносливата асимилаторска политика во Македонија; признавање правата на Македонците да се третираат за самостојна народносна единица; право и слобода на македонскиот народ легално да се појават и да се воспитуваат во духот на традициите на својата полувековна борба; обласно самоопределување на одделните делови на Македонија; и целосна амнестија на сите Македонци-политички затвореници“[23].

---

[21] Исто, л. 144.

[22] Исто, л. 73.

[23] ЦДА, Фонд 370-Дирекция на полицията, оп. 2, а.е. 795, л. 13. По објавувањето на „Изложението“, П. Шатев бил повикан на сослушување во Дирекцијата на полицијата

Вториот, во летото на 1940 година, кога Павел Шатев задно со д-р Тодор Павлов, Петар Шанданов и група истакнати припадници на ВМРО (Обединета) и на Бугарската комунистичка партија, објавиле Меморандумот до Президиумот на Врховниот совет на СССР[24], во кој, во името на „Општиот македонски народен сојуз", барале да се заложи за „решавање на македонското прашање", врз основа на принципите со кои било решено националното прашање во Советскиот Сојуз. Во Меморандумот потписниците ги набележале „минималните барања", коишто се барале од владата на СССР да му помогнат на македонскиот народ во борбата за целосно национално ослободување, меѓу коишто биле: „Признавање на правото на Македонците да се третираат како самостојна народносна единица" и „Самоопределување на Македонија – како област со специфични стопански, животни и јазични особености и посебен етнографски состав на населението"[25].

Во Софија Павел Шатев продолжил да соработува со претставниците на амбасадата на Советскиот Сојуз како професионален разузнавач, со своја радиостаница, но не како комунист и „партиен", туку, како што тој самиот им изјавил, како „македонски национален револуционер, антифашист и демократ"[26]. Во јуни 1941 година го предвидел нападот на Германија над Советскиот Сојуз и за ова ја известил Москва со телеграма.

На 10 октомври 1941 година Павел Шатев бил уапсен од полициските власти во Софија под обвинение дека „работел во минатото за создавање на македонска комунистичка организација" и дека бил „во конспративна врска со чиновници од советската амбасада, од којашто добивал инструкции за организирање и обединување на македонските Бугари – комунисти од новоослободените земји"[27]. По извршените распити од страна на полицијата[28], во ноември истата година Шатев најпрвин бил испратен во логорот Крстополе, кај Ксанти[29], а потоа во логорот „Гонда

---

во Софија. Во Протоколот од сослушувањето, од 4 февруари 1939 година, тој отворено признал дека „Изложението" е потпишано од него и двајцата македонски дејци, Туше Делииванов и Божин Проданов, и дека со тоа сметале дека исполнувале „еден патриотски долг" со кој станале толкувачи на „разбирањата не само на македонската емиграција во Бугарија, туку и во Америка и др. " (АМВР, К-79384, л. 6).

[24] Според изјавата на П. Шатев, дадена пред органите на државната безбедност во Скопје, во 1949 година, тој во договор со Тодор Павлов го составил текстот на Меморандумот, потоа заедно ги изработиле заклучоците и откако текстот бил одобрен од ЦК на БРП и потпишан од сите потписници, ѝ бил доставен на советската амбасада во Софија (ДАРМ, Фонд: Павел Шатев).

[25] АМВР, ОБ-12507, том II, л. 14-15. Види повеќе кај Миле Михајлов, Прашањето за обединување на Македонија во Втората светска војна, Скопје, 2000, 55-62.

[26] ДАРМ, Фонд: Павел Шатев.

[27] АМВР, К-79384, л. 111-115.

[28] Исто, л. 102-108.

[29] Исто, 116-117.

вода“ кај Асеновград. Во 1942 година при апсењето на Никола Вапцаров и самоубиството на Коле Неделковски, кога била откриена радиостаницата, Павел Шатев во јули истата година бил осуден на 15 години затвор[30], и покрај одбраната дека „со класна работа“ не се занимавал и дека работел „по македонска линија“[31]. Бил затворен во затворот во Хасково[32], а подоцна во Ќустендил.

И во затворот во Ќустендил Павел Шатев не ја заборавил годишнината од смртта на Гоце Делчев. На 7 мај 1944 година тој ќе му упати „Молба“ на директорот на затворот со барање да им дозволи на затворениците да го одбележат денот од смртта на овој македонски револуционер, и како што пишува во писмото, „со усни беседи да се запознаеме како со личноста на Гоце Делчев, така и со неговите дела, мисли и убедувања“.[33]

По капитулацијата на Бугарија, Павел Шатев бил ослободен од затворот во Ќустендил и веднаш ја продолжил својата општествена активност во редовите на македонската емиграција во Софија. Веќе во септември 1944 година тој, заедно со уште 29 македонски револуционери и општественици, припадници на сите струи во македонското револуционерно движење (ВМРО, ВМРО-Протогеровистичка, ВМРО- Обединета и на БКП), се јавува како прв потписник на „Апелот до Македонците во Бугарија“, за поддршка на македонската борба за слобода и за создавање на македонска држава. Апелот имал за цел да ги запознае Македонците во Бугарија дека во Македонија „се создаде АСНОМ (Антифашистичко собрание на народното ослободување на Македонија), како институт од највисока революционерна и политичка стојност, прокламирајќи го основниот закон на Македонија, имено: целосно самоопределување на македонскиот народ“ и дека во Македонија е востановена револуционерна народноослободителна власт, која функционира преку своите органи – Комитет на народноослободителниот фронт“. Во Апелот било подвлечено дека Македонците во Бугарија имаат „долг“ да ја поддржат „револуционерната влада на Отечествениот фронт на Бугарија“, а истовремено да притекнат „во поддршка на Народноослободителната револуционерна борба, внатре во самата Македонија“, во актуелниот миг „кога македонскиот народ со оружје во рака се бори за својата слобода и самоопределување“. Истовремено, се апелираше до Македонците во Бугарија со „оружје в раце“ да се придружат во „Народноослободителната борба на Македонија“[34].

---

[30] Исто, л. 174-781.

[31] ДАРМ, Фонд: Павел Шатев.

[32] АМВР, К-79384, л. 164.

[33] Исто, л. 194. На маргините од писмото, со датум од 11 мај, директорот на затворот допишал дека дозволува да се одржи беседа „за животот и дејноста на Гоце Делчев“.

[34] Државен архив - Варна, Фонд 13к, оп. 1, а. е. 4; ДАРМ, Фонд: Павел Шатев.

Веднаш по капитулацијата на Бугарија и ослободувањето од затвор, Павел Шатев ќе се зафати со организирањето и заминувањето на македонската бригада „Гоце Делчев“ за Македенија за учество во нејзиното завршно ослободување. Тогаш кај него повторно ќе проработи патриотскиот занес и силното национално чувство, што не можел да го сокрие при испраќањето на насобраните македонски борци, обраќајќи им се со зборовите: „Срамота е како Македонци да останеме во Бугарија“.

Откако го одбил предлогот на новата бугарска влада да биде амбасадор во Турција, Павел Шатев со бригадата „Гоце Делчев“ дошол во ослободена Македонија и несебично ги понудил своите наталожени револуционерни искуства на новата македонска комунистичка власт. Во октомври 1944 година бил кооптиран за член на АСНОМ, а во јануари 1945 година за член на Президиумот на АСНОМ.

На конститутивната седница на Президиумот на АСНОМ, одржана на 1 јануари 1945 година, Шатев се залагал целата администрација во Македонија да се води на „официјален државен јазик“, да не се дозволи „државна писмена работа да се води на друг јазик“, бидејќи, како што истакнал тој, „има опасност да се појават туѓи пропаганди“ и „така ќе се создадат услови да се отворат вратите на националниот шовинизам“[35].

На Првиот слободен конгрес на македонската емиграција во Бугарија, одржан на 4 и 5 февруари 1945 година во Софија, Павел Шатев имал поздравен говор, како претставник на Президиумот на АСНОМ. Во своето обраќање пред претставниците на македонската емиграција во Бугарија, именувајќи ги со „Браќа Македонци“, тој ќе им предочи дека во Македонија е конституирана „македонска народна власт“ во којашто „влегуваат сите Македонци, без разлика на политички убедувања, вера и социјална положба“. Обраќајќи им се со задоволство и воодушевување дека „сонот“ на Македонецот за слобода и национална држава „денес е реалност“, Шатев ќе истакне: „Денес имаме слободна македонска територија, денес имаме македонско знаме, денес имаме македонска војска“, додавајќи дека „денешната народна власт во Македонија има за цел да го зачува единството на македонскиот народ, додека Македонија целосно не го постигне својот вековен идеал – Обединување на целосна Македонија”[36]

[35] Президиум на АСНОМ – Записници. Редакција: д-р Вера Весковиќ-Вангели и д-р Владо Ивановски, Институт за национална историја, Скопје, 1994, 59-66. Во дискусијата по истото прашање, Лазар Колишевски се залагал „секој народ во Македонија има право да говори, пишува и да учи на својот мајчин јазик“ и да им им се признае правото на „Албанците и Турците да пишуваат на својот јазик во институциите“.

[36] ДАРМ, Фонд: Павел Шатев. „Перви свободен конгрес на македонската емиграција в Белгарија“, 1, 4-7

Во февруари 1946 година, Павел Шатев и Лазар Колишевски, во својство на претседател и секретар на „Главниот одбор на Народниот фронт на Македонија, се обратиле до „Националниот комитет на македонската емиграција во Бугарија" во Софија, а Шатев со посебно писмо се обратил и до „Претседателот на Македонскиот научен институт", со молба „материјалите и историските документи што се однесуваат на историјата на македонскиот народ", а се наоѓаат во Македонскиот научен институт, „да се префрлат во Скопје, столицата на Федерална Народна Република Македонија"[37].

Во слободна и конституирана македонска држава, Павел Шатев ќе ги даде и првите изјави на странските претставници. Федерална Македонија тој ја гледа во рамките на „новата демократска и федеративна Југославија", а обединувањето на македонскиот народ тој го разбира да „стане по пат на разбирање со братскиот бугарски народ и со грчкот народ", длабоко убеден дека „еден траен мир и разбирање посакуваат сите народи на Балканот". Присоединувањето на пиринскиот дел на Македонија кон Федерална Македонија, Шатев го смета дека „не е само национално право на македонскиот народ, туку дека е и во интерес на бугарскиот народ". Значењето на Солун за Македонија, Шатев го толкува како „животна стопанска неопходност, како за народите на Југославија, така и за останатите народи на Балканот" и „само „слободен и достапен Солун за сите балкански народи ќе направи од овој град цветно средоземно пристаниште"[38].

Во април 1945 година Павел Шатев бил избран за член на првата влада на Федерална Македонија и за министер на правосудството. Во мај 1946 година бил избран за потпретседател на Президиумот на АСНОМ и за сојузен пратеник во Уставотворното собрание. Во 1948 година бил сменет од политичките функции и поставен за советник, а на крајот на истата година пензиониран.

На 16 јуни 1949 година Павел Шатев бил уапсен како сојузен пратеник во Загреб и 11 месеци бил држен во истражен затвор во Скопје. Бил обвинет од раководството на македонската политичка и партиска власт како „потенцијален непријател" за соработката со Советскиот Сојуз и за контактите што ги имал со бугарската амбасада во Белград. Имено, Шатев уште од 1946 година, како министер за правосудство и сојузен пратеник во Белград, одржувал контакти со бугарската амбасада во Белград. Во разговорите што ги водел со бугарските претставници, тој изразувал отворено негодување со политиката што ја водело македонското

[37] ЦДА, Фонд 1932, оп. 3, а. е. 309, л. 1-2. Подоцна целата библиотека и етнолошкиот материјал на Македонскиот научен институт во Софија биле префрлени во Скопје.

[38] ДАРМ, Фонд: Павел Шатев. Одговор на прашањата поставени од г. Џонсон, претставник на „Няшънълъ Бродкястингъ Къмпани", 1-3.

раководство кон Бугарија, подвлекувајќи ги следниве прашања: против „Бугарите и бугарофилите и сите оние кои пројавувале симпатии кон Бугарија"; против „сите Македонци кои дошле од Бугарија" и кои биле принудени да се вратат назад во Бугарија бидејќи биле „тормозени"; со „неоснованите масовни стрелања коишто се случија во Велес, Битола и Штип"; за „херметичното затворање на границата меѓу Македонија и Бугарија" и др.[39]. Исто така, Шатев ја критикувал политичката состојба во Македонија, пожалувајќи се дека бил „целосно дезавуиран" од раководството на Македонија[40]. Во октомври 1948 година Шатев, заедно со Панко Брашнаров, до бугарската амбасада во Белград доставиле Известување, со молба да го испратат до советската амбасада во Белград. Во Известувањето двајцата македонски дејци остро ја критикувале политичката состојба во Македонија, особено сменувањето на политичките кадри кои изразувале несогласување со политиката на Лазар Колишевски и југословенскиот политички врв, како што биле: Бане Андреев, Густав Влахов, Мире Анастасов и Кирил Петрушев[41].

По престојот во истражниот затвор во Скопје, Павел Шатев бил интерниран во Битола и сместен во зградата на поранешниот италијански конзулат[42], во руиниран објект, без струја и прозорци и нередовна храна. Во такви неподносливи услови за живеење, се разболел и умрел во затворската болница во Битола на 29 јануари 1951 година. Бил погребан на гробиштата кај црквата Св. Недела во Битола, во организација на Службата за државна безбедност, во присуство на неговата сопруга, која дошла од Загреб[43], и неколкумина негови пријатели. Свештеникот којшто го извршил црковниот обред воопшто не знаел за идентитетот на покојникот. Спомен-гробот му е направен во 1956 година, тајно, без да се знае порачувачот[44].

Павел Шатев, легендарниот гемиџија, македонскиот национален деец, државникот во првата македонска влада, единствената политичка

[39] Исто, Фонд 146, оп. 4, а. е. 227, л. 1-3. Допис на вториот секретар на бугарската амбасада во Белград, Т. Мечков, до Георги Димитров, од 6. 8. 1948 г.

[40] Исто, Фонд 147, оп. 3, а. е. 1480, л. 1-3. Објавено кај Македонският въпрос в българо-югославските отношения (1944-1952), София, 2004, 424-426. Информација на вториот секретар на бугарската амбасада во Белград за состојбата во Македонија и за средбата со П. Шатев, од 14 септември 1948 г. Меѓудругото, во разговорот со вториот секретар ва бугарската амбасада, П. Шатев му се пожалил дека во јули 1948 г. два дена бил „ставен во домашен притвор" и дека „бил распитуван од помошник-министерот за внатрешни работи, Елисие Поповски".

[41] Македонският въпрос... цит., 443-444. Информација на вториот секретар на бугарската амбасада во Белград, од 7 октомври 1948 г., доставена до Владимир Поп Томов.

[42] ДАРМ, Фонд: Виктор Аќимовиќ (несреден).

[43] Писмото на Милка и Надежда Михаљевиќ-Шатева, ќерки на П. Шатев, до редакторот на овој том, Загреб, 31.05. 2001.

[44] ДАРМ, Фонд: Виктор Аќимовиќ (несреден).

личност со три полициски досиеа-бугарско, руско и македонско, почина осамен, напуштен и разочаран од новата македонска комунистичка власт. Тоа што не го сторија турските „едикулиња" и „фејзани" и бугарските участоци и логори, го сторија македонските власти со интернирањето во сопствената татковина, на која и го посвети целиот свој революционерен живот.

Така, на 29 јануари 1951 година, замина Павел Шатев, нечујно и скришум од македонската јавност, исто како што тивко и спокојно го напушти запалениот брод „Гвадалкивир" од солунското пристаниште во април 1903 година.

* * *

Павел Шатев е еден од ретките македонски национални дејци кој се одликува со широки европски демократски погледи, доктор на правни науки од 1911 година во Брисел. На македонската политичка сцена тој се јавува не само како искусен револуционер, туку и теоретски изграден за проблемите на македонското национално прашање. Целосно национално определен и со зацврстено самосознание за посебноста на македонскиот народ и на македонското националноослободително дело, Шатев јасно и гласно го пропагира правото на Македонија да се конституира во независна национална и слободна држава на Балканот.

За македонската политичка и културна историја особено е значајно публицистичкото творештво на Павел Шатев. Тој се јавува и како плоден новинар и публицист и со мошне богат творечки опус за историското минато на македонскиот народ[45]. Покрај тоа, Шатев е автор на повеќе необјавени ракописи (студии, монографии и статии) од историјата на Македонија[46], во кои се осврнува на бројни настани, процеси и личности од историското минато на Македонија и од македонското револуционерно движење од најстарите времиња до Втората светска војна. Со ваквиот творечки опус, објавен и необјавен, Шатев се легитимира како прв македонски историограф, кој своите историски опсервации и констатации ги темели на научна основа, повикувајќи се на верифицираните историски автори.

Имајќи ја предвид бројноста на пишаните материјали, воодушевува творечката енергија на Павел Шатев, а особено неговата посветеност и љубов кон историјата на својата таковина, со оглед на неговиот немирен

[45] Павел Шатев е автор на мемоарските и историографските дела: „Заточението въ Сахара-Фезанъ", София, 1910, „Въ Македония подъ ропство", София 1934, „Националнитѣ малцинства и самоопредѣлението на народитѣ", София, 1936, „Колониалния впросъ и сегашната война, София, 1939; и „Балканската проблема и Македония", София, 1945.

[46] Во Државниот архив на Македонија, во Државниот архив на Хрватска и во семејната архива на ќерката на Павел Шатев, Милка Шатева во Загреб, се наоѓаат околу 30-тина ракописи, спомени , студии, статии, написи, реферати, обраќања и др.

и бурен револуционерен и емигрантски живот низ европските држави и несоодветните услови во затворите, логорите и истражните затвори во Бугарија и во Македонија.

Зборникот претставува прв том од необјавените ракописни материјали на Павел Шатев. Во Зборникот се содржани три пообемни ракописни материјали на Шатев што ги пишувал во последните години од неговиот живот: Македонија низ вековите. Македонија во древноста, средниот и новиот век; Врховизам и централизам-федерализам. Два светогледа, два концепта; и Доаѓањето на Турците на Балканскиот полуостров. Ропство под владеењето на турските султани (пишуван во 1944 година во затворот во Ќустендил).

Преку овие три ракописни материјали, односно преку пишаната творечка оставина на Павел Шатев, читателите ќе се запознаат не само со историското минато на Македонија и на македонскиот народ, туку и со неговите погледи, опсервации, констатации и размислувања во однос на историските настани, процеси и личности од македонската историја, како и за македонските проблеми и за потребите и методите за изнаоѓање за решавање македонското прашање. Интересно е што историскиот период што го третира Шатев во овие три ракописи, тој го именува како „романтичен период на македонското револуционерно движење". Во овие ракописни материјали го гледаме Шатев како плоден историограф, со широки познавања на светската, европската и балканската историја, автор кому му се познати светските, европските и балканските историчари, научници, филозофи и маркистички теоретичари, на чии дела се повикува и ги коментира во своите пишани трудови со неопходна научна акрибија.

Во Зборникот ракописните материјали се хронолошки подредени согласно прифатените периоди и етапи од историјата на Македонија. Оригиналните текстовите се пишувани на бугарски и преведени на македонски јазик. Текстовите се изворно пренесени, а интервенираме со белешки (фусноти), таму каде што сметавме дека е потребно соодветно прецизирање и објаснување.

Скопје, ноември 2012 год.

*Д-р Зоран Тодоровски*

# МАКЕДОНИЈА НИЗ ВЕКОВИТЕ

## Македонија во древноста, средниот и новиот век

## ДЕЛ I

**„Својственото на секоја книга е да анимира,**
**да заинтересира некој друг да напише друга поубава...“**

# ПРЕДГОВОР

Трудот што настанува е само дел од историјата на Македонија низ вековите. Тоа е повеќе еден аспект во кој некои точки, што засегаат одделни прашања, до скоро спорни во науката, се разработени, уточнети, објаснети од лица специјалисти – археолози, историчари, етнографи, општественици. Со тоа се придонесува младото поколение да се запознае и осветли со редица прашања за кои толку живо беа заинтересирани сите наши млади и стари дејци и општественици.

Сè уште остануваат редица други прашања од долгата и исполнета со голема трагика историја на Македонија, кои ќе треба да се разјаснат, уточнат, што е работа, долг на нашите историчари, етнографи, археолози. Јас ќе сметам дека целта на книгата е постигната ако предизвика интерес кај некои историчари - специјалисти, со определени принципиелни и методолошко надминати појдовни позиции, да ги разработат, расветлат и уточнат и останатите прашања од историјата на Македонија од древноста до наши денови.

*Авторот*

# БАЛКАНСКИОТ ПОЛУОСТРОВ ВО ПРЕДИСТОРИСКИТЕ ВРЕМИЊА

## Траките, нивното доселување, култура и исчезнување

Во некои учебници и ракописи по историја пишува дека пред Траките, на Балканскиот Полуостров живеело едно население од неиндоевропско потекло и ништо друго. Од последните ископувања и откритијата од пештерите и предисториските локалитети кај нас и во соседните држави се утврдува, всушност, дека пред Траките Југоисточна Европа била населена од четири народи, припадници на четири различни етнографски групи. При ископувањата на Малата пештера кај Трново, пештерата Моровица до с. Гложене (Тетевенско), Темната дупка до Карлуково (Луковитско), пештерата Малата пештера до Дреновскиот манастир се откриени материјали кои покажуваат дека уште во почетокот на доцниот палеолит (старокамен период) или приближно пред стотина илјади години во нашите места живеел човекот. Во тие пештери покрај многуте коски и заби од пештерска мечка, пештерска хиена, пештерски коњ, носорог, северен елен и друго, се пронајдени во големо количество и кремени ножеви и стругалки, кремени јадра и врвови за копја од коска изработени од првите жители на нашите земји. Тогаш климата била постудена и влажна и човекот бил принуден да води нерамноправна борба за завладување на пештерите

со двапати поголемата од него пештерска мечка. Пештерскиот човек се хранел со корења, плодови и со месото од убиените од него животни - коњи, антилопи и др., а кожата му служела за облека. Неговото оружје се состоело од лак со стрели од кремен, од копје со камен или коскен врв и од камени топки. Огнот му бил познат.

Досега во нашите места, наспроти најгрижливите откритија, не се пронајдени коски од тој најстар пештерски претставник за да може да се определи, нели, делумно и расата на која припаѓале најстарите доселеници на југ од Дунав. Но од откриените во соседните држави човечки коски и черепи се утврдува дека цела Југоисточна Европа, без јужната половина на Балканскиот Полуостров, т.е. Тракија, Македонија и Грција со островите, била населена од еден народ од таканаречената кромањонска раса, т.е. човек со висок раст, долга глава, со ниско и широко лице, слабо издадени напред орбитни очи, тесен и долг нос и со здрава долна челуст. Тој тип се задржал и во новокаменета епоха во некои делови на Европа и исчезнал под притисокот на кусоглавите индоевропски племиња.

Кон крајот на старокаменета епоха, веројатно, пред 40.000 - 50.000 години, кога студовите уште повеќе се засилиле, тоа најстаро население исчезнало од нашите места. Ние засега не знаеме дали тоа изумрело или се иселило во други предели. Многу стотици векови нашите земји останале без луѓе, ненаселени. Едвај во почетокот на новата камена епоха, т.е. пред околу 10.000 - 12.000 години, кога климата станала погодна, на југ од Дунав одново се населил човекот. Новите жители - дојденци, се населиле покрај извори и во некои пештери, каде денес ги наоѓаме нивните сиромашни културни остатоци. Тие преживеале така во целиот ран неолит (новокаменета епоха), т.е. до кај 6.000 - 5.000 година пред Христа. Досега кај нас се откриени остатоци од локалитети од раниот неолит до Алтимир (Ореовска околија), Мездра (Водачанска околија), Мадара (Шуменска околија), Бељаковец (Трновска околија), Курило (Софијска околија), Смочан и Деветашката пештера (Ловчанска околија) и др. Во тие локалитети освен кремени врвови за стрели и копја, камени ножови и стругалки, коскени врвови за копја и шила, се пронајдени и посебни форми на многу добро изгладени камени брадви, како и делови и глинени садови. Човекот во тоа време се занимавал главно со лов и риболов, а земјоделството сосема слабо го познавал. Тогаш имало во изобилство срни, елени, вепрови, диви говеда и др.

Од тие најстари неолитски локалитети подобро е ископуван само тој кај Мадара, каде меѓу другото се пронајдени и неколку искршени човечки коски. Благодарение, всушност, на откриениот во Деветашката пештера човечки скелет може делумно да се определи расата која живеела кај нас во раната новокамена епоха. Тој скелет е на единка со долга глава и долго

лице, со руса коса и речиси висок раст - следствено, тој скелет може да се однесува на народ којшто дошол од север. Остатоци од него се пронајдени и во соседните предели.

Во почетокот на доцната новокамена (неолитска) епоха или кон 6.000 - 5.000 пред Христа на Балканскиот Полуостров се населува друг народ дојден, како што изгледа, од кај запад. Тој народ, чие име не ни е познато, исто така, се населил покрај изворите и во пештерите и го напуштил Полуостровот многу подоцна, околу 1.700 година пред Христа под притисок на првите индоевропски племиња. Остатоци од локалитети на тој народ се откриени на многу места кај нас. Во тие локалитети, покрај камените брадви, формите по кои се разликуваат од тие од раниот неолит, се наоѓаат камени чекани - брадви со дупки, кремени ножови и стругалки, коскени врвови за копја и стрели, многу делови од глинени садови со најразновидни орнаменти, глинени и коскени идоли, како и коски од животни. Во најгорните пластови на тие локалитети се откриваат и првите метални предмети - бакарни игли и брадви. Населението кое живеело надвор од пештерите си правело колиби. Жителите на локалитетите од таа епоха, освен со лов и риболов се занимавале и со земјоделие и сточарство. И тогаш горите биле полни со најразновиден дивеч.

Иако не се добро истражувани локалитетите од доцната новокамена епоха, сепак може да се утврди дека нивната култура во почетокот се развивала посамостојно. Кон крајот или приближно кон 2.500 г. пр. Хр. тие потпаднале, од една страна, под влијанието на Егејскиот културен круг, а од друга, под силното влијание на таканаречената источна група исцртана керамика.

И од доцниот неолит кај нас до сега не е откриен ниту еден човечки скелет. Благодарение, всушност, на пронајдените во соседните и подалечни предели черепи повеќето од истражувачите прифаќаат дека старите жители на Средоземноморските области - од Мала Азија, Јужна Европа до Шпанија и Северна Африка - припаѓале кон таканаречената медитеранска раса, т.е. луѓе со низок раст, долга глава, валчесто (тркалезно) лице, црни очи и црна коса. При ископувањата на могилите кај Русе и Кубрат (Балбунар) меѓу големиот број човечки скелети се откриени и неколку черепи на единки од средоземноморската (медитеранска) раса, а тоа покажува дека носителите на украсуваната керамика, кои, како што ќе видиме подолу, дошле подоцна, се измешале со затекнатото од нив во нашите места постаро население.

Крајот на доцниот неолит, којшто кај нас датира меѓу 2.500 до кај 1.900 г. пр. Христа, се совпаѓа со првата половина на таканаречената каменобакарна епоха. Таа епоха во Југоисточна Европа, вклучувајќи ги и нашите земји, почнува околу 2.000 година и завршува кон 1.700 г. пр.

Хр. Во тоа време во земјите кои се вклучуваат од Иран до Чехословачка и од Галиција до Тесалија се развивала таканаречената „култура на цртана керамика“. Земјите од Иран, Украина, Бесарабија, источно Влашко, Бугарија до Тесалија влегувале во пределите на источната група цртана керамика. Остатоци од таа култура наоѓаме во илишните могили, кои се среќаваат на исток од реката Јантра до кај Новопазарско и од Пазарџик до приморјето. Тие локалитети претставуваат големи могили со форма на ниско пресечен конус и со дијаметри од 60 - 180 метри, при височина од 2 до 15 м. Селишните могили се поставени обично во рамнините или малите полиња на претпланинските области и тоа секогаш во близина на извори и реки. Досега кај нас се откриени повеќе од 270 могилни остатоци од кои, за жал, се ископани само десетина. При ископувањето на тие могили, како кај нас така и во соседните предели, се утврдува дека тие не се ништо друго освен утврдени локалитети, кои се формирале од многу слоеви, постепено и последователно натрупувани едни врз други во продолжение од неколку векови. Се утврдува уште дека жителите на селишните могили дошле од кај североисток во доцниот неолит, кога истиснале еден дел од постарото население, а другиот го претопиле.

Од незначителните ископувања кај Русе, Кубрат, Балбунар, Шумен, Јамбол, Преслав, Мечкор (Пловдивска околија), Габарево (Казанлишка околија) и Караново (Н. Загорска околија) се утврдува дека на сите длабочини се наоѓаат цели глинени садови и извонредно многу фрагменти од такви, од кои голем дел се украсени со најразлични орнаменти. На сите истражувачи на могилите особено внимание им привлекла керамиката од долните длабоки пластови, која е многу добро развиена и многу побогато орнаментирана отколку во горните, поплитки пластови, а тоа покажува дека жителите на тие локалитети дошле тука со повисока култура што постепено се изродила. На сите длабочини се наоѓаат многу камени брадви и чекани, бојни топки, камени острила, ножови и брадви, многу шила, врвови за копја и стрели направени од коска и рогови и многу огништа. Во најгорните пластови се среќаваат глинени, коскени, мермерни и во ретки случаи златни идоли. Во последниот културен пласт се наоѓаат и првите метални предмети - бакарни игли и брадви. Могилните жители граделе колиби што имале правоаголна форма. Главни занимања им биле земјоделието, сточарството, ловот и делумно трговијата.

Кој е тој народ што ги оставил своите населби - споменици, кон која етнолошка група би можеле да го приклучиме и како би можеле да го наречеме? Тоа се прашања по кои до скоро се изнесуваа најразлични претпоставки. Едни прифаќаа дека тоа биле првите Грци, други ги нарекуваа Траки, Индогерманци итн. Но, откако се направија поопстојни проучувања, како на материјалите така и на откриените на неколку места

човечки черепи, со поголема веројатност се утврди дека жителите на тие могили биле мешавина од неколку народи, од кои главниот бил од една раса од неиндоеврпско потекло. Сега се прифаќа дека племињата кои ги населувале Мала Азија, Кавказ, Ерменија и Југоисточна Европа пред доселување на Индоевропејците, припаѓале на друга јазична група, која некои ја нарекуваат јафетидска. Таа група се делела на многу племиња (Пелазги, Ерменци, Хетити, Етрурци, Лики, Лиди итн.) и која меѓу другото се одликувала со тврд кос череп. Јафетидите не можеле да го зачуваат својот физички тип, туку се измешале со долгоглавите од југ и од север, како и со кусоглавите Индоевропејци. Тоа, како што тврдат лингвистите, се гледа особено добро и од јазикот на Јафетидите, кој е мешавина од многу јазици, меѓу кои проникнале и голем број индоевропски зборови.

Во случајов, нас нè интересира повеќе групата преаријски (пре-индоевропски) племиња, која живеела на нашите земји и кон која припаѓале Пелазгите и Хетитите. Првите ја населувале Тесалија, а вторите Бугарија, Тракија. Извесно е дека јазикот на Хетитите е мешавина од неколку јазици, од кои голем дел припаѓа и на индоевропскиот. А дека и физичкиот тип на Хетитите е мешавина од неколку раси се потврдува од пронајдените човечки черепи во могилните населби до Русе, Кубрат, Молдавија и Мала Азија, од кои едни се на долгоглави од средоземноморско и северно потекло, други на udредноглави од негроиден и трети на средноглави и кусоглави од индоевропско потекло.

Од досегашните проучувања е утврдено дека во самиот почеток на бронзената епоха или околу 1.700 г. пред Христа, речиси сите населбени могили, откриени локалитети и пештери во Бугарија, Романија, Унгарија, Југославија и Грција биле незначително запустени. Врз некои од напуштените населби или во нивна близина се доселил друг народ, но веќе со совршено нова, многу сиромашна култура. Под притисок на новиот народ, кој дошол од кај североисток, Хемитите и другите племиња од Балканскиот Полуостров се иселиле во Мала Азија. Во новата татковина Хетитите создале голема држава, која кон XV век пр. Хр. достигнала голема политичка моќ. Уредувањето претставувало федерација од племиња, секое од нив си имало свој главен град. Престолнината на хетитската држава се наоѓала кај денешното село Боразкој, на 160 км. источно од Анкара.

Според археолошки, лингвистички и антрополошки откритија, а, исто така, и од историски извори се утврдува дека кон крајот на каменобакарната епоха (меѓу 1900 - 1700 г. пр. Хр.) во сите делови на Европа и предна Азија се јавил еден нов народ. Во Вавилон, според старите паметници, се појавиле кон 1800 г. пр.Хр индоевропски племиња, кои со себе го довеле и коњот како домашно животно. Под Индоевропејци не треба да подразбираме

една раса, туку многу народи од различно потекло и со различен физички тип, но образувајќи една јазична група. Индоевропејците, според јазикот, се делат на две подгрупи - на источна или satem - јазици и западна или kentum - јазици. Кон источната група припаѓаат Траките, Индоиранците, Балтите, Словените и Ерменците, а кон западната - Грците, Албанците, Итало-келтите, Германците и Тохарите. Од тие две подгрупи, западната проникнала порано во Европа, а источната малку подоцна.

Прашањето за прататковината на Индоевропејците од каде тие се распрснале на сите страни сè уште е спорно. Едни ги прифаќаат како татковина на Индоевропејците Памир и Туркестан, други Западен Сибир, трети Германија или скандинавските предели итн. Денес повеќето од научниците како татковина на Индоевропејците ја сметаат областа меѓу Уралските планини, Дунав и Рајна. Тоа е областа на дабот, буката, врбата и брезата, чии имиња се наоѓаат во сите индоевропски јазици. Заедништвото на Индоевропејците се потврдува и од многуте зборови за сточарство, земјоделие, семејство итн.

Првите индоевропски племиња, кои ги заземале нашите земји, биле Траките и нивните блиски, сродни племиња Фригите и Ерменците. Тракиските имиња го опфатиле речиси целиот Балкански Полуостров, со исклучок на Јужна Македонија, каде се населиле Фригите, на Северна Тесалија каде се доселиле Ерменците и на Грција во која останале Пелазгите.

Траките населиле делови над напуштените од постарото население населби или во близина на извори и реки, каде основале нови могилни населби или заземале стрмни височини, какви што се Небет тепе и Џендем тепе во Пловдив.

Во најдолните пластови на првите тракиски населби наоѓаме фрагменти од глинени садови, кои немаат ништо заедничко со тие на постарото хетитско население. Тоа се мали, речиси јајцевидни глинени садови, рачно работени и снабдени со високи единечни дршки на горниот крај, што завршува со мала пупка. Заедно со тие садови се пронајдени и камени секирчиња, кремени ножови и стругалки, врвови на копја, стрели и шила, направени од коска и од рог, и во многу ретки случаи - бакарни предмети. Како во најстарите тракиски населби така и во првите индоевропски населби во Европа, бакарните и бронзените орудија се наоѓаат многу ретко. Причината за тоа е што тогаш металните предмети се добивале многу тешко и многу бавно влегувале во употреба, па затоа и камените, коскените и кремените предмети уште долго време биле во употреба. Во многу делови на Европа во текот на целата бронзена, дури и во железната епоха, камените орудија се употребувале еднакво со бронзените и железни оружја.

Од ископувањата на некои населби на Небет-тепе, Розово, Беркетската могила до Стара Загора, Св. Кирилово, Разград и други се гледа дека првите тракиски доселеници не можеле да останат за долго на едно место. Тие биле принудени да ги напуштаат, веројатно, под притисок на друг народ, своите населби. А тоа, веројатно. станало кон 1600 г. пр. Хр. кога имало ново раздвижување на племињата, што ги засегнало и нашите земји. Тогаш Ахејците - првите Грци - преминале преку земјите на Траките и се населиле во денешна Грција. Кон XV век пр. н.е. тие, заедно со други народи ги нападнале грчките острови и ја разрушиле критската цивилизација.

Одново успокоени многу од тракиските племиња останале пак над старите живеалишта и во продолжение од 3-4 века тие создале своја посебна култура. За тоа далечно време од минатото на Траките ние немаме апсолутно никакви податоци, но благодарение на археолошките материјали, добиени при ископувањата или при случајни наоди, можеме да кажеме неколку зборови за нивната култура и секојдневен живот, а така општо и за односите меѓу нив или со поблиските или подалечни области. Поголемиот дел од тракиските племиња живееле во мали, оддалечени едни од други маала, а друг дел, особено племињата од Тракија и од Македонија, продолжувале да престојуваат во укрепените могилни населби. Досега позначајни тракиски населби од времето меѓу XVI - XII век пр. Хр. се откриени на неколку места: Кортен, Караново, Гроф-Игнатиево, Перушчица, Ѓумурџина, Кавала и др.

На сите длабочини на населбените могили се наоѓаат извонредно многу садови со особени форми, кои се карактеристични само за тракиските населби од тоа време и кои не се среќаваат на друго место. Тоа се цилиндрични или крушковидни садови со по една цилиндрична рачка, чиј горен дел завршува со една широка пупка, и плитки, широки чинии, одоздола поставени на четири цилиндрични краци. Во најгорните пластови на тие населби се среќаваат и друг вид садови со една мала рачка и едно улејче или чучурче, чии форми доаѓаат од Мала Азија и Егејските острови. Во локалитетите од Софиско и северна Бугарија, покрај карактеристичните за тракиската керамика форми се откриваат и садови, чии форми се проникнати од кај Унгарија. На сите длабочини на населбите од тоа време се наоѓаат уште и многу камени секирчиња и чукови, од кои голем дел се правени од карпи, донесени од Мала Азија, островите или од Трансилванија, коскени врвови за копја и стрели, криви камени или од кал и слама делови од колиби, и во многу ретки случаи - бакарни или бронзени секирчиња со дупки во горниот дел.

При своето доселување, како што рековме погоре, тракиските племиња го заземале речиси целиот Балкански Полуостров, но кон XIII в. пр.Хр.

западните области на Полуостровот, под притисок на илирските племиња, биле напуштени од Траките. Тогаш Фригите, едно од најголемите тракиски племиња, кое живеело, како што веќе се спомена, во југоисточна и јужна Македонија, се иселиле во Мала Азија, заедно со нивните блиски сродници Ерменците, кои ја населувале Северна Тесалија. Подоцна Фригите често се споменуваат меѓу многубратските племиња во Мала Азија, а Ерменците кон VIII в. пр.Хр. основале и своја држава.

Но, и Траките од источната половина на Полуостровот не можеле за долго да живеат спокојно. Од археолошките материјали се гледа дека речиси сите досега познати тракиски населби од таа епоха биле наскоро напуштени. Од египетски документи се знае дека кон XII в. пр. Хр. едно ново движење на народите го разнишало Балканскиот Полуостров, откако некои од нив дури го нападнале по море и Египет. Еден од тие народи, кој дошол од Север, биле Дорците. Тие биле воинствени, добро вооружени и со аристократска организација. Пред нивните напади многу тракиски племиња, меѓу кои и Мизите од Северна Бугарија, се иселиле во Мала Азија. Дорците преминале преку земјите на Траките на пат кон Грција и островите и ставиле крај на критско-микенската култура.

За натамошната судбина на тракиските племиња, по преминувањето на Дорците од XII до крајот на IX в. пр. Хр., ние можеме да црпиме сведоштва само од Илијадата, во која се споменуваат многу тракиски племиња во врска со нивното учество во Тројанската војна. Многу од тие племиња таму ни се прикажуваат како доста културни: едни се големи мајстори во изработување на оружје, други се сточари, добри лозари итн. Податоците од Илијадата се потврдуваат навистина и од археолошки материјали. По преминувањето на Дорците во нашите земји било доста спокојно до кај IX в. пр. Хр. Во тоа време многу од тракиските племиња основале нови населби од кои досега се откриени само неколку: Ново-село (Видинско), Новград (Свишчовско), Врбовка (Севлиевско), Деветашката пештера, Табашката пештера (до Ловеч), Небет-тепе, Јасеновград, Орехово и др. За жал, меѓутоа, ниту еден од тие локалитети не е ископуван. Само од случајно пронајдени во или во блиско соседство со нив, главно глинени садови и бронзени орудија се гледа дека Траките и во тој период, покрај својата самобитна култура, биле под влијание и на културата на соседните области...

За уметничката материјална култура, каква што Траките постигнале кон крајот на бронзената епоха т.е. околу IX в. пр. Хр., говорат освен многубројните бронзени предмети - мечовите, врвовите за копја, фигурата од бронза на елен од Севлиевско, уште и златните садови од Волчетрнското скривалиште (Плевенско), што тежат 12,5 кг. За таквата култура сведочат исто и богато украсените глинени садови од Кутово, Асеново, Чиген и др.

Развојот на тракиската култура одново бил прекинат кон крајот на IX в. пр. Хр. Во Југославија, Влашко и во Северна Бугарија се пронајдени голем број колективни предмети од бронзени секирчиња и српови, што се закопани за време на бегство и така останале таму, откако нивните сопственици повеќе не се вратиле. Пред неколку години во с. Врбица (Плевенско) беа пронајдени во еден сад околу стотина сѐ уште неупотребувани бронзени секирчиња и српови, кои биле закопани за време на бегство. Се дотогаш беа непознати и бронзените секирчиња од Горско-Косово и Горско-Сливово (Севлиевско), бронзените српови од Разградско и Варненско, бакарните клучеви и бронзени секирчиња од Семерџиево и др. За време на тоа бегство е закопано и златното скривалиште од Волчетрнско. Како нашите колективни и поединечни наоди и населби, така и тие од соседните области покажуваат дека кон крајот на IX в. пр.Хр. тие места биле страшно опустошени од навлегувањето на нов народ. А тоа не се други освен нови илирски племиња, кои се симнувале по реката Сава, кон долен Дунав, Македонија и Грција. При своето проширување кон исток илирските племиња ја носеле и својата култура, позната под името хализатска или стара железна, од која во нашите земји се пронајдени извонредно многу материјали.

Навлегувањето на илирските племиња не само што совршено ги упропастило и без тоа веќе поделените тракиски племиња, туку ставило и крај на нивната тогаш развиена култура. Во земјите на Траките се населувале од сите страни нови народи и секој оставал толкаво големо влијание врз тракиската култура, што за епохата која го опфаќа времето од почетокот на VIII век до крајот на VI в. пр.Хр. ние не знаеме ниту еден предмет што бевме можеле да го прифатиме како тракиски. Едвај кон крајот на VI в. пр. Хр. покрај носените од надвор предмети, во нашите земји се среќаваат и такви што се правени од месното тракиско население.

Но, пред да видиме какво влијание оставиле врз тракиските племиња соседните покултурни народи по опустошувањата на Илирите, ќе треба да се запознаеме накратко со народите кои во тоа време бавно и постепено се населувале во земјите на Траките.

Многу векови во широката област меѓу Урал, Кавказ и Карпатите живеел еден сиромашен, сроден можеби на Траките народ, познат под името Кимерийци. Кимерийците, како и сите примитивни народи, се делеле на многу племиња, од кои секое имало и различни обичаи при погребувањето на своите починати. Повеќето од тие племиња ги погребувале мртвите во свиткана положба, откако ги бојадисувале телата со црвена боја, а врз гробовите посипувале могила. Племињата, кои живееле на Кримскиот Полуостров, ги погребувале своите мртви во гробници направени од грамадни камени плочи и покриени со камен и

земја, така што тие формирале, исто така, мали могили. Кон VIII в. пр. Хр. Кимеријците, под притисок на Скитите, биле принудени да ги напуштат своите живеалишта и да побараат нови населби. Некои од кимериjските племиња се населиле преку Кавказ во Мала Азија и северна Персија, а други покрај црноморскиот брег се населиле во Североисточна Бугарија, во Странџа и во Сакар-планина.

При ископувањата на надгробните могили во Ениџе, Кјолевча и Мадара (Шуменско) и Калуѓерица (Ново-пазарско) се откриени гробници со скелети во свиткана положба и бојадисани со црвена боја. Кај некои од скелетите се пронајдени мали глинени садови и сребрен накит, врз основа на што тие надгробни могили можат да се датираат кон VIII - VII в. пр. Хр. А, од начинот на погребувањето е јасно дека во тој крај пред тоа време се населиле кимериjски племиња.

Во Сакар и Странџа-планина се среќаваат многу гробници при чие ископување се утврдува дека тие, според формата, никако не се разликуваат од гробниците во Крим и северна Персија, а од пронајдените во нив материјали се гледа дека тие паметници се од VIII - VI в. пр. Хр. Следствено, гробниците во Сакар и Странџа-планина се подигнати од истите кимериjски племиња, кои живееле на Кримскиот Полуостров.

Кон VIII век и јужните соседи на Траките, Грците, и тоа не веќе со оружје, туку мирно и тивко се населувале во земјите на Траките по бреговите на

Бело, Мраморно и Црно Море. Халкидијци и Еретрејци основаат во VIII в. пр. Хр. на Халкидијскиот Полуостров неколку колонии. Паросците уште рано го заземаат Тасос и отспротива поставениот брег, каде ги обработувале златните рудници во Пангеј. Малоазиските планинци ги основале Булустра, Маронија и Енос. Галиполскиот Полуостров бил колонизиран од Еомијци, а Мегарјаните го основале Византион (денешен Цариград). Црноморските брегови биле колонизирани од милетски Грци уште во VI в. пр.Хр. кои ја основале Аполонија (Созопол), Одесос (Варна), Томи (Ќустренда), Истрос и др. Подоцна Меграјаните ја основале Месемврија, а потоа и Анхиало. Во различни времиња на таа епоха грчките колонисти основаат и помали населби меѓу кои Самидесос (Мидија), Тинијада (Инијада), Дионизополис (Балчик), Калатис (Мангалија) до Бургас, Гозекен (Обзор) и др.

Уште Грците на ја завршиле својата колонизаторска активност, а веќе кон VI в. пр. Хр. во североисточна Бугарија по стапките на Кимеријците, дошле и Скитите. Тој воинствен народ, за чие потекло се искажани најпротивречни мислења, создал меѓу VI - IV в. пр. Хр. голема и силна држава, која кон крајот на III век пр. Хр. исчезнала под нападите на други народи. Скитите, иако и делумно под грчко влијание, создале своја култура, уметнички споменици, што се одликуваат со своја стилизирана впечатлива орнаментика. Тие имале обичај да подигаат големи могили

над своите мртви, откако во гробовите на починатите, заедно со скапите садови и украсни предмети, биле погребувани и жените, слугите и коњите на покојниците. Дека Скитите проникнале рано и доста внатре во нашите земји, знаеме не само од походите на персискиот цар Дариј и на Александар Велики против него, туку и од скитските населби до Г. Манастирица (Беленско), Грчиново (Поповско) и др., од надгробните могили до Eниџе и многубројните предмети пронајдени на различни места кај нас.

Во целиот период на хализатската епоха од IX до VI в. пр. Хр. кога од сите страни и еден по друг соседни народи ги заземале земјите на Траките, последните не можеле да одолеат на културните влијание од надвор. Тоа се гледа не само од случајно пронајдени материјали, туку и од многубројните предмети откриени при ископувањата на неколку могилни некрополи, особено од времето меѓу VI и IV в. пр.Хр.

Тракиските населби од старата железна епоха се многу познати. Во тие населби се наоѓаат извонредно многу фрагменти од глинени садови, повеќ ето работени на грнчарско тркало, кои според формата не се разликуваат од садовите од Југославија, Романија, јужна Русија, Грција и Егејските острови. Меѓу нив има, меѓутоа, особено во населбите во јужна Бугарија, фрагменти украсени со отпечатоци во вид на концентрични кругови, спирали и подни орнаменти. Тоа е типичната за тракиските населби од тоа време керамика.

Влијанието врз керамиката не е така големо како врз многубројните украсни предмети, какви што се откриени во надгробните могили во сите краишта на бугарските земји. При ископувањата во могилите до Влашко село (Видинско), М. Бистрица (Тетевенско), Надежда (Ловчанско), како и од случајните наоди од Видин, Калуѓерово, Рибново и Скребатно (Неврокопско), Лакавица (Асеновградско) и многу други, се гледа колку силно било влијанието на илирските племиња од запад. Наодите од Аликарија (Поморско), Созопол, Варна, Мадара, Богданово (Ново-загорско) и др. се пренесени од југ, а предметите од Eниџе, Мумџилер, Грчиново и др. дошле од североисток.

Историските сознанија за Траките од почетокот на V в. пр. Хр. до конечното нивно претопување кон IV в. по Хр. се исклучително многубројни. На тие сознанија на старите грчки и римски автори ќе се осврнеме многу кратко.[1]

При доселувањето Траките го зафатиле речиси целиот Балкански Полуостров, но во текот на повеќе од 12 века, притискани од сите страни,

[1] Тие кои сакаат поподробно да се запознаат со податоците на класичните писатели за Траките, можат да се информираат од ценетите трудови на проф. Г. И. Кацаров „Битот на старите Траки според класичните писатели", 1914 и Г. И. Кацаров и Д. Дечев „Извори врз старата историја и географија на Тракија и Македонија" 1915 г.

многу од тракиските племиња, меѓу кои Фригите, Мизите и други се иселиле во Мала Азија. Во историско време, Траките живееле само во источната половина на Полуостровот, до кај Тимок и Струма, и на север од Дунав до Карпатите.

Херодот раскажува дека по Индијците, Траките биле најголемиот, најмоќниот и непобедлив народ, но бидејќи биле разделени биле слаби. И Тукидит тврди дека Траките се многубројни. Не се знае колку тракиски племиња имало пред V век, но Херодот набројува пред тоа време на југ од Дунав 22 племиња.

Од сите тракиски племиња најголемо и најважно биле Одризите, кои живееле по долна Марица и за главен град го имале Ускудум (денешен Одрин). Подоцна тие ги обединиле сите тракиски племиња во една држава. Друго племе, кое често се споменува кај старите автори, биле Беситe. Беситe биле познати не само како највоинственото од сите тракиски племиња, туку и зашто во нивната област се наоѓало познатото светилиште на Дионисиј. Тие често војувале со Одризите и најдолго опстанале наспроти војните на Македонците и Римјаните. Во римската војска имало специјални кохорти формирани од Беси. Тоа кораво племе можело да ги сочува своето име и јазик едвај до VI век по Хр. Во североисточна Бугарија живееле Гетите, а до нив Кробизите. Од Тимок до Огоста се споменуваат Трибалите, а источно од нив - Мизите. Покрај бреговите на Црно Море биле населени Тините и Мелинофагите, на запад од Мраморно Море - Апсинтите и Кените, а на Галиполскиот Полуостров-Долонките. Беломорскиот брег бил заземен од Киконите, јужните Родопи од Корпилите, а западно од нив опстојувале Сапеите и Којсалетите. По Долна Струма живееле малите тракиски племиња Орески, Дерони и  Тинтени. Околу планината Пангеј живееле Едоните, Одомантите и Сатрите. Во Петричко живееле Синтите, понагоре од Осоговската Планина и Руен до Витоша - Данталегаите, а во Малешевско - Медите.

Така поделени, тракиските племиња лесно станувале плен на околните народи, па затоа во својот долг историски живот од приближно 20 века, Траките не можеле да формираат силна и трајна држава. Едвај кон крајот на VI и почетокот на V век пр. Хр. тракиското племе Одризи успеало, како што рековме, да ги обедини за кратко време поделените тракиски племиња и да формира држава. Зошто, имено, Одризите успеале да го постигнат тоа обединување, а не некое друго племе? Одговорот на тоа прашање ќе треба да го побараме само во организаторската способност на многу подоцна доселеното во тие места кимериско племе од нетракиско потекло, кое подоцна ќе го носи името Одризи. И тоа кимериско племе, како и многу други племиња, било принудено кон VIII в. пр. Хр. под притисок на Скитите да ги напушти своите огништа на Кримскиот Полуостров и да се

досели во Сакар и Странџа-планина, каде продолжиле да ги погребуваат своите починати во долмени како во својата постара татковина.

Како основач на Одриското царство се смета Терес, татко на Ситалк, кој успеал да обедини во една држава многу тракиски племиња. Првата тракиска држава од почетокот на V в. пр. Хр. стигнала до Белото Море и Дунав и не подалеку од бреговите на Црното Море. Многу големо проширување и процут таа постигнала за време на синот на Терес, Ситалк, кој успеал да ги обедини сите тракиски племиња, така што државата му се протегала од Дунав до Белото Море и од Црно Море до Искр и Струма. Ситалк собирал даноци, имал добро вооружена и обучена војска и војувал со племињата кои живееле во Македонија. Тој водел војна и со Трибалите, но бил победен и по враќањето бил убиен кон 424 г. пр.Хр. Негов наследник станал Севтес I и во негово време, извесен период, државата продолжила да се развива. Тој ги зголемил даноците, но во замена за тоа во негово време тракиската држава претставувала една целина. Тоа обединување, меѓутоа, не траело многу. Господарските над одделни племиња месни главатари, во надгробните могили во кои, како што ќе видиме подолу, се пронајдени скапи предмети, кренале глава и секој се стремел кон самостојна власт. Еден од тие главатари бил Месидес, кој управувал со Месадите. По смртта на Севтес I одриски цар станал Медок, против кого се кренал Севтес II. Последниот, со помош на грчки војски, успеал да ја заземе источната половина на Тракија покрај Црното Море, па се формирале две тракиски држави. Подоцна, како одриски цар се споменува Хебризелм кого го наследил Котис, еден жесток и каприциозен деспот, кој правел безуспешни обиди да завладее со Тракискиот Херсонес (денешниот Галиполски Полуостров). Котис бил последниот цар во чие време тракиската држава била обединета и најсилна. По неговата смрт (убиен во 359 г.) Одриското царство било поделено меѓу три цара - Амадок, Керсеблент и Берисадес.

Така поделена тракиската држава лесно станала плен на Филип II, под чие управување Македонија постепено се засилувала. Филип успеал во 341 г. пр. Хр. по четири успешни походи да ги покори конечно и трите тракиски држави.

Од ниту еден период на своето двеилјадигодишно суштествување Траките не ни оставиле толку многу споменици како од епохата на нивната обединетост во една силна и самостојна држава, меѓу почетокот на V век до кај средината на IV в. пр. Хр. Но, треба да се одбележи дека во тоа време врз тракиската култура било применувано силно грчко влијание, особено во областите покрај црноморскиот и беломорскиот брег и во областите во близина на главниот сувоземен пат, што ја поврзувал Грција со јужна Русија. Ете зошто повеќето од предметите, што се пронајдени во

тракиските населбени могили, биле донесени од Грција или јужна Русија и зошто врз тракиската култура и искуство било применувано силно грчко или скитско влијание. Уште во почетокот на V век пр. Хр. тракиските племиња по Долна Струма - Дерони, Орески, Едони и други, ковале убави сребрени монети какви што подоцна ковале и други тракиски племиња и цареви. Написите врз нив се на грчки јазик, а некои дури наликуваат на грчките монети. На едната страна на голем дел од монетите се претставени домашни национални симболи: два вола впрегнати на кола, коњ, Дионис и друго.

За да го обезбеди владеењето Филип II основал колонии какви што биле Филипополис (Пловдив) и Кабиле (до Извор, Јамболско) или испраќал македонски колонисти околу денешен Баткун (Пазарџиско) и Берое (Стара-Загора). Тракија влегувала во пределите на македонската држава и за време на царувањето на Александар Велики, но по неговата смрт положбата ѝ се влошила. Таа, иако и под македонска власт, била управувана од стратези Тракијци, кои постојано барале повод да се ослободат од туѓата власт. Така, по смртта на Александар, Силтак, еден од тракиските стратези, кој ковел и монети, на двапати кревал востанија, но речиси бил принуден да се потчини на Лизимах. По смртта на последниот Тракија и Македонија почнале да пропаѓаат, а во тоа време од северозапад постепено се задавала новата келтска опасност.

Келтите припаѓаат кон западната јазична група на индоевропски народи. Кон 1900 г. пр. Хр. тие го заземале западниот дел на Европа, а кон V век пр. Хр. го прошириле своето владеење откако се спуштиле кон средна Европа и по долината на реката По. Во првата четвртина на IV век тие веќе се симнале по реката Дунав и се населиле по долината на Морава, во земјите на Дарданите. Од тука тие постепено се проширувале на запад кон Босна и кон почетокот на III в. пр. Хр. се упатиле и кон Тракија, но во 298 г. пр. Хр. таа келтска орда била разбиена некаде кај западна Стара Планина. Но кон 280 г. пр. Хр. Келтите, поделени на три орди, се упатиле во три насоки кон Тракија и Македонија. Едната орда под раководство на Кертериј тргнала против Трибалите во северна Бугарија и кон Тракија; втората се спуштила кон Македонија и се населила во Битолско, а третата под команда на Брена ја заземала Пеонија. Кон 279 г. пр. Хр. од Бреновата војска во Дарданија се одделила една орда, која минала низ Софиско за кон Пропнтида и од таму во Мала Азија. Војските на Кертериј постепено ја заземала денешна северна Бугарија, откако војувале со Траки и Гети, и во 279-278 г. пр. Хр. еден дел од Келтите под раководство на Комонториј се населил во срцето на Тракија каде основале царство со престолнина во Тиле. Другиот дел се упатил кон Тракискиот Херсонес, но бил разбиен и прогонет.

Формираната келтска држава со престолнина во Тиле владеела со широка територија од Азовско до Бело Море и од Софиско Поле до Црно Море. Но потпаднати меѓу тракиски, илирски и скитски племиња, од кои секое на своја глава кревало востанија, Келтите одвај издржале до кај 214 г. пр. Хр. За време на последниот келтски кнез Каварос, кој ковел монети, Траките се побуниле и целосно ја уништиле келтската држава.

Келтите се сметаат за носители на таканаречената латинска култура, којашто меѓу V - I век пр. Хр. широко се распространила во западна и средна Европа. Откриените досега келтски споменици се однесуваат на средно-латинската епоха, т.е. кон III в. пр. Хр. Келтските предмети, особено железните мечови, врвови за копја, железни узди, бронзени апликации, сребрени и бронзени фибули (шноли), златни торкви и сребрени монети целосно се совпаѓаат со пронајдените тракиски, грчки и илирски наоди од тоа време... Каде точно се наоѓала нивната престолнина Тиле засега не може да се утврди со сигурност. Според единственото достапно за нас сознание, келтската престолнина се наоѓала во Тракија, во близина на Хемус...

Освен остатоци од материјалната култура, Келтите оставиле и имиња на некои градови како Сингидунум (Белград), Бононија (Видин), Рацмарија (Акчар), Доросторум (Силистра), Наисос (Ниш), Мелдија (Драгоман), Сердика (Софија).

Едвај ослободени од Келтите, Траките биле заплашени од север од други племиња. Кон 200 г. пр. Хр. тракискиот дунавски брег бил ограбен од бастарните, првото германско племе кое минало на југ од Дунав. Многупати потоа бастарните навлегувале на Полуостровот и се тепале со Траките или, пак, застанувале на страната на Македонците и Траките против Римјаните. Кон 289 г. по Хр. тие биле населени од римскиот император Проб, заедно со дел од Готите, во Тракија, меѓу Пловдив и Стара Загора.

Во првата половина на II в. пр. Хр. кога Бастарните ги вршеле своите опустошувања во западната половина на Полуостровот, од североисток бавно проникнувале одделни групи сарматски племиња, кои се населиле меѓу Гетите во североисточна Бугарија. Сарматите, кои во јужна Русија се појавуваат кон III в. пр. Хр. на местото на Скитите, се од иранско потекло, зашто живееле распослани и затоа бргу околу раѓањето Христово нивното име исчезнало, како и имињата на многу други народи и племиња. Досега се пронајдени само неколку позлатени апликации од Галиче (Ореовско), кои многумина истражувачи ги примаат како сарматски.

По уништувањето на келтската држава нападите на Бастарните и навлегувањето на сараматските племиња во североисточна Бугарија, Траките одново заживеаја споредбено поспокојно, но и овојпат не за долго. Сега повторно од запад се задала нова, уште пострашна опасност со која

Траките се бореле да опстојат пред моќта и организираното воено искуство на Римјаните. Дојдени уште во почетокот на II в. пр. Хр. на Јадранскиот брег, Римјаните постепено ги покориле Македонците и другите илирски племиња, додека најпосле не стигнале до земјите на Траките.

Во 29/ 28 г. пр. Хр. Лицсониј Крас војува против Мизите меѓу Стара Планина и Дунав. Одизите станале вазални, а само Бесите се држеле уште сè додека во 16 - 11 г. пр. Хр. и нивната упорност не била скршена. Вазалното одриско царство не траело долго време. Незадоволните Траки кренале востание што тешко било задушено од Римјаните. Не по долго време, меѓутоа, за да бидат наполно сигурни, Римјаните го уништиле и последното тракиско царство (46 г. по Хр.).

За еден период од четири века, од паѓањето на тракиските племиња под македонската власт во 341 г. пр. Хр., Траките не можеле да го создадат тоа што го направиле само за два века при слободна, обединета и силна држава. Причината е многу лесно објаснива: честите војни, заемните непријатели и двете ропства.

Макар и под македонска власт, Траките продолжувале да се радуваат на добрата благосостојба, што се гледа од предметите откриени во некои надгробни могили, како и од многубројните убави сребрени монети од Филип II, Александар Велики, Лизимах и други, кои се пронајдени во сите краишта на Бугарија, Тракија и Македонија.

И по римското завојување во Тракија не настапува мир. Даките, племе сродно на Траките, кои живееле на север од Дунав, постојано ги напаѓале јужнодунавските римски поседи и затоа Римјаните требало да водат долги и упорни војни со нив, додека во 101-100 г. по Хр. Трајан успеал да ја заземе Дакија. Од тогаш до 231 г. по Хр. во еден период од повеќе од 120 години, по нашите земји имало целосно спокојство. Во тој период Римјаните, а покрај нив и Траките, успеале да создадат развиена култура каква што по вторпат ниту еден друг народ не можел да создаде на тие простори.

Меѓутоа, дошле други времиња. Од север почнале да се редат еден по друг многу народи. Меѓу 246-251 г. Готите ја нападнале Римската Империја. Тие ги опсадиле Нове (кај Свимзов), Пловдив и други градови; кај Берое (Ст. Загора) Римјаните биле разбиени, а кај Абритус (денес Абаат-калеси во Добруџа), биле убиени и самиот римски император Дециј и неговиот син. Подоцна, на неколку пати Готите одново ја напаѓале Римската Империја, а по нив навлегувале Хуните, Аварите и други за да им отворат пат потоа и на Словените.

Колку и да била тешка положбата на Траките под римска власт, тие сепак имале извесни слободи. Траките, воопшто, живееле далеку од градовите, во своите мали села каде, особено во II и III век по Хр., се радувале на завидна благосостојба. Тие можеле да си градат храмови, да

подигнуваат могили над своите мртви, да се жалат против своеволијата на управителите или грабежите на војниците, да заземат служби и да служат како војници, да говорат на свој јазик и да ги зачуваат своите верувања и обичаи до доаѓањето на Словените. Но колку Траките и да биле упорни, римската култура, потпомогната од грчката, почнала да доминира во почетокот во градовите, а подоцна и по селата, па тракиското население било романизирано или погрчено. Останатото население, заедно со дел од романизираните Траки и доселените Бастарни, Готи и Хуни, било словенизирано.

За романизирање на тракиското население придонеле многу причини. Пред сè, силната римска култура и организаторските способности на Римјаните им се наметнале не само на Траките, туку и на други народи во Европа, кои влегувале во големата Римска Империја. Секој граѓанин бил должен да служи војник, па Траките-војници биле испраќани во Галија, Шпанија, Сирија или на друго место, а во нашите места доаѓале да ја исполнат војничката обврска - војници од други места на големата Римска Империја. Далеку од својата татковина, по 25-годишна служба Траките се враќале по домовите, но веќе го заборавиле својот јазик и го усвоиле латинскиот. Во сите погранични провинции Римјаните имале многу војска. Војниците живееле во укрепени градби, околу кои се населувале занаетчии, ситни трговци и лесни жени, кои надвор од логорите граделе колиби каде ги изложувале своите стоки и ги снабдувале војниците со сè што им било неопходно. Со тек на време тие колиби биле заменувани со куќи и на тој начин никнувале цели населби во кои говорниот јазик од неопходност бил латинскиот. И во сите други градови до каде имало римски војници и утврдувања, латинскиот, а во некои случаи и грчкиот јазик се наметнувале. За да може еден Тракиец да добие повеќе корист или повисока служба, тој доброволно се романизирал. И така, во текот на повеќе од четири века поголемиот дел од тракиското население било романизирано - по доселувањето на Словените името на Траките повеќе речиси не се слуша.

При доселувањето на Полуостровот Словените нашле една средина со проретчено население и полуразурнати градови и села. Реткото население, составено од Траки, Бастари, Готи, Хуни и други, било романизирано и делумно погрчено. Дека навистина Словените затекнале постаро население судиме не само од старите извори, туку и според многубројните имиња на реки, планини, градови, села и месности, што не се од словенско, ами од тракиско, латинско, грчко, келтско и друго потекло. Словените ги примале тие имиња од постарото население и ги осмислувале т.е. изговарале на својот јазик, откако не внесувале никаква смисла во изговорот и значењето на името. Така ,од Рацирија станува Арчар, Алмус-

Лом, Аугуста-Огоста, Оескус-Искр, Асмус-Осм, Иатрос-Јантра, Стримон-Струма, Нестос-Места итн. Од Бононија-Бдин-Видин, Дуросорум-Дрстор-Силистра, Месемврија-Несебр, Берое-тракиското име на Стара Загора, преминува во Боруј, Сердика-Средец (Софија), Скупи-

Скопје, Лихнида-Охрид итн.; за името на Пловдив Словените не го примиле ниту грчкото име Филиполис ниту латинското Тримонциум, туку тракиската форма-Пулпудева-Плвдин-Пловдив итн. Имињата на планините Рила, Верила, Родопи, Осогово не се словенски. Многу други имиња на села или места, исто така, се предсловенски. И денес во јазикот на Словените има многу зборови што не се словенски, туку се земени од постарото население, како: оцет, шинда, капистра, коластра, беневреци, фурна, клисура, капа, коледа и др.

Во своето долго минато тракиските племиња имале разни видови населби. Како најстари можеме да ги сметаме населбените могили, од кои некои биле населувани од XVII до XVI век пр. Хр., а други меѓу XVII и XVI в. пр. Хр. Тие населби претставувале мали крепости со по 30-40 една до друга мали правоаголни куќички. Други племиња, пак, ги населиле височите врз кои ги изградиле своите куќички (Небат-тепе, Драмбаз-тепе и др.).

Племињата покрај езерата изградиле наколни живеалишта (Девненското и Атанскојско езеро). Старите автори споменуваат неколку живеалишта на Пеонците кај Тахино и Бутковско езеро.

Откако ги напуштиле населбените могили, Траките почнале да живеат покрај изворите или малите реки, во мали, распрскани далеку едно од друго маала, какви што споменуваат и старите автори во V и II в. пр. Хр. Ако од предримската епоха се откриени мал број тракиски населби, такви населби од римско време се познати извонредно многу.

Траките имале и градови, но какви биле тие и какво било нивното уредување речиси ништо не знаеме. Во еден натпис од IV в. пр. Хр. се говори за еден тракиски град околу Баткун, кој бил уреден според атински образец. Такво ќе било уредувањето и на Филиполис (Пулпудева), Берое (Ст. Загора), Кабило (до Јамбол) и др.

Од старите автори од IV - II в. пр. Хр., како и од старите слики од I-II в. по Хр. знаеме дека Траките имале и крепости. По многу висови на Родопите, Стара Планина, Средна Гора и други и сега се гледаат остатоци на тракиските крепости, правени од камен што бил спојуван со глина. На Небет-тепе, Џамаз-тепе и Таким-тепе во Пловдив се откриени ѕидовите на крепосната ограда правена од Филип II, ѕидови што се составуваат од големи, убаво изработени камени блокови. Основа на крепосна ограда од такви камени блокови има и над Ѓоз-тепе до Чала (Девинско).

* * *

Траките, како и сите индоевропски народи, биле сточари. Изгледа дека првото место во сточарството кај Траките го заземал коњот. Коњот бил свето животно кај Траките и затоа го наоѓаме претставен не само на монетите на мнозина од тракиските царови, туку и во многубројни керамички плочки наменети за коњаниците херои. При ископувањата се пронајдени многу коски од говеда, овци и кози. Траките ја одгледувале и свињата, која во некои племиња се сметала за свето животно.

Овцата, свињата и кокошката биле принесувани како жртви во некои тракиски светилишта. Несомнено, секое едно од тие животни е принесувано како жртва на одделно божество и во определени денови во годината, како што тоа се случува и денес. На Ѓурѓовден се принесува жртва јагне, на Петровден - пиле, а на Коледе - свиња.

Богатиот Тракиец ја презирал работата, а најмногу ги сакал војната и ловот. Тоа го знаеме не само од старите автори, туку и од сликите на тракиски коњаник во вид на ловец, вооружен со долго копје, кој заедно со песот брка див вепар или срна. Според старите автори, во историско време во Тракија живееле лавови и пантери.

Историските сознанија ни говорат дека Траките биле и прочуени рудари, мајстори за изработка на оружје и накит. Хомер ги фали тракиските мајстори на метални оружја. Херодот споменува за богатите сребрени и златни рудници во планината Пангеј, кои биле обработувани од тракиски племиња Сатри и Одоманти. Племињата Едони, Орески, Дерони, Зелеи, кои живееле по долината на реката Струма, добивале сребро за своите монети од Круша-планина. Особено прочуени како големи рудари биле Бесите.

Дали Траките порано обработувале железни рудници засега е невозможно да се каже со сигурност. Но во римско време железните рудници на Голак (Ихтиманско), Етрополе, Тешово (Неврокопско), Доспеј (Самоковско) и други биле користени. Но, дека Траките во раноисториско време самите си ги изработувале железните орудија се гледа не само од пронајдените во крепостите до Черепово, Куртулен, Ѓоз-тепе предмети од железо, туку и од многубројните типични криви железни ножови откриени во многу тракиски гробови од III-ИИ в. пр. Хр. Врз еден нож од Чирпанско дури е зачувана и марката на работилницата што го изработила.

Траките малку се занимавале со трговија. Дури имаме сведоштва дека тие им пречеле на грчките трговци да ги разнесуваат нивните производи. Едвај во римско време покрај сите римски логори се населиле многу трговци - Траки, кои ги снабдувале римските војници со сè што им било неопходно. Многу трговци - Траки се населиле и во станиците покрај главните патишта (Белград-Софија-Цариград; Дурацо-Охрид-Солун-Цариград; Свиждов-Пловдив-Бело Море итн.) каде на патниците им продавале прехранбени

производи и пијалаци. Трговските врски на Траките со соседните области се забележуваат уште пред бронзената епоха. По трговските патишта тие се снабдувале од Трансилванија со бронза и калај за правење на оружја. И во сите подоцнежни епохи до римското завојување Траките се снабдувале со оружје и особено со уметнички производи од Грција, Егејските острови, Мала Азија, јужна Русија и Запад.

За засилување на размената на производите и на трговските врски меѓу одделните населби многу помогнале и храмовите, покрај кои се појавиле и панаѓурите. За време на празниците, заедно со поклониците доаѓале и трговци не само од блиските и подалечни населби, туку и од соседните области, кои со себе носеле и најразлични стоки. Денешните собири, што се случуваат во познати денови на годината покрај некои лековити извори или храмови, имаат почетоци од панаѓурите околу паганските храмови.

Правците на патиштата по кои се пренесувале многу стоки од исток кон запад и од југ кон север и обратно можат да се проследат многу добро. Правецот на сегашниот главен пат Белград-Софија-Цариград-Мала Азија бил утврден уште пред новокаменета епоха. Тогаш патот излегувал од Винча, околу 14 километри источно од Белград, минувал преку Ќуприја кон Ниш-Цариград од каде излегувал кон Шијаковци-Курил-Локорско-Кримиковци-Долна Малина и стигнувал до Средна Гора за да се спушти кон Јунаците (Хаџилиј)-Костиево-Пловдив, Хасково-Свиленград-Троја во Мала Азија и понатаму. Правецот на тој пат не се изменил и во бронзената епоха до кајот на VI-V в. пр. Хр. кога тој од Цариград се насочил кон Сливница преку Софија-Средна Гора и понатаму. Едвај во римската епоха правецот на патот од Софија се променил кон Вакарел-Ихтиман-Ветрен-Пловдив-Одрин-Цариград. Во камено-бронзената епоха многу важен бил и патот од кај Бело Море по Марица-Старо-Загорско-Русе-Романија-Полска, пат кој го зачувува своето значење едвај до почетокот на железната епоха. Друг пат по кој се пренесени многу културни придобивки е дунавскиот, кој од крајот на камено-бронзената епоха до кај V в. пр. Хр. ги поврзувал Унгарија и Југославија со Мизија и Дакија. Друг пат кој одиграл најголема улога за проширување на грчките производи од крајот на VI в. пр. Хр. до римското освојување, е сувоземниот од Грција за јужна Русија. Тој пат тргнувал од Амфиполис при устието на Струма, минувал низ Неврокоп-Родопите, се симнувал негде меѓу Пазарџик и Пловдив од каде продолжувал кон Свежен, Турија, Шипченски или Тврдишкиот премин за кон Трговишко, Добруџа и натаму. Не помалку важни биле и морските патишта, кои од сите грчки колонии се упатувале кон црноморските и беломорските градови и од таму кон внатрешноста на тракиските земји. Во римската епоха бугарските земји биле крстпат за сите правци со многу патишта, од кои главни биле

следните: Белград-Софија-Цариград; Свиштов-Ловеч-Пловдив-Бело Море и сувоземниот пат по десниот брег на Дунав од Белград до устието на реката.

* * *

За религијата на Траките во предисториската епоха речиси ништо не се знае. Од откритијата при ископувањата во најстарите тракиски населби се гледа дека и во тоа далечно време Траките имале извесни религиозни претстави поврзани со некои принесувања на жртви. Траките, изгледа, во почетокот немале храмови, туку се собирале на високи ридови и до некои студени извори, каде нивните предци извршувале религиозни церемонии. Подоцна на тие места изникнуваат храмови, најстари сведоштва за што ни кажува Херодот. Особено многу светилишта Траките имале во римската епоха, од II - IV в. по Хр.

Како главно тракиско божество може да се смета тракискиот коњаник, кој обично се претставува како младинец јавнат на коњ на десно. Тој со левата рака ги држи уздите на коњот, а во десната долго копје, со кое убива див вепар, лав или срна следени од ловечки пес. Тракискиот коњаник на почеток ја олицетворувал силата, што ја одвлекувала душата на покојникот во подземниот свет, а подоцна добива значење на бог-ловец на човечки души, покровител на лозарството, стадата, рибарите, пченицата, плодноста, сончевата светлина и дождовната влага, бог-исцелител, бог-воин и друго. Со еден збор, тракискиот коњаник бил сè -бог и бил толку почитуван што одвај имало тракиска населба во римско време на чија капија не била поставена фигура или слика на херој - коњаник.

Друго божество, кое е чисто тракиско и кое Грците го земале од Траките, е Дионис или Бахус. Дионис се претставува исправен, сам или покрај дрво, во едната рака држи кантарос (чаша со две рачки), во другата долг тирс, на врвот на копјето има борова шишарка, а до нозете му стои пантер. Според старите автори, Траките по планинските врвови имале храмови посветени на Дионис, каде жените-Тракијки извршувале оргиски култови. Едно такво светилиште, што се користело со голема почит, се наоѓало на врвот Залмоксис на Родопите. Тоа светилиште, чија местоположба засега не може точно да се определи, било посетено од Александар Велики и Октавијан, татко на римскиот император Август. Во сегашниот празник Зарезан или Св. Трифун е зачуван далечниот спомен за Дионисовите оргии.

Сабазиј бил бог кого некои го поистоветуваат со Зевс. Тој е бог на целокупниот природен живот, дарител на дожд и покровител на растенијата. Негови атрибути се шишарката, овенот и змијата.

Едно од главните женски божества на Траките била Кибела, која е нацртана седната на трон помеѓу два лава. Таа е облечена во престегнат хитон, со калатос и превез на главата. Во десната рака држи стап, а со левата се потпира со долг жезол. Кибела е божица на земјата и се почитувала како мајка на целокупниот природен живот. Друго женско божество кај Траките била Бендида, која во почетокот била подземна божица, подготвена да им се придружи на душите на починатите Тракијки. Таа е покровителка на плодноста на животните и луѓето и се грижи за нивното зачувување. Од неа зависи животот во целата природа. Бендида е слична на грчката божица Артемида. Се претставува облечена во куса туника, кожа, што покрива само дел од нејзините гради, со префрлена гуња, а на главата има качулка. Облечена е во високи кожени чизми.

Некои светилишта биле посветени на трите нимфи. Врз обрачните плочи тие божества се претставени како три голи или три облечени женски фигури, често фатени за рака. До нив се гледа урна од која тече вода. Како нивни наследнички се јавуваат самодивите или самовилите, кои кришум играат покрај изворите во горите.

Погребувањето на починатите кај старите Тракијци споредбено не е најдобро познато. Од досегашните ископувања на могилите се утврдува, 1) дека најстарите надгробни могили до нас допираат едвај кон VIII в. пр. Хр.; 2) дека во различни времиња Траките имале различни начини на погребување на мртвите и 3) дека мажите, момчињата и момите биле палени и потоа погребувани, а жените биле веднаш погребувани, без палење.

За начинот на погребување кај старите Траки ни говорат древните автори. Тие се, меѓутоа, кратки, се однесуваат само на една ограничена епоха и, што е суштествено, во некои погледи тие сведоштва не се совпаѓаат со археолошките податоци. Сите ги знаат расказите на Херодот за погребните обичаи кај старите Траки: „Богатите се погребуваат вака: телото го држат изложено три дена, колат разни жртвени животни и се гоштеваат, откако претходно го исплакале починатиот, потоа го погребуваат, откако ќе го запалат или закопаат в земја. Потоа подигнуваат могили и организираат разни натпреварувачки игри...". „Тие што живеат на север од Крестонците постапуваат вака: секој има многу жени и ако некој почине доаѓа до голем спор меѓу жените и пријателите, многу се мачат да дознаат која од жените му била најсакана на умрениот маж. И таа на која ќе ѝ се признае тој дел, свечено се носи од мажи и жени на гробот каде најблиската роднина ја принесува како жртва и потоа ја погребуваат заедно со мажот ѝ. До сега кај нас никаде не е пронајдено погребување од кое ќе се види дека заедно со мажот била запалена и погребана и неговата жена. Постојано се пронаоѓаат гробови само на мажи погребани по палење, а во други могили одделно се откриваат гробови на жени погребани веднаш, без палење, со сиот нивни накит и други предмети.

Тракиските погребувања во бронзената епоха не ни се познати. Најстарите надгробни могили откриени досега кај нас, како што рековме, датираат од кај VII в. пр. Хр.

Населените во Сакар и на Странџа-планина други кимерijски племиња, подоцнежните Одризи, ги погребувале своите мртви во долмени. Долмените се грамадни камени гробници, составени од еден ходник, предворје и главен дом, кои се разделени едни од други со пробиени во долниот дел камени плочи. Главниот дом, предворјето и ходникот биле покриени со по една голема камена плоча, а целиот долмен со насип од камења и земја. За да се задржи насипот периферијата била оградена со круг од камења. Сите долмени без исклучок се ориентирани кон сонцето, но не и кон север. При ископувањата на полуразурнатите долмени од Сакар планина се пронајдени човечки коски и глинени фрагменти од садови, врз основа на кои тие паметници можат да се датираат меѓу VIII - VI в. пр. Хр. По сè изгледа дека од тие кимерijски племиња, Траките го земале и обичајот да подигаат могили над своите умрени. Како прототип на долмените гробови се јавуваат подоцнежните куполни гробници какви најмногу се откриени во тој крај на Мезек, Куртулен,Лозенград и други.

## Древна Македонија во археолошки поглед

Англискиот научник, археологот S. Gasson ги изложил своите проучувања во неговото капитално дело[2] грижејќи се да го претстави пронајдениот археолошки материјал во врска со историјата на древна Македонија и соседните земји - Тракија и Илирија.

Тој ја изложува историјата на Македонија и нејзините соседни области до Филипа со детални географски описи, историски податоци, археолошки факти. Истражувањата на Гасон се во 1926 година. Тоа истражување ги поопштествува сите трудови на археолозите и ги користи за воспоставување на изгубените врски од македонската историја.

С. Гасон неолитскиот период на Македонија не го проучува изолирано, туку поврзан со наодите во Србија, Бугарија, Тракија, Албанија, Тесалија и Грција, Бесарабија, Романија, обидувајќи се да пронајде во нив црти на заедништво и различност и да ја покаже основната нишка во развојот на неолитската култура.

[2] S. Gasson, Macedonia, Thrace and Iluria, Oxford University Press, 1926 г.

Како резултат од изучувањата на археолошките паметници, собрани од Мон, Реем и самиот Гасон, последниот доаѓа до заклучокот дека Македонија во неолитскиот период има еднородна култура од дунавски тип, распространета по целиот северен дел на Балканскиот Полуостров.

Гасон претполага дека бронзената култура се ограничува само во рамниците во Македонија на исток од реката Стримон и дека главниот пат во тоа време на север била долината на реката Вардар, а на југ - Фермејскиот залив. Но, авторот не е во состојба да објасни на што се должи таа појава. Поопределено тој говори за односите меѓу Троја и Македонија, потпирајќи се врз типовите на глинени производи, главно од ископувањата направени лично од него во с. Чаушица, Св. Кирилово и др.[3]

Гасон се обидува да ја нацрта сликата на распространетоста на културата во бронзениот век: најраната патека доаѓала од Унгарија по течението на реката Дунав, кога се стремела кон местата околу устието на Дунав, кои во тоа време имале многу развиена култура. Од таму стигнала до Мала Азија, покрај бреговите на Црното Море. Со тоа се објаснува отсуството на култура во бронзената епоха во централна Тракија. Возвишувањата на север и југ од реката Марица образувале бариера, што била заобиколувана од доаѓачкото влијание од Унгарија и Централна Европа, стигнато во Македонија од запад и од Троја од исток.[4]

Железниот век во Македонија е претставен од авторот од материјалите пронајдени во четирите гратчиња: едното во западна Македонија, во Пателе, блиску до езерото Острово; второто во Гаушица; третото во Вардин и четвртото во Вардаровци (последните две во долината на р. Аксиј).

Анализирајќи го пронајдениот керамички материјал, Гасон забележува во него присуство на две определени технички традиции: северна - својствена на културата на дунавската бронзена епоха и јужна - карактеристична за културата на Елада. Сите тие предмети покажуваат дека целата таа култура доаѓала од север по долината на Вардар и центарот на нејзината распространетост се јавува во Вардарската област со нејзината околина, а времето на процут - XI в. до н. ера.

Колку време таа продолжувала на север е неизвесно, таа можела да продолжи до времињата за кои писмени податоци нема. Во с. Чаушица во секој случај таа никогаш не се допирала со елинската култура и малото количество од траги на населби од железниот век по тие места покажува дека народот од културата на железниот век во Вардарската област доаѓал и заминувал, без да отседнува подолго (стр. 159). Така што културата

---

[3] Ср. Saharowski весник Bulletin de la Societe d, Antropologie de Paris, 1900 г., стр. 450.

[4] Gasson, стр. 138-139, сп. Schuchhart, Alteuropa, 1919 г.

од епохата на железото била интензивна во западниот дел на областа, особено во долината на р. Вардар, без да се распространува подалеку на исток кон брегот. Месноста, пак, на исток од р. Стримон останувала ненаселена од ранобронзената епоха до историските времиња (стр. 155).

На тој начин, Гасон тврди дека носителите на културата на бронза биле Фригијците, а во епохата на железото Дорците. Тука ние се среќаваме со првиот пишан паметник од македонската историја - доаѓањето од југ на Динадрија, која благодарение на нејзиниот обид и способност ги притиснала месните племиња во долината на р. Халиакмон и Вардар, и завладеала со областа. Тоа се случило меѓу првото појавување на носителите на културата од епохата на железото и времето на првиот историски монарх - Александар I (стр. 160-161).

Такви се фактите со кои оперира Гасон и врз основа на кои ги гради своите многу далечни заклучоци.

Иако работата на Гасон се темели врз сè уште недоволен археолошки материјал, таа има големо значење за најдревната историја на Македонија. Заслугата на Гасон се состои во тоа дека археолошките наоди од неолитската култура на Македонија сведочат за нејзината тесна врска со духовната култура, распространетоста по целиот северен дел на Балканскиот Полуостров. Таа врска се зачувува и во епохата на бронзениот век и едвај во крајот во кој се забележува проникнувањето на север на македонскиот елемент. Дури културата на железниот век локализирана во реонот на Вардар, воспримајќи веќе грчко влијание во своите корени се движела, се однесувала кон Дунавскиот басен. Сето тоа ни покажува дека најдревната македонска историја може да се смета како дел од долнодунавската култура, како продолжение на нејзиниот развој.

Навистина, доказите приведени од Гасон не даваат уште можност да се проследат сите детали на таа врска со паметниците на материјалната култура. Но, тие се доволни да се сфатат основните измени во стопанскиот живот на племињата во текот на сите степени на варварството: нискиот степен-развојот на риболовот, ловот и рачното земјоделие за што сведочат камените и коскени орудија, остатоците од свадбени градби, глинените производи - како знак на престој, женските фигури - како симболичен одраз на матријархалното уредување. Средниот степен - епохата на бронза сведочи за постепениот развој на земјоделството и сточарството. Вишиот степен - обединувањето на племињата во сојуз и жестоката борба, што се изразувала во чести воени судири за кои говори изобилството на оружја пронајдени во могилите.

Работата на Гасон има и свои негативни страни. Главниот недостаток се состои во недугавоста, во методот на неговото истражување. Авторот ги објаснува смените на неолитската култура, а потоа на бронзената не

со промените на економијата, победите, стопанството на племињата, туку со освојувачите: во првиот случај - Фригијците, во вториот - Дорците. Недугавоста на тоа објаснување се состои не во тоа што Гасон ја посочува можноста за раздвижувањето на племињата, туку во тоа дека тој совршено го игнорира процесот на вкрстување, на асимилација на различните етнички формирања, како резултат на што се создава народ.

Во епохата на неолитот Македонија имала веќе повеќемислечко и споредбено културно население. Во епохата на бронзата на нејзината територија се јавила цели редица нови племиња, кои делумно се раселиле на нови територии.

Со тој метод на истражување Гасон, природно, не може да го разреши прашањето за македонската етногенеза. Требаше да минат доста години во упорна, внимателна работа во македонската земја, па во 1939 година Хертли може да го постави прашањето пошироко кога ги искористил новите откритија на последното десетлетие.

По истражувањето на Гасон во 1926 година, археолошките истражувања во Македонија продолжија со еден интензитет. Во 1927 година се направија ископувања во западна Македонија, есента 1928 и во 1929, 1930, 1931 и 1932 година, Девис ги истражува старите рудници во јужна Македонија. Резултатите од таа важна работа тој ги сумирал во својата статија „Ancient Mine in Southern Macedonija“.

Хертај на крајот од својата книга „Prehistoric Macedonia, An archeological recomaissance of greek Macedonia in the Neolithic and Early Ages“, Combridge University Press, 1939 г. се обидува да ја установи хронологијата, етнографијата и во резимето накратко да ги одбележи разните етапи на развојот на „доисториска Македонија“.

Од ископувањата се укажало дека западна Македонија е богата со споменици од епохата на неолитот. Остатоци од непечена тула, живеалишта од трски, парчиња од големи необработени камења, камени стени, глинени подови, огништа со еднообразна полирана керамика - таква е сликата на поголемиот дел од пунктовите на ископувањата.

Од орудијата за работа од тој период се среќаваат топор, длето, чукчиња, ножови и некои додатоци од кварц и кремен, делови од рогови... За тој период, како и за претходниот, типични се остатоците од правоаголни домови од непечена тула (керпич). За карактерот на стопанството говорат остатоците на коски од овци, кози, свињи, рогат добиток и елени, а, исто така, зрна од пченица и просо.

Анализирајќи ги спомениците од неолитот, Хертли доаѓа до заклучокот дека Македонија во неолитскиот период била со културата на северот, како и Тесалија (стр.113). Доцната неолитска епоха се карактеризира со интензивното проникнување на дунавските културни елементи. Темелејќи се врз истражувањата на г. Чајлд, Хертли го смета како сигурно постоењето

во тоа време на тесна врска на Македонија со реоните на Дунав, од каде можеле да се појават носители на нови културни традиции, кои биле распространети во Македонија, Тесалија, а потоа и во централна Грција (стр. 116-117).

Археолошките факти го доведуваат авторот до заклучок дека културата на Халкидики до западна Македонија во бронзениот период била еднообразна. Поголемиот дел од македонските форми и орнаменти имаат многу паралели во Троја и анадолската култура. Последната била, според зборовите на Хертли, пренесена во Македонија од анадолските емигранти (стр. 119). Признавајќи ја ранобронзената култура во Македонија, како меѓуфаза меѓу анадолската и раногрчката култура, тој исто ја потцртува и нејзината очигледна за тој период поврзаност со Дунав.

Во епохата на неолитот и бронзата, тврди авторот, ние имаме работа со проникнувањето во Македонија на нова „раса", која преку Халкидики последователно се упатувала кон центарот на Македонија, обработувајќи ги речните долини и населувајќи ги бреговите на езерата, а потоа и западна Македонија (стр. 111).

Кон крајот на доцнобронзениот период се однесува новото навлегување во Македонија од централна Европа, кое ги разрушило огништата на месната култура, но без наполно да ја уништи. Орудијата за работа во примитивна форма - топори, рачни мелници, кремени острила, железни и точилни камења - ја даваат претставата за нивото на техниката во таа епоха. Остатоците од животни: елени, овци, кози, свињи, коњи, песови, кокошки - говорат за продолжувањето на развојот на тие форми на стопанство, што постоеле во претходниот период. На тој начин, раножелезниот век, кој почнува од времето на надворешното навлегување, се карактеризира речиси со полна еднообразност на формите на керамиката и орудијата во централна Македонија и Халкидики. Тоа еднообразие било прекинато во VIII в. до н.е. во врска со основањето на Халкидики на првите грчки колонии, кои ја пренеле грчката керамика, а во централна Македонија - од VI в. кога таму се појавил коринтскиот увоз (стр. 130). Воопшто, културното ниво на жителите во Македонија никогаш не било високо. Хертли ја објаснува таа положба - нивната затвореност и неиницијативност, со тоа што тие ја претпочитале изолацијата, а поради тоа тие непрекинато останале да ја исполнуваат својата традиционална улога како параван, засолниште меѓу елинизмот, најголема и важна епоха во човечката историја, и варварството. Македонија долго време се развивала без да ѝ влијае и содејствува Грција.

Хронологијата на изучуваните периоди е сè уште релативна и не може точно да се утврди. Така, точна хронологија не може да се утврди за неолитот, иако тој период во Македонија не бил долготраен (127).

Што се однесува до епохата на бронзата, за нејзин ран период може да се смета околу средината на III илјадалетие. Среднобронзениот период во Халкидики почнува од 1700 г., а во Македонија малку порано, каснобронзениот век продолжува до 1150 г. За тоа време Хартли ја наведува инвазијата од туѓинци, што тој ги нарекува Илири, кои со себе ја донеле културата на железниот век.

Трудот на Хертли, според богатството на наодите, нивното научно разгледување и класификација, многу го надминува истражувањето на Гасон. Иако првин не се обидува да прави какви било историски изводи, собраниот од него археолошки материјал, но и самиот материјал даваат можност да се направат тие изводи, заклучоци.

Значењето на трудот на Хертли е важно не само затоа што тој ги потврдува претпоставките на Вос, Томпсон, Штерн и други за тоа дека во северна Грција во доисториските времиња доминирала културата од друго потекло, освен таа што се распространувала од југ, туку затоа што таа прва ја акцентирала улогата на дунавската култура во формирањето на македонската.

Спомениците, толку грижливо одбрани од авторот, ни даваат право да говориме за генетската врска на македонската култура со културата на Триполи[5] За тоа сведочат: примитивното земјоделско стопанство, орудијата за производство, керамиката и архитектурата.

Благодарение на археолошките истражувања, а главно на истражувањата на Хертли и Гасон, станува можно сега да се осветлат многу темни страници од македонската историја (А.С.Шофман)[6]

## Создавањето на македонската држава

За почетокот на создавањето на македонската држава Херодот ни раскажува едно предание или повеќе легенда, како тројца браќа, Гавен, Ероп и Пердика избегале од својата татковина и стигнале некаде во Илирија, а од таму пак се населиле во Македонија во градот Лебеја (близу до денешното с.Владово). Тројцата браќа биле сиромашни, но извонредно трудољубиви и служеле како слуги во дворецот на лебејскиот цар. Едниот ги хранел коњите, другиот воловите, а третиот, најмладиот Пердика, ги пасел овците и козите на царот.

[5] Од „Весник на древната историја“, бр. 3, Академија на науките СССР, 1946 г.
[6] Исто.

Во тоа време царевите и кнезовите не располагале со многу пари и биле сиромашни каков што им бил и народот и затоа царицата сама го приготвувала потребниот леб за царското семејство, како и тој за слугите. Кога таа месела леб за слугата Пердика и го ставала во печка за да се испече, за чудо, тој леб се удвојувал. Тоа се случувало постојано и царицата била принудена тоа чудо да му го соопшти на својот сопруг, а тој, пак, од тоа разбрал дека Пердика требало да стане важен и голем човек. Царот ги повикал тројцата браќа - своите слуги, и им заповедал да го напуштат царството. Тие, меѓутоа, побарале од царот да им плати за трудот и потоа сакале да си заминат. Царот кога го слушнал тоа, многу се разгневил и покажувајќи на сонцето, што во тој момент преку покривот навлегувало во неговиот дом рекол: „Наместо плата, земете го ова сонце". Повозрасните од браќата, Гаван и Аероп, кога го слушнале тоа, останале зачудени. Пердика, меѓутоа, рекол: „Честити царе, го прифаќаме тоа што ни го даваш„ и веднаш го извадил својот нож, нацртал еден круг околу сонцето што навлегувало, земал симболично три дела од него и заедно со браќата си заминал. Еден од луѓето на дворецот го прашал царот: „Зошто така направи твојот слуга"? Царот уште повеќе се разгневил и испратил брзи коњаници да ги стигнат и убијат. Меѓутоа, надојдената река, откако ја преминале тројцата браќа, станала непреодна и царските коњаници не можеле да ја преминат.

Бегалците стигнале во друга македонска земја и таму се населиле и тоа до границите на цар Мидас - синот на Горди, каде растеле самоникнати рози од кои секој оделен цвет имал по 100 листа, со многу силна миризба.

Во тие градини бил уловен Силен, едно суштество кое не било бог, но не наликувало и на човек и живеело покрај изворските води. Царот Мидас додавал вино во водата од која суштеството пиело и така тоа било опиено. Потоа Силен го научил царот Мидес на божествената мудрост и му ја открил тајната на човечкиот живот.

Тројцата браќа откако се населиле во тие чудни градини, со убави и многу миризливи рози, намислиле да ја завладеат и останатата до тогаш позната Македонија.

* * *

Според сведоштвата што ни ги даваат древните историчари[7], историјата на Македонија можеме да ја поделиме на два периода: едниот кој што започнува во VII век пр. Хр., кога се создала за прв пат македонската

[7] Херодот, Либиј, Тукидит, Плутарх, Кедрин, Кантакузен, Ана Комнен, Дилица и др.

држава, и вториот - од почетокот на петиот век пр. Хр., кога Македонија се јавува политички и во многу тесни граници држава.

За прв основач на таа држава се смета гореспоменатиот Пердика I, кој царувал од 700 - 652 г. пр. Хр. По него доаѓа Аргеј I од 652 - 621 г., а потоа Филип I 621 - 588 г. пр. Хр.; по него се јавува Аероп I, 588 - 568 г. пр. Хр., зад него доаѓа Алкетиј I, 568 - 540 г. пр. Хр. и по него иде Аминта I, 540 - 513 г. пр. Хр. Кон дотука наброените македонски цареви можат да се додадат и оние кои царувале од 802 - 700 г. пр. Хр. Емофеј, Македон и Каран.

Вториот период започнува од 498 г. и завршува 359 г. пр. Хр. во кој царувале единаесет цареви:

| | |
|---|---|
| Александар I | 498 - 454 г. пр. Хр. |
| Алкет II | 454 - 448 г. „ „ |
| Пердика со Филип | 448 - 436 г. „ „ |
| Пердика сам | 436 - 413 г. „ „ |
| Ареској II | 399 - 393 г. „ „ |
| Аминта II | 393 - 391 г. „ „ |
| Аргеј II | 391 - 390 г. „ „ |
| Аминта одново | 390 - 369 г. „ „ |
| Александар II | 369 - 368 г. „ „ |
| Толомеј | 368 - 365 г. „ „ |
| Пердика II | 365 - 360 г. „ „ |

Следната година Филип се наметнал пред останатите претенденти и се устоличил на престолот и го одбележал таканаречениот „Златен век“ за Македонија 359 - 323 г. пр. Хр.

Потоа настапува веќе третиот период со Александар Велики, кој со своите освојувања во Европа и Азија ја прослави Македонија. Во тој период припаѓаат и неговите наследници, до последниот цар Персеј 323 - 168 г. пр. Хр. кога Македонија паднала под Римјаните, кои ја владееле од 168 г. пр. Хр. до 395 г. по Хр. или цели 563 години!

## Македонија во древноста

Во однос на името и границите на Македонија, уште од древноста речиси сите географи и историчари пишувале различно. Таткото на географијата, Стробон, ја опишува Македонија во едни граници, Клаудиј Птоломеј во други, а Тит Ливи доста праведно забележува дека во древноста и самите Македонци не ги знаеле границите на нивната татковина...

Првично, најстарата македонска држава била меѓу долината на реката Бистрица (Халиакмон) и Кара Азмак (Лјудија) каде била и престолнината на

монархијата, Еге (сега Воден) и Пела сега во урнатини кај селото Постолари близу до Солун.

Со име „Македонија“, во потесна смисла на зборот, во древноста се означувала приморската рамнина, што се простирала по долното течение на реките Бистрица и Вардар и која станала основа на македонската држава. Во поширока смисла на зборот кон Македонија се вбројувала и внатрешната планинска област (горна Македонија), која ги опфаќала следните поголеми покраини: Орестида, по горното течение на реката Бистрица (Костурско), Линкестида и Пелагонија по реката Црна (Битолско) и Елимија по средното течение на Бистрица. Тие области до IV в. пр. Хр. образувале одделни племенски кнежевства, кои се наоѓале во извесна зависност од долно-македонското царство. Едвај во IV в. пред Ис. Христа името Македонија станало познато во историјата. Тогаш, малата држава ја развила својата воена сила и ги проширила своите граници. Македонија станала позната во времето на Филип II и главно неговиот син Александар Велики, чии освојувања се простирале до Египет, Персија и дури до Индија.[8]

Прашањето за народносната припадност на старите Македонци и денес уште не е конечно разрешено, зашто нивниот јазик не ни е познат. Од него се запазени само неколку зборови, а, исто така, и локални и лични имиња.

Според некои научници, древномакедонскиот јазик бил старо-грчки дијалект. Тоа мислење вредно се поддржа од грчки научници за да се искористи за политички цели. Имено, да се докаже дека Македонија била грчка од памтивека и дека Грците со право ја владеат денес. Тоа, се разбира, е смешно, зашто ниту еден грчки географ во древноста не ја сметал Македонија како дел од Елада.

Верно е, навистина, дека древно-елинската култура рано проникнала во Македонија. И тоа е објасниво, зашто последната постојано одржувала стопански и политички врски со Елада. Но, поверно е стојалиштето дека дури во време на Филип II и Александар Велики самите Грци не го сметале македонскиот народ како грчки, а, од друга страна, самите Македонци јасно и определено се делеле од Грците и имале свое македонско народносно сознание. Денес, непристрасните историчари и лингвисти прифаќаат дека македонскиот народ се формирал од мешањето на разни етнички елементи: врз прединдоевропското население се населиле тракиски и илирски племиња, кои подоцна биле освоени од сопствените „Македонци“, основачи на македонската држава. За жал, историјата на Македонија пред грчко-персиските војни е обвиена со длабок мрак. Само некои

[8] Професор Гавр. И. Кацаров.

археолошки откритија во последните години фрлаат извесна светлина врз културата на Македонија. Имено, наоди од гробови во околината на Солун и особено гробовите кај Требениште (северно од Охридското Езеро) ни го разоткриваат важниот факт дека месното население во VI и V век пред Христа ги погребувало своите мртви на поинаков начин отколку во Елада во истото време. Од тоа се гледа дека Елините и Македонците не припаѓале на една и иста етнографска група.[9]

Освен тоа, треба да забележиме дека и политичките и социјалните услови на Македонија биле начелно различни од елинските. Македонскиот народ си имал своја религија, свое национално и државно сознание.

За македонската историја повеќе знаеме од почетокот на V в. пр. Хр. Царот Александар I (498 - 454 г. пр. Хр.) веќе се подготвувал да ја заземе богатата струмичка област кога персискиот цар Дариј ја принудил и Македонија да ја признае неговата врховна власт.[10]

Но, во 479 г. пр. Хр. Македонија ја добила одново својата независност. Меѓутоа, тогаш за Македонија се истакнал опасен противник во лицето на Атина, која се установила во долнострумската област и од која зависеле и грчките колонии на Халкидики. На тој начин Атина ѝ ги затворила вратите на Македонија кон морето и во секој момент можела да ја застрашува нејзината политичка и стопанска независност. Во време на Пелопонеската војна, царот Пердика I, вешто лавирајќи меѓу Атина и нејзините непријатели, успеал да ја запази целовитоста на Македонија. Неговиот наследник Архелај (413 - 399 г. пр. Хр.) уште повеќе ја зацврстил државата и дури успеал да воспостави влијание во Тесалија. Тој исто се помачил да ја пренесе елинската духовна култура во своето царство.

Македонија како голема сила е создадена од нејзиниот генијален цар Филип II (359 - 336 г. пр. Хр.). Тој ги уништил полунезависните вазални кнежевства и ги обединил во здрава монархистичка држава, која се потпирала на добро обучена и дисциплинирана војска: создадената од Филипа фаланга во која служеле ситни селани земјопоседници, крупни земјопоседници, болјарите, кои служеле во тешко вооружената коњаница.

---

[9] Списание „Отец Паискиј“, г. II, стр. 72.

[10] Проф. Ан. Керамопулос од атинскиот универзитет во својата приказна „Моите последни ископувања во Македонија“ на 2.X.1934 г. вели дека открил околу Костур, Воден и Лерин траги на неколку цивилизации: критско-микенската, класичната и римоелинистичката. Според неговите истражувања, поткрепени со многу наоди: вазни, домашни предмети (лопати, трнокопи, игли и др), глинени фигури пронајдени во многуте гробови, што тој ги открил, Македонија отсекогаш била културна средина. Наспроти големите разурнувања, направени од Римјаните, тој смета дека со систематични ископувања ќе можат да се откријат многу нешта, што ќе фрла светлина врз долгата и разнообразна историја на Македонија.

Понатаму ќе зборуваме подетално за долгогодишната дејност на Филипа, што тој ја посветил исклучиво за доброто на својата држава. Филип II, откако ги обезбедил границите на државата од навлегувањето на соседните илирски и тракиски племиња, ги покорил грчките градови по македонскиот и тракискиот брег и така добил пристап кон морето. Најпосле, успеал да ја потчини и Елада и бил признат од неа за хегемон на грчките државници, кои тој ги обединил во еден сојуз. Познато е дека Филип се стремел кон целта да основа силна балканска држава, која ќе ги сплоти во здраво единство Македонија и соседните области: Тесалија, Епир, Илирија, Тракија до Црно Море и Дунав. Едвај помислувал на големи освојувања во Мала Азија и Персија.

Меѓутоа, синот Александар (336 - 323 г.) ја скршнал македонската историја од патот на природниот развој. За време на војната со персиското световно царство, тој до краен степен ги исцрпел силите на Македонија и го затворил патот кон вистинската национална величина. Без да се негира големината на Александар како организатор и војсководец, треба да се признае дека од гледиште на македонскиот народ неговото дело било фатално.

## Народноста на старите Македонци

Македонија, како и Епир, во старо време не се сметала географски како дел од Елада.[11] Според Скилакс, Елада почнува од Амбракискиот залив кон внатре.[12] Истиот извор[13] кога ги набројува грчките градови во Македонија, изрично додава дека се елински и ги дели од македонските. Според друг анонимен извор[14], Македонија почнувала на север од преминот Темпе (денешен Ликостомон).

Границите на Македонија, Страбон[15] ги определува вака: „Македонија кон запад се ограничува од брегот на Јадранското Море, кон исток од паралелна на тој брег меридијанска линија, што минува преку устието на реката Хебар (Марица) и градот Кипсела; кон север по замислена права линија продолжена преку планините Бертиск (североалбански Алпи), Скардос (Шар), Орбел, Родопи и Хемус (Стара Планина). Тие планини

---

[11] Тоа најпосле го истакнува и Philippson, Geogr. Zeitchr. 24 (1918) 140.

[12] Истата граница се има предвид од Herod. VIII 43. Ср.Nilsson, Studien zur Gesch. des Epeiros 4.

[13] Geogr. Gr. Min. I 52.

[14] Geogr. Gr. Min. I 230.

[15] VII fr. 10.

почнуваат од Јадранот и се простираат по права линија до Евксинскиот мост, каде образуваат кон југ еден голем полуостров, што ги опфаќа Тракија, Македонија, Епир и Ахеја. Кон југ, Македонија се ограничува со патот Игнатија (Via Egnatia), којшто врви од Дирахион (Дурацо) кон исток до Солун. Таа фигура на Македонија се доближува многу до паралелограм“.

Тука Страбон ја има предвид приближно римската провинција Македонија.[16]

На друго место тој ја разликува[17] поточно внатрешната планинска област, горна Македонија (Линкестида, Пелагонија, Орестида, Елимија) од долна Македонија, која едно време се нарекувала Ематија[18] Последната се напојува од долен Халиакмон (Бистрица) и Аксиј (Вардар; поважни градови ѝ биле Едеса (Воден), Пела (денес Постол) и Бероја (ден. Бер). Јужниот дел на таа рамнина до морето, меѓу реките Лудија (Мегленица) и Бистрица, се нарекувал Ботиеја .[19]

Најстарото население на Македонија, според секоја веројатност, е сродно со она население кое живеело во Мала Азија, островите на Белото Море и Елада, пред да дојдат во тие места индоевропските племиња. Тоа население во историско време се претставува од малоазиски племиња: Кари, Лики, Лиди, Килики и други со кои се сродни и Хетите од источна Мала Азија. И во Македонија тоа староседелско население оставило траги, што јасно се гледа од месните имиња, кои се образувани од негрчки додавки:-нда, -ндос, -нтос, -ассос, -иссос (-аса, -исо). Дури, и имиња со еднакви корени се среќаваат и во Мала Азија и во Македонија: на пример македонскиот град Алинда се среќава и во Карија; Арниса во Еордеја ни споменува на Арна во Ликија; езерото Болбе (Бешик-ѓол) - со градот Болбе во Ликија и други. И градот Олинт носи предгрчко име.[20]

Кон тоа население треба да ги вброиме и Пелагонците (Битолско), чие име се поврзува со Пелазгите, едно предгрчко племе кое живеело во Тесалија, а можеби кон него се вбројуваат и Еордеите и Ботиеите. Суштествувањето на населението од прединдоевропско потекло во Македонија се потврдува и од антрополошките истражувања. К. Дрончилов[21] констатирал дека во јужниот дел на западна Македонија се среќава и до денес еден тип, кој покажува антрополошки белези карактеристични за предноазиски или хетитски тип. Проф. Ф. Лушан установил дека тој тип, денес распространет главно во предна Азија, суштествувал во таа област уште во предисториско време.

---

[16] Hahn, Alban. Studien 217 стр.

[17] Strab. VII 7,8.

[18.] Strab. VII fr. 11.

[19] A. Struck, Maked. Fahrten II 14.

[20] Види подетално во A. Fick, Vogrich Ortsnamen 151.

[21] Годишник на Соф. Универзитет XVII 169.

Подоцна, врз тоа староседелско население се наталожиле тракиски и илирски племиња. Меѓу првите треба да ги спомeнеме Бригите (Фриги) од кои траги среќаваме во Ематија (Повардарието), околу Охридското Езеро, кај планината Бермион (Докса) и др. Источно од нив дури до Струма се утврдиле едонски племиња, кои исто припаѓаат кон трако-фригиската група, на пример, Мигдони, Крестони, Бисалти и др.

Кон илирските племиња треба да ги вброиме, пред сè, Пеонците[22] чие име се зачувало во денешната македонска област Пијанец. Тие заземале голем дел од Македонија. Илијадата ги познава по долни Вардар. Кон север граничеле со Дарданија. Градовите Стоби (кај Градско) и Билазора (Велес) биле пеонски. Кон запад стигнувале до планините Бигла, Баба и Сува Гора. Кон исток се простирале по долините на р. Astibus (Брегалница) и Pontos (Струмица). Од долна Струма ги изгониле Медовитините и се населиле таму. Тука наоѓаме пеонски племиња: Пеопли јужно од Демир Хисар и Сириопеонци со центар во Сирис (денес Серес)[23]

Горенаброените племиња биле покорени од освојувачите Македонци, кои во неутврдено време од северозападната планинска област се спуштиле во долна Македонија. Какво е потеклото на македонското племе?

Прашањето за националноста на старите Македонци постојано будело најжив интерес меѓу научниците и честопати било разгледувано. И тоа е лесно објасниво. Грчките државници во IV в. пр. Хр. раскинати и истоштени поради внатрешни и надворешни борби, не биле веќе способни за творештво во политичка област. Елинизмот веќе беше почнал да ја губи силата; „во него веќе се пројавува тоа ослабување од одвишок на суптилност, што ќе биде византизмот“.[24] Без Македонија, Елада брзо ќе станеше плен на Келти и Илири, а, пак, малоазиската Грција ќе останеше под персиско ропство. Освојувањата на Александар го спасија елинизмот и отворија широки области за неговото проширување. Со Александар почнува нов период во историјата, почнува развојот на таканаречената елинистичка култура, која навистина не е чисто грчка, измешана е со туѓи елементи, но затоа, пак, одиграла голема историска улога. Таа култура има влијание до денешен ден зашто формите преку кои елинизмот ги излеал дотогашните резултати на грчкиот развој настанале со посредство на Римјаните и христијанството, сопственост на сите европски народи.[25]

---

[22] Проф. д-р Г.И. Кацаров, Пеонија, геогр.библ. Бр. 3.

[23] Tomashek, Thraker I 13 списание За Сириопеонците ср. Maluri, Rendiconti Lincei 1911, 639.

[24] Reinach, Hellenisation du monde antique 170.

[25] P. Wendland, Hellenistisch-rom Kultur, 2 изд. стр. 4.

Ако се утврди дека Македонците не биле сродни со Елините ќе треба да признаеме дека древната грчка историја се завршува со крајот на сојузничката војна (355 г.), кога Атина целосно ја изгуби политичката моќ.[26] Во спротивно, пак, ќе кажеме дека Филип го обединил својот (грчки) народ, а Александар го основал грчкото светско владеење. И така, какви биле Македонците, главни носители на елинистичката култура? Треба да се признае дека не поседуваме доволно материјал за да одговориме позитивно на тоа прашање. Старите автори само патем го засегаат прашањето за етнографската положба на Македонците и тие оскудни сведоштва честопати не дозволуваат сосема сигурни заклучоци. Притоа се додава и тврдењето дека од јазикот на старите Македонци се зачувани многу малку траги.

Рековме веќе дека за тоа прашање владее големо разногласие во новата историска литература. Така на пример, познатиот историчар Ed. Meyer[27] мисли дека старите Македонци се дел од грчкиот народ, кои останале во постарите населби, речиси целосно ја изгубиле врската со главниот дел на нацијата и затоа не се вбројуваат во неа. Тоа мислење, што го беше искажал уште О. Abel[28] денес се заштитува од многу историчари и лингвисти, на пример, Hatzidakis[29], Beloch[30] и др.

Цело научно дело за тоа прашање напиша О. Hoffman[31]. Тој мисли дека македонскиот народ припаѓа кон една група грчки племиња, кои живееле покрај Пинд во северна Тесалија и по горното течение на Халиакмон (Бистрица), каде се поврзувале со илирската област. Кон нив припаѓаат и Тимфеите, Орестите и Елимиотите. Од нив се оделиле Македонците и во непознато за нас време, по долното течение на Бистрица се симнувале во рамнината меѓу Еге (Едеса, Воден) и Пела. Таму тие сретнале илирско-тракиско население, кое било покорено, и дури во времето на Архелај тоа население влегло во организираната од него пешадија. Природно е дека одделни зборови од тракискиот и илирскиот јазик биле земени од Македонците. Но, уште пред Архелај македонската држава се состоела од обединување на разни племиња под власта и раководството на грчките Македонци и нивното благородништво. Последните постојано се чувствувале како Грци, говореле грчки и кога Елада пропаднала во политички однос, тие се јавиле како спасители на елинското обединување. Тие дури го издигнале како државен јазик, не својот говор, туку атинскиот,

[26] Така Ed. Mayer, Gesch. des Altertum V.
[27] Gesch. des Alt. II 66.
[28] Die Makedonen. 1906.
[29] Griech, Gesch. I 22, 43 III 1, 1 сл.
[30] Zur Abstammung der alten Makedonier. Athen 1897.
[31] Makedonien vor Philipp, 91 sl.

зашто разбирале дека во Грција суштествувал еден духовен центар, што ги надминувал сите, имено Атина. Хофман е на мислење дека македонскиот дијалект е блиску сроден со тесалискиот.

Наспроти тоа, стојат други мисленја. K. O. Muller им припишува на Македонците илирско потекло[32], што е поддржано од G. Hahn[33], H. Hirt[34], Ad. Reinach[35] и др. Особено внимание заслужува мислењето на Керст[36], најдобриот познавач на елинистичката историја, со кое ќе се запознаеме подолу. Мошне објективно прашањето го разгледува и W. Tarn.[37]

Треба да го спомeнеме и мислењето на Lehmann-Haupt[38], според кого македонскиот јазик треба да се сфати како меѓупросторен член (Zwischenglied) меѓу грчкиот од една страна и трако-илирскиот од друга.

Да видиме најнапред какви заклучоци можат да се изведат од сведоштвата на старите автори. Тукидид[39], кој добро ја познавал Македонија и дава драгоцени сведоштва за неа, јасно ги оделува Македонците и епирските племиња од Елините. Првите тој ги нарекува „варвари", во смисла на племиња кои не говорат грчки, туку варварски т.е. непознат јазик.[40] Треба, имено, да истакнеме дека Елините околу половината на V в. уште не се сметале како погоре стоечки во културен однос од таканаречените варвари (Персијци, Египќани и др.). Дури кон крајот на V в. кога Грците разбрале дека со своето демократско уредување, слободното искуство и научна мисла стојат погоре од источните народи, зборот варварин добива погрдно значење и почнува да ги означува сите кои немаат елинско образование[41]

И на друго место (IV 12 сл.) Тукидид изрично ги дели Македонците од Елините кои живеат во Македонија. Херодот (V 20) го нарекува царот Александар I „елински маж, раководител на Македонците", од што јасно се гледа дека тој не ги смета Македонците како едноплемени со Грците. И Демостен во говорите многупати[42] ги нарекува Филипа и Македонците варвари. Со право новите автори не даваат големо значење на неговите

---

[32] Uber die Wohnsitze, die Abstammung und die altere Gesch. des Maked. Volkes 1825 г. стр. 34 сл.

[33] Albanes-Studien I 215 sl.

[34] Indogermanen, I 149; II 602.

[35] Hellenisation du monde antique 17.

[36] Gesch. des Hellenismus I, 154 sl.

[37] Antigonos Gonatas, стр.175 сл.

[38] Pauly-Wissowa-Kroll, Realenc.XI 425; sr i Einl. in die Altertumswiss, III 121 sl.

[39] II 80, 5; 81.

[40] Eichhorn, Barbaros quid significaverit, (Дисерт. Лајпциг) стр. 40; Nilsson, Studien zur Gesch. des Epeiros 4.

[41] Nisson, ц.м. 4; H. Werner, Neue Jahrb, klass. Alt 1918, I 394.

[42] Phil.III 32, Olynth. III 16 24; de falsa leg. 305, 308; de cor. 185.

зборови, диктирани од партизанска страст, но не можам да одречам дека на исто мислење биле и повеќето од атињаните, кои ги слушале неговите беседи[43] Но, да го оставиме Демостен. За неговиот современик Исократ, никој не може да каже дека бил политички противник на Македонија.

Во својот говор во кој го советува Филипа да ги обедини грчките сили и потоа да се сврти против Персија, тој никаде не вели дека Македонците се Грци. Напротив, сосема јасно е дека Исократ го смета за грчки (т.е. произлезен од Хераклеја) само царскиот род, а македонскиот народ го нарекува „другоплемен“.[44] Наспроти таквите изрични сведоштва, мислењата на новите автори[45] не можат да имаат никакво значење.

Приврзаниците на тезата за елинското потекло на Македонците принесуваат и некои сведоштва од подоцнежните автори[46] Така, кај Полибиј[47] Акарнанецот Ликиск им говори на Лакедемонците: „Тогаш вие се боревте за хегемонија и чест против Ахејците и нашите соплеменици, Македонците, предводени од Филипа, а сега на Елините им претстои војна за поробување против луѓе од други племиња (т.е. Римјаните), кои мислите дека сте ги повикале против Филипа, а заборавате дека сте ги повикале против самите вас и против цела Елада“. На друго место се вели[48] дека Етолејците, Акарнанците и Македонците имаат еден јазик. Филип V, синот на Деметреј, склучил сојуз со Ханибал во име на Македонците и останатите Елини[49]. Ама тие сведоштва доаѓаат подоцна (II в. пр. Хр.) кога Македонија била веќе наполно елинизирана[50]. Тие не докажуваат ништо за постарото време, инаку ќе треба да ги сметаме за Грци и елинизираните Траки, кои во византиско време не биле разликувани од Елините. Да не заборавиме дека истиот Полибиј[51] е вброен меѓу Елините и епирските племиња за кои веќе е докажано дека не се од елинско потекло. Кај истиот автор за Етоланите се вели дека повеќето од нив не се Елини[52]. Не докажуваат

---

[43] Lenschau, Jahresber. der klass. Altertumswiss. 1904, 29; „Sicher hatte Demosthenes, der es liebt seinen grosen Gegner und dessen Volk als Barbaren hinzustellen, das Gefuhl der Zuorer auf selner Seite“.

[44] За основачот на македонската династија говори Исократ V 108: „Поради посебната разумност во тие настани се случи дека и неговото царство се разликува многу од другите - тоа како и тој единствено од Елините посака да владее со другоплеменски народ“.

[45] Abel, Makedonien 267; Hadjidakis, 46.

[46] Beloch, Griech. Gesch. III 1, 2.

[47] IX 37.

[48] Polyb. y Liv. 31, 29.

[49] Polyb VII 9, 3. 5. 7.

[50] Witkowski, Jahresber. klass. Alt. 120, стр. 186.

[51] IX 38

[52] XVIII 5, 8.

ништо и другите сведоштва, што ги цитира Хаџидакис, па затоа нема да се задржуваме врз нив[53].

За македонскиот јазик интересна информација дава историчарот од првиот век по Хр. Курциј[54], кој говори за процесот на Филота пред собранието на војската, која се состои од Македонци и Грци. Александар држи обвинувачки говор против Филота, по што Филота одговара: „Освен Македонците присуствуваат многумина, кои, мислам, полесно ќе ми ги разберат зборовите, отколку да го употребам истиот јазик на кој говореше ти (т.е. грчки) и тоа, со цел, верувам, да се разбере твојот говор од повеќе души". Тогаш царот рече: „Гледате ли дека Филота дури е опфатен со презир кон татковинскиот јазик" (т.е. македонски)? Оттука Белох (Gr. Gesch. III 1, 3) заклучува дека Македонците разбирале грчки (т.е. атински) и дека Грците, кои учествувале на собирот, можеле да разберат некој македонски говор, иако со извесни потешкотии. Значи, разликата меѓу атинскиот и македонскиот јазик била само дијалектичка. Ние сметаме дека во дадениот случај нема големо значење тврдењето дека Грците не разбирале македонски зашто од тоа не може да се заклучува ништо за карактерот на македонскиот јазик: северниот Германец не го разбира јазикот на швапскиот селанец, ако е и германски[55]. Од горекажаното следува навистина дека Македонците во војската разбирале грчки, зашто Филота би постапил глупаво ако се заштитувал пред судиите со јазик ним непознат. Ама докажува ли тоа дека народот во Македонија во времето на Александар бил грчки и дома говорел грчки? Мислам дека не. Па и благородништвото да било веќе погрчено, народот уште си говорел македонски.[56]

Натаму[57] Филота вели дека родниот македонски јазик веќе излегол од употреба поради односите со други народи и дека и победниците и (т.е. Македонците) и победените требало да учат туѓ јазик (т.е. грчки). На друго место[58] Филота се укорува дека и да бил Македонец, со сонародниците контактирал со помош на преведувач. Се гледа дека благородникот Филота стекнал целосно елинско образование, па веќе не го разбирал јазикот на обичниот Македонец[59]. Тие информации на Курциј јавно

---

[53] Статија „Минато" , г. 1, стр. 159 Г. И. Кацаров.

[54] Curt. II, 9, 35.

[55] Kretschmer, Einleit. Gesch. Griech. Spr. 285.

[56] Witkowski, Jahresber. klass. Ait. 120, стр. 186.

[57] VI 10, 23.

[58] Curt. VI 11. 4.

[59] Мислите на Александар, VI, 9, 36: sed dicat sane, utcunque ei cordi est, dum meminerites aeque illum a nostro more quam a sermone abhorrere од кои се гледа дека Александар не се чувствувал како Грк.

докажуваат дека македонскиот народен јазик не бил грчки[54], но должни сме да признаеме дека сведоштвата на Курциј за катастрофата на Филота не се сигурно вистинити, па така и во тој случај заклучокот за карактерот на македонскиот јазик не може да биде наполно сигурно.

При таков карактер на старите сведоштва за македонскиот јазик, за лингвистот многу поголема цена имаат остатоците зачувани од тој јазик. Треба да забележиме дека натписи на македонски јазик сè уште не поседуваме. Ако Македонците имале зачетоци на својата писменот, тие биле многу рано задушени од елинизмот. И така, од тој јазик ни останале месни и лични имиња, освен тоа глоси (зборови), што биле собрани во речникот на Америас од Македонија, кој живеел во Александрово време.[55] Сиот тој материјал е собран во погореспоменатиот труд на О. Хофман. Разгледувајќи ги подетално собраните глоси (зборови), тој доаѓа до заклучок дека од 39 глоси само кај 15 е можно сомневање дека не се грчки[56], другите биле божем јавно грчки. Но, критиката не без основа го укори Хофман, бидејќи предубеден дека македонскиот јазик е грчки, при објаснувањето на зборовите бара само грчки елементи и не води доволно сметка за можноста дека можат да се пронајдат други поправдоподобни толкувања со помош на споредба со другите индоевропски јазици[58] Значи, при повнимателно проучување ќе се докаже дека некои од глосите (зборовите), што Хофман ги смета за сигурно грчки, се, исто така, „македонски", како и другите кои тој не може да ги објасни со помош на грчки.

Хофман особено се зазема за тоа дека и зборовите од секојдневниот живот, флората и фауната се повеќето грчки и не можат да бидат ангажирани. Но, ние веќе на друго место[59] забележавме дека романскиот јазик со своите заемки од словенски покажува дека релативно со последните нема определени граници: можат да бидат земени и најобични и најнеопходни зборови.

Дека имињата на некои служби (државни и воени) се грчки, тоа не може да служи за аргумент да докажуваме дека македонскиот јазик бил грчки, зашто тука треба да водиме сметка за можноста дека тие термини се воведени од македонските цареви, кои свесно внесувале грчка култура

---

[54] Така мисли и Treidler, Arch. Anthropol. N.F.XVII 114.

[55] Наведено во речникот на Хесихиј.

[56] Не можат да се објаснат од грчки на пр., следните зборови: axos (гора); abagna (роза); daryllos (даб); aspris (еден вид даб); aliza (топола); garkan (жезол); dramis (пресен леб); lakedama (солена чорба).

[57] Thumb, Neue Jahrb. Klass Alt. XIX, 1907, 76 сл.

[58] Види примери кај М. Фасмер, Мин. нар. просв. јан. 1908, оддел. за кл. филол. стр. 22.

[59] Rev. et Grecques XXIII стр. 244 - W. Tarn, Antigonos Gonales 180.

во Македонија. Таков ќе да е случајот со „другарите“ (hetairoi) на царот. Но, и во таа област има зачувани чисто македонски траги, како на пр., skoidos (судски чиновник).[60]

Како што гледаме, глосите (зборовите) не се доволни да се докаже елинскиот карактер на македонскиот јазик, побргу тие говорат во смисла дека тој бил мешан јазик.[61] Тоа е мислењето на такви видни лингвисти како А. Меје[62], А. Тумб и П. Кречмар. Последниот признава дека остатоците од македонскиот јазик силно се разликуваат од грчкиот. Тука припаѓа, на пример, заменувањето на индоевропските mediae aspiratae со mediae, а не со tenues aspistae како во грчкиот. Таа појава го зближува македонскиот јазик со тракискиот и илирскиот. Илирски карактер носат и македонските суфикси -issa и -st-[63] Но, од друга страна, Кречмар истакнува дека во македонскиот има немалку грчки елементи, кои не можат да се сметаат сите како заемки.

Воопшто, Кречмар е на мислење дека од племињата кои потоа во Грција се издвојуваат како елински, рано се одделило едно племе и се упатило кон планинските предели на север од Тесалија. Таму тоа го покорило тракиското и илирското население и образувало со него еден народ, кој имал мешан јазик [64]

Хофман на долго ги разгледува и македонските лични имиња и доаѓа до заклучок дека имињата на кнезовите, благородниците, војсководците се чисто грчки и особено се блиско сродни со тесалиските, со оглед дека воопшто, според него, македонскиот дијалект бил најблизок до тесалискиот. Но, и тој резултат одвај може да се смета за сигурен зашто, како што забележува и Фасмер, ние не знаеме дали носителите на тие имиња биле Македонци по потекло. И Thumb истакнува дека личните имиња малку докажуваат. Како аргумент во дадениот случај би можеле да служат само негрчките имиња. Размената на лични имиња е обична појава. Фасмер, имено, од тесалискиот карактер на сопствените имиња заклучува дека повеќето од нив се земени од тесалискиот. Потоа не бидува да се заборава при толкувањето на тие имиња дека некои од нив сигурно се изменети во грчката уста врз основа на народната етимологија, како што е

[60] Толкувањето на тој збор, што го дава Хофман, се отфрла и од Кречмар и од Фасмер, ср. Kazarow, ц.м. стр. 224. Не можат да се објаснат од грчки и зборовите kausia (макед. шапка) и sarisa (долго македонско копје); последниот збор е можеби прединдоевропски (ср. Larisa; Fick, Wochenschr. klass. Phil. 1906, стр. 1279.

[61] Така и Kretschmer, во Gercke-Norden, Einleit. In die Altertumswiss, I 539, каде е дадена и литературата.

[62] A. Meillet, Apercu d,une histoire de la langue Grecque 53, 272.

[63] Со првиот се образуваат имиња од женски род (на пр. Makedonisaa), со вториот етнички имиња (Diestai, Lynkestai). Литература за ова прашање кај Фасмер ц.м. 35.

[64] Се среќава и кај Kretschmer, Einleit. in die Gesch. der Griech. Spr. 283.

случајот со името Пердика. Не изгледаат грчки имињата Аерменај, Биргин, Крастон, Адај, Селевк и др.

Поголемо значење за решение на прашањето со кое се занимаваме можат да имаат географските имиња, кои Хофман воопшто не ги разгледува. Има географски имиња, особено во вардарската долина, кои изгледаат грчки, на пример, Идомени, Аталанте, Гортинија, Европ, Алкомене или Алалкомене, потоа Вереја, Еге, Аргос (во Орестида) и др. U.Kohler[65] искажал претпоставка дека тие имиња произлегуваат од старото елинско население, кое ги населувало областите меѓу Тесалија и Аксиј (Вардар), пред да бидат тие поплавени од Траките. Друго мислење изнесува Групе[66] Бидејќи некои од тие имиња се среќаваат и во Беотија и бидејќи евбејско-беотските легенди се локализирани по трако-македонскиот брег, Групе претполага дека грчки колонисти, потиснати кон внатре во областа од подоцнежните преселнички бранови, ги понеле тие имиња во Македонија. Тоа е веројатно, но не може да се докаже сигурно.

Но, има и друго. Не сите имиња се признаваат како сигурно грчки. Така, Beroia е тракиско име, како што ни покажува Beroe во Тракија (Augusta Traiana, Стара Загора) и друг град со истото име во Мизија[67] И Еге едвај ли е грчко. Со поголемо право можеме да го сметаме илирско, бидејќи во Епир имаме племе Егестеи[68]. Гортинија е, веројатно, прединдоевропско, можеби и европско[69]. Но, поважно е да истакнеме дека повеќето од географските имиња во внатрешна Македонија не се грчки, како што имавме случај да изложиме и на друго место[70].

Ако, како што видовме, јазичното проучување не постигнало сигурни резултати, тогаш ќе треба да се обрне поголемо внимание на прашањето какви биле односите меѓу Грците и Македонците во историско време. Дали тие се така длабоко образложени за да ни дадат право да говориме за општа историја на Македонија и Елада? Тоа прашање е одлично објаснето од Керст и за нашата цел ќе биде неопходно да се запознаеме со неговото мислење.

Пред сè, Македонците немале никакво учество во тоа што во историско време го поткрепувало сознанието кај Елините дека припаѓаат кон една нација. Во грчките легенди тие не играат никаква улога. Тие немале пристап ниту во општоелинските игри. На Александар I (498 - 454

---

[65] Sitzunbez.Berl.Akad. 1907, 270 sl. Г. Кацаров, Пеонија 33. Против тоа мислење се произнесе Maluri, Rendic del Lincel 1910, 361.

[66] O. Gruppe, Griech. Mythol. I 210 sl.

[67] Oberhummer, y Pauly-Wissowa, RE III 306.

[68] Nilsson, Studien Epeiros, 14. Tarn. Antigonos Gonatas 178.

[69] Пеонија 33, Malrui, c.m. 1910, 36; 1911, 634.

[70] Пеонија, стр. 34.

пр. Хр.) му било дозволено да учествува на Олимписките игри откако докажал пред Елинодиките (подготвувачите и претседателите на игрите) дека е потомок на Херакле, следствено и Грк (Херодот V 22). Мислењето на другите стари автори за Македонците веќе го наведовме погоре. Во решенијата на основаниот од Филипа елински сојуз среќаваме официјална формула: „Филип и Елините“, „Александар и Елините“, со која јасно се истакнува дека Македонците се делат од Елините. Кога по напливот на Фокидијците Филип бил прифатен за член на делфиската амфиктионија, тоа не значело примање на македонскиот народ. Само на Филип му било дозволено и тоа, веројатно, како на Хераклит, а не како на претставник на својот народ. И така, „не може да има сомневање“, вели Керст, дека уште во време на Филипа и Александар Елините не ги сметале Македонците како припадници кон грчката нација. Исто е сигурно дека самиот македонски народ во тој период не се вбројувал себе си кон Елините, туку се разликувал од нив на јасен и определен начин. Доволно е да се фрли поглед на историската традиција во времето на Филипа и особено врз тоа на Александар и Диадохите: насекаде ќе се забележи јасното сознание на Македонците дека се еден народ за себе си кој, како таков има надареност да стекнува слава и сила во светот.

Од друга страна, Керст истакнува дека Македонците покажале голема способност да ја воспримат елинската култура и дека во време на Филип V се сметале веќе како еден народ сроден со Елинскиот. Тоа безусловно, според Керст, не докажува дека Македонците се првично Елини, но се објаснува полесно и поприродно ако примиме дека се племенски сродни. Многу од сопствените имиња кај Македонците покажуваат елински тип и не можат да бидат прифатени. Ако тие народи не се сродни, тешко би можеле да го објасниме големиот број грчки имиња. Слично нешто не наоѓаме кај други негрчки племиња, на пример, Траките и Илирите.[71] Но, тој факт може да се објасни и на друг начин, како што ќе видиме подолу.

Има и некои стари сознанија кои говорат за сродство меѓу Македонците и Елините. Хесиод (VII в. пр. Хр.) вели дека Магнес и Македон биле синови на Зевс, кои живееле крај Пиреа и Олимп, значи Магнетите и Македонците се сметаат сродни. Магнетите се грчко племе, кое учествувало во делфиската амфиктионија. Според логографот Хеланик, Македон, родоначалникот на Македонците, бил син на Еол.

Тие две сознанија имаат еднаков карактер, зашто најстариот историпис на јониските логографи е тесно поврзан со родословниот епос

[71] На ова обрна внимание Beloch, Hist Z., Neue F. 43, стр. 201. Но не бива да заборавиме дека ниту Траките ниту Илирите се наоѓале во така тесни односи со Грците како Македонците.

на Хесиодовата школа. За да ги оцениме тие сознанија треба да имаме предвид дека во грчката родословна литература честопати се поврзани туѓи племиња со елински родоначалници и херои. Така, на пример, самиот Хесиод во својата Теогонија вели (ст.1011 гл.) дека Одисеј имал од Кирка два сина Агриј и Латин. Може ли од тоа да заклучиме дека Латините се сродни со Елините? Очигледно не. Така ќе го објасниме и сознанието на Хесоид за Македонија. Бидејќи Македонците живееле во соседство со Магнетите, тоа родословната поезија го поврзува. Едвај можеме да дадеме некаква етнографска вредност на слични сознанија.

Херодот (I, 56) соопштува дека Дорјаните живееле едно време покрај Пинд и тогаш се нарекувале македонско племе. И на друго место (VII 43) тој ги поврзува Дорјаните со македонското племе. „Македнос" се споменува и како син на Аркадецот Ликаон[72] Тоа име сè уште не е разјаснето со сигурност. Хофман[73] кога зема предвид дека „Македнос" се среќава кај Хомер[74] како заедничко, во смисла „висок", „строен", мисли дека основата Македн е скратена форма на Македон. Според него, трудот на Херодот е доста вистинит и нè учи дека Македонците произлегле од Тесалија. И Heidemann[75] е на мислење дека Македонците припаѓаат кон дорискиот слој, што се потврдувало и со преданието кое ги поврзува македонските Аргеади со Темենидите од Аргос.

Меѓутоа, Хофман не обрнал внимание на тврдењето дека името „Македонија" е формирано со додавката -ониа, што се среќава во многу племиња и месни имиња во Тракија, Македонија и Мала Азија. Хомел изнел претпоставка дека тој суфикс е трако-фригиски и означува можеби „страна", но можно е дека тој е и илирски[76]

И тука проблемот не е така едноставен како што изгледа на прв поглед. Хофман не го разгледал прашањето за потеклото на самите Дорјани, што беше должен да го направи, штом го прифаќа сознанието на Херодот за врската на Дорјаните со Македонците. Изнесено е веќе мислење дека Дорјаните се илирско племе или најмалку дека тие биле измешани со Илири[77].

Тоа се гледа, пред сè, од имињата на трите фили: хилеи, димани, памфили. Последната значи „луѓе од секакви племиња", а пак „хилеите" не можат да се оделат од илирското племе „хилеи"[78], кое живеело во

[72] Apolod. III 8, 3.

[73] Ц. С. стр. 258.

[74] Odyss. VII, 106.

[75] Zum Ethn. Problem Griechenlands 17.

[76] Г. И. Кацаров, Пеонија 30 сл.

[77] Ср. во литературата во книгата Пеонија на Г. И. Кацаров, стр. 13 заб. 21.

[78] Wilamowitz, Staal une Gesellsch. der Griechen 17.

околината на Зара. Значи, измешаноста на денешните Грци со Албанци ја има својата споредба во древноста. Заслужува да се истакне и друго. Според својот антрополошки тип, Албанците се сродни со Цаконите и Мајнотите во Лаконија и со Сфакиотите во западен Крит. Бидејќи Сфакиотите и Цаконите се потомци на Дорјаните, таа сличност се објаснува, ако прифатиме, дека денешните Албанци се потомци на старите Илири од кои произлегуваат и Дорјаните.[79]

Има и укажувања, кои говорат за потесни односи на Македонците со епирските племиња. За последните веќе се утврдува дека претставуваат мешавина од грчки и илирски племиња.[80] Така, Хакатеј Милетски[81] ги означува горномакедонските Орести како молоско племе. Тукидид[82] ги споменува Орестите во тесна врска со епирските племиња (Хаони, Молоси, Атинтани, Паравеи). Според Страбон (Vii fr. 11), Македонија во старо време, покрај со тракиски и илирски племиња, била населена и од епирски. Истиот географ ги вбројува Пелагонците, Линкестите, Орестите, Елимиотите и Еордеите кон епирските племиња[83]

Планината Линкос (Lyncus) во Епир се среќава како име на град и месност во Македонија.[84] На друго место Страбон[85] пишува: „Некои ја нарекуваат Македонија и целата област до Коркира поради тоа што според начинот на стрижење, говорот, облеката и други нешта, тие народи се слични, а некои од нив се и двојазични“. Тука Страбон го истакнува етнографското сродство на Македонците со племињата, кои живееле кон запад до брегот спроти Коркира, т.е. со племињата на северен Епир. Керст не е наклонет да дава значење на тоа Страбоново сознание, зашто тоа се однесувало на подоцнежно време кога дамнешната веќе историска врска меѓу Епир и Македонија делумно ги изедначила двете области во културен однос. Но, ние не можеме да се согласиме со тоа мислење, зашто Страбон го црпел тоа од постар извор.[86]

Во илирскиот карактер на горномакедонските племиња - Линкести, Орести и други не можеме да се сомневаме, зашто се формирани со карактеристичниот илирски суфикс - st. Од тие племиња не можат да се

---

[79] Ad. Reinach, L,Hellenisation du monde antique стр. 18.

[80] Treider, Arch. fur Anthropol. N. F. XVII 89 , M. Nilsson, Studien zur Gesch. dss alten Epeiros 1.

[81] Fr. 77; Costanzi, Studi di storia Maced. 30.

[82] II 80, 6.

[83] Strab. VII 7, 8; IX 5, 11.

[84] Liv. XXXII 9, 9.

[85] VII 7, 8.

[86] Treidler, c.m. 97. Не е во право Treidler само во тоа дека ги смета Орестите, Линкестите и Пелагонците за грчки племиња. Kiessling, Zeitsch. Ethnologie 1905, стр. 1015 со право го прима сродството меѓу Епиротите и Македонците.

одделат сопствените Македонци, кои ја освоиле Ематија[87] и за нив треба да го прифатиме илирското потекло. Може да се прифати дека меѓу северозападните грчки племиња се населиле и Илири, кои биле нивни соседи од север. Утврдено е, на пример, дека крепосното население на Тесалија, Пенестите, било од илирско потекло[88] Подоцна, кон 13/12 в. пр. Хр. кога се чувствувал некаков притисок од север, северозападните грчки племиња се раздвижиле -дел од од тоа движење е и дориската преселба - некои од илирските делови веќе елинизирани племиња од Тесалија удриле кон север и се утврдиле во планинската област на север од Халиакмон. Од таму подоцна тие се спуштиле во Ематија каде го покориле староседелското трако-илирско население и ја основале македонската држава. Се разбира, тоа е само претпоставка, но тоа може да ни го објасни и мешаниот карактер на македонскиот јазик и особената способност на Македонците да го примат елинизмот. Така би можеле да се објаснат и личните македонски имиња и не можат да бидат земени од Елините во подоцнежно време.

Најпосле, не може да заборавиме дека старата историја на Македонија е обвиена со длабока темнина и следствено ние не можеме да ги знаеме сите фактори, што влијаеле на брзата елинизација на Македонците.

Против тоа мислење, според кое Македонците треба да се поврзат потесно со Илирите, се произнесува Керст[89], бидејќи во историско време двата народа се наоѓаат во непрекинато непријателство, причината што Керст ја бара во различните државни и културни односи на тие народи. Тие разлики, се разбира, суштествуваат. Вистина е исто дека според Полибиј[90] во II в. пр. Хр. македонските благородници не разбирале илирски. Но, тоа ништо не докажува против прифатеното од нас мислење, зашто во историјата имаме примери за непомирливо непријателство токму меѓу блиско сродни народи. Ние не знаеме какви фактори влијаеле да произлезе таа противречност меѓу Македонците и Илирите. И тоа наведено сведоштво на Полибиј не докажува ништо, зашто е од покасно време, како што истакнал уште О. Muller[91]

Илирскиот и македонскиот јазик се развивале врз различна етничка основа и не е чудно дека наспроти почетното сродство, тие значително се одалечиле еден од друг.

[87] Scala, ц.м. 51.

[88] ц. сжч I 163.

[89] Каерст, И 163.

[90] Polyb, XXVIII 8, 9: македонски емисари кои одат кај илирскиот цар Гентиј биле придружувани од преведувач, кој знаел илирски.

[91] Wohnsitze und Abstammung des maked. Volkes 60.

Како заклучок ќе кажеме дека македонскиот народ се формирал од разноплеменски елементи, кои со тек на време се слеале во една целина. Веќе рековме дека карактерот на македонскиот јазик не може точно да се утврди. Во секој случај, незначителни се фактите кои говорат во полза на мислењето дека бил грчки дијалект. Вистина е само дека Македонците биле основно елинизирани. Белох[92] го смета за апсурдно тврдењето дека еден народ, кој го освоил светот, го оставил својот јазик за да прими туѓ. Но, ние знаеме дека Македонците, кои немале своја литература, го примиле атинскиот дијалект како дворски и службен, зашто тој јазик тогаш бил светски и културен јазик[93]. Во секој случај, тие не можеле да го употребат својот дијалект, па и да бил грчки, според мислењето на некои научници, а требало да се служат со еден туѓ јазик.

Исто така, Римјаните, кои сигурно немале помало национално сознание од Македонците, во своите односи со Феникијците, Картагенците, Евреите, се служеле со елински јазик[94] И германските племиња, кои ја покориле Римската Империја, ги составувале своите закони на латински јазик, а не на својот јазик. Па најпосле, и бугарските ханови не ли ги пишувале своите натписи на грчки?

Воопшто треба да забележиме дека при разгледувањето на прашањето со кое се занимаваме некои научници прават грешка при што преценуваат многу јазици. Никој, се разбира, не одрекува дека јазикот е важен орган на националниот живот, во него се одразуваат суштествени црти на народниот дух. Но, не е само јазикот, кој ја создава и ја карактеризира нацијата. Освен него, улога играат и други елементи, на пример, државата, религијата и др. Јазикот честопати не е доволен за да се определи потеклото на народот, зашто историјата ни дава примери за народи, кои го смениле јазикот и тоа не во долг период.[95] Сродниот јазик не го докажува секогаш крвното сродство меѓу разните народи: Шпанците и Романите денес говорат романски јазици, ама тие јазици се создадени од римското владеење. Предците на Романите говореле тракиски, а, пак, тие на Шпанците ибериски и келтски[96] Јазикот не секогаш го условува националното самосознание. Холанѓаните говорат долногермански дијалект, но наспроти тоа ниту тие самите се сметаат за Германци ниту Германците ги вбројуваат кон својата нација. Американскиот народ, кој се формирал од составни делови произлезени од други народи, наспроти англискиот јазик не се чувствуваат како Англичани и си имаат свое силно американско национално чувство. Ги наведуваме тие банални

---

[92] Griech. gesch. I 2, 43.

[93] A. Thumb. Griech. Spr. im Zeltalter des Hellenismus 102; 20.

[94] E. Schwyzer, Weltsprachen des Altertums 16, Treider ц.м. 114.

[95] Ad. Kirchhoff, Zur Verstandigung ubes die Begriffe Nation und Nationalitat 23.

[96] Kirchhoff ц.м. 24.

примери за до го објасниме и потеклото на македонскиот народ. На крајот на краиштата, не е важно дали Македонците говореле некаков грчки дијалект, поважно е прашањето какво им било националното сознание.

И во Македонија во постаро време носител на културата била владејачката класа, благородништвото. Народната маса сè уште не земала учество во тоа што ја создава нацијата. Македонска нација во смисла на културна заедница на сите класи на населението сè уште не суштествувала. Допрва, со реформите на Филип II, кој ја организирал селската маса, почнува вклучувањето на таа маса кон културата. Ако според Ренан[97] нацијата е „голема заедница, која се основа врз сознанието за жртвите што ги направила и е подготвена да ги направи и во иднина, и врз согласноста, јасно искажаната желба да го продолжи заедничкиот живот", треба да признаеме дека условите за потекнување на македонската нација се создадени во времето на Филипа.

Нема сомневање дека тогаш македонскиот народ, раководен од генијалниот цар, ја осознал својата сила и проникнал од мислата дека има да исполни важна историска мисија. Историските судбини, што тој народ ги преживеал, принесените жртви за големината на државата, не малку помогнале да се сплотат во едно цело разните племиња, кои ја населувале Македонија и да се самоосознаат како единствена моќна нација. Не можеме да не ги потцртаме зборовите на одличниот историчар на древноста U. Kohler[98] „треба веднаш за секогаш да се ослободиме од

сосема неисториската претстава дека Македонците и Грците во IV век или подоцна, макар само во поголеми малцинства, се чувствувале како едно; политички видни Македонци како наведените цареви (т.е. Филип и Александар) и повеќе од диадохите не можеле да не ги презираат Грците како нација, иако го почитувале, пред сè, грчкото образовани во кое, повеќ е или помалку, учествувале. Во сите историски времиња моќни народи, воодушевувани од силно национално чувство, гледале од високо на други, дури и погорестоечки и поцивилизирани народи. Погорд и посамоосознаен народ од Македонците во времето на Александар можеби никогаш не суштествувал".

---

[97] E. Renan, Qu,est ce qu,une nation, 27.

[98] Sitzungsber. Berl. Akad. 1898, 134; Kornemann, Klio, XVI 212.

# Македонија при навлегувањето на Персијците. Еден драматичен настан

При царувањето на Аминта се појавила опасноста од доаѓањето на Персијците во Македонија, особено по походот на царот Дариј против Скитите. Тогаш македонското царство ја почувствувало тежината на персискиот јарем, којшто го застрашувал, зашто генералот на Дариј, Магабез, ги покорил Пеонците околу Струма, кои ги оковал и испратил во Азија. Зад тој настан, Дариј испратил седум официјални пратеници во Македонија кај царот Аминта за да побараат во името на царот Дариј земја и вода, како што тоа го практикувале тогаш во знак на покорност.

Пратениците се претставиле пред Аминта и го побарале горното. Аминта побрзал да го даде побараното и наредил на гостите да им бидат направени царски почести за кои подготвил и една велелепна и богата трпеза. Персијците, откако вечерале и пиеле, побарале (според нивниот обичај) од владетелот, царот, за да лумпуваат со нив да им ги испрати законските жени и тие од дворскиот харем. Аминта се исплашил и не прифатил да им откаже, иако во македонските обичаи слично барање не се дозволувало. Дворските жени поканети од царот дошле и седнале на масата кај Персијците, но последните настојувале жените да седнат до нив. Царот Аминта никако не реагирал на таа нивна желба. Персијците, под влијание на виното, почнале да си земаат преголема слобода и недолично да се однесуваат. Аминта, гледајќи го сето тоа, иако индиферентен, не смеел со една смела постапка да ја зачува честа на својот дом.

Синот Александар, кој присуствувал на таа сцена, млад и неискусен, не можел да ја поднесе навредата, едвај се воздржал и обраќајќи се кон татка си, му рекол: Татко, ти си стар и изморен, оди да си починеш, а, пак, јас ќе ги услужам гостите!

Аминта како да ја разбрал намерата на својот син и му одговорил: Чедо мое, јас ти ги разбирам зборовите, зборови на возбуден човек. Те молам да не им сториш нешто лошо на нашите гости, зашто тоа ќе ни донесе катастрофа. Ете, јас се повлекувам како што ти сакаш.

Престрашувајќи се, Александар не сакал да ги исполни сите желби и барања на гостите и им рекол: Ете веќе имате толку многу жени на ваше располагање и бидејќи е време да си починете, оставете ги жените да одат и да се подготват и измијат и така измиени, чисти да се се вратат кај вас. Персијците го прифатиле тоа, а жените се вратиле во дворскиот харем. Тогаш Александар избројал колку точно на број биле жени и исто толку момчиња, без бради и мустаќи, кои ги облекол во женски алишта, ги довел во гостинската одаја и притоа им рекол на Персијците: Драги гости, за да бидете целосно задоволни, ние ви го дадовме тоа што го имавме и

што можевме да го набавиме. Уште повеќе, ние ви ги отстапивме и нашите мајки и сестри за да разберете дека ви направивме високи почести на кои сте достојни и за да му кажете на тој што ве испратил, вашиот цар, дека македонскиот цар, откако ви ги направил сите почести, ве нагостил и дури ви ја отстапил и постелата!

Откако Александар им го кажал тоа, до секој Персиец, наместо жена, поставил по еден маж Македонец. Персијците пијани веќе ги прибрале „жените“, а последните, бидејќи претходно се вооружиле, ги извадиле ножевите, ги нападнале седумтемина пратеници и ги убиле, а исто постапиле и со нивната свита.

По извесно време, Дариј наредил да се пронајдат неговите емисари и испратил агенти за да ги бараат. Тие стигнале до градот Воден, но Александар ги поткупил со многу злато, а на водачот Бубар му ја дал сестрата Гигеја за жена и така можел да го прикрие убиството на седумммината персиски емисари. По овој настан царот Аминта продолжил да царува на својот престол, меѓутоа не како самостоен македонски цар, туку како сатрап на персиската држава.

## Македонија во древноста II

Македонија во древноста го заземала североисточниот дел на Балканскиот Полуостров. Нејзините граници биле на југ - Тесалија, на запад - Епир и Илирија, на север - Пеонија, на исток - Тракија.

Македонците биле едно старо племе, кое говорело еден древен дијалект на грчки јазик. Во својот историски развој Македонците многу заостанале од другите Грци. Главно занимање на Македонците било земјоделието, а делумно и сточарството. Во Македонија немало големи градови, а трговијата била речиси безначајна. Царската власт долго време го негувала патријархалниот карактер. Власта на царевите била ограничена од родовата аристократија и малите кнезови - сопственици на големи пространства на земја. Главниот дел од населението биле селаните - ситни земјоделци и тоа селанство ја носело воената обврска. Во Македонија биле свикувани народни собири. За време на грчко - персиските војни (5 в. до Ис. Хр.) во Македонија почнале живи односи со Грција, што дало повод за нејзин развој. Царот Александар I почнал да војува со одделни кнезови и речиси успеал делумно да ги потчини. Авторитетот на царската власт особено пораснал во времето на царот Филип II (359-336 г.). Филип го завршил територијалното обединување на Македонија и ја уништил самостојноста на месните кнезови. Старите родови првенци го изгубиле

нивното значење и биле принудени да служат при дворот на царот и во неговата војска. Успесите во областа на централизацијата и успехот во надворешната политика на Филип во голема мерка се должи на тоа што во Македонија не се разорило ситното земјоделие (селанството), ропството било слабо развиено и не се притискале слободните производители во производството. Филип, од ситното селанство и од родовите првенци, кои служеле во војската, создава постојана, дисциплинирана војска. Потпирајќи се на неа, Филип можел да се реши на големи иницијативи и задачи. Тој го потчинил под своја власт целото тракиско крајбрежје на Егејското Море до Хелеспонт, а потоа почнал да се меша во внатрешните работи на Грција. Откако ја потчинил Тесалија, Филип се втурнал во средна Грција и по победата кај Херонеа (338 г) во Коринт ги свикал претставниците на грчката држава. На тој конгрес (собир), Грција номинално била призната за слободна, но фактички била потчинета на Македонија. Со обединувањето на Грција, Филип решил да ја искористи за борба против Персија. Во тоа тој ја нашол поддршката на македонските првенци, кои сакале кон исток да пронајдат можности за богатење. Но, во тоа време на подготвување, Филип бил убиен од еден од приврзаниците на старомакедонската група на крупни земјоделци - аристократи.

На престолот дошол синот на Филип, Александар (336-323 г.). Александар, откако го задушил избувнатото против него востание во Грција, почнал да војува со Персија. Освојувањето на персиската држава, присвојувањето на огромните богатства, основањето на големи градови кои речиси станале центри на трговијата и на грчката култура на Исток, големата колонизација на Грците на Исток, откривањето нови трговски патишта им дале средства за збогатување на македонските првенци и грчките робовладетели, но не можеле да обезбедат едно подолготрајно обединување. „Големите царства на Кира или на Александар не можеа да се наречат нации, макар и да биле историски формирани, а биле составени од разни племиња и раси. Тоа биле не нации, туку случајни и слабо поврзани конгломерати од групи, кои се распаѓале и обединувале во зависност од успесите или поразите на еден или друг освојувач“.[99]

Поради тоа, основаната од Александар империја брзо се распаднала. Меѓу војсководците на Александар почнала борба за власт. Конечното распаѓање на империјата се случило по битката кај Ипса (301г.). Во Македонија, по редица војни се установило потомството на војсководецот Александар Антогонат (294 г.). Македонија се повратила кон своите балкански поседи, но ја зачувала власта над Грција. Таа власт Македонија ја одржувала со големи напори. Првиот македонски цар од домот на

[99] И. В. Сталин, „Марксизмот и национално-колонијалното прашање“, 1927 г., стр. 4.

Антогонат, Димитриј Полиокрет (294 - 287 г.) по седумгодишно владеење бил симнат од престолот. Против него се појавило незадоволство во Македонија главно поради тоа што тој ја разорил со тешки даноци. Неговиот син Антигон Гонат ја повратил власта (272 - 239 г.) над Македонија и Грција. Грција формално се гледала слободна, но фактички Антигон се организирал во неа апсолутистички, потпирајќи се врз класата на крупните земјопоседници. Во наредните години (239 - 168 г.) за Македонија станувало сè потешко и потешко да ја спроведува својата власт врз Грција. Во Грција почнале да се создаваат сојузи од градови, кои почнале борба против Македонија. Од неодржливата положба на Македонија во Грција искористил Рим, кој ѝ објавил војна на Македонија. Филип III бил разбиен кај Киноскефал (197 г.) и се обврзал да ја постави својата надворешна политика под контрола на Рим и да ја признае Грција за слободна. Царот Персеј, син на Филип III, се обидел да востане против Рим, но бил победен во битката кај Пидне (168 г.). Откако во Македонија била уништена царската власт, таа била поделена на четири дела, со обврска да му плати на Рим данок. Во 148 г. се лишила од својата независност и била претворена во римска провинција.[100]

## Древна Македонија

Нациите се продукт на определена епоха - епохата на прогресот на современиот економски систем. Кога се разви трговијата и модерната индустрија, кога отпаднаа феудалните прегради и се создаде општата, заедничка територија, кога се создадоа економските врски меѓу луѓето во дадени области, кога се разработи општ национален јазик во секоја држава одделно и кога се оформи општиот национален карактер за луѓето во одделните држави - тогаш се појавија нациите, во полна смисла на зборот. Но, како што и во античкото општество имаме развој на трговијата така и за тогаш можеме да говориме, во извесен однос и условно, за античка нација создадена само од некои и со нецелосни белези, определувајќи ја нацијата таква каква што денес ја разбираме.

Древните Македонци можеме да ги земеме како античка нација, зашто им беа видливи економските врски создадени од развојот на трговијата и говореа на приближно разбирлив трако-илирски јазик. Но, за разлика од сегашната смисла на нацијата, Македонците не беа изразботиле заеднички, официјален литературен јазик и писменост и целосно не го беа

[100] Од „Советската енциклопедија“.

оформиле својот општ национален карактер (нарав, обичаи и др.). А во однос на територијата, таа беше само во извесни односи заедничка.

Таа античка македонска нација беше се организирала во своја држава. Но, таа држава не беше составена само од Македонци, ниту беше само во пределите на денешна Македонија, туку имаше освоено и туѓи територии. Базата на македонската држава, меѓутоа, беше денешната Македонија. Предноста на македонската моќ се состоеше несомнено и во јазичното единство. Одделните илирски племиња можеби говореле на различни дијалекти, но јазикот им бил приближно еднаков и во основата илирски, што им служел за заемно дејствување.[101] Јазикот на древните Македонци не добил писмена форма (во писменоста Македонците се користеле со стариот елински јазик) и се состоел од немногубројни глоси (звучни, гласовни зборови) кај грчките писатели. Тие зборови, што ја покажуваа блискоста на

---

[101] Во летото 1937 година, во август месец, дојде до значајно откритие во с. Величково, пазарџиско, на едни од најстарите монети сочувани во земјите на Балканскиот Полуостров. Монетите биле пронајдени во едно глинено садче (грне) така како што биле оставени од нивниот сопственик пред повеќе од две илјади и четиристорини години. Сите девет монети се многу добро сочувани и се одликуваат со необична големина и тежина: секоја тежи околу 40 грама и има дијаметар од 36 милиметри. Монетите се од еден тип. На лицето им е претставен еден возрасен маж со шапка, седнат во двоколка на високо седиште, што ја влечат два бика. Човекот во кренатата десна рака држи камшик. Над бикот се гледа орел што лета, кој во клунот држи за опашка гуштер. На други примероци наместо орел се гледа круг (сонцето). Под бикот има полупалма. Над таа сцена е гравиран натпис со грчки букви од десно кон лево со името на племето: Дероникон. На задната страна во вдлабнат квадрат-фигура на религиозен знак, составена од три трчечки едни по други човечки нозе. Сликите на фигурите се одликуваат со внимателна изработка. Силен впечаток остава фигурата на бикот со својата монументалност и архаичност. Што претставува тој дел со двоколката засега е тешко да се каже со сигурност. Можно е да е претставен некој митски херој, почитуван како предок на племето, како што често наоѓаме врз античките монети такви митски личности. Врз основа на стилот и историски претпоставки, монетите датираат од крајот на шестиот век до 480 г. пред Христа. Рековме дека монетите се ковани од тракомакедонското племе Дерони.

За него знаеме многу малку. Тоа ни е познато само од неговите монети. Во писмените извори за Дероните не се споменува ништо. Монетите на Дероните со нивните фигури и големина покажуваат голема сличност со монетите на други македонски племиња, чија местоположба е позната.

Засега се прифаќа дека Дероните ги населувале областите меѓу териториите на племињата Крестони и Одоманти и на север од богатата во древноста со сребро планина Дизорн (Круша Планина). Големото богатство на сребрен метал му дозволувало на тоа племе да кова толку големи и тешки монети.

Дероните, како и другите споменати племиња, образувале самостојни племенски држави, со одделни институции и парични знаци. Таа положба траела до создавањето на една обединета македонска држава и заеднички владетел. Македонија за првпат се обединила во време на царот Александар I (498 - 454 г. пр.Хр.) (Т. Д. Герасимов).

македонскиот јазик и грчкиот, се сосема случајни и не даваат можност да се разграничи, дали македонскиот јазик бил еден од елинските дијалекти или посебен јазик на население по потекло од индоевропските народи. Ако Македонците го немале тој суштествен елемент, тие не би можеле само со силата на оружјето да ја формираат онаа постојана територијална и етничка моќ, со која се јавија наспроти другите посилни нации на Балканот, а особено спроти грчката, која во тоа време била првата моќна нација, со силно развиена трговија, архитектура, наука и литература.

Според своето етничко потекло, Македонците се од тракo-илирско потекло, дојдено 3000 г. пред Христовото раѓање на Балканот од Мала Азија. Некои од трако-илирските племиња заземале древни месности и градови како Мизија, Витанија, Фригија, Троја и др. За заедничкото нивно потекло, вели проф. Јордан Иванов, говорат сите зачувани остатоци од нивното минато, јазикот, погребните могили и наодите во нив. Па и древните историчари како Херодот, Страбон и други го тврдат истото и го поткрепуваат со многу јазични посочувања. Тоа сродство било зачувано и во народните тракиски преданија и спомени. Кога избувнала прочуената Тројанска војна во XII век пред Христа, Пеонците од кај Струма и Вардар се одѕвале на помош на соплеменикот Пријам, управител на градот Троја, против Елините. Хомеровата „Илијада“, која ги воспева настаните од таа војна, ни покажува дека некој си Рез, цар на струмските траки, заминал да ѝ помага на Троја. Друг некој војвода, некој си Пирехмес Пеонски, водел војници од областа на широкиот Вардар.

Нам познати имиња ни се: Пеонци, Агриани, Македонци и други, меѓу кои Македонците играле достојна за подражавање просветна улога, откако успеале да ги обединат сите тие племиња од кои се формирала една единствена држава, врз една, единствена територија наречена Македонија. И тука, имено, во обединувањето лежи силата на формираната веќе на тој начин македонска држава, која во трговијата ѝ конкурирала на Елада.

Почувствувајќи го развојот на својата држава Филип, по успешните битки, се понел од мислата да ѝ парира на Елинската држава и за да ја достигне, тој требало да се послужи со нејзината моќна цивилизација. За да се стигне во секој поглед Елада, требало да се изучи елинизмот. Елинизмот, вели Исократ, не е едно физичко потекло. Не тие, кои припаѓаат на едно племе со нас се Елини, туку тие кои го споделуваат со нас нашето образование.

Тоа го сфатил Филип и македонските робовладетелски слоеви и кнезови од разните племиња, кои го поддржувале. Елинизмот ја вклучуваше во себе истпријата на гранките во науката и искуството. Тој одразуваше една политика, едно учење на новото државно уредување на владејачкиот робовладетелски општествен слој. И значајни се почетоците на тој слој и

во македонската земја и освојувачките стремежи, што ги застапувал тој слој пред царскиот двор на Филипа, кои го наложиле прифаќањето на елинската писменост во македонските школи.

Стоковните односи, значи, развојот на трговијата, културата и прогресот во македонската држава го наложило прифаќањето на елинскиот јазик за да се објасни елинската култура и да се прифати елинската цивилизација, преку која се трасирал патот на прогрес на македонската држава. Карактеристичниот белег за суштествувањето на античката македонска нација е самата географија на Македонија, што беше заедничка на древните Македонци. Македонското царство лежеше северно од Тесалија. Свртена кон Егејското Море, Македонија се поеше од четири важни реки, истите оние реки кои и денес ја напојуваат Македонија. Имено, таа заокружена целина беше основата на силното македонско царство, кое водело успешни војни со другите соседни племиња и држави.

Во времето на цар Филип, во границите на Македонија се вклучуваше и Маричката долина и други туѓи области, освоени со силата на оружјето. Но, Македонија не беше само воинствена држава. Подоцна во неа се развија земјоделството и сточарството за мирен и спокоен живот, меѓутоа, во неа постојано доминираа воинствените односи со другите племиња и држави, особено во времето на Александар Велики. Воинствената политика се налагаше од интересите на робовладетелите за пленување робови и од интересите на трговците за стекнување нови пазари.

Во крајбрежјето на Македонија и особено крај Халкидискиот Полуостров живееја Грци. Преку тие Грци, во Македонија проникнуваше културата на Елада. Можеби бавно, но со сигурност елинската цивилизација се распространи насекаде, во сите бразди на македонската земја. Тоа му се допаѓаше на владејачкиот робовладетелски слој, кој преку царскиот институт и армијата ја разгоре својата освојувачка политика, откако на тој пат ја впрегна елинската цивилизација. Воздигната економски, Македонија на своја страна ги привлече послабите сродни племиња, едни со преговори, а други со силата на оружјето. На тој начин се зголемила нејзината територија. Македонскиот царски дом сесрдно ја бранел територијата на Македонија и сè повеќе и повеќе ги проширувал нејзините граници. Примајќ и ја цивилизацијата на Елада, царскиот дом во татковината го поддржал единството меѓу сите граѓани од владејачкиот трако-илирски елемент врз основа на автономноста на одделните трако-илирски племиња во државата. Тоа овозможило, макар почетно (зашто немаше слевање на различните трако-илирски племиња во една целосна нација), развој на културата во внатрешниот живот.

Претставништвата на македонската држава целосно ги поддржале односите со другите народи. Македонците учествувале во општоелинските

игри и свеченостите на Олимп. Македонската дипломатија ги поддржувала личните врски со Елада и напорно се грижела за одржување на елинскиот мир.

Но, тој мир бил елински мир на моќната елинска држава и нација, раководена од робовладетелскиот општествен слој. Требало речиси од корен да се изменат условите, што го крепеле елинскиот мир. Македонија тргната веднаш по патот на елинизација според определен план, т.е. по патот на создавање на своја локална трговија и цивилизација, не можела за долго да го поддржи елинскиот мир. Многу свесно македонскиот царски дом почнал по свој план да гради патишта во обласа во сите правци, во најпогодните за македонската независност пунктови градел крепости, подготвувал арсенали, градел и закупувал кораби и сесрдно го развивал земјоделството и трговијата.

Грците рано го забележаа развојот на македонската нација, која се оспособила во силна и добро организирана држава, и имале нескриена желба да го спречат нејзиниот внатрешен развој, но слично на Англичаните спрема Американците, беа поразени од воздигнатата македонска моќ и нивното влијание ќе биде отфрлено. Ниту заветите ниту заплашувањата на Елада не можеле да го спречат стремежот на Македонците по патот на својата политика за самостојно влијание над другите народи, додека најпосле наспроти сето настанато кинење на врските не дошло до војна меѓу Македонија и Елада.

Едните и другите взаемно се дополнуваа. Прво, како држава се издвои Елада. Таа најпрво ги раскина врските со родовското уредување. Елада се разви на сметка на умирачките стари патријархални форми. Робовладетелското античко општество донесе ново уредување. Се изгради државата, која почна да законодавствува и да развива правосудство. Елинската античка држава водеше војна со моќната персиска држава за економско влијание. Атина и Спарта ги победуваа Персијците и стекнуваа нови пазари.

Но, во својот стремеж за национален простор и слободни пазари за своите стоки, Елада организира противдејство на, исто така, организираната држава на Македонците. Силата на древната македонска нација е вкоренета длабоко во создадените економски врски. Одделните кнежевства, кои живееле автономен живот, ја поддржале безрезервно политиката на македонската царска власт - раководниот фактор на општата национална внатрешна и надворешна политика. Таа политика, по времето на Филипа, била насочена исклучиво по патот на освојување земји во Мала Азија и создавање таму на сопствени пристаништа толку неопходни за пласирањето не само на македонските стоки, туку и за трговија со туѓи стоки пренесувани од македонски трговци.

Врз националниот карактер на Македонците грчките писатели не ни оставиле доволно сведоштва за подвизите на Македонците и за нивните посуштествени карактерни црти. А не ни оставиле нужни сведоштва поради своите сокриени политички причини за да не падне во сенка славата на нивната татковина Елада, што писателите фанатично ја

сакале и заштитувале. А се знае дека во Македонија силно се беше развила трговијата и занаетчиството, кои се основна причина за формирањето на редица нови и големи градови и за многуте македонски школи, театри и др.

Така, моќно се разви македонската држава. Но, по смртта на Александар Велики таа се распадна на одделни составни делови - кнежевствата формираа посебни самостојни државички. По тоа Македонија беше покорена од Римјаните во II век пред Христа. За да го изместат тракоилирскиот елемент од Македонија, Римјаните доведоа доселеници од Италија, чии остатоци денес се Куцовласите. За слабеењето на тракоилирското население не малку влијаше и навлегувањето на варварите Хуни и Авари на Балканиот Полуостров. Но, најголемиот удар за изнемоштување на древната македонска нација беше нанесен од Словените во IV и VII век по Христа.

Словените ги претопија остатоците од трако-илирците ако тие беа целосно нероманизирани. Тие не можеа долго време да си ја сочуваат народноста и се слеаја со словенското население. Само оној дел илирски племиња, кој изолирано живееше во албанските планини, успеа етнографски да остане здраво и живо. Но, и меѓу словенското население се забележува и живее македонскиот елемент. Ако одиме меѓу денешното население во Македонија, ние со поразителен впечаток ќе забележиме физички македонски тип од трако-илирско потекло, што се гледа од извесни физички признаци. Тие, имено, трако-илирски физички типови и името Македонци и Македонија потсетуваат на античката нецелосна, само со одделни признаци македонска нација и за нејзината држава.[102]

## Александар Македонски како мит за балканските народи

Во времето на XIV и XV век христијаните на Балканот ја изгубиле нивната политичка слобода и стенкале под туѓиот јарем. Тие заборавиле на нивните разногласија и со идеја за една заедничка црква, поврзани со

[102] Од весникот „Македонски вести", г. I, број 2, 1935 г.

врските на христијанското братство, почнале скришно да потхранувaат надеж за една подобра иднина. И за да се даде посилен импулс на тоа духовно единство, требало да се побара во далечните минати традиции некој општобалкански стимул, зашто блиското минато со ништо не им давало, вдахновувало нешто слично. Тие застанале врз едно знаменито име на нивните области, врз фамозниот, чудесен завојувач каков што бил Александар Велики, поскоро познат како Александар Македонски.

Во грчките апокрифи Александар Велики се бележи како син на Јупитер, старите Бугари го обожавале како син на нивниот бог Перун.

Образованите во време на турското владеење, со восхитеност говорат во нивните хроники и во романите за Александар. Обичните и необразовани луѓе се чуделе и восхитувале од подвизите на нивните сонародници, од тој чудесен и млад херој, кој стигнал до најдалечни области, откако постојано бил победник над толку народи и против чудовишни суштества, притоа изложувајќи се на секакви опасности, и најпосле загинал сè уште млад, без да знае како да заврши една мисија што судбината требало да му ја довери на некој друг непознат наследник, кој во даден момент ќе ја зачува слободата и благосостојбата на својот народ.

## Александар Велики
## Историјата на еден гениј. „Синот на Сонцето“. Светската империја

Името на Александар Велики го означува крајот на една и почетокот на нова историска епоха. Историјата не познава така зачудувачки настан, ниту едно толку волшебно искачување на еден маж кон власта и славата. Фактички, фантазијата едвај би можела да пронајде нешто почудно од животот на тој голем гениј на светската историја. Дури фигурата на Наполеон бледнее пред огромните размери на тој човек, кој истовремено беше најхрабриот водач на својата војска, најгенијалниот командант и најголмиот државник, колонизатор и законодавец.

Никој не можел да го одбегне сјајот на неговата личност: ученик на Аристотел, покровител на искуствата и науките, ужас за своите непријатели и истовремено полн со великодушност кон победените, така изникнува пред потомствата херој на антиката, не како човек, туку како херој, како полубог со сите добродетели и пороци на боговите од грчката митологија.

Александар Велики е син на Филип Македонски и Олимпија, ќерка на епирскиот кнез Неаптоломеј. Тој е роден во Пела на 21 јули 356 г. пр.

Христа. Надарен по природа, од рано пројавил квалитети на еден голем карактер, исполнет со жар за подвизи и љубов кон славата. Талентот на војсководец го пројавил уште во 338 г. пр. Хр. во битката кај Херонеја, каде ја разбил свечената армија на Тиванците. По смртта на Филипа, кој бил убиен во август 338 г., едвај дваесетгодишен Александар се искачил на престолот. Откако се одмаздил за убиството на татка си, тој со постојан притисок ги победил Грците и ги натерал да ја признаат неговата хегемонија. Со еден блескав поход следната година Александар ги покорил варварите по течението на Дунав и ги принудил да ја признаат неговата власт. Кога со тек на време распространиле лажна гласина за неговата смрт, Грците, особено Тебанците, поттикнувани од Демостен востанале, Александар се појавил непосредно под ѕидовите на Теба и до темел ја разурнал. Наредната година, откако го преминал Хелеспонт на чело на една огромна армија, кај реката Граник тој ги победил Персијците, убивајќи најголем дел од нивната војска. Во 333 г. во Гарс, во рамнините на Сирија, одново се сретнале Персијците и Македонците. По еден ураганскинапад со коњицата, Александар ги натерал Персијците во бегство и безредие. Тука загинал цветот на персиската армија и било запленето целото семјество на Дариј. На тој начин, Александар завладеал со цела Мала Азија. Во 333 г. го основал градот Александрија од каде следната година тргнал преку либиската пустина кон храмот на Зевс (Амон). Тука жреците (пагански свештеници), во согласност со обичаите на древните фараони, го прогласиле за „син на Амон“, „син на Сонцето“. Во пролетта 331 г. Александар повторно тргнал против персискиот цар Дариј, кој успеал одново да собере војска во Асирија. Двајцата противници се сретнале во близина на урнатините на Ниневија. Иако Персијците бројно ја надминувале војската на Александар, благодарение на својата искусна тактика тој ја остварил најблескавата победа. Откако ја оставил војската и целото засолниште во рацете на непријателот, Дариј побегнал во Мидија. На тој начин ризницата на древниот мир ги отворила вратите пред непријателот.

Александар успеал да стигне до татковината на Скитите, кои ги покорил.

Истата година тој се оженил со заслепувачката убавица Роксана, ќерка на бактрискиот кнез Охсиарт. Принцезата Роксана била подвижна како пантер, божествена како божицата на љубовта и умна како жрица (пагански свештеник). Од очите и целото битие зрачела магија на која младиот император не можел да одолее и да се спротивстави. Во 327 г. Александар го преземал својот поход во Индија и откако се спуштил по течението на реката Инд, стигнал дури до Индискиот Океан.

Во есента 324 година, тој се вратил во Екбатан каде го загубил својот љубимец Хефестион. Тагата му била безгранична, тој го погребал во Вавилон со чисто царски почести.

Александар се доселил да живее во тој град, но наеднаш по еден пир, ненадејно заболел и за неколку дена умрел на 33-годишна возраст (8 јуни 322 г. пр. Христа)[103]

Александар е можеби најголемиот и најгенијалниот херој на древноста. Тој мечтаел да формира една светска империја. Неговиот живот има светско-историско значење. Во Рим, во капиталниот музеј има една биста на Александар, за која велат дека е верна копија на оригиналот. Во тоа уметничко дело најголемиот гениј од древноста е претставен како Аполон, со победнички поглед насочен во далечина. Особено необична е постановката на главата и мечтателноста во погледот, обединет со мажествената и херојска насмевка. Тој имал, исто така, необично убава, долга коса.

## Александар Велики

Александар Македонски, најчудесниот, прославен и најнеобичен од хероите какви што ги познава светот, бил природно надарен со најособени карактеристики, но истовремено ги примил во зародиш и најопасните пороци. Неговиот буен темперамент го предиспонирал кон насилството: возвишеноста на неговата душа му вдахновувала и великодушни чувства. Неговиот татко Филип му ја пренел неговата безгранична амбиција, Аристотел - неговиот учител - му вдахнал и неколку добродетели.

Александар Велики имал правилни црти - бистро и бледо лице, огнени и големи очи, кадрави и руси коси, висока глава, но малку навалена кон левото рамо. Имал среден раст, убав и вешт, развиено и правилно тело и силно поради постојаното вежбање. Сите го фалеле за неговата умешност во јавањето и за неговата елегантност, надворешност. Тој имал многу палав ум, а истовремено голема желба да учи, ги сакал и протежирал науките и искуствата. Разговорот му бил пријатен и пикантен, а во пријателството бил постојан. Сè во него било велико - како во неговите чувства, така и во неговите мисли.

Александар Велики уште во најраната возраст се истакнал со гордоста на неговиот карактер и силата на неговата амбиција. Кога му предложиле да се јави на повикот за олимписките игри, тој рекол: „Јас ќе одам, ќе се јавам, но под еден единствен услов, ако таму имам како соперници само цареви...“.

---

[103] „По смртта...“, Емил Лудвиг.

Кога неговиот татко Филип ќе заземел некој град, Александар без да се радува велел: „Пријатели, татко ми не ќе ни даде во ништо да се пројавиме...".

Александар бил уште дете кога царот Филип ги примил во Македонија посланиците на персискиот цар. Александар наспроти неговата возраст, никако не ги распрашувал за висечките градини во Вавилон, за богатите и раскошни палати во Суза, тој рамнодушно слушал што се расправало за велелепната топола и златната лоза - украсени со скапоцени камења и рубини - под кои персискиот цар ги примал своите гости и потчинети. Но, ги прашал кои патишта водат кон внатрешноста на Азија, каков е народот, населението на Персија, како и каква е силата на персиската војска. А еден од пратениците извикал: „Тој мал принц е велик, а нашиот само богат...".

По едно време во Македонија довеле од Тесалија еден коњ кого го нарекувале Букефал, а главата му била како на вол. Најсмелите јавачи напразно се обидувале да го јавнат тоа непослушно животно, кое сите ги фрлало на земја. Младиот принц, откако видел дека сите го избегнуваат коњот, весело рекол: „Каков убав коњ, а тие го избегнуваат или испуштаат поради нивната неволност или страв". За да ја ограничи гордоста, надменоста на својот син, Филип му наредил на Александар да се качи на коњот. Нестрашливиот Александар без да го исплаши со сенката на своето тело, го погалил малку, лесно се качил врз него, здраво опстојал на неговите движења и го обуздал, па Букефал, кој дотогаш ги отфрлал сите јавачи, оставил кротко да го водат и речиси поткleкнал со колената за да му се качи на грбот. Букефал подоцна, во Индија, му го спасил животот на Александар во една битка во која неговата брзина го беше извлекла...

Прв татко му можел да го оцени и да ја предвиди неговата судбина уште кога видел дека на така, релативно мала возраст успеал да го скроти Букефал. И притоа му рекол: „Синко, барај си некое поголемо царство достојно за тебе - Македонија е мала за тебе!"

## Подвизите и освојувањата на Александар Велики (од 336 до 331 г. пр. Ис. Христа)

Кога дошло времето да се реализираат неговите големи планови, Александар Велики ја собрал својата војска. Таа се состоела од 12 илјади Македонци, 7 илјади сојузници, 5 илјади наемници, сите подготвени за поход под водството на Парменион; пет илјади Трибалци и Лири, 1.500 коњаници Македонци под водство на Филота, 1.500 тесалиски коњаници предводени од Калас и 600 Грци од Еригиус, а, исто така, и 900 души лека војска од

Тракија и Македонија под водство на Касандер. Голем дел од офицерите во војската биле повозрасни од 60 години. Нивниот собир имало за цел да биде вистински сенат. Сумата, богатството на царот, била не повеќ е од 60 таленти (360.000 златни франци); армијата била обезбедена со провизии, само за еден месец. Управувањето со Македонија и заштитата на Грција, Александар му ги доверил на Антипатер, во кого во тоа време имал голема доверба. Пред да тргне за Азија, тој го распределил својот имот на пријателите и кога Пердика го запрашал што остава за себе, тој му одговорил: „Надежта“!

По дваесет дена, кога стигнал во Ситос, каде го чекале 150 кораби, тој се качил на еден и посакал самиот да го управува. Откако го минал Хелиспонт, стигнал кај Троја, и поднел жртва на Минерва, го зачувал нејзиното оружје и од храмот ги земал оние предмети, што се сметале дека биле на Ахил, еден од неговите предци (по мајчина линија). Врз гробот на тој херој Александар поставил венец од цвеќе. Хефистион, неговиот миленик, исто така, поставил таков венец врз гробот на Петрикле. Во тоа време Персијците, пренебрегнувајќи го умниот совет на Мемнона, кој ги советувал да избегнуваат секакви битки и акции, да се отселат внатре во областа и да се обидат да ги заобиколуваат сите војски што невнимателно навлегле во татковината, собрале една армија од 100.000 души и ја распоределе по брегот на реката Граник за да го спречат преминувањето преку неа. Птоломеј на чело на македонската коњица ја почнал акцијата со голема сила, смелост и упорност, но без успех. Александар и Перменион пристигнувајќи му на помош, ја преминале реката. Фалангата ја извојувала победата. Грчките наемници, кои војувале заедно со Персијците, биле поделени и отсечени на делови по еден упорен судир. Александар за време на таа битка манифестирал вредни квалитети, тој се борел гради в гради и го ранил братот на царот Дариј. Во еден момент кога еден персиски коњаник со гола сабја се обидувал да го убие Александар, Калитус му го спасил животот, откако го убил тој варварин.

По тие подвизи, тој им дозволил на своите војници, кои биле женети, да заминат за Македонија и таму да ја минат зимата. Таа мерка му донела голема доверба и придобил многумина, што Птоломеј му ги обезбедил. Со настапувањето на пролетта, царот Александар ја нападнал Фригија и ги продолжил освојувањата кон Кападокија.

Во тоа време Мемнон требало да ги осуети сите планови и намери на младиот, решителен Александар. Дариј му дозволил да направи една диверзија во Грција, со цел Македонците да бидат принудени да се вратат назад. Тој напредувал на чело на една силна армија, а неговата флота се приближувала веќе до бреговите на островот Евбеја. Но, судбината (?!), која го заштитувала Александра, го спасила од тој вешт и умен противник.

Мемнон умрел, а, пак, Дариј во целата своја империја не можел да пронајде некој кој би можел да го замени тој умен, смел и достоен да се бори со еден херој каков што бил Александар Велики. Ослободен од стравот од таа диверзија, Александар го продолжил својот поход. Требало да навлезе внатре во Азија, да мине преку двете клисури во Киликија и Сирија. Ништо полесно не било од тоа да биде совладан во тие тесни премини. Меѓутоа, било поради невнимание и небрежност на противникот било поради некакви промени, тој минал слободно и стигнал до Тарс. Но, од неразумност решил да се искапе во реката Сиднус, чија студена вода го пресекла. Паднал тешко болен и едвај ја избегнал смртта. И во тој случај тој ја покажал својата храброст, бестрашност и великодушност. Перманион му напишал дека неговиот лекар Филип, поткупен од Дариј, сакал да го отруе.

Царот покажал великодушна доверба кон него и му го дал писмото да го прочита. Филип, откако го сторил тоа, во истиот момент земал и ја испил чашата со отров. Александар во случајот не се излажал и веднаш се насмеал, што ја покажува невиноста на обвинетиот...

Дариј потресен од успесите на својот непријател, најпосле собрал една помногубројна, отколку силна, и поблескава, отколку храбра армија. Монархот на Азија во својот поход го покажа целиот луксуз, раскошот на Истокот, насекаде блесокот на златото и дијамантите се мешал со тој на оружјето. Десетина илјади бестрашни, кои ја придружувале личноста на монархот, носеле позлатени копја, не толку опасни колку блескави. И нивните лица ослабнати од нежност лошо се одразувале врз нивната непоколеблива покорност што покажувало сè, дека сакаат по секоја цена да умрат за еден цар без да можат да го направат победник. Александар имал 40.000 војници, кои се спротивставиле на шестотони илјади Персијци, но неговите војници биле навикнати на опасности, издржливи во немаштија и поттешкотии. Неговите офицери биле сите искусни и лесно било да се предвиди каков ќе биде крајот, исходот на таа борба, битка меѓу силата, наспроти нежноста и луксузот и на генијалноста против неискуството и осредноста!

Царот на Македонија лесно го привлекол својот непријател во една теснина кај Исос (Issus) каде непријателот не би можел да ја искористи предноста на бројноста. Во тоа време, Грците како наемници на царот Дариј, први ги нападнале Македонците. Александар ја прифатил битката и притоа разурнал, уништил сè што му се испречило на патот. Една рана, што ја задобил, не го попречила во ништо. Бестрашните извесно време се спротивставувале на тесалиската коњица, но на крајот тие биле разбиени и распрснати. Самиот Дариј од страв да не падне во рацете на Александар, избегал откако му ги оставил на победникот неговиот шатор, неговата мајка, жена му, ќерка му и неговите богатства. Александар Велики се

однесувал хумано, човекољубиво кон семејството на Дариј, а тогашните времиња биле толку варварски што со таквото свое однесување тој се прославил со добрина, толку вредна и за сегашното време.

Продолжувајќи ги своите освојувања, Александар ја заземал Феникија, со градот Сидон, каде за владетел го поставил принцот Абдолоним, еден од далечните роднини на царското семјество, кој во тоа време живеел сиромашно, бил непознат и самиот обработувал една мала градина. Градот Тир, познат по своето богатство и сила, во период од седум месеци успешно се спротивставувал на македонското оружје. И ако секоја победа се мери со нејзината мака, разрушувањето на тој град беше еден од најголемите подвизи на Александар.

Тој требало да се бори како со луѓето, така и со многу други природни потешкотии. Неговите неуморни војници изградиле од кај морето еден одбранбен бедем, што опсадените неколку пати го разурнувале. Најпосле го преземал градот. Неговата среќа не беше еднаква како таа на Тебес и строгоста на Александар беше малку поблага. Бидејќи во случајов немал за што толку да размислува, тој се пројавил, покажал малку жестокост додека да ги уништи двете илјади храбри војници, кои упорно ги заштитувале последните остатоци на својата татковина. Осум илјади војници паднале убиени тој ден, а поголемиот дел од жителите биле продадени, откако некои побегнале во Сидон.

Царот притоа добил нови предлози за мир од Дариј, кој му ја понудил својата ќерка и половина од империјата. Мудриот Перменион побарал тој да ги прими тие предлози за мир, како што рекол, дека ако остане на него тој дури ќе сакал да склучи и договор. „И јас ќе сакав да склучам договор ако бев Перминион“, одговорил Александар.

Евреите, доследни на својот збор, откажале да се борат против Дариј. Царот на Македонија ги насочил своите сили и оружје и против нив. Тој посакувал да сретне посмели непријатели и да има многу поголеми опасности отколку во Феникија, меѓутоа Евреите го пречекале само со молитви, а тој, пак, сретнал само свештеници и емисари. Свеченоста во еврејскиот култ оставил силен впечаток врз Александар и неговата гордост значително се намалила пред блескавото богослужение, и тој, освен што не влегол во Ерусалим како победник, туку како пријател, дури положил и жртва во храмот на Соломон. Евреите верувале дека некој фантом во лицето на првосвештеникот Јадус, некогаш му се јавил во Македонија и му ја претскажал неговата идна величина... Заземањето, освојувањето на Египет, кој со години изобилувал со злато и сребро на персискиот цар, за Александар Велики било едно обично патешествие. Египќаните го презирале азијатскиот јарем и секој друг освојувач освен персиски им се гледал како ослободител.

Тој ги освоил срцата на сите со почитувањето на законите, обичаите, особено египетскиот култ - египетската вероисповест, религија. Неговиот поход до Мемфис бил еден триумф, а во исто време неговото влијание било консолидирано, зачувано и засилено.

Александар, кој не се плашел од никакви опасности, решил да замине за Либија за да ги посети оазата и храмот на Јупитер, Амон. Судбината на Камбис, кој ја изгубил целата војска во тие жешки пустини, не го поколебала. А во тоа време и него го очекувала истата судбина. Силен ветер и големи облаци од песок се заканувале да го затрупаат, но судбината го спасила и од таа опасност. Небото се покрило со облаци, почнало да врне пороен дожд, речиси невиден во тие места, и климата ја отстранила опасноста. Најпосле, тој пристигнал во таа фамозана оаза, во тој остров од зеленила, како во спасоносно пристаниште, среде океан од песок. Се говорело, се раскажувало дека првосвештеникот Амон го прогласил за син на Јупитер и му ветил светска империја...

Александар, откако се вратил во Египет, го основал градот Александрија, кој го заменил Тир и станал центар на трговијата. Тој самиот направил план, чие исполнување му го доверил на специјален архитект, кој повторно го востановил Ефес. Египет во тоа време бил навикнат да ги менува владетелите и династиите и не се доверувал само на еден човек, кој би се осмелил да биде господар, владетел. Александар го поделил Египет на области и назначил посебни управители, кои му давале отчет за управувањето.

Освојувањето на Египет му дало можност и време на персискиот цар да собере и формира, организира една нова армија. Уверуваат дека таа армија била повеќе од 600.000 души. Александар ги собрал сите војски, со цел да ја разбие. Ја минал реката Еуфрат кај Тхапсак и се спуштил близу до Тигар. Двете армии одеднаш се нашле една спроти друга на едно широко поле близу до гратчето Гангамел и градот Арбел. Некој го посоветувал Александар да го започне нападот преку ноќ, зашто рекол дека не сака тајно да ја испушти победата. Пред една таква голема опасност, легнал спокојно да спие, но неговите блиски се вознемириле, дури стравувале за неговата сигурност, а тој одговорил: „Како ние нема да бидеме спокојни кога непријателот самиот доаѓа да ни падне во нашите раце“. Затемнувањето на Месечината, што настанало во тој момент, ги збунило неговите војници и тој им рекол дека, според едно претскажување, Сонцето е ѕвездата патоказ на Грците, а Месечината на Персијците и дека таа природна појава го претскажува пропаѓањето на непријателот.

Успехот на таа битка бил извесно време несигурен. Левото крило на Македонците било многу напред и отфрлено од Персијците. Но судбината, (!?) која постојано го заштитувала Александар, помогнала на неговата

смелост, активност. Тој ги победил сите воинствени делови откако постојано ги прогонувал и се доближил до самата двоколка на Дариј. Нечесниот монарх, кога видел дека е победена и неговата стража и дека секоја заштита е бесполезна, ја напуштил својата двоколка, се качил на коњ и спас побарал во бегство. Александар наспроти сѐ, се вратил да го ослободи Перманион и неговото крило од силите кои го обременуваа. Уништувањето и распарчувањето на Персијците веќе станало сеопшто и тој ден бил решавачки за целата империја.

Кога веќе не останал непријател за разбивање, Александар спокојно го продолжил своето напредување и насекаде среќавал само потчинети поданици и љубезни почитувачи. По патот насекаде му подигале храмови, воздухот бил исполнет со благопријатна мирисба, а патиштата натрупани со цвеќе. Тој триумфално влегол во Вавилон без да дозволи да се случи какво било насилство или безредие. Пројавил почит и уважување кон халдејските научници и се однесувал со почит и уважување кон култот и религијата на населението. Големиот град бил едноставно изненаден од победникот, сите виделе само еден миролјубив монарх, со единствена желба само да ја украси престолнината на неговата нова империја и да ја направи како паметник за својата слава.

## Александар Велики по освојувањето на Персија (од 331 до 323 г. пр. Христа)

До освојувањето на Вавилон, царот на Македонија, умен, скромен и задоволен, направил сѐ за да се прослави со својата мудрост, својата моќ и храброст. Но, освојувачот на Персија најпосле ќе биде победен од неговата жед за задоволства. Опиен од славата и можностите, од ласкавоста, тој ги попримил карактерот, облеката и пороците на победените.

Александар Македонски го променил својот карактер, како и своите навики, и неговите постари војници со право и сосема основано веleле дека тој почнал да наликува на сатрапите на царот Дариј. Но, тоа што останало непроменето кај него била жедта за освојувања и неговата неуморна активност. За време на една гозба, кога виното го помрачило неговиот разум и расудување, Клитус, неговиот другар по оружје, пријател и брат на жената која го беше одгледала, ги пренебрегнал своите подвизи и дела повеќе отколку што следува на еден цар. Александар силно го навредил Клитуса. Последниот возмутен го укорил за неблагодарност кога го потсетил на некои спомени и ги истакнал заслугите и судбината на Филота и на Парменион, кои царот неправедно ги натерал да умрат.

Александар едвај можел да се воздржи, му наредил да ја напушти трпезата и го нарекол изманик и подлец. Тогаш Клитус ја изгубил секоја мерка и возвратил: „Впрочем, лицата што Вие ги нарекувате подлеци, рекол тој, се тие кои ги извојуваа сите победи, таа рака што вие ја навредувате, е раката што ве спаси на брегот на реката Граник во момент кога отстапувавте пред оружјето на непријателот. Вие, меѓутоа, не ја барате и не можете да ја слушнете вистината, вие можете да живеете само со варварите, кои ве обожаваат и ниско се поклонуваат пред вашата персиска одежда...“. Попусто по тие остри зборови царските куртизани се обидувале да се испречат пред бесот на Александар. Тој го фатил копјето и го вбодел во телото на Клитуса.

По извршениот престап, како ли веднаш исчезнало и пијанството: кога царот го видел Клитуса мртов, се вџашил, се фрлил врз телото и посакал со истото копје да се прободе. Блиските го занеле во неговата палата каде останал цели два дена. Легнал на земи и непрекинато плачел дури и во глас, и решил да умре од глад.

Македонците трогнати од неговото покајание се сметале како соучесници во убиството и официјално известиле дека Клитус ја заслужил својата казна. Само амбицијата, што била посилна отколку ласкавоста, можела да го утеши и за да ја избегне грижата на совеста, тој замислил да да ја увелича својата слава - решил да завладее со Индија.

Александар Велики пред судот на историјата има два различни, речиси спротивни лика. Пред заземањето на Вавилон, историјата може само да го воспева тој мудар, разумен и умерен принц, строг заштитник на независноста на Грците и одмазник за нивната слава. Но, откако се насити на судбината и се искачи на тронот на Ксерокс, тој се облече во периска одежда и ја восприми гордоста на сатрапите и сите пороци, историјата го посочува само како еден самопроникнат деспот, еден слаб и површен човек, како еден лудак кому дури и распаѓањето на целиот свет не би можело да му ја задоволи безграничната амбиција.[104]

По смртта на Александар Велики (323 г. пр. Хр.), и Македонија била вовлечена во борбите, што започнале меѓу неговите генерали за наследството и што тука нема да ги образложуваме. Кога во 301г. пр. Хр. конечно било поделено Александровото царство, во Македонија се зацврстил Касандер, кому се должи создавањето на градот Тесалоника (Солун). По неговата смрт, Македонија одново станува арена на борби на разни претенденти за престолот. Во 279 г. пр. Христа во Македонија се јавиле Келтите (гали), кои почнале да ограбуваат и опустошуваат. Меѓутоа, Антригон Тонат успеал да ги разбие варварите кај Лизамахија

[104] Cours elementair et progresits de langue francaise“, D. Margat, 1893 г.

(на Галиполскиот Полуостров) со што го стекнал признавањето од Македонците и бил прогласен за цар на Македонија. Неговата династија се задржала во Македонија дури до римско време.

Во време на втората војна, македонскиот цар Филип V се обидел да ја искористи незавидната положба на Рим за свои цели и дури склучил сојуз со Ханибал. По завршувањето на војната, Римјаните внимателно ги следеле работите на Исток и чекале погоден момент да ја скршат сè уште силната Македонија. Нејзините непријатели: Египет, Пергамското царство во Мала Азија, островот Родос и сојузите во Елада се зближиле со Рим. Поттикнат од тоа Рим му објавил војна на Филип V која завршила со пораз на Македонците кај Киноскефале во Тесалија (197 г. пр. Хр.). Филип бил принуден да плати обесштетување и да ја признае слободата на грчките градови. Но, не минало долго време и Грците разбрале дека го замениле досегашното меко владеење на Македонија со тешкото его на Рим. Нивните симпатии одново се свртеле кон страната на Македонија. Рим не можел да го дозволи засилувањето на последната и решил да ѝ објави нова војна на Македонија.  Во битката кај Пинд (168 г. пр. Хр.) македонската фаланга на царот Персеј била победена од римските легии.

Македонија веќе била поделена на четири самостојни области, кои биле управувани по примерот на грчките сојузи, од мали магистради и совет, во кој влегувале претставници на одделните општини. Меѓутоа по едно востание на Македонците во 149 г. пр. Хр. кое брзо било задушено, Македонија била претворена во римска провинција и била поставена под управување на римски проконзул.

Македонија, поради својата од големо значење географска и стратешка положба, во продолжение од неколку векови била објект околу кој се судирале освојувачките апетити не само на нејзините соседи, туку и на некои од големите империјалистички држави во Европа. Македонија, освен по својата стратешка положба и во трговско-економските односи го има своето големо значење зашто преку неа минуваат големи трговски патишта кои одат од Јадранското кон Белото Море. Сите најкуси патишта од Централна Европа кон Мала Азија и Африка минуваат преку Македонија. Ете зошто македонското население, без разлика на расното или племенското потекло, без разлика на религијата и народноста, во продолжение на многу векови преживувало неспоредливи во историјата пресврти во судбината.

Македонија уште во древноста играла важна улога во историјата на светот. Уште во времето на царот Филип и неговиот син Александар Македонски (336-329 г. пр. Хр.) македонската држава успеала да се наметне на општоелинскиот сојуз и кога Александар Велики како македонски цар и голем војсководец ја победил Персија (330 г. пр. Хр.), Македонија

ја наметнала својата хегемонија на целиот Близок Исток и областите по бреговите на Средоземното Море. Македонската држава, макар и со освојувања успеала да го обедини Истокот со Западот и создала една материјална база врз која се развила елинската култура. Македонија како држава, од редица причини од внатрешен и надворешен карактер, не можела да суштествува долго време, како што било со други големи империи во далечното минато. Македонија во 148 г. пр. Хр. станала римска провинција, а во 168 г. во времето на римскиот конзул Павел Емилиј била поделена на четири дела: Амфиполис, Тесалоники, Пела и Пелагонија. Но, се знае со сигурност дека во Македонија биле силно развиени трговијата и занаетчиството, кои помогнале да се создадат големи градски центри со македонски школи, театри и др.

Грците, а особено Римјаните, поправилно ја сфаќале идејата за националноста. Страбон, патем, бележи дека во минатото кај некои од племињата на Кавказ политичката организација се совпаѓала со јазикот на населението, а Тукидит ја определувал националноста приближно така како што некои и сега ја определеуваат. Тит Ливиј е уште поинтересен. Кога говори за древна Македонија тој употребува многу силни, речиси блескави изрази за да ја оцени и оквалификува спротивноста на таа провинција спроти Рим. Треба целосно да се прочитаат главите XXVIII, XXIV и XXX од 55-та книга (LV) на неговата „Историја на Рим" за да се разбере дека за него националноста земена уште во својот зародиш, не е нешто мистериозно.

По бунтот на Персеј една од мерките што ги преземал Павел Емилиј за да ги спречи во иднина ваквите постапки била следната: тој уредил жителите да се прогласат за слободни откако сите месни кадри на старата администрација ќе бидат отстранети. Тоа не било доволно: Македонија била поделена на четири дела со одделни престолнини (capitas). Во секој од тие градови можеле да се собираат пратениците од провинциите за да ги утврдуваат сумите на даноците и да ги избираат магистратите. Паулус подоцна уредил дека никој не ќе може да се жени, да продава или купува земја надвор од својата област и дека се забранува експлоатацијата на сребрените и златните рудници.

Тие и таквите ограничувања и забрани, граѓански и политички, навистина покажуваат едно подлабоко познавање на животот и силата на националноста, како и јурисдикциските средства, што можат да се употребуваат за да го задушат тоа национално заживување и сила. Најголемата грешка била што се потценил економскиот интерес, економијата била накрнета. Римјаните не го познавале општиот национален организам и погрешно сметале дека тие мерки нема да наидат на отпор. Токму обратното се случило: тогашните Македонци реагирале против нив како што би реагирала секоја нација, кога и се накрнети општите и

животни права и интереси. Тие отпори, продолжува Тит Ливиј, произведоа во умовите големи промени. Слободата што им се даваше наспроти ограничувањата и намалувањето на годишните даноци им ласкаше на Македонците, но забраната да тргуваат надвор од нивната област им се стори како раскинување на едно цело на неколку делови и дека тие делови се лишуваат од можноста да се дополнуваат и заемно помагаат за да може да суштествува самиот организам. Тоа е одлично изразено на латински: „regionatius commerciis intesruptis ita videri lacerta, tanguam animalia in artus, alterium alterius indigentis districta“. Тит Ливиј со тие зборови како да ја изразува подлоста и лукавството на Римјаните, а во исто време ги иронизира. Тие (Римјаните) како што не го знаеја до толку пространството (територијата) на Македонија, како и начинот како да го поделат, така не го знаеја и економското значење и богатството на одделните делови, што ги изолираа едни од други. Тој дел од Тит Ливиј е навистина најубавото, најпоучното четиво какво што може да добие и денес секој политичар, дипломат и општественик, па дури и командант или стратег во политиката и военото искуство...[105]

Западната граница на новата провинција врвела по брегот на Јадранското Море до устието на Дрим и Војоса. Северната граница се образувала од една линија која тргнувала од устието на Дрим, врвела кон исток, јужно од Шара и Скопје и стигнувала до реката Места, која ја образувала источната граница. И Тесалија била присоединета кон провинцијата Македонија. Главен град станал Тесалоника. На Рим сега му паднала и задачата да ја чува границата на Македонија од навлегувањето на соседните тракиски племиња и на келтските скордисти, кои се населиле во областа на Морава. Подоцна, Македонија станала театар на борбите меѓу римските генерали во време на граѓанските војни. Истоштувана постојано од времето на Александар Велики, Македонија била веќе доста ненаселена. Таквата ситуација, како и нејзиното стратешко значење - преку неа минувал главниот пат (Виа Игнатиа) кој ја поврзувал Италија со Исток - го натерале императорот Август да испрати таму колонисти за да ја романизира делумно (на пример, Филипи, Дион, Пела, Касандрија); на тие градови тој им дал право на римска муниципија (Береја, Тесалонија, Стоби). Новите доселеници тука биле главно земјопоседници и играле значајна улога не само во животот на градовите, туку и на селата. Меѓутоа, во внатрешноста на областа не можел да се развие позначителен градски живот. Главна стопанска основа таму си останувале планинските населби на селани и овчари. Во секој случај, Македонија стоела во економските

[105] „Балканскиот проблем и Македонија“ од Павел П. Шатев, стр. 20-22, Софија 1945 г.

односи многу подобро отколку Елада. Таа давала и голем број војници, особено за императорската гарда.

Внатрешните безредија во Римската Империја и навлегувањето на северните племиња во првата половина на III век, не можеле да не се одразат и во Македонија. Особено Готите, кои често се јавувале во Мизија и Тракија за грабежи, навлегувале и во Македонија. Во 268 г. тие одново налетале таму откако истовремено со флота го опседнале и градот Тесалоника. Тешко притиснат градот бил спасен од императорот Клаудиј II, кој ги истиснал Готите по долината на Вардар во Горна Мизија. Кај Наисус (Ниш) тој им го нанел решавачкиот пораз (269 г.).

Христијанството од порано проникнало и во Македонија. Ние знаеме за суштествувањето на христијански општини во Тесалоники, Филипи, Вереја, Стоби и Скупи. Меѓутоа, во внатрешноста на областа бројот на христијаните бил уште мал. Во секој случај, прогонувањето на христијаните од императорот Диоклецијан стигнало и во Македонија.

Диоклецијан (284-305 г.) донел нова организација на Римската Империја. Последната била поделена на 4 префектури, 13 диацези и 116 мали провинции. Илирската префектура се состоела од 12 провинции меѓу кои влегувале „прва Македонија“ и „втора Македонија“ (гл. гр. Стоби кај денешно Градско).

Движењето на народите од исток кон запад, што било предизвикано од појавата на Хуните (375 г.), најсилно се почувствувало во источната Римска Империја, особено во Мизија, Тракија и Македонија. Вестоготите, кои живееле во сегашна јужна Русија и на север од долен Дунав, уплашени од притисокот на Хуните, побарале од императорот Валентиј дозвола да се населат во Мизија и Тракија. Но, откако го минале Дунав, при населувањето тие се скарале со римските чиновници, навлегле во Тракија и го победиле Валентиј кај Одрин (378 г. пр. Хр.). Неговиот наследник Теодосиј склучил со Вестоготите мир и ги населил во Мизија и Тракија. Во 395 г. нивниот цар Алараин ги нападнал Македонија, Илирија и Грција. Не долго потоа, Вестоготите се упатиле кон Италија. Во 441 г. Хуните го минале Дунав и одново ги разграбиле и опустошиле балканските земји, меѓу кои и Македонија. Потоа и тие тргнале кон запад. Можно е мали делови од Готите да останале да живеат во Тракија и Македонија, меѓутоа тие едвај да оставиле подлабоки траги во животот на месното население. Претстојната појава на словенските племиња го изменил од корен етнографскиот лик на Балканскиот Полуостров (проф. Гавр.И. Кацаров).

# Историја на античкото општество (Грција, елинизам и Рим)

## Што е „античко општество“

Ако зборот „античко“ се преведе буквално точно (тој произлегува од латинскиот antiquus, францускиот antique), тој назив означува „историја на древното општество“. Се разбира, дека тоа е еден условен назив. Најстарата историја на Кина, Индија или Египет е, исто така, историја на древното општество, но под историја на древното општество обично се разбира историјата само на грчко-римското општество. Затоа зборот „древни“ (антички) се употребува само за Грција и Рим, за грчко-римското општество, за грчко-римската култура.[106]

Пред да минеме на самиот курс, да запреме на прашањето какво место зазема историјата на Грција и Рим во општиот историски процес на човештвото.

Грчко-римското општество било робовладетелско општество. Општествата на древниот Исток биле, исто така, робовладетелски. На тој начин, во историјата на древниот Исток, како и во историјата на Грција и Рим ние ја имаме историјата на робовладетелските општества.

Но, во што се состои специфичноста на грчко-римското општество, во што е карактеристиката на тоа општество и неговата историја?

Древно-источните општества, на пример, вавилонското, египетското и другите, биле општества примитивно-робовладетелски. Тоа бил првиот стадиум од развојот на класните, робовладетелски општества. Примитивно-робовладетелските општества на древниот Исток се карактеризираат со такви признаци како вредносен карактер на заедниците, централистичка форма на државите и родовско-државна форма на сопственоста (државна сопственост на земјата, трговските монополи и др.). За древниот Исток

---

[106] Рускиот проф. С.И. Ковалев во 1934/935 г. одржувал курс од лекции, кои скратени се изложени во книгата „Историја на античкото општество (Грција, елинизам, Рим) издадена во Ленинград во 1937 година. Во таа книга се дава историски вовед во историјата на античкото општество и историјата на древна Грција од критско-микенскиот период до смртта на Александар Македонски.

Во воведот се разгледува I Што треба да се подразбере под поимањето(поимот) античко општество; II Историографијата на Грците и Римјаните; III Историографијата на антиката во средниот век и во ново време; IV Марксизмот и создавањето на научната историја на древниот свет. Од воведот на споменатата книга ја приведуваме само првата глава, а останатите во кусо резиме. А од книгата ги приведуваме главите XIII и XIV во кои се говори за Македонија и Грција.

е типичен, исто така, развојот на бесправното долгување, внатре во заедницата, внатредржавното ропство. Имено, таа појава била една од главните причини за згаснувањето на робовладетелските општества на древниот Исток.

Најпосле, за историјата на древниот Исток е карактеристична релативната бавност во развојот, извесната цикличност, повторувањето на историските појави. На пример, во историјата на древниот Египет се забележуваат редица периодични повторни обединувања и нови распаѓања. Навистина, секое ново обединување се воздигнувало на повисок степен, но во општиот процес без сомнение имало извесна цикличност.

Такви се основните црти, што ги карактеризираат робовладетелските општества на древниот Исток.

За грчко-римското општество, за разлика од општествата на древниот Исток, е карактеристично раното распаѓање на односите во заедниците. Во тоа време, кога на Исток тие имале вредносен карактер и биле запазени здрави односи отпорни на можни општествени процеси на распаѓање, во Грција и Рим уште во раниот период на нивната историја доаѓа до распаѓање на родовските заедници. Соодветно на тоа, во древна Грција и Рим многу поцелосно, во споредба со Исток, се одвивал развојот на индивидуалната приватна сопственост. Навистина, и во историјата на Грција и Рим има многу примери за постоењето на родовско-државната сопственост како специфична форма на робовладетелската сопственост, но тука таа се појавила поразвиена, во поиндивидуализирана форма.

Неопходно е, исто така, да се одбележи уште една важна околност: античкото општество во неговата развиена форма не го познава внатрешното бесправно долгување толку карактеристично за древниот

Исток. Иако во Грција и Рим во почетокот на нивната историја ние гледаме развој на должничкото угнетување (кабали) кое преминува во ропство, како и во државите на древниот Исток, но непосредниот производител во античкото општество, преку упорна револуционерна борба, го бранел своето опстојување како опстојување на ситниот слободен производител. Должничкото ропство било ликвидирано барем во најнапредните, водечки делови на античкиот свет и развојот на ропството од тој момент тргнало кон ропство со странци, припадници на други заедници, иноплемици. Се разбира, такви форми на ропство имало и во древниот Исток, на пример, во Египет и во Вавилон. Но во времето кога во древниот Исток паралелно со развојот на надворешното ропство се развивало и внатрешното, што ги слабеело силите на заедниците, во Грција и Рим тој процес бил установен и ропството почнало да се развива по линијата на надворешното ропство, ропството на странците, а тој факт бил од колосално значење за целата понатамошна историја на античкото општество.

Понатаму, за антиката, спротивно од древниот Исток, е карактеристична една друга форма на држава. Додека на Исток типична форма на робовладетелската држава била централизираната военo-бирократска монархија според типот на тиранијата, античкото општество во периодот на својот процут не ја познава монархистичката форма на управување. Типична форма на античката држава била републиката, градот-држава, полисот. Тоа не значи дека воопшто немало монархистички форми во Грција и Рим. И во Грција и во Рим имало монархии, но тие не биле типични, зашто се појавиле уште во почетокот, во зората на античкото општество. На пример, Римската Империја се појавила во периодот на распаѓање на робовладетелското општество. Во епохата, пак, на процутот античкото општество имало републиканско политичко уредување, со разни степени на демократија, почнувајќи од крајно демократските форми на Атинската република во V-IV век, па завршувајќи со аристократско-олигархиските форми на републиките како Спарта, Коринт и други.

Најпосле, за да завршиме со споредбата на античкото општество со древно-источното, треба да посочиме и на тоа дека темпото на развој на древниот Исток и степенот на културниот развој биле доста поголеми. Во историјата на Грција и Рим ние ќе забележиме толку високо ниво на духовната култура, какво што секој истражувач не може да сретне во древниот Исток. Придонесот на древно-источната и на грчката култура е несомнен, многу елементи од духовната култура на Истокот се сродни на грчката култура (поинаку и не можело да биде, зашто и двете општества биле робовладетелски), но Грција и Рим во многу ги испревариле достигнувањата на древно-источната култура и создале редица примери, што го отсликуваат огромното влијание врз историјата на целото човештво дури до денешни дни.

На тој начин, ние гледаме дека во античкото општество навистина се јавува повисок степен на развој на робовладетелското општество во споредба со древниот Исток. Уште повеќе Грција и Рим го довеле

ропството до неговиот историски крај. Ропството, особено во неговата римска форма, станало систем што го опфатил целиот општествен живот. Ропството, имено, се исцрпело само по себе во античкото општество и затоа во реоните на Средоземното Море, особено во неговата западна половина, се создале најголеми целосни претпоставки за премин од робовладетелската формација кон феудалната. Не случајно во западноевропскиот феудализам се јавува феудализам од поразвиен тип и не случајно од неговите урнатини во западна Европа, порано од сите други делови, изникна, се создаде капитализмот.

Античкото ропство во Грција и Рим најдлабоко го подготвил теренот за претокласното општество и со тоа ја поставило основата за развој на

феудализмот, а потоа и на капитализмот. Затоа многу е во право Фридрих Енгелс кога во „Антидиринг“ вели дека „без античкото ропство, не би бил можен и сегашниот социјализам“. Тоа тврдење има огромна историска смисла, зашто со него Енгелс ја потцртува мислата за закономерноста, неопходноста од тој стадиум на развој, што ние го нарекуваме античко општество.

Проф. С.И.Ковалев уште на самиот почеток на својот курс вели: „Како воопшто и сите историски извори, изворите на античката историја се делат на четири главни категории:

1. пишани извори, кон кои припаѓаат и таканаречените усни извори (епос, легенди итн.);
2. материјалните извори (материјалните паметници);
3. етнографските податоци;
4. јазикот.

Сите пишани извори, во поголем или помал степен, имаат потреба од оценка, особено изворите папируси-документи, напишани на специјален пишувачкокнижен материјал, подготвен од растението папирус што расте во нилската долина во Египет. Како што тие содржат факти поминати низ творечката обработка на писателот, така во нив можело да бидат изложени различни искажувања од субјективно-класен карактер, свесно или несвесно внесени од авторот. Освен тоа при користењето како извори на историските производи на антиката, марксистичката критика треба да се сообразува со едноставниот карактер на античката историографија, која дури и во лицето на своите најдобри претставници - Тукидит, Полибим, не би можела да се добере до правилно разбирање на историската закономерност. Како резултат на тоа фактите од историската реалност, наспроти нивните субјективно-класни искажувања добивале совршено неправилно толкување затоа што древните историчари не можеле да ја разберат нивната внатрешна закономерна врска.

Кога проф. С.И. Ковалев прави еден краток ретроспективен преглед на историографијата кај древните Грци и Римјаните, наоѓа дека првите зачетоци на грчката историографија се во списоците на лицата должници што се составувале и воделе во грчките градови и кои се јавуваат и кај нас како основа за хронолошкиот тек на грчката историја, наспроти тоа што кај Грците до доцна немало општо броење на годините, така како што секој град-држава го водел и правел тоа одделно.

Првите грчки историчари биле таканаречените логографи или прозаисти. Со тој термин Грците сакале да подвлечат дека логографите пишувале проза за разлика од епските поети, кои пишувале во стихувана форма.

Но за логографите главниот материјал не биле списоците водени за лицата должници. Тие биле користени многу подоцна од грчката

историографија, кога таа веќе закрепнала. Логографите во VI век уште во голема мера се грижеле да создадат историја врз основа на обработката на секаков род раскажани локални легенди и полулегенди, преданија итн. Многу позначајно е што кај таквите логографи немало историска критика и сè уште биле силни елементите на целисходноста...

Херодот, кого обично го нарекуваат „татко" на историјата, е од групата на таканаречените млади логографи. Како таков се јавува и во однос на таквата несовршеност на неговата критика, како и околу искористувањето на месниот материјал и по редица други знаци и признаци.

Но, од друга страна, кај Херодот има нешто нешто што го разликува и од најдобрите логографи. Токму тоа ново му го дало почетното име на татко на историјата. Да гоземеме тоа што Херодот го смета за цел на историјата. Во самиот почеток на својата работа тој пишува: Според подолуизнесените искажувања на Херодот, Халикаренесот е напишан за да не се заборават безсловно, немо, со текот на времето активностите на луѓето, а, исто така, безсловно да не се заборави тоа што го направиле било Елините било Варварите. Главно е да не се заборави причината поради која меѓу нив избувна војна.

Така, задачата на историјата се состои главно во тоа луѓето да не ги заборават големите дела на минатото. Ете ја едноставната, примитивната, наивна цел на историското раскажување со која постојано почнува човечката историја. Таа цел многу јасно со епска едноставност е искажана од Херодот (стр.15).

Како Херодот ја постигнува својата цел - да ги продаде великите и славни дела не само на Грците, туку и на Варварите? Треба да се каже дека методите на Херодот се сè уште многу наивни. Тоа, имено, го доближува до логографите. Херодот се разликува од логографите по неговата универзална светска историска гледна точка, а, пак, до нив се доближува со наивноста на неговиот метод, со неговата некритичност...

Карактеристичен е еден дел во 7-та книга на неговата историја: „Јас сум должен да го предадам тоа за кое се говори, а не сум задолжен да верувам на сè кажано". Кај Херодот нема никаков критериум и тој навистина целосно го предава сето она што го слушнал. Но треба да кажеме дека тој многу патувал, бил во Египет, во Вавилон, многу видел со сопствените очи. Тоа што тој лично го видел, се разбира, заслужува доверба. Но тоа што тој го осознал од раскажувања кон што, не знаејќи ги месните јазици - вавилонски и египетски - се однесувал многу некритички, сето тоа е малку вистинито и за верување. Ете зошто заедно со многубројниот материјал, што служи како најважен извор на нашите знаења не само за древната историја, туку и за етнографијата, за битието на тогашните изоставени народи, на пример, Скитите, ние среќаваме кај него една бездна од анегдотски материјали.

Наивноста на Херодот стигнува до таму раскажувајќи за нешто, тој да соопштува неколку дијаметрално спротивни верзии и го остава читателот во целосна недоумица која верзија да ја прифати?!

Херодот живеел приближно меѓу 485 - 425 година, кога историската наука се наоѓала сè уште во пелени. Во никој случај не може да станува дури збор дека Херодот е основач на научната историја, зашто една од претпоставките за тоа е критичкиот однос на историчарот кон материјалот што го дава. Кај Херодот таков однос нема, па затоа и неговото дело може да се нарече само како материјал за идната историја (стр. 17).

Понатаму, во книгата на проф. С.И. Ковалев се прави општа анализа за историографијата на древните Грци и Римјаните и одделно за секој покрупен грчки (Тукидит, Ксенофон, Изократ, Теопомт[107], Аристотел и др.) или римски историограф (Марк Варониј, Марк Лициан (аналитичари), С. Криси, Јулие Цезар, Тит Ливиј) и во заклучокот се вели:

Како воопшто треба да се карактеризира античката историографија? Наспроти големото разнообразие на индивидуалните особености на одделните историчари, античката историографија без сомнение има некои општи црти. Иако во лицето на своите одделни претставници, особено Тукидит и Полибит, таа се издигнала на голема висина, сепак нејзиното просечно ниво е многу ниско.

Воопшто, античката историографија може да се окарактеризира со следните црти:

1. Неразбирање на историската закономерност;

2. Отсуство на критички приод кон изворите;

3. Стремеж кон занимливост, која речиси се претвора во анегдотичност;

4. Морализирање, стремење да се даде определена етичка оценка на историските личности и собития на штета на една објективна гледна точка.

Субјективно-класната гледна точка на античката историографија се разбира сама по себе.

Сите тие црти произлегуваат како од ниското ниво на развој на античкото општество, така и од таа основна задача што си ја поставила пред себе античката историографија. За античкиот историчар, како и за

[107] Теопомт ја пишува историјата на Грција од 411 до 394 г. Особено бележито е неговото дело во 58 книги: Историјата на Филип Македонски („Филипика“), таткото на Александар Македонски. Теопомт е познат и по тоа што им дава големо значење на личностите. Поради тоа има психологизам во неговата историја. Со оглед дека го пренесува центарот на вниманието врз историската личност, тој природно ги бара објаснувањата на историските собития во психологијата на личноста.

античкиот читател, историјата не е наука: таа претставувала интересна уметност или поучно четиво. Еден остроумен грчки писател во II век од нашата ера, Лукијан, пишува: „Кај историчарите треба да се гледа не тоа што тие го кажуваат, туку тоа како тие го кажуваат". Примерот со Тукидит и Полибиј покажува дека основните методи на формалната историска критика биле веќе разработени од античката историографија. Уште повеќе стремејќи се да дадат интересно четиво, историчарите не се однесувале критички кон материјалите. Од редица скудни варијанти тие често избирале не таква што била најправична, туку таква која им се гледала најинтересна, најзанимлива, обидувајќи се најмногу да го задоволат читателот.

Освен тоа треба да одбележиме уште една црта која делумно исто е поврзана со стремежот да се даде занимливо четиво. Античката историографија дава првенствено политички собития. Тоа што ние го нарекуваме внатрешна историја - историја на економијата, културата, историја на битието, карактерите итн. - тоа кај мнозинството грчки и римски историчари отсуствува. Таа црта произлегувала, како впрочем и во сите други својства на античката историја, од тоа дека била идеологија на класата на робовладетелите, класа која со својата управувачка врхушка стоела далеку од материјалното производство, класа во значителен степен паразитска, што, пак, оставало особена трага врз тој идеолошки материјал на кој таа управувачка група во античкото општество му давала социјална линија, порака, белег. На неа требало да ѝ се понуди таков материјал, што би можел да ја забавува, што би бил интересен и не би бил поврзан со тоа што во античкото општество се презирало, како работата на робовите, со материјалното производство, со проблемите на стопанството итн. (стр. 32-33).

Натаму, проф.С.И. Ковалев, откако на истиот начин ја разгледува историографијата во средниот век до новите времиња, ги истакнува сите позитивни и негативни страни на повидните историографи како претставници или толкувачи на друга класа - феудалната т.е. како се гледало или како се однесувале кон историографијата на антиката во епохата на распаѓање на западноевропскиот феудализам (XIV - XVIII век), како и кон историографијата на антиката во епохата на капитализмот (индустрискиот капитализам и империјализмот).

За буржоаската историографија, продолжува тој, антиката во епохата на индустрискиот капитализам воопшто е карактеристично тоа што, пред сè, го истакнува критичкиот однос кон антиката. Ако во епохата на преродбата ние гледаме отсуство на критички однос и слепо поклонување пред древноста, тоа во епохата на индустрискиот капитализам, за епохата на XIX век во целина, е веќе карактеристична критиката на античкото наследство. Тоа носи еден пореалистичен приод кон појавите во античкиот

живот. Навистина, во одделни случаи може да се забележи старата идеализација на древноста, но науката веќе во целост приоѓа многу пообјективно кон тој материјал што таа го изучува. Се разбира, не може да се каже дека буржоазијата ја создала вистинската научна историја на антиката, тоа може да го даде само марксизмот, но претпоставките за научна историја во XIX век биле создадени (стр. 39).

## Марксизмот и создавање на научна историја на древниот свет

Додека буржоаската историографија во периодот на својот процут создавала претпоставки за една научна историја на античкото општество (разработка на прагматичната историја, методите на историската критика, истражување на одделните прашања), во исто време марксизмот, откако направи голем пресврт во општествените науки, истовремено со тоа ги создал и самите основи на научната историја на Грција и Рим.

Општото учење на марксизмот - дијалектичкиот материјализам и учењето за општествено-економските формации, откако се примени во античката историја, прво даде можност да се пристапи кон неа како кон закономерен процес, т.е. прво даде можност да се создаде вистинска научна историја на античкото општество.

„...Маркс, пишува В.И. Ленин, стави крај на сфаќањето за општеството како еден механички агрегат од индивидуи... кој се појавува и се менува случајно и прв ја постави социологијата на научен терен, откако го установи поимот за општествено-научната формација како севкупност од дадени производни односи и утврди дека развојот на таквата формација е природно-историски процес...“. (Ленин, Кои се „пријателите на народот“, том I, стр. 62-63). „Во секој подобен систем на производни односи - вели тој на друго место - се појавува, според теоријата на Маркс, посебен социјален организам, кој има посебни закони според кои се создава, функционира и преминува во повисока форма, се претвора во друг социјален организам. Кон таа теорија во социјалната наука беше приложен тој објективен, општонаучен критериум на повторливост, од кој во социологијата се одрекуваа субјективистите (Ленин, Економската содржина на народништвото, том I, стр. 284).

Материјалистичката дијалектика на Маркс и Енгелс им даде во рацете на истражувачите моќно оружје за познавање на социјалната закономерност. „Посебните закони... создавањето, функционирањето и преминот во повисока форма, преобразувањето во друг социјален

организам“ не е ништо друго освен законите на материјалистичка дијалектика, закони за движењето на конкретната форма на основната противречност на секоја општествено-економска формација.

На тој начин, ако за буржоаската историографија античкото општество било само некаков културно-историски комплекс, „механички агрегат на индивидуи“, за Маркс и Енгелс тоа општество е општествено-економска формација, определен систем на социјални односи што се развива според определени закони.

Во тоа се состои и најголемиот пресврт направен од Маркс и Енгелс во античката историографија: само благодарение на нивното учење таа, како и секоја друга историографија, стана вистинска наука, наука за историјата на античкото општество.

Паралелно со тоа, во трудовите на Маркс и Енгелс ние имаме конкретна разработка на редица прашања од историјата на древна Грција и Рим, која има извонредно големо значење за појавата и развојот на нашата марксистичка историографија на антиката. Во тој однос, особено важни се „Потеклото на семејството, приватната сопственост и државата“, „Германската идеологија“, „За критиката на политичката економија“, „Капиталот“, „Анти-Диринг“, „Дијалектика на природата“ и други дела на Маркс и Енгелс.

Во учењето на основоположниците на марксизмот за античкото општество, е неопходно особено да се подвлечат следните страни. Маркс и Енгелс го создадоа извонредно важното сфаќање за античката државна и сопственост на заедницата, што го црпи развојот уште во „Германската идеологија“ и кое даде можност да се прикрие специфичноста на античката робовладетелска сопственост како израз на сите системи на производствените односи. „Втората форма на сопственоста, тоа е античката државна и сопственост на заедницата, која се појави благодарение на обединувањето, со помош на договори или завладувања, на неколку племиња во еден град во кој се зачувува ропството. Заедно со сопственоста на заедницата веќе се развива и движната, а следствено и недвижната приватна сопственост, но како скршнувачка од нормата и потчинета на формата на сопственост на заедницата. Граѓаните на државата само општо ги владеат своите слуги работници (рабами) и веќе по силата на тоа се поврзани со формата на сопственост на заедницата. Тоа е - заедничката приватна сопственост на активните граѓани на државата, принудени пред лицето на слугите да ја сочуваат таа природно појавена форма на асоцијација. Затоа сè што се темели врз тој фундамент на градење на општеството, а заедно со него и на власта на народот, преминува во назадување до тој степен до кој се развива како предност недвижната приватна сопственост (К. Маркс и Ф. Енгелс „Германската идеологија“, том

IV, стр. 12-13). Тука наведениот цитат има колосално значење за науката на антиката. Во него е скриена суштината на робовладетелската како колективна сопственост и нејзините противречности, покажана е класната природа на полисот, античката држава, процесите на нејзината појава и распаѓање.

Маркс и Енгелс први ја установија генезата на грчко-римското општество. Особено детално тоа е дадено во „Потеклото на семејството". Наспроти модернизираните обиди на буржоаската историографија во раното грчко и раното римско општество да се гледаат феудални односи, Енгелс со голем споредбено-историски материјал покажал дека раниот период на грчко-римската историја бил во епохата на родовското уредување. Оттука и сфаќањето на Енгелс на преминот од родовско кон робовладетелско уредување во Грција и Рим како револуционерен премин, како прва социјална револуција во историјата на човечкото општество.

Во „Анти-Диринг", Енгелс го разгледува ропството како закономерна појава во историјата на сите човечки општества, како што се покажува неговата закономерност и прогресивност и во првите стадиуми од развојот на класното општество. „Без ропството - вели тој - не би имало грчка држава, грчко искуство и наука. Без ропството не би го имало ни Рим. А без основањето на Грција и Рим не би можело да има и современа Европа. Ние не треба да заборавиме дека целиот наш економски, политички и умствен развој произлегол од таква претходна состојба во која ропството било толку неопходно и општопризнато. Во таа смисла, ние имаме право да кажеме дека без античкото ропство не би бил можен и современиот социјализам (К. Маркс и Ф. Енгелс, „Анти-Диринг", т. XIV, стр. 183).

Основоположниците на научниот социјализам често пати ги покренувале прашањата поврзани со техниката и економијата на античкото општество. Многу посебни белешки и објаснувања на таа тема има во „Капиталот". Посебно треба да се одбележи: нагласувањето на примитивниот карактер на античката техника и ниската производност на ропскиот труд; сфаќањето на робовладетелското стопанство како неутрално и борбата со првите буржоаски модернизатори, особено со Момзен кој во античкото општество „открива" капитализам; анализа на улогата на трговскиот и растечкиот капитал во античката способност на производството; истакнувањето на значењето во економијата на античкото општество на земјоделството; исцрпната анализа на социјално-економската категорија на „робот" и формите на експлоатација на ропскиот труд итн.

Трудовите на Марк и Енгелс за историјата на античкото општество се првата историја на класната борба. Во согласност со основниот социјално-класен антагонизам на античкото општество, антагонизмот меѓу слободните и робовите и генералната линија на таа борба се движи

меѓу тие две антагонистички класи. Истовремено со тоа Маркс и Енгелс не еднаш ја потцртувале сета сложеност на класните заемни односи во античкото општество, каде на фонот на основниот (главен) антагонизам се развивала борбата меѓу различните групи на слободното население.

Не еднаш Маркс и Енгелс ги загатнале и проблемите за пропаѓањето на робовладетелското општество. Особено детално ова е сторено од Енгелс во „Потеклото на семејството". И тука од него биле поставени основите на научното разбирање на тој процес. Спротивно на механичката теорија за освојувања, што владееше во буржоаската наука, тој го префрла центарот на вниманието на внатрешните закони на развојот на самото робовладетелско општество. Противречностите во ропството - ете ја главната причина за пропаѓањето на Грција и Рим. „Варварското" освојување го заврши процесот, појавувајќи се како негов закономерен составен дел.

Иако историчарите од II Интернационала се претставуваа како вистински продолжувачи на делото на Марк и Енгелс, всушност, во нивните трудови марксистичката наука направи голем чекор назад, на линијата на опортунистичките претставувања на марксизмот. Ревизијата, материјалистичката дијалектика, негирањето или во најдобар случај игнорирањетонаучењетозасоцијално-економскитеформации,политичкиот опортунизам, сето тоа многу сурово се одрази врз научната вредност на сите историски трудови, произлезени од таборот на западноевропската довоена социјал-демократија.

Најдобар пример за тоа е Кауцки. Неговиот голем труд посветен на антиката „Потеклото на христијанството", страда од сите недостатоци, пороци на ревизионизмот. Античкото општество од него се разгледува не како социјално-економска формација, туку, според теркот на буржоаските истражувачи, како едноставен комплекс од економски, социјално-политички и културни појави. Отсуствува дијалектиката во развојот, таа е заменета со економскиот материјализам. Водечката и прогресивна улога на класната борба во антиката целосно се негира, што особено јасно се гледа во објаснувањето за пропаѓањето на римското општество. Тука владее еден своевиден економски автоматизам, со кој е механички поврзана теоријата на освојување.

Сите тие црти на довоеното кауцкијанство се појавуваат и во повоените дела на Кауцки во една извртена форма. Во „Материјалистичкото разбирање на историјата" Кауцки доаѓа до логичниот крај на својата антимарксистичка концепција за антиката. Тоа најдобро се гледа во негирањето на социјалната револуција и во „учењето" за безизлезност во која наводно потпаѓа античкото општество. „Ако суштината на социјалната револуција, пишува Кауцки, се гледа не само во еден државен преврат,

туку и во следните по него преврати на тие творби, тогаш социјалната револуција е нешто што на сцената се појавува само заедно (истовремено) со индустрискиот капитал... Иако во државите на Истокот и во антиката се создава доста висока цивилизација, исто така, и во секоја од тие држави таа цивилизација преминува во безизлезност и исчезнува заедно со пропаѓањето на државата, на наоѓајќи излез по патот на социјалната револуција. Од таа безизлезност произлегува не револуција од внатре, туку удар (притисок) од надвор, а освојувањето на цивилизираната област од страна на племиња, кои се наоѓаат на еден или друг степен на варварство, внесува нова животна сила во старата гнила држава, иако притоа, се разбира, од одживеаната и исчезнувачка цивилизација останува многу малку. Новиот циклус на развој во државната и социјалната област почнува, примерно, од истиот тој пункт од кој почнал развојот и на уништената држава“ (К. Кауцки, „Материјалистичко разбирање на историјата“).

Тука во последната фраза се слушаат и некои „нови“ ноти: негирање на прогресивноста во историскиот развој. Кауцки и со тоа почнува целосно да се солидаризира со контрареволуционерната цикличност.

Вистински продолжувач на Маркс и Енгелс во сите области на револуционерната теорија и практика беше В. И. Ленин. Тој ни остави големо наследство и за древната историја, иако тој уште помалку отколку Маркс и Енгелс, имал можност да се занимава со антиката. Главното значење на Ленин за науката за антиката се состои во тоа дека тој ги подигнува материјалистичката дијалектика и учењето за формациите на повисок степен. Последователната примена на дијалектичкиот материјализам во сите појави на општествениот живот му дало можност на Ленин уште подлабоко и пошироко да го постави проблемот за историската закономерност. Блескав пример за тоа е неговата лекција „За државата“ во која Ленин го разгледува развојот на општеството како еден закономерен процес. Локалната ограниченост на робовладетелското општество во рамките само на античка Грција и Рим, начин на кој пропаѓа (тука Ленин го развива ставот на Енгелс) и грчко-римското општество, се јавува само како една од конкретно-историските форми на робовладетелската социјално-економска формација.

Ј. В. Сталин, најдобриот ученик на Ленин, го разви уште повеќе учењето на марксизмот-ленинизмот за социјалната револуција. Во својот историски говор на првиот конгрес на колхозниците-ударници во 1933 година тој се изјасни по прашањето за револуцијата на робовите, што стави крај на античкото општество: „Револуцијата на робовите ги ликвидира робовладетелите и ја замени робовладетелската форма на експлоатација на оние кои работеле“ (Сталин, „Прашањата на ленинизмот“, 10-то издание, стр. 527). Во таа теза го најде својот крај не само марксистичко-

елинската теорија на социјалната револуција, туку делумно ќе биде откриен законот, аналоген на законите за смената на сите други формации. На кауцкијанството ќе му биде нанесен решавачки удар, а за науката за антиката се откри широка област за истражување.

Во својот извештај на XVII конгрес на РКП(б), др. Сталин ја потцртува другата страна на процесот на пропаѓање на античкото општество: „... неримјаните, т.е. сите Варвари се обединиле против непријателот и со грмеж го растроиле Рим“ (повторно таму стр. 547). И двата говора на Сталин се надополнуваат еден со друг, зашто станува збор за две страни на еден ист процес поврзани меѓусебе со внатрешна закономерна врска. Марксистичко-ленинистичката наука сега има длабоко разбирање за севкупноста на причините што доведоа до распаѓање на робовладетелското општество.

На тој начин, во трудовите на Маркс, Енгелс, Ленин и Сталин се поставени основите на вистинската историографија на антиката, поставена е база за создавање на конкретна историја на робовладетелското општество. Како воена задача на историчарите-марксисти античари сега се јави да ја напишат таа конкретна историја.

## Македонија и Грција

Македонија е сместена на север од Грција, во северозападниот агол на Егејскиот басен. Долна Македонија била покрај морето, а Горна Македонија претставувала планински предел, што се делел на неколку области: Линкестида, Орестида и други. Областите во Горна Македонија до IV век биле независни една од друга, како и од Долна Македонија.

Македонците биле едно од неразвиените грчки племиња. Македонските имиња и називи на месностите го посочувале нивниот грчки карактер. Мнозинството грчки писатели ги сметале Македонците за грчко племе.

На југ од Македонија била поставена Тесалија, на запад Епир и Илирија, на север била Тракија. Тракијците и Илирите, Грците ги сметале за варварски, т.е. за негрчки племиња.

Македонија до V в. речиси немала излез на море, зашто еден дел од крајбрежните предели бил заземен од различни мали племиња, а друг дел од грчките колонии. Изолираноста на Македонија и нејзината поставеност на страна од магистралата на историскиот развој на Грција биле причината за нејзината неразвиеност. До IV век во Македонија биле запазени многу примитивни општествени односи.

Градови во тоа време, како трговско-индустриски центри, речиси немало. Главни занаети на населението биле земјоделството и сто-

чарството. Главните производители, селаните, во мнозинство биле слободни. „Државното уредување“ во многу потсетувало на старата грчка „патријархална монархија“. Затоа, не без основа до IV в. Македонија ја нарекувале Хомерово општество. Пропаѓањето на родовските и односите меѓу заедниците во Македонија се случува не порано од IV век. Но тој процес сè уште бил далеку од приврешување, па во Македонија и во многу подоцнежната епоха имало остатоци од родовските односи.

Од V век почнува обединувањето на Македонија. Во секоја од нејзините области имало кнезови, кои наликувале на грчките василевци. Еден од првите знаци за пропаѓање на родовските односи бил процесот на политичката централизација на Македонија, поврзан со развојот на класите и класните противречности.

Првиот цар на Долна Македонија, чие управување го поставило начелото на тој процес, бил Александар I, кој владеел во епохата на грчко-персиските војни. Грчките писатели го нарекуваат „Филелион“ (пријател на Грците) зашто многу придонел за проширувањето во Македонија на грчката култура. Александар многу успешно војувал со своите соседи од приморскиот дел и се обидувал да ги потчини на своето влијание независните цареви и кнезови од планинскиот дел на областа.

На тој начин, иницијативата за обединувањето произлегла од Долна Македонија и тоа било природно, така како што развојот на паричното стопанство требало да се појави тука, во близина на морето и во соседство со грчките трговски градови. Во негово време, ропството и паричното стопанство проникнувале во Долна Македонија, стимулирајќи го процесот за образување на класите. Од царувањето на Александар Филелин почнува во растојание од едно столетие процесот на борбата за обединувањето на Македонија. Во текот на тие сто години дошло до потчинување на царчињата, кои биле на чело на самостојните области во Горна Македонија , на царевите на Долна Македонија. Наследниците на

Александар ја продолжиле како неговата политика на елинизација, правилно сфаќајќи ја важноста на грчката култура за Македонија, така и политиката на централизација. Меѓу нив на прво место треба да се стави внукот на Александар, царот Архелај, кој во Македонија управувал во втората половина на Пелопонеската војна. Тукидит забележува дека Архелај „направил многу повеќе отколку сите негови осуммина претходници заедно“. Архелај ја започнал реформата во војската, која завршила подоцна од Филипа, подигал крепости, пробивал патишта и, според изразот на Тукидит, „сè ставил во ред“. Како и Александар, Архелај привлекол кон својот двор видни претставници на грчката култура. Така, во неговиот дворец извесно време живеел Еврипид, кој ја напишал трагедијата од македонскиот живот „Архелај“.

Архелај ги привлекол кон својот дворец и месните македонски првенци, обидувајќи се на тој начин да ги лиши од нивната независност. За време на царувањето на Архелај, доколку можеме да судиме од нашите оскудни извори, паричното стопанство во Македонија направило чекор напред. Тој спровел реформа во монетарниот дел, што се состоела во намалување на тежината на сребрените монети. Во негово време се зголемил бројот на монетите и за првпат во Македонија се појавуваат бронзените монети. Во секој случај, може да се претпостави дека под силното влијание на грчките колонии во Македонија од IV почнува да се развива паричното стопанство и робовладетелскиот систем.

Обидите за централизација наишле на силно спротивставување од страна на обласните царски семејства, од страна на месните првенци, кои сè уште пружале отпор на сите обединувачки потфати на долномакедонските цареви. По смртта на Архелај, загинат, се гледа, во заговор, доаѓа до реакција. Од една страна, таа била насочена против политиката за централизација на долномакедонските цареви, а од друга, против грчката култура за да можат да се зачуваат корените, старите македонски обичаи. Главни носители на таа реакција биле видните родови од Горна Македонија, кои повеќе се вбројувале во составот на македонскиот царски двор или во некои кои живееле во одделни места. Тие биле многу влијателни така како што биле и подготвени на царот на Долна Македонија да му дадат поддршка и во случај на војна.

По смртта на Архелај почнува еден долг период на крвави борби за власт меѓу претставниците на кнежевските семејства. Таа борба се поткрепувала од грчките и негрчки соседи на Македонија, кои биле заинтересирани за нејзино слабеење. Само на Филип II во половината на IV в. му успеало да го продолжи процесот за обединување на Македонија и да ја создаде и зацврсти македонската држава.

Тој управувал од 359-336 г. во почетокот во функција на старател на својот неполнолетен внук Аминта. Но многу скоро со помош на војската ја зазел власта и бил прогласен за цар. Филип бил силна, истакната личност. Грчкиот историчар Феопомт го смета за најголем деец каков што познавал тогашниот европски свет. Својата младост Филип ја минал во Грција каде добро се запознал со грчката култура. Освен тоа, одлично ја проучил состојбата со грчките државници, што подоцна имало големо значење за надворешната политика на Македонија. Уште во првите години од своето управување Филип успеал да ги одбие Илирите и Тракијците, да ги совлада претендентите на престолот и да ја преземе сета власт во свои раце.

Филип вовел големи реформи. Како една од најважните била завршената организација на редовната македонска војска, организација која била почната уште во времето на Архелај. Филип го завршил создавањето

на тешко вооружената пешадија и ја организирал познатата македонска фаланга. Таа се разликувала од грчката по тоа што во составот имала побројно македонско селско население и претставувала покомпактна, поборбена колона. Во длабочина таа имала до 16 и повеќе редови.

Фалангистите биле вооружени со големи штитови, мечови и долги македонски копја (сариса). Сарисата била долга до пет метри и затоа задните редици ја поставувале врз плеќите на првите во редовите. На тој начин, сарисите од првите редови излегувале пред првата редица и се формирала една страотна маса од копја. Таа соединета, групирана грамада од тешко вооружени војници, прикриени со големи штитови, движејќи се како една целина, претставувала извонредно голема, страшна сила. Ако условите во месноста биле непогодни, ако месноста била рамна, фалангата била нескршлива, така како што при тогашната воена техника, таа на никаков начин и со никаква сила не можела да биде совладана или поделена.

Но покрај сите свои големи воени квалитети, македонската фаланга имала и сериозни недостатоци. Пред сè, таа можела со успех да дејствува само на рамни места, второ, таа не можела да се престројува, прегрупира, така како што не можела да се дели на помали тактички единици, туку дејствувала како една целина. Затоа на неугодните места фалангите се јавувале како заднина или како страна. За нејзина заштита се употребувала лесната пешадија. Последната се состоела, веројатно, од најсиромашните слоеви на селанството, а тешко вооружената пешадија се состоела од позаслужните елементи.

Гордост на македонската војска, исто така, била тешката коњаница, составена од коњаници облечени во панцири. Нејзината организација се олеснувала од тоа дека северна Грција од многу поодамна била прочуена со своите стручњаци за коњи. Во тешката коњаница служеле македонските првенци, аристократи, кои се нарекувале „етери“, „другари“ на царот. Освен тешката коњаница во македонската војска многу се употребувале полурегуларните коњанички одреди, составени од зависните од Филип тракиски и илирски племиња.

Соединувањето на фалангите со тешката и лесната коњаница претставувала таква голема, моќна сила што против неа не можеле да се спротивстават не само грчките редовни војници, туку и професионалните наемни војски. Големите воени квалитети на македонската војска се објаснуваат, освен со нејзината тактичка подготвеност, уште и со тоа дека таа се одликувала со голема сплотеност и дисциплина. За разлика од грчките наемни војски, армијата на Филип била, така да се каже, „национална“, која се пополнувала главно од македонското селанство и аристократија. Всушност, тука играла улога и самата едноставност на

општественото уредување во Македонија, каде немало реска социјална диференцијација.

Неопходно е уште да одбележиме дека Филип почнал да користи при опсадата на крепостите разни механички справи, што подоцна наоѓале извонредно голема употреба во воените акции. Во времето на Филип била создадена и македонската флота.

Филип успеал да ја спроведе до крај политичката централизација на Македонија. Во негово време конечно била совладана и самостојноста на последната независна област од Горна Македонија - Линкестида. Филип енергично ги придобивал месните првенци - аристократи за служба во армијата и ги вклучувал во дворскиот живот на својата престолнина, градот Пела.

Аристрократската младина ја почнувала својата служба во дворот како „пужови", кои носеле различни обележја за опслужување на личностите блиски до македонскиот цар. Од тие средини биле назначувани дипломатските претставници на Македонија и старешините командири на македонската војска. Од аристократи, најпосле, се состоел државниот совет на Македонија, совет на етерите кај царот.

Мнозинството соработници на Филип и на Александар биле од македонската аристократија, конечно вклучени во државниот живот на обединетата држава и постепено оддалечувајќи се од своите стари месни традиции. Но, не сите од старите аристократи на Македонија се согласиле со политиката на македонските цареви, кои ги лишиле од нивната политичка независност. Еден дел од тие аристократи ги зачувал старите традиции, старите мечти за нивната поранешна независност. Имено, тој дел од македонската аристократија се јавил како основа на реакцијата која се појавила кон крајот на царувањето на Филип. Исто така, не сите етери на Филип биле од старите аристократи, што бил еден позитивен факт од гледна точка на цврстината на новиот државен апарат на Македонија, зашто секогаш на неродовиот дел од етерите македонските цареви лесно можеле да се потпрат.

Феопомп вели дека „неговите етери", т.е. на Филип, „биле луѓе, кои биле собрани од многу места: едни од самата Македонија, други од Тесалија, трети од останатиот дел од Елада, зашто биле избирани без да се бара нивното аристократско потекло". Во тој случај Феопомп се лаже, зашто поголемиот дел од етерите биле од македонската аристократија, природната потпора на македонските цареви. Но, исто така, несомнено македонските цареви, посебно Филип, намерно привлекувале во составот на етерите нови луѓе - Македонци и немакедонци. Бидејќи тие не биле поврзани со старите родови гнезда на етерите, таа нова аристократија создадена од Филип и Александар била главната потпора на македонскиот централизам кога од

редовите на старата аристократија често произлегувала „национално“ - македонската родова реакција, со која Филип и Александар биле приморани доста долго да се борат.

Економската база на македонската аристократија било крупното земјопоседништво, многу поголемо од тоа во Грција, така што самиот карактер на областа давал можност да доаѓа до поголема концентрација на земјата, отколку што тоа се случувало во Грција. Кај истиот Феопомп ја наоѓаме следната белешка: „А мислам дека етерите биле во тоа време (т.е. кај Филип) не повеќе од 800, а земјата за производство со која тие се користеле била не помалку отколку кај десет илјади Грци, кои ја владееле најдобрата и широка земја“.

Тие апсолутни бројки биле доста верни, но самата споредба што ја прави Феопомп е мошне карактеристична, зашто покажува колку големи земјопоседници биле етерите. За жал, ние ништо не можеме да кажеме за положбата на непосредните производители во Македонија во епохата на Филип и Александар. Нашите извори за тоа ништо не ни кажуваат и само според некои индиректни укажувања можат да се донесат едни или други заклучоци. Македонија во сета своја историја била земјоделска. Ние знаеме сосема малку чисто македонски градови. Па и тие што ги имало (Еге, Пела) биле повеќе административни, отколку трговско-стопански центри. Останатите градови, кои подоцна влегле во составот на Македонија (Пидна, Амфипол и др.) биле или грчки градови, присоединети од Филип или основани од него во Тракија и колониите.

Главната, основната маса од македонското население, основната маса од непосредните производители, според секоја веројатност, се состоела од ситни сопственици, селани. За робовите во Македонија изворите не ни покажуваат ништо. Се разбира, од тоа не следува дека во Македонија немало воопшто ропство. Априори може да се потврди дека развојот на Македонија се движел во правец на робовладетелскиот систем. Поинаку и не можело да биде ако се има предвид близината на робовладетелска Грција. Би било совршено неверојатно ако во Македонија, која била во најтесни, блиски односи со Грција и која во својот состав вклучувала и грчки колонии, можело да има друг систем на производство. Исто така, за степенот на развој на ропството во Македонија во епохата на Филип и Александар ние ништо не можеме да кажеме. Поверојатно е дека тоа тогаш уште не било како државна форма на експлоатација.

Селанството тогаш уште било масовно слободно. Нашите извори обично ги нарекуваат Македонците како слободни луѓе. Но, во нив има места во кои се говори за некакви лични обврски, проблеми, товари на македонските селани. Такво нешто наоѓаме кај Ариан, подоцнежен писател од римската епоха, кој се јавува како главен извор за историјата на

Александар Македонски. Ариан објаснува како Александар наредил да се погребаат пешадијците убиени во битката кај реката Граник. „Родителите, како и нивните деца, продолжува тој, Александар ги ослободил од аграрни давачки, а, исто така, и од сите други лични обврски, како и од сите такси за имотите“. Но, тие лични обврски на селаните секогаш треба да ги разбереме во смисла на државни обврски и кажувањата на Ариан не ни даваат основа да тврдиме дека основната маса од македонското селанство се наоѓала во некакви односи како зависни од ситните земјосопственици. Правилноста на таквото тврдење се докажува и со тоа дека политичкото уредување во Македонија во епохата на Филип и Александар, всушност, си останува уредување на воена демократија, која само ги земала цртите на голем централизам.

Така, кај Филип и Александар голема улога продолжувало да игра народното собрание. Тоа, како што тогаш било во Грција, се јавувало во форма на воено собрание, нешто како општ собир, во форма на собрание на вооружениот народ. Народното собрание не ги прогласувало само царевите, туку имало и посебни функции: тоа ги судело виновните во престапите против државата. Таквата положба на народното собрание не би соодветствувала со зависната положба на основната маса на селанството.

Во Македонија големо значење имал советот на етерите. Тој ги разгледувал најважните прашања од внатрешната и надворешната политика. Александар дури најважните внатрешни политички прашања ги решавал со своите етери. И тоа, исто така, ја покажува примитивноста на политичкото уредување на Македонија.

Од внатрешните потфати на Филип треба да споменеме и за паричната реформа. Таа била како премин кон системот на биметалност. Во Грција имало сребрени монети, како и во Македонија до Филипа. Но по освојувањето и разработувањето на златоносните пангејски рудници кај реката Стримон во Тракија, од кои македонските ковачници користеле повеќе од 1.000 таленти злато во годината, количеството на злато во Македонија и Грција значително се зголемило. Тоа било поврзано и со појавата на персиско злато во Грција преку грчките наемници, кои служеле во персиската армија. Зголемувањето на златната маса и појавувањето во оптек на персиски златни монети, придонело за стабилност на курсот на златото.

Може да се утврди дека во V век односот на среброто кон златото се изразувал со бројките 1:14, 1:13, а во IV век тој однос се изразувал со пропорцијата 1:12 и 1:11.

Уште во епохата на пелопонеската војна некои грчки држави делумно почнале да преминуваат кон биметалност. Филип го завршил тој процес.

Откако ја зачувал старата сребрена валута тој ја вовел и златната валута. Главна единица станал атинскиот статер (2 драхми) искован од злато (филипик). Паралелно со тоа во Македонија останале и сребрените монети. Филип ги ковел според родоскиот систем. Во IV век Родос се издига како голем трговски центар и родоската сребрена монета почнала да ѝ конкурира на атинската. Во желбата да ја искористи родоската сребрена монета во борбата со Атина Филип ја земал за основа не атинската сребрена валута, туку родоската и основна сребрена единица станала родоската сребрена драхма прирамнета како 1/30 дел од филипик.

Освојувањето на Азија во времето на Александар внело во обрт толку големо количество злато, што неговата вредност се намалила многу повеќе. Соодносот меѓу среброто и златото, што бил утврден кај Филип, бил нарушен. Затоа Александар се откажал од биметалноста и одново ја вратил сребрената валута.

Внатрешните реформи на Филип (завршување на политичката централизација, создавањето на силна армија, организирање на финансиите) му дале можност да развие една извонредно голема, енергична надворешна политика. Втората насока е продолжувањето на старата традиција: борбата со грчките колонии по тракиското крајбрежје. Но, имало и трет момент што имал големо историско значење - тоа е движењето на југ, борбата за Тесалија и проникнувањето во Грција. Од 357 до 348 г. целото тракиско крајбрежје од Пинд до Хелесионт минало во рацете на Филип, а со градот Припонтида бил склучен сојуз.

Успехот на Филип во тој правец се објаснува не само со засилувањето на македонската армија, туку и со активностите на македонската дипломатија, силна со своето злато. Не попусто на Филип му ја припишувале поговорката дека „нема толку висока градска карпа преку која би можело да се префрли едно магаре натоварено со злато“. Во освојувањето на тракиското крајбрежје не мала улога играл поткупот, но положбата на Грција во тоа време била таква што Атина можела многу тешко да влезе во енергична борба со македонските цареви. Паралелно со заземањето на Тракија, се одвива вмешувањето на Филип во грчките работи. Таа интервенција има своја долга и сложена историја.

Првиот повод за тоа била таканаречената „света војна“, војната со Фиванците, кои сè уште не ја заборавиле својата штотуку пропадната хегемонија над Фокид. Борбата меѓу нив завршила со тоа што Фокиданите го ограбиле засолништето на Делфискиот храм (356 г.) и со тие пари создале одлична војска и започнале една агресивна политика во средна Грција и во Тесалија. Тесалиската аристократија (првенците) му се обратила на Филипа за помош. Повикот од Тесалија за Филип бил погоден момент за да се вмеша во вооружените работи на Грција. Тој дошол во Тесалија и во

352 г. ги победил Фокиданите. По таа победа Филип ја потчинил Тесалија и здраво стапил во северна Грција. Навистина, тој не успеал натаму да направи друг чекор, откако Атињаните, Спартанците и Ахејците го заземале Термопилскиот премин. Во 346 г. меѓу Филип и Атињаните бил склучен таканаречениот Филократов мир (според името на атинскиот полномошник). Според тој мир, Атина ги признала сите дотогашни освојувања на Филип. Успесите на Филип на север и неговото вмешување во грчките работи многу ги подгреале надежите и ги охрабриле грчките богати робовладетели во Македонија, како сила која може да стави крај на провокациите и упадите на Грција. Исократ му напишал писмо на Филип во кое го убедува да ја прифати програмата изнесена уште во 380 г. во „Панегириките". Но освен Исократ, кој бил главниот идеолог на македонската ориентација, имало и редица други атински дејци, привrzаници на Македонија. Првото место од нив го заземал блескавиот оратор Есхин. Злите јазици говореле дека тој бил поткупен од Филипа.

Освен Есхин, приврзаник на Македонија бил и стратегот Фокион, припадник на еден од старите родови на Атина, финансистот Евбул и др.

Како општопризнат водач на антимакедонската група се јавил Демостен. Син на крупен стопанственик-робовладетел, тој, како што видовме погоре, не стекнал никакво наследство од татка си, кое било расфрлено од Епикуните, и бил принуден да се занимава со адвокатска работа.

Демостен станал вожд на атинската демократија и жесток противник на Филип. Демостен делумно ги изразувал интересите на некои трговско-стопански групи, кои сè уште се надевале дека ќе можат да ја искористат деморализираната атинска демократија за своите цели, делумно интересите на широките кругови на атинската сиромаштија, која не сакала да се раздели од воспоставениот систем на хранење и раздавање. Диктатурата на македонскиот цар би значело крај за власта на лумпен-пролетаријатот.

По мирот со Атина во 345 г., Филип ја завршил „светата војна". По желбата на Фиванците и Тесалијците тој го казнил Фокид и за себе, како и за неговите помошници, добил место во советот на амфиктијаните, со право да ги раководи пифијските игри. Делфиската амфиктионија претставувала еден многу стар сојуз на грчките држави и за основна своја цел имала да го чува делфискиот храм. Таа била управувана од совет во кој влегувале претставници на сојузните држави. Делфиската амфиктионија во IV век го изгубила својот стар карактер и се претворила во нешто како третејски суд за работите во средна Грција. Реално, амфикионијата немала голема сила, но моралното влијание на советот на амфиктионите било уште многу големо. Ете зошто за Филипа во политички однос било многу важно и таму

да има глас. Сакала-не сакала, демократската партија на Атина била должна да се помири со тоа вмешување на Филип во грчките работи.

Во 344 г. некои од пелопонеските држави се свртеле кон Филип и го молеле за помош против Спарта и тоа на Филип му дало можност да се вмеша и во работите на Пелопонез. Навистина Демостен веднаш преземал една агитациска обиколка, убедувајќи ги пелопонеските држави да се откажат од помошта на македонскиот цар, но таа обиколка останала без секаков резултат. Во 342 г. искористувајќи го обидот на антимакедонската партија да крене востание во Тесалија, Филип ја претворил Тесалија во македонска провинција. Истовремено со тоа Филип го проширил своето влијание и врз Евбеја, Епир и Етолија. Како резултат на тоа цела северна Грција влегла во сферата на македонската политика. Успесите на Филип ја уплашиле средна Грција и ја принудиле да преземе реални мерки за отпор против него.

Македонската партија во Атина привремено ја изгубила својата популарност, Демостен фактички станал диктатор. Во тој момент почнува новата „световна војна" против локрискиот град Амфиј, кој незаконски ја заземал „свечената" територија на градот Крие. Поводот бил сосема бесмислен и според секоја веројатност војната била испровоцирана од Есхин, претставник на Атина во советот на амфиктионите и извршителите на Филип. Советот донел решение да му се објави војна на Филип. Зимата во 339-338 г. Филип се спушта во средна Грција, го разурнува Амфимис и заземал силни позиции околу градот Златем во северна Фокида. Тогаш кон антимакедонскиот сојуз се приклучил и Фива, кој бил уплашен од силните позиции заземени од Филипа во средна Грција. Така, се формирала една силна антимакедонска коалиција од грчките држави на чело со Атина и избувнала последната, решавачка војна меѓу таа коалиција и Македонија.

Во август 338 г. во Беотија кај Херонес се случила битката. Силите на противниците биле речиси еднакви: грчките сојузни држави имале 30.000 војници, а и кај Филип имало приближно толку, но македонската фаланга ги покажала своите блескави воени квалитети и Грците биле поразени. Во битката кај Херонес левото крило на македонската војска било командувано од синот на Филип, Александар, кој тогаш бил едвај на 18 години. Поразот на Грците кај Херонес покажал дека во Грција веќ е немало реална воена сила, која би можела да ѝ се спротивстави на Македонија.

Пред сѐ, Филип се нафрлил врз Фива: Кадмеја била заземена од македонски гарнизон, а фиванскиот сојуз бил уништен. Атина се подготвувала за очаен отпор, очекувајќи македонската армија да се насочи кон Атина. Но, наспроти очекувањата, Филип на антимакедонската партија неочекувано ѝ предложил на Атина мир и сојуз. Филип разбрал

дека не може така лесно да се заземе Атина, да се освои Акрополот со македонски гарнизон и така да се заврши работата. Тоа што можело да се направи со Фива тешко можело да се случи со Атина. Заземањето на Атина било од политичка гледна точка непријатно за Филипа. Авторитетот на Атина бил многу голем во Грција, наспроти сите понижувања што таа ги доживеала во последно време.

Филип не сакал во Грција да си создаде таков опасен непријател каков што можела да биде Атина, ако таа биде уништена. Тој решил со Атина да склопи мир, откако пресметал дека на тој начин се засилува македонската партија и така ќе може да спроведе сè што му било потребно. Атинската антимакедонска партија со восхит го примила предлогот на Филип, зашто за неа немало друг излез и таа била должна да ѝ благодари на судбината дека Атина така лесно се откупува. За македонската партија нема што да се каже.

Според тој мир, Атина ја зачувала својата политичка самостојност и еден дел од своите морски владенија останати од вториот атински морски сојуз. Тие остатоци Филип ги зачувал за Атина. Тоа биле островите Делос, Самос, Леинос, Имброс и Саламин. Таа отстапка не била опасна за Филип, но го ласкало самољубието на Атина.

Но затоа, пак, Атина го изгубила Херсонес во Тракија. Така, тие биле лишени од можноста да господарат со протоците. Во сите грчки држави со помошта на Филип дошле на власт општествените групи со македонска ориентација, околност што на македонскиот цар му обезбедувало влијание во внатрешните работи на Грција. Најважните стратешки пунктови во

Грција биле заземени од македонски гарнизони. Благодарение на тоа Филип во секој момент можел да го изгасне секое антимакедонско движење, ако тоа добие сериозни размери.

Грција се подигнала на тој степен на околности. Само Спарта единствено откажала да ја признае македонската хегемонија. Тогаш Филип против неа ги насочил најблиските соседи на Пелопонез, кои одамна биле непријателски расположени и тие ја опустошиле целата спартанска територија. Кон крајот на 338 г. свикал во Коринт панелински конгрес, сојуз на претставници на сите грчки држави, со цел да се озакони создадената во Грција ситуација. На коринтскиот конгрес биле претставени претставници од сите грчки држави, освен Спарта, која сè уште упорно опстојувала на тоа да не влегува во општогрчкото обединување.

На конгресот биле донесени многу важни решенија, кои го отсликувале развојот на Грција за едно десетлетие. Тие решенија се интересни затоа што претставувале практична примена на политичката програма на Исократ. Конгресот го оформил сојузот на сите грчки држави.

Главната цел на конгресот била да се признае дека треба да се поддржи граѓанскиот мир. Сојузниот совет бил должен да се грижи за

тоа и „во сојузните држави да не се прават прогонства или изрекуваат казни наспроти постоечките закони, конфискации, простување на долговите, ситнење на имотите и ослободување на робовите, со цел да се подготвуваат или прават преврати“. На тој начин сојузот требало да стави крај на состојбата од граѓанската војна, типична за внатрешниот живот на грчките држави во IV век. Под притисок биле запрени делумните војни, т.е. војните меѓу одделните држави внатре во елинската федерација.

Прокламирана била слобода на патниот сообраќај и морепловството: „Учесниците во мировниот договор можат слободно да пловат по морето и никој не треба да ги спречува во тоа, ниту да им го одземе или зароби каков и да е нивниот брод“. Двете последни уредби биле насочени против бескрајните војни, што ја правеле невозможна трговијата и морепловството.

Одделните држави, што влегувале во сојузот, ја запазувале својата политичка самостојност и слободата за издавање на какви било наредби. Паралелно со тоа била донесена уредба со која државните уредувања што ги имало во грчките градови во моментот на склучување на сојузот, не можат да се видоизменат. Смислата на таа уредба била да се стабилизира статус-квото т.е. закрепнувањето на власт на пријателската на македонското раководство богата врхушка. За спроведувањето на сите донесени на конгресот уредби бил формиран сојузен совет (синод), кој се состоел од претставници на сите сојузни држави. Во функција на судски орган, синодот се грижел ниту една од донесените уредби од конгресот да не се нарушува. Нарушителите се сметале како престапници.

Како биле оформени односите со Македонија? Била применета една многу вешта формула, која го задоволувала како Филипа, фактичкиот господар на Грција, така и привикнатите на својата независност грчки држави. Федерацијата на грчките држави склучила „вечен“ одбранбен и напаѓачки сојуз со македонскиот цар. На македонскиот цар му било препуштено врховното командување на сите сили на Елада, всушност само за една определена цел - во случај на војна со Персија.

Последното и најважно решение на конгресот било решението за војна со Персија. Мотивот за тоа бил чисто исократовски: „За да се одмазди на Персијците за сите нивни активности на скврнавење на грчките храмови“. Ние посочивме какви реални цели се криеле зад таа идеолошка формула, притоа застарена 150 години. Во Коринт биле установени воените контингенти, што требало да ги дадат грчките држави за да се присоединат кон македонските војски. Во врска со објавувањето војна на Персија било утврдено да се елиминира каков и да е Грк, каде и да се наоѓа тој ако се оддава во служба против македонскиот цар. Со таа уредба се имале предвид многубројните грчки наемници, кои биле на служба кај персискиот цар.

Во 336 г. авангардата на македонската армија, во функција на најдобар командант на Филип, Парменион, и роднината на Филип, Атала, минале преку Хелеспонт и стапнале на територијата на Мала Азија. Војната со Персија почнала.

Но, во тој момент Филип бил убиен. За да се разбере тој настан неопходно е макар на кратко да се запознаеме со семејните односи на македонскиот цар. Филип од втората сопруга Олимпија, ќерка на епирскиот цар, многу силна и сурова жена, во 356 г. го добил синот Александар. Филип сакал на Александар да му пружи најдобро образование и во период од две години (од 345 до 343 г.), негов воспитувач бил Аристотел. На тој начин Александар стекнал чисто грчко образование. Тој бил многу повеќе Грк, отколку неговиот татко Филип.

Филип уште од мал го научил Александар за војна, зашто го подготвувал за единствен свој достоен наследник. Уште како 16-годишник Александар земал учество во походите на Филип и како 18-годишен во битката кај Херонес го командувал левото крило, најодговорното крило на македонската армија. За да може да се разбере состојбата создадена при македонскиот двор во половината на IV век, треба да одбележиме дека таму продолжувале да опстојуваат и да се борат две одамна формирани групи, што условно можеме да ги наречеме едната грчка, а другата македонска партија.

Грчката партија се состоела од ситната прислужна аристократија, од тие етери на Филип, кои не влегувале во составот на старата родова аристократија, иако и меѓу нив имало претставници на старата аристократија, целосно преминати кон Филип (од гледна точка на македонскиот централизам). Во грчката партија имало и многу немакедонски елементи. Македонската партија вклучувала во себе главно претставници на старите македонски аристократски семејства, од кои многумина сè уште не ја заборавиле нивната бивша, стара независност и тајно, скришно мечтаеле да ја воспостават претходната самостојност на одделните области влезени во составот на обединета Македонија. Таа партија се спротивставила на грчкото влијание, против странците, воопшто против грчката култура.

При царувањето на Филип македонската партија првично немала големо влијание. Но во врска со семејните односи на Филип во втората половина на неговото царување почнало да се засилува влијанието на македонската аристократија, на македонските првенци.

Филип се вљубил во една млада мома од еден стар македонски род, која се викала Клеопатра. Нејзин дедо бил тој истиот Атал кого заедно со Перманион, Филип во 336 г. ги испратил против Персијците. Приближувањето на Филип кон Клеопатра било толку сериозно и големо што тој решил да се разведе од Олимпија. На тој терен меѓу сопружниците

дошло до многу спорови. Александар ја поддржал својата мајка. Како резултат на тоа, Александар и Олимпија биле принудени да ја напуштат Македонија.

Заедно со нив од татковината биле прогонети доста претставници на грчката партија, другари на Александар, идните дејци во александровата епоха. Од нив треба да го одбележиме Птоломеј, син му Лага, подоцна еден од основачите на династијата на Птоломеите во Египет, Неарх, идниот началник на флотата на Александар, Харбула и други.

Александар брзо се вратил во Македонија каде се смирил со својот татко. Но Олимпија останала во Епир кај својот брат, епирскиот цар. По враќањето на Александар во Македонија борбата меѓу партиите на дворот се обновиле, така што за време на отсуството на Александар сите важни влијателни должности на македонскиот двор биле заземени од старите македонски аристократи, првенци, меѓу кои била и Клеопатра. Во тој момент Филип бил убиен.

Непријателското спрема Филипа општествено мнение во Грција и дел од круговите на македонското општество ги обвинувале Олимпија и Александар за убиството на Филип. Плутарх во биографијата на Александар вели дека дознале за подготвеното убиство, но не го спречиле. Тоа размислување било доста основано. Филип откако се развел од Олимпија, се оженил со младата девојка од која брзо се очекувало дете. Ако детето биде машко, што било можно, Филип би го лишил Александар од престолот и за свој наследник би го земал синот на Клеопатра. Изгледало дека Олимпија и Александар биле несомнено заинтересирани за отстранувањето на Филипа.

Но анализата на целата околност дава можност да се заклучи дека ниту Олимпија ниту Александар не знаеле за заговорот, уште повеќе да земале учество во него. Во последен момент меѓу него и Александар биле создадени добри односи. Филип, според секоја веројатност, дури не мислел да го лиши сина си од престолот, дотолку повеќе што Клеопатра родила девојче. Се подготвувало дури и помирување со Олимпија.

Главните учесници во заговорот биле претставниците на кнежевскиот род од областа Линкестида во горна Македонија. Заговорниците имале определен план, зашто сметале на тоа дека по убиството на Филип ќе дојде до распаѓање на Македонија и тие одново ќе дојдат на власт во Линкестида.

А, било можно душата на заговорот да била Персија. Заговорот бил финансиран со персиско злато и бил поддржан од персиската дипломатија. За Персија, имено, било многу важно да се отстрани Филип во тој момент. Александар бил млад, а Персија сметала дека со убиството на Филип ќе се постигне, ако не конечна ликвидација на источниот поход, тогаш

барем тој ќе се одложи. Персијците го користеле незадоволството на старата македонска аристократија и го организирале заговорот. Подоцна, при официјалните преговори со персискиот цар, Александар отворено го обвинувал персиското раководство дека тоа го испратило убиецот на Филипа. Директниот убиец на Филип бил некој си Павсаниј, кој во 336 г. го заклал Филипа за време на празнувањата во Еге (старата престолнина на Македонија).

## Источниот поход на Александар и „светската монархија“

Личноста на Александар, освојувањето на Персија и формирањето на огромната монархија, сите тие настани го раздвижиле античкиот свет, оставиле извонредно силен впечаток кај современиците и се создала една многубројна историска литература која во поголем дел за нас е недостапна. За историјата на Александар ние знаеме од подоцнежните, во повеќето случаи второстепени писатели од римската епоха. На прво место ќе треба да го ставиме погоре веќе споменатиот Ариан од градот Никомидија (сега Измир) во Мала Азија, римски сенатор, кој во империјата на Адриан (II век од нашата ера) ја заземал должноста намесник на Кападокија. Ариан од добри извори ја напишал историјата на походот на Александар („Анабасис“ во седум книги). Многу материјал за историјата на Филип и Александар ни даваат XVI и XVII книги на Диодор. Многу љубопитни, но не толку сигурни сведоштва ни соопштува Плутарх во биографијата на Александар. Големо значење има трудот на римскиот историчар од епохата на Август, Помпеј Трог. За жал, неговата сеопшта историја не стигнала до нас во оригинал, што се сочувала само во безвредната преработка на некој си ритер Јустин, кој живеел во II или III век од н.е. Извесно значење има и „Историјата на Александар“ од римскиот историчар Курциј Риф (кога живееле е неизвесно, веројатно, кон крајот на I и почетокот на II век од н.е.).

Убиството на Филип создало напнатост не само во самата Македонија, туку насекаде каде што било проширено нејзиното влијание. Опасноста, пред сè, била во тоа дека заговорниците сакале да ја заземат власта и да го отстранат Александар. Во Грција, по убиството на Александар, кренала глава и антимакедонската партија. Демостен во празнична облека, со венец на главата, се појавил пред атинскиот совет и ги поздравил присутните со радосната вест за смртта на „тиранинот“. „Но, веќе тој млад ученик Александар за нас не е толку страшен“, соопштил тој.

Опасна ситуација се создала по границите со варварските племиња (Тракијците и Илирите и др.). Тие имале да расчистат некои стари сметки со Филипа. Голема опасност претставувал Атал, дедото на Клеопатра, кој

бил главатар на македонската претходница во Мала Азија. Макар Атал и да бил приврзаник на Филип и не бил во бројот на заговорниците, но како дедо на Клеопатра тој бил заинтересиран да не се дозволи Александар да ја преземе и задржи власта. Александар го спасило тоа што ја имал поддршката на широките слоеви на македонското општество, кое ги одобрувало стремежите на македонската аристократија. Мнозинството од етерите и главната маса од селаните целосно застанале на страната на Александар.

Потпирајќи се врз нив, младиот цар без многу труд можел да ги елиминира сите потешкотии. Пред сѐ, биле преземени мерки да се отстрани Атал. Во Мала Азија бил испратен еден верен на Александар човек, кој го убил Атал, а Парменион брзо ја смирил армијата што Атал ја поттикнувал на востание. Требало да се побрза со походот во Грција пред таму да почне некое сериозно движење. Александар брзо заминал за Грција и таму го обновил договорот со елинскиот сојуз, склучен во времето на Филип. По тоа тој се вратил во Македонија. Во тоа време Атал бил убиен, а Олимпија, додека бил отсутен нејзиниот син, се погрижила да ги елиминира сите претставници на непријателските групи на Александар. Казнет бил Аминта, соплеменик на Филип, кој бил отстранет од власта уште во 359 г. и опасен за Александар како законски претендент на престолот. Била убиена и Клеопатра со нејзината ќерка. Александар го насочил походот кон север. Неговата армија стигнала дури до Дунав, а потоа заминал за Илирија.

За тоа време во Грција, под влијанието на Персија, одново се кренала антимакедонската партија. Персиските дипломати му дале на Демостен 300 таленти за негова лична потреба. Тие пари тој ги потрошил за засилување на антимакедонската партија, а истовремено кореспондирал со командантот на персиската армија. Пред подолгиот престој на Александар на север, се проширила гласина дека тој загинал во борба со Илирите. Тие гласини засилено биле ширени од антимакедонските елементи и дале повод за востание во Грција. Сигналот го дала Фива каде имало македонски гарнизон. А Фиванците востанале и ги опсадиле Македонците, кои се сокриле во Кадмеја.

Александар, кога слушнал за тоа, со голема брзина минал од Илирија во средна Грција и Фиванците, кои ја опседнувале Кадмеја, самите се виделе опседнати. Градот бил заземен со двоен удар: од страната на Кадмеја и од страната на полето. Александар решил да им даде пример на Грците за строгост и цврстина: Фива била разрушена до темел, а населението било продадено како робје.

Уништувањето на Фива го вратило спокојството во Грција. Антимакедонската партија се покажала како немоќна. Атина не успеала да востане и кога Александар ја презел Фива, испратиле кај него дипломатски

претставници, кои го поздравиле за победата. Александар во однос на Атина и кон Грција водел политика на толерантност. Тој дури не побарал да му се предадат главните водачи на антимакедонската партија. Есента 335 г. Александар се вратил во Македонија. Сега веќе можел да се зафати со подготовки за персискиот поход кон кој страсно се стремел, посакувајќ и да ја има славата на грчките херои, особенос на својот љубимец Ахил.

Зимата 335/334 г. минала во подготовки за походот. Есента 334 г. Александар, откако го оставил за свој наменик во Македонија еден од најверните приврзаници, Антипатер, со доволно количество војска за обезбедување спокојство во задницата, со главното јадро на армијата го минал Хелеспонт. Бројниот состав на армијата на Александар бил споредбено мал. На располагање имал околу 30.000 пешадија, околу 5.000 коњаници и 150-160 кораби, кои ја следеле армијата по целото крајбрежје и ја одржувале врската со Македонија.

Малубројноста на воените сили со кои Александар го почнал својот поход, може на прв поглед да предизвика недоумица и да остави впечаток на воена авантура. Доволно е да кажеме дека само грчките наемници во персиската армија биле околу 30.000 души, т.е.бројно речиси еднакви на сите сили на Александар! Персиската флота имала околу 400 боеви единици, надминувајќи ја на тој начин за два и пол пати флотата на Александар. Персијците биле господари на морето и секој момент можеле да го отсечат Александар од неговата база.

Но, Александар и неговите команданти одлично знаеле со кого имаат работа. Уште походот на „десетина илјади“ покажал што може да направи малата, но добро дисциплинирана армија против потклекнатата аморфна маса на персиската држава. А, пак, од времето на походот на „десетина илјади“ изминале повеќе од педесет години. За тоа време процесот на распаѓање на Персија отишол многу напред.

Навистина Персија отсекогаш претставувала конгломерат од одделни области, народи и држави. Но, сепак, во времето на Кира и Дариј таа била уште силна од енергијата на младиот народ, кој штотуку го започнал државничкиот период на своето битие. Меѓутоа, времињата на Кира и Дариј одамна минале и Персија, како и сите источни робовладетелски тирани, неизбежно била предодредена да ја изгуби својата социјална база и да исчезне.

Во половината на IV век распаѓањето на управувачката персиска врхушка и револуционерните движења на вклучените во составот на Персија одделни народи стигнале до својата кулминација. Распаѓањето на воено-бирократксиот апарат, неговата корумпираност, бескрајните интриги на царскиот двор, теророт од притисоци, големата жестокост манифестирана при задушувањето на националните движења - сето тоа

придонело власта на персиската држава во предниот дел на Истокот, во Египет, во Вавилон, во Мала Азија, во Феникија, да стане неподнослива. Во половината на IV век револуционерните движења на покорените од Персија народи стигнале до голема напнатост. Во тоа време станало големо според своите размери и силно антиперсиското движење во Египет, поврзано со името на последниот од египетските фараони Нектанеб, кој неколку години управувал со Египет. Во тоа време имало востание во Сидон, на островот Кипар и на други места.

По смртта на царот Артаксерекс на персискиот двор почнала, нормално во такви случаи, борба меѓу разните дворски клики и на крајот конечно на тронот се искачил Дариј III Кодоман, претставник на династијата на Ахеменидите, кому му било судено во војната со Александар да ги изгуби и царството и животот.

Персиската војска била сè уште бројна. Од битките против Александар, особено во третата, последна битка кај Хавгамел (331 г.) Дариј имал силна армија, која неколкупати, според бројноста, ја надминувала грчката. Но дезорганизацијата на персискиот апарат и расипаноста на воено-бирократската врхушка се одразиле и врз армијата. Таа се состоела од грчки наемници, од персиската гарда и од контингенти од лица земени од покорените, зависни народи. Тој шаренолик конгломерат од луѓе можел да биде искористен само во услови на одлична организација, а таква организација во Персија во IV век веќе немало.

Уште преминувањето од Хелеспонт во Мала Азија за Александар бил добар предзнак. Многу порано персискиот цар им дал наредба на феникиските и малоазиските заедници да подготват флота за да се попречи преминувањето на Александар. И сè дотогаш, до најпотребниот момент флотата не била готова. На тој начин, грчко-македонската армија непречено преминала од Хелеспонт. Во Мала Азија Александар го сретнала персиската војска, собрана од малоазиските контингенти. Во персиското командување се појавил Гркот Мемнон, кој бил на чело на грчките наемници. Мемнон бил единствената крупна фигура во персискиот штаб. Тој добро ја познавал воената тактика и единствено подготвил реален план, што можел да ѝ донесе надмоќ на Персија. Планот на Мемнон се состоел во тоа да не се прифати борбата со Македонците, да се отстапи во Мала Азија и патем сè да се уништи, да се привлечат Македонците колку е можно повнатре, а за тоа време да се соберат големи сили и така да се разбие армијата на Александар.

Но, планот на Мемнон бил отфрлен од малоазиските сатрапи, зашто не сакале да се разурнува Мала Азија. Персиската команда се покажала кусогледа за да го исполни добро осмислениот стратегиски план на Мемнон. Кај реката Граник дошло до првата средба на армијата на Александар

со Персијците. Иако вторите го заземале десниот висок брег на Граник и Александар бил принуден да ја форсира реката под силни удари на Персијците, минувањето било одлично реализирано со еден страшен, жесток удар на македонската коњаница. Во моментот кога коњаницата на Александар ја отсекла персиската пешадија, која го држела брегот, грчките наемници мирно го следеле пробивот, зашто персиската команда не проценила на време да ги вклучи во борбата. Македонците прво ја разбиле персиската пешадија, а потоа и грчките наемници.

По битката кај Граник, поголемиот дел од живата сила на Персија и Мала Азија била уништена. Навистина во градовите оставале гарнизони, но тие сили не биле толку големи за да му пружат на Александар некој посериозен отпор. Македонците речиси без спротивставување тргнале по западното крајбрежје, ги заземале Сарда и Ефес и се насочиле кон Милет. Во сите заземени без борба малоазиски градови Александар ја уништувал олигархиската власт воспоставена од Персијците и насекаде воведува, создава демократија потпирајќи се врз демократските елементи на населението.

Во Милет бил сместен силен одред од грчки наемници. Сметајќ и на нив, персиската команда решила да не го предава градот, дотолку повеќе што кон Милет се приближувала најпосле подготвената за борба персиска флота. Но, флотата на Александар ги испреварила Персијците, заземала позиција пред Милет кај островот Лад и на тој начин го отсекла градот од морето. Додека Персијците попусто се обидувале да го вовлечат Александар во морска битка, Милет бил опсаднат и на јуриш заземен. По преземањето на Милет, Александар ослободил голем дел од флотата да се врати по домовите. Во историската литература многу се спори околу тоа дали македонската команда направила грешка во моментот кога ја распуштила флотата. Нам ни се чини, дека грешка немало. Прво, наближувала зимата кога дејноста на флотата воопшто прекинува, второ, флотата на Александар бројно помала од персиската не можела со успех да се бори со неа на отворено море и на тој начин таа била бескорисна за сувоземната армија.

По заземањето на Милет пред Александар се поставила задачата да го завладее Халикарнас, последниот голем центар во Мала Азија. Градот имал силни тврдини. Од страната на морето му помагала флотата и опсадата била предоредена да не успее. Но, благодарение на опсадните орудија, употребувани од армијата на Александар, брзо им успеало да пробијат отвор во карпите и кога Мемнон, раководителот на одбраната, видел дека положбата е безнадежна тој самиот го испразнил Халикарнас. На тој начин, во есента 334 г. целото малоазиско крајбрежје било исчистено од Персијци. Во зимата 334/333 г. Александар без да наидува на каков и да

е отпор ги заземал јужните и југозападните области на Мала Азија - Карија, Ликија и Памфилија, и во есента 333 г. навлегол длабоко на полуостровот и стигнал до Анкара, сегашната престолнина на Турција.

Потоа се спуштил на југ и преку „Киликиските порти“ во планината Тавр излегол кај градот Тарс. Тешкопроодниот планински премин бил заштитуван од персиски одреди, но кога македонската армија се приближила тие побегнале. Тарс бил заземен без отпор. А во тоа време персиската флота под команда на Мемнон го заземала Егејското Море. Персиската дипломатија, искористувајќи го тоа што Александар, зафатен длабоко во Мала Азија, се наоѓал далеку од Грција, одново почнала да ја придобива на своја страна антимакедонската партија. Засилените непријателски спрема Македонија групи биле охрабрени од тоа што Атина испратила кај Дариј група емисари. Во тоа време починал Мемнон.

Неговата смрт била голема загуба за Персија, иако суштински не влијаела врз положбата на земјата.

Положбата на Македонија станала многу опасна. И најмалиот неуспех на Александар на копно би значело катастрофа за целата заедница, така како што еден сличен неуспех би предизвикал востание во Грција и персиската флота би можела да ги пресече врските. Ете зошто за Александар било од голема важност да дојде до победа во некоја битка. Во такви околности се случила битката кај Ис. Во време кога Александар ја заземал Мала Азија, Дариј собирал војски и во летото 333 г. излегол од Вавилон со голема армија. Есента стигнал до северна Сирија. Александар бил во Киликија и кога разбрал за приближувањето на Персијците заминал за северна Феникија. Но, Дариј ја надмудрил македонската команда: по планински патеки тој дошол зад грб на македонската армија и ја заземал долината кај Ис. Пред Александар се поставила тешката задача - да ја престрои војската и да се врати назад при тешки услови. Ако Персијците ги зазеле планинските премини одејќи од северна Феникија кон Ис, тогаш положбата на Александар би била критична. Но, тие не го направиле тоа. Македонската армија навремено била престроена и пристигнала кај Ис.

Дариј бил задоволен од тоа што зазел една одлична позиција и спокојно го очекувал појавувањето на Александар. Реално, персиските позиции на кај Ис биле одлични: од лево месноста била планинска (фронтот на Персијците бил свиткан кон југ), од десно било морето, а фронтот бил заштитен од реката Пинар. Но, добрата поставеност на персиските позиции била само привидна; рамнината била многу тесна (3-4 километри) и Персијците немале можност да ги развијат сите сили. На тој начин, тие не можеле да го искористат главниот адут против македонската фаланга. Во услови на голема предност на персиските сили било можно да се разбие од заднина и странично македонската фаланга, но за тоа Персијците требало

да дејствуваат на широк простор, а не во тесна долина. Секавичниот удар на Александар го пробил фронтот на Персијците и тие целосно биле разбиени (есента 333 г.).

Персиската армија била толку силно поразена, што Дариј едвај не паднал во рацете на Александар. Неговата двоколка, царската мантија и меч биле заробени од победникот. Персискиот цар со големи потешкотии успеал да побегне преку Еуфрат, со остатоците на неговата армија. Целата огромна комора на Персијците паднала во македонски раце. Во рацете на Александар паднало и целото семејство на Дариј - неговата мајка, жена му и ќерка му.

Значењето на победата кај Ис било многу големо. Важно било не само уништувањето на персиската армија, туку и големиот морален впечаток што тој настан го оставил во Грција. Освен тоа по битката кај Ис на Александар му се отворил патот кон феникиските градови. Но, со оглед дека персиската флота била составена од феникиски бродови, природна последица од битката кај Ис била и распаѓањето на персиската флота. Еден дел од феникиските бродови му се предал на Александар, а другиот дел заминал да ги заштитува своите градови од Македонците. Како резултат на тоа, владеењето на Егејското Море одново минало во рацете на Александар.

Македонците сега веќе се наоѓале во Феникија. Редица феникиски градови (Арат, Библ, Сидон, градовите на островот Кипар) му се предале на Александар без никаков отпор. Само градот Тир, горд поради неговата непристапност, најавил дека тој останува неутрален. Откако не можел да се помири со таков само формален неутралитет, Александар почнал да го опсадува. Опсадата на градот била извонредно тешка, зашто градот е поставен на скалест остров и бил одделен од татковината со тесен премин. Македонците го заземале преминот и таму ги поставиле своите опсадни орудија. Флотата го блокирала градот од кај морето и така Тир бил опсаднат од сите страни. Опасадата траела повеќе од шест месеци. Летото 332 г. градот бил заземен. Грците и Македонците притоа направиле жесток колеж. Заземањето на Тир, кој се сметал за непристапен и дотогаш ниту пред еден освојувач не подвиткувал глава, оставило голем впечаток не само на Исток, туку и во Грција.

За време на опсадата на Тир Дариј III отпочнал со Александар преговори за мир. Условите предложени од Дариј главно се сведувале на тоа да ја отстапи целата територија на запад од Еуфрат. Според други извори, Дариј му ја нудел на Александар територијата на запад од реката Галис. Разликата е голема зашто територијата на запад од Еуфрат во себе ги вклучувала Египет, Феникија, Сирија и цела Мала Азија, а територијата на запад од Галис само Мала Азија. Тешко е да се каже која од тие две

верзии била поверодостојна, веројатно, втората, зашто е пореална со оглед дека главните сили на Персија не биле сè уште разбиени и Александар не отишол подалеку од Феникија, па Дариј не можел да му предлага повеќе од тоа што фактички било заземено. Освен тоа Дариј му ветил на Александар 10.000 таленти контрибуција, раката на една од своите ќерки и вечен мир и сојуз.

Нашите извори говорат дека кога во советот на етерите се разгледувале предлозите на Дариј, Парменион, началник на штабот на Александар, најголемиот од неговите команданти, тоа би го прифатил без да се изложува на натамошни ризици и да ја прекине војната при такви услови.

Советот на етерите играл голема улога во управувачкиот систем на Македонија и Александар во сите сериозни случаи прибегнувал кон негова помош. Уште повеќе се налагало тој да биде свикан во тој случај кога се разгледувало едно прашање од голема принципиелна важност, прашање за иднината на целата грчко-македонска држава. Мнозинството историчари (меѓу нив и најпретпазливите) во еден или друг степен ја признаваат вистинитоста, веројатноста на важниот разговор, дијалог, меѓу Александар и Перманион. Така што ние го гледаме првото спротивставување на Перманион не за некакво чисто воено или за прашања од тековната политика, туку за најкардиналното прашање, најсериозното од сите што се поставувале за разрешување од македонското раководство. „За историјата на елинизмот, вели Е. Маер, решението од зимата на 333/332 било судбоносно, фатално. Тој решил да не остане во една ограничена територија што би можела да се уреди и политички, туку се впуштил во безграничното: во области со други карактери и со други центри на значење и да ги обедини било надвор од неговите сили". Ако во тие зборови има некакво преувеличување, доколку целиот тој историски период се постави во зависност од решенијата донесени на дворскиот совет на Александар, исто така, тие се толку вистинити колку што правилно ја потцртуваат колосалната важност на проблемот и ја откриваат неговата основна содржина. Природно, прашањето се сведувало на тоа да биде ли новосоздадената монархија грчко-македонска или источна, тесно „национална" или „универзална". Александар, откако ги одбил персиските предлози и останал, како што тоа јасно се гледа од преписката со Дариј, на желбата да има азијатска (а можеби и светска) власт, проблемот го решил во духот на „универзалноста".

Но, зошто Перманион се јавил како опозиционер? Јасно е дека поради тоа што тој не ги споделувал универзалистичките стремежи на Александар. Којзнае дали стратешките согледувања за опасноста од пренесувањето на војната во внатрешноста на Предна Азија можеле тука да играат

решавачка улога. Прашањето за отфрлањето или прифаќањето на персиските предлози било, пред сè, чисто политичко прашање. Перменион го решавал тоа прашање така како што му диктирал неговиот однос спрема македонските првенци, ограничени со својот видокруг поврзан со сите корени на Балканскиот Полуостров или позасилено со Македонија, воспитани во традициите на Филип, чии планови одвај оделе подалеку од создавањето на една Балканска „империја", која во себе го вклучувала западниот дел на Мала Азија. Така, нашите извори не ни даваат никаква основа да претпоставуваме дека неговите намери оделе подалеку. Исто така, и опозицијата на Перменион ние не можеме да не ја сметаме како негова чиста, лична опозиција.

Навистина, од изворите ние не знаеме дали некој од етерите го поддржал неговиот предлог. Сведоштвата за тој значаен совет, како што видовме, се толку оскудни и куси што е невозможно да се направи каков и да е извод, заклучок. Но, дури и да допуштиме дека Перменион со своето мислење останал осамен, тоа, се разбира, уште не докажува дека зад него не се криела некоја група истомисленици со македонски белег, македонски првенци. Во тој момент опозицијата уште не можела да се оформи, така да се консолидира за да не биде откриена. Две години подоцна, внатрешното уредување значително или сосема се изменило.[108]

А, пак, Александар божем одговорил дека кога би бил Перменион и тој би постапил така. Како и да е, предлозите на Дариј биле отфрлени. Александар во тој момент се чувствувал толку силен што не се сомневал во успехот и исходот на експедицијата. По завршувањето на преговорите за мир, Дариј почнал да собира војска за последната, решавачка битка.

Александар во тоа време тргнал кон Египет каде стигнал во декември 332 г. Персиските гарнизони се предале речиси без отпор. Широките кругови на египетското општество со задоволство ги примиле Грците и Македонците како ослободители од персиското угнетување. Историјата на Египет под власта на Персија била историја на непрекинати востанија. Природно, управувачките групи биле подготвени да ја сменат персиската власт со каква и да е друга. Во Египет македонската армија се однесувала доста тактично во однос на религијата, месните обичаи итн. Александар прв дал пример, принесувајќи им дарови на египетските богови.

Александар потоа тргнува во поход кон пустината Сива, навлегувајќи длабоко во Либиската пустина. Тоа било направено со цел да се заштити познатиот оракул на богот Амон, што се наоѓал во таа оаза. Оракулот во тоа време се користел со голема популарност далеку од пределите на Египет.

---

[108] Од „Преговорите на Дариј со Александар и македонската опозиција" од проф. С. И. Ковалев, весник „Древна историја", бр. 3, 1946 г. стр. 55-56, Москва.

Поради тоа, за Александар било многу важно да се обезбеди со неговата поддршка. Како и што се очекувало, оракулот го признал Александар за „син на Амон". Тоа имало големо значење , зашто египетските пагански свештеници (жреци) му го признале правото на Александар врз тронот на фараоните. Натаму Александар не само на Исток, туку и во Грција целосно ја искористил титулата на оракулот, потпирајќи се врз неа за потврдување на своите права  не само за светско владеење, туку и за божествени почести.

За време на престојот на Александар во Египет на местото на едно мало село Ракотис, на западниот ракав на Нил, бил основан град што го нарекле Александрија. Местото било избрано толку ударно, што Александрија речиси станал најголемиот центар на елинизмот.

Александар ја минал зимата во 332 г. во Египет, а во есента 331 г. тргнал кон север преку Палестина и Сирија. Преку летото го минал Еуфрат, ја пресекол северна Месопотамија, преминал преку Тигар, а потоа тргнал кон југ. Тука во близина на Никевија, околу малото село Гавгамел, Македонците ја сретнале персиската армија.

Дариј во тоа време ги мобилизирал сите свои воени ресурси и во Месопотамија собрал огромна армија, составена од контингентите на источните области, кои единствено се поставиле под негова команда. Персиската армија била многу голема. Нашите извори покажуваат дека персиската армија била околу 1.000. 000, но тоа, се разбира, било преувеличено. Во секој случај, грчко-македонските сили биле значително помали од персиските. Армијата на Александар не била повеќе од 50-60 илјади души. На 30 септември 331 г. се случила познатата битка. Штабот на Александар ја парализирал опасноста од опкружување од претходницата на Персијците, со тоа што во задницата на својата армија  оставил многу големи резерви. Ако широката рамнина им давала можност на Персијците да ја искористат својата коњаница, во исто време тоа на Александар му дозволувало да ги искористи непроценливите квалитети на фалангата. Персиската армија била целосно разбиена и Дариј со еден мал одред едвај успеал да избега во Мидија. Тоа бил третиот и последен пораз на Персијците.

Значењето на битката кај Гавгамел било огромно. Во таа битка била разбиена главнината на армијата на персиската држава, а Дариј не можел да направи нова мобилизација. Реално, по битката кај Гавгамел повеќе не се среќава каков и да е организиран отпор на Персијците. Непосредна последица од поразот на Дариј било предавањето на Вавилон, каде Македонците биле пресретнати така пријателски како и во Египет. По тоа, Александар го заземал Суза, најстариот центар на источната култура, каде во негови раце паднал дел од персиската државна каса (азно). Изворите ни посочуваат дека во Суза Македонците освоиле 50.000 таленти.

Од Суза Александар тргнал кон централната персиска област Персида каде се наоѓала старата престолнина на Персија, Персопол. Во време на походот од Суза кон Персопол, Александар бил принуден да ги форсира планинските премини заземени од Персијците и независните планински племиња, кои не сакале да ја признаат неговата власт исто како што не го признавале ниту персиското владеење.

Персепол бил заземен без борба и неговото освојување значело преминување на центарот на персиската држава (почетокот на 330 г.) во рацете на Александар. Тука бил пронајден поголемиот дел од персиското богатство, што, според преданијата, имал 120.000 таленти.

Во Персопол, Александар го исполнил идеолошкиот дел од програмата на Исократ: „како одмазда" за нанесените стари порази, Александар наредил да се запали царскиот дворец. Според други извори, меѓутоа, дворецот изгорел случајно за време на грандиозниот пир организиран во него од Александар. Во есента 330 г. Александар се упатил кон Мидија и го заземал Екбатан, летната резиденција на персиските цареви. Најтешката задача од војната била веќе завршена и поради тоа во Екбатан, Александар ги распуштил своите сојузници - Тесалијците и Грците - со исклучок на оние кои сакале да останат доброволно. На демобилизираните им биле дадени разни големи подароци.

Александар во Екбатан го оставил Перменион со еден дел од војската за да ги чува запленетите богатства, што не било можно да ги понесе со себе. На Перменион му било порачано, исто така, да води грижа за спокојството во задницата. Потоа Александар со брз марш тргнал да ги гони кон исток остатоците на Дариј. Но, во тоа време персискиот цар бил веќе заробеник на Бес, сатрапот на Бактрија, една од најоддалечените источни провинции на Персија. Во јули 330 г. Александар речиси ги стигнал бегалците во близина на Каспиското Море. Кога Бес и групата негови приврзаници виделе дека Македонците веќе ги пристигнуваат, тие го убиле Дариј и Александар го видел само телото на персискиот цар. Многу се спори околу тоа зошто Бес го убил Дариј. Веројатно, таа работа се објаснува со тоа дека Дариј во тој момент сакал да му се предаде на Александар. Тој бил истоштен од неспокојството и очаен од дилемата дали може да води натамошна борба. Но, со оглед дека Бес и неговите приврзаници не губеле надеж да ја продолжат борбата со освојувачите, Дариј само им пречел, па било решено тој да биде отстранет.

Во секој случај, Александар требало да му биде благодарен на Бес за убиството на Дариј. Навистина, многу подоцна, кога бактрискиот сатрап паднал во рацете на Александар, тој бил жестоко казнет за убиството на својот цар (Александар сакал да се претстави како благороден рицар). Но, во дното на душата, се разбира, Александар бил задоволен од таквата

разврска. Што би направил Александар ако Дариј паднел во негови раце? Да го казни би било непријатно. Но, исто така, би било непријатно да го остави жив, зашто така би станал опасен центар на персиската национална опозиција.

Сега тронот на Ахемендите бил ослободен и можел да го заземе само Александар. Победникот над Дариј, освојувачот на неговата монархија, признат како Син на богот, по смртта на Дариј, Александар останал вистинскиот „законски“ наследник на власта на Ахеменидите.

По тоа Александар тргнал понатаму, кон исток. Продолжувањето на походот било апсолутно неопходно, независно од тоа дали уште тогаш Александар мислел на создавање на една „светска монархија“ или таа мисла кај него се појавила подоцна. Било факт дека сè уште останал незавладеан целиот источен дел од царството на Дариј. Било неопходно и тој дел да биде освоен за да се уништи спротивставувањето на националистички настроените источни сатрапи како Бес. Освен тоа, требало да се зацврстат северо-источните, најнемирните граници на државата.

Македонската армија ги заземала Парфија, каде подоцна било создадено парфијанското царство, Арија и Арахозија (сегашниот Авганистан). Во тие две последни области Александар создал две нови Александрии, кои опстојуваат и сега под имињата Херати и Кандахар. За време на престојот во Арахозија на Александар за првпат му било наметнато преку борба да се справи со опозицијата во армијата како лично против него, така и против неговата политика. Од Арахозија армијата тргнала кон север, во областа крај реките Окса и Јаксарт (Аму-Дарја и Сир-Дарја). Но, пред да се стигне таму требало да се мине преку големиот планински премин Парапанис (Хиндукуш). Минувањето преку Хиндукуш се случило во есента 329 г. Потоа армијата на Александар ги заземала Бактрија и Согдиан (сегашнит Таџикистан и Узбекистан). Во градот Мараканда (сегашниот Самарканд) во период од две години бил сместен штабот на Александар, кој така преминал и во Туркестанската низина. За да се задржи толку услов било да се ликвидира движењето на персиската аристократија, која под раководство на сатрапите од источните провинции се обидувала да му пружи последен отпор на Александар. За борбата со Александар Персијците ги кренале чергарските „скитските“ племиња, кои постојано ги вознемирувале северните граници на персиското царство. Две години требало да изгуби Александар додека го скрши тоа движење.

Во време на походите кон север македонскиот цар стигнал до самиот Јакрт (Сир-Дарја). Тука бил основан градот Александрија (сега Хобџет), најкрајниот северо-источен пункт до каде стигнале Грците. Освојувањето на Бактрија и Согдиан било многу важно, зашто тука завршувал трговскиот карвански пат за Кина (Патот на свилата).

Од тука Александар решил да тргне за Индија. Во тој момент идејата за една „светска монархија“, што ќе се простира до водите на „Великиот океан“, веќе го интересирала македонскиот освојувач. Во 327 г. Александар тргнал од Туран, одново минал преку Хиндукуш, а потоа преку долината на реката Кабул стигнал во Пенџаб. Петоречието тогаш не било единствена држава. Областа се состоела од неколку робовладетелски држави, кои постојано војувале една со друга. Таа ситуација му олеснила на Александар да завладее со долината на Инд. Во сојуз со некои од пенџапските цареви тој ги победил останатите, откако го искористил раздорот меѓу нив. Најтешка била победата над најголемиот од пенџапските владетели - Пор. Македонците и Грците за првпат во Индија сретнале слонови. Коњите се плашеле не само од изгледот на слоновите, туку и од нивната миризба. Долгата, непрекината линија од разјарените огромни животни влевала страв и кај луѓето. Навистина, слоновите биле опасни и за самата армија: ако тие се уплашат можеле да се свртат обратно, кон своите. Македонците на крајот на краиштата научиле да се борат со слоновите или ги заплашувале со голема врева или им ги отсекувале тетивите на нозете. Но, во секој случај, пред да се осознаат тие методи, слоновите создавале голем страв кај македонската армија.

По упорна борба тие успеале да го победат Пор. Пенџаб ја признал власта на Александар (326 г.).

Но, пред долината на Инд, поделена со тешко проодна пустина, стоела долината на Јанг за која се раскажувале чуда. Александар решил да навлезе и таму. Но, кога македонската армија стигнала до претпоследната лева притока на Инд - кај реката Хифасис (сега Сетлеџ), и била веќе дадена наредба да се мине реката, во армијата се појавило незадоволство. Армијата одбила да оди понатаму. За да се сфати тој инцидент ќе треба малку да се вратиме назад за да ја опишеме внатрешната положба на македонската армија.

Уште на самиот почеток на походот почнале искричења меѓу Александар и дел од лицата од неговата придружба. Новата аристократија со грчка ориентација, од типот на Птоломеј и Неарх, му останала до крај верна на Александар. Но, меѓу родната македонска аристократија помината на страната на Филип и до последен момент поддржувачи на неговиот син (Парменион, неговиот син Филота, командант на коњаницата и др.), се појавило едно опозиционо расположение и колку што Александар се одалечувал кон исток, тоа сè повеќе и повеќе се засилувало. Во почетокот тоа се појавило многу прикриено и со страв. Ние веќе рековме дека кога Александар ги разгледувал мирните предлози на Дариј, Парменион се јавил како приврзаник на тие предлози. Во тие разногласија со Александар сè уште ништо особено не се случило, но и во тој случај се појавил стремежот

на „националната“ македонска партија, која сакала освојувањето да се ограничи само на западниот дел на персиската монархија без да се оди далеку, особено на исток. Сериозен бил судирот во Египет каде Филота сосема решително се спротивставил на комедијата со оракулот на Амон. И тогаш Александар му простил на Филота. Колку армијата навлегувала сè повеќе на исток, опозицијата на македонската аристократија се засилувала. Таа била особено засилена од тоа дека Александар сè повеќ е ја насочувал својата политика кон Исток и сè повеќе и повеќе почнал да ја „ориентализира“. Таа ориентализација се изразувала во тоа што македонскиот цар во својот двор почнал да се опкружува со Персијци, да ја вбројува персиската аристократија во составот на своите телохранители, во составот на своите етери. Во тој контекст, почнал да ја собира персиската младина за да го учи грчкиот јазик и македонската воена тактика. Притоа, Александар почнал во својот дворец да го применува источниот церемонијал: да се појавува со круна и мантија на персискиот цар, да бара од своите дворјани да му се поклонуваат до земи... Сетоа тоа било нормално за Истокот, но се видело како диво за Грците и Македонците, кои биле навикнати на демократскиот поредок во својата татковина.

Зошто дошло до таа промена во однесувањето на Александар?

Се разбира, тое се објаснува не само со каприцот и не само од страста на Александар кон раскош, туку имало и многу подлабоки корени. Приврзаниците на Александар, па и тој самиот, сфаќале дека колку новата монархија станувала „светска“, т.е. источна, толку повеќе ја губела својата важност и нејзиниот грчко-македонски дел. А, пак, Грција и Македонија претставувале само мали делчиња во споредба со Истокот. Ако Александар сакал да ја направи својата монархија здрава, ако сакал да ја поврзе со силни врски (а според сè што знаеме за Александар, тој за тоа прашање така мислел), тој требало да ја прошири својата социјална база т.е. да ги вклучи и источните елементи во составот на управувачката врхушка. Македонците и Грците, секако, тоа требало да го прифатат, ако не во внатрешната улога, тогаш во секој случај требало со нив да го поделат делот на своите привилегии. Ете врз таа основа се развила грчко-македонската „национална“ опозиција, која уште од почетокот го заземала врвот во командниот состав на Александар и неговото непосредно опкружување.

Во 330 г. кога армијата се наоѓала во Авганистан бил откриен заговор против Александар во кој божем бил вмешан и Филота. Дали тој непосредно учествувал во заговорот ние не знаеме. Но факт е дека кога на Филота му соопштиле за постоечкиот заговор, тој за тоа ништо не му кажал на Александар. Тоа фрлило голем сомнеж врз него, а со оглед дека Филота и од порано бил познат со неговите опозициони појави, Александар решил

да го искористи случајот за да се пресмета со опозицијата. Филота бил предаден на воениот суд, осуден и казнет. Што се однесува до Перманион, тој сè уште бил во Екбатан со дел од војската. Се поставило прашање што да се прави со него. Бидејќи му го чувал грбот на Александар, тој би бил уште поопасен доколку дознаел за улогата на син му и би посакал да се одмазди за него. Затоа, независно од тоа дали Парменион учествувал во заговорот или не, Александар требало да го отстрани. Веднаш по казнувањето на Филота, Александар со камила испратил еден од своите верни Македонци во Екбатан, со писмо до потчинетиот командант на армијата. Емисарот патувал и ноќе за да ги превари и гласините, што можеле да стигнат до Парменион. Тој стигнал во Екбатан, го предал писмото на Александар и верните на царот потчинети командири го убиле Парменион.

Кога екбатанската армија дознала за убиството се кренала на востание, зашто Парменион бил многу популарен. Но, убијците го покажале писмото на Александар во кое тој го обвинувал Парменион за предавство. Авторитетот на Александар бил толку голем што војниците брзо се смириле.

Кога армијата била во Самарканд, зимата 328 г., избил конфликт со Клит, „млечен“ брат на царот (син на неговата доилка), кој му го спасил и животот кај реката Граник. Порано Александар со него бил во одлични односи. Но во последно време меѓу нив доаѓало до спорови, зашто Клит за сето време бил против источната политика на Александар, изразувајќи го на тој начин национално-македонското гледиште. При едно гоштевање, кога Клит и Александар биле пијани меѓу нив дошло до голем спор. Клит почнал да го задева царот, а тој, пак, во истиот момент го убил со копје.

Малку потоа бил откриен друг заговор против Александар, што бил организиран од македонската аристократска младина, која служела на дворот како „пужови“. Заговорот бил откриен во моментот кога неколкумина од нив сакале да земат подароци, што царот ги барал од своите блиски. Идеен творец на заговорот на „пужовите“ бил соплеменикот на Аристотел, историчарот Калисфен, кој заедно со многу други учени Грци што го опкружувале Александар тргнал заедно со него на исток и бил нешто како дворски историограф на царот. Калисфен го опишувал многу пофалбено и неговите забелешки брзо биле испраќани во Грција. На тој начин се поддржувало општественото мнение во Грција во полза на Александар. Но, еве зошто Калисфен станал главен идеолог на заговорот. Кога заговорот бил откриен, па макар и да не учествувал директно во него, се утврдило дека тој пред неговите учесници честопати се искажувал во духот дека слободата е загубена од новиот тиранин Александар.

Учесниците во заговорот биле казнети, но Александар не се решил да го убие Калисфен, веројатно, водејќи сметка за општественото мнение во Грција. Тој бил уапсен и умрел како затвореник, веројатно, во Индија.

Според тоа, опозиционото движење едвај ја опфаќала само врхушката на македонската армија, но во масата на пешадијата, во масата на македонското селанство сè уште не проникнало. Меѓутоа кога армијата била распрсната во Индија, незадоволството ја опфатило и широката маса. Главна причина за тоа биле условите на походот. А тој продолжил цели осум години. Главното македонско јадро на армијата речиси не се менувало. Тоа било преизморено.

Во Индија, Грците и Македонците се нашле во услови сосема туѓи за нив, во огромна област со тропска клима и природа, грандиозни реки и планини. Ѕверовите, отровните змии, страшните тропски бури и дождовите ги плашеле. Врз сето тоа на Александар во главата му се појавила друга идеја: малку му бил Инд, требало да оди и во долината на Ганг! А, за неа меѓу војската се ширеле севозможни фантастични гласини: се говорело дека таму живеело толку воинствено, храбро население со кое било невозможно да се војува. Тие гласини се пуштале де од домородното населени де се раѓале сами од себе благодарение на тоа дека „пред стравот, очите се големи“. Со еден збор, сето тоа земено во целина, меѓу редовната пешадија создало расположение блиско до бунт.

Кога Александар дошол во Халифаст и наредил да се тргне напред, војската соопштила дека таа нема да оди понатаму. Наспроти неговиот темперамент, Александар бил реален политичар и разбрал дека расположението во армијата не ќе може да се скрши или измени и ако тој инсистира на своето, тогаш работата ќе заврши со отворено востание. Направените проценки, како што требало и да се очекува, не биле во полза на натамошно продолжување на походот, што му дало на Александар лесен излез од создадената ситуација. Наредено било да се вратат назад. Тоа било есента 326 г. Покрај Инд била построена флотата, зашто Александар не сакал да се врати по истиот пат, туку по нов: да се симне по Инд до океанот и покрај брегот да стигне до устијата на Тигар и Еуфрат. Тој пат тогаш бил непознат и имало само една нејасна претстава дека по вода можело да се вратат назад во Вавилон. Флотата тргнала по Инд. Еден дел од армијата одел по брегот на Инд и цело време водел силни борби со воинственото население. Најпосле, летото 325 г. армијата стигнала до устието на Инд. Александар излегол на океанот, принел жртва на бога и тргнал на запад. Флотата на чело со Неарх тргнала по должината на бреговите на Хедрозија (сегашен Пакистан). Александар со другиот дел од армијата тргнал по брегот. Сувоземната војска едвај не изумрела од глад и жед во бесплодната пустина на Хедрозија. Флотата, исто така, настрадала од бурите во Индискиот Океан. Но, на крајот на краиштата, патувањето завршило успешно и рано есента 324 г. армијата стигнала во Сиза. Флотата преку устијата на Тигар и Еуфрат стигнала во Вавилон. Така

завршил походот што траел речиси десет години и во тој период грчко-македонската армија изминала околу 20.000 километри.

Историското значење на походот на Александар е многу големо. Била создадена нова монархија, повеќе персиска, и таа во себе го вклучувала и Балканскиот Полуостров. Монархијата на Александар се простирала од Дунав до Индија, до реката Инд. Но, работата не била во големината на државата, уште повеќе што таа се покажала многу нестабилна и брзо се распаднала.

Походот на Македонците ја уништил персиската тиранија, која уште во IV век се пренела како паразит во телото на источното општество. Откако ги исцицала сите живи сокови, таа станала товар за натамошниот развој. Таа паразитска врхушка била скршена. Навистина, наспроти стремежите на Александар да ги измеша Грците и Македонците со источната аристократија и на чело на државата да постави една мешана група, фактички сѐ завршило со тоа што наместо персиската врхушка се појавила грчко-македонската, која на крајот на краиштата станала исто таков паразит. Но, пред да дојде до тоа изминале стотина години во интензивен историски развој. Производните сили на Исток, чиј развој зависел од степенот на персиската деспотија, истовремено почувствувале ослободување. Походот на Александар ја поставил основата на тие економски и културни врски на кои бил поставен и натамошниот развој на источното Средоземје. Големо значење, на пример, имало основањето на градовите. Плутарх вели дека Александар основал, создал повеќе од седумдесет градови на Исток. Навистина, еден дел од нив биле основани од претходниците на Александар, но со тоа работата не се менува.

Тие новосоздадени на Исток градови станале грчки центри. Заедно со Александар се движела цела маса од секакви луѓе од Грција и Македонија, барајќи лесно преживување, трговци, секаков вид шпекуланти, трговци со робје итн. Тие се населувале во новите градови, кои на тој начин станале не само центри на културно влијание на Грците на Исток, туку и центри на трговијата. На пример, доселувањето на Грци во Туран послужило како основа за трговија со свила со Кина. Биле создадени врски со Индија. Иако таа дваесетина години по смртта на Александар се одделила и формирала самостојна држава, сепак врските што биле воспоставени со неа до извесен степен останале и понатаму. Трговијата на птоломејскиот Египет и монархијата на Селевкидите својот зачеток го имаат со почетокот на походот на Александар.

Така, тој поход послужил како основа за големото придвижување на економијата во III век. Ние дури не споменуваме за големото значење што го имал походот на Александар од гледна точка на тоа да се изработат правилни географски претстави и карти, како и од гледна точка на развојот

на природно-историските знаења. Во штабот на Александар имало многу учени и културни Грци, кои внимателно го истражувале Истокот и ги проучувале неговите производни сили. Подемот на позитивните знаења во епохата на елинизмот, исто така, својата основа ја има во походот на Александар.

По враќањето од Индија, Александар ја продолжил својата политика на ориентализација. Инцидентот кај Хифасис послужил и како поттик во таа насока, зашто Александар сфатил дека и македонската пешадија не можела веќе да биде надежна потпора. Затоа решил да ја замени македонската армија со персиска, ако не целата, тогаш барем во поголемиот дел. Александар собрал неколку илјади персиски младинци, деца на персиската аристократија, и почнал да ги обучува. Но, со тоа работата не завршила. Александар наредил да се земат околу 30.000 Персијци во армијата. Во врска со тоа, откако се вратил од Исток, Александар решил да ги распушти своите македонски ветерани. Кога војската дознала за тоа, во градот Опис, во воениот логор поставен кај среден Тигар, избувнало востание во македонската пешадија. Тоа било толку сериозно што Александар требало самиот да се јави за да ги смири војниците. Откако уапсил една група „поттикнувачи" со ветувања успеал да ја успокои армијата. Работата завршила со примирје. Александар ги распуштил по домовите само оние ветерани, кои го сакале тоа. Распуштените биле богато наградени, а од останатиот дел на пешадијата била формирана гардата, која, според ветувањето на Александар, требало кај него да има предност. Персиските војници се нашле на второ место.

Истовремено со тоа се случува натамошната ориентализација на битието и карактерот на сите кои го опкружувале Александар. Тој сметал дека едно од средствата да се претопат Европа и Азија може да бидат браковите меѓу Македонците и Персијците. Во 324 г. веднаш по враќ ањето од походот, во Суза, Александар организирал една оригинална градска свадба. Во еден ист ден 10.000 Македонци се ожениле за 10.000 Персијки, за што самиот Александар дал пример. Тој уште порано, кога бил во Бактрија, се оженил за бактриската принцеза Роксана, а тука веднаш стапил во брак со уште две персиски принцези, ќерки на Дариј. Но, по смртта на Александар, мнозинството од Македонците се развеле од своите Персијки.

Во тоа време тој испратил едно послание до грчките градови со кое барал тие да го признаат за бог и да му укажат божествени почести. Во Грција на тоа гледале со иронија, но рекле: „Штом Александар сака, нека биде бог". Во секој случај, му укажале божествени почести и го признале за син на Зевс.

Какви реформи спровел Александар по создавањето на светската монархија?

Во тој однос, малку било направено. Периодот по враќањето од Исток и неговата смрт бил толку краток, што било невозможно да се спроведат големи реформи. Затечената во персиските држави поделба меѓу сатрапите се зачувала и во времето на Александар, а во некои одделни случаи била дури зачувана и власта на месните династи (во Индија, царот Пор). Мнозинството од помошниците на источните сатрапи во времето на Александар биле Персијци. Тоа е многу карактеристично за неговата политика. Но, Александар се грижел да го замени персиското влијание со грчко-македонско. Ете зошто началниците на војските кај сатрапите биле, пред сè, Македонци. Финансиите кај сатрапите биле, исто така, во рацете на македонските благајници.

Походот на Александар во Индија и неговиот обид да стигне до Големиот океан на исток несомнено покажува дека тој имал план да создаде една светска (според тогашните претстави) монархија. Ете зошто уште со враќањето во Вавилон, Александар почнал да подготвува план за некаков поход кон запад. Во врска со подготовките на тој поход, Александар испратил неколку експедиции да истражат одделни делови и границите на својата монархија. Ние знаеме за организирањето на една експедиција, која требало да го истражува крајбрежјето на Каспиското Море.

Требало да дознае дали тоа било внатрешно море или залив на океан. Изгледа, касписката експедиција не дала никаков резултат.

Другите експедиции веќе се наоѓале во непосредни врски со планираниот поход на запад. Александар испратил неколку одреди, кои требало да ги истражат бреговите на Персискиот залив и јужното крајбрежје на Аравија.

Кон што лично се стремел Александар?

Историчарите велат дека тој имал план за освојување на Западот, т.е. Картагена и Италија. Според сведоштвата на Плиниј, кај него малку пред смртта пристигнала делегација од Рим со која биле договарани некакви дипломатски односи со Запад. Но, сепак тие претпоставки за план да се заземе западната половина на тогашниот свет се јавуваат како хипотетички сомнителни.

Едно е сигурно: Александар во предвечерието на неговата смрт подготвил некаков поход кон Запад. Есента 323 г. во Еуфрат околу Вавилон имало голема флота и била подготвена, па дури еден дел поставен и во корабите. Александар дури дал наредба флотата да исплови. Во тој момент Александар заболел, според секоја веројатност, од маларија. И тој, како и неговиот организам, бил изнасилен од напрегања во последните години, како и од секаков вид излишности, па тој не можел да ја победи

болеста. Александар заболел на 12-13 јуни 323 г. и умрел во Вавилон на 32-годишна возраст.[109]

Веднаш по смртта на Александар почнале неговатата хероизација и величење. За приврзаниците на Александар на Исток таква хероизација политички дури била апсолутно неопходна. Требало да им се покаже на народите на Исток дека тој што ги завладеал не бил обичен човек, туку, суштински, „Богот“ Александар. Затоа и во целата следна епоха на Исток здраво бил сочуван култот за Александар. Тој се одразил и во античката историографија во вид на една крајна идеализација на личноста на македонскиот освојувач, а од таму минал и во историографијата на новото време. Буржоаската историографија дури до наши дни продолжува да го идеализира Александар така што за неа тој е првиот колонизатор на Истокот, а со неговото име таа сака да ја оправда колонизаторската експанзија на европскиот капитализам.

Ние немаме основа да го идеализираме Александар и можеме многу објективно да се однесуваме спрема него. Ние знаеме дека тој бил еден велик човек, со многу голем, широк видокруг, железна енергија и голем темперамент. Но, исто така, знаеме дека во неговата дејност немало ништо „натчовечко“. Александар се потпирал на еден голем воен апарат, оставен во наследство од Филипа, и дека се борел против еден извонредно слаб противник. Делото на Александар историски било неопходно и одлично подготвено - со тоа, имено, се одликува големината на неговите освојувања и неброените наследства што тие ги оставиле.

## Римската дипломатија и Македонија

Рим - градска република - почнува да се преобратува во светска држава - Римска Империја... Во III - II век пред нашата ера Римската дипломатија ја достигнува највисоката точка на својот развој. Тоа се совпаѓа со најзатегнатиот период од борбата со Втората и Третата Пунска војна и со војните на Рим против елинските царства. Противник на Рим беше Картагенецот Ханибал - генијален дипломат и стратег. За првпат римската и картагенската дипломатија силно се судираат по прашањето за сојузниците. Поради еднаквоста во вооружените сили на Рим и Картагена, уште на самиот почеток на војната станува јасно дека најзиниот исход во значителна мерка ќе зависи од односот на завојуваните држави кон

[109] По смртта на Александар Велики, како резултат на редица војни за неговото наследство, се формираат три големи елински царства: 1. царството на Птоломеите во Египет; 2. царството на Селевкидите во Азија и 3. царството на Антогонидите во Европа.

неутралните области на соседните варварски народи и особено на грчко-латинските држави. Поддршката што му ја даваа на Ханибал неговите сојузници-нумидиските кнезови, шпанските и галските племиња - не беше доволна. Во таква критична состојба требаше да се бара излез подалеку, зад границите на римско-картагенскиот свет. Тогаш Ханибал го насочил погледот кон Исток, кон грчко-елинскиот свет.

Од елинските држави најблиску до Италија се наоѓаше Македонија. Имено, кон македонскиот цар, пред сè, ги насочи своите дипломатски мисии затворениот од Италија, Ханибал. Во тоа време Македонија била управувана од Филип V (221 - 179 г. пр. н. ера), енергичен и властољубив човек, кој според карактерот личел на Филип II. Слично на својот прадедо, тој се стремел кон создавање на велика Македонија, во која би влегол целиот Балкански Полуостров, од Егејско до Јадранско Море. За постигнувањето на својата цел Филип требаше, пред сè, да ја надмине грчката расцепканост и да ја потчини Грција на своето влијание. Со други зборови, да ја реши истата политичка задача што на времето си ја поставија сите македонски цареви, почнувајќи од Филип II. Така, предлогот на Ханибал за сојуз и за војна против Римјаните падна на добро подготвен терен.

Во 215 година пред нашата ера меѓу Филип и Ханибал бил потпишан пријателски договор. Договорот почнува со завет и ветување дека ќе живеат во заемна дружба, братство и верност за вечни времиња... Натаму, се истакнува дека македонско-картагенскиот сојуз е трајна гаранција за мир и за цврстина на меѓународните односи.

Договорот меѓу Ханибал и Филип предизвикал страшна вознемиреност во Рим. Практично, македоно-картагенскиот пријателски свет имал две сфери на влијанија - источната половина преминувала кон Филип, а западната кон Ханибал. При таква поделба за Рим не останувало место на земјината топка. Станало извесно дека Филип брзо подготвувал голема флота во Јадранското Море што тој имал намера да ја испрати на Сицилија на помош на Ханибал. Освен општополитичките и воените причини од засилувањето на Македонија на прво место страдаа интересите на римската трговија во Јадранското Море.

Со цел да ги избегнат опасните последици од македоно-картагенскиот сојуз, Римјаните веднаш му објавиле војна на Филип. Во таа, таканаречена Прва македонска војна (214-205 г. пр.н.е.) и во следните други војни дипломатијата играше не помала улога од борбите со оружје. Римјаните со ретко искуство умееја да ја искористат вековната војна меѓу Македонија и Грција од една страна и внатрешните противречности на Грција и на целиот елински свет од друга.

За борба против Филип, Римјаните организираа сугестивна анти-македонска коалиција на грчките држави. Во неа влегоа два сојуза, најсилни

во воен и политички однос: Спарта и Етолискиот сојуз, кои стравуваа од зајакнувањето на Македонија. Во 211 г. пр.н.е. меѓу Римјаните и Етолијците бил склучен пријателски сојуз. Рим ги добил морското крајбрежје на запад и некои острови, како и Јадранското Море, а Етолијците ги задржале сите територијални придобивки во просторот од Грција до Мала Азија. Тоа значеше дека Македонија е отсечена од запад и на исток од морето и се претвора во континентална држава. По тој повод, римскиот проконзул Марк Валериј Левин со гордост му соопштува на Сенатот дека со договорот тој му ги врзал рацете и нозете на Филип.

Филип очајно се спротивставувал, но на крајот бил принуден да отстапи. Во 205 г. пр.н.е. во епирскиот град Феник бил потпишан мировен договор меѓу Рим и Македонија. Филип се согласува да направи територијални отстапки спрема Рим и, што е најважно, се откажува од сојузот со Ханибал.

Неуспешниот сојуз на Картагена со Македонија не го принудил Ханибал да ги предаде своите позиции. Во замена за тоа тој сега замислува уште поширока и пострашна за омразениот „западен варварин" тројна коалиција - Сирија, Картагена и Македонија. Тројниот сојуз е само еден дел од грандиозниот план предложен од картагенскиот вожд. Ханибал мислеше да го потпали оганот на востанието во Етрурија, Лигурија и Цизалпска Галија. Во тоа време самиот Ханибал требало неочекувано да се појави пред портите на Рим. Во случај на реализирање на тој план, „вие, вели Ханибал, ќе ги имате против Римјаните обединетите сили на Азија и Европа. Силата на Рим се состои не во неговата воена моќ, туку во неговата способност да ги разединува своите противници...".

Римјаните ги насочија сите сили кон тоа да го спречат зацртаниот троен сојуз. Важно беше, пред сѐ, Филип да биде отсечен од таа коалиција. Во престолнината на македонскиот цар, во градот Пела, веднаш била испратена делегација. Главна улога во таа делегација играше младиот, талентиран Римјанин Тибериј Семпрониј Грах, татко на познатите народни трибуни, браќата Грах. Грах блескаво ја исполни довереноата мисија. Тој успеа да обезбеди пристап до царот. За време на еден пир во дворецот, кога царот бил во добро расположение, римскиот пратеник успеал да го придобие во своја полза. Филип им ветил помош на Римјаните против Антиох, кој недоволно го поддржувал во претстојната војна. И навистина Филип ги исполнил своите ветувања. Римската војска, испратена кон Азија, слободно минувала преку македонските територии.

Предаден од својот сојузник Филип, Антиох претрпел од Римјаните два големи порази: кај Термопилите во Грција (191 г. пр.н.е.) и потоа кај Магнезија во Мала Азија (190 г. пр.н.е.). Потоа бил приморан да склучи мир.

Мировниот договор бил потпишан во градот Апомеј во Сирија (188 г. пр.не.е.). Сириското царство било лишено од политичка самостојност и

намалено по големина. Еден дел од земјите биле предадени на римските сојузници, а малоазиските градови биле приклучни кон Рим.

Еден од главните услови за мир бил предавањето на Ханибал. Предупреден за опаноста од заробување, Ханибал се отрул. Ханибал се симнал од историската сцена, но неговиот план за опкружување на Италија ја сочувал силата во целиот нареден период. Запалениот од него пожар на војната наскоро избувнал со нов жесток пламен.

Неколку години по сириската војна следувала нова македонска војна (171-168 г. пр.н.е.) со Персеј, младиот син на Филип V. За Римјаните, кои биле зафатени по други фронтови, таа војна била полна со изненадувања. Сите предности биле на страната на Македонија. Наспроти тоа, Персеј загубил исклучиво поради дипломатски грешки.

Првиот неуспех Персеј го доживеал околу Ахејското прашање. Најсилна држава во тоа време била Ахејскиот сојуз, на чие чело стоел градот Коринт. Во желбата да го привлече тој сојуз, Персеј се обратил со писмо до сојузното собрание, предлагајќи му да влезе со него во пријателски сојуз. Притоа тој ветил да им ги врати на ахејските градови робовите, кои дотогаш наоѓале засолниште во Македонија. Меѓутоа, поискусната дипломатија на Рим се откажала од противакција на обидот на Персеј.

Обраќањето на Персеј предизвикало жешки дебати во многубројното собрание. Мнозинството од собранието било склоно да го прифати предлогот на Персеј за возобновување на сојузот со Македонија. Но, во последен момент, со вешта маневра, предлогот бил отфрлен од ахејските архонти (старешини), приврзаници на Рим. Тие рекле дека Персеј, чие писмо содржело само неколку реда, потценувачки се однесувал спрема ахејскиот народ. За толку важна работа, рекле тие, не е доволна дури и една делегација, а не само кратко писмо.

Решението на собранието било да се одбие предлогот на Персеј. А кога по неколку дена пристигнала нова делегациоја, таа не била пречекана од страв да не биде предизвикано незадоволство кај Римјаните. Така, дипломатскиот чекор на Персеј останал неуспешен.

Не помалку мајсторски Римјаните го искористиле и го продлабочиле конфликтот меѓу Македонија и Пергам заради Хелеспонт и малоазиското крајбрежје. Од страв да не бидат тие места приграбени од Македонија, пергамскиот цар Евмен го побарал посредувањето на Рим. Во Рим, Евмен наишол на восхитувачки прием. Било организирано вонредно заседание на сенатот на кое пергамскиот цар поднел извештај за воените подготовки на Персеј. Како благодарност за таа информација сенатот го прогласил

Евмен за „најдобар пријател“ на римскиот народ и со него склучил сојуз. Изненаден од предавството на Евмен, Персеј се обидел да се справи со него со помош на изнајмени убијци. За таа цел тој договорил

неколку лица, кои требало да го убијат Евмена за време на неговото поклонение во Делфи, при враќањето од Рим. Заседата била подготвена во теснината околу патеката, што водела кон оракулот. Заговорниците фрлиле од високата скала две огромни стени врз Евмена, кој минувал во тој момент, тешко го раниле, но не го убиле. Заговорот не успеал и Евмен наскоро се вратил во Пергам. Само по себе, се разбира, дека тој обид не соодветствувал за зајакнување на политичките позиции на Персеј. Сега Персеј имал двајца непријатели - Рим и Пергам. Во претстојната војна меѓу Рим и Македонија, Евмен се борел на страната на Рим и на Римјаните им пружил големи услуги.

Наспроти прекинувањето на дипломатските односи со Пергам, Персеј продолжил да претставува многу сериозен противник за Римјаните, кои не ризикувале да влезат во отворен судир со него. Поради тоа, тие се грижеле по секоја цена да ја одложат војната, искористувајќи го времето за што подбро да се подготват за претстојната воена кампања. Персеј ја испуштил од предвид таа околност, но ја искористил предноста на својата положба и не започнал на време воени активности. Без да губи надеж за мирно разрешување на конфликтот, тој почнал преговори со римскиот легат Квит Марциј Филип. Се разбира, Марциј го примил предлогот на македонскиот цар за започнувањети на мирни преговори и го одредил местото за средбата. До средбата требало да дојде на реката Пенеја, во Тесалија.

Во определениот ден и час на посоченото место пристигнуваат македонскиот цар и римскиот легат со своите свити. Средбата привлекла многу набљудувачи. Од сите страни во толпа пристигнувале околните жители - мажи, жени и деца. Преговорите почнале со спор околу формалностите - кој прв треба да мине низ реката и со колку луѓе. Едни сметале дека треба да се даде предност на царското достоинство, а други на името на римскиот народ, уште повеќе што преговорите следувале по молба на Персеј. Марциј го решил спорот со шега кога рекол дека синот треба да оди кај татка си. Тој се викал Филип, како таткото на Персеј. Персеј отстапил и по второ прашање. Тој сакал да ја премине реката со целата свита, а Римјаните се согласувале само за тројца луѓе. На крајот, проблемот бил решен со компромис. Царот ќе ја премине со целата свита, но за да се избегне каква било подлост од негова страна за време на преговорите, тој дал заложници.

Таа празна формалност имала многу сериозно значење. На целиот народ и на сите сојузници им покажувала дека средбата на македонскиот цар со пратениците на Рим се одржувала „не како рамен со рамен“. По тоа Марциј и Персеј се поздравиле не како непријатели, туку како пријатели,

седнале еден до друг во подготвените фотелји и најпосле ги почнале преговорите. Преговорите биле водени во форма на прашања и одговори.

Притоа иницијативата за сето време останала во рацете на римскиот претставник, кој ја играл улогата на државен обвинител.

Марциј љубопитно ги ислушал одговорите на Персеј и изгледа во знак на сочувство му предложил да испрати пратеници во Рим, а до пристигнувањето на одговорот да склучат примирје. Персеј се согласил, а Марцеј токму тоа и го посакувал. „Примирјето беше неопходно за Римјаните, зашто во тоа време уште ништо како што треба не беше подготвено за војна - ниту војска ниту вожд".

Така, со лага, искористувајќи ја довербата на својот пријател, римскиот легат постигнал многу важни резултати. По враќањето во Рим, Марциј и неговиот колега Ахилиј се фалеле со својата победа, со тоа како тие „давајќи лажни надежи за мир, го излажале Персеј".

Во 168 година пред нашата ера кај Пинд Персеј претрпел целосен пораз од Римјаните, што во значителна мерка се јавил како резултат на неговите дипломатски грешки. Македонија ја изгубила својата политичка самостојност и станала зависна од Рим. Решавачка улога во таа битка одиграла пергамската коњаница на царот Евмен, сојузник на Рим. Таа околност е постојано карактеристична за Рим. Римјаните секогаш претпочитале да водат војни не со сопствените сили, туку со силите на своите сојузници, и не на своја, туку на туѓа територија. Во проучуваниот период таква неутрална страна, на чија територија се водеа бескрајни војни беше Грција.

Истата година римската дипломатија оствари уште една победа, над сирискиот цар Антиох IV, син на Антиох III. Од тој момент Египет потпадна во сферата на римското влијание, постепено губејќи ја својата политичка самостојност додека најпосле не се претвори во римска провинција. Античките историчари го посочуваат тој факт како пример за најголемата дипломатска победа на Рим, која стана светски позната.

По претворањето на Македонија во римска провинција, дојде на ред Ахејскиот сојуз, кој сè уште ја имаше зачувано својата независност. Борбата за Ахејскиот сојуз беше долга и понапната. Надворешните и внатрешните противречности беа заплеткани како измешано клопче. Римјаните ги искористија социјалните противречности внатре во самиот сојуз. Потпирајќ и се врз поддршката на ахејските олигарси, крупни робовладетели, тие дејствуваа против демократските елелемнти, чија главна маса се состоеше од занаетчии, слободни и ослободени. На крај тие успеаја да го обеземјат Ахејскиот сојуз и да го подготват неговото воено уништување.

Ахејските вождови ја поврзаа агитацијата против Рим со борбата против сопствената плутократија: тие ги отпишаа долговите, ја прогласија

поделбата на земјата, ја објавија слободата на робовите итн. Двете страин - Рим и Ахејскиот сојуз на чело со Коринт, започнуваат брзо да се подготвуваат за војна. Врховен стратег на Ахејскиот сојуз од 147 г. пр.н.е. беше Диеј, човек со голема енергија. Диеј ги мобилизира сите сили за одбрана на татковината, објави општа мобилизација, ги оптовари богатите со високи даноци, ја објави слободата на робовите итн. Така беше создадена доста сугестивна демократска сила. Меѓутоа, општата состојба на Ахејскиот сојуз не беше позитивна. Силите на населението беа истоштени поради масовното напуштање на робовите, производството беше уништено, општото расположение беше понижено, насекаде царуваа жал и депримираност.

Ахејските олигарси, чии симпатии беа на страната на Рим, од сето тоа имаа корист. Тие гледаа на Римјаните како на спасители од сите проблеми. Таму каде што се појавуваа Римјаните, олигарсите ги пречекуваа со радосни повици и со маслинови гранчиња во рацете.

Главната битка меѓу римските и ахејските војски се случила кај Левкопетри, на Истма, во 146 г. пр.н.е. Римјаните победија. Еден дел од ахејската армија беше заробен, а друг дел беше убиен или се разбега. Самиот Диеј побегна во родниот град Мегалопол, каде се самоубил.

Во истата 146 г. пр.н.е. беше освоена Картагена и со тоа се стави крај на третата Пунска војна (149-146 г. пр.н.е.).

Со покорувањето на Грција и Картагена завршува првиот, најтежок период на римските освојувања. Од средината на II век пр.н.е. римскиот полис се променува во световна средоземноморска држава, а самиот град Рим во центар на средоземноморската трговија, на парично-лихварски операции и на робовладетелството. Паралелно со тоа се менуваше и политичкото уредување на римската држава, која се оформуваше во средоземноморска империја.

По приклучувањето на победените во басенот на Средоземно Море, каде противници на Римјаните беа држави со висока култура, Рим започна да ја шири својата власт врз помалку културни области и народи, чии граници беа соседни на Римјаните. Во првата половина на II и I век пред нашата ера, Рим водеше голема политика на исток - во Мала Азија и Сирија, и на север - во Галија, Германија и Британија. Најблескав претставник на тој период од историјата на римската дипломатија е Гај Јулие Цезар. Своите дипломатски дарби тој ги манифестираше со особен сјај за време на галската кампања (58-51 г.). Во тоа време Галија преживуваше длабока внатрешна криза. Старото првобитно уредување се менуваше со државно. Кон старото непријателство на племињата беше се надоврзале и социјалните противречности меѓу различните групи на галското население. Цезар во голема мера мајсторски ги искористил тие противречности во интерес на

римската држава. Со помошта на „римските пријатели“, тој почнува да организира општогалска конфедерација. Цезар успева да го стори тоа конфедерацијата да го прогласи за вожд и заштитник на општогалските интереси. Тој чисто дипломатски чекор ја олеснува неговата задача да ја покори Галија.

Откако ги разделуваше своите противници, а ги приближуваше и обединуваше своите приврзаници, кон крајот на 52 г. Цезар целосно ги потчини на Рим галските племиња. На тој начин, благодарение на Цезар, една од најбогатите области во тогашна Западна Европа - Галија, која во себе ги вклучуваше сегашна Франција, Белгија и дел од Германија, беше присоединета кон римската територија. Политиката на Јулиј Цезар во Галија, Германија, Британија и особено на Исток беше продолжена од неговиот син Октавијан Август, првиот император (принцепс). Од Август почнува историјата на Римската Империја, која продолжи околу 500 години (I - V век на нашата ера).[110]

## Распаѓањето на Македонското царство

Првично Македонија била поделена на две нееднакви области - на горна (планинската) и долна (рамнинската) Македонија. Во втората област влегувале крајбрежните земји, што се наоѓаат меѓу реките Места и Пиниос (Силембрија), а во првата сите внатрешни и северозападни земји до Илирија. Тоа било првото и природно разграничување на областа што било зачувано до заземањето на македонската држава од Римјаните, 168 г. пр.Хр.

По завладувањето на Македонија од Римјаните, старото Македонско царство било поделено на четири области. Во првата област влегувале земјите што се наоѓаат меѓу реките Места и Струма, заедно со стариот град Авдира, како и градовите Маронија и Енос и позападно од Струма градовите Висалтија (денес с. Суво) и Хераклеја (која се наоѓала според едни до денешен Демир Хисар, а според други до Долна Џумаја). Во втората влегувале земјите меѓу Струма и тие до Пеонија и реката Вардар, во третата земјите меѓу Вардар и Тесалиската река Пениос (Салмабрија) и планинскиот венец Веринијан (Турла) со градовите Бер и Воден. Четвртата, пак, и последна област ги вклучувала сите земји меѓу планините Вермион и Илирија, од една страна, и Епир, од друга.

[110] Од „Историја на дипломатијата“, стр. 61 и др.

За престолнина на првата област бил определен Акфипол, на втората Солун, на третата Пела (до Ениџе-Вардар) и на четвртата Пелагонија (Битола).

Во горните четири области биле назначени воени началници, кои собирале даноци, а, пак, за нивни советници биле избирани локални жители. Последната околност ги радувала Македонците, кои мислеле дека за напредок на нивната област ќе бидат управувани од Римјаните во спокоен и поднослив живот. Ни најмалку не претпоставувале дека Рим ќе им наложи Драконски закони, кои ниту ги замислувале. Тие ограничувачки мерки биле следните: Не се дозволувале жинидби меѓу одделни населенија од четирите области, исто така, се забранувало движењето на жителите од една во друга област, престанала секаква трговска размена меѓу нив, се забранила работата на златните и сребрени рудници, зашто се дозволила употреба само на бакар и железо... Не се дозволувало да се внесе сол од надвор, а населението требало да се задоволува од локалното производство, па бидејќи четвртата област, со оглед дека не била морска, не произведувала сол, монополот бил отстапен на северните жители - на Дарданите (денес во Скопско), кои си ја купувале од третата област и ја пренесувале во градот Стоби (денешно Градско) каде се определувала цената.

На Македонците им било забрането да имаат кораби, ниту да градат такви, исто така, им било забрането да имаат војска, освен во првата област, додека втората и четвртата можеле да имаат гранични стражи од наемни војски, кои ги чувале областите од непријателски навлегувања и ограбувања од соседите. На населението му било забрането да држи какво било оружје, пронајденото, пак, било одземано, а полуксузното и скапо било испраќано во Рим, останатото едноставно собирано на куп и палено.

Последната и најнечовечка мерка била таа што на сите управници, дворски советници, генерали, чиновници и на сите оние кои ѝ служеле помалку или повеќе на татковината во времето на Персеј им било заповедано заедно со нивните деца над 15-годишна возраст да ја напуштат родината и да заминат за Италија и таму да завршат со својот земен живот. Оние кои не сакале доброволно да заминат, ги очекувала смрт! Така, снисходливите Римјани со железни окови ги врзувале непослушните Македонци и потоа ограбувале сѐ што е вредно и ја соголиле буквално целата област.

Откако Емилиј Павел ги исполни тие наредби на Римската управа и по успешното завршување на поставената задача, го празнуваше тој настан со богата трпеза, на која биле поканети претставници од цела Азија и Европа, исто така, биле поканети прочуени артисти, музиканти и борци од

Истокот и Елада, кои биле богато наградени и сите биле царски примени и дарувани со скапи дарови, а покрај тоа донесеното и собрано оружје било запалено на клада.

На гостите им биле покажани земените скапи богатства на македонските цареви: разни статуи и бисти од слонова коска и злато и од други метали, скапоцени слики и богато украсени килими, како и скапоцени златни и сребрени садови, кои потоа биле испратени во Рим. Кога прославата завршила, при заминувањето на гостите Емилиј Павел, за да ги понижи победените жители, се бакнувал и прегрнувал со Грците, а потоа им се обраќале на Македонците велејќи им: „Помнете ја добро дадената слобода од Рим, што ќе треба да ја чувате со слога и почитување на законите".

Бидејќи задача на Емилиј Павел била да ги покори Македонците и нивните сојузници, заминал за Епир, зашто царот Персеј имал војници под негова команда, родум од Епир. Штом стигнал, дал наредба да се ограби целата област на Пинд и околните градови.

При исполнувањето на тој гнасен проект и за да може да го спречи секое спротивставување на локалното население, ја употребил следната итрина: во сите епирски градови, кои тогаш растеле и биле богати, испратил римски воени началници и војска, кои сакале лажно да објават и да го уверат населението дека во иднина и Епир ќе ги користел истите слободи што им биле дадени на Македонците. За тоа од секој град биле земени по десетина првенци како заложници, кои требало да го соберат од градовите и храмовите сето злато и сребро и да го однесат на локалниот плоштад. Истовремено со тоа, на ненаситните римски војници им била дадена заповед во определен час да ги заземат сите градови и села, да го разграбаат собраното злато и сребро и да ги ограбат градските куќи, а сите жители да бидат заробени. Така, во исто време биле заземени 70 града и 150.000 жители биле земени како плен, а потоа ги продавале како животни за робови. Тој ден биле ограбени толку многу богатства, што на секој римски војник му се паднало: на пешадинец по 200, а на коњаник по 400 динари.

Така, трагично заврши македонската војна што започнала без да има посебни причини, туку само предизвикана од Римјаните зашто тие стравувале од силната македонска монархија. Таа војна продолжила четири години, откако првите три победата наклонувала кон Македонците, но поради мрзливоста и големото среброљубие на царот Персеј, заврши во полза на Римјаните. Несреќниот цар Персеј беше заробен заедно со својот син, ќерка и сопруга, како и сите дворски советници, воени команданти, кои служеле кај него, вкупно над 250 души, сите биле однесени во Рим и влечкани по улиците како последни разбојници и на крајот биле фрлени во подземјето на затворот „Алба", каде во темнината и нечистотијата, меѓу разбојници и убијци требало да починат.

# Востанието на Македонците под водство на Андришко т.н. псевдофист (лажниот Филип)

Многу бргу Македонците разбрале дека строгите и неподносливи римски наредби им го понижувале достоинството и барале повод да земат оружје против своите управители за да го скршат железното ропство, што им било наметнато. Биле поминати близу дваесет години (168-148) под ропство кога се појавил некој си Андришко*, личност произлезена од прост род, но имајќи голема можност покрај царот Персеј се претставил како негов син по име Филип и тој прв се кренал против Римјаните.

Во почетокот нему никој не му верувал и тој бил принуден да побара помош од сирискиот цар Димитриј, кој меѓутоа наместо побараната помош, го уапсил и врзан го испратил во Рим. Кога стигнал таму се дознало дека тој не е никаков син на Персеј, зашто вистинскиот 18-годишен негов син Филип одамна починал во затвор. Така, Римјаните го примиле Андришко како недоветен и го ослободиле, а тој, пак, полн со решителност одново се вратил во Македонија. Тука веќе почнал да собира војска, откако преземал дури и доста градови се облекол во царска облека и како цар собрал околу себе доста Тракијци, кои не го поднесувале римското ропство. Откако околу него се групирале доволно воени сили ја заземал не само цела Македонија, туку преземал и многу градови во Тесалија.

Тие ненадејни акции на лажниот Филип ги вознемириле римските управници и од таму го испратиле Скипион Насико за мирно да ги среди работите. Меѓутоа штом тој стигнал во Грција и дознал дека во

Македонија положбата не е таква каква што ја претставувале римските управници, прво ги информирал во Рим, а потоа во Грција собрал војска, која била во сојуз со Римјаните, и заминал за Македонија да ги сопре разбунтуваните Македонци.

Кога римските управници ја дознале вистинската ситуација во Македонија, го испратиле командантот П. Хувентиус** со многубројна војска, која штом стигнала таму влегла во жесток судир. Притоа командантот бил убиен, поголемиот дел од војската му била разбиена и уништена од востанатите војски на Андришко, а останатите римски војски ноќта се разбегале. Кога во Рим се дознало за поразот на нивната војска, испратиле поискусен командант - Кундиј Кочилиј Метелус***, со многубројна војска. На помош му притекнал и Аталус со многубројни кораби.

---

* Се однесува на Андриск.

** Се однесува на Публиј Јувенциј.

*** Се однесува на Квинт Цецилиј Метел.

Лажниот Филип лишен од предвидување, не собрал кораби за да го заштити крајбрежјето од напади од море, притоа можел да напредува до околината на Пинд каде започнал борба со коњаницата и ги натерал Римјаните на отстапување. Таму Андришко забележал многубројни пешадиски чети, се завртел назад и ја поделил војската на два дела. Едниот дел го испратил да ги заштитува премините, што воделе кон Тесалија, а другиот на чие чело застанал тој ги заземал македонските премини и така го спречувал напредувањето на римските војски. Истовремено Андришко собрал војски од Тесалија со кои го нападнал римскиот генерал, но ќе биде победен. Тоа се случило во 147 г. пр. Хр. Во таа битка Андришко изгубил 25.000 луѓе, а самиот се скрасил во едно мало царство - во Виза, и подоцна му се предал на самиот Метелус, кој окован го испратил во Рим. Така, лажниот Филип неславно ја завршил својата авантура, со што пропаднал и обидот на Македонците да се ослободат од римскиот деспотизам.

Пет години по задушувањето на бунтот на Андришко, т.е. во 142 г. пр.Хр. се појавил друг востаник по име Александар, кој се претставил повторно како син на царот Персеј и со големи ветувања, собрал десет, дванаесет илјади решителни војници и ги заземал месностите околу реката Места. Меѓутоа не можел да напредува кон запад зашто Македонците со горчливи искуства од обидите за востанија, што се покажале повеќе штетни, отколку полезни, не му дале никаква поддршка и Александар бил нападнат од самиот Метелус. Тој бил прогонет во областа на Дарданија (во Скопско), според едни извори, а според други истиот Александар бил убиен од својот благајник Тремелиус, а ова сведоштво се гледа како повистинито од првото.

## Македонија како римска провинција

Изненадени од однесувањето и неблагодарноста на Македонците, Римјаните ја прогласиле областа за римска провинција и ја покориле во вистинско ропство. Наложените од конзулот Павел Емилиј строги

ограничувања биле неподносливи за Македонците, но двапати построги биле тие што ги вовел Метелиус, како резултат на што дошло до упад во трите области каде се вршела трговија со сол и во градовите во кои биле обработувани златните и сребрените рудници, па тие сосема замреле. Оние, пак, градови во кои имало крепости и воени гарнизони наредиле ѕидините да се урнат како непотребни. Царските имоти, што биле околу Пела и езерото Волви (денешното Бешик), едни од најплодните, Павел Емилиј ги распродал.

Строгите забрани за трговска размена, за женидби меѓу жителите од една во друга област биле укинати, зашто се покажале повеќе како штетни. Границите на Македонија биле фиксирани: од исток реката Места, од север до Дарданија (сегашното Скопско), кон запад до Јадранското Море и на југ била вклучена и Тесалија и границите се простирале заедно со Тесалија.

Кога Македонците еднаш ја изгубиле својата слобода и од Римјаните биле сметани веќе како робови, човек лесно може да си замисли какво било нивното расположение. Додека тие биле најсилната држава на полуостровот, која опстојувала наспроти притисоците на многубројните военољубиви соседни народи, сега лишени од својата самостојност, се покориле на судбината, рамнодушно гледајќи како римските управници грабале, убивале и жестоко ги измачувале жителите на таа несреќна област.

Римските чиновници до тој степен ги занемарувале границите на Македонија, што освојувачките соседи навлегувале во областа и го разориле познатиот римски пат „Виа Тихција“ и стигнале до предворјето на престолнината Солун. Жителите на градот тогаш се организирале и им пружиле силен отпор на напаѓачите. Римските управници и чиновници, пак, срамно ги отстраниле стражите, се качиле на корабите и се оддалечиле на море. Римските проконзули и чиновници извршиле толку грабежи и злодела, што народот кога бегал в лице им испратил клетви, зашто не ги поштедиле дури ни храмовите од каде го собрале сето богатство и скапоцености и ги испратиле во Рим. Сите тие управници се натпреварувале кој повеќе ќе изврши поголеми грабежи, иако Цицерон ја нарекуваше Македонија „провинција верна на римскиот народ“.

Опустошувањата, грабежите и римските варварства, што самиот тој ги опишува, како и Либиј, се разбира, ни одалеку не биле пријателски за управниците и сите тие грабежи, злодела и други злосторства сведочат за тоа какви пријателски чувства и позитивно расположение негувале Македонците спрема своите освојувачи.

Освоените од Рим провинции биле најбеспоштедно експлоатирани. Тие служеле како богат извор на даноци за римската држава. Римските чиновници, кои ги управувале освоените области, и римските војници беспоштедно го ограбувале населението во тие области. Резултатот од тие војни и од максималната експлоатација на освоените народи бил општо разурнување на производствените сили. Општото влошување на состојбата на патиштата за одржување на врските и на односите, назадувањето на населението, назадувањето на градовите, враќањето на земјоделството на понизок степен, таков бил крајниот резултат од римското владеење како и насекаде во Европа, предна Азија до северноафриканското крајбрежје на Средоземното Море, така и на целиот Балкански Полуостров и, се разбира, Македонија.

# Македонија во време на римските и византиските императори

Пред пропаѓањето на римската република започнале трите големи заемни римски меѓусебни војни за владеење на државата и за хегемонија на светот. Две од тие војни имале свој воен театар и во Македонија, која била меѓу Италија и Истокот и служела како мост за минување од една на друга страна. Една од тие војни започнала во долината на Дурацо и завршила во Тесалиската рамнина кај Фарсал, меѓу Помпеј и Цезар, каде бил победен првиот.

Втората војна во 42 г. пр. Хр. се случила во долината кај Филип (околу Серското и Драмското поле) меѓу Брут и Касиј од една страна и нивните противници Антониј и Октавиј од друга. Првите, за да ги поттикнат војските, им ветиле  дека ќе им дозволат да го ограбат богатиот град Солун. Бидејќи победиле Антониј и Октавиј, Солун ја избегнал опасноста да биде ограбен од римските војници.

Победниците, поради верноста на солунските граѓани, му дале на Солун автономија и го нарекле „слободен град“ (Liberh civites), а бил  управуван според републиканските, наместо императорските закони. Во исто време, Македонија станала чисто римска провинција.

Солун одново бил нападнат од диви тракиски племиња, меѓутоа тие не можеле да нанесат никакви штети, со оглед дека крепоста била силна. Но, во 253 г. по Хр. при царувањето на императорот Валеријан Галиски во Рим, Готите го преминале Дунав, преминале преку Мизија и Тракија, стигнале до Солун, чии жители херојски се браннеле. Поради прикажаната храброст на солунците, императорот Валериј го прогласил градот за римска колонија. Во 268-270 г. Готите одново го опсаднале Солун и овојпат донеле орудија од кои исфрлале камења врз градските ѕидини, па императорот Клаудиј II пристигнал со големи воени сили и отстапил кон Пелагонија - Битолско.

Најстрашната и најголема трагедија, што е запишана во историјата, била таа што се случила на солунскиот хиподром во 390 г. по Хр. каде граѓаните биле собрани за да одлучат како да се казнат, според едни, убијците на помошникот проконзул, а, според други, виновниците и иницијаторите на бунтот поради апсењето на некој градски љубимец -кочијаш. Императорот Теодосиј, од шпанско потекло, наредил општ колеж на присутните посетители на хиподромот. Тие цели три часа биле колени и убивани, без разлика на положбата и возраста, туѓинци или месни жители, виновни или невини граѓани, над седум илјади души! Во градот тој ден не останало семејство, кое не оплакувало некоја своја жртва, било свој близок, роднина или пријател, а плачот и врисоците се слушале по

улиците и плоштадите низ целиот град. Малкумина имале среќа и успеале да се спасат бегајќи од масакрот.

Бидејќи Солун била втора престолнина на државата, тој се развивал многу бргу во производството, занетчиството и науката. Во Солун биле пренесени некои државни установи и имало изобилство од богатство. Народот се дал на луксуз, мрзеливост и сладострастие, па при царувањето на императорот Лев Мудриот потпаднал во најголеми страдања и несреќи, зашто славата за неговите големи и прочуени богатства ја предизвикале зависта и вниманието на Сиракузите и на Мохамеданите од Сирија и Феникија, кои се качиле на 154 пиратски кораби и отпловиле до прочуениот богат град. Кога императорот го дознал тоа, испратил еден од своите команданти за да ја подготви одбраната на Солун. Жителите, меѓутоа, не обрнале никакво внимание на надвиснатата опасност и останале вчудоневидени кога еден неделен ден забележале како во пристаништето влегуваат многубројните непријателски кораби и тогаш едвај разбрале со каква закана се соочува градот. Веднаш почнале да ги штитат ѕидините на крепоста од страната на морето, фрлајќи мермерни статуи и други споменици за да го затворат влезот во пристаништето и да го зачуваат градот од навлегувањето на непријателот во него, зашто во Солун биле собрани сите жители од околината.

Прво Арапите ги нападнале ѕидините од источната страна и од кај морето, но биле одбиени, а потоа се обиделе да ги отворат римските порти, ама не успеале и во тоа. Тогаш преземале нов напад од исток, кога ги запалиле и трите порти, што биле заштитувани од солунците и на крајот непријателите врзале по два кораба од кои почнале да фрлаат стрели и оган меѓу ослабените ѕидини на пристаништето од каде и успеале да влезат во градот.

Со преземањето на Солун, напаѓачите, од кои повеќето биле црни, навлегувале по куќите и извршиле општ колеж врз жителите, без разлика на пол, возраст и положба, а најдиво биле измачувани старците, свештениците и клерот. Црквите, кои биле преполни со народ, кој во нив барал прибежиште, биле преплавени со крв од колежот. Тие дивјаци не се задоволиле само со измачувањето на мирните граѓани, туку го запалиле речиси целиот град, а истовремено со пожарот, ги принудувале граѓаните да им ги покажат скриените пари и богатства, ветувајќи им дека на тој начин ќе им го поштедат животот. Откако собрале многу злато, сребро и скапоцености, напаѓачите имале намера да го запалат целиот град, но биле замолени од првенците да ги поштедат куќите, ветувајќи им дека за секоја сочувана куќа од пожарот ќе платат двојно или тројно повеќе, отколку што би чинела изградбата на нова.

Покрај тоа, непријателите избрале 22.000 млади од двата пола, кои ги заробиле и ги качиле на корабите. Повеќето од тие несреќници при долгото патување изумреле од глад и други измачувања. Останатите, живи биле одведени во Египет и Етиопија, а таму биле продавани како животни за робување. Таков бил крајот на страшната несреќа што го снашла градот Солун, во која не се знае бројот на убиените граѓани, како и на преживеаните млади, кои биле продадени во Африка.

По два века минати во мир и спокојство, период во кој владееле 22 императори, од 904-1185 г., над Солун, при царувањето на Андриник I, се надвила ненадејна опасност. Под водство на сицилискиот крал Вилхелм, наречен Освојувачот, Норманите, кои навлегле во Македонија и ја заземале речиси целата област, стигнале до Солун и го опсаднале и од копно и од море. По мал отпор градот бил преземен од нив. Иако Норманите ја проповедале христијанската вера, тие извршиле многу злодела, дури и пострашни од оние што ги направиле дивите Африканци. Штом навлегле во градот, поитале да ги заземат црквите во кои биле собрани жителите и со врескање и бесрамни песни ја омаловажувале богослужбата, а потоа ги нападнале несреќните богомолци. Немилосрдно ги измачувале, ги ограбиле храмовите, изнесувајќи сè што е вредно, дури и гробовите ги отворале одземајќи им ја облеката на умрените и на крајот ги пљачкосале жителите.

Нешто слично се случувало и за време на крстоносните војни. Уште во првиот крстоносен поход, изгладнетите речиси голи и боси селски маси, кои тргнале од западна Европа дури и без да знаат каде е Ерусалим, кога минувале низ Балканот поголемиот дел изумрел или бил убиен од Унгарците и Бугарите, а само помал дел стигнал во Цариград. При минувањето низ Македонија, тие правеле страшни опустошувања, измачувајќи и ограбувајќи сè што ќе им се испречело на патот до Цариград и Антиохија, тогашната престолнина на Сирија. Тие еднакво ги ограбувале како христијаните, така и мухамеданското население. Едвај во 1099 година Ерусалим бил преземен при што муслиманите биле масовно исклани. Не биле поштедени дури ни жените ни децата. Притоа биле разурнати многу споменици.

Во време на четвртиот крстоносен поход во 1204 година, кога крстоносците го заземале Цариград, биле разурнати многу монументални згради и паметници, а ограбени биле и огромен број цркви... Така што крстоносците дури не мислеле да го „ослободат господовиот град“, туку патувале и се бореле само за да ограбуваат и материјално да се обезбедат со материјални богатства. Во тоа време, значи во времето на четвртиот крстоносен поход, Бонифицио Момферато го заземал Солунското царство и наметнал високи даноци што жителите не можеле да ги поднесат, а

како последица на тоа тие се побуниле против новите управители. Во тоа востание биле убиени голем број солунски граѓани. Покрај тоа власта минала во рацете на византиските императори (од 1222 г.) до доаѓањето на Турците. Во 1261 година Византија, иако веќе востановена, никогаш повеќе не можела да се поврати од опустошувањата на крстоносците...

Во време на Палеолозите[111], Солун станал јаболко на раздорот меѓу двајцата Андрониковци и претрпел многу злодела, бидејќи бил на страната на постариот Андроник, кој ја држел крепоста и господарел со

ситуацијата. Го наследил неговиот син Јоан, од кого власта минала кај Мануил (1391-1422 г.), кој сметајќи на пријателските врски со Мохамед I, ја поделил државата - Македонија, меѓу неговите синови. Поради нивните меѓусебни раздори и несогласувања тие станале лесен плен на Мурат II, кој им ја преземал власта и од тогаш, 1371 година, Македонија припаѓа веќе на Отоманската држава.

* * *

Во тоа време, во времето на Римјаните, Македонија претрпе разни злосторства и несреќи од многубројните освојувачи и од природните несреќи, како епидемични болести, глад и земјотреси. За време на царувањето на императорот Маврикиј, 597 година, се појавила страшна епидемија кај домашните животни, особено кај свињите, која се проширила и кај луѓето, најмногу кај возрасните, а поштедени биле само постарите. Тогаш биле дадени илјадници и илјадници жртви. Како последица на болеста, положбата во цела Македонија била страшна.

Втората несреќа, во исто време, била слабиот род како последица на уништувањето на земјоделските култури и појавата на помор на добитокот, кој го уништил речиси целиот влечен и друг добиток.

Во 597 година се случил и првиот земјотрес и тоа ноќум, проследен со силни грмотевици, што причинило огромни штети во Солунската област.

Вториот катастрофален земјотрес се случил при царувањето на Константин IV, кога градот бил под опасада од непријатели. Земјата почнала да се тресе точно на пладне и исплашените жители бегале по улиците, викајќи „Господе помилуј“. Крепосните ѕидини се урнале и непријателот ја искористил ситуацијата, навлегувајќи и освојувајќи го градот.

Третиот силен земјотрес бил во 700 година, а потресите траеле неколку денови. Жителите исплашени ги напуштиле куќите и долго време живееле на отворено. Имало уште неколку земјотреси, во различни периоди на време, кои нанеле огромни штети и однеле огромен број жртви.

---

[111] Последните императори во Византија.

Македонија, некогаш освојувач на целиот тогаш познат свет, по поразот на царот Персеј и по толкуте претрпени злосторства и катастрофи од разни освојувачи, сепак успеала да зацели до нашето време, вдахновена со надежта за близок и спокоен самостоен живот...

## Доаѓањето на Словените на Балканскиот Полуостров и населувањето – Преселбата на некои од словенските племиња во Македонија

Уште првите два века по Христа, во почетокот на II век словенски племиња почнале да се приближуваат кон Дунав и бавно, постепено да се населуваат и на југ од Дунав каде локалното население, како речиси и на целиот Балкански Полуостров, било многу раситнето и измешано со разни племиња од различно потекло, главно Траки, Илири, Македонци, а и многу други племиња дојдени од север и југ и населени по целиот полуостров. Голем дел од месното население било, како што рековме, романизирано или погрчено, но сепак еден значителен дел останал на своите родни огништа, ги сочувал своите обичаи, верувања, својата бит и својот јазик, па голем дел од него и да бил преселен доброволно дури во Мала Азија. И така, дел од Траките, Илирите и Македонците останале на своите места, зашто невозможно е, какви и да биле тогашните и подоцнежните услови за живот и собитијата, целото население целосно да исчезне, да загине и да се загуби еднаш засекогаш.

„Словените, принудени со крв и оган да си пробиваат пат и да се населуваат во туѓи земји, станале храбри, ратоборни и често крвожедни, какви што биле и останатите народи од тоа време. Освојувањето и нивното населување на Балканскиот Полуостров се извршило не мирно и тивко, туку со грабежи, жестоки убиства, целосно разурнување на градови и села, заробување и измачување на населението“.[112]

---

[112] Прокопиј, византиски историчар, умрел во 562 година, во 551 година пишува: „Штом стигнаа во земјата на Ромеите (Византијците б.н.), Словените испоклаа се, и мало и големо, сè што им падна в раце. Цела Илирија и Тракија беа прекриени од незакопани трупови. Словените не убиваа со меч или со секира или на друг познат начин, туку ставаа длабоко во земјата остри колци и на нив ги набиваа сиротите жртви и така ги умртвуваа... Или, пак, тие варвари забиваа во земјата четири дебели греди и за нив, за рацете и нозете, ги врзуваа нивните заробеници. Потоа непрекинато ги тепаа со камшик по главата и така ги убиваа. А таму каде не можеа со себе да ги носат луѓето како заробеници ги врзуваа заедно со добитокот, им ги палеа куќите и таму безмислоно ги гореа. Така, Словените погубуваа сè живо што им се испречуваше на патот“. – Иван Капов, „Древните славјани“, 1929 г.

На север и запад соседни народи на словенските племиња биле Литовци и Германци, а на југоисток Траки, Илири, кои отпосле ги заземале сите земји меѓу Карпатите и трите балкански мориња. Словените меѓу своите соседи биле познати под името Венеди, Анти, Склавини и Спори и дури од VI век наваму писателите ги нарекуваат веќе со општо име Словени. Кон крајот на V век одделни словенски групи почнале со чамци да го минуваат Дунав (Истар), да ги ограбуваат и опустошуваат земјите на Империјата и повторно да се враќаат во Склавинија со голем плен, со добиток и многу заробеници. Тогаш на Теодосиј, Јустинијан I (527-565 г.) му ги изградил крепостите за одбрана.[113] Словени и Авари заедно го напаѓале Солун.[114]

Преселбата на словенските племиња била следната: Северите, кои се населиле по источните разграноци на Стара Планина; меѓу Дунав и Стара

---

[113] За опустошувањата на Словените, освен Прокопиј, говори и Иван Ефески (506-585 г.) во неговата „Црковна историја" напишана на сириски јазик, меѓу другото и следното: Тие (Словените) и досега веќе четврта година живеат, седат и починуваат во римските провинции без никаква грижа и страв. Ограбуваат, убиваат и палат, се збогатија и имаат многу злато, сребро, стада, коњи и оружје. Тие го заземале и градот Топир на реката Места покрај морето – 459 година.

[114] Од житието на Димитри Солунски VII век. Цитатот се однесува на опсадата на Солун во 617 година:

„Во времето на епископот Јован се крена народот Склавини во големо мнозинство од Драговити, Сагудити, Велегезити, Вајонити, Брсјаци и други племиња. Во почетокот замислиле да подготват чамци издлабени од дрво, воено се вооружуваа на море и ја заробија цела Тесалија заедно со островите околу неа и Елада, дури и Халкидиските острови и целата Ахеја, Епир и поголем дел од Илирија и дел од Мала Азија, опустошија многу градови и епархии и еднодушно решија да го нападнат и тој наш христољубив град за да го ограбат и него како и останатите. Откако се договорија за таа работа и откако подготвија безброј чамци издлабени од дрво, се собраа од кај морето. А останатото големо мнозинство застана од кај исток, север и запад - од сите страни на тој богоугоден град, заедно со своите фамилии и својата покуќнина. По заземањето на градот, тие сакаа да останат во него.

Четвртиот ден откако се појави Деницата, сите тие варварски племиња еднодушно почнаа да викаат, од сите страни ги нападнаа градските ѕидини: едните фрлајќи камења со специјално за тоа направени справи, други откако поставија скали на самите ѕидини се обидуваа да влезат, трети носеа оган на своите копја, а едни, пак, фрлаа кон ѕидините стрели како зимски топки. Тука можеше да се види една необична работа: како градоносен облак многу од тие стрелци ги засенија сончевите зраци и така потемне воздухот поради тие стрели и многубројните фрлени камења. За време на тој напад оние најсмелите, со нивната варварска флота од чамци во атак се приближија до оние места што ги познаваа; едни до кулата западно од црковните скали каде беше и споредната врата за излегување, а други спроти укрепените страни каде имаше ровови и некои воени справи наречени тилс. Тие се надеваа дека ќе можат да влезат од таму без да знаат за тие материјали. А тие таму, сметајќи дека е незначителна пречка таа врата да ја разбијат и преку неа да влезат во градот...".

Планина, Црно Море и реката Лом се населиле други седум словенски племиња, чии имиња не ни се познати. На запад од нив, зад Стара Планина, по долините на реките Тимок и Морава се населиле Тимочани и Моравци, уште понатаму живееле племињата Браничевци и Кучевани, кои стигнале до Белград. Средното и долно течение на реката Струма го заземале племето Струмци, а на запад од него околу Солун биле Ранините, а уште позападно Сагудатите, кои лека полека навлегле на Атинскиот Полуостров. Нивни соседи биле Драговитите. Во средна Македонија, меѓу Вардар и Охрид, се населиле Брсјаците, а понатаму Бабуните. На исток од реката Струма - племето Смолјани. А, пак, далеку на запад во Епир, Тесалија и Грција се населиле други словенски племиња - Ванонити, Велегезити, Миленци, Езерци и други, и со тек на време биле или истребени или погрчени.

По доаѓањето на словенските племиња, настанале големи промени во етнографскиот состав на населението на Балканскиот Полуостров, па постепено се менувал и начинот на живот, битието на целото население, што, се разбира, не можело да не ја промени во извесен степен и материјалната и духовна култура создадена од Римјаните, подоцна развиена во голема мерка и од Византијците, од кое голем дел веќе го имале примено христијанството, што коренито променило многу од дотогашните навики, погледи, верувања и, воопшто, донело еден нов светоглед во животот на разнородните по потекло, јазик, религија, месни и придојдени од север, југ и запад нови племиња и народи привремено или постојано населени по целиот полуостров.

Ете зошто неопходно е, пред сè, да се знае и проучи тогашната византиска култура во сите нејзини разнообразни појави - наука, литература, искуството, трговијата, правото, карактерот, битието на византискиот град. Само откако ќе се проучи и знае и внатрешната историја на Источната Римска Империја V - VI век, доколку се знаат макар делумно аграрните односи, ќе може да се сфати и разбере зошто Источната Империја можела долго време да ја преживее Западната.

Макар историјата на Византија и да се изучувала детално од многу истакнати историографи, макар таа историја и да има многу богата литература, ниту еден од буржоаските историчари не ја разгледува последователно историјата на Византија од гледна точка на класната борба. Напротив, многу од историчарите византолози ни претставуваат како во Византија да немало никогаш и никаква борба на класите. За разлика од историчарите од XVIII век, најновите византолози - Ш. Дил, Рамзеј, Харди, Острогорски и други, се склони на секој начин да ја идеализираат средновековна Византија и да ја претставаат како основа, крепост на редот, законитоста и културата.[115]

---

[115] М.В. Ловченко, „Историја на Византија“, 1940 г., стр. 262.

Токму спротивно, никаде во Европа во периодот на раниот среден век класните противречности не биле толку остри како во Византија, која според проценките на К. Маркс се јавува како „главен центар на раскошот и сиромаштијата на целиот Запад и на Исток“.[116]

Не напразно таму насекаде се распространила павликанската ерес, позната во Бугарија и Македонија под името богомилство, а на запад- патарени, катаранство, албигојци.

Источната Римска Империја уште од самиот почеток на своето посебно суштествување била арена на жестока класна борба, чии форми биле исклучително разнообразни и која (борба) во сите етапи од развојот ја определувала историската судбина на империјата.

За првиот период од историјата на Византија, која опфаќа приближно 240 години, до половината на VII век, кога Источната Римска Империја била сè уште светска империја, како главно прашање се појавуваат аграрните односи во V-VI век, и прашањето за источно-римските димови. Се прашувам зошто Источноримската Империја уште долго време ја надживеала Западната и со што може да се објасни големата криза, што таа ја преживеала во првата половина на VII век, чиј резултат бил не само губењето на освојувањата на Јустинијан, туку и поголемиот дел од Балканскиот Полуостров заземен веќе од Словените, како и на Сирија, Месопотамија, Египет. Кризата во VII не може да се објасни само со воената слабост на Империјата, што настапила поради великодржавната политика на Јустинијан или поради тоа што „политички поттикнатите непосредни Јустинијанови поддржувачи се феудализирале“ или поради „замагленоста на државничката идеја“ или, пак, испрекинатоста на управувачката власта. Тоа, имено, ќе може да се разбере и објасни само ако се знае социјално-економската историја, делумно аграрните односи во Империјата во V-VI век, воопшто социјалната структура и социјалните противречности на рановизантискиот период.

За вториот „економско-должнички“ период од византиската историја, кој ги опфаќа VIII и првата половина на IX век, интересно е да се знае кои биле причините за стабилноста на Византија, која во VII век била на прагот на пропаста и закрепнала во VIII век. Тоа ќе може да се знае откако ќ е се проучи сложеното и замрсено прашање за „земјоделскиот закон“ и словенската колонизација на Балканскиот Полуостров. Некои автори: К. Цахирис, В. Г. Василевски и Ф. И. Успенски го признаваат големиот аграрен преврат во Империјата во врска со населувањето на словените, а Б. А. Панченко, К. Н. Успенски, Г. Острогорски и други велат дека не се случил, всушност, никаков аграрен преврат. Исто така, има разногласие

[116] К. Маркс, Хронолошки записи, Архив Маркс и Енгелс, 1938 г.

околу прашањето дали било поништено имотното право (колоната) во врска со појавата, објавувањето на „земјоделскиот закон“. Едни автори сметаат дека немало никаква промена кај селското население во VII-VIII век во споредба со претходниот период, не гледаат никаква разлика во положбата на енапографите во V-VI век во споредба со паричниците во VIII - X век. П. Мутафчиев, Н. Константиску, напротив, тврдат дека имотното право во Византија во VIII век било укинато.

Според Е. Е. Липшиц, вториот период на Византиската Империја се јавува како пресвртна и прогресивна епоха. Во почетокот на тој период, економските и политичките кризи предизвикуваат еден друг процес на социјално поместување, од сцената се симнува сенаторската аристократија, наместо имотните колонати по селата се појавуваат во мнозинство слободни селски општинари. Формирањето во Византија на една многубројна класа од слободни селани, широко распространетите општини и општинско земјовладение во врска со доаѓањето и населувањето на Словените имале големо значење за подоцнежната судбина на Империјата. Врз основата на ситните селски стопанства се создава силен селски сталеж, кој во продолжение од неколку векови во услови на непрекинати војни, понекогаш во ситуација да војува и на два-три фронта, ја заштитувал Империјата. Истовремено, тој ја заштитувал, ја чувал не земјата на господарите, туку својата сопствена земја. Без тоа не може да се сфати и разбере таа стабилност, цврстина, што по кризата во VII век ја добила Византија во VIII и наредните векови.

Во тој втор период од византиската историја на континуирана жестока борба, со официјалното православие се појавува умереното движење за реформи-економско (социјални) - должнички и револуционерно-плебејското движење - павликените. Тоа движење не можело со векови да се задуши, а одиграло голема улога во историјата на Византија, па и надвор од неа.[117]

## Византиското селанство, земјоделскиот закон и словенската колонизација[118]

Прашањето за положбата на селаните во Византија и состојбата на селското стопанство во време на словенската колонизација на

[117] Во половината на XIV век врз класна основа дошло до револуционерно движење на Зилотите во Солун, кога народот очајно се обидел да се ослободи од неговите експлоататори и на тој начин да се спаси себе си, а и својата област. Ништо не се знае за социјалниот состав, програмата на тоа движење, за бунтот на Зилотите на Пелелазите.

[118] Е.Е. Липшиц, „Византиски зборник“, изд. Академија на науките на СССР, 1945 г.

Балканскиот Полуостров во VI - VII век е многу сложено и тешко. Тоа во голема мера се објаснува од околноста дека документите од VII-IX век се воопшто многу оскудни. Повеќето од документите пишувани од дејците со економско (социјална) - должничка ориентација, а, исто така, и составите што произлегле од перото на писателите со идентична определба, биле уништени од нивните противници, кои на крајот, наспроти спротивставувањата, излегле победници.

Единствен зачуван извор, што повеќе или помалку подетално ја расветлува положбата на селанството во таа епоха, е „земјоделскиот закон". Но фактот дека има неколку десетици разни ракописи на грчки (во периодот од X - XVIII век) и дека има неколку преводи на словенски јазик, покажува колку големо практично значење имал тој закон за Византија и за државите што ги наследиле, макар и делумно, византиските правни прописи.

Искористувањето на тој закон се отежнува и од тоа дека местото и времето на неговото издавање, па и содржината на неговиот почетен текст и ден-денес е прашање за дискусии. Сепак, единствено тој ни дава докази за селско-стопанското битие на селаните во Византија.

Се знае дека уште во III-IV век речиси сите провинции во Византија имале една рамномерна благосостојба и дури, според Фридрих Енгелс, се забележувале „целосни остатоци од трговија". Во сите градови во Мала Азија се развиле одделни делови со многу елинизирано и романизирано трговско-производно население. Но, главното богатство не било во градските центри. Месното население од планинските реони на Полуостровот ги зачувало своите стари родовски обичаи. Населението, пак, во Мала Азија во своето мнозинство живеело по селски населби, кои слабо биле поврзани со градовите. Тракија дури и по пренесувањето на престолнината во Константинопол, кој помогнал за брзиот развој на соседните реони, не го изгубила својот изразит аграрен карактер, како и соседните до неа области Македонија, Тесалија, Дарданија.

Во VI век на Балканот, некои од општините од варварско потекло, поставени по важните стратешки пунктови во пограничните крај - дунавски реони, биле утврдени. Според најновите археолошки истражувања, направени во балканските утврдени пунктови на Империјата, се потврдува постоењето и исчезнувањето на некои од тие општини, што биле разурнати од аваро-хунските племиња. Нивното население, кое во мирно време се занимавало со селско-стопански труд, извршувало, исто така, и големи заштитнички функции.

Од VI век, според сведоштвата на многу современици, врз територијата на Империјата се појавуваат први, трајни населби од словенско потекло. Острата граѓанска војна што избувнала во источниот дел на Империјата

во VII век, востанијата на дим-овите во Константинопол, воените метежи-собитија, што се случиле во времето на наследниците на Ираклиј, го подготвиле теренот за успешно приближување не само на иранските, туку потоа и на арапските војски. Во услови на заострени внатрешни класни противречности и слабоста и разнишувањето на централната власт, која на исток трпела удар по удар, Империјата не можела да се спротивстави на трајното населување на Словените на поголемиот дел од Балканскиот Полуостров кон крајот на VI и првата половина на VII век.

Кон средината на VII век почнува цела серија од експедиции на византиските императори против словенските племиња. Првично целосно ангажирани во војната на Исток, императорите се ориентирале само против македонската-северна-група племиња, која претставувала поголема непосредна опасност за престолнината. Исто така, тие походи (657, 678, 687 г.) постигнале сосема незначителни успеси. Некои од племињата ја признале власта на Империјата и делумно биле преселени (Јустинијан II) во Мала Азија. Останатите, пак, останале независни, иако територијата, опфатена со нивните населби, номинално се сметала за византиска. Подоцна, во време на првата половина на VIII век, до Константин V (походот во 758 г.), немаме никакви податоци за походите на императорите против Словените.

Внатрешните интриги, што ја исполнуваат историјата на Империјата во почетокот на VIII век, дворските преврати, арапската опсада на Константинопол во 717 година, павликенското и економско-должничкото движење, го насочиле фокусот на вниманието врз други животни прашања. Така што, во времето на прогласувањето на земјоделскиот закон (т.е. кон средината VIII век), голем дел од територијата на Империјата била населена со словенски племиња. Тие племиња можат да се поделат на две големи групи. Едната, поголема, ја зачувала независноста од Империјата, а другата, во поголем или помал степен, била потчинета на императорите (Константин II, Константин Паганинот и Јустинијан II). И иако Империјата сè уште зачувала во сите свои балкански провинции одделни утврдени пунктови-феми, како Тесалоники (Солун), Стримон, крепостите во Евбеја, тврдините кај Татр, Коринт, Никопол итн, повеќе или помалку, голем дел од населението во тие реони ја зачувало независноста од Империјата, како и обичаите и поредокот различни од византиските.

Тешко може да се утврди точната лоцираност на словенските заедници и хронолошкиот процес на словенската колонизација. Но, сепак од досегашните факти може да се изведе заклучок дека населувањето на словенските племиња, кои секаде не се познати дури ни по името, не само што било на европската територија, туку како резултат на внатрешната колонизација што ја спроведувале императорите, се одвивало и на малоазиската почва.

Во Македонија, во VII век, во близина на Солун (Тесалоники) живеело племето Верзити, кое учествувало во опсадата на градот во 676 година. Понатаму, на исток од Верзитите, по реката Струмица (која се влева во Струма) живееле, најверојатно, учесниците во опсадата во 685-687 година, Струменци и Стримони, како што се споменува во „Легендата за Димитриј Солунски“. Нидерле смета дека нивните населби се простирале до езерото Лангаза. Веројатно, по тие места во Македонија патувал Јустинијан II во 687 година за што тивко, нејасно говорат Теофан и Константин Багранородниот. По реката Места (Нестос), според Никита Хониата (1199 г.), живееле Смолјани. Нивните населби, според Нидерле, стигнувале дури до горна Арба[119].

На југозапад од смолјаните, кон Орфанскиот залив, живееле Ринхините за кои исто се споменува во легендата за Солунски. Близу до Ринхините живееле и Сагудатите. На запад од Солун, по реката Бистрица, имало населби од племето Драговити, повторно според легендата за Димитриј. Истоимените со нив Драговити живееле и во северозападниот агол на Тракија, односно во месностите каде што Родопите се соединуваат со Балканот. Таму има река што сѐ уште се нарекува Дреговица.

Освен тие племиња, крај јужен Епир, на север од заливот Арта, живеело племето Вогонити, кое, исто така, учествувало во опсадата на Солун во 676 година.

Во Грција, близу Спарта, кон источните и западните падини на Тајгет, живееле Милинги и Езерити (езерци), кои многу често се бореле против византиската власт, наспроти сите репресии што биле преземани против нив (за нив говори Константин Багранородниот). Во Мала Азија уште во VII век во Вифинија имало словенски населби. Доказ за нив е зачуваниот печат на словенските федерати, што се однесува на времето кон 750 г. Имало и некои други населби.

Словенските племиња, кои се населиле на територијата на Империјата и во блиското соседство со неа влегувале во тесни контакти, комуникација со месното население. Најверојатно, во разгледуваната епоха нивните обединувања веќе не претставувале родовски општини, заедници, обединувања под единството на родовското потекло, туку селски територијални општини. И тука се случувал истиот процес, што е констатиран од Ф. Енгелс на запад: преселувањето на римска територија го урнал регионалниот сојуз, основан врз крвното сродство. Навистина, се сметало дека се преселуваат племиња и родови, но тоа не можело да се случи во пракса и да се спроведе во животот. Континуираните

[119] L. Niederle, Manuel de l, antiquite slave, I, 1928 г.

походи меѓусебно ги мешале не само племињата и родовите, туку и цели народности.[120]

Според Дринов, балканските Словени биле поделени околу половината на VII век на многу одделни колена, поврзани не толку со нивното заедничко потекло, колку со општото сожителство - мнозинството од нив се именувале не според името на нивниот родоначалник, туку според месностите. Одделните општини под раководство на своите кнезови, жупани, се обединувале во големи сојузи од племиња за заеднички борби против византиските власти. Таков, на пример, бил сојузот на Драговитите, Сагудатите, Велегезите, Вајонитите, Верзитите и другите племиња при опсадата на Солун во 676 година. Подоцна, пак, во 685 - 687 година, на пример, немало такво целосно содејство: кога едни од племињата (Ринхините, Стримонците и Сагудатите) го опсадувале Солун, други (Велегизите) ги поддржале опсадените откако им набавиле прехранбени продукти.

Како што се знае, словенските заедници упорно се спротивставувале на византиските власти, кои се обидувале да им наметнат сличност со византиското поданство. За да ги постигне Империјата своите цели, требало да минат неколку столетија. Дури уште во XIII век, во ерата на освојувањата на Франките, солунските Словени ги карактеризирале како смели луѓе, кои не го сакале императорот.

Во VII-VIII положбата на Империјата станала многу лоша. Степенот на потчинетост на одделните племиња спрема императорот бил различен зашто се опеределувал во секој случај поединечно, во зависност од исходот на борбата. Во едни случаи признавањето на византиската власт повлекувало со себе насилно преселување на покорените во други области. Таков бил резултатот на борбата на Јустинијан II против македонската група Словени. Во други случаи - следувале други, многу потешки последици за потчинетите. Репресиите против пелопонеските племиња Милинги и Езерити (Езерци) вклучувале и задолжителен данок, чиј износ се менувал во зависност од однесувањето на завојуваните страни. На крај, борбата понекогаш завршувала со целосно поробување, закрепостување на победените. Таква била, на пример, судбината на словенските заедници, кои учествувале во опсадата на Татр во 807 година. Константин Багронародниот соопштува дека тие биле сведени до енапографи на митрополијата и биле задолжени на нивна, меѓусебно поделена сметка да го понесат товарот за доаѓањето на сите претскажувачи и духовни лица. Константин го изнесува интересниот службен извештај на пелопонескиот

[120] Ф. Енгелс, Франкискиот период.

протоспафор Ион Протеј до императорот Роман Лекапин (по повод востанието на Милингите и Езерците) во кој споменува три различни задолженија, што управата се стремела да им ги наметне на покорените. Тоа биле следните точки:

1. да се признаваат архонтите назначувани од византиските стратези;

2. да ја одбиваат воената служба и

3. да платат извесен данок.

Исто така, според некои нецелосни извори, на византиските императори не секогаш им се дозволувало да постигнат такви резултати. Во однос на првата точка, меѓу племињата имало суштествени разлики. Сакулатите, според Константин, уште во X век сами ги избирале своите вождови, а потоа тие биле потврдувани од стратезите. Во некои племиња, од друга страна, вождовите директно се назначувале и поставувале од Империјата. Така, на пример, во 807 година некои од вождовите предвреме ја информирале управата за подготвување востание. Најпосле, Смолјаните, Словените кај Стримон, Опсикија (Мала Азија) и други едноставно им се потчинувале на византиските началници. Исто било, веројатно, и во однос на другите точки наведени во извештајот на Протеј.

Но, од тоа излегува дека некои словенски племиња, веќе потчинети на Империјата, успеале сè уште да ги зачуваат повеќе или помалку своите обичаи и уредување, својствени за повисокиот степен на варварството. Имено, поради таа околност, толку многу распространетите општини на територијата на Империјата во VI-VIII век, можеле да внесат енергија за нов живот во византиското општество и во државата за преживување на тогаш тешкиот и критичен момент. Поради тоа тие повеќе или помалку ја одиграле улогата соодветна на улогата на општината - белег на Западот.

Изворите ни даваат малку сведоштва за внатрешното уредување на тие општини, за условите на нивното стопанство и секојдневно функционирање, зашто главно се даваат описи на воените квалитети, функции и тактики на словенските племиња, за кои, природно, особено се интересирале нивните противници. Така, во тактиката на стратегот Маврикиј (според изворите, најверојатно се однесува на периодот кон крајот на VI или почетокот на VII век) може да се најдат, покрај редицата специфични воени прашања, и извонредно интересни факти за стопанско-битовиот поредок. Откако забележува дека „племињата на Словените и на Антите се еднакви, според својот начин на живот, според своите карактери, според желбата за слобода“, Маврикиј прави некои љубопитни набљудувања и делумно дава карактеристики за тој начин на живот, особено за она што паѓа во очи и се забележува. Според неговите зборови, кај Словените „има многу добиток и земјоделски производи, што се наоѓаат на купишта, особено

просо и пченица", а тоа несомнено говори дека сточарството и земјоделието биле многу развиени. Повторно според сведоштвата на Маврикиј, тие живееле по падините, покрај непроодни реки, блата и езера. Освен тоа, опишувајќи ги нивните воени прилики, тој забележува дека тие над себе немаат главатари и непријателски се судираат меѓу себе, од што може да се дојде до заклучок за нивната преддржавна состојба, карактеристично за повисокиот степен на варварството.

Така, откако ќе ги проследиме најважните црти од историјата на словенската колонизација на Империјата, ние ги утврдуваме следните најсуштествени моменти:

1. Словенските населби во VI - VIII век претставувале селски територијални општини, со црти од повисок степен на варварството;

2. Тие во разгледуваната епоха биле многу распространети по целата територија на Империјата, како во балканските, така и во малоазиските области (во последните, поради насилните преселби, што ги практикувале византиските императори);

3. Обично реоните, местата каде се населувале словенските племиња биле зафрлени планински месности и речиси задолжително покрај реките и езерата;

4. Стопанството им било многу развиено благодарение на сточарството и земјоделието;

5. Нивното признавање на власта на Империјата повлекувало со себе и потчинување на поставените лица, намесници, и одбивање на воената обврска, плаќање на даноци (секако, со пониските категории од слободните во византиското општество), а во најлош случај било закрепостувањето.

Но, според податоците од земјоделскиот закон, ние го констатираме и следното:

1. Законот бил составен за регулирање на животот на селските населби, кои имале јасни црти на селско територијални општини - белези;

2. Тие населби биле обично во зафрлените и напуштени планински области блиску до истечните води;

3. Стопанскиот живот на тие селски општини се карактеризира со широко развиено сточарство и разновидно земјоделско производство, главно на житни производи;

4. Системот од санкции во законот ја изедначувал положбата на членовите во општината со положбата на пониската категорија на слободните, кои подлежеле на плаќање и исполнување на налозите со кои биле обврзани.

Кога ќе се составaт овие и други, независни едни од други наводи, даваат основа да се направи претпоствка дека составувањето на земјоделскиот закон било во врска со многубројните словенски населби

на целата територија на Империјата. Со тоа би можела да се објасни карактеристичната во законот сличност со одразените и во законот обичаи со опишаното битие на словенските племиња, кои играле толку голема улога во Империјата, во современата на законот епоха.

Меѓутоа, тој навод има потреба од едно суштествено уточнување, разграничување. Не може да се смета дека законот бил составен и применуван само во словенските општини. Несоодветната интерпретација има редица други последици.

Пред сè, се забележува дека во законот нема каква и да е етничка карактеристика. Географската карактеристика, пак, се совпаѓа со пределите на Империјата од таа ера. Екстензивниот систем на селското стопанство врз разработката на напуштените и одново заземени земји, соодветно на видот, карактерот на ландшафтот - најраспространет во Империјата - нема во тој однос какво и да е локално ограничување. Како резултат на воените настани во VI-VIII век бројот на напуштените и разорени земји бил многу голем како во европските, така и во азиските области. Доволно е да се потсети на многубројните аваро-хунски напади, кои не веднаш ги опустошиле Тракија, Македонија и Грција, со оглед дека стигнувале дури до Константинопол. Не помалку настрадала и Мала Азија од воените навлегувања на иранските и арапските војски, што ја исполнуваат историјата од тоа време. Напуштеното и разорено стопанство во сите тие области подеднакво имало потреба од обновување.

Во такви услови, како најдобра животоспособна форма на селското стопанство во Византија се покажала селската општина и нејзината традиција за колективен труд и остатоците од колективна сопственост на земјата. Словенската колонизација, без сомневање, одиграла голема улога во распространувањето на општинскиот поредок.

Исто така, општината не била специфична и само словенска. Сите факти целосно ја негираат раширената во стариот свет византиска, како и воопшто во буржоаската наука „забавна предрасуда дека формата, што природно се развила од општинската сопственост била специфично словенска“. „Месните“ општини, кои наскоро биле веќе во пропаѓање својот процут го имале во новиот живот поврзан со словенската колонизација во VI-VIII век, т.е. со процесот на варваризацијата на источните (како и западни) области на бившата „светска“ Римска Империја. Притоа, за византискиот фискален систем природно создадените и развиени колективи од селски општини имале голема и важна предност од гледна точка на државната каса. Кон нив лесно било да се применува системот на солидарна одговорност. Тие колективни плаќачи, припадници на незаштитената од привилегии класа на населението, биле најсигурните извори за наметнатите обврски. Тие врз себе го носеле товарот на воената

обврска. На тој начин, селската општина се претворила во основна, главна потпора на византиската централизирана држава при промената на полуропската форма на колонијата.

За степенот на рашireност на селската општина и нејзиното влијание, за значењето во општата економија на византиската држава може да се суди според многубројните мерки на византиските императори уште во X-XI век насочени кон заштитата на општинските земји од запоставување и од закрепостувањето на месните селани кај феудалците. Според карактеристичниот указ на императорот Роман II (935 г.), „селските општини меѓудругото исполнуваат многу полезни функции, како со исплаќањето на државните давачки, така и со одбивањето на военaта обврска“.

На Исток, според генијалната оценка на Карл Маркс, „едноставноста во производството на тие самозадоволувачки општини, кои по разурнувањето повторно брзо никнуваат на истото место, под истото име, ја објаснува тајната за постојаноста, непроменливоста на азиските општества, кои биле во толку остра спротивност со постоечките новоформирани азиски држави и брзата смена на нивните династи“. Не било ли истото и во Византија каде слободното селанство, кое било еден од главните извори и плаќачи на државните даноци, како и неисцрпна резерва за воени кадри, станало еден од животните услови за функционирањето на централизираната византиска држава? Специфичноста во развојот на византискиот феудализам се појавува во големата грижа на византиското раководство да го ревидира процесот на закрепостување на селаните кон месните династи и заземањето на општинските земји од месните земјовладетелски првенци. Таа политика се покажала не целосно безуспешна. Не само во X-XI век, има цела серија од императорски укази (новели) од тој вид, но дури во XIII-XIV век, кога од Империјата останале само мали делови, на нејзината територија селските општини сепак се зацврстиле.[121]

Се претпоставува дека во таа специфична карактеристика на византискиот „источен“ феудализам, што го разликува од западно-европскиот, треба да се бара една од решавачките причини за своевидната конзервативност и стабилност на формите на целата византиска цивилизација, која и тука се наоѓа во поразителна спротивност со брзата и честа промена на императорите на византискиот престол.

Како и во источните деспотски држави, така и во Византија општината била една од најважните потпори на бирократската централизирана

[121] В.Г. Василевски, Материјали за внтрешната историја на византиската држава, том IV, 1920 г., стр. 265 И, исто така, Ф.И. Успенски, За историјата на земјосопственоста во Византија, издание на Мин. за народна просвета од 1883 г., книга V, стр. 508

држава, а заедно со тоа и основа за грубите форми на византискиот деспотизам.[122]

Сето погоре изнесено ни дава основа да прифатиме дека земјоделскиот закон, очигледно, бил наменет да ги фиксира резултатите на стихијните промени настанати во аграрниот поредок на Империјата во VI-VII век и целосно создадената во него општинска организираност. Во својата содржина законот, природно, произлегувал од правното уредување, својствено на словенските општини, како најважни за Империјата во разгледуваната епоха на групите на новоформираното селанство. Бидејќи црпел материјал за своите одредби од сè уште неисчезнатите обичаи на словенските племиња, законот ги искористил во интерес на Империјата и затоа ги вбројувал во „прокрустовото легло" на римско-византиските правни норми. Така, земјоделскиот закон се јавил како своевидна кодификација на словенското вообичаено право (иако измешано со византиското), што му дала исклучителна популарност кај словенските народи.

Исто така, значењето на таа кодификација одела далеку зад пределите на словенските општини. Законот со полно право може да се гледа како значаен паметник на новите - попрогресивни отколку колонијата -општински односи, што се востановиле, создале во аграрниот поредок на ранофеудална Византија. Се разбира, законот не ја исцрпувал сета разновидност на селско-стопанските услови во таа епоха. Неговата цел и задача била да ги регулира само најактуелните во тоа време форми на селското земјовладение, имено селската територијална општина, своевидна византиска паралела на западноевреопскиот белег. Формирањето кадри од слободното селанство во Империјата не можело да не предизвика подем на производствените сили и заживување на економијата во државата. Напуштените и опустошени ниви одново биле обновени. Напуштените околии и цели окрузи заживеале. Благодарение на тој економски подем, Империјата успешно излегла од кризата во VII-VIII век и пронашла сили за натамошно долготрајно опстојување.

* * *

Како што се знае, во 395 година по Христа, Римската Империја била поделена или, подобро речено, се распаднала на Источна и Западна. Источната Империја била посилна, побогата и покултурна од Западната.

[122] Забележан кај Ф. Енгелс: „Таму каде што е зацврстено древното општинско битие, тоа насекаде, од Индија до Русија, било цели илјадалетија основа за грубите форми на источниот деспотизам", Собрани дела, том XIV, стр. 183.

Источната Империја се нарекла Византиска Империја, според името на главниот град Визант, Константинопол, Цариград. Кога Рим веќе пропаѓал, Константинопол процветувал и сè повеќе се зголемувал и збогатувал.[123]

Во Византија бил воведен грчкиот јазик, а во Западната Империја латинскиот. Во VI век во границите на Византиската Империја, освен Балканскиот Полуостров, влегувале: Мала Азија, Сирија, Палестина, Египет и сите острови во источниот дел на Средоземното Море. Најголемата своја моќ ја достигнала во времето на Јустинијан (527-56 г.), чија енергична и властољубива жена Теодора имала големо влијание врз правецот на внатрешната и надворешната политика на државата. Јустинијан се обидел да ја обнови старата Римска Империја, за што преземал редица војни и ја заземал северна Африка и готската држава во Италија со што станал господар на целото Средоземно Море. Во внатрешната политика сакал да го засили робовладетелството на старата Римска Империја и по негова наредба е составен зборник од римски закони, таканаречениот „Јустинијанов кодекс“.

Целата власт во Византија била во рацете на царот и неговите чиновници: бил создаден еден чисто автократски и бирократски поредок. Царот се сметал за свештено лице. Него го почитувале како Бог. Секое непотчинување на царот се сметало како грев спрема религијата. Народот немал апсолутно никакви права, а следствено немал никаков општествен живот.

Јустинијан не успеал да ја обнови старата Римска Империја. Војните што ги водел против разните варварски племиња целосно придонеле за опустошувањето на освоените области. Севозможните даноци и други давачки, од кои, пред сè, се збогатувале назначуваните воени и граѓански лица, предизвикале големо незадоволство и негодување кај населението. Кога во одделни провинции Сирија, Палестина, Египет, а подоцна и во самиот главен град Константинопол избувнале востанија, во еден момент, во 532 година, Јустинијан сакал дури и да се сокрие и избега надвор од државата, но властољубивата и енергична Теодора го сопрела и го натерала да остане.[124]

Така што кон VII век Византиската држава била во пропаѓање и благодарение на придојденото од север, во големи компактни маси, словенско

---

[123] Византиската Империја имала трговска размена со земјите на Исток: Иран, Арабија, Египет, Абисинија, Кина. Од VI век почнала да се одгледува пренесената од Кина свилена буба, државата имала монополи од кои најважен и највреден бил тој на житото, што во време на глад го продавала на жителите.

[124] Тогаш била изградена и црквата Св. Софија на што работеле 10.000 души во период од пет години.

население, можела да се соземе и да продолжи да опстојува уште долго време по распаѓањето на Западната Римска Империја.

Во 821 година, во Мала Азија под водство на некој си Тома избувнало востание. Кон него се приклучиле слободните селани, робовите и колонистите, кои се кренале против своите господари - крупни земјосопственици. Биле потпомогнати од еден дел од Словените, кои се наоѓале на европскиот брег, како и од Арапите. Тома дури го заземал и царскиот пат за да се обиде да го опсадне и Цариград, но со помош на Бугарите востанието било задушено. Тома бил заробен, убиен, а остатоците од неговите војски биле уништени.

Во почетокот на VIII век, Византиската држава се засилила и веќе не била таква каква што ја гледаме во времето на Јустинијан.

Во почетокот на VI век, од север дошле многу словенски племиња, кои веќе го минале Дунав за да бараат нови места за населување. Словенските племиња првично имале родовско управување, а подоцна биле групирани во „задруги", кои имале колективна сопственост. Византијците, според нивните летописци и историчари, многу ги ценеле Словените поради нивната храброст, чесност и праведност и особено нивното гостопримство. Кога Словените стигнале до византиските граници биле вооружени само со копја и штитови, поради што секогаш се стремеле да се борат во планински или мочуришни месности. Но брзо прифатиле да се вооружуваат како Византијците, ја усвоиле нивната техника и научиле како да ги опсадуваат и заземаат одделните тврдини изградени од Римјаните и Византијците. Така, словенските племиња се населиле по целиот Балкански Полуостров до Тесалија и Епир, а некои дури се префрлиле до Мала Азија и насекаде имале општински поредок. Словените биле слободни селани и не го познавале робовладетелството и колонизмот какви што имало во тоа време и подоцна во Византија.

Кон крајот на VII, Бугарите, кои дошле од јужна Русија, од кај Волга, под водството на нивниот вожд Аспарух, се населиле по долното течение на Дунав каде завладеале многу од одамна веќе доселените словенски племиња. Тие ја формирале бугарската држава, откако со текот на времето, како помалубројни, се слеале со месните словенски племиња, го заборавиле својот јазик и почнале да зборуваат на словенски, но во замена за тоа го наложиле своето име, Бугари, на сите завладеани од нив словенски племиња.[125]

---

[125] Летописецот Григор го вели следното: „Тие на полуостровот дојдоа со децата и жените во немногубројно мнозинство... ги заземале Македонија и Илирија бидејќи биле задоволни од удобностите што ги нашле таму. Византија, која секогаш рано или доцна успевала да се справи со една ненадмината лежерност и леснина со слични инвазии, била принудена кон крајот на VII век да го подели со Бугарите владеењето на Балканскиот Полуостров".

Од тогаш, бугарската држава постојано ја заплашувала Византија. Во времето на цар Симеон, кој се нарекувал „цар на Бугарите, Ромејците, Византијците и Грците“, таа толку се проширила, што освен Балканскиот Полуостров, стигнала до ѕидините на Цариград и во продолжение од долги години била постојана опасност за ослабената и веќе разнебитена во споредба со минатото, робовладетелска и автокартска држава.

Византиските императори на секакви можни начини и со сите средства, главно со лукавства, итрини и поткупување, ги искористиле воените сили на тогашната Киевска Русија, која во тоа време водела активна трговија со Византија. Синот на киевскиот кнез Игор Светислав ги победил Бугарите, се населил крај долното течение на Дунав, но Византијците успеале да се ослободат од тој нов опасен сосед и заземале еден дел од бугарската држава.

По Симеон, на бугарскиот престол се искачил Петар (927-968 г.), кој имал за сопруга Византијка, и во тоа време византиското влијание било силно во сите области на државниот живот. Византиското влијание, впрочем, било наметнувано уште во времето на Симеон, и со текот на времето се создавало незадоволство, негодување. Така во 943 година, формираното од незадоволници феудално движење, антимонархистичко, презирајќи ја Византија, се кренало против Петар и ги поставило темелите на бугарската македонска држава. И навистина, во 963 година, Македонија под власта на Бугарија се прогласила за независна под една нова династија. Новата македонска држава се создава осум години пред источниот дел од тогашна Бугарија да потпадне под византиско владеење, кое продолжило две столетија (1018-1186 г.).

Во 1282 година, под водство на Немањиќи, Србите заземаат дел Македонија. Судирот се случил во 1330 г. во Ќустендил и подоцна, под цар Душан, Србите ја заземаат цела Македонија. По смртта на цар Душан (1355 г.) државата се дели: Углеша како феуд царувал во источна Македонија; Дељан на север од таа провинција, а Волкашин (Вукашин) во Прилеп.

По паѓањето на бугарската држава во источната и западна Македонија се јавуваат османлиските Турци и постепено ги заземаат источните провинции Оврин, Пловдив, Стара Загора, а подоцна и западните. Жестока борба против Бугарите почнале императорите Ион Цимискиј* и Василиј II, наречен Бугароубиец (976-1025 г.), кој во борбата против тогашниот цар во западниот дел на бугарската држава Македонија - Самоил (976-1014) во судирот во месноста Клуч на падините на Беласица, ги победил војските на Самоил, откако истовремено ослепел 14.000 заробени Македонци и ги испратил по домовите. Цар Самоил се борел против Византија во период од 34 години. Тогаш Ион Цимискиј* го заземал остатокот од Бугарија, кој

---

* Се однесува на Јован Цимиски.

во период од два века бил под Византија, а Василиј Бугароубиецот уште во 1018 г. го заземал тогашното македонско царство. Ион Владислав* бил последниот цар на македонската држава (1015-1018).

Киевските кнезови долго време биле во добри односи со Византија. Во меѓусебната развиена трговија, Киевска Русија таму носела кофи, мед, восок, а внесувала разни луксузни предмети, свила, вино, оружје, златни и сребрени украси, сушени јужни плодови и на тој начин византиската империја се богатела. Во тоа време, 988 г, се случило и покрстувањето на Русите под кнезот Владимир, кој и самиот го примил христијанството и истовремено го наложил на целиот руски народ. Тоа бил еден прогресивен акт и во тоа време се појавила и руската писменост.

Русија од тогашна Византија ја добила словенската азбука, која, како што се знае, била создадена од двајцата браќа, по потекло Словени од Солун, христијански проповедници, кои по создавањето на словенската азбука биле повикани од кнезот Ростислав да го проповедаат и шират православното христијанство, учејќи ги своите ученици на словенска писменост и јазик, а богослужбата ја вршеле не на латински, како што дотагаш било практикувано, туку на словенски јазик. Тоа не било во интерес на германското свештенство и со разни претставки и клевети до папата, тие успеале да ги отстранат Кирил и Методиј од Моравско, по што биле повикани на распит кај папата во Рим. Таму стигнал Кирил, а Методиј бил фрлен на период од две години во темнина и едвај се спасил.

На византискиот престол седеле и неколку императори од македонско потекло. Тогаш, при големите успеси во надворешната политика царевите од македонската династија (867-1056) сакале да се прослават и колку што може повеќе да ја засилат византиската моќ. На царскиот двор била воведена блескава церемонија која едноставно не можела да се опише, со раскошен, невообичаено украсен со злато и други скапоцености престол, раскошни и богато украсени царски одежди, воопшто еден луксуз што не може да се опише само и само да се покаже и да се влее доверба кај народот и надворешниот свет во силата и моќта на Византија. Трговијата била многу развиена од што, исто така, се богателе византиските императори.

Сепак, наспроти сиот сјај и раскош, веќе се појавиле знаци на пропаѓање. Слободните селани сè повеќе и повеќе пропаѓале, а наместо нив се засилувале крупните земјопоседници - династите т.е. моќните, силните, кои сè повеќе и повеќе ги заробувале слободните селани, терајќи ги да работат заедно со кметовите, полунезависните селани или да им плаќаат откупи. Крупните земјопоседници почнале да составуваат и свои посебни одреди, давајќи им земја на своите војници. Еден таков династ во Мала Азија имал околу 30.000 души војници. Тогашните цареви, особено Василиј

* Се одeнсува на Јован Владислав.

Бугароубиецот се борел против независноста на крупните земјовладетели, меѓутоа без успех. Династите не сакале да слушнат за царските укази. По извесно време, малоазиските династи поставиле на престолот еден од нивната средина - Исак Комнен, основач на династијата Комнени.

Таа династија водела политика во интерес на крупните земјовладетели. Царевите почнале да им ја делат земјата на слободните селани на династите. Селаните биле должни да работат за новите сопственици, кои, пак, им ветувале на царевите дека ќе служат во војската и ќе собираат вооружени одреди. Така, слободните селани веќе станале зависни од династите - крупните земјовладетели. Во Византија веќе било воведено феудално уредување. Силата, моќта на крупните земјопоседници сѐ повеќ е растела. Тие во рацете ја имале земјата и власта над селаните, а, исто така, и воената сила. На тој начин, во таква ситуација, државата почнала да слабее, распаѓајќи се на посебни феудални области. Угнетувањето што го вршеле феудалците, како и големите давачки предизвикувале постојани немири и безредија меѓу народот. Царската власт почнала да слабее. Ретко имало случај некој цар да умре од природна смрт. Дворските преврати во Цариград биле обична појава. Така, од крајот на IV до исчезнувањето на Византија (1453 г.) од 109 императори кои биле на власт, само 34 од нив можеле да ја сочуваат својата власт до нивната смрт, сите останати биле или убиени или тргнати од престолот!

Државата слебеела и не можела да ги чува своите граници. Од север се појавиле Печенегетите, а во XI век турските племиња во Мала Азија создале држава на Турците-селџуци. По уништувањето на Багдатскиот калифат (арапската држава), Турците заземале многу земји на Исток. Во 1071 година, откако ги разбиле војските на византискиот император, ги заземале речиси сите византиски земји во Мала Азија. Малоазиските селани затрупани со давачки и феудални задолженија не пружиле против Турците, никаков отпор. На Византија во Мала Азија ѝ останале само земјите покрај бреговите на морето.

Од друга страна, против папата, кој се сметал за глава на западната црква, византиското свештенство било постојано во несогласувања и борби. Папите сакале да го применуваат своето право врз целата христијанска црква. Византиската црква, пак, била потчинета на царевите, кои не дозволувале папите да се мешаат во нивните внатрешни работи. Освен тоа, Рим и Цариград се бореле и за ширење на христијанството меѓу словенските племиња, сакајќи да ги потчинат и да ги имаат тие племиња под свое влијание. Притоа, меѓу Рим и Цариград имало разногласија и околу други религиозни и верски обреди.

Најпосле, во 1054 година, двете цркви се поделиле. Западната црква на чело со папата почнала да се нарекува католичка, а источната, византиската, православна. Секоја од нив претендирала дека нејзиното религиозно учење е вистинско, додека другата фрлала анатема.

## Византиската култура

Византија со својата култура стоела над Западна Европа. Словените, населувајќи се врз земјите на Империјата, не ја уништувале нејзината стара култура како што тоа го правеле Германците и останатите варварски племиња по земјите на Запад.

Наспроти сите војни и пустошења градовите во Византија се зачувале, како и нивната трговија. Трговците, кои патувале по источните и западните земји, знаеле за нив многу повеќе. Во Византија имало многу повеќе писмени и образовани луѓе.

Просветата, како на Запад, била во рацете на свештениците. Поради тоа, литературата била повеќе со религиозна содржина. Во X век, Константин Порфирогенет (921 - 939 г.) ја опишал Византиската Империја, а, исто така, и соседните земји. Таму живо се интересирале за историјата. Биле сочувани многу содржини на византиските писатели. Во VI век, познатиот историчар Прокопиј (умрел 562 година) ја напишал историјата на Јустинијановите војни, како и книга за неговото владеење. Ќерката на Алексиј Комнен, Ана, напишала историја за царувањето на нејзиниот татко.

Во XI век во Цариград била основана специјална школа, каде се изучувала античката и христијанската книжевност, а исто така и законите. Целта на таа школа била да подготвува учители, судии и чиновници.

Архитектурата била на своја висина. Повеќето од дворците и црквите со тркалезни куполи, биле украсени со фрески и мозаици. Уметноста, исто така, била многу развиена. Византиското цртање на разни светци, цареви и др. било нешто исклучително во секој однос и според ликовите и според боите итн.

Воопшто, византиската култура многу влијаела врз соседните земји, особено во Источна Европа. Заедно со христијанството, таа ја ширела и писменоста по тие земји. Византиските книги биле преведувани на јазиците на соодветните земји. Со тоа го олеснувале развојот на посебните национални култури. Византиската култура го имала своето влијание во Русија, Бугарија, Србија и Македонија.

## Средновековна Бугарија и Македонија

Бугарскиот народ како политичко-социјална и правна целина се појавува на Балканскиот Полуостров кон крајот на VII век. Аспарух или Исперих, еден од синовите на Кубрат, со една дружина (орда) од околу 20-

30 илјади души се појавува од кај бреговите на Азовското и Црното Море, стигнува во пределите на Онглос - можеби островот Певки, во устието на Дунав, а, според некои, во едно катче на Бесарабија (Бубрак), по што го минува Дунав. Во еден поход против византиската војска на императорот Константин IV Погонат и по една победа врз неа Аспарух им наметнува на Византијците еден формален договор (679 г.), според кој, Византија била должна да ги признае првично заземените области од Аспаруховата дружина. Таа дружина играла улога на обединител на словенските племиња, веќе два века населени во Мизија, Тракија и Македонија, дојдени од Прикарпатите, кои живееле раширени и поделени.

Првата бугарска држава на Аспарух се простирала приближно од устието на реката Дунав, од Црното Море, на запад кон Тимок, на југ до Балканот.

Словенските племиња одамна населени на Полуостровот ги преживеале како културите на најстарите народи на полуостровот - Тракијци и Илири, така и навлегувањето на варварски народи, меѓу кои Готи[126], Хуни, Авари и др. Претходните такви инвазии, римските освојувања и колонизации во секој случај оставиле многу длабоки траги од висока материјална култура (патишта, станици, храмови, населби...[127] во разни градови и месности на Балканскиот Полуостров.

Бугарите едвај биле сите исклучиво од Аварско или Хунско потекло, туку, веројатно, во ордата на Аспарух имало и Словени, кои помогнале за полесно и природно разбирање меѓу дојдените и затечените. Така што, Аспаруховите Бугари, како и германските Франки и варјашките Руси,

---

[126] Големото германско племе Готи, кое живеело на запад од Словените, по јужните брегови на Балтичкото Море, кон крајот на II век ја напуштило својата сурова и негостопримлива татковина, се упатило кон земјите на Словените кај северните брегови на Црното Море и формирале голема држава од реката Дон до устието на Дунав. Тука тие се поделиле на два главни дела - источни Остоготи и западни Вестоготи. Од таму Готите се насочиле кон Балканскиот Полуостров. Римјаните им ја отстапиле Дакија, а жителите се населиле во долна Бугарија. Меѓутоа, во 375 година, од исток во Европа навлегле турски народи - Хуни. Хуните ги потиснале Вестоготите кон Бугарија и Тракија. По смртта на императорот Теодосиј, Готите востанале и се упатиле кон Грција, а од таму во Италија, па преку Алпите во јужна Франција и Пиринејскиот Полуостров и го основале Западното Готско Кралство. Хунскиот водач Атила (434-453 г.), исто така, неколкупати го минувал Балканскиот Полуостров, дури го заплашувал и Цариград. Хуните разурнале над 70 града. По исчезнувањето на Хуните, веќе почнале да доаѓаат други племиња, Авари, кои Словените ги нарекувале Обри. Аварите се населиле на местото на Хуните во Унгарија. И Аварите го опсаднувале дури и Цариград, но со текот на времето и тие исчезнале. Под притисок на Хуните многу народи се разместиле и тоа, во реки од крв, траело со децении, Ив. Кепов, „Древните Словени“.

[127] На пример, во Скопје аквадуктот, камениот мост на Вардар и др.

одиграле една кохезивна, централизаторска и организаторска државна улога меѓу одделните и поделени словенски племиња. Тие не се обидувале да му наметнат на многубројниот словенски елемент што и да било од своите обичаи, правни поими и заемни односи, општествени и државни уредби. Тие дури биле асимилирани од Словените уште во првиот век од меѓусебното сожителство во еден заеднички политички и национален живот.

По првите појави на меѓусебно прифатени личности во заедничката средина, Крум (802-814 г.) уште повеќе ја проширил државата, и на југ во Тракија и на запад во Македонија, а подоцна, во времето на цар Борис (852-889 г.) и неговиот син Симеон (893-927) државата уште повеќе се проширила не само на исток речиси до Цариград и на запад до Јадранското Море, туку и на речиси на цела Македонија и јужна Албанија.[128]

Пишано право не постоело, но јурисдикцискиот обичај строго се почитувал и исполнувал. Словените отпорано, според бројноста, живееле во помали или поголеми задруги, развиени до родови. Збирот од тие задруги и куќи составувал едно племе - според земјената површина повеќе или помалку, една голема општина, една жупа. За заштита во време на опасност подигнувале градови во некое природно укрепено место, тврдина или меѓу некое непристапно мочуриште, блато, што ги окопувале со ровови (ендеци) и насипи или со плетишта. Ако задругата била управувана од задружно старешинство, на чело на жупата стоел жупски старешина, жупан. Општите работи ги решавале на собири на кои присуствувале сите домаќини на семејствата. Правосудството се извршувало пред домашниот суд, во селско-општинскиот или пред жупанот. Лесните казни и надоместот биле главните основи на правосудството.

---

[128] Симеон се обидел да го заземе Солун, најголемиот и најбогат град по Цариград (904 г.). Југозападната граница меѓу Бугарија и Византија била приближно следната: од врвот Кекез таа одела на југозапад по главната вододелница на Централните Родопи, ја пресекувала реката Места кај планината Боздаг, по неа се спуштала североисточно до Сер, кој останува византиски. Оттука, во југозападен правец таа стигнувала до селото Нарш на реката Галик, потоа на запад меѓу селата Вардаровци и Ахматово ја пресекувала реката Вардар, ја обиколувала планината Пајак, се враќала на југ, минувајќи источно од Воден и по планините Караташ и Негуш завршувала на запад меѓу Кајкари и Кожани кон врвот Шинак, го пресекувала горното течение на реката Бистрица јужно од Костур спрема планината Грамос и одела право на запад до реката Војуса, по неа до сливот на притоката Зрин и од таму право на запад кон приморскиот град Химара, кој влегувал во бугарската држава. На тој начин Симеон го намалил притисокот врз Солун, откако целосно го изолирал од копно од центарот на Империјата. Со договор од 904 година сите словенски земји во денешна Македонија и јужна Албанија биле вклучени во бугарската држава. Значи, со тој акт Симеон го завршил обединувањето на повеќето словенски племиња од словено-антската или бугарската група на Балканскиот Полуостров.

Во времето на Борис дошло до покрстување, наложено од државата и од политички причини. Единството меѓу населението во државата уште повеќе се зацврстило преку силниот фактор на - религијата, книгата, културата, дојдени по разни патишта од Византија, а, исто така, и преку општото и еднакво за сите христијанско право, изразено во специјални правни збирки, каков што бил Номоканонот, закон суднем луждем и др.

Од двете култури, западнороманската и источновизантиската, во борбата за влијание меѓу словенските Бугари надвладеала византиската. Византија служи како неисцрпен извор на зафаќања во словенската писменост, во државното уредување, во службите и терминологијата и во сите области на државно-општествениот живот. Словенската книга, како во Преслав во источна Бугарија, кај Плиска, така и во Охрид, западен центар на западнобугарската култура, ја издигнала во големи височини бугарската држава пред целиот свет.[129] Тогаш се создала и посебна бугарска црква на чело со патријаршија и патријарх - 918 година.

Уште во времето на Симеон имало веќе доста градови и не само како оградени и утврдени места, туку и како населени места: Доростол (Силистра), Сердика (Софија), Бдин (Видин), Сигизмунд (Белград), Ахрида (Охрид), Пловдив, Скопје итн. во кои живееле слободни луѓе-граѓани, трговци, занаетчии, земјоделци, сточари.

Селата, како терторијални единици, се одликувале, пред сè, по тоа што не биле оградени и утврдени. Жителите живееле во колиби и домови, со широки дворови - подоцна турска ареа и населба. Катуните биле, исто така, села, со колиби, меѓутоа расфрлани на извесно растојание една од друга. Жителите им биле земјоделци, но предимно сточари - овчари. Селата имале автономни раководители и фактички се признавале како јурисдикциски лица. Тие стопанисувале со заедничка земја, особено пасишта, неопходни за нивните стада. Села имало и во болјарските и во манастирските земји. Тие биле богати и во нив се развило сточарството, со крупен добиток и коњи за кои се водело посебна грижа. Паралелно со сточарството, сè повеќ

---

[129] Називот држава најпрво означувал делумно владеење, имот, место на владеење, како што тоа и досега се разбира понекаде во народниот говор, па и во некои стари читанки. Терминот државен, што буквално означува власт, а преносно власт и владение над имот, земја да се дава подеднакво и на целата територија, владеена од кнез или владетел.

Сфаќањето на државата како делумно владеење (имот) се одразувало и во општото поимање. Државата била една патримонилана област, на кнезот, обединувана и тесно поврзана со личноста на владетелот како омразен стопан. Долго време требало да мине за да се гледа на државата како на одделна од, и лицето на владетелот земја со државно-правен карактер.

е и повеќе се развило и земјоделството, кое по извесно време станало главно занимање. Според Љубомир Нидерле [130]: „Јадрото на населението бил словенскиот елемент, кој постепено ги претопил првите Бугари, но во секој случај не толку бавно како што се претпоставува од некои историчари... Старото словенско уредување си останало. Асимилацијата на двата елемента, толку мирно и доброволно здружени, не задоцнила. Се зафатија не Словени, ами Бугари. Бугарските владетели, како и народот ги земаа словенските имиња и го напуштиле својот татков јазик заради словенскиот. Словенскиот карактер се зајакнувал и продлабочувал колку повеќе растела државата и присоединувала нови словенски племиња... Со новата заедница, единството, сите Словени во Македонија, до Охридско и уште понадолу до Тесалија на југ, го манифестирале тоа, откако го примиле општото име Бугари. Долго време потоа, тие етнички елементи со зближиле во една политичка, јазична и културна заедница.[131]

Уште во времето на Пресијан (836-852 г.), еден од највидните владетели на тогашна Бугарија, засилено се спроведувала политиката на присоединување на македонските Словени кон Бугарија. Пресијан испратил цела армија под водството на кавханот Ибуш и други борци против словенското племе - Смолјани. Тоа продолжило и во времето на Борис. Географската положба на државата му налагала да настапи спрема Белото Море за да обезбеди пат на Бугарите кон морето. На тој начин биле обединети сите Словени во една нација, која можела да преживее цели десет века. За време на царувањето на Борис (852-888 г.) можело да се отстранат трите главни пречки за формирањето на бугарската народност: расната разлика (борбата меѓу Болјарите од хунобугарската орда од една страна и словенско-бугарските Велможи, а, исто така, и борбата меѓу Хуно-бугарите и Словените), религиозната разлика (идолопоклоници и христијани) и разнојазичноста. Целосното изедначување во правата и обврските на Хуно-бугарите и Словено-бугарите, покрстувањето и создавањето на словенско-бугарската писменост се трите основни камен-темелници на бугарската нација, благодарение на кои бугарскиот народ се зацврстил во светската историја, ги претрпел сите трагедии на судбината и успешно исплива од двете страшни и долги ропства-византиското и турското, османлиско. Тоа била историската улога на прабугарите (Теза Фехер).

Од социјален аспект, во општествените слоеви најбројни биле болјарите - слободни луѓе, кои живееле во градовите и селата и ја сочинувале

---

[130] Л. Нидерле, Словенски старожитија.

[131] Историја на првото бугарско царство од социолошко гледиште, списание Философски преглед, г. VII, книга 5, 1935 г.

главната маса на населението. Под влијание на Византија, имало некои зависни луѓе, ратаи, кои се појавиле постепено по примерот на византиските парици, римските колонисти. Демократскиот карактер не допуштал какви било касти и робови од типот на старовремскиот римски институт. Класите и тогаш се диференцирале на привилегирани и непривилегирани. Во јазична Бугарија имало привилегирани болјари и непривилегирани слободни, како и стопански зависни парици, а по покрстувањето се појавил нов сталеж - свештенството, вишото свештенство, еднакво на болјарството. Така што, социјалниот состав може да биде исцртан вака: 1. Привилегирани - болјарите и вишото свештенство; 2. Слободни луѓе и 3. Стопански зависни.

I Привилегирани: 1. БОЛЈАРИ. Боил, бог,богат, влијателен, материјално зајакнат благодарение на воените одличја и добиените земји и грабежи. Болјарството се добивало по сите служби и од сите службени лица. Старобугарските болјари се издигале како старешини во селото или племето, како кнезови, жупани, велможи или како истакнати команданти во воено време.

Болјарите се делеле на велики и мали, на внатрешни (околу владетелот) и надворешни-на служба подалеку во провинцијата. Великите болјари влегувале во составот на Болјарскиот совет, со византиски термин синклит, т.е. сенат. Надворешните болјари биле должни при потреба да имаат помошни одреди, водени, облекувани, вооружувани од самите владетели. Имало болјари и велики и мали со големоимотна состојба (како тие 12 кои влегувале во Болјарскиот совет), но имало и такви кои живееле многу скромно, дури во сиромашни колиби, што не соодветствувало на нивното болјарско звање.

ВИШО СВЕШТЕНСТВО. Вишите свештеници биле повилјателни од секој болјарин. Некои од нив се радувале на благонаклоноста на владетелот, како на пример, Климент, епископ Велички во Охридската област, неговиот следбеник Климент, епископ Константин и др.

СЛОБОДНИ ЛУЃЕ. Жителите на градовите, граѓаните, се занимавале со трговија и занаетчиство. Некои од нив се занимавале дури и со земјоделство и сточарство.

ТРГОВЦИТЕ. Тие се градски жители и се занимавале само со трговија, која била доста развиена, зашто Бугарија била долго време како посредник во трговијата меѓу Исток и Запад. Бугарските трговци во крајбрежните тракиски градови, поучени од грчките, имале канцеларии во самата Византија, во Дубровник и се користеле со покровителство и заштита од страна на владетелите.

СВЕШТЕНИЦИ. И тие живееле по градовите и селата каде ги собирале давачките за своите потреби.

СЕЛАНИ. Сите селани, кои живееле во неподарени на болјарите или на манастирите села, биле слободни како и жителите по градовите.

Такви селани на слободни општини во византиските поседи заслужувале особено внимание на византиското законодавство и посебни наредби, што се среќаваат во Земјоделскиот закон на императорите Исаврijци. Тие не биле подложувани на никаква ангарија - работа во корист на болјарите господари, меѓутоа плаќале неколку даноци за државната каса и вршеле ангарија, што секој, макар и слободен, бил должен да ја извршува во корист на државата. Во некои епохи и царувања, економската положба на слободните селани не била позавидна од таа на париците, поради што многу слободни селани доброволно прибегнувале кон стопанска зависност. За да се спасат од тешките услови на слободното приватно стопанство, што барало и средства и големи грижи, слободните селани оделе по манастирите и црковните имоти и ја претпочитале тамошната поспокојна положба и даночна неодговорност. Така, се зголемувал бројот на париците во манастирските и болјарските стопанства, за што се знае од многуте и разни извори. Имало случаи кога селани се иселувале во Византија.

ЗАВИСНИ ЛУЃЕ

1. ПАРИЦИ. Во стара Бугарија ропство какво што имало во Елада и во Рим, каде човекот бил понижуван до степен на животно или едноставно обичен предмет, немало. Меѓутоа, фактички и во Бугарија се вршела купопродажба на сиромашни деца и несреќни луѓе, кои биле изнесувани од областа незаконски и со злоупотреба, со цел за шпекулација од страна на туѓинци, што се занимавале со профитна трговија. Самиот император Маврикиј во својата „Стратегика“ вели дека во земјата на балканските Словени роптство не суштествува. Тие ја сакаат слободата, заробените во војна биле пуштани на слобода, едни по откуп, а други по одработување, што се споменува во Закон суднииј лјудем[132]

Париците-српските меропси (од мероп, меропх)- во стара Бугарија се римските колонисти, минати преку Византија на бугарска почва. Тој институт генетски нема ништо заедничко со ропството, иако некои го сметаат за еволуција од него. Огромна е разликата и по форма и по суштина на ропскиот и парикниот институт. Робот бил бесправен субјект, предмет, res, тој немал право на сопственост и воопшто немал никакви политички и граѓански права. Напротив, парикот, како зависен селанец, бил сопственик на права, правоспособен субјект. Робот бил на целосно располагање на својот господар, кој имал над него неограничено право да го продава, подарува или убива, jus vitae necesque. Парикот бил зависен само економски. Тој бил приврзан за земјата на својот господар и не

[132] Тој закон, кој според сè, бил дело на некој од учениците на Кирил и Методиј, ако не и на самиот Методиј, содржел предимно казнени одредби и сето тоа било земено главно од Еклогата на Лев Исавриецот и Константин Копроним

можел да биде отуѓуван надвор и посебно од неа. За неговото, на парикот убивање, секој, дури и неговиот господар подлежел на казнување. Робот не можел да биде сведок, да се суди, да биде војник, ниту да биде pater familias. Сите тие права, пак, ги имал парикот.

Робови имало дури во времето на царот Петар, кои богомилите ги поттикнувале на непослушност и бунтови. За такви говори и „Закон судуј лјудем". Епохата на Петар, толку неизвесна со политичката историја, ни оставила обилен материјал за внатрешните и социјални борби во областа меѓу непривилегираното во крајна линија сиромашно население и привилегираните „од Бога дадени". Социјалното угнетување во Бугарија продолжило до крајот на царувањето на Петар и се слеало во незапирливите опустошувачки инвазии и грабежи на руските орди на Светослав, печенезите и крстоносците. На сиромашната материјална култура и незначителната имотна состојба на бугарскиот селанец им било доволна само една инвазија за да се растури еднаш за секогаш неговото ситно стопанство. Настанатата масовна сиромаштија кај населението го принудувала да побара спас во монаштвото или во доброволното поробување, што била единствена поткрепа на опстојувањето.

Во целиот среден век областа била ретко населена. Селата не биле воопшто поголеми од неколку десетици куќи. Дури кон XV век во македонските села живееле по 5-6 или десетина семејства. Честите војни и опустошувања, кои биле нормална појава, економски го раскинале населението, а честопати ги уништувале и домовите, и имотите, и покуќнината. Непрекинати војни се воделе особено во времето на царот Калајан. „Нивните сојузници - куманите, вели историчарот Никита Акуминат, ја опустошувале Тракија и уништувале сѐ што ќе сретнеле по пат и тоа полошо и од скакулците. Тие ги разурнале значајните, многубројни во тоа време, градови, убавите околни села, одлично обработените ниви, ливади, цветни градини, свиснати од гроздови лозја, обилни житни посеви и илјадници други предмети, што ја радуваат земјата и го прават нашиот живот пријатен, сладок и посакуван. Сето тоа по истребувањето на населението станувало живеалиште на ежови и диви животни". Такви воинствени и ограбувачки орди биле сите народи и племиња во таа епоха (Д-р Иван Саказов).

2. ОТРОЦИ. Од некои српски историчари-правници изнесено е мислење дека отроците биле еден вид робје. Но, опстојни и споредбени изучувања како на закрепостеното селанство според Душановиот закон, други византиски извори, меѓу кои се и Јустинијановите закони[133], даваат

---

[133] Според тие наредби, отрокот можел да се откупи или ослободи преку „одработување", преку тригодишна служба кај својот патрон. Тоа е една црковно-правна збирка за тоа време-Номоканонот на Ион Схоластик, таканаречен Номоканон со 50 титули. Во

право да се заклучи дека и зависните селани, како и париците, на ниту еден начин не можат да бидат поистоветени со робовите во древно-елинската или римската смисла на зборот.

Такви одлични познавачи на старите југо-словенски институти како Зигел, К. Иричек, Мајков, Крстиќ, Даничиќ го проучувале прашањето и не се на мислење да се прават сличности меѓу отроците и робовите. Иричек вели дека меѓу парик и отрок не може да се постави равенство. И Стојан Новаковиќ остава резерви околу прашањето и вели дека во активниот живот не се знае каква била положбата на отроците. Тие не биле во секој случај на целосно, апсолутно располагање на своите господари.

ТЕХНИТАРИ. Српските извори ги нарекуваат мајстори или мастори. Каква била положбата на тие зависни луѓе и во што се манифестирала нивната зависност, ние немаме расположливи факти. Меѓутоа, при едно споредбено изучување на ДЗ (Душановиот законик) со некои факти, што се среќаваат во византиски извори, излегува дека тие во земјите на болјарите и манастирите биле поставени подобро од париците, дека биле под контрола било на приватните владетели било на државните чиновници само за да не прават злоупотреби со своите технички познавања, особено златарите (кујунџии), ковачите, коларите, грнчарите и др. Сепак, техничарите би требало да се поставаат во категоријата на слободни луѓе, во редот со трговците и другите граѓани.[134]

## Богомилството и богомилите

Богомилството, како што се знае, своите зачетоци ги има во Мала Азија-Сирија, Египет. Таму од порано, уште во II век по Христа, почнале да се шират еретички учења, што претставувале мешавина од дохристијански и христијански суеверија и филозофски погледи. Носителите на тие учења сакале не слепа и безусловна вера, туку вера поврзана со спознанија, гносис по грчки и затоа се нарекувале гностици. Во својот стремеж да осознаат

---

него имало и канони (Црковни правила) и граѓански наредби (закони) на византиските императори. И тоа било дело на Кирил и Методиј или на нивните ученици. Подоцна (1258-1277) истиот Номоканон, препишан во Трново, бил испратен во Киев на архиепископот Кирил. Исто така, најверојатно Земјоделскиот закон преведен во времето на Симеон, како дело на императорите Исаврийци, како и Еклогата содржел многу наредби како да се подготвени и издадени за оние „слободни бугарски општини“, кои се појавиле во јужните поседи на Византија при широкото таму доселување на Словените (С. С. Бобчев).

[134] С.С. Бобчев, „Државно-општественото и јурисдикциско уредување на цар-Симеонова Бугарија“.

сè некои од нив ги измешале на своевиден начин христијанските погледи главно со персискиот дуализам и во Персија создале ново учење наречено манихејство, според името на главниот претставник Манес, кој мачenички загинал. Манихејството се проширило и во Мала Азија и Ерменија, како реакција на византиското православие, во кое бил олицетворен оној терор на кој било изложен месното население од византиската власт. Во Ерменија и Мала Азија, Манесиевите ученици се нарекувале павликени од името на апостол Павле, за чии верни следбеници се сметале тие. Константин Копрински многумина од нив преселил во Тракија и со тоа се поставило семето на нивното учење во Бугарија. Во времето на цар Петар, попот Богомил, роден во селото Богомила (Велешка околија) го преработил павликенството, прилагодувајќи го на тогашните месни услови. Богомилите станувале против крепостништвото, ги поттикнувале масите да не работат за болјарите, да не му служат на царот, да не признаваат никаква власт. Тие најмногу се спротивставувале на сјајот и раскошот, на уривањата, корупцијата на болјарството и свештенството, а самите живееле многу оскудно, во општини, заедници, во кои сите биле еднакви и самите управувале со сè во мир и љубов. Тие не признавале никаква црква, зашто сметале дека секој вистински христијанин може да проповеда и да се моли насекаде на Бога. Литургијата за нив била ѓаволско дело. Богомилите го проповедале своето учење не само со збор, туку и со писмо. Пишувале и преведувале разни книги, се разбира, во тоа време со религиозна содржина. Тие создале оригинална литература во која на едноставен јазик и со примери од Светото писмо го објаснувале своето учење, откако го измешале со старите суеверија зачувани во народните маси. На тој начин, тие се појавувале како просветители на масите, за кои сувопарните, неразбирливи и дебели религиозни книги на официјалната парвославна црква ниту биле достапни, ниту познати, ниту, пак, можеле да им кажат нешто на измачените души. Богомилите со својот живот, со својата дејност биле блиски до народот, зашто живееле со него и неговите страдања.

Нивното влијание врз народот било големо. Учењето го опфаќало целото царство, се појавувало во болјарството и царските дворови. Прогоните и анатемите, што ги организирала официјалната православна црква против него, во ништо не помогнале. Кон крајот на бугарското царство тоа станало едно моќно социјално движење.

„Тоа било жив, реален израз на големото незадоволство на народните маси од општествените наредби, од нивната ропска положба, од уништувањето и неправдите на господарската, управувачка група".[135]

---

[135] Д. Благоев, „Придонес кон историјата на социјализмот", стр. 4.

Богомилите биле еден голем религиозен и политички елемент.[136]

Во XI век тие не еднаш се обиделе да ги изгонат Грците од обласа, а и востанието во 1186 година, најверојатно, не минало без нивното учество. Во времето на царот Иван Асен II, тие, особено во западниот дел на државата, биле побројни – во Видинско. Асеновци ги оставиле на мира. Само двајца цареви, Борис во 1211 и Александар околу 1350-1355 година, преземале прогони против богомилите. Интересната историја на тоа учење или, како што го нарекувале, ерес, едвај во последно време почнува да станува јасна. Од натамошните истражувања во таа област можат да се очекуваат уште значајни резултати. Последните знаци на богомилите почнуваат да се губат едвај во XVII век. Во Босна, меѓутоа, како што се објаснува, и до сега има христијани, кои крај себе не трпат ниту францинсканци, ниту попови, ниту имами, туку се раководат само според старите традиции, пренесувани од постарите кон помладите.[137]

## Историското дело на Кирил и Методиј

Во втората половина на IX век, двајцата браќа Кирил и Методиј, семакедонски Словени, родум од Солун, кој во тоа време бил словенизиран - како во околината, така и во самиот град словенскиот елемент бил преовладувачки и словенскиот јазик, секако, со грчкиот, бил во општа употреба. Великото дело на Кирил и Методиј може да биде разбрано само врз фонот на тогашната реалност. Времето во кое тие живееја, се бореа и умреа, беше време на жестока борба меѓу Византија и Рим за влијание врз балканските и западните Словени. Таа борба имаше религиозна форма, но истовремено исполнуваше и одредени политички задачи. По духовното поробување на дадена област, следуваше политичкото. Затоа,

---

[136] Во тоа време тие биле единствените работници во областа на науката и иксуствата. Се разбира, тие не протежирале никакво друго учење, освен византиското. Учењето им било преобразуваното во VII век од Константин Самосатски древен предноазиски гностицизам или поскоро манехеизам.

[137] За потеклото и суштината на богомилското учење подетално пишувале руските Оскин, Голубински, Левицкин „Богомилството бугарска ерес" 1870 г., во последно време проф. Державин, а од јужнословените Петранович „Богомилите во Задар" 1867 г. и особено д-р Фр. Рачки Bogomili i patareni, Rad jugoslovenske Akademija VII, VIII, X и „Borba juznih Slovena za drazvnu neovisnost u XI vijeku", Rad jugoslovenske Akademije XXIV-XXXI и одделно, Загреб 1875 г. Од бугарските автори ги среќаваме „Поп Богомил и неговото време" од Ив. Клинчаров, В. Глогов „Богомилското учење" 1940 г. Софија, Иван Снегиров „Појава, суштина и значење на богомилството. Од Македонците К. Рацин.

секоја покрстена држава, за да ја зачува политичката независност, беше принудена да се бори и за самостојна црква, за свое свештенство. Тука се вкрстуваа интересите на Цариград и на Рим. Цариградската патријаршија имаше огромно влијание во Византија. Не помало беше влијанието и на папата на Запад. Меѓународната положба на папството во тоа време се беше зацврстила. Папството беше не само религиозна, туку и првостепена политичка сила. Папата имаше меѓународни врски и меѓународен авторитет, зашто се потпираше на своја територија. Папството беше еден од најголемите феудалци - тоа го спротивставуваше своето меѓународно единство и меѓународен авторитет на несогласните и борбата вриеше во поделената феудална Европа.

Државните обединувања, што се јавуваа врз урнатините на Римската Империја, беа непостојани, зашто немаа суштинска економска основа. Во основата на феудална Европа се појави феудално-крепосниот труд. Европа беше поделена на многубројни самостојни економски единици. А, економската поделеност зад себе ја влечеше политичката. Затоа и Империјата на Карло Велики се распадна по неговата смрт. Во таква ситуација, на папството не му беше тешко да ја наметнува својата волја врз феудалните монархии и да стане целосен господар на Запад. Кралевите трепереа од неговото проклетство, зашто во негови раце беше нивната круна. За полесно спроведување на својата политика, за зачувување на меѓународното единство, папството не дозволуваше религиозна служба на друг јазик, освен на латински и грчки. Другите јазици тоа ги сметаше за варварски и како такви, недостојни за „храмот господов“.

Византиската политика беше поеластична во тој однос. При проширувањето на христијанството, преку кое го спроведуваше своето влијание, не избираше средства, само резултатите да бидат позитивни за неа. Ете зошто Византија дозволуваше да се служи литургија на сите јазици, а таа околност и помогна да го прошири своето влијание. Таа дозвола помогна објективно и за духовното будење на сите народи, кои го примија од неа христијанството. Типичен е случајот со словенските народи, кои благодарение на Кирило-методиевата азбука[138] создадоа свое свештенство, своја самостојна црква и самобитна култура, станата веќе една од главните струни на општочовечката култура.

* * *

[138] Разни сведоштва велат дека словенската азбука била создадена во 855 година. Кирил и Методиј, чеда на Византија, му служеле на христијанството во смисла на грчко-византиската култура, а со тоа и на византиското политичко господство.

Кирил и Методиј дејствувале во време кога на запад внуците на Карло Велики меѓусебно ја поделиле неговата земја, во Унгарија кнез бил Стефан, а меѓу него и Лудвиг Германски било притиснато велико-моравското кнежевство на Ростислав. Бо Бугарија, Борис бил кнез, а во Византија на тронот бил императорот Михаил III.

Најблиску до Византиската империја биле македонските Словени, кои долго се бореле да ја зачуваат својата самостојност. Тие го зачувале и христијанството уште при првите налети врз Византија. Уште кога во 678 година Бугарите го минале Дунав и ја заземале Мизија, меѓу Словените нашле грчко свештенство и христијани Словени. И меѓу самите Бугари христијанството почнало да се шири порано од покрстувањето на Борис. Кон почетокот на IX век тие биле потчинети на Византија. По потекло, Кирил и Методиј се македонски Словени. Татко им Лев бил управник-генерал-губернатор на Солун, веќе во византиска служба. Семејството му било културно и со повеќе деца.

Кирил бил седмото и најнадарено дете (роден во 827 во Солун). Благодарение на високата општествена положба на татка си, како и на довербата на византискиот император, влегува во прочуената Магнаурска школа во која се школувал и идниот император Михаил III. Потоа, тој станал монах и библиотекар во библиотеката на патријаршијата. Кирил бил културен и му бил конкуренција на патријархот Фотиј. Особено за филозофијата и религиозните прашања. Тој бил и красноречив и жесток оратор. Како таков византиското раководство и го користи. Бил праќан во дипломатски мисии, што успешно ги завршил - одел кај Хазарите, Арапите, кај Евреите во Палестина. Потоа, на починка во еден манастир кај Охими - Мала Азија, заедно со брата си почнале да се подготвуваат за работа меѓу Словените. Кирил и Методиј одбрале 38 букви. Со тоа тие заминале во јужна Русија и во Моравија и Панонија.

Методиј бил постар (820 г.) седум години. Цврст и постојан, тој опстојува на сѐ. Пред тоа, тој 10 години управувал една македонска област во Тесалија. Така, кон 850 г. Методиј блескаво ја завршил заштитата на христијанското учење во Арабија. Потоа браќата се населиле во манастирот „Полихрам“ и таму го превеле Светото писмо на словенски јазик. По пет години, императорот ги испраќа на Кавказ меѓу Козаците. А потоа се враќаат повторно во Цариград каде напишале неколку книги за византиската култура.

Најдолга и најплодотворна им била дејноста во Моравија и Панонија. Историските околности им наложиле да ја прифатат поканата на Ростислав, основачот на Великоморавското кнежевство, кој машки се борел против Лудвиг Германски за зачувување на политичката независност од Германците на кои им помагал и бугарскиот кнез Борис. Во 862 година тој

склучил воен и политички сојуз со Византија. По политичката независност почнал да мисли и за црковна независност.

Моравските Словени дотогаш се наоѓале духовно под зависноста на салцбуршкиот архиепископ - Германец. Ростислав решил дека тие права треба да минат во рацете на нова црковна архиепископија, формирана врз народна основа. Откако ги искористил несогласувањата меѓу синовите на Лудвиг, тој го обессилил кралот. Неопходно било да го обессили и латино-германското свештенство, најревносните и опасни реализатори на германската асимилаторска политика. Ете зошто се обратил до византискиот император со молба да му испрати учени луѓе, кои ќе подготват словенско свештенство неопходно за самостојната Моравска црква. Изборот за таа задача паднал врз нив. Кон крајот на 863 година тие заминале за моравската престолнина Велеград со подготвени ученици и текстови, што се појавиле и во населбите на бугарските Словени. За нив било послободно да проникнат меѓу Словените во Византија отколку во Бугарија.

Во период од четири години тие таму работеле како ракоположени свештеници и ги ширеле словенските книги. Но, германското свештенство брзо се соземало, зашто изгубило една третина од приходите на словенските земји и ги обвиниле за лажно учење, за еретици, кои се служеле со „варварски“ словенски јазик. Им го негирале правото да го уредат духовниот живот зашто биле во делокругот на Рим, а не на Патријаршијата. Требало барем едниот да биде епископ за да создаде здрава моравска црква, зашто без тоа не можеле да осветуваат цркви и да ракоположуваат. Побарале заштита од Цариград каде во тоа време дошло до промена - на престолот се искачил узурпаторот Василиј I Македонецот. Новите раководители воделе компромисна политика и ја сакале благонаклонетоста на папата, поради што тие требало да заминат во Рим и од таму да побараат епископска титула. Во Рим стигнале во 868 година, добро пречекани од папата Адријан II. Меѓутоа, папата, поради пропаѓањето на моравската држава, гледал кон посилниот. Тука, по долго боледување - 52 дена - Кирил починал на 14 февруари 869 година. Методиј продолжил да ја создава самостојната моравска црква. За него се застапил панонскиот кнез Коцел, кој бил ракоположен, бидејќи папата стравувал Панонија, како и Бугарија, да не се сврти кон Цариград и одлучил да служи на словенски јазик. Тоа било во интерес на папството. Папите сакале во тоа време да ги поделат црквите на помали за да ги држат потчинети на Рим. „Папството дејствувало така како што диктирале неговите црковно-политички интереси и од тука произлегуваат сите тие противречни наредби, со кои ту се дозволувала словенската служба ту се забранувала и се фрлала анатема“. Салцбуршкиот епископ го пратил Методиј в затвор,

каде престојувал две години и шест месеци. Папата знаел, но си молчел додека Панонија на Коцел не успеала да се соземе. Наскоро Коцеловата држава била победена од Кадхман, внук на Карло Велики и господар на источната област Австрија. Методиј одново заминал кај Светопол во Моравија. Таму со големи потешкотии работел цели единаесет години.

Управувањето на Светопол било благонаклонето кон Германците, зашто тие му помогнале да дојде на власт по предавството на Ростислав. Словенскотодвижењедејствувалоенергично,новеќегонемалопретходното влијание врз кнезот. Тоа го искористило германското свештенство и се свртело против Методиј, што придонело Светопол да се ориентира спрема папата и така да го разреши и спорот меѓу двете свештенства - словенското и германското. Папата Јован VIII го повикал Методиј во Рим и притоа го укорил дека го води моравскиот народ во заблуда и оти служи на забранетиот „варварски“ словенски јазик. Положбата на Методиј станала тешка. Обвинет за тешки „престапи“, тој требало да оди во Рим за да биде суден. Но, папата му дозволил сè поради тоа што папството било под притисок на Сарацините, против кои византискиот император му пружил воена помош. Чувството на благодарност спрема императорот и скриената надеж одново да ги придобие Бугарите и најпосле оправданиот страв дека ако уште еднаш го забрани словенскиот јазик има опасност да ги загуби словенските земји, сето тоа го спречувало папата да биде снисходлив кон Методиј. Иако оправдан, Методиј ги немал посакуваните мир и спокојство во Моравија. Германскиот архиепископ Вихинг бил главниот непријател на Методиј и одново почнале да го гонат. Папата со ништо не му помогнал и од тој момент 881 година, раскинал со папата и започнал енергична борба со германското свештенство. Ги одалечил од црквата сите свештеници, што му се спротивставувале. Останал без поддршката на Светопол и така се упатил повторно кон Цариград да побара совети и укажувања. Добро го примиле и императорот и патријархот, меѓутоа во тоа време односите меѓу Рим и Цариград биле затегнати, зашто Цариград не ја отстапувал Бугарија. Методиј пристигнал во Моравија кога војната меѓу Германците и Моравците престанала и мирот бил потпишан. Светопол се ослободил од германско влијание и почнал да дејствува самостојно. Му ветил поддршка на Методиј. Тој, пак, изморен продолжил со активностите и во април 885 година, по 22 години упорна работа, починал во Велеград, со познатите зборови да бидат цврсти, упорни и да се борат без страв итн.

Откако Германците одново стекнале предност, сите ученици на Кирил и Методиј биле избркани, а некои дури и продадени како робје. Останатите ученици и следбеници на Кирил и Методиј - Климент, Наум, Горазд, Ангеларij и други, успеале да заминат за Бугарија, под заштитата и покровителството на кнезот Борис, кој љубезно ги примил и им ги пружил

сите олеснувања за да ја продолжат истата дејност и во Бугарија. Дотогаш кнезот Борис сè уште се колебал или повеќе лавирал меѓу Цариград и Рим, со цел да дочека погоден момент за да биде официјално призната како одделна, самостојна црква на чело со посебна патријаршија со седиште во Преслав, како главен културен и политички центар на североисточниот дел од пространата бугарска држава. Тогаш, според желбата и наредбата на кнезот Борис, Климент како најпогодно лице, Словен од западниот дел, роден во областа Кутмитовица, бил испратен за проповедник и просветител во Охрид каде престојувал седум години за да биде повторно повикан од кнезот во Преслав, а на неговото место во Охрид бил испратен Наум.

Охридскиот просветител Климент, по потекло македонски Словен, е еден од првите ученици и соработник на Кирил и Методиј. Климент престојувал во Охрид седум години, а потоа бил повикан во Преслав. По 993 година, кога бил поставен за прв словенски епископ, со уште поголема ревност и енергија се заземал да го организира бугарското црковно дело во Македонија, откако основал и осветувал храмови и откако ги ракоположил своите ученици за свештеници. Тој на секој начин се грижел да набави готова литература толку неопходна за свештеничкиот клер и нивните помошници. Воопшто, Климент Охридски пројавил една ретка и прекрасна книжевна дејност, трудољубивост и плодотворност. Неговите преводи и оригинални состави се многубројни. Проф. В.Н. Златарски и Јордан Иванов само по име набројуваат до 43 Климентови оригинали..

Климент починал на 27 јули 916 година во основаниот од него манастир Св. Пантелејмон во Охрид.

Без сомневање, многумина од Климентовите ученици придонеле за ширењето на словенското писмо и четиво, како што може да се суди, впрочем, до извесен степен според фактот дека глаголицата дури до XIII не била сè уште сосема заборавена во Македонија. За жал, имињата на скромните Климентови ученици и соработници не ѝ се познати на науката.

Наум, другар и соработник на Климент, го зазема вистинското место според редоследот меѓу преславските книжевници во времето на Симеон. Откако дошол од Моравија во Бугарија, од 886 до 893 година, како што сосема основано се претпоставува, тој прво работел во Плиска, а потоа во преславскиот манастир Св. Пантелејмон. Во споменатиот манастир тој ја организирал работата на преводот на црковно-службената и религиозно-научна литература врз основа на Кирило-методиевите преводи и со целосна поддршка на Борис и Симеон. Потоа, во 893 и 894 година, заминал за Македонија за да ја прифати учителската работа на Климента, откако тој станал епископ. Во 900-та година, пак, Борис и Симеон му изградиле манастир на јужниот брег на Охридското Езеро. Тој манастир денес, како

и редум цели векови, е познат со името Св. Наум, иако бил посветен на Архангел Михаил. За него едно од житијата на Наум раскажува: „Покрај езерото на градот Охрид, Наум создаде голем манастир и храм во името на Архангел Михаил, раководител на сите небесни сили, со средства и по заповед на благочестивиот бугарски цар Михаил-Борис и неговиот син Симеон“. Во тој манастир Наум ги минал последните години од својот живот и во него починал на 23 декември 910 година. Треба да се претпостави дека и Наумовиот манастир крај Охридското Езеро ја играл улогата на расадник на словенската писменост во Македонија, каква што улога одиграл преславскиот мнастир Св. Пантелејмон и Климентовиот манастир во Охрид посветен на истиот светец. Неверојатно е да се помисли дека како Методиев ученик и како монах, кој ја користел благонаклоноста на Симеон, не врвел по стапките на својот учител, како што врвеле неговите другари Климент и Константин, и дека не создал книжевна школа во манастирот, уште повеќе што самиот манастир и манастирските браќа имале неисцрпна потреба од словенска книжнина. (В. Сл. Киселков).

# ДОАЃАЊЕТО НА ТУРЦИТЕ НА БАЛКАНСКИОТ ПОЛУОСТРОВ

## Ропство под владеењето на турските султани

Кон крајот на XIII век Турците селџуци дошле од Источна Азија под водство на нивниот вожд, султанот Осман (1288-1326 г.), ги обединиле сите турски племиња во една држава, која се нарекла Османлиска. Осман и неговиот син Орхан (1326-1358 г.), кој ја создал јаничарската армија и феудалната коњаница, ги заземале сите земји во Мала Азија, стигнувајќи до бреговите на Мраморното Море.

Византија, Бугарија и Србија во тоа време поради непрекинатите војни, што ги воделе меѓусебе, честопати се обраќале за помош кон османлиските Турци. Турците се насочиле кон Балканскиот Полуостров, сфатиле дека меѓу неговото разнородно население суштествуваат постојани непријателства и метежи и разбрале дека лесно ќе можат да го заземат, завладеат. Така тие, со свои бродови и многубројна војска, прво го заземале Галиполе (1353 г.) каде силно се утврдиле. Од таму го почнале своите освојувања кон север и запад, а Цариград како силно укрепен град го оставиле за подоцна (1453 г.).

Во јуришот на север, Турците влегле во борба со Бугарите и по жестоката битка кај Димотика успеале да ја победат бугарската војска во 1361 г. и го заземале Одрин каде ја преместиле и престолнината. Подоцна, преку Пловдив и Стара Загора, се упатиле кон престолнината Трново. Насекаде жестоко се бореле, пустошеле и ги ограбувале сите скапоцености, ги уништувале сите крепости и од религиозен фанатизам ги разурнувале црквите и другите богоугодни згради. Така, со „оган и меч“ се наметнале, воспоставувајќи го нивното владеење.

Бугарската држава тогаш била во пропаѓање. Меѓусебните непријателства, како и дворските интриги и раздори уште повеќе придонеле за раслојувањето на државата. Воспоставените феудални односи, заграбувањето на голем дел од земјата од крупните земјовладетели, велможите и бољарите немилосрдно го ограбувале и експлоатирале населението во мнозинство од селани земјоделци, кои врз крепосни начела ја обработувале земјата, а притоа биле принудувани бесплатно да градат разни утврдувања и други општествени објекти. Црквата и растечкото свештенство по разните цркви и многубројните манастири сè повеќе и повеќе заграбувале големи пространства обработлива земја, гори и пасишта и на тој начин се збогатувале на сметка на работливото селанство и населението во одделните градови. Тогаш, како и во цела Византија, манастирите биле најкрупните земјовладетели. Бројот на манастири, кои биле ослободени од секакви даноци, сè повеќе и повеќе се зголемувал. Многу здрави и работоспособни лица за да се отргнат од севозможните измачувања, грозната експлоатација и главно за да се ослободат од воената обврска заминувале во манастирите како калуѓери.[139]

За да го зголеми своето влијание меѓу измачуваното население, злоупотребувајќи го неговото неискуство, наивноста и суеверието, свештенството прогласувало за „чудотворни" некои од иконите, убедувајќи голем дел од населението дека тие можат да излекуваат многу болести, а и да донесат среќа и задоволство во животот. Така, многу луѓе оделе по манастирите и давале разни завештанија.[140]

Сето тоа долго време создавало големо незадоволство меѓу населението и илјадници луѓе како калуѓери, попови се натрупале по манастирите, без да работат, да плаќаат даноци или да ја одбиваат воената обврска. Илјадници луѓе, боси, голи талкале по сите области за да најдат скривалиште или да се ослободат од севозможните обврски и даноци спрема крупните земјоделци и државата. Затоа многумина тврдат дека кога доаѓале Турците месното население било единствено, а голем дел од него на нив гледале како на ослободители!

По покорувањето на Бугарија (1393 г.), Турците се упатиле кон запад и напразно Бугарите и Грците се надевале дека српската држава ќе може

---

[139] Се знае дека во целиот период на средновековието манастирите биле голема економска сила.

[140] Во подолг временски период во самата Византија имало движење против тие и такви поредоци во манастирите и црквите, поради што било наречено иконоборци. Навистина, императорите Лав III, Константин V извесно време ги поддржувале иконоборците, меѓутоа подоцна тоа движење било уништено, иконите востановени, но земјата останала повторно на манастирите без да биде поделена на селаните.

да ги спаси од турската несреќа. Турците ја заземале цела Македонија во 1371 г., а малку подоцна, во 1389 г., по битката на Косово Поле, во времето на султанот Мурат ја победиле и тогашната српска држава. Во таква ситуација, веќе целиот Балкански Полуостров потпаднал под владеење на Турците, иако во некои области останале одделни кнезови или вождови како турски вазали. Таков бил, на пример, легендарниот меѓу јужното словенство, особено меѓу Србите и Македонците, синот на Урош, Крали Марко, со својата крепост, кулите над Прилеп (с. Варош), кој како турски вазал, заедно со турските војски војувал во Романија каде бил и убиен!

Подоцна, во времето на султан Сулејман, наречен Величествениот (1520-1566 г.), бил заземен Белград, стариот град Сигизмунд. Султан Сулејман имал армија од над 250.000 души, имал и силна артилерија, најдобрата во светот, која располагала со околу 300 топа, и флота со повеќе од 300 брода. Од таму Турците се упатиле кон запад, па во 1526 г. кај Мохач ги заземале цела Унгарија и Чешка, а потоа и Виена (1529 г.). Тогашната држава на османлиските Турци била голема опасност за цела Европа. Објаснувањето за сите турски успеси не треба да се бара само во турската воена надмоќност. Од голема полза за Турците биле и непријателствата, ривалствата на тогашните европски држави. Кога Сулејман Величествениот бил на врвот на својата моќ и извојувал славни победи, францускиот крал Франсоа I, како и останатите француски кралеви, ја носел титулата „најхристијански“ крал. Истиот тој крал склучил сојуз со водачот на муслиманите против Карло V (1535 г.), а Турците го користеле Тулон како морска база, додека нивните бродови учествувале во борбата на француската флота против морските сили на Карло V. Во времето на султанот Сулејман биле склучени и првите трговски договори меѓу Турција и Франција, таканаречени капитулации. Првично тие немале карактер на некакви нерамноправни договори и се определувале од карактеристиките на турското законодавство, што се темелело врз Коранот и својата сила ја имало само врз муслиманите, а со текот на времето тие договори станале понижувачки за Отоманската империја, условувајќи го и нејзиниот стопански развој.

Подоцна, во 1459 г., Турците ја заземале старата Византија - Цариград, кого го нарекле Станбол. Турците успеале да го заземат и Кримскиот Полуостров така што своите освојувања ги прошириле од Кавказ до Месопотамија, Сирија, Египет, сите земји по бреговите на Северна Африка, дури до Шпанија, Јужна Италија итн. Притоа тие наложувале, земале разни мита, збогатувајќи ја на тој начин државната каса, па нивните султани и одделни воени и други лица (спахиите) живееле во богатство и голем раскош.

Во времето на Римската Империја и првите години на Византиската Империја Македонија била посебна административна единица. Во средниот

век, по таканаречената голема преселба на народите и населувањето на Словените на Балканскиот Полуостров, дошло до големи политички и административни промени и името Македонија останало само во литературата. Едвај во времето на турското ропство таа веќе излегува од заборавеност и полека, полека ја добила својата реална смисла и географски термин.[141] Името Македонија веќе се должи на историската литература и географијата.

За успехот на Турците, исто така, влијаеле и пропаѓањето на византискиот феудализам, како и лошата материјална положба на селаните во сите балкански области. Има многу случаи кога на страната на Турците против феудалците се борат и селските маси во тие средини. Така што состојбата на христијаните под турско владеење секогаш била до толку честита, што тие самите не можеле подобро да живеат. Зашто, праведноста, сожалувањето и милоста кај Турците биле такви што тие самите не можеле да посакаат повеќе. Тие самите биле свои господари, на синовите и на ќерките, а, исто така, и на куќите и на правата што ги имале, водејќи под турско владеење еден сосема сигурен и спокоен живот. Таквата состојба продолжила до времето на Мехмед паша Соколовиќ, ренегат, потурчен Србин, убиен во 1579 г., кој бил Велик везир.[142]

Првично, турското управување било споредбено подобро, но постепено, од редица објективни причини, се влошувало, а угнетувањето и експлоатацијата на населението биле без секаква мерка.

Во согласност со турските традиции уште во почетокот Турците зачувале многу од привилегиите со кои се користеле Византијците, што и тие ги нарекле ромен, а целиот Балкански Полуостров, Рум-ели или Румелија, т.е. земјата на Грците. Посебни привилегии уживал тогашниот грчки патријарх, кој го зачувал правото да биде глава и покровител на сите христијански народи и народности, без разлика на нивното расно и национално потекло. Подоцна, Цариградската патријаршија ги искористила турските султани и турската власт за да го наметне своето влијание меѓу целото словенско население, од кое голем дел се обидувала во подолг период да го држи под своја потчинетост и паралелно со турската власт, не само духовно, туку и економски да го измачува и експлоатира. Така, завладеаното словенско население речиси на целиот Балкански Полуостров, особено во соседните на Цариград области Бугарија, Тракија и Македонија, потпаднало под двојно-политичко и духовно ропство.

---

[141] Така што османлиските Турци ја владееле Македонија во период од 541 г., од 1371 до 1912 г.

[142] Н. Милев, „Еден непознат документ за бугарската историја“ (1597 г.), Извадок на Историското друштво, книга IV, стр. 95.

Духовното, како што се знае, било многу полошо и оставило многу потешки и поголеми последици отколку политичкото турско ропство.

Турските султани се покажале многу разумни и главно предвидливи, зашто уште во првите години на нивното владеење манифестирале толерантност, дозволувајќи им на сите друговерци-евреи и христијани, слободно да ги вршат нивните религиозни обреди и верувања. Турците во тоа време, иако доста неопитни и големи военољупци, ги толерирале религиозните и национални институти на останатите верници и во споредба со другите освојувачи ги почитувале традициите, верувањата, верата, јазикот, црквите.

„Турското владеење во почетокот, вели Бојан Пенев, беше подносливо, па дури имаше и некои предности во споредба со политичкото уредување на средновековна Бугарија: 1. Престанале интригите, инсинуациите и крвавите меѓусебни пресметки, што го карактеризираат секој феудален систем; 2. Внатрешните граници биле укинати; 3. Населението, ослободено од воената обврска, се посветило поспокојно на својот труд; 4. Бил воведен, споредбено, еден полесен данок; 5. Локалното самоуправување на христијанските општини било зачувано. Во прво време дури ни класни разлики меѓу населението не се забележувале. Така што до втората половина на XVI век во Отоманската империја имало и едно доста добро правосудство.

Турската власт првично не се мешала во духовниот живот на рајата (потчинетите христијани и други народи), немало никаква систематска политика на наметнување и бугарската националност се обезбедувала во планинските, потешко достапни предели, каде се користеле значителни привилегии. Војничките села биле распослани по долините на Балканот, Средна Гора, Родопите и други планински масиви на Полуостровот. И во сите мали градови, освен чиновници, немало турско население, дури во некои од нив било забрането преноќувањето на Турците... При минување на војски ако некој го наруши имотот на некој селанец или грабне некоја кокошка, бил строго казнуван. Бугарската народност била заплашена не толку од политичката власт на Турците колку од кликата околу грчката патријаршија, таканаречените фанариоти, кои ги угнетувале не само Бугарите, Словените по селата, туку влијаеле и врз градското население. Патријаршијата претставувала една грабачка организација, која тргувала и со местата на владиците...“.

Грчката патријаршија во квартот Фенер со својот клер и други световни лица биле една класа, повеќе каста од наследници на бивши византиски фамилии, кои под турското владеење давале високи чинови, преведувачи, дипломати, кои го зачувале стариот дух на византиството. Тие авантуристи, кариеристи развивале севозможни интриги и инсинуации и биле суштински бич за покореното христијанско население. Нивните грабежи, безочност и

жестина биле неописливи. За извесен период тие станале зло и за самата турска држава, поради што, по наредба на султанот Махмуд II, биле речиси уништени!

Кон крајот на XVI век воената сила на Отоманската империја почнува да опаѓа, а тоа довело и до внатрешни потреси. Во XVII век положбата се влошила уште повеќе. Султанската власт ослабнува, војската се деморализира, чиновништвото морално се расипува, населението се преоптоварува со даноци, стопанскиот живот се отежнува. Положбата на христијанското население била очајна. Се менува и односот на Турците спрема религиозната слобода на рајата. Порано Отоманската империја поставена врз организираната воена сила, лесно го одржувала единството на државата и не чувствувала потреба, ниту имала интерес да прибегнува кон претопување на друговерците. При настанатите внатрешни потреси, при јавното слабеење на турското племе и силниот пораст на христијанското население, само со насилство рајата можела да се држи потчинета. Се започнува со прогон на населението како христијанско, се прибегнува кон потурчување на цели населби и покраини. Бугарите биле длабоко засегнати во најинтимната и света страница на животот - верата. И тоа не е доволно. Од втората половина на XVI век за владици во Бугарија почнале да назначуваат Грци, кои уште тогаш не само што на многу места ги исфрлувале од црквите бугарските црковни книги и ги заменувале со грчки, туку и го принудувале населението за материјална добивка. Во прво време, главно материјалните интереси ја поттикнувале грчката црква да го елинизира словенското население. Таа се претворила во организација за оплакување на беспомошната раја и имала најголем интерес да ја држи неопитна, а прогонувала и сè што можело да влијае за нејзино народносно освестување. Покултурниот живот на грчкото население, неговата стопанска надмоќ, покровителството од турската власт, културната и меѓународна вредност на грчкиот јазик и друго, придонеле повеќе за погрчување на градското население, отколку самата дејност на патријаршијата.

Во државата на османлиите имало воен деспотизам. На чело на турската држава бил султанот - калиф.[143] Тој имал неограничена власт, бил апсолутен господар, кој располагал со имотот и животот на сите жители, без разлика на вера и народност во пространата и богата држава. Сите, без исклучок, од највисоки чинови до последен работник, се сметале за „слуги, робови на султанот“. Меѓутоа, и самите султани подоцна биле зависни од

[143] Турците откако ја заземале арапската држава и го уништиле Багдадскиот калифат, турскиот султан се прогласил за калиф т.е. духовен началник на сите мухамедани, муслимани.

нивната гарда „јаничарите“[144]. По едно време тие толку се засилиле што почнале да се наметнуваат и во самото државно управување, откако често се обидувале да го постават или симнат самиот султан.

Воената сила на Османлиската држава главно биле феудалците, крупните земјовладетели-спахиите, главно воени лица, а имало и граѓани на кои султанот како награда им давал големи пространства земја, цели окрузи или околии, под услов да се одзват штом тој ги повика за војна и притоа да донесат и извесен број војници – редници. Тие крупни земјовладетели, во функција на спахии, постепено станувале сопственици на големи пространства поволна за обработување земја на која работеле селани, кои немилосрдно биле експлоатирани од феудалците-спахии. Трговијата почнала да опаѓа поради промената на главните трговски патишта, па наместо по Средоземното Море тие минале по Атланскиот Океан, што се наметнало со пронаоѓањето на Америка и морскиот пат за Индија. Освен тоа, поради големиот развој на мануфактурата во Западна Европа, во XVII и XVIII век во Турција почнала да пристигнува евтина европска, што ѝ конкурирала на локалната турска стока. Во тој однос пресвртен настан била Кримската војна (1851-1856 г.) и Парискиот мировен договор. Кон крајот на XVII век биле сопрени турските освојувања и постепено богатството на султаните, а следствено и на државата, сè повеќе и повеќе се намалувало.[145] Големиот број чиновници, пак, кои земале поткуп и го осиромашувале населението, уште повеќе му ги зголемувале проблемите под кои стенкале широките маси од сиромаштијата. Сето тоа ги поткопувало основите на силата и моќта на Османлиската империја. И уште во времето на Сулејман Величествениот се забележувале како меѓу градското, така и селското население појави на незадоволство, безредија и бунтови.

Уште во самиот почеток на своите освојувања турските султани систематски населувале главно по плодните долини и места, а, исто така, и во поважните стратегиски пунктови, големи турски маси доведени од внатрешноста на Мала Азија[146] Месното население за да се спаси од

---

[144] Во целата држава од покореното христијанско население се избирале уште како мали деца, убави и телесно развиени момчиња, кои биле носени во престолнината Цариград и таму обучувани и воспитувани во воен дух. Тие биле најголеми приврзаници на султанот и големи фанатици-мухамеданци.

[145] Во 1683 г. Турците го претрпеле првиот воен пораз во битката кај Виена во судир со полскиот командант Јан Собецки. Од тогаш се смета дека државата на Турците-османлии почнала да се распаѓа, но суштинскиот прв главен пораз бил во 1571 г. кога турската флота во битка кај Левант била поразена од шпанско-венецискаta флота. Оттогаш Турците-османлии ја изгубиле својата слава како непобедливи.

[146] Ж. Натан, „Бугарската преродба“, стр. 193.

големите турски злоупотреби на турските воени и граѓански чиновници, од спахиите, кои биле целосни господари на подарените, а подоцна стекнати и како сопственост богати и плодни широки низини и долини, постепено бегало кон непристапните и планински месности и таму обединето во големите лишувања и тешкотии водело жален и неподнослив, речиси животински живот. Но, сепак, тоа можело да ги зачува својата религија, својот јазик, своите обичаи, своето културно битие.

Целото население, особено селаните, минало цели векови во патријархален сон, во затворено натурално стопанство и патријархално битие. Во неговите пазуви биле заложени и зачувани најдобрите народни традиции, обичаи, верувања, јазикот и народните доброчинители. Прогонувани и потиснувани од турските власти и од грчкото свештенство, селаните наоѓале спас во задружниот колективен живот и во народните традиции. Тие ниту за момент не го изгубиле националното чувство и копнежот за слобода. Во тие првобитни патријархални односи се крие од оние народни, демократски доброчинители создадениот од селаните неисцрпен извор за народносно запазување. И ако ја проследиме историјата на појавата на бугарскиот патриотизам во градовите, гледаме дека најголемите патриоти произлегуваат од средините на оние градски жители, кои се преселиле од село и кои непрекинато ги чувале народните традиции.[147] Повеќе, ако не и исклучиво, меѓу необразованото селско население се зачувал словенскиот јазик и старото народно битие (К. Иричек).

Неуспешните војни на Отоманската империја во XVIII век уште повеќе ја ослабеле султанската власт. Некогаш моќната империја се поделила на независни од централната власт делови, управувани од локални спахии и паши. Разбојничките банди беснееле на целата територија. Положбата на христијанското население, особено на селското, станала неподнослива. Скриен вриеж од незадоволство ја измачувал душата на робот. Но обиди за масовно кревање во тој период немало. Само посебни лица или групи од посмели луѓе влегувале во активна борба против угнетувачите. Ајдутството, кое постоело уште од XVI век, сега било најразвиено. Народот ги воспевал ајдутите како свои спасители и своја надеж.

Уште во почетокот на XIX век, било под притисок од надвор било од чувството на самоодржување, султаните сфатиле дека ќе можат да ја

[147] И сега ако се фрли поглед врз некои села било во Македонија, Моравија, а, исто така, и Тракија - Родопите, ќе се забележат белите оџаци на куќите, што е еден остаток од тоа далечно време кога доаѓале компактни турски селски маси од Мала Азија. Меѓу нив особено се одликувало племето чит-аци, чие име значи чит-ак, бели кумини (оџаци). Истото е и со Турците наречени јуруци, кои ги имало во Гевгелиско, Тиквешко и други места во Македонија.

спасат државата само ако во неа спроведат некои реформи и ја приклучат кон европската цивилизација. Прва таква реформа (танзимат) уште пред Одринскиот мир се обидел да воведе Селим III, но неговите нови воени и фискални наредби го чинеле живот. Во 1826 г. соплеменикот на Селим, Махмуд II, наречен од Турците фанатици „каур падишах“, го расформирал јаничарскиот корпус, откако вовел редовна војска и ги поставил основите за отстранување на спахиството. По Одринскиот мир на христијаните им било дозволено да градат цркви и да ги поправат старите. За време на обиколката на европскиот дел на империјата Махмуд II со еднаква важност прима христијански и турски делегации и објавува дека сите поданици, без разлика на вера и народност, ги смета за свои деца. Неговиот наследник Абдул Меџид ја продолжил започнатата реформска дејност. Познатиот Ѓулхански хатишериф (3.XI.1839 г.), првата турска конституција, дело на некогашниот турски пратеник во Лондон Решид паша, ветува дека ќе ја ослободи рајата од феудализмот, дека ќе ги изедначи сите потчинети народи на отоманскиот скиптр, без разлика на христијани и муслимани, дека ќе ги потчини на едни исти закони, дека на поданиците ќе им утврди еден данок соодветен на нивната состојба и средства и оти ќе го укине данокот илтизам. Во 1844 г. Абдул Меџид го укинува хатишерифот (Рашид паша во 1845 г. ги воведува меџлисите, обласните собранија, подоцна наречени вилаетски административни собранија во кои влегувале и христијани), а во 1856 г., по Кримската војна, султанот издава хатихумајун диктиран од западните сили (Франција и Англија за да ја избегнат Русија како заштитник на христијаните во Турција), со кој се прокламира целосна религиозна и национална рамноправност, слобода на мислата за сите турски поданици, се воведува воена служба и за христијаните кои тоа ќе го сакаат, се дава право на секоја народност да си отвори училишта, се уредуваат мешани судови итн. Меѓутоа, како што се знае и како што и тогаш се претпоставувало од потврдени и компетентни лица, реформите на Махмуд II и тие на син му Абдул Меџид, со кои се целело да се направи еден за малку ли не социјален преврат во империјата, останале со своите спротивни на Коранот и на шеријатот одредби само на хартија и уште повеќе го возбудиле фанатизмот на муслиманите. Мухасилите и сердарите и по танзиматот продолжувале да ги собираат даноците според стариот егзекутивен и неправеден начин (проф. Ив. Д. Шишманов).

Историјата на Отоманската империја во XIX век е исполнета не само со редица војни и мировни договори (Руско-турската војна, Одринскиот договор, Парискиот, Сан-Стефанскиот), туку и со настани во другите области: Херцеговското востание (1875 г.), Српско-турската војна (1876 г.), Средногорското востание и Батачкиот колеж, а подоцна и Кресненското востание, Разловечкото, Охридското (1882 г.), без да ги набројуваме

бунтовите и востанијата во Мала Азија, Срменското, арапското, во Ливан (1860 г.) каде друзите извршиле масовен колеж врз католиците мадонити (1860 г.).

„Деветнаесеттиот век изобилува и со реформски обиди, кои, дури и кога зад нив стои добрата волја на енергични и напредни султани како Махмуд II (1809-1839 г.), завршуваат константно со неуспех и со разочарување за христијаните и за Европа. Ѓулханскиот хатишериф, хатихумајунот, Отоманската конституција на Митхад паша се свечени акти, содржеле доволно напишани преобразби, кои применети во дело неизбежно би ја реформирале на еден радикален начин турската држава. Сите тие акти, меѓутоа, остануваат напишани на хартија или означуваат само почетни чекори на неискрено и необично приложување за да бидат речиси фрлени во архивите.

Објаснувањето на тој периодично повторуван факт лежи во редица длабоки причини: апсолутизмот во државата со своето теократско уредување и феудалната земјосопственост во најугнетувачка за земјоделското население форма, религиозниот фанатизам на клирот и на муслиманското население, шеријатските закони - едно законодавство уште од пред XIV век, силата на закоравените традиции, неопитноста и расипаноста на чиновништвото. И без тоа истоштена од долготрајните војни со Австрија и Русија Отоманската империја, поради посочените органски слабости, се покажа најнеподготвена главно поради нејзината економска и културна заостанатост да се справи со одразот на она стихијно движење кое под влијанието на големата Француска револуција ги преобрази, пред првата половина на XIX век, речиси сите европски држави.

Потчинетите христијански народи се креваат еден по друг и со оружје в рака се стремат кон политичка независност. Христијанска Европа сочувствува со нивната борба, а христијанските раководства ги користат и борбите и страдањата за мешање во внатрешните работи на империјата. Европа меѓутоа не е единствена. Оттука појавата на две начела зад кои во разни моменти застануваат ту едни ту други од големите сили: поделбата на Отоманската империја и зачувувањето на нејзината целина. Русија, во нејзините стремежи кон морските премини и кон јужното топло море, војува во целосна хармонија со чувствата на својот православен народ против Турците и најмногу придонесува, од Петар Велики наваму, за поделба и слабеење на Отоманската империја. Но таа се соочува со спротивставувањето на Англија, која се стреми вечно да ја држи затворена на Црното Море -далеку од патиштата што водат кон нејзините колонии во Азија и Австралија. Во титанската борба меѓу „слонот и китот“ другите држави учествуваат било како активни актери било како ограбувачи. „Китот и слонот“ меѓутоа понекогаш си ги

разменуваат улогите: Англија ја атакува Отоманската империја, а Русија ја брани нејзината целовитост. Неослободена од такви противречности е и политиката на Франција. Наполеон Велики го менува традиционалното турско-француско пријателство, што датира од времето на Франциско I и Сулејман Величествениот, и води, преку својот емисар Коленкур, долги преговори со императорот Александар I за поделба на турската држава, а неговиот внук Наполеон III, во сојуз со Англија и со султанот, ја води Кримската војна (1856 г.) против Русија. Не недостасуваат и моменти кога силите, без да се откажат од вековниот антагонизам, учествуваат во општи акции за постигнување на определени цели. Таков е случајот со Наваринската битка (1827 г.) од која, благодарение на англо-француско-руската морска победа, се роди политичката независност на Грција.[148]

Балканското прашање беше јаболкото на раздор меѓу Русија и Австрија од една страна и Русија и Англија од друга. Но тој спор се изостри уште повеќе од фактот дека народностите на Полуостровот беа во процес на национално освестување и водеа борба на два фронта - против вековните поробувачи Турците и против стремежите на големите сили кон Полуостровот. Додека Германија стоеше на страна од тоа прашање, положбата беше споредбено полесна. Но, од моментот кога Германија почна да се интересира за внатрешниот живот на Отоманската империја, откако зема учество во реорганизацијата на турската армија и во изградбата на железничките патни линии (Цариград-Багдад), источното прашање уште повеќе се изостри. Пристигнувањето на германски офицери во Цариград ѝ создаде сериозни грижи на Русија и стравувања Германците да не се населат засекогаш во Турција и да ја попречат руската историска мечта. Проникнувањето на Германците во насока на Месопотамија го заплашуваше англиското раководство во Персија (Иран) и Индија. И така, прашањето за Блискиот Исток од прашање меѓу Австрија и Русија и Англија и Русија се претвори во едно сложено меѓународно прашање, чие разрешување од г. во г. станување сѐ потешко. Од таа, имено, причина статус-квото на Балканот, т.е.зачувувањето на целовитоста на Отоманската империја одговараше на интересите на големите сили. Но постоечката ситуација, пак, од друга страна, беше пречка за природниот развој и законските аспирации на балканските народи. Тој двостран карактер на прашањето за Блискиот Исток внесуваше постојана раздразливост меѓу заинтересираните држави и оттука избувна искрата на светскиот пожар - Првата светска империјалистичка војна.[149]

[148] Хр. Силјанов, „Ослободителните борби на Македонија“, стр. 8-9, том I, Софија.

[149] Д-р Иван Панајотов, „Одговорноста за општоевропската војна“, списание Бугарска мисла, Софија.

Англискиот бивш министер, сер Едуард Греј во своите спомени забележува како го изедначува разрешувањето на блиско-источното прашање, посебно македонското, „со еден параход, кој застанал во песок и колку повеќе стои, толку повеќе пропаѓа, без да може да биде извлечен - толку беа големи тешкотиите за разрешувањето на македонскиот проблем", завршува тој.

Македонците и Ерменците на свој грб, во најтешка форма, ги почувствуваа противречностите меѓу големите сили и тоа перфидно искуство на султанот Абдул Хамид, најмракобесниот и најжестокиот меѓу султаните, кои го заземале тронот на Отоманската империја (Хр. Силјанов).

Голем дел од локалното христијанско население со „оган и меч", според мухамеданската религија, било принудувано да ја прими мухамеданската религија т.е. да се потурчува. Карактерно послабите за лична корист и полесен и подобар живот, доброволно, а друг голем дел насилно биле принудувани да ја примат мухамеданската религија. Со тоа се објаснува големиот број Словени: Бугари, Срби, Бошњаци, Македонци, кои биле насилно потурчени, па и до ден-денес говорат на чист бугарски или српски јазик, а силно се приврзани кон мухамеданската религија (помаците по сите разграноци на Родопите, Тиквешко, Мегленско, Скопско и други места во Македонија, без да ги сметаме многубројните бошњаци и помаците во сите делови на Бугарија, Србија, Македонија и др.). Начинот и средствата со кои било потурчувано христијанското население се предмет на внимателни проучувања од лица специјалисти -лингвисти, етнографи и историчари во сите сегашни балкански држави.

Каква била положбата на завладеаното и покорено од Турците месно население? Дали тоа се помирило со постоечката и зла судбина или, пак, реагирало? Ако се земат во целина настаните што се случиле во првата половина на XV век на Балканскиот Полуостров - тоа било епоха на непрекинати војни на Турците како со надворешни, така и со внатрешни непријатели, кога турските војски го крстосувале Полуостровот од устието на Дунав до Морето и од ѕидините на Цариград до српската и албанската граница, за да ја зацврстат конечно својата власт на Полуостровот - може да се каже со општи зборови дека во прво време, по освојувањето на бугарските земји, под влијание на преживеаниот во втората половина на XIV век тежок период на внатрешни политички и морални неуспеси и под влијанието на борбата со Турците, владеел општ хаос во кој секој гледал колку е можно да ја отстрани секоја нова неволја и да си го сочува животот. Како ли исчезнала секоја претстава за слобода и секоја желба за каков и да е отпор, како ли било сè неповратно изгубено? Тоа општо паѓање на духот го опфатил целиот народ и со тоа делумно се објаснува отсуството на обиди за востанија во самиот почеток на XV век. Првото востание било

во 1403 г. во долината на реката Тимок, притока на Нишава, но тоа било брзо задушено од султанот Сулејман, син на Бајазит I (1389-1403 г.).

Едвај кон крајот на XV век духот на балканските народи се подигнал и тие почнале да мислат на слобода и на тргање на камата на ропството. Кон средината на XV век, кога во времето на султанот Мухамед II (1451-1481 г.), по преземањето на Цариград (1453 г.) и по целосното покорување на христијанските држави - Србија во 1459 г., Босна во 1463 г. и Албанија во 1464 г., настанал подолг мирен период, турската власт се консолидирала и на покорените народи почнале да им се даваат извесни привилегии за да може одново да се предаде на мирен труд. Населението, одамна избегано по зафрлени и недостапни места под влијанието на првиот ужас на катастрофата и во времето на непрекинатите војни за освојување на Полуостровот, почнало малку по малку да се симнува по рамнините и да се предава на мирниот стопански живот. Притоа, и самите освојувачи, кои тогаш живееле едноставно и скромно поради преданоста на религијата и големата и строга дисциплина и се одликувале со верска толерантност, праведност и високоморални квалитети, почнале кон населението да се однесуваат добро и кротко зашто имале потреба и од неговиот труд и услуги. А со уредувањето на администрацијата во поголемите центри и главно со воведувањето на судовите, каде судиите - кадии делеле правда според „шеријатот“ т.е. според свештениот закон и многу им помагале на управителите, животот на христијанското население се стабилизирал и општо земено тоа не ја чувствувало силно ропската неволја. Во градовите, каде животот бил многу посигурен, почнале да се доселуваат селани, со кои се зголемил бројот на жителите, а тоа ја заживеало трговијата. Но, таквата положба не траела долго. Од крајот на XVI век, положбата на месното население почнала да се влошува.

Таа промена во животот на христијанските народи во Отоманската империја произлегувала:

1. Од она внатрешно духовно, морално распаѓање што било последица од зближувањето на Отоманската империја со Европа и кое со себе го повлекло и постепеното, но незадржливо државно и политичко пропаѓање на империјата;

2. Од тоа дека поради постојаните војни и расипништвото и алчноста на султаните и лицата, кои стоеле зад управувањето на државата, настапила финансиската криза како неопходност за да се зголемат старите и да се воведат нови даноци, при чие собирање се манифестирале големо самоволие и насилство, особено на данокот во крв (девшјурме), кој давал богат материјал за трговијата со робје и

3. Од ограничувањето на религиозната слобода на населението - Турците почнале честопати да ја напуштаат својата традиционална толерантност и ги присилувале христијаните да го примат исламот.

Религиозната слобода на бугарското население била притисната и од тоа што од втората половина на XVI век тоа почнало да ја губи и црковната автономија. Назначуваните Грци-владици почнале да ги уништуваат бугарските црковни општини и под закрила на турските власти и во нивна полза да вршат разни злоупотреби со бугарските христијани. На тој начин, влошувањето на положбата на бугарскиот народ ги засегнало речиси сите страни на неговиот живот и ропството на освојувачите станувало сè потешко и неподносливо. Во такви околности Бугарите не биле во состојба да си помогнат и поради тоа почнале да ги насочуваат погледите кон другите народи од кои очекувале да добијат, ако не ослободување, тогаш барем ублажување на својата зла судбина.

Во XVII век положбата се влошила уште повеќе. Пороците на турското владеење во XVII век почнале да се шират и да го манифестираат своето разурнувачко дејство врз целиот организам на државата. Влошувањето на положбата доаѓало не само од огромното зголемување на даноците и нивното несовесно собирање, туку и од самоволијата на спахиите и јаничарите, што го принудувало селското население или да се населува во поголемите градови или во напуштени, непристапни места. Најплодните полиња обраснувале во коров, па централната власт била принудена да презема мерки за да се престане со иселувањето, зашто „штетно и пакосно се одразувало врз империјата во економски и аграрен однос“, се вели во еден султански ферман.

Положбата уште повеќе се влошила кога јаничарите биле испратени по провинциите каде тие под името „јамак“ ги составувале гарнизоните во тврдините. Појавата и населувањето на јаничарите меѓу народните маси бил нов бич за населението. Помагани од власта и обземени од експлоататорскиот дух тие речиси се претвориле во големи душевни измачувачи на незаштитената раја, народ, заедно со спахиите и беговите, откако ја подлегнувале на семожни жестокости и страдања. Тогаш, имено, се развило и ајдутството. Ајдутите не биле обични разбојници, ниту, пак, си задавале некакви политички цели. Тие ги прогонувале и убивале само насилниците, ги ограбувале или, пак, ги заплашувале за да престанат со притисоците.

Во втората половина на XVIII век положбата уште повеќе се влошила поради самоволието на одделни паши или обласни управители. Тие имале воена и административна власт. Повеќето од нив биле и собирачи на даноците, се грижеле за поправките на општествените згради, патишта, крепости и др. Со такви широки овластувања и при ослабнување на централната власт се отворал широк простор за самоволие и злоупотреби на власта од страна на пашите, а и од крџалиите или дахиите раширени по целиот Полуостров. Кон крајот на XVIII век населението било роб, кој

работел само за своите владетели и било предмет на нивна најголема експлоатација, а, пак, насилствата на пашите, зулумите на делибашите и разбојништвата на крџалиите, сите тие разурнувачки сили влијаеле за целосно стопанско-економско разорување и за опустошување на областа. Но поради горчливите обиди во XVI и XVII век, во XVIII век не се забележуваат востанија како претходно, а голем дел од населението се иселувало, заминувајќи во туѓина за поспокоен живот и прехранување.

Честите и големи војни на Русија и Австрија со Турција под прегласната етикета: „Ослободување на христијанските народи од неподносливото ропство на Турците" давале резултати од кои полза извлекувале само тие две држави за своите империјалистички планови и цели. Ниту во еден од толку многуте мировни договори не се предвидувале клаузули, кои непосредно би ги засегале или би обезбедиле какво било подобрување на балканските народи, дури и нивните имиња не се споменувале, а сите влегувале под општото име христијански народи.

Целосно исчезнала надежта дека ослободувањето ќе дојде од Русија или Австрија, најголемите непријатели на тогашната Отоманска империја, а положбата на населението станувала сè потешка и понеподнослива. Не останувало ништо друго освен самото да се фати за оружје и така да си ја олесни положбата...

## Земјоделските и аграрни односи кон крајот на XVIII век

За цело време на турското владеење, како впрочем и останатите балкански области, Македонија била исклучиво земјоделска област. Земјоделството било примитивно - се работело само со дрвен плуг, лопата и копач. Никакви други земјоделски посебности немало. Животот на локалното, особено христијанско население бил жалосен, а трудот мачен и неподнослив. Луѓето биле речиси изедначувани со добиток! Кон крајот на XVII и XVIII век поголемиот дел од земјата била во рацете на месното словенско население - Македонци.

Но, од тогаш настанале големи придвижувања на Албанците (шиптари) од илирско потекло, и тоа од запад кон исток, од север кон југ, од планините кон полињата. На полињата останале само чифлигарите и шпекуланите, зашто им биле потребни на крупните земјоделци, сопственици на земјата. Главните причини за придвижувањето на Албанците кон исток и југ биле лошите природни и стопански услови во Албанија, крвната одмазда (бесата) од која бегале многу албански семејства, селејќи се од едно на друго место, поттикнувањето на централната турска власт, која сакала со

помош на Албанците со мухамеданска религија да ја разреди компактноста на месното христијанско население. Албанците (Арнаутите) често биле повикувани од месното христијанско население како чувари од насилствата и напаствувањата од други Албанци. Постепено тие Арнаути од слуги и чувари се претворале во вистински господари, кај нив доаѓале други, нови Арнаути и така селото, кое некогаш ги повикало Арнаутите, добивало постепено албански карактер. По населувањето во христијанските села, Арнаутите ги употребувале, при јавното покровителство и содејството на власта, сите средства за да се доберат до подобрата земја од месното христијанско, словенско население. Предлагале да ја купат по пониска цена при што честопати вредноста не била исплаќана. Притоа, ако сопственикот на земјата не се согласувал со продажбата, тој бил едноставно бркан или, во случај на отпор, убиван. Арнаутското навлегување и прогонување станале причина за засилување на печалбарството (гурбетлукот), кое како што се знае имало големо значење за опстојувањето на македонското население. Прогонувани од полињата месните христијански, словенски жители се населувале во диви, непристапни места каде ги оставале семејствата, а самите тргнувале во туѓина за да спечалат за прехранување за себе и за своите најблиски.

Во цела Македонија имало голем број „чифлици“, чија земја била во сопственост исклучиво на Турци и Арнаути. Тие големи феудални поседи се создавале на неколку начини. Еден од нив се состоел во раздавање на земја од султаните на таканаречените спахии, што почнало, како што рековме, веднаш по заземањето на Полуостровот и покорувањето на месното христијанско, словенско население од Турците. Во друг случај, пак, за да се спаси од прогоните и насилствата на Албанците и Турците, месното население самото прибегнувало кон покровителство од некој посилен, честопати кон оној на соседот крупен земјосопственик, откако се обврзувале да му плаќаат нешто или да му вршат извесни услуги. Од тие задолжувања подоцна се развиле односите на зависност меѓу чифлигџијата и чифлигарите. На тие два начина потпаднатите во зависност и владеење имоти подоцна биле зголемувани било преку јавно заграбување на земјите на ситните поседници или сопственици христијани, било преку преземање на имотите врз основа на помалку или повеќе фиктивни долгови спрема чифлигџијата.

Како што рековме, крупните земјоделски сопственици - „чифлигџии“ - во Македонија биле главно Турци или Албанци, додека огромното мнозинство на „чифлигарите“ или зависните селани било христијанско - словенско (Бугари, Македонци, Срби). Чифлигари Арнаути или Турци имало исклучително ретко.

Односите меѓу крупните земјовладетели и селското население се изразувале во следните поглавни форми:

I Беговство - тоа е случај кога бегот - чифлигџија сам ја експлоатира земјата и притоа се служи со надничари и момоци. Првите се работници со надници, изнајмени за напорна полска работа, жетва, косење. Момоците, пак, биле постојани работници на чифлигот, годишно биле пазарени за 500 - 1.200 гроша, но од бегот добивале и сол, храна, опинци. Момокот живеел заедно со семејството во куќа, што му припаѓала на чифлигџијата. Чифлигџијата му давал на момокот половина до еден долом земја за да ја искористи за свои потреби, а таквата парцела се нарекувала параспур. Во замена за таа отстапка, жената и децата на момокот работеле понекогаш ангарија за сопственикот и притоа од него добивале храна. Момоците, пак, Арнаути не работеле ангарија.

Општо земено, беговството било слабо развиено во Македонија, особено во централниот дел.

II Исполицата. Селаните, кои работеле на исполица се нарекувале исполичари. Тие биле чифлигари (чифчии) исполичари - сопственици, чифлигари - сопственици и исполичари - момоци.

Чифлигарот не присвојувал никаква земја. Тој обработувал 50-80-100 доломи од земјата на бегот, соодветно со бројот на работната сила во семејството и живеел во куќа што му припаѓала на бегот, иако честопати била изградена од него самиот. Тие куќи биле мизерни градби, едвај пригодни за чување добиток. Чифлигарот имал свои волови, свое рало и свој плуг, своја покуќнина, свои домашни животни и своја араба. Тој бил должен заедно со членовите на семејството да го обработува договореното пространство земја, а по делбата на продуктите - да го пренесе тоа што му припаѓало на сопственикот до чифлигот или до домот во градот[150] Во повеќето места делбата на продуктите се реализирала на следниот начин: најнапред се вршел десеток (кој всушност при крајот на турското владеење бил една осмина 12,5 %), по што се вадело семето, а останатиот продукт се делел на половина меѓу сопственикот и чифлигарот. Во некои места се делел само десетокот, а потоа некаде семето се вадело од делот на чифлигџијата или обратно, од делот на чифлигарот. Сламата, шумата од царевката и тиквите останувале на располагање на чифлигарот.

Исполичари - сопственици имало како меѓу христијанското население, така и меѓу муслиманите. Тоа биле ситни земјоделци кои од чифлигџијата изнајмуваат парче земја за да ги искористат слободните раце и да го исполнат недостигот од храна за семејството.

Чифлигари - сопственици биле суштински чифлигари, кои ги работат чифлишките земји на исполица, но кои веќе присвојувале земја во истото

---

[150] Ангаријата била воспоставена во последно време по формирањето на Внатрешната македонска револуционерна организација - ВМРО.

или во некое друго село. По 1903 г. нивниот број брзо почнал да расте, зашто благодарение на гурбетлукот и Македонската револуционерна организација чифлишките земји почнале да се закупуваат речиси во цела Македонија.

Исполичари - момоци биле оние момоци кои за да го искористат слободниот труд на семејството, земале на исполица земји од господарот.

III Ќесим, што значи наем. Во Македонија имало неколку категории изнајмувачи на земја.

1. Крупни изнајмувачи - арендати на цели чифлици или на големи делови од нив. Такви биле обично граѓаните капиталисти, главно Евреи, Власи, Македонци.

2. Ќесимџии - исполичари, тоа биле чифлигари кои земале под наем некое парче земја од некој чифлик.

3. Ќесимџии - момоци, тоа е кога момокот од еден чифлик изнајмува за своја сметка земја од некој друг чифлик.

4. Ќесимџии - ситни сопственици, тоа бил најраспространетиот ќесим уште од старо време. (Проф. Д. Мишајков, списание Македонија, год. I, книга 1, Софија)

Во Македонија, освен житните растенија: пченица, овес, пченка, просо, поради погодните климатски услови долго време се обработувале и некои индустриски растенија: тутун, памук, ориз, мак, сусам, а во некои реони и коноп и лен. Освен тоа се одгледуваат компири, грав и разно овоште, јаболка и др. Лозарството во минатото, исто како и градинарството, било развиено и се одгледувал зеленчук неопходен и корисен за исхрана на месното население. Големи количества од плодовите на житните и индустриски растенија биле изнесувани надвор од Македонија: Србија, Албанија, Австрија и др. Свилената буба, како и памукот, се одгледувале долго време и одамна биле создадени специјални работилници и фабрики во Солун, Воден, Гевгелија...

Не е тука местото да изнесеме статистички податоци од кои може да се види колкави количини зрнеста храна, какви и колку плодови од индустриски растенија се произведувале, колку и кои се консумирале од месното население и колку се изнесувале надвор, во странство.

Занаетите. Уште во далечното минато на турското владеење, занаетчиите еснафи, поради сè уште непостоечката или сосема слабо развиена индустрија, биле главните производители на разни артикли, пред сè, за потребите на локалното население, а еден дел и за потребите на турската војска, администрација, а друг и за извоз. Турската власт и законите ги заштитувале занаетчиите, а им давале и некои привилегии. Така што занаетчиите, по земјоделското население, биле најмногубројни. Еснафите, најмногубројни речиси во сите поразвиени градови, биле една

одделна класа, ако не целосно привилегирана, барем користела многу и разновидни привилегии. Имале за секоја бранша свој посебен печат. Поднесувале колективни молби и барања, што биле предмет на посебно внимание и проучувања од страна на власта, управниците, па дури и од султаните и великите везири[151]

Трговијата. Поради завладеаната анархија животот бил несигурен, особено во селата, и населението бегало по градовите. Половината од земјата била необработена, а соодносот меѓу градското и селското население бил 1 спрема 3, т.е. на тројца селски жители паѓал еден градски ( Beanjour, I, 130, 128).

Од градовите најголем бил Солун, кој броел 60.000 жители, од кои половината Турци. Толку броел и Жошер и некои други германски и англиски автори. Според населението и според трговското значење, доаѓал Сер со 30.000 жители, центар на памучната и тутунската трговија, со фабрики за волна и памук. Битола, која тогаш била обично седиште на румелискиот бејлербеј, имала само 15.000 жители, а Скопје со своите 10.000 жители бил помал и од Воден, кој броел 12.000. Но, Скопје заземал видно место во македонското занаетчиство со своите кожарски работилници, кои биле во состојба на процут во 17 век, како што се гледа од описите на учениот Англичанец д-р Едвард Браун, кој ја проучувал Македонија од север кон југ меѓу 1668-1676 г. (Edward Brown, Durch Niedrland, Teutschland...Macedonien ete.Reisen, стр.129, Beanjour I, 128, Jucherean, I, 94-95.

Тоа градско население ја напуштило земјата и требало да побара издршка во занаетите и трговијата. Занаетчии и трговци христијани, се

---

[151] Само во Битола имало 34 еснафи, а во Прилеп 32!. Битола, а пред неа Прилеп, по извесен период биле големи трговски и занаетчиски центри во централна Македонија. Битола на патот Дурацо-Елбасан-Солун-Цариград имала големо трговско значење. Уште во Римско време Битола била важен пункт на via Egnatia. Како важен центар Битола служела како посредник меѓу Солун, од една страна, централна Македонија и Албанија, од друга. Во далечното минато австриските стоки, наменети за Битола и Прилеп, минувале преку Дурацо. Пред пробивањето на железничката патна линија Солун-Скопје, Битола имала големо значење за трговијата на централна Македонија и посебно за прочуениот Прилепски панаѓур, што се одржувал од 1 до 15 август. Мануфактурни стоки преку Солун се носеле од Германија, Австрија, Англија, колонијални, главно од Австрија, железарски стоки исто од Австрија, а обработени кожи од Франција и Италија.

На тој панаѓур трговци од Солун, Прилеп, Битола, Охрид и Велес носеле колонијални, железарски, мануфактурни стоки со камили преку Солун, изработени кожи од Лајпциг, Охрид, Костур, Џенова, од Грција оружје, масло од Албанија, гајтани, шајки, аби од Бугарија, јажиња од Србија, килими, чорапи, шајак, платно од Прилепско и Битолско, кантарџиски и бакарни стоки од Прилеп, сурови кожи од секаде, жито, тутун, афион од Велешко, Битолско, Штипско, Кумановско. Панаѓурот престанал во 1873 г., како последица на конкуренцијата на Битола и Скопје, која настанала по изградбата на железничката линија меѓу Солун и Скопје.

разбира, имало во прво време. Но, како важен елемент во стопанската размена меѓу Турција и европските трговски нации тие се појавуваат во втората половина на XVIII век. Тие не се веќе само посредници за испораките на туѓите трговци, какви што биле порано (Французите ги нарекувале censaux, веројатно, од арапскиот збор симсар, нашето сансар), туку се организирале во заеднички компании, што основале трговски куќ и во Венеција, Трст, Ливорно, Марсеј, Амстердам, Виена, Будимпешта, Темишвар, Брашов и други градови. Уште повеќе, во времето што нас нѐ интересира, тие веќе успеале да ја земат во свои раце речиси целата увозна и извозна трговија на Турција и таа околност силно ги обеспокои раководствата на заинтересираните држави. Божур ги нарекува Грците и Евреите „двете црти на источната трговија", а конзулската преписка меѓу Виена, Цариград и Солун е исполнета со мемоари, погледи и проекти за разни мерки, што требало да се преземат за да се ограничат злоупотребите, кои ги вршеле трговците од Турско, и да им се одземе благопријатната положба што успеале да си ја создадат. Во тој однос, интересен е еден мемоар на австрискиот конзул во Солун, францускиот емигрант-трговец Масол. Откако констатира дека германската трговија во Македонија е во целост во рацете на Грците, Масол пишува: „Раширени во двете империи, еластични, вешти, интригантни, тие се како привилегирани агенти во таа верига од заемни потреби. Тие, така да се каже, го вдишуваат националниот дух кога ја добиваат заработката. Тие се секогаш туѓи во Виена, само поминуваат без да се населат. Носијата, обичаите, религијата за нив се лозунг што ги одликува и ги разликува. Уште повеќе се разликуваат според духот и карактерот. Тие се кротки, добри, доверливи и достапни. Гркот е темпераментен, итар, внимателен и често лажливец. Судовите постојано имаат работа со нивните недоразбирања. Постојано приврзани кон родното огниште, малкумина од нив не се враќаат во татковината. Откако ќе минат неколку години во Виена, се прибираат кај семејството или формираат ново. Колку пати исчезнуваат зад некој банкрот или крадат голема сума по што се губат во некое зафрлено село каде правосудството не може веќе да ги пронајде...". (Мемоар на Massol, приложен кон писмото на Цариградскиот интернунциј од 27.3.1802 г., во Виена, Државен архив). Самиот интернунциј во една своја депеша од 15 мај 1796 г. вели дека турските поданици биле „побогати со итрости, отколку со пари" и им препорачува на австриските трговци да бидат претпазливи.

И сите други современи реакции се негативни. Тоа без сомневање се должи на разликата во културата на Европеецот и ориенталецот, разлика која и денес не е исчезната, на личниот карактер на Грците, Ерменците и Евреите, а во извесна мерка и на конкуренцијата што тие им ја правеле на туѓинците.

Царинскиот режим во Турција и условите во трговијата, воопшто, биле поблагопријатни за туѓите поданици, отколку за месните. Европеецот плаќал царина 3%, турскиот поданик 5%. Првиот бил доста заштитен наспроти изнудувањата, самоволијата и злоупотребите на мали и големи, законски и незаконски претставници на власта, толку чести и толку безмилосни што, според мислењето на Жошер, на пример, го удвојувале даночниот товар на населението. Кон тоа се додавале и новите даноци, наложени и зголемени при царувањето на Селим III, наследник на прочуениот Назим-поџедид. При сето тоа непознавањето на јазиците во областа и на локалните животни и други услови ги поставувале странските трговци во извесен степен на зависност од месните. Освен тоа, мнозина од месните трговци, преку врските и услугите, стигнувале до извесни привилегии како бератлии, ферманлии, натурализирани и под нечие покровителство. Христијани турски поданици, кои имале врски со странските дипломатски мисии, издејствувале од султанот специјални берати и фермани, со кои се поставувале под покровителство на некоја странска сила и со тоа се издигале малку повисоко од обичното ниво на рајата. За секоја држава биле дозволувани до 100 такви бератлии ферманлии. Кога нивниот број се зголемил, Портата правела обиди да ги намали привилегиите на странците. Со циркуларна нота од 17 јануари 1806 г. таа посакала ограничување и дури надминување на таа категорија од рајата, главно од фискални причини. Друга категорија биле руските протежеа, а посебно Австрија која имала општа граница со Турција, имала и посебна категорија натурализирана раја, согласно членот 8 од Свуштовскиот договор. Натурализирани биле оние турски поданици, кои се наоѓале на територијата на империјата до 4 август 1791 г., всушност низ таа врата се протнале и многу други, зашто австриските власти не гледале толку строго на донесената владина уредба.

Во сите тие категории привилегирани и раја-трговци без сомневање се наоѓале и Бугари. Меѓутоа, тешко е да се определи точно какво било учеството на Бугарите од Македонија, дунавска Бугарија и Тракија во внатрешната и меѓународната трговија на Турција. Западните писатели ги нарекуваат сите христијани од турско со името Грци, што не означува народност и вероисповед. Затоа ние среќаваме да се говори за Грци не само таму каде што тие можело да се наоѓаат, туку да се означува како грчко и православното население на Босна и Буковина! Само кога е познато родното место на некој трговец или кога името не му е од календарот, туку е чисто народно, само тогаш ние можеме да го разликуваме Бугаринот од Гркот, Србинот и Влавот.

Повеќето трговци од Македонија биле, како што се гледа, од Солун, Сер, Костур, Сечишта т.е. Грци или погрчени Бугари и Власи. Меѓутоа,

имало и од други градови каде никогаш немало трага од грчки елементи. Охридските кожари одамна го знаеле патот за Липиск, велешани, скопјани, тетовци, кратовци, штипјани и други - патот за Влашко, Унгарско и Австрија. Жефаровиќ е еден од оние кои ни оставиле постари траги. Еден трговец од Тетово, Васил Павлович, се споменува како австриски поданик во Букурешт, во почетокот на 19 век, кој им помогнал на издавачите на „Повест ради страшнаго и второто пришествие Христово“ на даскалот хаџи Јоаким Крчовски, печатена во 1814 г. во Будимпешта, кои биле кир хаџи Пецо од Штип, кир хаџи Станко од Кратово и кир Димитриј Филипович[152] од Крива Паланка. На тие претприемчиви и просветени луѓе се должи и пораното будење на народното сознание во Македонија. Ако ние не можеме да кажеме за нас, како што вели познатиот француски историчар Рамбо за Грција дека се изродила преку трговијата, надвор од сомневање е позитивното влијание што го укажувале за бугарската национална преродба оние бугарски печалбари, кои доаѓале во контакт со повисока култура и со посовршени форми на стопански и политички живот.

Присуството на многу македонски трговци во унгарските и австриските градови неспорно сведочи за развиени трговски односи меѓу двете страни. Реално, според сведоштвото на Божур, половината од производите од Македонија заминувале по морски пат преку Солун, а другата половина по сувоземниот пат преку Землин. Еден дел од извозот по море бил наменет повторно за Австрија, преку Трст и Виена. Меѓутоа бргу порастот на трговијата со и од Австрија станал уште позначаен. Тоа се должело на две причини. Револуцијата во Франција длабоко ја уништила француската индустрија. Фабриките биле разрушени и многу фабриканти и трговци емигрирале. Таквата ситуација ја искористила Австрија, која со своите мануфактурни стоки навалила на турскиот пазар и полека ги истиснала француските производи, дотогаш речиси исклучиви господари на Исток. Од друга страна, војните меѓу Австрија и Франција го правеле морскиот пат несигурен и скап и така карваните на копно почнале да пренесуваат многу повеќе стоки, отколку бродовите. Дури и памукот, што бил испраќ ан за фабриките во Саксонија и Швајцарија, заминувал од Сер преку Землин. А колонијалните стоки што Македонија ги консумирала наместо од италијанските и француските пристаништа преку Солун, се внесувале од Виена преку Землин и Белград.

Увозот во Македонија се состоел главно од платно од памук, лен, волна, свила, кадифе, потоа од стакларија, железарија, оружје, бакар, порцелан, кафе, шеќер, крмоз и други фабрикати и колонијални стоки, а

[152] Под влијание на преродбеничката српска книжевност во Срем и Банат, не само образованите Бугари, туку Романите си давале на имињата завршеток ич.

исто и во пари. Главните увозници биле Австрија и Франција. Во замена, Македонија извезувала памук, волна, кожи, восок, коприна, зајачки кожи, црвена памучна преѓа, аби и др.

Главен артикл на македонскиот извоз бил памукот. Заедно со Сирија и Мала Азија, Македонија го произведувала источниот памук, што се извезува на Запад. Египет, кој денес е главен производител, тогаш продавал само мали количества. Најдобар и најквалитетен памук се сеел во Серско, кое броело 300 села, распоредени по 30-40 во агалак. Божур ја опишува детално таа култура и трговијата со неа. Еден цвет давал годишно од 200 до 300 оки, кои пресметани по еден грош за ока, правеле 200-300 гроша, па памукот бил двојно подоходовен од житото и затоа се сеел сè повеќ е. Годишно во Серско се произведувале 70.000 бали по два денга од по 60 топа или 100 оки нето. Од тоа количество се извезувале 50.000 бали, во вредност од 5.000.000 гроша, останатите 20.000 бали се употребувале или обработувале во областа и еден дел (10.000) потоа се извезувал како бојадисана преѓа.

Памукот се делел на пет категории, кои се продавале на топови од по 700-800 драма. Главниот извоз одел за Австрија - 30.000 бали - кои со коли се пренесувале преку Белград. Превозот не бил определен, но некогаш достигнувал до 45 гроша по кола, а од Белград до Виена од 5 до 9 форинти. Тоа значително го зголемувал трошокот за превоз. Затоа, пак, за тој памук се плаќало само една асира по ока за данокот бедеат, а за извоз преку солунското пристаниште, покрај тоа, се плаќала 1,5 асира по ока.[153]

Тутунот бил втор важен производ на Македонија. Според Божур, тој се сеел од Вардар до Места, најмногу во Кавалско и Петричко, покривал една осмина од обработената земја и давал издршка на население од 20.000 жители, главно Турци. Годишното производство средно било 100.000 бали или 10 милиони оки. Потрошувачката во Европска Турција стигнувала до 40.000 бали, во Египет се извезувале до 30.000, останатите во други области. Австрија порано внесувала 10-12.000 бали, но откако Јосиф II ја вовел тутуновата култура во Унгарија, за чија цел биле преселени и неколку македонски семејства тутунопроизводители - тој увоз целосно бил прекинат. Затоа во австриските конзулски информации од крајот на 18 и почетокот на 19 век не се говори за македонски тутун. Цената се движела меѓу 30 и 60 асири по ока, а само најубавиот тутун чинел 70-80 асири, додека една какалска сорта, наменета специјално за султанскиот сарај, се продавала по 6-7 гроша за ока. Откако ја зема средната цена од

[153] За да се сфатат цените на разни производи треба да се знае дека тогаш грошот имал 120 асири или 40 пари, односно парата имала по три асири. Грошот се изедначувал со 2 франка тогашни пари или 1 пара 5 сантими. Порано грошот чинел 3 и 5 франци.

36 асири за ока, Божур пресметал годишен приход од тутунот од 4 милиони гроша. Купопродажбата се вршела во Солун или на самото место, според цени определени од началникот на солунската царина. При извозот се плаќала царина од 14 асири по ока. Изгледа дека освен извозната царина, тутунопроизводителите плаќале бедеат, нов данок воведен од Низам-и-Џевид. За првпат тутунот бил оптоварен со царина (оката „пениџе" 10 асири, оката „крџа" 8 асири) во 1688 г., во критичните времиња на големата војна против Австрија, Венеција и Полска.

Македонија обезбедувала најголем дел од житото за Европска Турција. „Земјоделските производи само на Македонија, вели Божур, чинат толку колку сите на останата Грција. Но, трговијата со зрнеста храна, колку што била доходовна, толку била и ризична. Пред сè, таа била ограничена. Земјоделците не можеле да ја продаваат храната надвор од пределите на областа, а биле задолжени да даваат одвишок по определени ниски цени на надлежните државни чиновници, наречени илцираџии. Така собраните жита се складирале во цариградските амбари. Таа наредба имала за цел да се обезбедува евтин леб за населението на престолнината, кое требало да биде задоволено за да не се бунтува и негодува. Од истата причина и целата трговија на Црното Море била насочувана за Цариград. Повеќето од тие ограничувања биле надминати едвај во времето на султанот Махмуд (1809-1839 г.).

Мерка за зрнестата храна била цариградското кило од 22 оки. Кизарџијата плаќал по 20 пари за кило. Македонија меѓу морето, Кожуф, Беласица, Пирин и Места давала на кицирата годишно 180.000 кила т.е. 2.320.000 оки. Количината што се изнесувала во странство тешко е да се определи, зашто таа се мешала со производите од други области и се товарела во други пристаништа. Во една табела за движењето на морепловството и трговијата во солунското пристаниште во 1804 г., покрај 8.902 бали памук и 7.180 тутун, австрискиот конзул Масол забележува и 15.020 цариградски кила жито и 20.656 кила ‘рж. Притоа, кога се говори за земјоделско производство во Македонија, треба секогаш да се има предвид и да се напоменува вечната вистина, истакната и од Божур: „Земјоделството може да цути само при добро управување, а во таа област тоа (земјоделството) не суштествува".

Сточарството меѓутоа било доста развиено, особено во планинските предели и Македонија давала значително количество волна: 50.000 оки од источните покраини заминувале во пловдивските фабрики за шајак, а Серско, Струмичко, Дојранско, Eниџе Вардарско noселе во Солун за продавање до 300.000 оки. Извозот стигнувал до 200.000 оки, а цената се движела меѓу 15 и 25 пари за ока. Општиот доход се пресметувал на 270.000 гроша. Подложена на беглик за волната се плаќал данок наречен

хамс или хумс т.е. петка: бегликчијата, кој во Солун бил Евреин по силата на една стара привилегија, земал една петина од целата волна, што ја плаќал по 4 пари за ока. Во почетокот на 1794 г. Портата вовела нов данок за стадата, но поради силното незадоволство на населението речиси го изоставила.

Со тие и со другите помалку важни производи на својата почва и со своите занаети, Македонија вршела трговија која, според една табела на Божур, годишно стигнувала до 13.791.920 гроша или околу 30 милиони франци. Само извозот надминувал 8 милиони гроша. Тоа било пред 120 години, во едно тешко време на несигурност, интриги, палежи, сечи: „Кога ќе ја погледнам Македонија од гледиште на природните дарови, пишува Божур, ќе најдам дека во Европа нема област каде луѓето добиле подобри услови за да живеат честит живот. Но, кога ќе ги погледнам политичките форми, ќе најдам дека сите зла на едно варварско управување си подале рака за да опустошат една од најубавите области на светот според богатството и разновидноста на нејзините производи".

При сето тоа, Македонија живеела и работела и за себе и за другите, повеќе за другите отколку за себе си. Од каде ја црпела таа сила? Од својот дух и од својата природа: „Тука, пишува истиот автор, природата се бори непрекинато со пороците на управувањето. Климата... е чудесна. Таа влијае моќно врз луѓето, зашто им дава повеќе живот и поголема плодотворност. Таа дејствува и врз животинската и растителната природа, правејќи ги и едната и другата попроизводни".

Уште во почетокот на средниот век[154], Македонија била изложена на навлегување на разни словенски племиња, кои го истиснале старото грчко или византиско население, а потоа во период од неколку века преминувала од раце в раце - Бугари во времето на цар Борис и Симеон, кога целото население било покрстено, Византијци (Грци), латинската империја (по четвртиот крстоносен поход кога бил преземен Цариград), повторно Бугари (цар Калојан 1197-1207 г.), Иван Асен II (121801271) а подоцна под Србите (цар Душан 1330-1371 г.).

Секое од тие освојувања оставало своја трага врз населението, неговата религија, битието и политичките традиции, што ја условила неговата шареноликост - основата на идните национални расправии. Освоена од османлиските Турци во XIV-XV век, Македонија била поделена

[154] Поимот среден век опфаќа огромна епоха во западноевропската историја од крајот на V до крајот на XVIII век. Појавата на феудалниот начин на производство отпаѓа на V-X век, а неговиот процут на XI - XV век. Третиот период, што почнува од XVI век, се карактеризира со распаѓање на феудализмот и со созревањето на условите за појава на капиталистичките односи.

на вилаети (провинции): Битолски, Косовски (Скопје) и Солунски. Точна статистика немало. Се смета дека таа имала 2,5 милиони жители: Бугари, Турци, Грци, Срби, Власи, Евреи, Цигани и др. Основни факти, што ја определуваат нивната положба - особено на словенските народи, кои во своето мнозинство се селани - биле тоа што Турците се населиле во областа во функција на феудални господари (спахии), како и тоа дека огромните земји кои (чифлиците) биле обработувани од тие селани врз крепосни начела и други форми на феудално-крепосничко ропство. Тоа биле основните противречности меѓу освојувачите и победените, што се испреплетувале со политичкото угнетување со расен и религиозен карактер и го довело населението на Македонија до негово национално ослободување од турското ропство[155]

Положбата на христијанското население, особено на словенските народи првично, како што рековме, споредбено земено била подобра отколку во времето на византиското ропство, подобро дури и од времето на бугарското владеење. Но подоцна, од крајот на XVI век, поради редица објективни и субјективни причини и околности, таа почнала да се влошува. Особено во XVIII и првата половина на XIX век, поради ослабувањето на централната власт и поради надворешни (војните на Отоманската империја со Австрија, Русија и др.) и внатрешни причини (пропаѓањето на феудалните услови, натуралното стопанство и мешањето со парично-стоковите односи, појавата на разбојништвото и ајдутството, крџалиските времиња 1792-1804 г., населувањето на големи маси преселници - Арапи, Татари, Турци, избегани или избркани од разните провинции, што тогашната Отоманска империја постепено ги губела), била создадена таква несигурност, самоволие, грабежи, разбојништва, корупција, што настанал вистински хаос.

Никој не бил сигурен ни за животот, ни за имотот, ни за честа. Целосна анархија во која владееле хаос и безредие. По Одринскиот и Парискиот мировен договор големите европски држави, веќе ривалки меѓу себе, се наметнале и почнале со заштита и покровителство на христијанските народи. Големите држави постојано ги прикривале освојувачките стремежи под маската на заштита на интересите на христијанското население. Англија ја одложуваше смртта на „безнадежно болниот човек“, со надеж да ја забрза неговата смрт кога тоа ќе биде најпогодно за неа. Отоманската империја се одржувала само благодарение на соперништвото меѓу големите европски држави Англија, Австро-Унгарија, Русија, Франција, дури и во време кога меѓу нив имало целосна солидарност, а турските феудалци

---

[154]5Советска енциклопедија.

се крепеле исклучиво врз привилегираната положба што тие ја заземале како господарско, владејачко племе, народ. Кон втората половина на XIX век за сите станало јасно дека промената на лицата, кои ја управуваат Отоманската империја, нема да доведе до нејзино модернизирање и смирување. Големи социјално-политички причини, длабоко вкоренети во турската маса, поддржани од религијата и традицијата, биле пречка за тоа и неминовно ја осудувале секоја, дури и најискрената и сериозна реформска акција, на сигурен неуспех. Останувaа две можности: или енергично вмешување на европските држави во внатрешните работи на Турција за да се воспостави еден систем на управување, што ќе им гарантира на христијаните дека нема да има повторување на насилствата, самоволието и жестокоста на Турците и така ќе ја смири и успокои разбрануваната страна, или ако тоа не се случи Отоманската империја и во иднина да остане арена на постојана анархија, која секојдневно ќе го обеспокојува европскиот мир, европската совест и спокојство.

Во тоа време се случија важни настани: востанието во Херцеговина (во 1875 г., востанието во Бугарија 1876 г. и нечовечките насилства, што ги проследија), потоа Српско-турската и на крај Руско-турската војна, со што положбата на Балканот од корен се измени.

Многу Македонци земаа учество во тие борби од 1862 до 1875 г., во четите на востаниците формирани во Бугарија од Филип Томо, Хаџи Димитар, Стефан Караџата (12 Македонци), Христо Ботев -11 Македонци, В. Левски и др. Многумина од нив беа храбри војводи како Илко Марков наречен Дедо Иљо, од Берово-Пехчевско, Хр. Македонски од Кукуш, Ѓорги Измирлиев наречен уште Македончето од Горна Џумаја, кој во 1875 г. бил организатор на револуционерното движење во Трновскиот округ, на север од планината Балкан.

Во време на востанието во Перушица, Панаѓуриште, Батак во 1876 г. се крена востание и во Македонија, во Малешевско-Пехчево-Берово. По Априлското востание во Средногорието, неколку дена подоцна по Копривчица и Панаѓуриште во Пијанечко и Малешевско избувна востание, што продолжи дваесет дена. Раководено од поп Стојан и организирано од Димитар поп Георгиев од Берово. Востанието со центар во с. Разловци го опфати целиот крај.

Со формалното претворање на Турција во конституционална држава, цариградските управници сметаа дека со тоа ќе го направат беспредметно свикувањето на конференција. Штом во империјата се воведува конституционална форма на управување, која формално гарантира граѓанска и политичка еднаквост на сите нејзини жители, без разлика на вера и народност, нема место за никаква надворешна интервенција. Европските претставници на конференцијата меѓутоа не се согласија со

турското становиште зашто тие од претходно знаеја дека формалното прокламирање на конституцијата нема во ништо да го промени внатрешниот ред во турската држава, уште помалку да донесе некакво подобрување во судбината на рајата. Затоа конференцијата изготвува нов проект за идната организација на автономните области: Бугарија, Босна и Херцеговина. Така што, Цариградската конференција заврши без да го постигне оној резултат што првично се очекуваше.

Царска Русија, навредена и понижена со потпишувањето на Парискиот мир (1856 г.) бараше свој реванш и навистина го најде по две десетлетија. На 12/24 јануари 1877 г., Русија влезе во војна со Турција и како резултат на нејзината целосна победа, во едно од предградијата на Цариград, Сан-Стефано, ќе биде склучен прелиминарен договор наречен Сан-Стефански договор (9.II/3.III.1878 г.).

Територијата на новото бугарско царство се симнуваше во Тракија до реката Еркене, така што во себе го опфаќаше Лозен-град и Бургас, оставајќи ѝ го Одрин на Турција, потоа следејќи ги Родопите границата стигнуваше до брегот на Белото Море на исток од реката Места. Брегот стануваше бугарски дури до Орфанскиот залив, на тој начин обезбедувајќ и ѝ на новата бугарска држава со пристаништето Кавала излез на Бело море. Халкидискиот Полуостров и Солун останувaa надвор од границата, но западно од градот границата одново се слеваше со брегот на морето и врвеше од исток кон запад, вклучувајќи ги градовите Костур и Корча, потоа на север се искачуваше малку позападно од Охридското Езеро, ја следеше малку реката Дрим, стигнуваше до Шар Планина и Црна Гора (Скопско), природната граница меѓу Србите и (Македонците) – Бугарите.

Поставувајќи ја Македонија под директна власт на Турција, Берлинскиот договор (13.VI.1878 г.) го означи почетокот на еден нов период во историјата на областа, период на борби, на тагување и на хероизам[156]

Но, уште на 14 јануари 1878 г. Англија најави дека секој договор меѓу Русија и Турција треба да ја добие согласноста на Големите сили. Речиси истовремено англискиот делегат додава „кога ќе се обезбеди благосостојба на населенијата во териториите, што ќе се вратат на султанот со доволно гаранции било откако ќе им се даде административна автономија било на друг начин...“.

Македонија и Лозенградско, кои со Сан-Стефанскиот договор влегуваа во составот на Бугарија, на Берлинскиот конгрес ѝ беа вратени на Турција со задолжение таму да воведе реформи, што ќе ја гарантираат положбата на христијаните и да ги заштитат од насилствата и притисоците

---

[156] Полковник Л. Ламуш „Петнаесет години Балканска историја“ (1904-1918 г.).

на Турците. Но, во одредбите на Берлинскиот конгрес не се повтори верзијата на членот 15, алинеа прва, на Сан-Стефанскиот договор, кој јасно и определено го задолжуваше турското раководство во сите земји на Европска Турција каде живеат христијани да продолжи совесно органскиот устав за островот Крит од 1868 г., каде се има предвид и желбата на месното население. Членот 23, алинеа прва, на Берлинскиот договор се задоволи да уреди дека органскиот устав од 1868 г. ќе биде воведен на островот откако во него ќе бидат внесени измени, што ќе се сметаат за справедливи, следствено без да се праша населението.

Втората алинеа на чл.15 од Сан-Стефанскиот договор, исто така, претрпе измени. Соодветната на неа алинеа втора од чл. 23 од Берлинскиот договор го додава само тоа дека на сите останати области на Европска Турција, за кои не е предвидено посебно уредување во Берлинскиот договор, ќе бидат воведени органски устави, слични на тој за островот Крит. Тоа ги засегна Македонија и Одринско, без меѓутоа договорот изрично да ги споменува... Турските задолженија се запишани во еден меѓународен договор, кој им дава права на силите, но истовремено им наложува и задолженија да бараат исполнување на чл. 23 на договорот од Високата порта.

Никој во Берлин не мислел дека чл. 23 ќе доведе до едно вистинско и сериозно подобрување на положбата на христијаните во Турција. Сепак, чл. 23 на Берлинскиот договор им даде право на потиснатите народи (христијани) да бараат постојано, макар и безуспешно, негова примена. Берлинскиот конгрес (од 13.VI до 13.VII.1878 г.) беше свикан не толку за да ја залечи Турција, колку да ги задоволи опасностите и стравувањата на Англија, нејзиниот вековен ривал Русија да не излезе на Белото Море. Со други зборови, да не им се даде воопшто можност на Словените да владеат со каков и да е дел од беломорскиот брег.

Англискиот делегат, маркиз Салсбери, кој ја претставувал Англија и на Цариградската конференција, на конгресот изнел предлог во кој, меѓу другото, додава: „Кога ќе се обезбеди благосостојба на населенијата во териториите, што ќе се вратат на султанот со доволно гаранции било откако ќе им се даде административна автономија било на друг начин...“.

Суштинските приговори на маркизот Салсбери биле следните:

1) Турција се понижува и се прави совршено зависна од државата која го наложила тој договор;

2) Грчкото племе, кое населува многу места од нова Бугарија, ќе биде потчинето под Словените со кои односите никако не им се пријателски, па е веројатно грчкиот јазик да исчезне и племето да биде проголтано;

3) Се создава нова морска сила, што нема да биде примено добро од останатите морски сили.

Вториот руски делегат, гроф Шувалов, како одговор рекол - дека пределите на Бугарија, според Сан-Стефанскиот договор, и тие од Цариградската конференција речиси се совпаѓаат. Тие предели тука имаат предност, зашто се исцртани од претставниците на Европа и се усогласени, од друга страна, се етнографски предели на бугарскиот народ. Така се создаде македонското прашање како посебно веќе актуелно прашање на Балканот.

Уште додека заседавал Берлинскиот конгрес австриското надворешно министерство - Балплац, им наложило на своите конзули во Македонија да влезат во поблизок контакт со месното христијанско население и да го прашаат дали воопшто се задоволни што повторно остануваат под Турција. Австрискиот конзул во Битола во тоа време, откако ги повикал и разговарал со претставници на речиси сите еснафи во градот, повеќе од 25 на број, во опширен извештај - што станува веќе и општ став - за состојбата на тие еснафски здруженија и впечатоците од водените разговори, јавува дека сите едногласно му изјавиле како што и тие разбрале дека главно интересите на Големите сили диктирале Македонија да не биде заедно со Бугарија, но го замолиле барем да се направи нешто што ќе ги ослободи од турското угнетување како Словени и христијани. Ете ја, впрочем, идејата за автономна, одделна Македонија било во рамките на една јужнословенска или, пак, Балканска федерација. Таа здрава идеја не значи плод на некои политичари, државници, туку идеја извлечена од самата тогашна желба за македонска автентичност, целосно уште тогаш и секогаш инстинктивно примана од мнозинството словенско месно население.

Руско-турската војна навистина не се водеше на македонска почва, но внесе многу големи промени во економскиот и културниот живот, како во незаземените од Отоманската империја области, така и во Македонија. И тогаш македонското население даде човечки и материјални жртви за своето ослободување, а и стотици првенци од словенското-бугарско население беа интернирани, заточени и измачувани по разните турски градови и тврдини само затоа што се чувствувале Бугари, а не Грци.

Македонците тогаш, иако не земаа масовно учество во војната како во последните две - Балканската и и Првата општоевропска војна, сепак барем пасивно учествуваа во неа и тоа уште повеќе ги охрабри за борбата, што отпосле ја поведоа за своето економско, политичко, националносоцијално ослободување. Здравиот разум или националниот инстинкт, чувството им покажувало дека автономијата, макар и во рамките на Отоманската империја, би можела да го постави македонскиот народ во состојба да стане преку свои сопствени закони и свои сопствени сили еден од најактивните и најпримерни фактори за напредок во тој дел од империјата. Истовремено, автономијата би била и најздравата гаранција за еден траен мир во еден голем дел од Балканскиот Полуостров.

Берлинскиот конгрес (1878 г.) го елиминира Сан-Стефанскиот договор, а Македонија беше одделена од Бугарија, која се оформи во автономно кнежевство, и пак остана под власта на Турција. Националната борба на Македонија доби остра форма со што се усложнија меѓународните и меѓубалкански соперништва. Во 1885 г. дојде до обединување на Бугарија со источна Румелија, исто така, поделена од неа во 1878 г. Бугарија најави претензии врз Македонија, што се темелеа врз преовладувачкиот бугарски карактер на нејзиното население. Исто и Србите обрнаа внимание врз Македонија, откако заземањето на Босна и Херцеговина од Австрија ги лиши од секаква експанзија на запад и поттикна голема пропаганда во Македонија преку цркви и училишта, поддржана со изговор дека мнозинството од населението во Македонија им припаѓа ним. Истовремено и Грците, темелејќи ги своите ставови врз предноста од Византиската историја и господарската улога на нивната црква, исто така, пројавија право врз Македонија. На тој начин, Македонија стана јаболко на раздор меѓу балканските држави и арена на борби меѓу нивните привrзаници и клиенти во самата Македонија, кои сите ги снабдуваа со пари, агитатори, попови, учители, оружје и на крајот со чети што се бореа една со друга, а со тоа и привrзаниците - одделни лица и цели села - од спротивната страна. Султанското раководство го чекаше токму тоа. Таа ситуација му даваше можност да го искористи верскиот и национален антагонизам, што го доведе до еден страшен пароксизам и во согласност со принципот - „прво смирување, па потоа реформи“ да го одбегне наложеното во 1878 г. од „Европа“ задолжение (чл. 23 од Берлинскиот договор) за воведување „реформи“ во интерес на оставеното под негова власт христијанско население. Дури, со свирепите репресии против „непослушните“, со систематско спротивставување на муслиманите и христијаните или на една христијанска народност со друга, со погроми, со насилство и поттикнување на самоволието на месната администрација и феудалците-бегови уште повеќе да го зацврсти своето ропство. Македонското прашање се закануваше да предизвика отворен судир меѓу балканските држави и така го засени наметнатото Источно прашање во кое се криеше опасноста од една европска војна.

Големите држави не сакаа Македонија да израсне во самостојна држава: Русија сакаше да ја ослабе Турција, одземајќи ѝ ја Македонија, не само во интерес на заштитуваната од неа Бугарија. Австрија, пак, (а со неа и Германија) не го сакаа слабеењето на Турција, што би било во полза на Русија и би значело засилување на нејзините политички интереси, засилување на Бугарија (русофилска) или австрофилска Србија. Англија, најпосле, по долго колебање меѓу „руската“ политика на своите либерали и „австриската“ на конзервативците, ја спроведува фактички втората, сè

додека во XX век делумно не минува кон руската позиција. Како резултат на тие противречности, Европа можеше само платонски да го изразува своето сочувство кон угнетените националности во Македонија, да ѝ испраќа на Високата порта проекти, што создаваа само илузии меѓу македонските народности, кои ги дефокусираа од вистински усогласени револуционерни дејства и кои ги поттикнуваше кон одделни и предвремени дејствија, а сето тоа не беше „ништо освен поддршка на гнилоста и на застојот, освен бирократски пречки, зашто слобода не носи дури ни либерална Европа." Имено, „цивилизирана хуманитарна Европа" беше пречка за уредувањето на федеративна балканска република (Ленин, том XVI, стр. 154). Така Ленин ја определува суштината на политиката на империјалистичките држави на Балканот, вбројувајќи ја тука и Македонија.

Повикувајќи се на споменатиот чл. 23 од Берлинскиот договор, големите европски држави во 1880 г. ѝ предложија на Турција проект за реформи, како на Источна Румелија, така и за останатите области со христијанско население, кои остануваа во пределите на империјата. Тој проект подоцна беше наречен нов „закон за вилаетите во Европска Турција", кој предвидувал при назначувањето на турските губернатори (валиите), должноста на едниот од двајцата помошници задолжително да ја извршува христијанин. Кај валиите се предвидувал уште и совет од избрани лица, првенци од месното население. Турското раководство се ограничи во приемот на проектот „за информирање"[157] Во 1885-1886 г. како резултат на успешната војна со Србија, Бугарија објави дека прашањето за Македонија треба да се гледа како внатрешно бугарско прашање, во кое останатите држави нема за што да се мешаат...

## Од Развојот на градскиот живот и занаетите во Бугарија во XVIII и XIX век - Д-р Ив. Сакозов

Доселувањето на османлиските орди на Балканскиот Полуостров предизвикало големи стопански промени во целата област и значителен пресврт во аграрно-правните и социјални односи. За Турците, како за сите номадски народи, било туѓо планското и интензивно производство, и биле ненавикнати на една систематска размена на богатства...

[157] Тој проект, како и контрапроектот изработен од Високата порта, има своја историја што тука нема потреба да ја образложуваме.

Огромните маси азиски војски и население својата прехрана ја очекувале не од својот личен труд и размена, туку од стопанската дејност на потчинетата раја. Религија и право, администрација и финанси, сето тоа беше создадено во Отоманската империја со оглед на едно паразитско однесување на победникот. Самите Турци ништо не придонесувале за подигање на производството. Напротив, вдахновени со ориентална недоверба, признак на слаба култура, тие со своето управување прогонувале сѐ што било попретприемчиво во областа, откако од друга страна ги затвориле сите државни граници.

Густата турска колонизација на Полуостровот, меѓутоа, има и своја обратна страна за христијанското население. Долж главните патишта преку кои главно се движеле турските војски во својот поход кон центарот на Европа-Виена, се населувале турските колонисти, кои ја екипирале и снабдувале со храна и транспортни средства војската, најсилната и најголемата на времето во светот. Целата област била исполнета со големи маси непроизводствено население, кое својата прехрана ја очекувало речиси целосно од трудот на потчинетата раја. Додека по селата масовно се населувале турски колонисти, во големите градови се сместувале значителни турски гарнизони и претставници, лица на разни административни власти, а подоцна крупни земјовладетели-спахии и чифлигџии. Турската инвазија, со своите освојувачки цели создала сосема нови населби и крепости за одбрана на империјата од север и од запад. Подигањето такви крепости и населувањето на значителни гарнизони во нив привлекувало голем број производители и трговци, а потоа и работници, мајстори и тоа во зависност од потребите на војската и крепостите.

Кон тој тип градови во време на турскиот режим се создале и други и тоа како центри за размена по големите крстопати или паланки за потребите на околијата. Во нив, покрај занаетчии и трговци, се доселувале разни турски чиновници, писари и дојденци од соседните села. Друг тип градови биле во тешко достапните потпланински области каде населението бегало од самоволијата на разни сопственици и ограбувачи и каде со упорна работа во областа на занаетчиството ја обезбедувало својата прехрана и се заштитувало...

Турците, останувајќи назад без да можат да се приспособат кон стопанскиот живот, оделе кон пропаст. Поради нечистотија и семејна затвореност меѓу нив се развивале секакви епидемии, како чума, колера, дизентерија, од кои масовно умирале. На местото на проретченото градско население се доселувале месни христијани производители, кои го прифаќале целосно стопанскиот живот не само во селата, туку и во градовите и паланките. Колку и да пречеле во тој однос самоволијата и меѓусебните недоразбирања на турските власти кон крајот на XVIII век,

сепак во политички и стопански однос нетурското население сè повеќе и повеќе се засилувало и закрепнувало. Реформите, што турските султани се мачеле да ги спроведат во периодот меѓу 1839 и 1858 г., биле всушност една неопходност наложена од стопанската еманципација на христијанското население. Основата на културно-политичкиот растеж се темелела врз местото, што тоа го заземало во градскиот стопански и трговски живот...

Колку и да била заостаната област Отоманската империја во тоа време, во неа се развиле речиси сите гранки на стопанството, одговарајќи повеќе или помалку на западноевропското мануфактурно стопанство, со таа разлика што тоа одамна ги напуштило рачните форми. Во XVIII век Западна Европа влегувала решително во фазата на својот капиталистички развој, а Отоманската империја одвај создала услови за правилен развој на рачното мануфактурно стопанство, со сосема примитивни машини.

Од оскудните сведоштва, што ги имаме од наши и туѓи извори за состојбата на одделните стопански гранки во почетокот на XVIII век, можеме да ги одбележиме во општи црти поглавните занаети:

1. Џелепчиството или трговијата со добиток. Тоа опфаќало: собирање и гоење на добиток, трговија со него, негово користење за специјални цели и приготвување на конзервирани масти и месо првенствено за продажба. Имало работилници со по 30-35 души работници, кои работеле по 13-14 часа дневно. Во нив се сортирало месото. Од него приготвувале суџук и пастрма, а од другите мрсни остатоци - лој, за храна на сиромашното население и за изработка на свеќи.

2. Текстилната индустрија била застапена во две гранки: ткајаштвото (платнарство и абаџиство) и изработка на кожени чанти.

Ткајаштво-платнарство: Уште од средниот век почнало со најпримитивни средства, черги, платна и шајак. Основата на секоја од тие дејности била предилништвото. Ткаењето на басми од памук било во турските градови и таму каде престојувале делови од војската. Свиларството исто било доста развиено. Речиси секое домаќинство ткаело разни памучни материи. Памукот се сеел главно во Серско. Божур, француски конзул во Солун од крајот на XVIII век, ни оставил детален опис на таа култура. Годишно таму се произведувале 70.000 бали по два денга од по 60 топа или 100 оки нето, со вредност од над 5.000.000 гроша, од кои една третина се преработувал и употребувал внатре во областа. Секое градско и селско семејство само приготвувало груби конопени, ленени и памучни платна за долна облека.

Абаџиството. Таа гранка го навестувало населувањето на Турците на Полуостровот. Уште византискиот историчар Григор во XIV век сретнал во струмичко Бугари облечени во црни груби волнени облеки. Тоа не биле ништо друго освен дебели волнени сукна, нарекувани аби, кои во голема мерка ги заменувале овчите кожуви.

Абаџиството била гранка што истовремено ги задоволувала потребите на пазарот и на посебното домаќинство. Во тој однос, Турците ја сочинувале главната маса на консументи, зашто ним им била туѓа секоја обработувачка дејност. Таа се развивала таму каде прехраната била тешка поради недостаток на обработлива земја.

Производствената техника на таа индустрија ги комбинирала следните степени: 1 подготвување на волна; 2 нејзино предење; 3 ткаење; 4 тепање на шајакот и негово мазнење. Речиси целата работа се вршела дома. Волната ретко се носела во бојаџилница за да се бојадисува. За предењето се употребувал чекрекот направен само од дрво.

Абите и шајакот доминирале на целиот внатрешен пазар на Отоманската империја. Во XIX век тие биле нарачувани насекаде во Србија, Мала Азија и Анадолија. Бидејќи производството на шајак било ситно, секое семејство произведувало и за пазар и за лична употреба. Самиот производител не бил во директен контакт со консументот. Затоа подоцна меѓу нив се појавиле голем број посредници, кои постепено ја освоиле организацијата на производниот процес.

За развојот на таа домашна индустрија кон 60-тите години на XIX век придонеле големите потреби на новата турска војска, која почнала да се облекува со месен шајак. Самото производство требало да се приспособи кон тие потреби и паралелно со домашната индустрија се појавува фабричкото производство. Со тоа, пак, истовремено се појавуваат и други занаети како килимарството, ортомарството и мутавџилакот од кои, исто така, се служи војската.

Терзиството се состоело во изработка на разни видови облека - од шајак и абе, потури, елеци, антерии и др. Особено добри услови за развој овој занает пронашол таму каде имало поставено постојани гарнизони.

Штавењето кожи бил еден од малкуте занаети каде преовладувале Турците. Тој се појавил како самостојна гранка и со голем народностопански карактер едвај по појавувањето на Турците. Стои во тесна врска, како со нејзиното сточарско битие, така и со воената организација. Првата редовна армија што ја познава Балканскиот Полуостров била турската коњаница. Таа имала потреби од обработени кожи во големи количества. Тој занает бил речиси целосно во турски раце, па затоа и тогашниот еснаф се користел со извесни привилегии. Нејзиниот „прото-мајстор“ се нарекувал „јаху-баба“ и се сметал за старешина над сите првомајстори во другите еснафи, бидејќи истовремено арбитрирал во големите спорови. Штавењето кожи им носи големи богатства на производителите, па затоа најбогатите граѓани во турско време биле штавачи.

Папуџиите изработувале разни видови чевли: емении, калеври и пантофли со најразлични фазони и имиња, како и царвули, ботуши, чевли и др.

Најслабо било развиено рударството. Тоа било база на редица стопански гранки-ковачлукот, казанџиството, кожарството, коларството, налбатството и др. Обработувањето на златото се нарекувало кујунџиство, а на бакарот, оловото и цинкот - ѓокмеџиство. Од тие метали се правеле разни украси како прстени, гривни, обетки и чапрази. Самиот занает бил меѓу најстарите.

## Стопанскиот живот во градовите

Создавањето на еснафски организации датира од средниот век и е во тесна врска со развојот на византиските погони. Исто така, и Турците донеле со себе еснафски организации од источен тип. Според Хамер, потеклото на турско-арапските тајфи доаѓа од времето на халифатот во Багдад.

Примерот на христијанските религиозни братства т.н. „братства"- "адерфатства" и на разни монашки конгрегации ја дале идејата за еснафски организации. Слабиот развој на обработувачката стопанска дејност кај Турците, незначителното занаетчиство кај нив, им наложувало прифаќање на туѓи влијанија во областа на занаетите. Меѓутоа, непосредниот развој турските еснафи го стекнале од занаетчиските групи. Тоа се гледа најдобро во времето на султан Сулејман I, кога тој донел уредби за разните занаетчии и трговци, односно за квалитетот и цените на стоките. Исто уште во прочуеното јурисдикциско писание од XVI век „Мухтека ол-елар" се уредувале односите по пазарите. Во XVI век, меѓутоа, еснафите ни од далеку ги немале оние форми, енергичност и влијание, што ги манифестирале во XVIII и XIX век. Така, во XVI век, наместо од еснафите, општествената контрола врз производството и цените ја имале судиите и полицијата. Кога подоцна дошло до општа деморализираност кај турските власти, таа контрола била преземена од самите еснафи, кои притоа ја почувствувале потребата од поголем степен на внатрешен организационен живот, зашто требало да ги бранат своите права и стопанска самостојност од самоволието на власта. Доволно е да се спомене големото протестно движење на еснафите од 1651 г. пред султанот, со цел да наметнат укинување на разните пречки и самоволија од страна на властите. Истото демонстративно движење се повторило и во 1669 г. На тој начин, кон крајот на XVII век насекаде во областа општествената контрола во стопанскиот живот се вршела од самите еснафи.

Самата турска власт во 1772 г. со ферман ги потврдила старите правила и организацијата на еснафите. Притоа, тие имале функција на

надлежна личност. Имале полна слобода во внатрешно-организациониот живот, а во судскиот систем биле целосно независни. Еснафската каса била нешто како банка, чии средства се давале на разни лица под лихва.

Во однос на националноста на самите еснафи, во ерата на нивниот повисок развој, тие биле поделени на христијани и Турци. Некои еснафи биле мешани. Било зебележително што при кодифицирање на општиот устав се водело сметка за етничката и религиозна припадност на членовите. Имало значење дали се давале еснафски средства за цркви, училишта и за празници. Воопшто, членовите Турци на еснафот манифестирале голема толерантност.

Управувањето на еснафите. Есанфите на чело имале „лонџа" т.е. собрание. Лонџата била општо собрание на сите мајстори вклучувајќи го и самото раководство на еснафот. Лонџата ги решавала следните прашања: прогласување нови мајстори, донесување нови правилници и воопшто ново раководство и чауш, ги определувала новите цени на стоките, разрешување на разни спорови меѓу мајсторите, проверка на касата, определување и оправдување на расходите, давање кредити на мајсторите, како и пазарење на новите калфи и чираци. Секој кој ги прекршувал правилата на еснафот, бил осудуван од лонџата. Нејзините решенија биле конечни. Тие судско-административни права на еснафите наидувале на одобрување од турските власти, а имало и специјални фермани, што ја гарантирале нивната автономија. Судските одлуки на лонџата биле нејзина привилегија, што самиот еснаф ги нарекувал „правдина". Тие биле потврдувани и од турските власти, кои го утврдувале и новото раководно тело. Лонџата многу често ја играла улогата на арбитрарен суд, задолжителен за страните. Ако виновниот не ја исполнувал наложената од еснафот казна, тој бил предаван на турските власти во - „зафрлен конак"- како казна за непотчинување на раководните органи на еснафот. Во тоа се истакнувал јавниот карактер на еснафската организација. Еснафот собирал глоби од една половина до четири оки восок во полза на црквата или на еснафската каса, но често наложувал и парични глоби „потјахметлик" во полза на еснафот.

Најважната работа на лонџата била да го регулира производството во неговата бранша. Исто така, таа изработувала и го применувала уставот наречен „кодекс" или „регула".

Првомајсторот или устабашијата бил главата на еснафската организација. Во некои еснафи на чело стоел игитбашијата - помошник на првомајсторот. Тој бил најважниот и прв претставник на еснафот. Се избирал јавно и речиси секоја г.. Тој бил еден од најстарите, искусни и богати мајстори. Се грижел за доброто одвивање на еснафските работи, ги свикувал редовните и вонредните заседанија на раководството, ги изгладувал малите недоразбирања меѓу мајсторите и нивните помошници

во работењето, па дури изрекувал и благи казни за виновните членови од еснафот. Првомајсторот се грижел за редовното водење на сметките, а најчесто ја водел и касата. Тој бил почесно лице, со полна доверба да ги претставува интересите на еснафот пред различните власти. Исто така, тој ги водел „тефтерите“ за приходите и расходите на еснафот, за што давал отчет пред другите мајстори. Тој можел да дава и еснафски пари на заем. Многу често му помагале 2-3 души-мајстори, кои заедно сочинувале еден вид одбор-еснафскиот совет.

Првомајсторот внимавал на сите ограничувања на производството и размената во неговата бранша, што биле од јавен карактер. Тој се грижел да се создадат и одржат врски на неговиот еснаф со трговците и занаетчиите, од кои зависело доставувањето на неопходните за еснафот суровини и материјали. Кога пристигнувала стока, тој ја распределувал меѓу членовите. Во функција на законски полномошници на еснафот, првомајсторите биле негови исполнители - „векили“.

Во некои еснафи на чело на организацијата стоел не првомајсторот-устабашијата, туку неговиот помошник-игитбашија, итбашија. Тој бил нешто како потпретседател. Игитбашијата бил извршниот орган на еснафската управа. Тој го затворал дуќанот на казнетиот мајстор и ги исполнувал сите пресуди на првомајсторот и лонџата. Неговата должност била почесна и ги имал сите права како и првомајсторот.

Чауш. Тој бил прислужникот на еснафското раководство. Преку него биле информирани сите мајстори за општото собрание. По наредба на првомајсторот, тој ги повикувал мајсторите меѓу кои имало спорови, како и сите членови на еснафот во случај на потреба или некоја свеченост. Редовно ги собирал приходите за касата од сите мајстори и калфи. Службата му била бесплатна, само понекогаш му се давал бакшиш.

Личниот состав на еснафската организација се состоел од мајсторот, калфата и чиракот. Мајсторот имал право самостојно да управува со својот занает, да го држи дуќанот и изнајмува чираци и калфи. Кога калфата за неколку години ќе го изучи добро занаетот нему му се оставало да го надгледува дуќанот на сопственикот. Во таа ситуација тој се нарекувал „баш калфа“. Тоа значи дека калфата е веќе мајстор, но не е целосно самостоен. Таа преодна форма се предвидувала со турскиот ферман издаден во 1773 г., со кој се уредувале еснафските организации. Кога баш калфата посакувал да се оддели како самостоен мајстор т.е. „башкалија“ тој го известувал за тоа својот мајстор, а тој, пак, устабашијата. Тогаш се свикувала лонџата и со посебно предвидена и потврдена во турскиот ферман одредба, калфата се прогласувал за мајстор. Церемонијата се состоела во тоа што првомајсторот му давал на калфата татковски и професионални совети и го обвиткувал со пешмала-посебен свилен појас.

Тоа бил надворешен белег на новиот статус на калфата. Потоа новиот мајстор им ја целивал раката на устабашијата и на другите постари мајстори. Тој обред се нарекувал „тестирлик“ т.е. дозвола. Лонџата го потврдувала или отфрлала тоа прогласување, откако ќе го ислушала мајсторот на кандидатот за неговото искуство и послушност.

Новиот мајстор бил постојано контролиран во работата за да не го компромитира еснафот. Затоа имало случаи кога тој се здружувал со својот патрон на една-две години. Новиот мајстор требало да внимава на својата страхопочит кон своите колеги. Сите мајстори биле должни да ги одржуваат добрите меѓусебни односи. Непослушните биле бркани од еснафот и такви никој не смеел да ги зема за калфи или чираци. На лонџите биле должни да се јавуваат редовно. За секое отсуство или задоцнување се плаќало глоба. Мајсторот имал обврска да се однесува примерно во општеството итн.

Главните задолженија биле поврзани со точните распределби на количеството, квалитетот и видот на произведените стоки. За сите мајстори имало определен еден ист начин на изложување и продавање на нивните стоки. Секоја конкуренција била строго казнувана. Работното време, платите на калфите и чираците, цените на стоките биле еднакви за сите.

За да стане човек калфа, требало да го добие првиот „хак“ (плата). Тој требало да чиракува неколку години. Големината на првиот хак бил 10-20 гроша, на вториот двојно, на третиот тројно итн. Работниот ден за калфата бил од зори до мрак! Платата се давала годишно и од неа калфата требало да двои за да стане „башкалија“...

Чираците заземале најголемо место во еснафската општина. Уште од средниот век биле утврдени извесни норми, еднакво задолжителни и за мајсторите и за чираците, кои ја уредувале положбата на чираците во општиот стопанско-административен живот на еснафите. За станување чирак или ученик немало никакви претходни услови, меѓутоа општо земено нивниот број бил ограничен, во интерес, како на производителите, така и на консументите. Рокот на учење бил различен, како во одделните еснафи, така и низ различните епохи итн.

Во XVIII и XIX век во многу градови и паланки еснафските организации биле значаен фактор во областа. Материјално, еснафите добро стоеле и тоа помогнало еден дел од членовите мајстори да земат активно учество во црковно-училишните и други иницијативи. Значи, одвај откако економски закрепнале еснафите, а паралелно со нив и посредниците трговци, прекупци или организатори на ситни стопански гранки, било можно да се постават на чело и да ја поведат толку смело, толку самоуверено, толку величествено и борбата за родна национална црква, а подоцна и борбата за национална духовна и политичка слобода.

Според проценката на Бојан Пенев, до почетокот на XIX век во Отоманската империја имало предимно натурално стопанство. Едвај во 1823 г., државата ги зголемува монетите во оптек и натуралното стопанство сè повеќе и повеќе се истиснува од монетарниот систем. Турците, и по освојувањето на целиот Балкански Полуостров, не го уништија феудализмот, туку само го видоизменија (Д. Братанов). Сепак, по освојувањето на областа, дошло до големи промени во аграрните и социјалните односи. Со распаѓањето на натуралните односи и развојот на паричната размена, постепено се уништувало и спахиството. Потребата од пари ги терала султаните да сменат редица даноци од натурални во парични. Така било создадено чифлигарството, а истовремено со него и чорбаџиството.

Во Отоманската империја имало главно три вида земја: десеточна, даночна и мрзелива-спахиска. Земјата во Турција била поделена на пет категории: мјолк-сопственост која безусловно им припаѓала на приватни лица; мирие-земја што е во државна сопственост; метруке-земја оставена за општа употреба; меват-мртва, неискористена земја и вакафските имоти-земја или недвижни имоти оставени на располагање на богоугодни установи-џамии, цркви (Изв. од „Законот за земјите и наследствата“).

Турското освојување стави крај на онаа форма на крепостништвото, што суштествувала во средновековното бугарско феудално стопанство и дава нов облик на феудалната структура на областа (Ж. Натан). Турското освојување, иако ја уништи болјарската класа-феудалците, сепак, не го уништи феудализмот, туку само го видоизмени (Д. Братанов).

Веќе кажавме дека во периодот на својата воена моќ, Отоманската империја главните доходи ги стекнувала од воените грабежи. Турските спахии не биле толку силно поврзани со земјата и од неа не ги очекувале главните приходи. Турската воено-феудална држава за да ја обезбеди заднината им давала големи слободи на селаните-христијани, оставајќи им голем дел од земјата наспроти задолжението да плаќаат специјален данок-арач, кој фактички бил како десеток. Така што, освен спахиската земја, постоела и голема површина слободна земја и разна друга привилегирана земја. Но, сепак, крепостништво имало (Ж. Натан „Економската историја на Бугарија“, стр. 29, Софија).

Со преминот од спахиството кон чифлигарството дошло до промени во социјално-групните односи. Заедно со чифлигарството се создаде и оформи и нова општествена група чорбаџиството-носителка на крупни парични средства и поврзана со новите услови во селското стопанство. Брзо се формира и трговско-капиталистичката група во лицето на богатите трговци во Цариград, Одеса, Букурешт, Браила... Таа била поврзана со надворешниот пазар, но и со селското стопанство (џелепи, бегликчии,

трговци со селски продукти и др.), а заедно со тоа имала врски и со занаетчиите. Паралелно со тоа се формираше и занаетчиско-индустриски сталеж. Новата трговско-капиталистичка група ја одигра улогата на хегемон, на раководител во долгите ослободителни борби за јазик, за религија, за училишта, за зачувување на народноста и др. Во тој период таа се јави како изразител на народните желби, на народните чувства и интереси и затоа го повлече целиот народ во борбата околу својата програма за училишта, јазик, цркви, литература и др. Таа прогресивна, позитивна улога на формирачката трговско-капиталистичка група нема зошто да се негира и да се отфрли.

Отоманската империја, заостаната во секој поглед, во почетокот на XIX век, како последица на слабеењето на централната власт, општата корупција, грабежите и разбојништвата во државата, почнала сè повеќ е и повеќе да пропаѓа, а тоа ги засилило сепаратистичките движења во империјата. Најпрвин Грците (1821 г.), по нив Србите (1859 г.) почнале да се бунтуваат за да се одделат и да создадат посебни свои држави. Од друга страна, Русија за да завладее со морските премини и со Цариград и да се доближи до топлото Бело Море, под разни изговори за покровителство и ослободување на христијанското население во империјата, ја заплашувала Отоманската империја и периодично влегувала во војна. Во 1829 г. бил потпишан мир во Одрин, со кој Русија се стекнува со правото да биде покровителка и заштитничка на христијанското население.

Во 1839 г., на 3 ноември, бил издаден значајниот султански манифест, таканаречениот Ѓултански хати-шериф или Танзимат, кој прокламираше рамноправност пред законите за сите султански поданици, без разлика на вера и народност, потоа слобода на верата и мислата, гаранции за животот и имотот, елиминирање на откупот на даноците И, најважно, расчистување со спаилакот, феудализмот. Објавената рамноправност пред законите, гаранциите за животот и имотот, останаа запишани само на хартија. Тоа било диктирано од настаните во Србија и Грција, и главно од војните на Русија со Турција. Претстојната Кримска војна, која ги обедини сите западноевропски заинтересирани држави за Турција, заврши со целосна капитулација на Русија, со цел да ѝ се одземе можноста да ги заземе морските премини и Цариград, а, исто така, и правото да биде покровител и заштитник на христијанското население во империјата.

На 16.II.1856 г. турското раководство издаде Хатихумајун, исто императорски указ, манифест, со кој се потврдуваа ветените реформи со Хатишерифот, но и ги прошируваше: национална и религиозна рамноправност, слобода на верата и мислата, мешани судови, право и христијаните да добиваат државни должности, по желба да служат во војската, да имаат претставници во државниот совет, се предвидуваа

црковни реформи, како на пример, дотогаш постојните такси за владиците и патријархот да се заменат со определени плати, а во мешаните со разни народности општини, црковните работи да се управуваат од еден мешан совет, избран од духовни и световни лица. Хатихумајунот се појави како реален израз на положбата создадена од разбудените национални стремежи на градската класа. И како таков, не можеше да остане само на хартија, туку имаше реално значење.

По Парискиот договор (1856 г.), Турција конечно потпадна под влијанието на капиталистичките интереси на западноевропските држави. Навистина, со поддршката што ѝ беше дадена кај Севастопол, таа можеше да ја зачува целовитоста на империјата, но истовремено со тоа, од редица објективни причини од внатрешна и надворешна природа, таа се најде на навалена плоча и иако постепено, нејзиното паѓање продолжи додека не стигна до најниската точка-распарчувањето на империјата, откако најпрвин ѝ беше одземен Европскиот дел, а потоа и пространите и богати провинции во Мала Азија-Сирија, Месопотамија, Трансјорданија, Ирак, Јемен, на кои одамна атакуваа Англија, Франција, а подоцна и Италија. Од тогаш се отвори и таканареченото блискоисточно прашање, од тогаш Турција беше наречена „болниот човек на Босфорот“, за чие наследство се подготвуваа речиси сите држави во Европа.

## Македонската борба

Обединувањето на Северна Бугарија со јужна или, како што тогаш се нарекуваше, Источна Румелија, даде нов импулс за материјалните производствени сили на областа. Почна засилена изградба на модерни патишта, железнички патни пруги, депоа, крупни претпријатија, објекти на општествени згради, касарни и друго. Македонското население, веќе одделено со граници од кнежевството Бугарија, сè уште остануваше со полна верба и надеж дека ќе дојде ред и на Македонија, ако не целосно да се ослободи од турскиот јарем, барем да ја олабави својата очајна тешка, ропска положба и оти ќе тргне по патот на економски и културен развој по примерот на Грците, Србите и Бугарите во слободното веќе општество. На сите посвесни и со поголема иницијатива и претприемништво, погледите им се насочуваа кон новоослободените христијански држави и голем дел од Македонците тргнуваат на печалба во Романија, а најмногу запираат во Бугарија каде полесно наоѓаат сместување, работа и се чувствуваат крај блиски браќа по јазик, обичаи, карактери, битие, па и по крв. Од г. во г. бројот на доселените во Бугарија расте и во 1897 г., во Софија, од 70.000

души, има над 20.000 души Македонци, едни како бегалци, други како иселеници, гурбетчии, значи речиси 1/3 од целото население на главниот град Софија.

Многумина од нив добиваат општествени служби како чиновници, офицери, лекари, судии, адвокати, новинари, трговци итн. и стануваат фактор во новата држава.

Во целата област доаѓа до заживување во сите области на животот: стопански, трговски, а паралелно со тоа, по иницијатива на одделни лица Македонци, почнува една жива агитација, првично усна, а потоа и писмена, со посебни брошури, збирки од песни, па и весници, кои си поставуваат за цел морално и материјално да помогнат „братот роб“ да се ослободи од турското ропство. Спомените од руско-турската и српско-бугарската војна се сè уште свежи во свеста на многу општественици и други лица. Соблазните од Сан-Стефанска Бугарија уште неизлечени и првично повеќе како адут, претекст се зема фамозниот чл. 23 од Берлинскиот договор - органскиот устав изработен за островот Крит да се прилагоди според месните услови и во другите делови од Отоманската империја - Македонија и Одринско, населени со христијанско, главно словено-бугарско население.

Тие одделни, делумни иницијативи, за да не одат во крајност или за да не тргнат по еден погрешен пат се наложило да се основа на една општа македонска легална организација, која ќе ја води и насочува борбата за подобрување на положбата во деловите на останатите под турско ропство земји со бугарско население. Се формираат одделни групи, студентски и офицерски друштва и мали добротворни братства. Така, во 1890 г. во Софија се формира од постоечките околу 20 братства општ македоно-одрински комитет со претседател, познатиот учител, писател, поет и општественик Трајчо Китанчев, еден од најпочитуваните, чесен Македонец родум од Ресен, Македонија*. Сите посвесни лица, главно селска и градска интелигенција и офицери се групираат околу тој Комитет на чело со такво авторитетно лице како Трајчо Китанчев.

Голем дел од посвесните, осознаени Македонци влегуваат во новоформираните групи, добротворни братства, друштва, а некои помлади и поактивни влегуваат и во тогаш таканаречените стрелачки дружини, раководени од пожелни офицери и подофицери. Така се создава Врховниот македоно-одрински комитет со седиште во Софија. Тоа е таканаречената надворешна македоно-одринска организација. Три години

* Македонскиот комитет е формиран во март 1905 година во Софија, а на Вториот конгрес, во декември 1905 г., е преименуван во Врховен македонски комитет. Во историографијата е познат како Врховен македоно-одрински комитет.

подоцна, по иницијатива на неколку интелектуалци Македонци, синови на видни позафатени трговци и занаетчии внатре во самата Македонија се формира и Внатрешна македоно-одринска револуционерна организација на чело со Централен комитет со седиште, според уставот, „Насекаде и никаде“, а во суштина во Солун, главниот град на Македонија. Првите шест души основачи се Дамјан Груев, учител родум од с. Смилево, битолско, д-р Христо Татарчев, лекар од Ресен, Иван Хаџи Николов, учител, а подоцна книжар во Солун, од Кукуш, Петар Поп Арсов, учител од с. Бабуна, Велешко, Антон Димитров, бивш турски апелативен судија во Битола, родум од с. Ајватово, Солунско, Христо Батанџиев, учител од Гуменџе, а подоцна (1894) се приклучиле Ѓорче Петров, учител, родум од Прилеп, Гоце Делчев исто учител, родум од Кукуш, Пере Тошев, учител, родум од Прилеп, и Туше Делииванов, учител, родум од Кукуш. Првиот собир и размена на мислења се случува по иницијатива на Дамјан Груев во Ресен, а една г. подоцна општо, така да се каже, основачко собрание во Солун кога бил избран и првиот Централен комитет со претседател д-р Христо Татарчев, по професија лекар со приватна пракса во Солун (1904 г.).

„Првите пионери на ослободителната идеја во Македонија, вели Христо Силјанов во „Ослободителните борби на Македонија“, том I, стр. 4, не вложуваат дури труд да ги видоизменат и приспособат кон македонските услови готовите обрасци, оставени од организаторите на револуционерната борба во Бугарија. Во своите Спомени, од 1891 г., Дамјан Груев, подоцна еден од создавачите на Внатрешната македоно-одринска револуционерна организација, говорејќи за целите и задачите на македонското студентско друштво „Дружба“ при софиската Виша школа, вели:

„Сметавме да дејствуваме во насока да се издејствува примена на чл. 23 од Берлинскиот договор. Мислевме да создадеме организација по примерот на револуционерната организација во Бугарија пред ослободувањето, да дејствуваме по примерот на Христо Ботев, Васил Левски, Бенковски и др. Бевме ја проучиле таа организација. Белешките на Захари Стојанов, на пример, ни беа влијаеле и воопшто долгогодишната револуционерна литература.“[158] Имавме во рака еден том од „Белешките“ на Захари Стојанов и од нив го земавме за пример уставот на Бугарскиот револуционерен комитет“, пишува во Спомените, д-р Христо Татарчев (стр. 9). Го задолживме Петар Поп Арсов врз основа на тој устав да подготви проект за нашиот устав. На организацијата ѝ се даде името „Македонска револуционерна организација“, а на солунскиот Комитет - „Централен

[158] „Спомени на Дамјан Груев, Борис Сарафов и Иван Гарванов“, стр. 9-10, Материјали од историјата на македонското ослободително движење, книга V, соопштува проф. Л. Милетич, издание на Македонскиот научен институт.

македонски комитет" (Ц.М.Р.К.), со претседател д-р Христо Татарчев и секретар-благајник Дамјан Груев.

Меѓу основачите на Солунскиот комитет најдолго се разгледуваше целта на организацијата. Како што сведочи Д. Груев (Спомени, стр.11), во основата на уставот се постави барањето „да се примени Берлинскиот договор (чл. 23)".

Подоцна, во првите месеци на 1894 г., беше прифатена автономијата. По тој повод, д-р Христо Татарчев вели: Се расправаше долго околу целта на таа организација и најпосле застанавме врз автономијата на Македонија со предност на бугарскиот елемент. Не можевме да го прифатиме гледиштето за „трајно присоединување на Македонија кон Бугарија", зашто гледавме дека со тоа ќе наидеме на големи проблеми поради спротивставувањето на Големите сили и аспирациите на соседните мали држави и на Турција. Низ умот ни минуваше дека една автономна Македонија потоа би можела полесно да се обедини со Бугарија, а во краен случај, ако тоа не се постигне, дека ќе може да послужи како обединувачка алка на една федерација на балканските народи.[159]

Во свеста на иницијаторите, идната организација се претставува како бугарска, според составот: нејзин член, според првиот устав, може да биде „секој Бугарин". Поинаку и не можеше и да биде: воодушевени од мислата за доброто на народот, од којшто произлегуваат, тие сметаат, пред сè, на него, дотолку повеќе што се работи за една тајна и опасна иницијатива. Во почетокот само бугарскиот елемент им се гледа надежен. Подоцна тие со задоволство им даваат пристап на сите македонски христијани, кои суштествуваат и можат да бидат корисни за ослободителното дело воопшто. Во однос на составот, организацијата е туѓа за секој теснограден национализам. Тоа се гледа од промените, што подоцна (од Гоце Делчев и Ѓорче Петров) се внесуваат во уставот и нејзиниот правилник.

Што се однесува до целта (спротивна на веќе формираниот во Бугарија, Врховен македоно-одрински комитет, со цел присоединување на Македонија кон Бугарија), солунските иницијатори не измислуваат ништо ново. Тие едноставно го прифаќаат тоа што е во сознанието, како на месната интелигенција и на македонската емиграција, така и на бугарското општествено мислење, и претставува насушна потреба и истовремено е едно право на Македонија: автономија. За Организацијата поимот автономија се покрива со содржината на чл. 23 од Берлинскиот договор, чија примена во пракса се смета за целосно задоволителна придобивка. Нејзините претензии се вкрстени меѓу даденото од Европа во Берлин, возможното и постигнувачкото.[160]

---

[159] „Спомени на д-р Христо Татарчев", стр. 102.

[160] Христо Силјанов „Ослободителните борби на Македонија", стр. 39-40.

Организацијата сè уште ги нема своето утврдено внатрешно уредување, својата административна поделба и своите законски утврдени тела. Сè се одвива на лична и другарска основа. На таа неопределена положба и се става крај во летото 1896 г. За време на одморот, на тајно собрание во Солун се собираат 15-16 души од првите раководители. Тоа е еден вид „конгрес“, како што се изразува Ѓ. Петров, ако се суди според тоа дека делегатите се определени според мислењето на „Централниот комитет“. Меѓутоа, ако се земе предвид карактерот на усвоените решенија и завршената работа, тоа собрание може со право да се нарече обединувачки конгрес на Организацијата. Меѓу другото, ЦК донесе одлука седиштето да биде во Солун, револуционерната област се подели на окрузи (првично вкупно седум), се реши во Софија да се формира задгранично претставништво, да се подготват и отпечатат нов устав и правилник, наместо старите нецелосни и хектографирани. На собирот се разменија мислења за основните заложби на уставот, а неговата подготовка му се довери на Ѓ. Петров и Г. Делчев.

Карактеристични за изминатата еволуција се некои од решенијата на новиот устав. Организацијата си поставува за цел (чл. 1) „да ги обедини во една целина сите незадоволни елементи во Македонија и Одринско, без разлика на народност, за извојување преку револуција целосна политичка автономија за тие две области“. За постигнување на таа цел, таа (чл. 2) „се бори за надминување на шовинистичките пропаганди и национални кавги, што го кинат и обессилуваат македонското и одринското население во борбата против општиот непријател“. Сега веќе член на Организацијата може да биде (чл. 4) „секој Македонец и одринец, кој не е компромитиран со ништо нечесно и бескарактерно пред општеството и кој ветува и се задолжува да биде корисен за револуционерното и ослободително дело“.

Организацијата ја урива веќе секоја бариера меѓу Бугарите и другите народности во Македонија и си поставува за цел да ги обедини напорите на сите незадоволни елементи и да ги ангажира во борбата против општиот непријател - турскиот режим.

Во пролетта 1895 г., по иницијатива на Трајчо Китанчев почнале подготовките за едно востание во Македонија, со чети формирани и екипирани во Бугарија. Речиси истото што се случило во Романија пред ослободувањето кога без да има внатрешна револуционерна мрежа од комитети и нивни истомисленици помагачи, раководители, четите на Димитар и Стојан Караџа навлегуваат во Бугарија да кренат востание против Отоманската империја. Разликата е само во бројот на четниците и на командниот персонал - исклучиво офицери. „Подготовките се вршеа доста гласно и јавно. Лозунгот беше чл. 23 од Берлинскиот договор. Кабинетот на К. Стоилов и Дворецот манифестираа нешто повеќе од благонаклоност кон иницијативата на Трајчо Китанчев. Офицерството беше опфатено од искрен восхит.

По полковите, на иницијатива на пострасни офицери, се формираа групи, кои собираа парични донации и ги подаруваа сопствените карабини-маликери на Комитетот. Десетици офицери изразија желба да заминат. Како свој технички советник, еден вид началник на штаб, Китанчев го ангажира поручник Димитар Венедиков од с. Бања, Разловечко, на служба во артилериската инспекција при Военото министерство. Најпрво се испраќаат старите војводи-арамии: Кочо Љутата, дедо Кацареа, Никола херојот, дедо Стојо, Кочо Муструкот, Дончо Глетков и други, откако даваат збор дека нема да прават грабежи и пљачки над месното мирно, турско население како што тоа го правеле во минатото. Сите тие како стари, долгогодишни војводи-арамии одлично ги познаваа местата и луѓето.

Се организираа четири поголеми востанички одреди и неколку помали чети, сите околу 800 души. Водењето на дружините се остави на војводите, а командувањето - на офицерите, околу 40 души. Во секоја дружина влегуваа по неколку чети, командувани од офицери.

Првиот одред наречен „Струмичка дружина" од околу 160 души, командуван од поручник Начев, имаше за задача ненадејно да ја нападне Струмица и да ги уништи таму сместеното артилериско одделение и топовите (во Струмица немаше пешадија). Четата ја мина границата кај Царево Село. На Голак,[161] уште првата ноќ, таа го загуби началникот. Третата ноќ четата налета на турска стража кај Караѓозли и имаше еден ранет. Потоа, над с. Сушица беше опколена од аскер, а во целодневниот судир изгуби осум души. Тргната обратно, за Бугарија, дружината беше одново обиколена и нападната кај с. Габрово, Џумајско. Тука таа цел ден се бори и си проби пат со атака, но даде десетици убиени и ранети, од кои многумина беа заробени. Во тој судир загина поручник Мутафов. Таа дружина има најмногу и најкрвави судири и даде најмногу жртви: убиени, ранети и заробени. Од 180 души, во Бугарија се вратија само 75.

Втората дружина од околу 150 души, наречена „Пирин планина" на Кочо Љутата, со офицерите капетан Матров, поручник Антон Бозуков и други, тргна неколку дена подоцна за да го поткрепи одредот на поручник Начев при исполнувањето на неговата струмичка задача. Дружината се размина со таа на Начев, кога последната се враќаше по судирот кај Сушица. Таа наиде на раздвижениот аскер и имаше неколку кратки судири. Уште на минување таа требаше да се судри на истото место над с. Габрово. Нејзините кратки судири до извесен степен го олеснија повлекувањето на Начевата дружина.

[161] Походот беше извонредно долг и исцрпувачки. Многумина капнаа. На поручник Начев му отекоа нозете и припадна. Како совесен и честољубив офицер остана нарочно поназад од дружината и се самоуби. Командувањето на дружината го презеде поручник Мутафов.

Најмногуброен, околу 200 души, беше одредот на дедо Стојо со офицерите Тома Давидов, капетан Димитриев и други. Дедо Стојо, кој покрај многуте квалитети на искусен и неуморен војвода, го прифаќаше самоволието и другите навики на колективот, безопасно ја поведе дружината од познатите Родопи и неосетно се приближи до Доспат. Големото помачко село беше нападнато и оставено на ограбување и палеж. Неколку богати локални Турци беа ограбени од војводата. Воопшто, над населението беа извршени дејства, што беа спротивни на инструкциите кои Комитетот им ги беше дал на старите арамии-војводи. Врз сето тоа, дедо Стојо, откако заврши со Доспат, уште истата ноќ оддели 16 свои момчиња, го напушти одредот и заедно со помошник-војводата Крсто Захариев се упати кон Драмско за да ограби еден богат турски чифлигџија. Четата се растури и четниците на делови се вратија во Бугарија. Без кратки или други посериозни судири и без жртви.

Потпоручник Борис Сарафов со четите на Кочо Муструкот и Кољо Ризов, вкупно 45 души, ја мина границата на Петровден, на 29 јуни, и преку Разлог тргна за Пирин, каде се обедини со четата на дедо Анто, па станаа вкупно 65 души. Таа, како и другите чети, се движеше според арамиските начела, по планината и криејќи се од населението, хранејќи се главно од влашките овчари. Старите војводи од типот на Кочо Мустукот им создадоа доста главоболки на началникот и на другите офицери.

Многу мачно беше за мене - раскажува со присутна отвореност Борис Сарафов (стр. 38) - да ги усогласам тие луѓе за да извршат патриотски подвизи. Голем дел од нив мислеа да направат само една мала патрдија, па и ќемерите да не им останат празни, да не загинат, ами да се вратат во Бугарија. Јас им докажував дека многу поголемо значење има ако го нападнеме градот Мелник, пет пушки да испукаме, ама во градот да испукаме. Требаше многу за да ги кандисам притоа да се воздржат од секаков грабеж за да остане делото чисто, патриотско, политичко. За да ги смирам им реков дека потоа, на враќање, може да се дозволи некаде грабеж.

Акцијата во Мелник излезе успешна и доста ефектна. На 12 јули в зори, четата ненадејно ја заседе теснината и влезот во градот, го заседе хјукјуматот каде се справи со десетина задремани заптии и телеграфската станица, кои ги запали, а потоа го нападна и ги разби чуварите во него. Во околиската управа дојде до експлозија од запалените неколку товари патрони. По кратка престрелка со Турците и пристигнатиот аскер од касарната, последниот, заблуден од бројноста на противникот, се разбега по полето и востаниците останаа господари на градот. Сарафов ги собра првенците и им објасни дека целта на борбата им е ослободување на Македонија и околу пладне го напушти градот. За време на престрелката,

четата запали 37 турски куќи. На враќање четата има еден подолг судир кај селото Влахи и на 22 јули сите се на бугарска територија. Вкупни загуби - двајца полесно ранети во Мелник.

Во Бугарија, општеството и самиот Трајко Китанчев очекуваа од организираното движење нешто повеќе и поконтинуирано. Очекувања неосновани, кога се знае дека целата акција имаше карактер на навлегување однадвор, без каква и да било подготовка одвнатре. Трајко Китанчев искрено веруваше дека и политичките резултати на движењето ќе бидат позначителни. Неговото разочарување беше големо и не можеше да го поднесе, кога најпосле се увери дека движењето ќе биде искористено и за цели што немаат врска со неговата основна цел. Врз Китанчев се одразија и безобразијата на Муструковци и Стојовци. „Офицерството, кое бескорисно го поткрепи движењето и даде две скапи жртви - Начев и Мустафов - беше згазено од тие неочекувани дејства на арамиите - раскажува организаторот на четите Димитар Венедиков. Китанчев беше едноставно уништен од тоа дека Турците правеа анкети во Доспат и во европскиот печат ширеа преувеличени описи за „бугарската жестокост“.

За владата и за Дворот движењето, како едно предупредување кон Европа, доволно ја беше постигнало својата намена. Министрите, според тоа, не можеа да не го променат својот однос спрема оние кои го беа понеле. Ете зошто сите учесници, Трајко Китанчев пред сè, се сметаа за подведени и измамени. Китанчев мислел, раскажува Борис Сарафов (Спомени, стр. 40-41), дека движењето ќе биде посериозно, дека ќе трае подолго. А, пак, и владата веќе не нè гледаше со добро око, не ѝ беше лесно да нè прими во служба.

Внатрешната революционерна организација не зема апсолутно никакво учество во тоа движење. Нејзино содејство не беше побарано. Но, и да беше, таа, во тој првичен стадиум од своето постоење, едвај би можела нешто да придонесе.

Ми се враќа во глава, раскажува Ѓорче Петров (Спомени, стр. 21) кога во 1895 г. се затекол во Битола, како се однесувавме спрема тоа востание. Никаква најава немавме дека ќе се случи такво нешто. Го следевме чисто од љубопитност, ниту го осудувавме ниту му дадовме некакво големо значење. Но, повеќе бевме наклонети кон симпатија. Нашата психологија на чисто месни рожби не ја дозволуваше помислата дека Бугарија може тука да игра нешто за свои цели. Тој настан ни најмалку не повлијае врз нашата дејност, ниту да нè сопре ниту да ни го смени патот.

Дамјан Груев, учител во Солун во тоа време, слушнал за подготовките во Бугарија, го искористил одморот и заминал на кратко во Софија, за да разбере „што се брка со четите“.

Дотогаш, раскажува Д. Груев (Спомени, стр. 21), немавме никакви врски со надворешната организација во Кнежевството. Се сретнавме со Н.

Туфекџиев, А. Љапчев и со Китанчев. Им раскажав за нашата организација внатре, што имаме и што сме направиле. Китанчев беше веќе болен, па не можеше да разговараме за востанието. Последното многу ни се мешаше во плановите. Веднаш разбрав со какви средства сè почнало и не очекував никакви посебни резултати.

Како акција подготвена однадвор, без да се праша волјата и желбата на Македонија, но на нејзина сметка, движењето од 1895 г. е значаен преседан. Бунтот на угнетените - класа или нација - не секогаш се раѓа поради прекаленост во угнетувањето, туку како едно ехо, една реакција настаната во една нова генерација, кога таа самата е веќе подготвена и наклонета кон желбата за слобода (б.н.). Таков бунт, таква карактеристика носи и движењето од 1895 г. Тоа востание не беше како некои други од минатото (Пиротско, Нишко, Охридско), резултат на негодување, веќе неиздржливост од злоупотребите на власта и дрската бруталност, од грабежи и самоволија на владетелите, туку повеќе беше еден протест, една вооружена манифестација за слобода и рамноправност (б.н.). Врз базата - за и против подобни акции - потоа се оформија две идеологии, со создадоа два спротивни табора и произлегоа борби од огромно значење за македонското ослободително дело. Идејата за самостојност и сувереност на Внатрешната револуционерна организација, идеја што потоа се издигна во основен и свет принцип за внатрешните дејци, во акцијата од 1895 г., со нејзиниот карактер и нејзините последици, наоѓа еден од своите важни аргументи. За таков аргумент таа акција му послужи и на Христо Матов во поткрепа на тезата дека „Организацијата, пред сè, се ослонува на внатрешноста“.

Христо Матов пишува: Во 1895 г. македонската емиграција се обиде со востание однадвор да го постави прашањето на зелената маса. Ама тоа не помогна: со ефектот се послужија други, имено оние на чија територија се организираше востанието и од чија територија се диригираше. Од друга страна, и Европа не е наивна. Таа знае дека штом се разбере со бугарскиот кнез и со бугарските државници, завршена е работата и со немирната емиграција. Таа, последната, не бива да го злоупотребува гостопримството. Рацете и нозете на емиграцијата можат секогаш да ѝ бидат врзувани.

Но, и ако ѝ се одврзани рацете, што може да стори таа: да крева глас со митинзи, протести и кога-тогаш да испраќа чети и да го обеспокојува „болниот човек“, главно во пограничните места. Па и тие чети за да можат да виреат, треба да е подготвен теренот одвнатре, меѓу населението. Инаку, ризикуваат на секој чекор да гладуваат и да бидат предавани.

Од гореизложените причини потребна е борба, што нема да почива на надворешни, често случајни фактори и следствено да не зависи од нив, туку упорна и долготрајна борба, борба што зависи главно, ако не

исклучиво од него. Начело и крај, нишките, клучот на борбата да бидат во негови раце.[162]

Во тоа време немаше и една поопределена идеологија. Сѐ уште беше рано ако се има предвид каква огромна и континуирана работа бара подготовката на една или друга идеологија воопшто, а особено таква за македонското национал-револуционерно движење, кое се појави подоцна во однос на сите други останати балкански народи, од кои во секој поглед, и економски и културно, Македонија од редица објективни причини беше заостаната назад. А македонскиот проблем беше толку сложен и компилициран. Но, животот тече и се развива наспроти желбите на Македонците. И така сите важни, животно горливи прашања - црковни, училишни, за просвета и наука, политички, национални, па и чисто социјални, се испреплетуваа. Како тогаш, така и подоцна, дури и кон крајот на војните што следуваа, како што ќе видиме понатаму, никогаш и никаде не може да се разграничи кога и каде завршува црковно-училишната борба, каде почнува политичката и како и каде и во што се изразува борбата за социјално ослободување. Поради сето тоа и агитацијата се водеше различно. Ту за автономија ту за присоединување, што подоцна имаше огромни и остри последици, кои на многумина од најактивните легални и нелегални дејци им донесе редица разочарувања...

Сепак, акцијата во 1895 г. има и своја позитивна страна. Таа разбуди многу дремливи или повеќе плашливи лица по селата и градовите во Македонија, го окуражи населението и на дело му покажа како и со што единствено ќе треба да се реагира, следствено да се бори против турската тиранија. А тоа ја олесни агитацијата како среде бугарското општество, така и внатре во Македонија каде сѐ повеќе и повеќе се проширувaше мрежата од месни градски и селски тајни, револуционерни јадра и комитети.

„Додека Трајко Китанчев со офицерите ги вршеше своите четнички подготовки, општеството манифестираше една невидена дотогаш заинтересираност за судбината на своите браќа под турскиот режим. Целиот печат се занимаваше со Македонија. Особено остро атакуваа врз Турција органите на македонската емиграција, весниците „Право“ и „Македонски глас“, кој меѓу другото се потсмеваше и лично со неговото императорско величество Султанот. Воопшто, акцијата во 1895 г. беше еден важен, актуелен политички настан и како секогаш и насекаде, таа акција стана предмет на разни поопштествувања во кои се внесоа и не малку субјективности како плод на тогашните политички услови во областа. Од заинтересирани лица и фактори почна една бесна атака не

[162] Христо Силјанов, Ослободителни борби на Македонија, том I, стр. 56-61.

само против владата и Дворот, туку и против некои од авторите на самата акција, наспроти сета бескорисност и самоодрекувања на лицата учесници во неа - офицери, војводи, четници. Токму во тоа време во Цариград и внатрешноста се случи колежот на Ерменците. Високата порта се најде во една многу незгодна ситуација и бугарската влада се обиде да ја искористи отежнатата положба на Турција. Таа, потпирајќи се, пред сè, врз чл. 23 од Берлинскиот договор заедно со подобрување на судбината на населението побара од Високата порта неколку берати за владици, а од европските сили и Турција официјално признавање на кнезот Фердинанд. Се разбира, како што Англија, наспроти сите протести и ноти, не успеа да им помогне на Ерменците, така и бугарската влада се ограничи откако го искористи тоа движење само за свои политички, државни, па и династички интереси.

Турското раководство знаеше дека освен Англија, ниту една од големите сили не сакаше во дело да се спроведат какви и да било реформи во Отоманската империја, чија целовитост и неприкосновеност, под булата на статус-квото, ги чуваа како зеница во око. Сепак, Високата порта, колку и да му фрли прав в очи на европското општествено мислење, се реши да даде некакви сосема незначителни реформи: 1) бројот на членовите во вилаетските административни совети се зголеми од 4 на 6; 2) За секои два вилаети се предвидуваше по една контролна комисија; 3) На валиите им се дадоа помошници; 4) За формалностите за изградба на нови цркви се даваше рок; 5) Се дозволи како обид во една околија од секој вилает десетокот да се плаќа во пари; 6) Земјоделците, кои не се занимаваа со трговија, се ослободуваа од данокот на приход (темету); 7) На 10% од христијанското население во казите каде тоа е мнозинство, му се даваше достап во жандармеријата.

Се разбира, и тие реформи, колку и да се незначителни, не се објавија со намера да бидат спроведени...Единствената реформа што Високата порта почна да ја применува се состоеше во назначувањето христијани за помошници на валиите, кои се избираа од безлични христијани со турски дух, кои тогашниот печат ги нарекуваше „еветчии“ и „чибукчии“.

Внатрешната револуционерна организација сè повеќе и повеќе ја засилува својата пропаганда и по градовите и поголемите села засилено се создаваат мрежи од тајни, конспиративни, револуционерни комитети. Но, во исто време, според признанието на самите основачи на Внатрешната организација, се чувствува крајна нужда главно од парични средства и материјали-пушки, патрони, револвери, па и бомби. Внатрешните се чувствуваат беспомошни. Погледите им се повторно свртени кон Бугарија, каде по акцијата во 1895 г. на чело на Врховниот комитет за кратко време, по сугестија на владата и Дворот, беше генерал Николаев, поставен само да слуша и да го исполнува тоа што ќе му поткажат или сугерираат од

официјално место. Кога се вративме во Бугарија, разочарувањето во сите средини беше доста големо, вели во своите Спомени, Борис Сарафов. Владата не нѐ гледаше со добро око, а Комитетот, пак, беше како заспан. Се налагаше тој да заживее и да му се даде еден поголем импулс на движењето, што сѐ повеќе и повеќе се шираше, а и внатрешните бараа помош и поткрепа...

Во тоа време, Ѓорче Петров и Гоце Делчев се веќе во Бугарија како полномошници на Централниот комитет и задгранични претставници на ВМРО. Тие како такви се во постојан контакт со луѓето на Врховниот комитет и сѐ уште работат заедно, т.е. немаат суштествени разлики ниту по целите и задачите ниту по методите и средствата на работа. Сѐ оди мазно, спокојно, макар и Ѓорче Петров и Гоце Делчев да биле уште тогаш разочарани од превратничките мисли и сфаќања за револуционерната борба на генерал Николаев, а, исто така, и од желбата на новиот Врховен комитет на чело со Борис Сарафов, како лице на офицерството, да се вмеша во работата на Внатрешната организација, со цел да се наметне, да диктира... Желба на офицерите била на чело на Комитетот да застане генерал Иван Цончев како поавторитетно лице, кое притоа ќе ги користи симпатиите на кнез Фердинанд. Но, бидејќи Цончев не сакал предвреме да се ангажира и бил приврзаник на едно скоро востание, останало помладите Б. Сарафов, Тома Давидов, Славчо Ковачев и други да ги подготват работите, па кога ќе дојде моментот Цончев да се појави на чело и да крене ново востание во Македонија, без да се води сметка за условите во областа, ниту за мислите и желбите на внатрешните, кои ги сметале како профани во воените работи, а и според менталитетот даскали, социјалисти, воопшто недисциплинирани лица.

Со доаѓањето за претседател на Врховниот комитет, Борис Сарафов со своите другари и истомисленици и со содејство на Ѓ. Петров и Г. Делчев, започна една засилена дејност во Кнежевството. Друштвата од 20, за една година станаа над 200, а парични средства, било од членарина било преку воведениот доброволен или принуден македонски патриотски заем со пласирање на облигации од по 100, 200 и 500 златни лева, се собрани над 450.000 златни лева.

„Кога се решивме да ги поддржиме офицерите Борис Сарафов да се избере за претседател на В(рховниот) К(омитет), вели во своите Спомени, Ѓ. Петров (стр. 81), за да ја преземеме тукашната организација, беа договорени условите со нив, односно идните односи на ВК со Ц(ентралниот) К(омитет). Офицерите целосно го прифатија нашето становиште т.е. ние го разбиравме чисто револуционерниот пат како спасувачки и сакавме и тукашните Бугари да му служат на делото едноставно и отворено во чисто револуционерна насока. Сакавме во таа насока да се воспитуваат и

врбуваат работници, а не да се воспитуваат да формираат само „македонски друштва“, повеќе со цел да служат како средство за разни политички демонстрации, за постигнување ефекти од чисто политички карактер... А, според самата положба на прашањето излегуваше дека борбата, кога ќе се пројави, ќе си ја има јатката во Македонија, дека таму ќе биде јатката на воените сили, а од тука какви сили и да се испраќаат на помош, па биле тие и поголеми од внатрешните, да се сметаат како помош на силите што ги раководи ЦК и тој да биде на чело.

Тие идеи кај нас беа претходно оформени и прифатени и ние јасно и свесно водевме борба во натпреварот на двата института кој да е прв, кој да раководи. Јас ја вложував својата лична тактика во постапките за да ја преземеме тукашната организација. Таа тактика беше да не правиме никакви потреси. Особено тоа ни се налагаше, бидејќи ние внатре уште не бевме добро закрепнати, зашто имавме противници во лицето на револуционерното Братство во Македонија, противници ни беа и разни чорбаџии и првенци со чисто конспиративен карактер, а и не беа опфатени сите слоеви на општеството, како што се случи подоцна. Сето тоа ни налагаше да не го предизвикуваме ВК на борба, за тој да не се обиде да ни наштети внатре, зашто можеше многу да ни напакости (стр. 81). Во почетокот, нашата наклонетост кон Комитетот беше целосна. Работите ги почнавме на чисто другарска основа со договорот дека тие ќе фигурираат во Бугарија, а дека потпората, крепоста ќе бидеме ние. Офицерството во почетокот ништо не преземаше без наше знаење и согласност. Самиот Борис Сарафов велеше: „Ние сме фирмата, а Ѓорче е Комитетот“ (стр. 94).

Кога по една г. се свика конгресот, тогаш веќе беше оформен превратот од старите позиции на Врховниот комитет спрема нашите барања дека и тука емиграцијата треба да го помогне патот на револуцијата. Еволуциониот, дипломатски пат на тукашната организација веќе се прогласи за напуштен. Јас бев на врвот на среќата - тоа што го посакував и проповедав, го гледав на дело. Тогаш конгресот го прифати преработениот од мене устав и правилник на тукашната организација во духот на изнесената идеја дека тука се трасира револуционерниот пат и се дава предност на Внатрешната организација. Тоа беше огромен успех на македонското дело. Револуционерната идеја беше веќе прифатена и во тукашната емиграција. Тоа јас со тек на години упорна борба го проповедав - борба со Врховниот комитет, кој сакаше само да води дипломатија и да ја има главната улога... Не можеше да се каже дека ќе можеме да излеземе од фазата на проповедање кон вистинска револуција без таа помош, што ни доаѓаше од тука, морална и материјална. И да не беше емиграцијата тука ја создала организацијата со Врховниот комитет на чело, ние ќе ја создадевме“ (стр. 97).

Нема сомневање дека Ѓорче Петров, па и Гоце Делчев со својата проникливост уште тогаш ги забележувале скршнувањето, разликите и во размислувањата, и во идеите, и во методите на борба меѓу лицата и истомислениците на Врховниот комитет и тие на Централниот комитет, но не од опортунизам, туку од чисто тактички причини, во интерес, пред сè, на македонското ослободително, според карактерот и методите на борба, револуционерно дело! Ете ја дарбата, националното чувство, големата далекувидост на Ѓорче Петров како типичен македонски национал-револуционер, во едно време кога сè уште немаше развиена теорија за револуцијата и нејзиното спроведување, што секогаш и насекаде главно е според месните услови и околности, што, пак, подоцна стана догма во учењето за револуцијата на речиси сите вистински национал и социјал револуционери.

По колежот на Ерменците, организиран и речиси јавно поздравен од турската власт, колеж нечуен во историјата, во 1897 г., по повод движењето за присоединување на островот Крит кон Грција, започна Турско-грчката војна, која благодарение на турската победа и вмешаноста на некои од Големите сили се локализира во Тесалија. Загубена на бојното поле од Грците, но завршена со фактичко откинување на Крит од турската империја, Турско-грчката војна има две важни последици за Македонија. Поробеното население доби уште еден јасен доказ дека слобода и автономија се добиваат со вооружена борба и дека Турција е осудена од историјата да губи една по друга од своите територии, дури и кога победува. Од друга страна, вратените од Тесалија војници ги наполнија Албанија и југозападна Македонија со грчки пушки од системот „гра“. Организацијата се здоби со еден сигурен извор за вооружување на самото место. Значително количество од тие пушки мина во нејзини раце. Еден релативно мал дел беше прибран, во разни случаи, од власта, а со другиот, поголемиот, се изврши Илинденското востание (Христо Силјанов).

Уште тогаш почнаа да се шират гласови за една евентуална поделба, за „територијална поделба на влијанието во Македонија“. Почетокот на тие гласови датира од посетата на српскиот крал Александар Обреновиќ на Софија кон крајот на февруари 1897 г..

„Цели две години се постилаше организационата мрежа, курири се сновеа со кореспонденција и револуционерна литература, револвери, пушки и бомби се пренесуваа без власта да го забележи постоењето на таквиот општ заговор против државата. Провали имаше, но не одеа далеку. Беа откриени бомби пренесувани по желба на битолчани, кои сакале „да ги видат како изгледаат и да им се израдуваат“, како што вели Ѓ. Петров. Бомби во Битола! Впечатокот беше поразителен...

Меѓу раните несреќи, што ја снајдоа Организацијата, треба да се споменат случувањата во село Дедино, Радовишко, важни не толку според

настанатите провали, колку според размерот на страшните за населението резултати, што следуваа. На 25 август во тоа село беа убиени од луѓе на Организацијата двајца колџии за тутун. При претресите, во куќата на поп Петар власта пронајде една торбичка со патрони, а во другите куќи неколку пушки. Беа спроведени масовни апсења, што засегнаа 120 души. Од нив, 28 беа осудени од скопскиот суд од 3 до 101 години затвор, а шестмина умреа во затворот „Куршумли-ан“ уште пред почетокот на судењето.

Двојното убиство беше оценето како криминален престап и последиците се ограничија на две села, Дедово и Инево. Меѓутоа, тоа е едно предупредување за ужасите, што во иднина би следувале за евентуални разоткривања. Оттогаш почнува и долгата, до последен момент македонска мартирологија за која понатаму ќе говориме сè почесто...

Минаа само три месеци и дојде до стравотната Виничка афера, прва од редицата други што ќе ги одбележиме понатаму... На 14 ноември 1897 г. една разбојничка банда преминува од Бугарија и со помош на јатаци влегува околу полноќ во с. Виница, Кочанско, го убива месниот богат Турчин, Ќазим ага, и од дома му зема околу 800 златни лири. Утредента кочанскиот кајмакам се појавува со стражари и војска во Виница, ги тепа селаните и ги фаќа соучесниците на бандата, осум души, меѓу нив и раководителот на месниот комитет Ѓорѓи Иванов, син на виничкиот кмет. Уапсена била и една жена, чиј маж, селски чувар, беше утредента пронајден убиен. Таа жена, имено, ги предаде соработниците на бандата и ја информира власта дека во куќите има складирани комитетски пушки.

Кајмакамот ги пронаоѓа пушките и претресувајќи ги другите куќи открива педесетина други, дваесетина бомби, неколку сандаци со патрони и малку барут. Интересот на власта од обичното убиство, уште повеќе што авторите и соучесниците беа фатени, се пренасочи врз разоткриената конспирација. Скопскиот валија Хафиз-паша, познат по својата бугарска омраза, си постави за амбиција да ги открие сите нишки на заговорот. По директна наредба на Илидозот[163], пак, за да ја води истрагата беше назначен полицаецот Дервиш ефенди. Илдошкиот полномошник ги активира сите познати инквизициски способности, па не сите измачувани се покажаа цврсти. Разоткривањето бргу, повеќе или помалку, ги опфати следните околии: Штипска, Кочанска, Кратовска, Кривопаланечка, Кумановска, Малешевска и стигна дури до Скопје. Мнозинството организациски првенци по селата и градски раководители (Јосиф Даскалов-Кратово, Димитар Мирасчиев-Паланка, Мише Развигоров-Штип и други) беа уапсени и се соочија со ужасите на инквизицијата, а други успеаја да побегнат.

[163] Дворецот на султанот во Цариград.

Човечките жртви и страдања што ги остави Виничката афера во засегнатите околии ги надминаа, и според природа и според размерот, сите очекувања. Се набројуваат 218 убиени, тепани и измачувани (5 убиени, 5 умрени од измачувања, 111 тепани, 85 измачувани, 13 жени и мажи обесчестени), уапсени во околиските затвори и во Скопје 528, пребегани во Бугарија 300. Поголемиот дел од сите категории настрадани се селани, земјоделци. Меѓутоа процентуално повеќе настрадаа другите слоеви-еснафи, трговци, учители, свештеници. Така, имаше измачувани 27 учители и 13 свештеници, уапсени 30 учители и 12 духовни лица, 3 управници на училишта, 10 избегани учители и 11 свештеници.

Од интелектуалците, најтрагично заврши Јосиф Даскалов, кратовски раководител. Најбезочно измачуван, горен со вжештено железо, Даскалов се решава на еден безумно дрзок подвиг - го носи мачителот до една скалеста стрмнина во дворот на училиштето за да му го покаже божем складираното оружје и храбро се фрла од таму во амбисот. Притоа, сакал со себе да го повлече и Турчинот, кој го придружувал, но не успеал во тоа: самиот се струполува одгоре во провалијата, ама за што(?!), остана жив.[164]

Ужасите продолжија речиси два месеца. Многумина не издржаа и во очајувањето поткажаа по нешто, но и многумина, особено селаните, ги издржаа мачењата со цврстината на првите христијани. Возбудувањето и во Македонија и во Бугарија беше големо. Таа афера искали голем дел од Македонците и им го посочи патот на македонската голгота! Во втората половина на јануари 1898 г., судот осуди 10 души на затвор од 3 до 101 г. за учество во заговорот против државата. Седум месеци по пресудата, тие беа испратени на заточение во малоазиската тврдина Подрум-кале. Освен нив, осудени беа и други 12 души (еден на смрт) за убиството на Ќазим-ага.

Петте години од Виница до Илинден се една непрекината низа од афери, што избиваат по најразлични поводи, ту во едниот ту во другиот крај на територијата на организацијата. Тие често беа резултат на случајности. Не помалку често тие се должат на човечка подлост или слабост - фактор, исто така, важен во тој заговор што се гради од секаков човечки материјал... А кога случајноста и човечката слабост одговараат, тогаш и самата власт говори, ровари за да создаде афери, бидејќи мисли дека преку постојан притисок и крвопролевања ќе може да го замае противникот.

Секоја афера ја разгорува злобата на администратори, полицајци, и војници, ги отвора широко вратите на затворите и ги запознава револуционерните дејци со малоазиските крепости и со африканските пустини

---

[164] Членовите на самата банда, која го изврши грабежот и убиството во Виница, беа фатени во Бугарија и осудени од воениот суд во Ќустендил.

на империјата. Секоја афера голта поголем или помал дел од живиот капитал на Организацијата и ја кине на едно или на повеќе места мрежата на нејзината конспирација. Населението се прогласува за виновно и се подложува на инквизиција секогаш и тогаш кога заслужува само заштита или пофалба. На пример, кога селани нападнати од разбојници ќе пружат отпор и ќе совладаат некои бандити, кога брат или сопруг ќе ја заштити со оружје семејната чест, кога воопшто христијанинот предизвикан ќе прибегне кон самоодбрана. За турската власт во такви случаи не е важен нападот или престапот, туку фактот дека христијанинот се осмелил да се брани и тоа со оружје! А, кога нема и такви поводи за афери, тогаш потерата ги создава сама, откако ќе подготви блокади на цели села,  претреси и насилства, барајќи пушки и комити.

Немаме можности да ги опишеме сите афери според нивниот хронолошки редослед и нивните страшни детали. Во споменатиот петгодишен период во секоја околија има по неколку, без да говориме за помалку важните. Костурско, на пример, од септември 1899 до мај 1903 г. брои 14 афери, предизвикани од убиства на Турци, предавства, судири на чети, случајно фатени пораки и друго, при што 234 души се измачувани, а уапсени биле 225 селани, без да ги спомeнеме избеганите и осудените, ниту ограбените и опожарени села. Струмичко од 1897 до крајот на 1902 г. брои пет главни афери со 741 уапсени, 280 измачувани итн.

Од немалкуте афери до крајот на 1899 г. да се задржиме на Валандовската и Штипската. За одбележување е дека цели две години по појавувањето на првите агитационо-организациски чети, имаме само еден единствен судир.[165]

Втората средба меѓу четници и војска се случува г. и девет месеци подоцна, на 7. XII.1899 г. во с. Валандово (Дојранско). Предадена од еден предавник од с. Балинци, Дојранско, четата беше нападната по полноќ. Во престрелката загинаа двајца заптии, но од четата не се откри никаква трага. Тоа ја збесна потерата, која утредента измачуваше и истепа голем број селани. Истрагата му беше доверена на солунскиот жандармериски началник Мехмед-паша од Тетово, кој се покажа не помалку свиреп инквизитор од Дервиш ефенди во Виница. Од многуте измачувани селани, еден ги посочи имињата на неколку души од околните села. Беа испратени потери да ги бараат посочените и насекаде се случија неколку ужасија од типот на виничките. Во разни села на три околии: Дојранска, Еницe-Вардарска и Гевгелиска беа подложени на измачувања 150 души и уапсени

---

[165] На 20.III.1898 г. Кољо Машкото со седум души од кукушката чета, откриен во с. Гавалјанци, Кукушко, има тричасовен судир во кој паднаа еден четник и неколкумина војници. Судирот во с. Гавалјанци е првиот судир со чета на организацијата.

околу 100. Толпи од жени се појавија во Солун со поплаки, конзулите се заинтересираа и уапсените беа ослободени. Една комисија на самото место ја констатира иницијативната улога на Мехмед-паша и на кајмакамите од Дојран и Гевгелија во извршените злодела. И тројцата беа отпуштени.

Валандовската афера продолжи до крајот на април. Пет души од ослободените во селата Валандово и Балинци беа одново уапсени и испратени во солунскиот централен затвор Еди-куле. За време на аферата од бандата на Ќазим ага беа убиени седум души од Бојлица и други села на Гевгелиската и Ениџе-Вардарската околија. Сепак, таа афера се преживеа не толку тешко, без паниката и страшните последици на Виничката. Измачуваните пројавија забележителна храброст.

Штипската или поточно Новоселската афера избувна речиси истовремено со Валандовската. Еден ранет четник, Сандо, се провлече во штипското предградие Ново Село, но забележан и предаден на Турците, престојувалиштето му било опколено од заптии и аскер. Ранетиот Сандо ја започнува борбата, еден против стотина. Од кутнатите десетмина од потерата се гледа дека тој стрела смирено и прецизно, наспроти раната. Се јавува потреба да се донесе пожарна кола и да се напрска куќата со гас. Тогаш Сандо, по тричасовна престрелка, ја напушта запалената куќ а, се префрла во друга и успева да се сокрие. Подоцна умира од раните, но им остава завет на борците како пример за еден подвиг од редот на оние што ги прославија тројцата прилепчани Стојан Лазов, Чемков и Гавазов. Новоселската афера се искупи со двајца убиени граѓани, 21 уапсен, 14 осудени и една потресена жена, домаќинката на Сандовото престојувалиште. Три месеци подоцна убиството на еден бег чифлигџија во с. Софилари, повторно Штипско, предизвика жестоки измачувања и апсења на 37 души од Софилари и други села на Штипската, Велешката и Скопската околија.

Следната 1900 г. најмногу настрадаа околиите Ениџе-Вардарско, Тиквешка, Одринска, Лозенградска и Малотрновската. Ениџе-Вардарската афера беше предизвикана од нападот од заседа и ранувањето на локалниот злосторник Демир субаша (12 август 1900 г.) меѓу селата Тумба и Сушилово. Измачувањата се извршија според валандовскиот терк и засегнаа 35 души од разни села. Уапсени беа 21. Во Тиквешко прогонот произлезе од истовременото убиство на еден Турчин и еден Бугарин. Уапсени беа 48 души од селата Неготино и Мрзен-Ореовец, од кои неколкумина беа осудени на смрт. Во Одринската околија најмногу настрадаа селата Ахир-ќуп, Кемалово и Каик-ќуп, поради клеветничките изјави на еден криминален престапник, Фоти Георгиев: 23 измачувани и уапсени, 33 избегани. Во Лозенградско убиството на еден чувар во с. Кара-Хадир за резултат има апсење на 24 души од тоа село (март 1900 г.).

Во Мало-Трновско настрадаа селата Велика, Стоилово, Пенека и Мало-Трново. Уапсени, во Мало-Трново, 32 души.

Воопшто, 1900-та г. брои споредбено малку афери. Организацијата работи, се разбира, засилено. Истата г. се здобиваат со чети некои околии од Битолскиот вилает-Костурска, Леринска и други. Таа дејност, меѓутоа, поради претпазливото и споредбено сè уште ограничено дејствување на четите, останува неоткриена од власта. Затоа, пак, следната 1901 г. започнува со една од најкрупните и најгласни афери - Солунската, која е прелудиум за многу други афери во сите вилаети, на големи разоткривања и на зачестени судири.

Повод за Солунската афера даде апсењето на двајца луѓе на Организацијата. Александар Ников, секретар на Централниот комитет, и Милан Михајлов, кај кого беа пронајдени револвери. Ников успева да избега, а Милан Михајлов, подложен на измачувања, започнува да предава сè што знае. Како резултат на неговото зборување, полицијата го обиколува престојувалиштето на ученикот од III клас Коце Лазаров и пронајде список на имиња на работници, хектограф и други компромитирачки материјали. Следува апсењето на редица други видни луѓе на Комитетот: Христо Матов, Васил Манчев, поддржувач на „Бошњак-хан“ и други. Неколку дена подоцна Милан Михајлов, преоблечен во жандармериска облека, ја посочува куќата во која се крие ранетиот четник на Христо Чернопеев, Кочо Карлавалијата, лекуван од

д-р Христо Татарчев. Една ноќ полицијата, на излезот од Солун, ја фаќа колата на кукушанецот Анто Арабаџијата, со која бегаа неколку барани луѓе на Комитетот: секретарот Ников, ученикот Милан Ризов, четникот Тодорчо од с. Серменин. Секретарот Ников се самоубива, а Милан Ризов го предава членот на месниот комитет Атанас Ангелов, анџија, кај кого се криел. „Како предавници се сметаат, вели во своите Спомени, Иван Гарванов, тогашен учител во Солунската гимназија, Милан Михајлов, Милан Ризов и донекаде Коце Лазаров“.

Турската власт ретко наидувала на такви видни луѓе и крупни комитетски тајни. Никој во Солун и во околиските центри на вилаетот не се чувствуваше сигурен... Меѓу другите пораки паднати во турски раце, беше и опширниот шифриран цариградски извештај на Александар Кирков за копањето под основите на Отоманската банка во Галата од анархо-терористичката група на Славе Мерџанов. На Милан Михајлов, значи, се должи и тоа што централата на Отоманската банка не летна во воздух.

Лути од солунските резултати, Турците започнаа да ги применуваат, со и без повод, инквизициските методи и во соседните кази и околии. Кукушко пламнува истовремено со предавството во Солун и поради судирот на Чернопеевата чета во с. Бајалци. Во тој прочуен судир опколената чета

си проби пат со атака и потоа цел ден води престрелки во отворено поле, откако даде седум убиени момчиња (од 13) и двајца ранети. Едниот од ранетите беше понесен од другарите, другиот остана во рацете на Турците. Предавството и судирот го чинеа градот Кукуш и четири села (Морарци, Катиново, Чаваљанци и Крецово) такви жртви што од уапсените и измачуваните (42 и 45) двајца умреа, двајца останаа осакатени, а еден (Христо Хаџи Попов) полуде. Во Гевгелиско, поради судирот во Бајалци и двете убиства, од измачуваните (51, меѓу нив и жени) двајца умреа. Во Воденско настрадаа 45 души.

Во Тиквешко каде власта спроведе истрага, вклучувајќи и прочуени злосторници, настрадаа девет села. За преживеаните ужаси говори фактот дека од стотината измачувани еден од с. Ресово и двајца од Мрзен-Ореовец умреа по страшни измачувања, а еден од с. Борово за да ги избегне апсењето и мачењето, се самоуби. Во Тиквешко трагедија преживеа и учителот Александар Станоев, една богато надарена, кристално чиста поетска душа. За да го избегне апсењето, Станоев се застрела, но куршумот мина над трепките. Паднат во бессознание, несреќникот беше однесен во Неготино, лекуван, испратен во Солун, осуден и потоа заточен во Подрум-кале.[166]

Од последиците на Солунската афера не остана покусо ни Скопскиот округ, главно Радовишката околија. И таму измачувањата траеја од 30 март до 16 април. Уапсени беа 82 души од селата и шестмина од Радовиш на чело со главниот учител Кралев. Мнозина од нив беа однесени во Скопје и осудени.

Рекапитулацијата на секоја од тие афери, како одраз на Солунската, е страшна и според бројот и според квалитетот на настраданите. Од уапсените 188 беа осудени на по 101 г. (девет души на смрт). Една група од 40 души[167] беше испратена на 6 јули во малоазиската тврдина Подрум-кале. Друга група од 44 души беше испратена на 8 август во Актаја (кај Бејрут, Сирија), исто малоазиска тврдина.

---

[166] На Станоев, мој интимен другар од солунската и битолската гимназија, јас му посветив неколку реда во „Писма и исповеди“. Неговата трагедија е детално опишана заедно со една прекрасна карактеристика за него, од Г. Баждаров во „Духот на Македонија“, стр. 180-186.

[167] Меѓу нив и членовите на Централниот комитет. Според професијата, тие 40 души беа поделени на 8 свештеници, 15 учители, 2 ученици, 1 училишен инспектор, 1 книжар, 1 лекар, 12 трговци и земјоделци. Свештеникот во Македонија е активен борец-работник, раководител, четник и војвода или маченик: затворан, измачуван, заточуван. Неговата средина не регистрирала повеќе падови и слабости отколку другите слоеви. А има меѓу свештенството толку многу лица на херои и светости.

Од многу други афери во останатите вилаети во 1901 г. ќе запреме на таканаречената Иванчова афера во Костурско. Ретка според своите размери таа афера е карактеристична и во многу други односи.[168] Притоа, таа засегна еден реон кој подоцна ќе одигра првостепена улога во Илинденското востание. Таа срамна и страшна афера е подарок на првата чета, на брзина и од секакви елементи формирана во летото 1900 г. Еден од четниците, Иванчо Кичевецот, член на истата чета, која ќе биде растурена и испратена во Грција, откако си ја проба среќата со сопствена арамиска четичка од другата страна на границата и не му се насмевна, помисли да се прочуе и да стекне богатство со предавање на тајните на Организацијата. Тој ја открива својата намера пред турскиот конзул во Лариса (Тесалија), конзулот го испраќа во Битола, а од Битола во мутесарифскиот центар Корча.

На 27 јули Иванчо, придружуван од жандармерискиот началник Мухтар ага со стотина низами и прочуени злосторници, се појавува во с. Дмбени. Самиот тој се покажа надарен со феноменално силен ум. Сите факти ги изнел до најситни детали, како и имињата на околу 400 работници на Организацијата, сите први луѓе кои сега се бараа, по подготвен список за секое село. Предавникот е облечен исто во низамска облека и го носи името Осман чауш. Потерата го обиколува селото и кога селаните почнуваат да излегуваат од црквата фаќа петмина селани и по списокот на предавникот ги бара другите 24 души. Уште во Дмбени Мухтар ага им даде на знаење на селаните дека има средство за спасување од измачувањето и затворите-откупот. Собрал 24 лири, по лира за секој од 24-та барани непријатели на државата, бимбашијата заминува за соседното село Косинец, потоа во Љубаница, Смрдеш, Брезница, Кономлади, Загоричани и др. Насекаде се применува истиот метод-апсење, тепање, измачување, откуп за бараните, но нефатени царски душмани. Мухтар ага со својот внук Ќазим, а и други лица гркомани и Бугари, собираат сума од 2.500 лири. Впечатокот беше ужасен, вели Пандо Кљашев. Четник, и тоа виден терорист, одлучува сѐ да предаде! Иванчовата афера го разнебити Костурско. Од стројот испаднаа 250 души, стотина уапсени и 150 се сокрија и преминаа во илегала. Тоа беа првите луѓе од триесетина засегнати села со аферата. Предавството и деморализирањето триумфираа. Предавниците дејствуваа отворено. Врз сето тоа згора, кајмакамот, за да го парализира целосно Комитетот во селата постави по два-тројца падари - Турци, што беа плаќани од селаните. Грчкиот владика во Костур постапи како вистински месождер. Тој, сепак, ја помогна мисијата на Мухтар ага, ги зема под закрила гркоманите и почна

[168] Предадена е детално и со бескрупулозна точност од Пандо Кљашев, неговите „Спомени", стр. 50-59.

да тргува со застапувањето пред власта за да ги привлече егзархистите. Гркоманите, дотогаш целосно единствени со егзархистите, почнаа да застрануваат од Организацијата. Меѓу двата елемента се уфрли семето на раздорот.

Сепак, смирувањето на духовите не задоцни многу. Раководителите Лазар Москов, Васил Чакаларов, Пандо Кљашев, Кузма Стефов се зафатија сè да преуредат... Кон крајот на истата г., Организацијата во Костурско беше веќе расчистила со последиците од страшната Иванчова афера. Доаѓањето на Гоце Делчев во втората половина на ноември, проследено со реализација на важни иницијативи и со едно решително и смело расчистување со предавниците и шпионите, го раскрили духот и ја пероди Организацијата, па Костурско почна да се посочува како пример за стегнат, дисциплиниран и вооружен реон. Тоа можев и самиот да го видам со сопствени очи во првите денови на август 1902 г., кога се најдов во Костурско и ги затекнав Г. Делчев и костурските раководители исполнети со задоволство и гордост од блескавите резултати на своите напори[169]

Недостигот од парични средства е вечната болка и на Организацијата во Македонија и на комитетите во Бугарија. За изнаоѓање поголеми суми се мисли постојано и се прават разни планови, за некого дури и фантастични. Во внатрешноста едвај има реони каде немало обиди или речиси да не се замислени грабежи за пари. Неостварливи во 99 од 100 случаи, тие обиди ја чинеа понекогаш скапо и Организацијата и населението. Запленувањето на грчкиот лекар Керемедчиолу во Лозенград, во мај 1900 г., создаде цела афера и фрли во затвор околу 70 души. Четата на Сл. Мерџанов и П. Соколов заплени за откуп едно Турче, но откриена, опколена и нападната од пешадија и коњаница од Одрин, таа ќе биде совладана по неколкучасовна херојска борба на 4 јули 1901 г. Загина целата чета од 11 души, а самиот Сл. Мерџанов, ранет и заробен, ќе биде обесен во Одрин на 27 ноември истата г.. Мислата за крупен плен не престана да го соблазнува Гоце Делчев за целиот негов револуционерен ангажман. Тој направи најмногу и најризични обиди. Два од нив извршени со ретка смелост и искуство се овенчаа со успех. Но и во двата случаја запленетите, кои не биле чувани со неопходната строгост, успеале ноќно време да избегаат од рацете на четата, тогаш кога откупните суми (3.000 и 600 лири) биле веќе испратени да се предадат на Г. Делчев.[170]

---

[169] Христо Силјанов, „Ослободителните борби на Македонија“, стр. 115-117.

[170] Првиот обид, запленувањето на богатиот Назим бег кај Струмица, се случи во септември 1897 г., а вториот, запленувањето на Гркот лихвар Димитраки од с. Шилинос, во септември 1898 г. И двете запленувања се живо и доста детално опишани од П. К. Јаворов („Гоце Делчев, биографија“).

Нема да се занимаваме со другите, толку многубројни настани од таков вид за да можеме да се задржиме повеќе врз гласната историја по запленувањето на американската мисионерка мис Стон. Во летото 1901 г., Јане Сандански дошол на идеја да го зграби протестантскиот мисионер д-р Хаус, откако со помош на локалните протестанти од с. Банско ќе го најави неговото доаѓање од Солун. Од разговорот со протестантите тој дознава дека штотуку пристигнала во Разловечко мис Стон. Го напушта планот за Хаус и се насочува кон примамливата жртва - жена, притоа поданичка на земјата на доларите. Христо Чернопеев, кому Сандански му го открива планот, дава согласност и на 21 август, приквечер, една специјално за таа акција подготвена чета, облечена во аскерска и друга турска облека, на патот меѓу Банско и Горна Џумаја , кај „Потпрената скала", фаќа три жени: мис Стон, нејзината другарка Цилка, бугарска протестантка, и една бабичка. Еден Турчин се здава при запленувањето, пука кон четата со револвер, но бива убиен. Четата ја ослободува преплашената бабичка и ги поведува двете жени кон планината.

Четниците сакаат да се претставаат како обични разбојници од разни народности, а жените мислејќи дека навистина паднале во рацете на обични разбојници непрекинато плачат 5-6 дена. Најпосле, Јане Сандански им ја открива вистината и тие се успокојуваат. Веста за запленувањето брзо се рашири од двете страни на океанот и неколку месеци по ред печатот од целиот свет се занимаваше со сензационалниот настан. Околу „разбојниците" и животот на двете запленети дами во планините се создадоа легенди. Интересната положба на госпоѓата Цилка и очекуваното нејзино ослободување поради бременоста во една крајно оригинална „комитска" ситуација, односот на „разбојниците" спрема двете жртви на анархијата во Турција, енергичната реакција на американската влада и преговорите за откуп - сето тоа правеше од запленувањето на мисионерката една историја колку романтична, толку и актуелно политичка...

На 21 декември ноќта, во една винарска визба крај с. Србиново, госпоѓа Цилка, наспроти сите тревоги, бранувања, неудобности, помогната од две жени, кои војводата ги повика од селото, среќно се ослободи од бременоста и доби бебе од женски пол - „здраво и живо", како што уверува Ј. Сандански.[171]

Преговорите за откуп се водеа во Цариград и Софија. Улогата на посредници ја одиграа рускиот дипломатски агент во Софија, Бахметов, и неговата служба, која лично ја познаваше мис Стон. Тие воспоставија

---

[171] Главните лица во запленувањето се Сандански, Чернопеев, Кр. Асенов и други, а од легалните најголема заслуга имаат Сава Михајлов, тогаш учител во с. Лешко, и членовите на околискиот комитет во Банско.

врска меѓу пратеникот на американската легација во Цариград, Дикинсон, и пратениците на четата Кр. Асенов и Хр. Чернопеев. Директни преговори околу откупот и предавањето на жените внатре имаше и самиот Сандански со д-р Хаус, истиот кого што најпрвин имаше намера да го заплени. Бараше една сума од 25.000 лири. Но акцијата беше спроведена со непланирани потешкотии и големи ризици, а и многу се одолговлечи. Турците ја гонеа четата, измачувајќи го притоа, по обичај, месното население[172], ја вознемируваа и органите на бугарската власт покрај границата, ја прогонуваа и четите на врховистите, со кои во тоа време борбата се разгоруваше.[173]

Пред Цилка да се породи, четата беше нападната во селото Тросково од врховистичкиот војвода Дончо Златков со 78 души. Престрелката траела цели 10 часа и заврши со повлекување на четата, заедно со жените, кон с. Лешко. Сето тоа ги спречи пленителите да ја намалат сумата за откуп на 14.000 лири. Договорено беше предавањето на парите да биде извршено внатре. Парите, златни лири, во сандаче, беа однесени во Банско од д-р Хаус, во придружба од 250 души аскер. Требаше и четата да се подготви за преземање на парите, откако ќе се ослободи од жените. Д-р Хаус, кој не им се доверуваше и на војниците и го чуваше сандачето во својата соба, се согласи со барањето на четата - тајно, во џебовите, да го изнесе златото и да го однесе во една протестантска куќа во Банско, а наместо него, во сандачето да стави олово. Сѐ се заврши: сумата беше земена и беше изнесена од Банско, Чернопеев ги ослободи двете жени во Струмичко, а војската, заедно со д-р Хаус, продолжи со придружбата на сандачето со олово дури до Сер. Таму веќе, Американецот им откри сѐ на Турците.

Долготрајноста на пленувањето и блескавото финале се должат како на упорноста на пленителите, така и на совршенството на месната организациска мрежа. Дел од сумата беше поделен меѓу окрузите во внатрешноста, но поголемиот дел од „мисстонките" беше потрошен, како што признава и Ѓорче Петров, за борба против врховистите. Пленувањето на мис Стон има и добри и лоши резултати. Меѓу добрите треба да го споменеме и тој дека американската мисионерка се приврза кон идеалите на кои им служеа нејзините пленители и по ослободувањето, во Америка држеше конференции во полза на македонското ослободително движење. На тој начин, еден дел од американското општествено мнение се запозна со Македонија и нејзината ослободителна кауза.[174]

---

[172] Во врска со аферата мис Стон беа уапсени 43 Бугари од разни села во Разловечко и Неврокопско. Дваесетина од нив беа изложени и на измачувања.

[173] Се правеше сѐ Организацијата да не може да дојде до пари за да не биде посамостојна.

[174] Христо Силјанов, „Ослободителните броби на Македонија", стр. 88-89.

Во првите години по создавањето на Внатрешната револуционерна организација, таа ги регрутираше своите приврзаници и истомисленици главно помеѓу градското население. Но постепено, со зголемувањето на организационата мрежа, почнаа и селаните да влегуваат во Организацијата, а тоа наложи да се создаваат и одделни, првично мали нелегални, востанички чети, што требаше да одржуваат една поголема дисциплина, да ги собираат сите илегални лица, кои од една или друга причина не можеа да се сокријат, а требаше да бидат илегалци и како такви да живеат и да работат во одделни места, реони или да ја преминат границата и да живеат во Бугарија, Грција. Така се создадоа првите агитационо-пропагаторски чети, кои покрај својата основна задача да ги кријат илегалните лица, да ги казнуваат предавниците, шпионите и други турски зулумџии, требаше и да ги обучуваат селаните како да го користат оружјето. Зашто тогаш, како што се знае, турската власт не го земаше христијанското население во војската, а го задолжуваше со специјален воен данок во висина од 40 гроша годишно, за секој повозрасен од 20 години. Тоа, пак, значеше создавање и на нелегални востанички, реонски, селски и градски чети, кои за кусо време се развија во еден посебен четнички институт. Организацијата, поради суровоста на полициските мерки, националната различност и слабиот политички развој, не беше во можност да дејствува со методите на масовните општествени движења, па беше принудена да прибегне кон помошта на четите. Четничкиот институт, произлезен од романтичното ајдутство како единствено можно средство за локална борба против одделни пакосници, а потоа за криење и прибежиште на компромитираните политички лица или за лична и семејна одмазда, ќ е биде задолжен од Организацијата со револуционерна мисија. Но, уште пред Организацијата да ги издигне четите до степен на револуционерни институции, на кои ќе им го довери водењето на активната борба против апсолутизмот за постигнувањето на националните задачи, Врховниот комитет многу порано се служеше со четите било за кревање на одделни, изолирани востанија било за прогонување на дејците на Внатрешната организација, која до Илинденското востание на четите гледаше како на агитационо-организациони кадри и како на органи за исполнување на егзекутивни решенија. Дури и по Илинденското востание четите продолжија да постојат како органи на месните организации или како такви на легалните или вооружени пропаганди во Македонија. Така, од извршен орган на легалните комитети, тие за релативно кусо време ги апсорбираа сите функции на Организацијата и од потчинети органи станаа единствен и исклучителен фактор во неа. Уште повеќе, тие влегуваа и во улога на сите државни, општински и црковно-училишни фактори. Тие следеа, тие бесеа, во нивни раце се наоѓаше целото организирано и неорганизирано населени.

По едно време четите се мешаа и во чисто семејни расправии, кој која мома или момче може и треба да земе итн. Впрочем, тоа е една цела историја, што тука нема потреба да ја изложуваме... Најважно е што дејствувањето на тие чети неминовно, било поради случајни разоткривања, било поради поединечни дејства, убиства и казнувања на одделни пакосници - главно предавници, измамници или шпиони - предизвикуваше редица големи и мали афери од кои страдаше населението, зашто секогаш беа придружувани не само со големи човечки и материјални жртви, туку и со редица страдања, маки и неволји, убиства, апсења итн.

Во Бугарија додека разногласијата меѓу Врховниот комитет и Задграничното претставништво, односно Внатрешната револуционерна организација се водеа легално, усно или преку печатот, положбата сепак беше поднослива. Но, откако Врховниот комитет, во желбата поскоро да крене востание во Македонија, се обиде да ја потчини под свое влијание Внатрешната организација, која категорично и на секаков можен начин се спротивставуваше, почнаа акции со посебно организирани и екипирани во Бугарија чети, командувани од проверени, вешти лица, војводите Дончо Златков, Алексо Карасулијата, како и од офицери, полковник Јанков, Стојанов, Лефтеров и многу други, сите до фанатизам предадени на Врховниот комитет. Особено откако на негово чело застана авторитетниот и со големо влијание во Дворот, генерал Иван Цончев, со што борбата се пренесе внатре во Македонија. Внатрешната организација нападната на своја територија не можеше да не реагира и започна една отворена, притоа вооружена борба внатре во самата Македонија. Борбата стана особено жестока кога Врховниот комитет реши (1902 г.) да крене востание и започна да испраќа големи, силно вооружени свои чети, особено во пограничните реони.

Желбата на тогашниот Врховен комитет на чело со Ст. Михајловски-Ив. Цончев беше да вовлече во прераното свое востание колку што може повеќе околии. Обиди во таа смисла тој направи насекаде каде што имаше стекнато приврзаници и каде што успеа да испрати свои чети или специјални емисари, но насекаде наиде на спротивставување на Внатрешната организација. Востана само Горно-Џумајската околија и затоа востанието од 1902 г. мина во историјата под името Горноџумајско востание.

Џумајската околија беше една од споредбено најдобро вооружените. Со исклучок на с. Лешко, кое остана верно на Организацијата и на уште некои колебливи села, околијата беше уште претходно завладеана од Врховниот комитет. При сето тоа, Организацијата вложи неверојатни напори да го спречи народот од вовлекување во востанието. Кон средината на септември, таму се обединија четите на Христо Чернопеев, Кр. Асенов, Славчо Ковачев и други, броејќи околу 50 души, со задача да се справат

со четите на Саев и Лефтеров и да го задржат населението. Во истиот дух по источниот брег на Струма дејствува и Сандански против подготовките на капетан Ј. Стојанов. Присуството, убедувањата и предупредувањата на внатрешните чети покажа, несомнено, парализирачко влијание врз духот на несреќното население (поставено меѓу чеканот и наковалната на два непријателски вооружени табори и изложено на турските прогони), но не успеаја да го спречат.

На 23 септември 1902 г., во с. Железница пукна првата востаничка пушка. Неколку четници, испратени од Саев, убија тројца спахии. Пристигнатата војска започна судир со вооружените селани и ја запали Железница. Истиот ден со развиорено знаме пристигна четата на Саев, засилена со востанатите селани и до вечерта се судира со војската. Додека Саев командува, Чернопеев со четата и со приклучените кон него селани, спокојно ја набљудува од еден далечен врв борбата на востанатиот роб! Истиот ден имаше судири и кај селата Србиново и Градево меѓу аскерот и востанати селани, предводени од месниот војвода Павле Давков. Во судир влезе и востаничкиот одред на капетан Ј. Стојанов.

Судирите во Џумајско добија на интензитет кон крајот на октомври. Од 19 октомври до 3 ноември се случија шест судири (кај с. Бистрица, на врвовите Чатал, Факир-тепе и месноста Ибраимец). Генерал Цончев зема учество во тие судири и беше ранет. Во Малешевско, каде востанието требаше да биде објавено на 30 септември, на истиот начин-преку убивање на спахии, падари и други - движењето беше осуетено до Хр. Чернопеев, кому му се укажа можност да ја нападне четата на Васе Пеливанот и да го рани самиот војвода. Судири имаше и во некои соседни околии - три во Мелничко, два во Петричко и по еден во Малешевско, Струмичко и Разловечко. Бројот на сите пресметки меѓу 23 септември и 1 ноември изнесуваше 19. Според статистичките факти на „Мемоари на Внатрешната македонска организација", во судирите земаа учество 2.580 борци и 13.960 турски војници. Загинаа 95 востаници. Најдолги судири - од 10-12 часа - имало кај Кресна, Езерец и Железница, а најкрвави кај Кресна и Србиново, Градево, каде загинаа 43 востаници и 108 Турци!

Споредбено, борбата беше кратка, но страдањата долготрајни. Маките на населението започнаа уште првиот ден. Селото Железница беше запалено уште со пристигнувањето на аскерот. Пожарите, измачувањата, бесчестијата и грабежите засегнаа 15 села во Горно-Џумајската и Разловечката околија. Убиени беа 37 мажи, 111 моми и жени, ограбени 807 куќи, опожарени 67. Наспроти лутата зима дел од жителите на двете околии минаа доста време по планините, а над 200 спас побараа од другата страна на границата.

Да не се омаловажува Горноџумајското востание пред светот и да не се присвојува од ниту една бугарска средина движењето што во туѓина е

во зародиш и е во полза на реформите во Македонија - тоа беше целосно логично и патриотски од политичко и општобугарско гледиште. Но, можеше ли Внатрешната организација да ги вклучи своите сили во една акција преземена без нејзина согласност и наспроти нејзината волја?[175]

Настапи и судбоносната 1903 г., полна со очекувања и надежи. Уште на самиот почеток на годината, започнаа да се прелеваат организирани и екипирани во Бугарија востанички борбени чети. Гоце Делчев со својата чета заминува во првите денови на јануари, по него, во почетокот на февруари и четите на Падров, Сава Михајлов, Андон Ќосето, Борис Сарафов со Крсто Асенов. Сите беа со убедување дека пролетта 1903 носи големи предизвици и дека претстои едно општо востание во Македонија, но за тоа ќе реши Централниот комитет уште во јануари, зашто положбата, особено по Горноџумајското делумно, подготвено однадвор, го забрза општото востание, да биде кренато што поскоро наспроти волјата на самите највидни раководители и вождови на Внатрешната револуционерна организација. Тоа се наложи од сложените месни услови и околности внатре, во самата Македонија. Наспроти сите претходни расправи, наспроти сите предупредувања дека населението не е насекаде доволно вооружено, дури и во пограничните со Бугарија околии, наспроти неблагопријатната општоевропска и општобалканска положба, тоа, како што и се случи, се наложи од самото население и тоа далеку од границите на Бугарија - Битолско, Костурско, Охридско...!

Расположението на вознемиреното население ја опфати и раководната интелигенција. Или, речиси, масата им ја налагаше својата слепа волја на своите водачи. Зашто, селата во многу реони, особено во Битолскиот округ, најавија дека или треба да востанат или ќе го предадат оружјето. Така е, можеби, при секое пошироко општествено движење за редефинирање на некои стари односи: водечките елементи само ги разбрануваат незадоволствата, ги канализираат силите. Понатаму, кога движењето ќе се претвори во една огромна стихија, водачите стануваат речиси несвесно водени. Тогаш нивната задача се ограничува на тоа да ја премислат железната логика на околностите во привидно самоволие на настаните и да ги искористат нејзините незначителни насоки за своите крајни цели.

Што беа солунските раководители - пророци или заблудени - кој би можел да каже денес?! Неспорно е дека нивното решение за општо востание кон 1 мај или подоцна, без разлика, со претстојното Илинденско востание беше многу важен елемент во развојот на ослободителната кауза.

---

[175] Хр. Силјанов, „Ослободителни борби на Македонија“, стр. 181-182.

Се случија големи дејства, но се појавија и непредвидени противдејства. За слава или катастрофа, Македонија тргна кон иднината по нови патишта.[176]

Положбата се усложни особено откако формираните воени чети во својата секојдневна засилена дејност - организирање на населението и прифаќање на повоинствените елементи во нив, пренесување на оружје, пушки, патрони, бомби и друго - ги зачестија средбите, а следствено и судирите со турската војска и жандармерија. Од 1898 до 1903 г. се случиле 130 судири со турската војска. А, пак, од почетокот на 1903 до Илинденското востание на 2.VIII - 53 судири меѓу четите и војската! Така што уште пред пролетта положбата речиси во цела Македонија беше предреволуционерна и сите со нетрпение го очекуваа големиот настан - општо, широко, сеопфатно востание.

| | Вилаети[177] | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Солунски (1898-1903) | Битолски (1901-1903) | Скопски (1902-1903) | Одрински (1901-1903) |
| Број на судири | 46 | 55 | 21 | 10 |
| Број на востаници | 1. 346 | 1.154 | 1.080 | 182 |
| Број на Турци | 37.299 | 15.358 | 19.015 | 2.593 |
| Убиени и ранети востаници | 164 | 145 | 185 | 19 |
| Убиени и ранети Турци | 1.582 | 1.088 | 1.501 | 202 |

Кон крајот на април се случија солунските атентати, со цел да се посегне врз материјалните интереси на големите империјалистички европски држави и да го застрашат вложениот од нив капитал во разни банки и други трговско-индустриски претпријатија со кој (капитал) ги цедеа соковите на онеправданото и угнетено селско и градско население во Отоманската империја. Една група млади Македонци, од кои некои штотуку завршиле гимназија, се заземаат да ја реализираат идејата на С. Мерџанов, обесен во Одрин во 1901 г., и планот на Јордан Поп Јорданов. Решаваат со експлозив да го кренат во воздух зданието на империската Отоманска банка, што се наоѓало на улицата Франк, една од трговските улици во Солун. Проектот, што изгледа како лудост, ќе биде реализиран откако ќе

[176] К. П. Јаворов, „Гоце Делчев, биографија".

[177] Мемоарите на Внатрешната организација (1893-1903 г.) ги изложуваат во најголеми детали настаните, што се случиле во тој период од време во Македонија и Одринскиот вилает. Тука даваме една табела, што го покажува бројот на судирите во секој округ и бројот на борците, кои земале учество во нив од двете страни од 1.IV.1898 до 2.IX.1903 г. (стр. 76).

биде подготвен со увереност и со доследност, кои немаат рамни на себе. Од заговорниците беше испланиран од еден магазин спроти Банката, во чие соседство тие најдоа мала бакалница и од нејзиниот подрум почнаа со копање на тунел, што ќе води директно до банката.[178]

Според еден расказ публикуван во „Илинден“ од 29.IV.1923 г., копањето на каналот почнало во 1900 г. и траело две години. Ми раскажуваа дека ископаната земја била изнесувана во книжни ќеси, како продукти купени божем од клиенти на бакалницата. Во почетокот на 1903 г. експлозивот бил подготвен, без турската полиција да може да има и најмало сомневање за замислата. Експлозивите биле поставени, активност што, ако се суди според бројот на бомбените атентати во тоа време, не била споредбено лесно изводлива. Серијата од атентати со кои се целеше да се привлече вниманието на Европа, застрашувајќи го нејзиниот важен капитал-материјални интереси, започна на 28, со експлодирањето на една пеколна машина на парабродот „Гвадалкивир“ на француската компанија „Месажер Маритим“, кој сè уште не бил излезен од заливот. Парабродот изгорел, но сите патници, како и багажот биле спасени. Автор на атентатот бил Македонец-Бугарин Павел Шатев, кој следниот ден бил фатен во воз меѓу Велес и Скопје. Осуден од специјално подготвениот воен суд на смрт, тој бил заточен во Триполитанија, во областа Фезан, кај градот Мурзук, од каде се вратил благодарение на амнестијата (1908 г.), што следувала по револуцијата на младотурците.

Истиот ден вечерта, тројца од заговорниците, предводени од Димитар Мечев, се обиделе да кренат во воздух еден од возовите на линијата „Жонксион“, што доаѓал од Цариград, малку пред пристигнувањето во Солун. Тие не успеале, освен лесно да ја оштетат локомотивата и да ги искршат стаклата на некои од прозорците на вагоните. Тој нов обид ги потврдил сомневањата околу експлозијата на „Гвадалкивир“ и ја натерал полицијата на претпазливост, но таа не можела да открие ништо од тоа што се подготвувало за наредниот ден.

На 29 април акцијата требало да почне малку по залезот на сонцето, по сигнал даден со разурнувањето на гасното осветлување. Заговорниците решиле да го кренат во воздух депото на светлечкиот гас, што се наоѓало на западниот крај на градот. Една срекна околност ги спречила да влезат во фабриката, но еден од нивните другари успеал со динамитна бомба да го оштети малиот мост наречен „Вардар“[179], што се наоѓал меѓу двете станици, таа на „Жонксион“ и на Источните железници. Водоводната и

[178] За поточно и подетално запознавање со подготовките и реализирањето на Солунскиот заговор види во книгата „Во Македонија под ропство“ од Павел Шатев.

[179] Така била именуван и квартот. Реката Вардар минува 14 километри на запад.

гасоводна мрежа под мостот биле прекинати и градот потонал во темнина. Тоа бил очекуваниот сигнал. Експлозивите биле запалени и една страшна експлозија го разурнало зданието на Отоманската банка и силно оштетила многу соседни објекти, меѓу кои и германскиот клуб и хотелот „Коломбо“. Директорот на банката, навремено известен, успеал да се спаси заедно со целото семејство. Истовремено, искористувајќи ја темнината, младите Бугари, едни од нозе, други од пајтони, трети од прозорците на своите престојувалишта, фрлале бомби. Дошло до вистински судири во некои делови на градот, главно пред магацините за оружје, со пристигнатата војска. Многу Бугари биле уапсени, задржани, а други тепани по улиците и домовите.

Турците, кои го населуваат северниот, висок дел на градот, се подготвувале да се симнат кон европската четврт и ги заплашувале со колеж христијаните. Благодарение на валијата Фехми паша, кој можел навремено да ги преземе неопходните мерки, ја опколил со воен кордон турската четврт и со лична иницијатива успеал да ги успокои вознемирените Турци. Според еден извештај на францускиот конзул Луј Стеер, со кој го констатира безумието на полицијата, само неколкумина странци биле убиени и ранети, но ниту еден Французин. Извештајот покажува дека многу Бугари биле убиени, дури тројца, кои се сокриле во домот на еден Французин. Според укажувањата на Бугарите, можеби преувеличени, бројот на убиените христијани достигнувал околу 200-300 души (всушност, 42 од населението и приближно толку од војската б.н.). Спокојството во градот брзо било воспоставено, од друга страна, пристигнале италијански воени бродови, а подоцна и австриски, кои ја преземале заштитата на странците и немуслиманите.

Тие настани не го предизвикаа веднаш својот ефект, но не останаа без влијание врз решенијата, што требаше да се донесат до крајот на истата г.. Како што можеше и да се очекува, атентатите во Солун предизвикаа вознемиреност меѓу турската власт, која во нив виде почеток на едно општо движење и од тие причини Револуционерната организација не ја предизвикуваше. Во Солун беа извршени многубројни апсења. Во Битола, Турците верувале дека востанието ќе избувне на Ѓурѓовден и однапред почнале да ги следат христијаните. Во целата област судирите меѓу војската и четите станува сè почести и до 1.IX.1903 г. се набројаа 86 во трите македонски вилаети и Одринскиот, наспроти 63-те во текот на последните четири години од 1898-1902 г. Тие судири честопати повлекуваа целосно разурнување на селата, како што беше случајот од наредната г. со Баница, на пример. Апсењата и заточенијата во Азија и Триполитанија, интернирањето на жителите по градовите во нивните родни и други села, каде тие немаа никакви средства за живеење, па и бруталноста од секаков

вид се зголемуваше. Солунскиот конгрес најпосле решил да го објави востанието, што требало да биде општо за Битолскиот и Одринскиот вилает и, за диверзии, делумно во останатите два вилаета...

Општото востание, како што беше предвидено, избувна на Св. Илија (20.VII.1903 г. - 2.VIII. н.к.). Тој ден, Илинден, стана за Македонците и за поголемиот дел од Бугарите еден свечен датум, истовремено и славна и тажна, како и Видовден, годишнината од Косово, за Србите. Во еден ден казите: Битолска, Леринска, Костурска, Охридска и Кичевска, пламнаа. Сите турски воени и жандармериски постави беа нападнати, како и кулите при чифлиците на поголемите бегови, телеграфските линии прекинати, железничките разрушени, а, исто така, и поголемите депоа. Наспроти зголемувањето на полицијата, што го наредува султанот Абдул Хамид, изгледа дека силата на Револуционерната организација беше помоќна. Навистина, таа располагаше со помошта на голем дел од населението, презирајќи ги заканите, дури и измачувањата. Треба да се води сметка исто и за непоправливата невнимателност на Турците. Наспроти сите подготвителни знаци за големите настани, властите се најдоа изненадени од брзината со која агитираше движењето.

Во Косовскиот вилает (Скопско) и во Солунскиот, како што беше предвидено, беа преземени изолирани операции, главно оштетување на патиштата, со цел да се отежне движењето, да се обеспокои војската и да се попречи командата да ги концентрира силите врз славниот театар на востанието. Во Одринскиот вилает, востанието избувна едвај на 18 август, Преображение Господово, и се ограничи само во Лозенградскиот санџак, соседен на бугарската граница и кој е опфатен со падините на Странџа-планина. Но, операциите се водеа со голем интензитет и продолжија до крајот на септември.

Големото Илинденско востание, вистинската македонска епопеја, продолжи близу три месеци, со периоди на затишје и засилување. Во тој период, ако се базираме врз статистиката на Мемоарите на Внатрешната организација, печатени во 1904 г., се случиле 239 судири. Според истата статистика, во нив учествувале 26.000 востаници и 350.000 војници.

## Општ број судири и убиени за време на Илинденското востание

Според бројот на судири, Битолската околија, најголемата во вилаетот, го држи првото место. Од 20 јули (стар календар) до 10 октомври во таа околија се случиле најмногу судири - 70 и паднаа најмногу востаници - 378.

Судирите меѓу реоните биле поделени вака: Цапари, Ѓавато и Смилево - 9, Битолско поле и Мариово - 6, Крушевско - 19, Демирхисарско - 8, Ресенско (Горна и Долна Преспа) - 31.[180]

Во Костурската околија, од 20 јули до 8 октомври се случија 22 судири - 12 во реонот на Нередско и 10 во реонот на Ниџе. Паднаа 74 востаници. Во Охридската околија од 20 јули до 28 септември имаше 31 судир: 3 во Малесијата, 20 во Горна и Долна Дебрца, 7 во Орта-кол и 1 во Демир-кол. Загинаа 118 востаници. Според загубите, Охридската околија доаѓа по Битолската. Во Кичевската околија од 20 јули до 27 август се случија 10 судири: 4 во Горна и Долна Копачка, 4 во Рабетин-кол и 2 во Долно Кичево. Загинаа 64 востаници. Во целиот Битолски вилает за време на Илинденското востание имало 150 судири во кои загинале 746 востаници. Најмногу судири се случиле во текот на јули (од 21до 31) -72, во август-56, септември 18 и во октомври 4. Во Одринскиот вилает од 6 август до 28 октомври имало 36 судири во кои паднаа 46 востаници. Повеќето од нив во првиот реон: Мало-Трновско, Лозенградско, Бунар и Хисарскиот. Распределени по месеци изгледаат: во август 29, септември 5 и октомври 2. Во Солунскиот вилает од 16 јули до 26 октомври се случија 38 судири, во кои паднаа 109 четници. Во Скопскиот вилает, од 1 август до 1 ноември имаше 15 судири во кои загинаа 93 четници. Во текот на востанието, од 20 јули до 10 октомври имало атентати извршени со динамит и тоа 14 во Европска Турција, а во текот на целата 1903 г. -21.[181]

За целиот Илинденски период во Македонија и Одринско имало 239 судири. Сега да ги рекапитулираме турските ѕверства и опустошувања во Македонија и Одринско за време на востаничкиот период. Во четирите вилаети настрадаа најмалку 16 околии во кои: 201 села беа целосно делумно опожарени, 12.440 куќи во тие села беа изгорени, 4.694 души беа тепани, малтретирани, заклани и живи изгорени, 3.122 жени и моми беа обесчестени, 176 жени и моми беа заробени, 70.835 души беа обездомени, 30.000 души пребегнаа во Бугарија.[182]

---

[180] Бројките за судирите и убиените востаници ги земаме од „Мемоарите“. За апсолутна точност не може да стане збор. Во секој случај, реалниот број на судири е поголем од споменатиот во „Мемоарите“, без да се сметаат кусите престрелки.

Избегнувавме да го посочиме бројот на паднатите Турци. Тука бројките во „Мемоарите“ не можат да претендираат ни на приближна точност, тие се јасно преувеличени, се разбира, не по вина на подготвувачите на „мемоарите“.

[181] Бројот на атентатите реално е поголем. Во „Мемоарите“ не е споменат, на пример, атентатот кај Ениада и други помали.

[182] Исто во „Мемоарите“, стр. 430.

Како што може да се претпостави, теророт бил невиден и христијанското население, кое од друга страна целосно и ефикасно ги помагало востаниците со храна, со покажување на патиштата, со криење и некогаш со директно учество со пушка в раце, многу настрада. Турските војски, особено редижите од Мала Азија, земени од нивните ниви, бесни од таа војна против еден недопирлив противник, кој постојано им бил пред очи, без да можат да го фатат, се одмаздувале на секој што ќе им падне в раце. Меѓу мобилизираните војски за задушување на востанието се среќ авале и групи нарекувани дополнителни дружини (иљаве табурлари), составени од необраозвани луѓе и со никаква дисциплина. Тие дружини се одликувале со бруталноста, што ја манифестирале врз населението и тоа до толкава мерка, што подоцна требало да се бара од Високата порта нивно распуштање. И тука, според статистиката на револуционерите што можеби е преувеличена, но која, меѓутоа, дава една слика за активностите, 200 населби биле уништени, 12.000 куќи изгорени, 4.700 души заклани (надвор од тие во судирите), 70.000 останеле без покрив над главата, повеќе од половината од нив избегале во Бугарија.

Тие настани, како и во 1876 г. Батачкиот колеж и тој во Турција, го возбудија европското општествено мислење, веќе лошо расположено спрема Абдул Хамид уште од колежот на ерменците од 1894-1896 г.. Притисокот и јавните собири го манифестираа чувството на цивилизираниот свет. Политички, можеби, честопати со повеќе сочувство и симпатија, отколку со познавање на прашањето, се слушна гласот и на трибуните во парламентите, најмногу во францускиот, во полза на потиснатите народи. Се формираа и комитети за собирање помош во храна, облека и пари за жителите на разурнатите села.

Природно, возбудата беше најголема во Бугарија, чие население секојдневно било сведок на пристигнувањето на бегалците, нивните несреќ ни браќа од Македонија. Пред заплашувањата на турското раководство, кое го обвинуваше бугарското за помагање на востаниците, заплашувања поткрепени и со трупање војски долж границата, на последното му се наложи објавување на една делумна мобилизација кон крајот на летото 1903 г. и тоа во пограничните со Турција окрузи.

Големите сили разбраа дека ситуацијата е сериозно затегната и се започна со една размена на мислења меѓу различните раководства.[183]

---

[183] Полковник Л. Лалуш, „Петнаесет години Балканска историја“, стр. 22-26.

# Македонија и европската дипломатија

## Австро-руските спогодби и политиката на Австрија и Германија на Балканот[184]

Двата кловна на австриската политика беа, едниот Италија, а вториот - Русија, кои Бизмарк своевремено беше успеал да ги неутрализира преку одделни договори, според кои фактички Германија си остануваше господар на целата австриска политика по прашањето за нејзиното напредување кон Исток. Такво, впрочем, беше и мислењето на Бизмарк за време на Берлинскиот конгрес. „Дунав како голема трговска артерија на германската трговија - тоа е една фикција. Германските бродови од височината на Ratisbonne не можат да се симнат по Дунав за да ги изнесат на Исток германските стоки".

Меѓутоа, со надворешните работи на дуалистичката империја раководи еден Унгарец, Калноки (ноември 1881-1895 г.). Тој, како и неговиот колега Андраши беа унгарски крупни сопственици, кои издаваат упатство: Наспроти тоа што немаат никаков интерес тесно да се поврзат со Русија и Италија, зашто овие не можат да им дадат капитал за да ги задоволат своите индустриски амбиции, тие внимателно ги следат малите балкански држави, чие земјоделие може да му конкурира на унгарскиот чифлик, преполнет со зрнеста храна и стада од крупен и ситен добиток. Тие на секој можен начин ги држеа потчинети Србија и Романија во кои се сомневаа поради нивниот стремеж кон своите собраќа Срби и Романци. Калноки стравуваше од српскиот и романскиот иредентизам, а, исто така, и од рускиот реваншизам, од италијанската алчност и на секаков начин ги одбегнуваше како Санкт Петерсбург, така и Рим, а до извесен степен дури и Берлин кому не му се доверуваше многу. Неговиот помошник Хајмерли велеше „за нас Русија е главниот непријател, а Италија второстепен театар".

Главна цел на Калноки му беше да има слободни раце. Ниту Русија, ниту Италија. Тој дури се раздели и од Бизмарк, како што се изјасни на 13 ноември 1886 г.: „Ние сите сакаме мир, но, се разбира, не мир по секоја цена". И критикувајќи ја руската политика во Бугарија и индиферентноста на Бизмарк, додаваше: „Само по себе се подразбира дека од двете големи сили со пространа територија од Балтичкото Море до Јадранското, Црно и

---

[184] Од „Histoire diplomatique de l'Europ" (1871-1914), M. Hauser, професор на Парискиот универзитет.

долен Дунав, секоја има свои сопствени интереси, што можат да излезат целосно од сферата на интересите на другата и чијашто протекција не влегува во задолженијата на другата“.

Бизмарк му одговори во Рајхстагот на 12 јануарио 1887 г.: „Целото Источно прашање за нас не е прашање за војна. Ние никому нема да дозволиме да ни го стави јажето околу врат за да ги влошиме односите со Русија. Пријателството со Русија за нас е многу поважно отколку тоа на Бугарија, како и тоа на сите пријатели на Бугарите, кои се со нас“.

По таа јавна изјава следуваа надлежните инструкции: принцотРојс, германски пратеник во Виена, неколку пати бил повикуван да ги смири унгарските публицисти и парламентарни кругови дека тие ќе можат да ги проследат своите барања „без Германија“. И од Берлин го испраќаат советот да се прифати „едно разграничување на сферите на интересите“. „Ние нема да влеземе во војна со Русија ниту за унгарскиот парламент ниту за Бугарија“, му пишува Херберт Бизмарк на принцотРојс (10 јануари 1886 г.). Но, се предвидува унгарската упорност, во случај на војна со Русија во која и Германија „ќе пропадне“ (писмото на Хацвелд од 11 март 1887 г.). И Бизмарк повторно се вмешува за да се спречи таа војна со една линија на разграничување, според која руското влијание ќе преовладува во Бугарија и австриското во Србија (нотата од 1 јули 1887 г.). Меѓутоа, познато е како дејствуваше Бизмарк. По обновувањето на Тројниот сојуз (20 февруари 1887 г.), тој јасно ги оддели интересите на Германија од тие на Австрија-три договори, а не само еден. Од друга страна, тој склучува договор со Русија за „реосигурување“ (18 јуни 1887 г.), кој ѝ дава можност на Германија, како што Бизмарк му вели на императорот Вилхелм, „да ја држиме Русија во мир“.  Двоен систем, што предлагаше „една компензација на договорот на тројцата императори“. Но, договорот за „реосигурување“ тогаш и потоа не ѝ беше познат на Австрија.[185] Победата на Бизмарк не траеше долго. По падот, неговата политика сè напушта.

Фирмата „Холштајн-Киндерлен“, која всушност управуваше со Вилхелмштрасе, го поништува договорот за „реосигурување“. Сокриен зад

---

[185] Требало Австрија да биде отсечена од германското политичко тело, да биде избркана од германскиот сојуз, за да се постигне едно вистинско обединување на Германија под хегемонијата на Прусија. За време, па дури и по битката кај Садова (1866 г.), Австрија сè уште не ги губи старите амбиции. Австрија и Баварија влегуваат во тајни врски со Франција против Прусија. Само поразот кај Седан става крај на тие обиди. Сепак, и по Фракфуртскиот мир од 1871 г., Бизмарк не бил спокоен. Тој се плашел од повторувањето на комбинацијата од 1756 - сојуз меѓу Франција, Австрија и Русија против Прусија. За обезбедување од таа евентуалност, следува политиката на Фридрих II, кој организира сојуз на тројцата императори, откако ја става политиката на Австрија и Русија под своја контрола и откако ќе ги притиска двете држави кон Исток.

анонимноста на своите ноти и зад своето биро, задоволувајќи се со скромната улога на „советник-известувач“, Холштајн следи една широка политика - Германија да биде арбитер на соперништвата, што ги гледа насекаде. Како таен, сокриен господар на германската политика, тој застанува на сосема спротивно гледиште од тоа на Бизмарк, ја пренебрегнува Русија, им дава слобода на државниците во Виена, и во Отоманската империја гледа само едно поле за трговија и експлоатација. Тоа се случува во епоха кога фон дер Голц ја реорганизира турската армија, Нуман ја води својата географска пропаганда во полза на една германска колонизација во Мала Азија, а Дојче банк ја добива концесијата за железничката патна линија за Багдад (1888 г.). А, сите тие економски претпријатија претпочитаат мир на Истокот. Така, политиката на Бизмарк брзо се обновува.

Но, во тоа време министер за надворешни работи во Виена станува Голуховски, реалтивно млад, неискусен, едвај 45-годишен Полјак, кој сè уште е под разни влијанија. Тој им отвора пат на унгарските министри, но сепак ја следи унгарската политика на проникнување на Балканот. Притоа, прифаќа други методи, различни од оние на Калноки. Како жесток следбеник на Бизмарк, тој не е противник на едно зближување со Русија и за поделба на ловот на Балканот. Иако без иницијатива, тој е подготвен да ја прифати секоја сугестија, па и руска, само таа да цели кон мир. Така, тој продолжи десет години (1895-1906 г.).

## Политиката на Русија на Балканот

Руската политика на Балканот беше мироЉубива и тоа од многу причини. Пред сè, царот, императорот Александар III, со неговите министри за надворешни работи Шувалов и особено Гирс, кој управува речиси за целото царствување (1882-1895 г.), се, пред сè, бирократи. Цар Александар е со страшлив темперамент, кој не трпи противење. Тој е убеден дека е непогрешлив, а, пак, Победоносцев, единствениот советник, уште повеќе го поттикнува. Има едно „словенско“ воспитување, да речеме на руски националист, но е апатичен, ги слуша извештаите на своите агенти и се вџашува од секакво европско заострување. Сето тоа не дозволува да се подготви јасен политички план. Останува само една единствена идеја - мирот.

Руското политичко општествено мнение уште повеќе го поттикнува на тој пат. Наспроти мислењето на некои националистички весници, општественото мнение не е сосема „словенофилско“. Тоа многу повеќе се интересира за внатрешните прашања и, всушност, стравува од секакво

усложнување на Балканот. Попарено на двапати, во 1856 и 1878 г., руското општествено мнение на Балканот гледа со недоверба. Тоа не смее да заземе страна во споровите на Словените, кои го делат и дури предизвикуваат. Традицијата е да се протежира Србија, а бугарската „неблагодарност“ длабоко го навредува и повредува. И во српско-бугарските разногласија не сака да заземе страна. Македонското движење го вознемирува. Дворските кругови во него гледаат нешто револуционерно. Бугарофилите се чудат на тие Словени нарекувани „Бугари“ од апаратот на Егзархијата, кои не сакаат да чекорат со Софија и бараат независност. Други, пак, сакаат Бугарите да бидат казнети и да се стои настрана од спорот. Општо земено, се интересираат за Балканот, но го сметаат за осило од кое Русија треба да стои колку што може понастрана, без да се доближува.

По смртта на Александар III (1894 г.), преовладува идејата за мир. Слабиот Николај II не е тој што би бил против. Па и Вилхелм II, кој во случајот се однесува благоречиво, го пренасочува од Блискиот Исток и му го покажува миразот на Далечниот Исток. Руско-кинеската банка е основана (1895 г.). Русија се вкопува во Манџурија и Кореја (1896 г.). Министерот за надворешни работи Лобанов се плаши да се ангажира на Исток, каде се случува колежот на Ерменците, и тој потсетува дека Русија во Ерменија нема да го повтори несреќното бугарско искуство. А тој е еден скромен старец и Голуховски се радува поради неговата навремена смрт (август 1896 г.). Негов наследник е Муравиев, бирократ без особени, широки сфаќ ања и концепции.

Од 1901 г. министер за надворешни работи е совесниот и трудољубив балтички гроф Ламсдорф, кој целата кариера ја минал како бирократ во С. Петерсбург и без никакво искуство однадвор. Тој беше толку претпазлив и внимателен, што фактички „немаше никаква решителност и иницијатива“, а самиот својата политика ја нарекуваше „независна“, иако всушност немаше никаква. Нерешителен и до толку реакционер, што откажуваше дури и „да им зборува на тие луѓе таму“-депутатите во 1895 г., тој беше многу непопуларен, сосема недостапен за „словенофилството“ на претходните поколение, а, пак, потеклото го притискаше кон Германија, тврдина на апсолутизмот и укротителка на Полска.

Се разбира, тој својата плашливост ја украсуваше со хуманитарни причини. Не толку во своите Мемоари, колку во своите разговори во кои божем ја изложува својата програма. Сер E. Scott, англиски полномошен министер, ни опишува како Ламсдорф бил критикуван од Горчаков: Тој имаше еден тажен спомен од уличните глетки кога во 1876-1877 г. војниците тргуваа на фронтот и се беше заколнал да не пролева руска крв, освен ако биде наложено за одбрана на татковината. „Државните мажи, одговорни за војната или мирот, за животот на луѓето, чија судбина

им е доверена, немаа право да бараат жртви за едно туѓо, надворешно мешање за чисто филантропски причини“ (10 јуни 1903 г.). Курипаткин во еден весник наведува други причини за одвратноста на министерот воопшто од балканските работи и делумно од македонските: неговото неискуство. За време на неговата обиколка на Европа во 1902 г., Ламсдорф сака реформи во Македонија, но без да знае какви:“Се истата историја“, изјавува тој затрупан од прашања. И ја дава следната, просто неверојатна декларација:“Нема Македонци, туку само збирштина од нации и една турска маса“ (8 септември 1902 г.). А востанието (Горноџумајско) во Македонија беше штотуку избувнало[186]

Со слични сфаќања и концепции, од многубројните извештаи, што советската власт ги направи, јавно достојни се само старите ученички задачи. Таква е таа насловена како Неопходните задачи на Русија на Исток потпишана од Муравиев, а одобрена од Николај II на 25 февруари 1900 г.: „За нас е апсолутно неопходно да ги испревариме нашите соперници (Германците) на бреговите на Босфор и да преземеме мерки за да се населиме ние самите“.[187]

Тие академски извештаи немаат никакво значење за руската политика, која, пред сѐ, сака мир и спокојство во Европа, за да има одврзани раце на Далечниот Исток. И само по нејзиниот пораз во Азија, Балканот доаѓа на дневен ред. Мирот на Балканот зависи од спогодбата со Берлин. И прв почнува грофот Капнист, од 1890 г. руски пратеник во Виена, исто така, балтички гроф. Во своите разговори во министерството, како што изнесува Ламсдорф во своите Мемоари, тој почнува со омилената идеја: Заземање и присвојување на Цариград. Меѓутоа, доаѓа до сосема други заклучоци. Доволно е, вели тој, да ги „имаме клучовите од нашата куќа“, да присвоиме две утврдени точки од двете страни на Босфорот. Но, за тоа треба еден голем сојуз во Европа. „Додека сме изолирани и во опозиција со западните сили, ние ништо не ќе можеме да добиеме“. Паскиевич едно време велеше дека патот за Берлин минува преку Виена. Според Капнист, тој сега минува преку Берлин. Засега, само Германија нема свои директни интереси на Исток. Во 1870 г., таа го растури англо-францускиот договор, толку непријателски за Русија, и го ослабува противникот, Австрија, чиј пораз го донесе војната од 1877 г.. И тој заклучуваше - една спогоба со Германија

[186] Со таа декларација грофот Ламсдорф, самиот за себе си си даде едно одлично сведоштво како државник и министер за надворешни работи и тоа на една голема држава каква што тогаш беше царска Русија (б.н.).

[187] Краснij архив, том XVIII, стр. 3-29. Коментаторите го објавија малку брзо тој „важен“ документ. Една нота додава дека сите одделенија ја признале окупацијата на Босфор како една од важните задачи на Русија. Министрите на морнарицата и на војната побарале и кредити за нејзина подготовка.

за да ги заземеме морските премини. „Многу точно“, вели Ламсдорф, кој сè уште не е министер (3 декември 1890 г.). Но, во тоа време Вилхелм II, по советите на Холштајн, го напушта „реосигурителниот“ договор. За да се отиде во Берлин, требаше да се помине преку Виена.

## Австро-руската спогоба од 1897 г.

Не за првпат на руските државници им се наложуваше таа политика на заемна согласност со Австрија. Од 1873 г., во Шонбрун, Александар II и Франц-Јосиф си беа ветиле да се разберат (6 јуни 1873 г.). Тоа разбирање се појави со тајните спогодби во Рајхштад (26 јуни 1876) и Будимпешта (15 јануари 1877 г.). Првата, малку општо предвидува поделба на Отоманската империја, што исклучува големи држави, било словенска, било грчка. Втората, поопределено, поточно посебно во дополнителната конвенција посочува на анексијата на Босна од Австрија, а на Бесарабија од Русија. Меѓутоа, тие конвенции се претходница на војната.

По дваесет години, положбата е сосема поинаква: не се предвидува руско-турската војна. Николај II во Визбаден му беше рекол на Вилхелм II: „Јас сосема не мислам на Цариград. Целиот интерес, внимание и очите ми се свртени кон Кина“. Тоа наивно признание беше прифатено од Вилхелм (12 ноември 1896 г.). Меѓутоа, Балканот не престанува да го предизвикува вниманието на дипломатите-критското прашање, Ерменија, бугарската преродба ја обеспокојуваат Европа. Англија постојано има еден план за „целовитоста“ и една програма за реформи. Салсбури крои, вознемирува. Од Петерсбург прво доаѓа едно откажување: Царот му вели на германскиот пратеник Радолин дека како автократ, монарх, тој не може да бара принудни мерки од еден суверен, султанот. Но, Салсбури настојува: Или реформи или распаѓање на Турција. Ханото, наспроти дотогашната упорност, отстапува (24 декември). Без да го запознае рускиот претставник Нелидов, јасно изјавува дека какви било реформи се невозможни. Султанот го повикува на помош германскиот император, кој се извлекува, а Салсбури енергично изјавува: „Без концесии, ниту еден шилинг“. Конференцијата подготвува една програма (9.II.1897 г.): еден врховен совет, еден финансиски совет, европски комисии, реформи во правосудниот персонал, дури и слобода на печатот.

Требаше ли и тоа во Цариград да се соберат трите монархии, „браната против социјализмот и револуцијата, што ја заплашуваат Европа од сите страни“, така се изрази Бизмарк пред Шувалов во 1890 г.? Министерот за надворешни работи Муравиев на средбата со австрискиот амбасадор

Szochyeny, во нервоза ги обвини „пратениците во Цариград „ (11 февруари): Тие работеле како теоретичари и на еден старец му препорачувале режим како на некој млад човек. И од Берлин доаѓаат совети: Конференцијата е чисто „фијаско“, убијци не се задржуваат со соопштенија и објави. Убијците се грчките, српските и бугарските чети, востанати против легитимниот суверен.

Впрочем, Голуховски заминал исто во Берлин (16-19 јануари). По неговото враќање од Берлин, тој имал неколку средби со рускиот пратеник Капнист, кој отфрла какви било руски намери спрема Цариград, што „треба да си остане вратар на турската униформа“. Во Русија сфатиле дека секој развој на вазалните држави ги води кон национална политика. И Еленбург, германскиот пратеник кому Капнист му се исповеда, му се доверува со засега златната струна: Реформите се како болниците за валканите, кои сакаат да лежат на земја, наместо на кревет. Впрочем, веќе се подготвува примирјето. Се лекуваат раните од Берлинскиот договор. Франц-Јосиф и Голуховски заминуваат за Петерсбург (27-29 април). Како резултат на разговорите во Петерсбург, прво произлезе една нота до владетелите, кои повеќе или помалку, така или поинаку, ги поддржуваа „убијците“ во Софија, Белград, Букурешт и Цетиње. Втората беше за печатот: двете сили „се решени да го поддржат општиот мир, принципот на ред и статус-квото,, (29 април). Најпосле, тоа е таен договор во кој уште истиот ден беа фиксирани главните точки и чија содржина се знае од една инструкција на Голуховски до својот пратеник (8 мај) и од една нота на Муравиев до принцот Лихтенштајн, австро-унгарскиот пратеник (17 мај). И едниот и другиот решаваат во случај ако статус-квото е невозможно, уште „претходно да се отфрли секоја помисла за какво и да е освојување“ на Балканот и дека се решени „тој принцип да ѝ се наложи и на секоја друга сила, што би се спротивставила“. Прашањето за морските премини, „како чисто европско“, не може да биде предмет на посебна спогодба, но Австрија ја признава законитоста, зашто странски воени бродови не можат да минуваат низ Босфор и Дарданелите. Новиот ред на Балканот ќе се определи со посебни уредби. Се предвидуваат четири точки: а) правата признати на Австро-Унгарија со Берлинскиот договор си остануваат и ништо повеќе; Голуховски се мачи да добие одврзани раце за една идна анексија на Босна; б) Австрија би сакала да создаде една Албанија меѓу Јанина и Скутари, а останатата отоманска територија останува за една праведна поделба меѓу балканските држави; Русија наоѓа дека тие прашања се „предвреме“ поставени и најпосле в) двете држави, бидејќи се стремат само кон консолидирање и мирен развој на малите држави, ќ е следат „политика на полна хармонија“ и ќе избегнуваат „сè што може да внесе...елементи на недоразбирања и недоверба“. Радост во Берлин.

„Радост дека се постигна спогодба меѓу континенталните сили“, му пишува на својот пратеник, кого го замолува да го поздрави Голуховски (1 мај). Меѓутоа, неговите потчинети се попредвидливи. Маршал, главен секретар во министерството за надворешни работи, чувствува дека австро-руската спогоба е привремена, зашто таа не исклучува никаква причина за недоразбирања или несогласувања (7 мај). И Холштајн, постојано намуртен и сомничав се јавува: Голуховски да внимава и многу да не ѝ се доверува на Русија, која ќе ја намали, омаловажи вредноста на германскиот сојуз. Еден ден, во даден момент, Италија и Русија би можеле да се зближат зад грбот на Австрија: едната ќе ја земе Албанија, а втората морските премини (13 јули 1897 г.).

## Македонската криза

Статус-квото имаше смисла и значење за Големите сили, но не и за потчинетите и угнетени народи. Сите христијани во центарот на Блаканскиот Полуостров останаа од 1878 г. под отоманскиот јарем. А што претставуваше администрацијата во Отоманската империја, јасно се гледа од извештаите на странските конзули, меѓу нив и на француските, публикувани во „Жолтата книга“ од 1902 г. Турскиот војник, без плата и леб, го тера нуждата кон грабеж. Турскиот судија си ја обезбедува платата од глоби и пресуди. Претприемачот на патиштата има потреба од ангарија, бесплатен труд. Најпосле, финансискиот чиновник создава интриги и сплетки, одолговлекува и остава да се соберат неисплатените даноци, по што се нафрла врз селаните. А, закупникот на десетокот, кој треба да спечали, сака дури 30% од реколтата за да не ја остави да се растури врз земјата, под изговор дека сè уште не е собрана. Незадоволството е сеопшто.

Емиграцијата во Бугарија од ден во ден расте од примамливоста на тоа што се случи во Сан-Стефано (1877 г.). Во 1890 г. во Софија се формира комитет за помош на емигрантите организирани во братства, кој агитира за да го заинтересира општественото мислење: тој Врховен македоно-одрински комитет е познат под името надворешна организација. А, во самата Македонија, во Солун се формира во 1893 г. Внатрешната македонска револуционерна организација.(ВМРО) со програма за автономија на Македонија, следствено сосема различна од целта и задачите на Македонскиот врховен комитет во Бугарија. ВМРО поделена на посебни, тајни секции (реони) почна да се заштитува од Албанците, кои Абдул Хамид ги поттикнуваш на истребување на Словените, а истовремено со тоа сметаше дека ќе го разреши и аграрното прашање, откако

ќе ги притеснат беговите, големите сопственици на чифлиците за да сопрат со издавањето на земјата под умерен наем. Организацијата ги регрутираше своите истомисленици меѓу сите Македонци, без разлика на вера, народност и јазик. Во неа влегуваат како сите Словени, така и Власи и Грци. Раководителите се главно учители и свештеници, а, исто така, и адвокати, лекари, офицери. Таа има и свој (надворешен) орган во „L, Effort“, што излегува во Женева на француски јазик.

ВМР Организација е една, суштински, тајна влада, чие централно раководство никој не знае каде е (според уставот, секаде и никаде).

Македонија постојано се искористува од страна на Турција. Двата извора за нејзините приходи добиваат друг тек: даноците и глобите, финансиите и судниците се исто бојкотирани. Тогаш, особено од 1895 г., почнуваат прикриените методи за репресии: султанот ја повикува својата подвижна жандармерија од башибозуци (цивилна жандармерија), т.е. Албанците. Тие, откако ќе влезат во некое село, ограбуваат, колат или го одвлекуваат населението. Така, провинцијата Стара Србија во еден период од 20.000 души останува со 2.000. Најпосле, од Мала Азија се испраќаат резервисти (редифи), кои речиси гладни ги разграбуваат и опустошуваат трите вилаети - Македонија. Велат дека од 1902 г. биле напуштени 172 села, а во планините имало околу 180.000 Македонци-бегалци.

Една афера, меѓутоа, ќе ѝ наложи на ВМРО да ја смени својата тактика. Во ноември 1897 г. турските власти откриваат во с. Виница, близу до бугарската граница, еден магацин со оружје и муниција. Од тогаш Внатрешната организација ја менува својата тактика. Започнуваат отворената борба и терористичките акции. Од 1898 до 1903 г. дошло до 130 судири со турската војска. Бугарската влада се обидува да ја искористи ситуацијата во Македонија. Таа бара берати за организирање на неколку нови бугарски митрополии - во Битола, Дебар, Кукуш, Мелник. На 20 април 1897 г., три дена по започнувањето на грчко-турската војна, за да ја принуди Високата порта, заминува за Берлин, бара „компензации“, реформи, бугарски митрополии и училишта. Од Берлин се дава совет да се отстапи и се издаваат берати за уредувањет на три митрополии (Битола, Дебар, Струмица) (месец ноември). Кнез Фердинанд, меѓутоа, се уште стравува од развојот на македонското движење и постојано набљудува. Тогаш Софија има 70.000 души население, од кои 20.000 Македонци. Тој се обидува да го диригира движењето. Во 1898 г. видниот македонски револуционер Борис Сарафов е на чело, претседател на Македонскиот врховен комитет, кој има спогодба со ВМРО, и настојува да го засили со други поумерени водачи, попослушни и поисполнителни.

Таа бугарска иницијатива и напори почнува да ги обеспокојува Австрија и Русија. Муравиев се среќава со Голуховски во Виена (21-25 октомври 1898

г.). Се предвидува војна меѓу Турција и Бугарија. Турците не треба да влезат во Софија, ниту, пак, Бугарите во Цариград. А бугарскиот дипломатски агент во Виена е лошо примен, откако бара согласност од Австрија за создавањето на Сан-Стефанска Бугарија. Бугарија со меморандум до Високата порта сака автономија на Македонија, со престолнина во Солун и губернатор од „владејачката нација“ (јануари 1899 г.). Тоа беше вистинска бомба. Од друга страна, Англија и Италија ургираат кај султанот да се реши да воведе реформи. „Ново потхранување на револуционерните интриги и игри“, јавува Бјулов од Берлин, новиот државен секретар. За да се избегне една колективна постапка на силите, руskиот пратеник во Цариград добива наредба да го повика султанот да преземе мерки и христијаните во Македонија да бидат заштитени и да им се подобри положбата (февруари). Пред својот германски колега тој признава дека мирот во Македонија е од суштествено значење, но без колективна интервенција (26 март).

Австриската политика, толку јасна и определена во своите цели, е побрутална во средствата и методите. Таа е цврсто решена да не дозволи Русија да дејствува и на тој начин да ги принуди да мируваат малите балкански држави, кои само чекаат погоден момент. Во Берлин, Голуховски му соопштува на Бјулов (4-6 мај 1900 г.) дека Австрија нема да и дозволи на која и да е сила да навлезе во Албанија (се визира Италија), ниту обединување на Србија и Црна Гора, како и влегување на Русија во Цариград. А пред Еленбург, германскиот пратеник во Виена, изјавува:“Ние едноставно ќе ја прегазиме Србија ако се усложни ситуацијата на Балканот и Србија се осмели да води друга политика освен таа што ние ја посакуваме“ (6 јануари 1901 г.). Што се однесува до Бугарија, таа се следи од Романија, која во случај на една бугарско-турска војна се заканува дека ќе ја окупира Јужна Добруџа (1 февруари).

Македонското востание се разгорува. Тоа е најголемиот бунт од 1876 г., соопштуваат конзулите. Во сите планински месности се формираат чети-на Запад и Исток од Костурско до Штип. Најголемите се на Пирин и во Малешевско, крај бугарската граница. Оружје и чети се префрлуваат од Кнежевството на турска територија. Тие комити, во октомври 1902 г., ја заземаа Кресненската клисура по течението на реката Струма и ги изолираа северните македонски околии. Во Софија друга, двојна игра. Фердинанд менува на власт ту русофили, ту русофоби и ту ги протежира, ту ги апси видните македонски дејци, раководители. Борис Срафов бидува уапсен (април 1901 г.) и Фернинанд го заменува со свој пријател, генерал Иван Цончев. Гроф Игнатиев, поканет да присуствува на Шипченските прослави, апелира Бугарите да ја реализираат Сан-Стефанска Бугарија (1902 г.).

## Реформите во Турција и македонската револуција

Во Петресбург и во Виена наоѓаат дека договорот од 1897 г. е непрецизен, недоволен и негативен. Положбата во Македонија се смета како навестување, како почеток на криза во Отоманската империја и сите се обеспокојуваат. Францускиот конзул во Солун, Луј Стег, нуди програма за практични реформи: Наместо наемници, локални стражари, наместо прекупување на десетокот, негово прибирање преку монопол (28 октомври 1902 г.). Во Цариград, германскиот пратеник го поттикнува султанот на противдејство: Единственото средство против револуционерниот вриеж, му пишува тој на Бјулов (7 октомври), така како што се наметнува од Бугарија во Македонија, сигурно не се реформите, туку само воената репресија. Да се принудува султанот да воведува реформи, тоа значи да се потпалува пожарче на Балканот. И Високата порта се задоволува со формирање комисии, со кои ќе претседава Хилми паша (1 декември).

Првокласен погреб, како што се изјасни Маршал. Франција претставува една општа промеморија:"Апсолутно е неопходно без задоцнување да се подобри положбата на населението во Македонија", (9 декември). Од Лондон, Лансдоун испраќа еден попрецизен план: Целосна автономија на Македонија (Солунски, Битолски и Косовски вилает) што се однесува до судската област и жандармеријата, назначување на еден губернатор христијанин, една контролна комисија, што ќе биде составена од конзулите (9 декември).

Русија се вознемирува: Апсурдно е, изјавува Зиновиев, руски пратеник во Цариград, кога говори за англискиот проект. „Многу полесно е да се уништи целото турско владеење". Ламсдорф, веќе цела година министер, со своите идеи како балтички гроф е обожавател на германските области и е противник на секаква револуција. Уште во декември тој испраќа телеграма во Софија дека „царот не одобрува какво било толерирање од страна на бугарската влада на револуционерните движења" и дека сака растурање на Комитетот, а во Цариград дека никогаш нема да одобри какво било револуционерно незадоволство во Македонија. За него Македонците се повеќе непослушници, а не Словени.

Како и неговите претходници, и тој заминува во Виена (30 декември). Голуховски го уверува дека тој е незаинтересиран, но оти строго внимава што се случува, дека не ја сака Босна зашто монархијата има доволно Словени, но ако Србија се промени или се осмели да се насочи кон Македонија, Австрија ќе ја окупира Србија. Меѓутоа, треба да се договорат барем минималните реформи. Таа „виенска скица" му се претставува на главниот инспектор на Абдул Хамид. Се бара само Хилми паша да се назначи на три години да има право да се служи со турската војска, без да чека наредби од Цариград, да се ангажираат специјалисти, странци, кои

ќе ја реорганизираат жандармеријата во која ќе влегуваат и христијани, Албанците да се натераат да ги „почитуваат законите“ и трите вилаети да се издржуваат од еден буџет, чии приходи ќе бидат од самата провинција. Szogyny од Берлин дообјаснува, Голуховски е задоволен, задоволна е и Русија од конзервативната политика за зачувување на статус-квото. Ќе се бара само „да се спречат опасните усложнувања“, се предвидуваат административни мерки, што ќе го протежираат христијанското население, без да се наруши авторитетот на султанот (4 јануари 1903 г.).

Таа „виенска скица“ од никого не беше добро прифатена. Во Берлин, Холдштајн советува да се поддржи престижот на султанот. Секое посегање врз неговиот престиж е удар и врз Германија. Притоа, добрите австро-руски односи се проверени и не треба да се нарушуваат (17 февруари). На 21 февруари австро-руската програма ѝ е веќе претставена на Портата и султанот е изненаден, зашто тој очекувал „побрутални“ барања. Тој е „пријатно изненаден“, пишува О'Конор, англискиот пратеник. Рускиот официјален службен орган поместува едно коминике (23 февруари) во кое се прави анализа на идните реформи и се изложуваат „основните принципи“ на руската политика: Да бидат повикани независно од цената на безбројните руски жртви, балканските држави можат целосно да сметаат на императорското раководство што се однесува до нивните реални потреби и на неговото можно покровителство за животните потреби и нормални интереси на христијанското население во Турција. Меѓутоа, тие не треба да губат од предвид дека Русија нема да пролее ниту една капка крв на своите синови ниту што и да е од својот имот, ако словенските држави, наспроти мудрите совети што им се дадени претходно, се обидат да го накрнат со насилни и револуционерни средства, воспоставениот ред на Полуостровот.

Во тој заклучок јасно се гледа дека Русија се откажува од својата традиционална политика и дека нема да заземе страна околу македонските востанија. Но, незадоволството во Македонија, привремено стишано преку зимата, со настапувањето на пролетта силно избувна. Тоа не ги почитуваше Русите, наспроти добиените задачи. Портата ги спротивстави Албанците спроти Словените. Рускиот конзул во Митровица е убиен (30 март). Со експлозивни средства, бомби и динамит се разурнуваат железничките патни линии. Филијалата на Отоманската банка во Солун се крева во воздух (29 април). Русија и Австрија концентрираат војски, првата во Одеса, втората во Солун каде таа испраќа свои воени бродови. Не се знае дали тоа е за да се принуди султанот за да ја прифати програмата за реформи или за да се зачуваат словенските држави, така како што двете држави се беа ангажирале пред султанот за да ја поддржат неутралноста на Бугарија и Србија.

Ламсдорф му изјавува на англискиот пратеник дека ќе се одмазди за убиството на на рускиот конзул, но оти не треба да се зголемуваат

проблемите на султанот (10 јуни). Турција и Бугарија мобилизираат дел од своите војски. Една заедничка акција од страна на Русија и Австрија ја принудува бугарската влада на демобилизација (13 јули). Народите се нетрпеливи. Изморени од чекањето реформи, што им се даваат, како што се вели, на еден час по лажичка, од австро-руските ноти, македонскиот комитет крева општо востание. Борис Сарафов го прокламира од Пелистер, на Илинден, откако околу 25.000 души се кренаа со оружје в раце. Но турските војски - 350.000 според Мемоарите на ВМРО (1904 г. )- го локализираа со грубостите и жестокостите на редифите од Мала Азија и со „дополнителните полкови“ (љавет) во период од три месеци исполнети со судири, пожари и грабежи (август-октомври).

## Мирцштетските реформи

Бугарија побрза да отфрли секаква нејзина соработка со македонските револуционери (меморандумот од 10 август). Ламсдорф, пак, ја обвинува Софија, сака Бугарија да мирува и да се предупреди еднаш засекогаш дека таа нема да биде поддржана ако го навлече јадот, гневот на Турција (27 август). Под притисок на општественото мислење, бугарската влада со нота објавува дека го „смета за свој долг да апелира кон чувствата за праведност и човечност на Големите сили“ кога ги моли да го спасат целото христијанско население, кое е заплшено со целосно истребување (13 септември).

Таа нота е лошо примена во Берлин и Виена. Бјулов преку својот пратеник му дава насоки на Голуховски. Никаква автономија на Македонија, никаква голема Србија, никаква Русија во Цариград, во спротивно Австрија ќе го растури словенскиот елемент (20 септември). Голуховски, кој преку бугарскиот гласноговорник држи „еден многу сериозен тон“, ја оправдува концентрацијата на турската војска на бугарската граница (21 септември). Меѓутоа, од Лондон, Лансдоун се надоврзува дека е време да се размисли за посериозни реформи, отколку тие изнесени во виенската шема (29 септември).

Ламсдорф не се тревожи од колежот на Словените. Тој пред германскиот гласноговорник ја фали австро-руската соработка: „За првпат две големи христијански држави ја поддржуваат Високата порта против нејзините христијански поданици... Грешката од 1877 г., кога беше поддржано едно револуционерно движење, неминовно предизвика друго революционерно движење во самата Русија“. Впрочем, ништо не треба да се менува во реформите. Ќе биде катастрофално да се смета дека сме се уплашиле од престапите на македонскиот комитет (16 септември). И, веднаш одново трча во Виена (30 септември - 3 октомври).

Во алпското одморалиште Мирцштек (на југозапад од Виена) двајцата императори и двајцата министри го разгледуваат британскиот предлог од 29 септември и заедно изработуваат една програма (20 октомври). Гроф Лансдоун сакаше или еден губернатор христијанин во Македонија или судии Европејци ако губернаторот е мухамеданец, офицери и подофицери исто Европејци за реорганизирањето на жандармеријата, повлекување на рефитите и љаветите, воени аташеа во Македонија да ги надгледуваат и придружуваат турските војски, најпосле давање помош на сите останати без покрив над главата. „Решенијата донесени во Мирцштек", што ќе им се испратат како инструкции на пратениците во Цариград, ги споделуваат англиските сугестии, но колку да ги потсечат наместо уточнат. А, наместо судии двајца „цивилни агенти", Австриец и Русин, еден генерал странец на чело на жандармеријата и помошници на големите сили, кои ќе имаат свои реони, согласно останатите седум доста широки точки, се предлага нова административна поделба, со цел „поправедно групирање на разните народности", развој на локалните автономни, мешани муслимански и христијански комисии со присуство на руски и австриски конзули, судење за престапите извршени за време на бунтовите, одобрување средства од турската влада за враќање на емигрантите, изградба на куќите (домовите) и училиштата под контрола на конзулите на двете држави, ослободување од даноци на опожарените села на една година, воведување на реформи, распуштање на иљаветите и башибозуците и цивилна стража. Грижата за една австро-руска контрола произлегуваше од потребата за брзи реформи.

„Практичните реформи" на Лансдоун се пренебрегнати, напуштени. Делкасе се откажува да го следи по две главни точки: наминовното повлекување на резервистите (редифите) и контрола на војската од воените аташеа. Бјулов исто одолговлекува. Сојузните одбегнуваат да им дадат карт-бланш на Русија и Австрија. Маршал од Цариград објаснува зошто треба да се изврши нова територијална поделба: „Бугарската нација има во Македонија близу една третина од населението. По уредувањето на Егзархијата, со многуте митрополити и училиштата, како и со една грижлива, ревносна пропаганда, лека-полека се создала една бугарска надмоќ, што не соодветствува со активностите". За да се ограничат корените на бугарската пропаганда, треба да се создадат санџаци (окрузи) каде Турците, Грците, Власите беа имале мнозинство (15 октомври).

Мирцштетската програма ѝ е претставена на Портата на 22 октомври, но таа одговара со една долга нота, во која се се извртува: „Мандатот на главниот инспектор" ќе важи уште две години, тој има доволно време за да го надгледува мирот. Ќе биде назначена една комисија, од реформите „сите се спроведени" и грешка на христијаните е што тие не сакаат да пристапат во мешаната жандармерија и најпосле, дека императорската

влада никогаш не се служела со башибозуци (3 ноември). Во Виена и Петерсбург се вџашени од дрскоста на турската влада. Портата отстапува: „Таа, во принцип, ги прифаќа деветте точки подготвени во Мирцштек, но го зачувува правото за време на преговорите да се разбере, изјасни за деталите, откако ќе ги усогласи првата и втората точка со независноста, со суверените права, со престижот на императорската влада и со постоечкото статус-кво (24 ноември). Австро-Унгарија и Русија токму тоа и го очекуваа. Тие ги назначуваат двајцата „специјални цивилни агенти" и со големо трпение водат долги преговори и претпочитаат речиси две години за да се изработат практичните детали на програмата. Во Отоманските одговори не недостасува и иронија. На пример, одговорот од 15 февруари 1904 г. во кој Портата соопштува дека дала инструкции „строго" да се запазува принципот на еднаквост во вероисповедта и јазикот и во кој се додава дека „впрочем, уште со прогласувањето на Ѓулханскиот хатишериф (1839 г.) тоа правило се почитува и спроведува". Истовремено, султанот на англискиот пратеник му ја изразува својата радост дека Русите се победени од Јапонците (1 мај 1904 г.). На 5 мај, во домот на лордовите, маркиз Лансдоун не го крие својот песимизам од резултатите во Мирцштек.

Англија останува единствената држава која бара реформи. Таа постојано инсистира на едно практично независно правосудство, за финансиски ред, на редовна исплата на чиновничките плати и да се стави крај на грабежите и злоупотребите. Две години се разменуваат ноти, заканите се повторуваат сè додека не се дојде до морската демонстрација пред островите Митилин и Лемнос (крајот на ноември 1905 г.), која го принудува султанот да прифати финансиска комисија, односно финансиска контрола. Русија вплеткана во далечно-источните прашања, и Франција зафатена во Мароко, се дефокусираат од Балканот.

Турција ѝ се наметнува на Бугарија, откако ѝ го наложува договорот од 8 април 1904 г.: Во замена за едно широко, општо ветување за реформи во Македонија, таа (Бугарија) треба да го расформира Комитетот и сите чети.

Австрија продолжува да го следи својот Drang nach Osten (чекор кон Исток).

## По востанието. - Обновување, реорганизација на Внатрешната револуционерна организација и борбата против туѓите вооружени пропаганди - грчката, српската и врховизмот во Бугарија

Илинденското востание, како што се знае, не можеше да донесе конечно ослободување на Македонија. Тоа заврши со неуспех. Меѓутоа, тоа не го намалува неговото значење. Навистина, како пред така и за

време на востанието се направија грешки, но тоа се грешки на одделни раководители, вождови, а не и на населението. Напротив, тоа заслужува само пофалби. Населението, особено во Битолско, Костурско, Охридско, го наложи востанието и го понесе на своите плеќи, поднесувајќи нечуени страдања и маки и давајќи големи човечки и материјални жртви пред олтарот на слободата. Според сите непристрасни набљудувачи, известувачи на светските весници, публицисти, општественици, странски и наши, кои имаа можност по востанието да бидат во близок контакт со востанатото и мирно население речиси во сите востанички реони, сите без исклучок сведочат и тврдат дека населението, наспроти сите негови маки, страдања и колосални човечки и материјални жртви, не падна со духот, не очајуваше, ниту се поколеба ниту, пак, ја изгуби вербата и довербата во своите раководители, вождови. Речиси сите, кои сѐ уште талкаа по планините среде лутата зима, без прибежиште и покрив над главата, без заштита и покровителство, без облека и прекривки, дури и без леб и други прехранбени потреби за нив и нивните домашни, сите во еден глас велеа и повторуваа дека слободата бара и налага жртви, дека борбата треба да продолжи...

Ако само се погледне во статистичките податоци за бројот на судирите, колосалните човечки и материјални жртви, човека на прв поглед го обзема ужас. Но, погледнато низ истириската призма, сите неволји, маки, страдања, сите човечки и материјални жртви, кои се дадоа пред и за време на Илинденското востание се само еден прелудиум на македонската мартириологија, која продолжи и по востанието, младотурскиот режим, последователните Балкански, меѓусојузничката и Општоевропската војна, мартириологија која македонскиот народ храбро ја поднесе и со ретко самоодрекување до последен момент...

Илинденското востание покажа дека македонското прашање не е одделно, изолирано прашање, дека тоа не ниту чисто бугарско ниту српско или грчко, а најмалку балканско прашање, дека тоа не е така лесно за разрешување, туку дека е многу сложено и комплицирано и, следствено, дека ќе треба да се бара едно радикално разрешување со сопствени методи и средства на борбата, какви што бараат новите локални и општобалкански услови, толку променети од новосоздадената положба, откако на дело се виде дека решенијата на Берлинскиот конгрес, особено тие што се однесуваа на Македонија и Ерменија - чл. 23 и 61 од договорот - беа фрлени во прашината на архивите и секогаш заборавани. Истовремено, Илинденското востание како кај балканското, така и кај европското општествени мислење, па и кај европските меродавни кругови постигна таков ефект, што сите заинтересирани официјални и неофицијални кругови живо се заинтерсираа и се активира голем дел од дипломатскиот апарат. Ноти, протести, заемни преговори, проекти за

реформи во Отоманската империја, со единствена цел да се зачува статус-квото и да се избегнат секакви компликации, што можеа да предизвикаат војна на Балканот, чии последици не можеше никој да ги предвиди. Освен тоа, се заостри натпреварот, соперништвото главно меѓу трите балкански држави - Бугарија, Србија и Грција - која да ја заземе Македонија или еден поголем или помал дел од неа за да има или да ја обезбеди својата идна хегемонија на Балканот.

Бугарија пројавуваше претензии врз Македонија потпирајќи се на преовладувачкиот бугарски карактер на нејзиното население. Исто Србија обрна особено внимание спрема Македонија, откако заземањето на Босна и Херцеговина од Австрија ја лиши од секакво проширување на запад. И одамна преземенатa пропаганда во Македонија преку цркви и училишта пропагираше дека мнозинството во Македонија припаѓа на Србите. Во исто време и Грците, темелејќи ги своите права првенствено на Византиската империја и владејачката улога на нејзината црква - Патријаршијата - исто така, полагаа право врз Македонија. Така, Македонија стана суштинско јаболко на раздор меѓу балканските држави и арена на борби меѓу нивните приврзаници и клиенти во самата Македонија, што тие ги снабдуваа со пари, агитатори, попови, учители, оружје и на крај со чети, кои почнаа да се борат една со друга, а со тоа и приврзаниците - одделни лица и цели села - од спротивната страна. Султанското раководство токму тоа го чекаше. Таа ситуација му даваше можност, согласно принципот прво смирување, па „реформи", да ги избегне задолженијата од „Европа" во 1878 г. (чл. 23 од Берлинскиот договор), да даде „реформи" во интерес на оставеното под негова власт христијанско население и почна со свирепи репресии против „немирните", систематско спротивставување на муслиманите со христијаните и една христијанска народност со друга, со погроми, измачувања и да го заострува самоволиeто на административно-полицискиот апарат, уште повеќе да го засили, зацврсти својот јарем. Македонското прашање се закануваше да предизвика отворен судир меѓу балканските држави и да се издигне над тоа Источно прашање, во кој, пак, се криеше опасност од една евентуална европска војна.

Големите држави не сакаа Македонија да се издигне, издвои во одделна, самостојна држава. Русија сакаше само да ослабе Турција, откако ќе остане без Македонија, но само во интерес на Бугарија, која била под нејзино покровителство. А, пак, Австрија (а со неа и Германија) не го сакаа слабеењето на Турција, што би значело засилување и во полза на политичките интереси на Русија, засилување на Бугарија (русофилска) или австрофилска Србија. Англија, најпосле, долго се колебаше меѓу „руската" политика на своите либерали и „австриската" на конзервативците, спроведувајќи ја фактички втората сè додека во почетокот на XX век

таа веќе делумно не мина кон руската позиција. Како резултат на тие противречности, Европа можеше само платонски да го изразува своето сочувство кон угнетените националности во Македонија, да ѝ испраќа на Високата порта проекти и проекти за реформи, да води долги преговори без каков и да е резултат...

И едвај во мај 1904 г. започна ефикасното спроведување на европската контрола во Македонија. Беа назначени двајца цивилни агенти - чиновници од конзулска кариера, Демерик, руски конзул во Бејрут, и фон Милер, бивш австриски конзул во Одеса - како соработници на главниот инспектор Хилми паша. Но, не изгледаше дека ниту едниот ниту другиот ја имаат потребната волја за да се наметнат на ориенталната итрина на Хилми паша и кога започна спроведувањето на реформите, во од се пушти приказната во европските средини дека главниот инспектор ги ставил в џеб двајцата свои советници. Многу веројатно е дека подмолното ривалство на двете најзаинтересирани сили, различните нивни интереси и политиката на Русија на Исток, која често беше без директна и јасна насока, понекогаш ги отежнуваа заедничките дејства на цивилните агенти.

За реформирање на жандармеријата беа назначени европски - по петмина од секоја држава - офицери на чело со генерал Де Џорџис, италијанец, непристрасен, многу активен и водејќи сметка за сè, тој можеше да предизвика респект кај Турците и да ја стекне довербата на локалното население. Долгите преговори и многуте разменети ноти меѓу Високата порта и агентите на Големите сили заврши со постигнување согласност кон крајот на март 1904 г. Турското раководство дозволи назначување на други офицери, чиј број, меѓутоа, не можеше да надмине 25, по петмина од секоја голема сила, и кои требаше да се ограничат во службата само како инспектори и инструктори. Сите обиди да им се дозволи, дури и директно командување на жандармериските единици, пропаднаа пред спротивставувањето на Турците.[188]

Тешката и резултатски недоволната борба на Револуционерната организација против вооружените пропаганди има свое објаснување во коренитата разлика во објективните и субјективните услови во кои дејствуваат завојуваните страни.

Организацијата е, пред сè, спротивставена на турските сили, која си поставила за цел пропаѓање на турскиот режим, додека пропагандите

---

[188] Австро-Унгарија го побара, како што сакаше, Скопскиот санџак, а Русија, Солунскиот. Италија ги доби Битолскиот и Косовскиот, кои граничат со Албанија, и подоцна, исто така, санџакот Серфиџе. Англија и Франција немаа посебни барања. Првата го доби малиот санџак Драма, а Франција го зема Серскиот (Од „Педесет години балканска историја“, Л. Ламуш, стр. 28-30).

се спротивставени на бугарските сили. Токму така гледа на завојуваните страни и турското раководство. За него, пропагандите се јавуваат како природни сојузници против општиот непријател и тоа има интерес да им откажува секаква поддршка. Истиот однос спрема завојуваните го има и муслиманското население. Тоа се радува што неверниците заемно се унифицираат, но ги има сите основи како најсилна да ја наведува бугарската, јавниот непријател кој се бунтува и ги поткопува основите на неговото владеење. Бугарската чета, што треба да се сретне со андртски (грчки) или српски комити, е должна да води многу повеќе сметка, отколку противникот за мешањето на војската и башибозукот. Дури и правосудството не еднакво за завојуваните: бугарските револуционери се судат од вонредни судови, а нивните противници од редовни.

Друга предност на вооружените пропаганди е што нивната дејност никогаш и никаде нема недостиг од средства. Зад нив стојат државните каси на Грција и на Србија, додека Организацијата никогаш не располагала со сигурни и постојани извори, соодветно на потребите и нејзините задачи. За другите потреби-организирање на чети, атентати и друго-таа е принудена да пронајде средства на други најразлични начини, честопати поврзани со ризици и жртви. Недостигот од средства е една од причините поради која таа не може да ги употреби сите сили во борбата против вооружените непријатели од север и од југ. Организацијата сама зимаше од народот, кога пропагандите само даваа - за плати, за поткупи, за храна и други потреби.[189] Располагањето со средства беше една од предностите во агитацијата на непријателите, кои појавувајќи се меѓу едно туѓо за нив население сакаа да го привлечат не само преку терор, туку и преку сјајот на своето злато. Организацијата немаше потреба од предноста на златото. Како рожба на ослободителните копнежи на народот, таа самата се чувствуваше и дејствуваше дома и служењето за плата би ја нарушило светоста на народниот идеал. За неа и за народот, ослободителната борба беше доброволна обврска, што без сомнение тежеше врз сиромашното население и со давачки и со ризици. Со тој, честопати необично тежок товар, имено, шпекулираа пропагандите, спротивставувајќи му се со својата дарежливост. И шпекулациите не останувaа без резултати, особено во крајно сиромашните, па и неопитните области, како Поречието или во места каде постоеше незадоволство од злоупотребата на војводската власт.

---

[189] Еве едно српско признание и тоа доста директно: „Додека бугарските чети земаа од селаните големи даноци за македонското ослободително дело, и по селата јадеа и пиеја барајќи повеќе, отколку турските јаничари, и не плаќаа никаде и никогаш за тоа што го јадат, пијат и дури го носат со себе, нашите чети плаќаа сè во злато од средствата на нашата комитска организација", М. Миленовиќ - "Енциклопедија на Ст. Станоевиќ", стр. 147.

Пропагандите ја започнаа вооружената акција непосредно по востанието. Сè уште соочено со маки и разочарувања, со неутврдени сили, населението беше нападнато од христијански банди, кои дејствуваа под присмотра на благонаклонетата турска власт. Неорганизирано сè уште во доволна мерка и со загубен огромен дел од своето оружје, тоа не беше во состојба да се самоодбрани така како што можеше пред исклучителниот подвиг. Превртливвци од типот на Коте се ставија во служба на новите напаѓачи. Во околиите кои не настрадаа од востанието (Еницевардарско, Воденско и др.) и ја зачуваа непоткината Организацијата, вооружените пропаганди наидоа на многу посилен отпор и се засилија многу подоцна.

Една друга техничка предност на пропагандите е што нивните чети можат да се движат пoслободно и да ги преземаат со посугестивни сили нападите против селата. Обратно, редовните чети на Организацијата имаа малуброен состав и не се така слободни во своите движења. Тие не можат да се служат толку лесно и со муницијата, како што можеа пред востанието, бидејќи сега Турците го усовршија системот на следење -изградени се многу воени и жандармериски станици обезбедени со телефонски линии, формираните од Хилми паша „летечки одреди“ (авџии-табурлари) деноноќ но патролираат, а штом некаде забележат пушки, се опколува не само местото, туку и околните бугарски села.

Македонските комитети во Атина и Белград, кои ги организираат и раководат четите, се послушни органи на надлежните влади - грчката и српската. Таа зависност предизвикува извесна политичка нелагодност, но ги има своите несомнени предности од стратегиска и тактичка природа-целата четничка акција се командува од едно централно тело. Таа директна зависност на пропагандните чети од сопствените влади, првично негирана од грчките и српските официјални средини, се потврди со текот на четничката акција од редица убедливи факти и непорекливи документи. Револуционерната организација е нешто сосема друго.[190] Како самороден продукт на месните услови во Турција, таа води своја сопствена ослободителна политика, дејствува и говори од името на населението кое се бори за својата слобода. Прегрнувајќи ја цврсто автономијата на Македонија, таа поддржа односи со разни државни фактори, но не зависи од ниту една влада. Тој нејзин квалитет се признава не само од општественото мислење во Европа и Америка, туку и од владите кои дискретно, а понекогаш и официјално (како што е случајот со гроф

---

[190] Еве како Брајлсфорд ја карактеризира таа разлика: „Во суштинска Македонија, српската кауза е едно неприродно и без важност движење. Тоа постои ако Турците го поттикнуваат како одговор на застрашувачката бугарска пропаганда. Тоа српско движење не е ништо друго освен една чиста политичка пропаганда, формирана и плаќ ана од Белград, додека наспроти симпатиите од Софија, бугарскиот революционерен комитет е една чисто македонска организација“, Macedonia, стр. 23-24.

Ламсдорф за време на неговата посета на Софија кон крајот на 1902 г.) се среќаваат со нејзините раководители во внатрешноста или со задграничните претставници. Не само на времето, туку и сега грчките и српските историчари и енциклопедисти ја претставуваат Внатрешната организација како орган на софиското раководство, затворајќи ги очите пред несоборливите докази на спротивното, како што се фанатичната борба на Внатрешната организација против врховизмот и Илинденското востание, објавено во најјугозападната македонска област, според силата на едно конгресно решение, донесено на самото место, без претходна[191] согласност и одобрување на управителите на Кнежевството.

Со ревносната заштита на својата независност и со искрената приврзаност кон автономната идеја, Револуционерната организација ја стекна довербата и почитувањето на авторитетни странци како Брајлсфорд, Виктор Берар, Франсис Пресансе и уште многу други, доверба и сочувство, што не се колебаат од директно учество или жестоки активности на одделни нејзини следбеници. Нејзината борба против врховизмот, во која таа потроши толку енергија и која ја забави илинденската разврска, во основа беше борба за независност. Стремежот и убеденоста за целосна независност е исто еден од најважните елементи на идејниот раскол, што во текот на годините по востанието го урива нејзиното единство и го продлабочува јазот на фракционерството во нејзините редови. Вооружените пропаганди се сосема туѓи на слични идејни талкања и напорни меѓусебни односи. И додека тие дејствуваат со концентрирани напори и единствено раководство, Организацијата е ангажирана во спорови за преуредување и во нејзиниот врв се протнуваат според одредени формули и принципи, што е крајно несоодветно за едно време кога таа е повикана да се бори истовремено на три фронта. Во настанатата критична фаза, таа е лишена од најважниот услов за победнички отпор-од внатрешна кохезија и од единствен раководен центар.[192]

---

[191] Христо Силјанов, „Ослободителните броби на Македонија", стр. 127-130.

[192] Еден непосреден набљудувач на настаните во Македонија во време на опишаниот период, А. Рапопорд, бивш австриски конзул, помошник на цивилниот агент, ја дава следната праведна проценка, споредувајќи ја Револуционерната организација со вооружените пропаганди: „Никогаш македонската организација не се откажа од својата целосна слобода во однос на софиското раководство. Природно, во текот на трите војни таа води сметка за потребата од воена дисциплина, но таа тоа го стори како сојузничка, а не како потчинета. Во време на мир, таа независност беше уште поочигледна и треба да се напише цела нова историја на Бугарија за да се посочат многубројните фази на бугарско-македонските односи. Наспроти тоа природно чувство на национална солидарност, никогаш тие односи не биле толку тесни, какви што отсекогаш биле односите меѓу белградското и атинското раководство и нивните респективни пропаганди, кои дејствуваа во Македонија во последното време на отоманското владеење и порано. Додека акцијата на бугарските чети беше чисто одбранбена, таа на Србите и Грците беше напаѓачка, „Во областа на мачениците", стр. 62.

И така, борба на три фронта, а со врховизмот во Бугарија и на четири фронта, на четири страни!

Никогаш дотогаш Внатрешната револуционерна организација не била поставена пред таков испит, никогаш не била ставена во ситуација да манифестира толкава упорност, такво истоштување, такви истоштувачки напори, како во тој толку трагичен период, што продолжи 3-4 години, со една жестокост од двете страни - вооружените пропаганди и Организацијата, а згора на сè, истовремено и против вековниот угнетувач, турската монархистичка власт и феудализмот во државата. Никогаш дотогаш во Македонија не бил засилуван, заостruван толку многу религиозниот и национален антагонизам како во првите години по Илинденското востание. Сепак, Револуционерната организација, иако ослабена и доста деорганизирана, без доволно воени кадри и неопходно оружје, ја зачува својата целина, не капитулираше, па дури, така да се рече, фактички остана господар на ситуацијата. А тоа, неспорно, беше еден успех. Организацијата освен што се бореше и одговараше на секој напад, на секој палеж, на секој масовен колеж и тоа главно врз мирни, невини луѓе, жени, деца и старци по одделни села, одговараше и на сите убиства во градовите и тоа во големите, како Солун, Битола, Драма, Серес, каде беа убиени видни лица само затоа што се Бугари или Грци...

А истовремено со тоа, бробата против главниот непријател, турската власт, се водеше со најсилни напрегања и со една смелост, со едно самоодрекување, што е ретко во историјата на востаничките дејства на Балканот. Најкрасноречив доказ е судирот, што се случи кај врвот „Ножот" и кој во историјата на македонското национал-ослободително движење ќе остане како пример за повторување и поука на идните поколенија. Еве како го опишува Христо Силјанов во своето дело „Ослободителните борби на Македонија", во вториот том, стр. 533-539:

## Големата саможртва на „Ножовци"

Подготовките против пропагандите се вршеа со таква брзина што во новоформираните чети влегоа и луѓе незапознати со внатрешниот живот на Организацијата, а во четата на Тањо Николов* успеа да се провлече и еден српски агент.[193]

---

* Се однесува на војводата Тане Николов (1873-1947).

[193] Некој си Иван, дезертер од бугарската војска, избегал во Србија и се продал на тамошниот македонски комитет. Тој се враќа назад во Бугарија со мисија да го убие Т. Николов и други војводи. Во велешко, Иван се обидува да придобие и други четници за својот заговор, ветувајќи им богатство и почести во Србија, но беше предаден и обесен во присуство на целата чета и на многу селани во планината над с. Попадија.

Најнапред беа потпомогнати со воени сили и материјали пограничните околии, откако им се даде можност да го засилат отпорот против српските чети. Во однос на областа од другата страна на Вардар, беше планирано да се запре преземениот поход на Србите и да се нападнат двете нивни најважни бази, Азот и Поречието.

Прв се одзва на Бабуна планина, кон средината на април, Тањо Николов, со педесетина добро вооружени и екипирани момчиња. Неговото појавување внесе храброст меѓу тероризираното бугарско население, но истовремено предизвика и мобилизирање на сите платени органи на српската шпионска служба. Околу два месеци Т. Николов ги обиколува селата околу Клепата (југозападен дел на Велешката околија), во Прилепско и Мариовско. Но, наместо на српски чети, во Клепата тој на секој чекор се соочува со српски предавници и се наоѓа принуден да се справи со предавниците и да се чува од потерите. Во с. Никодим, делумно поминато на српска страна, Т. Николов ги свика селаните на собир и ги укори, зашто се откажале од својот род. Како одговор на тие укори стана раководителот и изрече зборови, што покажуваат до колкав степен беше исплашено населението во тие места и што го спречуваше да стави глава пред српските чети: „Што да правиме ние, селаните, кога и самите Турци ни велат - држете се со Бабунски*, станете Срби, за да го зачувате животот. Притоа, ние гледаме дека српските војводи се многу добри со Турците и штом Бабунски излезе од селото, аскерот влегува и обратно. Имало и случаи кога српската чета се среќава со аскерот, се поздравуваат и се разминуваат, без ниту еднаш да се судрат. Штом нашите чети се засилуваат и штом дојде Иван Алабакот, никогаш нема да бидеме србомани“.[194]

На 7 мај беа веќе стигнале од другата страна на Вардар две поголеми зборни чети, едната на Михаил Чаков, со педесетина души, определена за Велешко и другата на Хр. Цветанов**, составена од триесет души, од кои дваесетина костурчани, стари четници и млади момчиња, речиси врсници, жедни за одмазда за андартските бруталности во родниот крај,[195] а остатокот младинци од јужна Бугарија. Се очекуваше да пристигне со четата Иван Наумов Алабакот, па сите заедно да ѝ помогнат на „болната“

---

* Се однесува на велешкиот српски четнички војвода Јован Бабунски (1875-1920).

[194] Револуционерните борби во Азот (Велешко) и Поречието, Стефан Н. Аврамов, стр. 153.

** Се однесува на костурскиот војвода Христо Цветков (1877-1934).

[195] По првата блокада, Стефан Н. Аврамов, во веќе цитираната книга (стр. 155) пишува: „Српските четници, штом ќе видат дека четите на Организацијата го опколуваат селото, некои од нив практикуваат да се облечат во женска облека, други се кријат во однапред подготвени скривалишта, а трети се протнуваат меѓу говедата како говедари и се обидуваат да избегаат надвор од блокадата“.

прилепска околија, откако ќе ѝ се нанесе сериозен удар на српската пропаганда. Во врска со тој план отпорано беше дошол П. Ацев, прилепски околиски војвода и член на окружниот комитет, кој се движеше со Тањо Николов. Заедно со прилепската реонска чета на Мирчо Најдов* и со другите локални чети, со оформуваше една добро организирана и вооружена чета со околу 200 души четници. Потпомогнати и од милиција, зборните чети се дадоа на работа. Претресена беше целата Никодимска планина и во најгустите катчиња. На двапати, на 9 и 27 јуни, Никодим беше опколено, врз основа на секојдневни информации дека внатре се кријат српски чети, но и двете блокади завршија неуспешно.[196]

Јавно беше дека српските чети не сакаат да се изложуваат на отворени судири со својот главен противник, оставајќи ѝ го гонењето на царската војска. Тие дури не се обидоа да се послужат со својата омилена тактика, заседите, туку се ограничија на посигурно средство, да ја држат турската власт во Прилеп и Велес во тек со движењето и дејствата на бугарскиот непријател.

Собрани на Никодимската планина, војводите го разгледуваа прашањето за натамошното користење на заедничките сили против пропагандата, кога преку двајца падари добија соопштение од Прилеп дека силен одред авџии-табури, под водство на мајор Енвер бег, се упатил кон Никодим за да ја пресретне собраната чета. Курир од с. Витолишта донесе детали за движењето на Енверовиот одред, а емисари од Тројаци и Топлица соопштија дека и други силни воени одделенија се пратени од Мариовско. Пристигнаа сведоштва за раздвижување на војски и оттај Велес и Тиквеш. Уште пред тие информации, силите на зборната чета беа распоредени на следниот начин: едно одделение од 40 души ги заземаше височите над с. Никодим; главните сили од стотина души го држеа засолништето меѓу Никодим и Попадија, наречено Пештерата, како и составниот дел од засолништето Попадиска чука; костурската чета и дел од четите на Чаков и Мицко Најдов, вкупно 45 души, се поставија над карпата „Ножот“, над с. Ракле; две групи, предводени од локалните војводи Секула Ореовдолски и Велко Попадиски, беа задолжени за храната на врвот Јасенова глава, меѓу селата Никодим и Владиловци. Собрани вечерта на 30 јуни на последно советување, војводите ја разгледуваа ситуацијата. Тие сè уште имаа можност да го избегнат опкружувањето, преку ноќ да се извлечат кон Мариовските гори или кон Тиквешко. Такво беше и мислењето на Прилепскиот околиски комитет, проследено со писмо од прилепските

---

* Се однесува на прилепскиот реонски војвода Мирчо Најденов (1878-1917).

[196] Грчката вооружена пропаганда се прошири главно во Битолскиот и Солунскиот вилает, а најголеми штети, убиства, пожари, колежи се случија особено во Костурско.

курири. Меѓутоа, преценувајќи си ја силата, дотолку повеќе што во секој момент се очекуваше да пристигне и Алабаковата чета од 50 души, и водејќи сметка за впечатокот меѓу народот, ако заземените позиции бидат напуштени без борба, војводите се решија за судир и Тањо Николов, војводата со највисок воен чин, постар подофицер, го назначија за главен командант. Обиколувајќи ги уште веднаш распоредените чети, советот ги даде и последните наредби од кои најважната беше - да се напушти позицијата на „Ножот", како изолирана и изложена на опкружување, и на „ножовци" веднаш да им се соопшти да се повлечат кон главното јадро, а ако тоа се покаже како невозможно, тогаш да се повлечат кон Градиште (дел од Никодимската планина).

Се зазори. Војводите со стиснато срце го очекуваат повлекувањето на „ножовци", но напразно: „Ножовци" стојат на своите места наспроти приближувањето на аскерот кон с. Ракле. Зошто? Дали затоа што наредбата на војводите им била пренесена од двајцата курири не веднаш, т.е. вечерта, туку пред зори, кога тоа веќе не било можно, како што вели П. Ацев во своите белешки, или зашто не сакале да го напуштат „Ножот" заедно со куририте, кои сепак успеале да се вратат во главното јадро? Ние, заедно со Ст. Н. Аврамов, го прифаќаме второто. Останати без своите војводи Хр. Цветанов, М. Ганов* и М. Најдов поради последното советување на војводите, кои заедно со останатите војводи го очекувале пристигнувањето на своите чети, сите момчиња на „Ножот" се заразија од безумниот восхит на неколку бујни глави[197] и решија едногласно да останат каде што се и до последен човек да ги бранат позициите, колку и да се непроодни.[198]

---

* Веројатно се однесува на војводата Михаил Чаков.

[197] Најбујните меѓу нив беа Атанас Попов од с. Шиштево (Костурско), 19-годишно момче, Петко Којчев од Панаѓуриште, оставен од војводата да стражари во четата, Трендафил Атанасов Думбалаков од с. Сухо (Солунско), брат на офицерот револуционер Атанасов, кој самиот го напуштил военото училиште за да и се придружи на костурската чета, и други.

[198] Еве како е опишан тој драматичен момент од Ст. Аврампов (стр.160): „Кога куририте ја предаваат наредбата на советот на војводите, Ат. Попов и Трен. Думбалков од името на костурчани им изјавуваат дека тие ја сметаа наредбата за неумесна и нереволуционерна и дека наспроти триилјадната непријателска орда, која од сите страни го опколува „Ножот", тие ќе ја прифатат борбата. Ќе им кажете на војводите дека тоа е конечна одлука на костурчани и дека тие ќе ја исполнат, дури и ако останат сами, презирајќи ги опасностите и ризикувајќи да умрат до последен. Зашто тие дојдоа тука да се борат, а не да отстапуваат.

Со тие зборови, силни и страшни, тие се збогуваат со куририте. Тие зборови, меѓутоа, при јавна поддршка од Петко Којчев и Најдо Арсов од с. Папрадишта (Азот) ги распламтуваат сите четници од другите чети. И среде трогателни прегратки и целивања, злокобната одлука ќе биде донесена еднодушно и едногласно од сите: Да влезат во борба, да умрат до последен, но да не му го отстапат на непријателот „Ножот". И сите засилено се зафаќаат со утврдување на позициите.

Појавувањето на непријателот од правец на Ракле ја принуди главната команда да ѝ нареди на стражата да се повлече. Но, во тој момент друг аскер се зададе од исток и стражата отвори оган врз него. Со тоа започна прочуената битка на 1/14 јули 1907 г., најкрвавата и најепичната битка по Илинденското востание.

Сонцето се подаде под Мрзен-Ореовскиот рид, навестувајќи јасен и топол ден. Во тој момент „ножовци" ја пресретнаа со стрелба непријателската претходница. Војската се стаписа назад. Четниците горе пееја и најголемиот дел од нив го заземаа самиот врв. Друг дел, меѓутоа, 18 души, се поставија на североисточната падина на „Ножот", без да обрнат внимание на тоа дека странично има и повисоки падини. Воочувајќи ја грешката, тие потоа се помачија да ја поправат, но беше доцна: при секое раздвижување, тие влегуваа во вкрстен оган на непријателот, поставен веќе по соседните висови. Положбата им се отежнуваше и од тоа што локацијата не им дозволуваше на нивните другари од врвот да набљудуваат што се случува на падините. Но, решени да загинат, веќе ништо не можеше да ги поколеба, се бореа со натчовечки напори.

Четите од главнината, предупредени од истрелите на стражата, се упатија да ги заземат позициите. Тежиштето се префрли спрема засолништето Пештера, како и една турска патрола, со таа разлика што додека војската се симнуваше, четниците требаше да се искачат нагоре. Тоа повлекување на брзина беше од суштинско значење за борбата, беше изведено од четниците, благодарение на прилепскиот реонски војвода Мирчо Најдов. Ѓаволски пргав, снаодлив и бестрашен, Мирчо отрча, ја превари потерата и прв стигна на највисоката точка. Без да одмори, тој веднаш отвори оган, легна мртов еден војник и ја одби целата патрола, стигната на дваесетина чекори од врвот. Војниците се сокрија зад една карпа до самото тело на својот другар. Ситуацијата беше спасена. Главнината на турската патрола се повлече назад, залегна на неколку стотина чекори и отвори оган за да го олесни повлекувањето на затскриените зад карпата војници. Борбата натаму се разви правилно. Тањо Николов, поставен со едно одделение на Мирчовата позиција, почна со главното командување.

Откај „Ножот" и Никодим постојано се пукаше. Збунувачки, главната команда со трубата го даде сигналот „штедете ги патроните". И од двете места одговорот беше со ура: сигналот беше разбран. Стрелбата се проретчи.

Никодимската група, испратена во задннината на непријателот, наиде на турска заседа, но наместо да се врати назад, по патот за Јасенова глава се сретна со друг аскер. Понатаму, под самиот врв на Јасенова глава, четничката патрола пресретната со плотуни, се извлече кон североисточната падина на Јасенова глава и влезе во судир со војска поставена на удобни позиции. Тука загинаа десет души од патролата.

Сонцето застанато над планините, што се тресеа од плотуни, немилосрдно ги печеше судрените учесниците во судирите. За да ја задоволат страшната жед, некои момчиња се симнуваат под Пештерата по вода, но оганот од попадискиот аскер ги враќа назад.

За инает на пеколниот тек, за инает и на смртта, која ненаситна на жртви денес дебне од сите страни, пред Мирчовата позиција се води страотна спортска игра. Целна точка на играчите е пушката на убиениот турски војник. Едно храбро момче од четата на Алабакот направи, под дожд од непријателски куршуми, десетина чекори и само што посегна по маузерката, се струполи со парчосан череп врз сопствената пушка, до самиот војник. Сега самиот Мирчо се подаде напред за да ја прибере маликерата на убиениот четник, но нешто го чепна по вратот и тој се врати назад. Додека Мирчо беше зафатен со преврзување на својата рака, трет четник се соблазни од маузерката, но и тој беше лесно ранет. Тогаш Тањо Николов ја забрани опасната игра. Војникот и четникот, помирени во смртта, беа оставени на мира да лежат еден крај друг. Играта продолжи меѓу нивните живи другари.

На „Ножот“ борбата продолжуваше со несмален интензитет. Одвреме-навреме стрелбата се вжештуваше, експлодираа бомби и со експлозиите пристигнуваа отсечни звуци на воени песни. Четириесет и петмината рицари не чувствуваа жед, ни замор, надминувајќи ја преку внатрешниот оган неудобноста на позицијата и отсуството на искусен началник. За жал, акциите на „летачкиот одред“ беа раководени непосредно од Енвер бег, еден од најобразованите турски генералштабни офицери, познат по откривање на комити. Никаде досега воената слава не му се беше толку одблизу насмевнала и честољубивиот мајор по никоја цена не сакаше да ја пропушти!

Енвер сфати дека умеењето на комитите е несоодветно на нивниот хероизам и дека преку методично дејствување нивната позиција може да биде заземена пред да се стемни. До пладне тој беше успеал да ја опкружи целата височина, преку помошта што постојано му се праќаше. Решен прво да заврши со 18-мината на североисточната падина на „Ножот“, Енвер испрати една патрола во нивната заднина. Околу 4 часот откај североисточната падина на „Ножот“ се слушна беспоштеден повик „помош, помош„. Целосно исцрпени, со речиси сите потрошени патрони, 18-мината направија безнадежен обид да им се придружат на другарите на врвот. Но, штом ги напуштија рововите паднаа во вкрстен оган, жестоко стрелани и од тилот. За неколку минути тие беа до последен убиени на падината, под самата чука.

За напад на самиот врв, Енвер ја беше одбрал источната падина, најпогодна за искачување, а оставена без набљудувач од четата. Додека

еден одред се расправаше со 18-мината, Енвер, со силен оган врз северната падина, вршеше диверзија за да го одвлече вниманието на четниците од одбраниот за напад пункт. Маневрата успеа. За не повеќе од половина час, војската се провлече и се групираше на самата чука спроти нејзините северни остри карпи, подготвена за решителен напад. „Ножовци" неочекувано во својата заднина го видоа непријателот, ја видоа смртта и се подготвија да ја пресретнат како херои. Тие брзо се распределија така за да можат да стрелаат на сите страни, без да штедат веќе бомби и патрони. Нападот на непријателот откај северните остри карпи беше за извесно време спречен од многуте бомби, што експлодираа пред неговите редови. Аскерот искористи еден момент на затишје за да се фрли на нож против карпите. За „ножовци" тоа беше моментот на решената саможртва. Сите се дадоа на трескава работа. Додека едни го пружаа последниот отпор, други ги правеа неупотребливи пушките и уништуваа се што имаа вредно и корисно и потоа ги ставаа револверите на своите глави. Со експлозиите на последните бомби, нагоре полетаа и откинати делови од телата на последните „ножовци". Повеќе не се слушаа пушки. Само уште неколку истрели од револвери и на позицијата настана молк. Свеченото ветување дадено тоа утро од „ножовци" беше веќе исполнето.

Одеднаш чуката потемне од аскер. Војниците останаа вџашени од страшната глетка. До спокојните лица на убиените во текот на денот, сѐ уште се грчеа во конвулзии самозастреланите комити, со се уште свежа крв по челата, со телата во најразлични пози, откинати нозе, раце... Се најдоа, меѓутоа, и аскери, кои се дадоа на грабеж, измамени од облеката и обувките на убиените четници. Пристигна и мајорот. Се појави и италијанскиот жандармериски офицер Луци 1.) Безволно Енвер мина по бојното поле, скршен од виденото. Забележувајќи некои мародерствувачки војници, мајорот го вперил пиштолот во нив, ги укорил, а потоа му се обратил на аскерот:

- Никој не смее да се доближи и да ги осквернави хероите...Гледате ли како комитите ја презираат смртта?! Се борат и умираат како херои.

Три почесни плотуни беа истрелани, проследени со повиците „Алах, Алах"!

По тој витешки гест на победниците, турските сигналисти наредија молитва. Потоа се слушна трикратен поздрав за султанот:"Падишахам чок јаша"!

Преброени, се покажаа точно толку тела колку што тоа утро останаа четници на „Ножот", по заминувањето на куририте-45. Четириесет и пет витези на смртта, достојни соперници на солунските динамитчии.

Од подвигот на „ножовци" ни останал еден материјален спомен-фотографијата на убиените и самоубиените, поставени под самиот врв

на историската чука од италијанскиот офицер Луци. Вдахновени поети и живописци способни да ја репродуцираат во уметничка форма и написи прекрасната саможртва на 45-мината, сè уште не се појавиле.

* * *

„Ножот“ бил разрешен, Енвер ги испратил сите резервни сили против главнината.

Поради пресечената месност, војската може да се доближи на 500-800 чекори до некои од четничките позиции. Четите го издржаа напорот и ги одбија нападите. Само четата на Јасенова глава, ненадејно нападната од новодојден аскер откај Смиловци, отстапил кон врвот Белак. Оставените шест момчиња за да го олеснат отстапувањето на другарите, загинаа на позициите.

Еден турски одред се симна од височината до Пападиската Река, со цел да го пресече единствениот пат за повлекување, што ѝ преостануваше на четата од исток. Таа информација внесе несигурност меѓу судрените групи, но не за долго. Михаил Чаков, кој уште претходно се симнал до Пападиската Река, задолжен од главната команда да ја крене милицијата од с. Подлес и да се појави во заднината на непријателот, го пресретна тој одред, го разби и го испрати во бегство.

Предолг беше тој ден, но и тој има крај. Спасувачка темнина ја обви Пештерата и четничките групи внимателно почнаа да се симнуваат од своите позиции. Сега ги чекаше целовечерен поход за да ги прикријат трагите. Првата станица им беше Фариш. Селаните ги прегрнуваа радосни што ги гледаат војводите живи и здрави. Во селото штотуку беше поставен тиквешкиот аскер, но тоа не ги спречи надвор да ги пречекаат четите и да им принесат храна во изобилство. Од Фариш, четите се упатија кон Мрамор. И во тоа село ги пречекаа, исто така, воодушевено. Тука ги оставија ранетите и болните. Ама и здравите беа до тој степен изнемоштени што требаше мраморската полиција да ѝ се придружи понатаму на патролната служба.

Тоа беше врвулица од сенки, што се движеше по инерција-пишува П. Ацев. Спиеја и одеа. Дури ни водата на Топличката Река не можеше да не освежи. Можеше, меѓутоа, да има почести одмори. Но, сите заспиваа, па со клоци требаше да се будат и да се прави проверка. Од село Кесендре донесоа пресно млеко, варено месо, ракија и леб, но луѓето беа жедни само за сон. Во таа состојба и најхрабрите можат лесно да загинат. Другиот ден Пештерата одново се огласи со пукотници. Таа борба се води во уште понерамноправни услови: четниците беа само четворица, а за позиција им служеше една плевна. Тие беа дел од четата, што вчера се судри на

Јасенова глава. Отсечени при повлекувањето од другарите, тие се изгубија во горатa и скитаа цела ноќ. Ги раздени под Пештерата и се сокрија во една плевна. Војската, останата да го пребара местото на вчерашните судири, ги откри. На повикот да се предадат, тие одговорија со стрелба. Аскерот се вжешти, но долго време беше држен на растојание. Најпосле, плевната беше запалена и четворицата херојски загинаа, како и 45-мината кај „Ножот". Двајца излегоа со поставени бајонети против непријателот и паднаа борејќи се. Другите двајца, ранети, не можеа да ги следат и живи изгореа во запалената плевна.

Има и двајца живи заробени. Едниот бил момче заборавено во Попадиските лозја, бил пронајден од тиквешкиот аскер и однесен во Кавадарци. Друг еден четник, ноќта избеган од четата, по судирите бил закован, а неколку дена подоцна бил однесен во Велес и обесен. И така, зборната чета загуби, само како убиени, 67 души, т.е. една четвртина од својот состав.

Ниту еден друг судир не предизвикал толку многу препирки и обвинувања меѓу одделните началници. Со години се спореше за одговорноста на раководството за судбината на 45-мината.

Сите критики се целосно или делумно точни. Што се однесува посебно до „ножовци", основната вина за нивната погибија лежи во робијата-мајка на револуцијата, која, пак, според свој редослед, може да престраши и такви горди души кои копнеат за подвиг и саможртва. Четириесет и петмината изгореа во разгорениот оган на сопствената љубов кон поробената македонска татковина".

Навистина, како за време на Илинденското востание, така и по неколкугодишната борба, како против турската власт, така и против туѓата, српска и грчка, вооружена пропаганда, Внатрешната револуционерна организација не можеше да ја земе власта. Но, со својата продолжена, упорна борба против турската тиранија, таа, а следствено и Македонија ја стекнаа својата морална победа!

Целата 1907 и дел од 1908 г. минаа во непрекинати кратки судири, често и отворени униформирани борби со учество на туѓите вооружени пропаганди и турската војска и жандармерија. Истовремено со тоа, се одржаа и посебните окружни конгреси, со цел да се пронајдат начини и можности за нова реорганизација, земајќи ги предвид искуствата и поуките од дотогашната борба. Најпрво се одржа Прилепскиот, а по него Солунскиот, Серскиот и Скопскиот окружни конгреси за да завршат со историскиот Рилски конгрес (1905 г.). Таму се собраа „корифеите на македонската револуционерна мисла", што востанието и настаните што следеа ги оддалечија едни од други и ги поделија на табори, главно два: десница и левица.

Навистина, Рилскиот конгрес донесе едно примирје, но тоа беше привидно. Двата непријателски табори се оформија и почнаа да се прогонуваат.

Кон крајот на 1907 г. беа убиени Борис Сарафов и Иван Гарванов од лицето Тодор Паница, испратено од Јане Сандански специјално за таа цел во Софија. Тој настан уште повеќе ги разгоре страстите и разногласијата сѐ повеќе и повеќе се зголемуваа. Речиси сите мислеа дека и во Организацијата има хаос, што ќе предизвика други уште потрагични настани...

Во Македонија борбата продолжуваше. Речиси во секоја околија се случуваа кратки или отворени судири, палежи, убиства, дури и цели колежи... Се создаде една опасна ситуација и немаше никаква сигурност за животот на граѓаните како по селата, така и по градовите. Убиствата во големите градови дури се случуваа едно по друго. Затворите се преполнија. И сите беа во исчекување да видат што ќе се случи понатаму. А беше се одржала и средбата на двајцата императори, на рускиот и на англискиот, во Равел, каде се изработи и една програма за посериозни реформи-се визираше една прикриена автономија на Македонија во границите на Отоманската империја. Сите беа во очекување на важни настани.

Но, се случи друг настан, што речиси никој дури ни не претпоставуваше дека може да се случи и кој изненади и осуди многумина-младотурскиот воен преврат во јули 1908 г. Со тоа се затвори првиот херојски или како што уште го нарекуваат, романтичен период на македонското ослободително движење.

Младотурскиот комитет „Обединување и напредок" (Итихад ве тереки), единствената опозиција на султанот Хамид, со години егзистираше со центар во Париз, каде издаваше свој весник и од таму ја ширеше својата пропаганда во одделните провинции во Империјата. Во него влегуваа повеќе млади офицери, кои воените науки ги завршиле во Западна Европа и беа вдахновени со слободољубиви идеи.

При создадената хаотична ситуација во Турција, Англија не се откажа од својот проект да воспостави во Македонија еден систем, поцелосен и поефикасен за реформите, уште повеќе што изгледаше дека пријателските врски меѓу Русија и Англија даваат големи надежи за нивна реализација. Тоа се докажа и на средбата во Равел меѓу двајцата императори и со морската демонстрација пред островите Митилин и Лесбос (5.12.1907 г.).

„Младотурците, повеќето офицери, а покрај нив и други лица турски општественици, го чувствуваа понижувањето на нивната држава од наметнувањето на странците. Тие разбраа дека таа ситуација се должи на егоистичното и тиранско управување на Абдул Хамид и имаа доста законски причини да се брануваат и негодуваат против таквата положба. Познавајќи ја повеќе или помалку историјата на својата татковина, тие претчувствуваа

дека ако тој режим на лоша администрација и неинтелигентност продолжи, ќе следат нови откинувања од територијата, што ќе доведат до целосно уништување на државата. Таа организација, потхранувана од тајните комитети од почетокот на 19 век, во Солун пронајде една доста добра почва поради лесните врски со Запад, присуството на голем број евреи, во мнозинство образовани и желни за прогрес, макар и искрено да беа поврзани со Турција-нивната втора татковина-како и влијанието во официјалниот живот на дгонметите, многу повеќе расположени поради потеклото од отоманските Турци кон западните идеи.

Организацијата и дејноста на христијанските револуционерни комитети, особено на бугарските, беше исто еден пример и еден поттик.

Комитетот „Обединување и напредок" беше во контакт со образованите Турци, кои живееја во странство. Тие имаа исто групи, распространети речиси во сите поголеми градови во империјата. Меѓу нивните соработници фигурираа, покрај муслиманите, многу Евреи и некои други христијани, повеќето Ерменци... Но, образованите Турци, излезени од училиштата, беа душата на движењето.

Новите предлози на Англија, со кои во Равел (9 и 10 јуни 1908 г.) се согласи и Русија и со тоа беше ставен крај на непријателствата и ривалството, што дотогаш ја заштитуваа Европска Турција од московската опасност, ги принудија младотурците кон средината на 1908 г. да стапат во акција. Младотурскиот преврат се случи на еден многу оригинален начин. Уште во почетокот на јули се случија неколку мистериозни, таинствени убиства на видни официјални лица, верни на султанот Абдул Хамид. Најпрво во Солун беше убиен еден висок офицер. По неколку дена, еден оџа и неколку високи офицери, познати по врските со дворецот во Солун, Серес и Битола.

На 6 јули, мајор Нијази бег, на чело на еден полк формиран од една дружина од пешадија и од граѓани, замина во планините. Тоа се случи во Ресен. Нијази, родум од Ресен, ги имитираше во случајот своите сограѓани бугарите и како и тие се прогласи за нелегитимен. Неговите дружини брзо се зголемија и го формираа националниот легион (милие алај). На 7 истиот месец, генерал Шемси паша, командант на 18 дивизија, беше убиен во Битола во моментот кога излегувал од тамошната станица. Околу 20 јули, капетан Енвер бег, на служба во штабот на главниот инспектор за реформите и еден од главните водачи на младотурското движење, му се придружи на Нијази бег. Акциите на заговорниците беа олеснети од соработката на еден голем чиновник во Солун, доста интелигентен и енергичен - Талат бег, кој потоа стана еден од градителите на слободна Турција. Тој успеал да дојде до шифрите употребувани во кореспонденцијата на дворецот со властите во провинциите, со што навремено ги информирал своите другари за одлуките на султанот.

Без да може да даде точна оценка за тоа што се случува во државата, раководството почна да презема некои мерки за заштита. Многу лесно беше да се разбере дека на војските до Македонија не може да се смета. Битолскиот гарнизон беше востанал и тоа го прогласи Нијази бег, по убиството на Шемси паша. Три од „летечките одреди“, формирани неодамна за гонење на четниците и командувани од офицерската елита, беа меѓу последните придобиени во движењето.

Впрочем, беше дадена наредба за мобилизирање на 30 дружини од резервите во Азија, за да бидат испратени во Солун. Првите дружини, тие од Смирненската дивизија , почнаа да пристигнуваат на 14 јули. На војниците им било кажано дека Турција била нападната од непријателска држава. Но, смирненскиот и соседните гарнизони беа полни со офицери, приврзани кон демократските идеи. Тој град заедно со Ерзерум беа главните центри на младотурските агитации во Азија...

Тие храбри азиски селани, истргнати од нивите и од семејствата, кои претходно истерале долга воена служба, природно беа обземени од незадоволство и поради тоа лесно потпаднаа пред пропагандата. Така, многу од дружините пристигнати во Солун, одбија да заминат. Тие, пак, што успеаја да ги испратат во Битола, изјавија дека нема да се борат против сонародниците. Некои од нив откажаа каква било дислокација, дури и кога им рекоа да се вратат во нивните родни места.

Нијази бег со својот национален легион, го зазема целиот југоисточен дел на Битолскиот и Солунскиот вилает. Граѓанските власти и речиси целото население отворено беа на страната на востаниците. Дебарскиот муфтија, кој се спротивстави, беше убиен. Една од првите грижи на водачите на востанието беше да го убедат христијанското население за да ја придобијат неговата поддршка или најмалку благонаклонетост и неутралност на четниците и на Комитетот. Еден проглас испратен од Нијази бег до бугарското население во Охридската околија, декларираше дека движењето има за цел да ја подобри судбината на христијаните, на Турците, дека животот, имотот и правата на првите ќе бидат заштитени и под нивно покровителство, но оти четите треба да се воздржат од секакво насилство, зашто во спротивно, селата што ќе им дадат поддршка и помош, ќе бидат изложени на тешки репресии. Бугарските комитети, како и претставниците на религиозните општини, без да се ангажираат околу ефикасна заедничка акција, ја ветија својата неутралност и водачите на четите решија да престанат со сите свои дејства.

Вечерта на 22 јули, патниците пристигнати од Скопје раскажуваа дека во тој град била објавена конституцијата без никакви отпори и со согласност на воените и граѓанските власти. Рано утредента, во сите четврти на Солун беа залепени револуционерни плакати, потпишани од турскиот комитет

„Обединување и напредок“, во кои беа изложени злосторствата причинети на Турција од апсолутизмот во изминатите 32 години, главно губењето на многу провинции, крвавите борби меѓу различните народности, самоволните апсења и заточенијата. Во заклучокот се бараше воспоставувањето на конституцијата од 1876 г. и се повикуваа сите турски поданици во сојуз за доброто на заедничката татковина, а повикот завршуваше со зборовите: „Да живее слободата, да живее народот, да живее татковината“ (Јашасн хуриет, јашасн милет, јашасн ватан).

Преку ден се слушна глас дека конституцијата била свечено прогласена во присуство и со учество на властите и на војската во Серес и Битола. Околу 6 часот толпата го исполни плоштадот „Олимп“ во Солун, што не беше многу тешко. Тоа централно место на градот беше многу живо. Говори одржаа на сите јазици првенците на градот, високи чиновници и офицери. Тие се пречекуваа со ракоплескања и ентузијазам и со повици да живее конституцијата (јашасн мешрутиет), да живее слободата и др. Тој ден, може да се смета дека револуцијата во Солун заврши!? Целото население, без исклучок, ја манифестираше својата радост, непринудено, но исто и без возбуда и безредија.

Се ширеше глас дека ако султанот не отстапи пред барањата поставени од комитетот „Обединување и напредок“, еден дел од третиот армиски корпус бил подготвен да тргне кон Цариград. Најпосле, околу два часот изутрината, Хилми паша испрати телеграма во која се велеше: „Поради желбата изразена од народот и по наредба на неговото величество султанот, конституцијата објавена на 11/12 јули 1876 г., која беше одложена од познати причини, одново влегува во сила“.

Официјалното читање на тој документ се случи наредниот ден 11/24. VII изутрината. Церемонијата беше почеток на еден народен празник, каков што дотогаш навистина немало во Турција, забележителен како според својата спонтаност и ентузијазам, така и според одличниот ред и коректност, што не престанаа во текот на тие три дена народна радост. Ниту една возбуда ниту еден акт на одмазда не ја попречија.

Информацијата за воспоставувањето на конституцијата беше примена во цела Македонија со истата радост и спокојство. Насекаде се гледаа религиозните лица на различните општини, турски, бугарски, грчки, како се збратимуваат со ракоплескање на нивните сонародници. Четите, водени од своите војводи, ги напуштија планините и се симнаа во околиските центри каде братски беа примени од турските офицери. Солун дочека по улиците да се движат и да се одмараат по парковите најбележитите комити и андарти, кои само неколку недели пред тоа ја тероризираа околината...

Апсолутизмот се сруши без отпор и без некој да посака да го поддржи, како карпа само со надворешна цврстина, минирана во основата, која се

урива од малку посилен напор. Доволна беше волјата на неколку офицери да посочат на кревкоста на Хамидовата шарада. Султанот, од друга страна, кога виде дека играта е загубена, не се обиде да се спротивстави. Тој ги прифати барањата на Комитетот, што се однесуваа на разрешување на поголем дел од управувачките лица, распуштање на тајната полиција итн. Тој дури остави впечаток, што можеше да се смета и за итрост, која има за цел привремено да преживее и да си обезбеди иднина...

Во истото време кога требаше да се урне стариот режим на насилство и на корупција, револуцијата требаше да го замени со нов режим на слобода, еднаквост и праведност согласно девизата прифатена од Комитетот (хуриет, мусават, адалет). За жал, во политичките револуционерни движења често се случува нивните водечки дејци да сакаат најмногу за себе си да ги искористат принципите, без ни најмалку да се обеспокојат од нивната примена спрема другите. Од друга страна, либерализмот на младотурците бргу премина во чист краен национализам, што можеби беше карактеристика во активноста на младотурската револуција.[199]

Има лица кои и сега велат дека младотурците, главно офицери, извршија еден обичен воен преврат, а не револуција. Меѓутоа, праведноста бара да се признае дека тоа беше една буржоаско-демократска револуција извршена на турска почва. Демократска револуција, што младотурците ниту ја посакуваа, ниту пак фактички можеа до крај да ја изведат, било од неможност, било поради нивната неподготвеност и големата во секој поглед заостанатост на Отоманската империја, автократска, феудална и чисто милитаристичка држава, со едно застарено, надживеано од времето законодавство.

Младотурците речиси сè копираа од Западна Европа, главно од Франција. Уште првите месеци сакаа да видат една нова, обединета и неделива Турција по примерот на Франција по големата Француска револуција. Тие испуштаа од предвид дека националното единство на Франција се постигна едвај кон крајот на XVIII, откако се подготвуваше во период од 400 години и притоа беше резултат на една повисока култура, на социјален и економски развој, што тогаш го имаше Франција. Така што младотурците беа обземени не само од еден краен национализам, туку и од една грандоманија, што за кусо време ја доведе државата до катастрофа.

Во Турција доминираше раса со која новите господари сакаа да ги асимилираат сите останати националности од различно потекло, но таа немаше не само апсолутно, туку и релативно мнозинство во однос на другите народности: Арапи, Курди, Грци, Бугари, Албанци, Ерменци, Евреи и др. Желбите и напорите да се создаде една отоманска нација беа една

[199] Л. Ламуш, „Петнаесет години балканска историја“, стр. 45-50.

илузија, една суштинска утопија, зашто конкретната активност и реалност беше сосема поинаква.

Младотурската револуција беше прифатена многу добро од сите народи и националности во империјата. Сите со право и основано, по сите дадени ветувања од Комитетот „Обединување и напредок“, очекуваа посериозни, реални промени во сите области на животот, во духот на конституцијата и високо прокламираните принципи за слобода, братство и еднаквост. Посебно селското население во Македонија. Истоштено, особено во последните пет години на борби и безредие, сакаше одмор и беше подготвено да го прифати секој режим, што би му дозволил да работи во мир и би ја почитувал неговата народност.

Внатрешната организација, од друга страна, можеше да мисли дека дури ако новиот режим не го реализира целосно нејзиниот став „Македонија на Македонците“, сепак ќе дозволи воспоставување на еден систем на децентрализација, што ќе се базира врз праведно третирање на сите народности... Младотурците ја знаеја силата и влијанието на Организацијата и уште во првиот момент побараа поддршка и содејство од првите дејци во Организацијата. Во принцип, се постигна согласност и се поставија некои услови за кои во пракса требаше да се донесат брзи решенија и да бидат исполнети: конституциони гаранции за народносните права, употребата на месниот јазик во администрацијата и една широка автономија за одделните провинции - Сирија, Ерменија, Албанија, Македонија итн. А како главен и суштински услов беше да се разреши на практичен начин аграрното прашање, т.е. голем дел од безимотните селани да добијат земја, што ќе се земе од крупните земјовладетелски бегови и други и преку умерена преродба да се исплаќа во период од 20-25 години со гаранции на државата. Тоа беше, пред сè, во интерес на државата, а истовремено и на младотурските дејци, зашто само на тој начин ќе можеше да се стави крај на секакво натамошно револуционерно движење во Македонија, односно откако селаните ќе бидат задоволени, обезбедени со земја како сопственици или со владеење на помали или поголеми парцели на земја.

Борбата што се водеше толку години беше навистина национална, за духовно и политичко, национално ослободување, но таа беше и социјална, така како што и најобичните легални и нелегални дејци во Организацијата знаеја, сфаќаа, повеќе со своето национално чувство дека националното ропство е истовремено и економско ропство. Зашто, секогаш и секаде каде една владејачка нација или народ, владее друг, нему потчинет народ или нација, националното и социјалното прашање се преклопуваат. Сето тоа младотурците секогаш го игнорираа и не сакаа да го сторат не само поради нивниот турски менталитет, туку и како лица кои во никој случај не

можеа да се ослободат од некои религиозни и други максими и беа зависни, потчинети на крупните земјовладетели-беговите, дел кој фактички беше и фактор во самото управување на државата. Така, младотурците се појавија како младенци, без искуство, без доволно подготовка, а како офицери подготвувани за сосема друга работа, тие се зафатија со разрешување на редица деликатни надворешни и внатрешни, чисто политички прашања. И кажаа - А, без да имаат храброст да кажат и Б,В итн.

А, фактички, младотурскиот комитет беше единствениот со ништо неограничен фактор во управувањето на државата, кој по превратот и прокламирањето, воспоставувањето на Конституцијата нова Турција, и пред надворешниот, европски свет-дипломатијата и општественото мислење, стекна голем престиж. Уште во првиот момент сите веднаш се тргнаа на страна, во очекување да видат како ќе се развиваат работите во нова Турција. Младотурците од сето тоа уште повеќе се охрабрија и со нивниот зголемен патриотизам сакаа да ги воспостават реалните и имагинарните права на Турција врз тие провинции, што во многу беа речиси и дадени. Во официјалните годишни документи Бугарија, Источна Румелија, Босна, Кипар, Египет, дури и Тунис и Алжир постојано фигурираа како привилегирани провинции заедно со кнежевството Самос.

Во меѓувреме, се случија важни настани. Уште првите денови по превратот, Австро-Унгарија ја анексираше Босна и Херцеговина, а Бугарија ја објави својата независност која фактички постоеше и искористувајќи еден штрајк на Источните железници во Турција, таа ја окупира железничката патна линија Сарамбег-Хебивчево. Тоа предизвика уште поголема чувствителност како во Австрија, така и во Бугарија и особено во Турција. Односите се влошија и за малку беше избегнат отворен вооружен конфликт и со Австрија и со Бугарија, па дури и со Србија околу прашањето за Новопазарскиот санџак, откако Австрија се откажа од правото да држи евентуално гарнизони, што и го овозможуваше Берлинскиот договор. Паралелно со тоа, Крит посака да се обедини со Грција и по тој повод се создаде друг конфликт, без да ги сметаме скриените намери на Австрија во Албанија, која јавно ја протежираше и ја ставаше во контекст на заштита на Албанците католици, а подоцна аспирациите на Италија кон Триполитанија, Киренаика, па и Додеканезите...

Младотурците опиени од лесните успеси по воениот преврат, охрабрени од тоа што веднаш запреа сите борби како против државата, така и меѓу одделните националности, задоволни од општото спокојство во целата империја, не сфатија дека по секоја револуција автоматски се создава реакција, контра-револуција, заборавија на претпазливоста, особено меѓу сопствените сонародници - Турците.

Авторитетот на Комитетот „Обединување и напредок" изгледаше добро обезбеден, но неговите противници, старотурците, не беа разоружени. Тие

за сојузници ги имаа речиси сите турски духовници, кои го експлоатираа народот и војниците, беа фанатици, слепо приврзани кон традициите на исламот и ги користеа сите слабости и грешки направени од младотурците, кои често не сакаа да ги видат стремежите на духовниците и нивната желба да го преобратат отоманското законодавство во една смисла, што оџите ја сметаа можеби за совесна, но беше спротивна на учењето на исламот. Од друга страна, следбениците на Комитетот, самоуверени во својата сила, не преземаа никакви мерки против пропагандата на противниците. Така, од Солун во Цариград беа префрлени четири од ловџиските (летечки) дружини, целосно верни на револуцијата, кои околу Комитетот и парламентот требаше да претставуваат нешто како чувари на конституцијата. Меѓутоа, офицерите на тие дружини, по силата на една стара навика раширена во турската армија, немаа никаква морална врска со своите војници и не се грижеа за тоа што се случува во касарните. Во реалноста, најактивната пропаганда се водеше меѓу тие заштитници на конституцијата...

На 12/13.IV, војниците од IV-тата ловџиска дружина беа ја напуштиле касарната и минувајќи го мостот на Галата го заседе плоштадот пред зданието на Св. Софија, во кое заседаваше парламентот. Брзо пристигнала и пешадијата на гарнизонот со артилерија, а подоцна и еден голем број оџи и софти (ученици теолози муслимани).

Министрите, собрани на советување во Високата порта, се согласија да примат една делегација од востанатите, која побарала задоволување на офицерите излезени од училиштата, офицерите на војската ги обвинила како неверници и инсистирала на нивно враќање во касарните, потоа почитување на религиозните закони (шериетот), одобрување на движењето како такво, што имаше за цел просперитет и среќа на нацијата.

Ниту парламентот ниту владата не покажаа храброст во тој случај. Кабинетот, кој се најде во една конфузна ситуација и не се обиде да се спротивстави, поднесе оставка. Претседателот на парламентот Ахмед Риза го стори истото, а членовите на Комитетот се беа распрснале. Многумина од нив беа заминале за Солун за да организираат отпор. Парламентот ја прифати мирно промената и оставката на својот претседател...

Командант на третиот армиски корпус тогаш беше Махмуд Шефкет паша, еден од најспособните луѓе на современа Турција. По потекло арап, тој поседуваше еден решителен ум и манифестираше доследност во идеите, црта што најчесто недостасува кај Турците. Приврзан кон новиот режим, во кој гледаше единствено средство за спас на државата и за возобновување на воените сили, што беа систематски запоставувани од Абдул Хамид, тој остана верен на конституцијата и стана нејзин заштитник. Во согласност со Комитетот, тој реши со својот армиски корпус да тргне за

Цариград. Голем број доброволци, од кои многумина Евреи и христијани, и се придружи на војската. Цел еден легион од Македонци се формира под водство на познатиот војвода Јане Сандански и влезе во Цариград со војските на Махмуд Шефкет паша. Од 21 до 24 април војските од Солун не наидоа на отпор и ја заземаа престолнината.

На 27 истиот месец, сенатот и парламентот, собрани во народното собрание, на тајно заседание решија да го симнат султанот.[200]

По нивна наредба, Тех-јол-исламот состави една фетва (правно-теолошка консултација), која соопшти дека како последица на нарушените световни закони, султанот Абдул Хамид треба да биде детронизиран. Според наследниот ред, неговиот брат го замени под името Мехмед V, а Абдул Хамид уште истиот ден го напушти Цариград и беше однесен во Солун да живее во една специјална вила каде можеше најдобро да биде под присмотра. Комитетот „Обединување и напредок“ повторно стана господар на ситуацијата и продолжи да управува со државата.[201]

## Дејноста на младотурците и резултатот на нивната работа

Младотурците и по детронизирањето на султанот Абдул Хамид, обземени од еден националистички бес, како и во првите месеци по револуцијата, останаа мегаломани и продолжија со своето управување, без оглед на конкретната реалност создадена со текот на годините поради заостанатоста на Турција и внатрешните противречности.

Новиот султан имаше 63 години. Долготрајната изолираност, речиси заточен и под најстрога присмотра, го беше направила меланхоличен и срамежлив. Макар што по душа беше добар, тој не оставаше впечаток на каква и да е интелигентност. Се гледаше дека тој ќе биде едно послушно орудие во рацете на Комитетот.

Иако важеа за заштитници на конституцијата, водачите на партијата „Обединување и напредок“ многу малку се интересираа за неа, можеби затоа што во реалноста тие ги игнорираа вистинските принципи на конституциониот режим. Тие управуваа без контрола и без

[200] Имаше 278 народни претставници од кои само 44 беа христијани и 4 Евреи. Комитетот имаше мнозинство од 220 народни претставници, од кои многумина не беа муслимани или Турци. Од 57 сенатори, назначени од султанот, 13 беа христијани и двајца Евреи.

[201] Л. Ламуш, „Петнаесет години балканска историја“, стр. 60-62.

официјална одговорност. Власта, впрочем, беше целосно во рацете на Комитетот, потпрен на офицерите младотурци, кои станаа суштински фактор, напуштајќи ја привремено армијата за да заземат должности во граѓанската администрација како валии или мјутесарифи или останувајќи на своите позиции се занимаваа и со активна политика. Тоа навлегување на воени лица во политичкиот живот, подоцна неизбежно доведе до тешки последици...

Наредниот ден по револуцијата, некои востаници започнаа напади и врз европските мисии, чие присуство се сметаше за противречно на достоинството на возродена Турција. Турците се покажаа многу невоздржани и некои од органите на Комитетот дури декларираа дека нова Турција ќе ја прифати соработката на Западна Европа во развојот на отоманските институции и дека во иднина дури и ќе ја прошири. На крај, заинтересираните сили соопштија дека се подготвени да ги повлечат своите мисии. Турската влада, чиј шеф тогаш беше Хилми паша, кој можеше да ја процени услугата направена на Македонија од соработката на Европејците, го прифати отповикувањето на австриските и руските мисии, но побара задржување на француските, италијанските, англиските и германските офицери, како и на финансиските советници, чија должност подоцна требаше да се прошири врз целата империја. Сите офицери преминаа во турска служба и облекоа турски униформи. Тие беа испратени во различни реони, без разлика на населението.

Наспроти компетентноста и усилбите на европските советници, резултатите од нивната служба беа од мало значење, зашто персоналниот состав на различните служби беше недоволен, лошо подготвен и обземен од навиката за небрежност, неточност, мрзеливост, што станаа традиција во турското уредување.

Албанците не беа никако благонаклонети кон новиот режим. Отстранувањето на некои видни Албанци од опкружувањето на Абдул Хамид, распуштањето на албанскиот полк од гардата, чии војници, разоружани, беа испратени да работат по патиштата во Македонија, беа пречка за нивно приближување кон владата. Наспроти нивната вообичаена верност спрема султанот, тие можеа да ја прифатат конституцијата ако таа им беше донела реална полза, што тие можеа да ја очекуваат - целовитост на нивната област, извесна локална автономија базирана врз зачувување на нивните обичаи, право да зборуваат и пишуваат на свој јазик и да го употребуваат во административниот живот.

Изучувањето на албанскиот јазик и неговата употреба како литературен јазик навистина се практикуваше од католиците, зашто имаа поддршка од Австрија, но најстрого беа забранети за муслиманските Албанци. Надвор од црковните книги, предодредени за Гегите-католици,

никаква книга или весници не можеа да се издадат на албански на територијата на империјата и тие, што се издаваа во Софија, Букурешт или Виена, не можеа да проникнат освен на шверцуван начин.

Членовите на Комитетот во Албанците гледаа противници, што требаше да бидат отстранети со сила или да бидата застрашени. Уште кон крајот на 1908 г., една експедиција под команда на генерал Џавид паша ќе биде испратена во југоисточниот дел на Косовскиот вилает за да ги потсмири и разоружа видните водачи во тој крај. Џавид паша дејствуваше со сила и тоа на најбрутален начин во околиите Пеќ и Ѓаково (Ѓаковица), палеше села, ги уриваше кулите на беговите, а некаде вршеше и колеж врз населението, дури и на жени и деца.

Едно ново востание започна во пролетта 1910 г., во албанскиот дел на Косовскиот вилает. Во пролетта на 1911 г. се појави и ново движење во горна Албанија, најмногу меѓу католичките семејства од околината на Шкодра. Благодарение на благонаклонетоста на Црна Гора, која го дозволуваше превозот на оружје и муниција за востаниците, тие успешно можеа да им се спротивстават на турските сили сè додека не се вмеша Австрија и не ги сопре, искористувајќи го своето право на протекција на албанците католици, како и Русија, која посака да ја заштити Црна Гора од заплашувањата на Турција.

Во јули 1912 г., ново востание многу поопшто од претходните, го собра целото албанско население, кон кое се приклучија и извесни делови од гарнизоните во западните предели и особено тие од Косовскиот вилает. Тоа востание, избувнато во моменти на тешки политички околности поради војната со Италија, целосно ја збрка турската влада и ги олесни нападите на сојузничките балкански држави...

Внатрешната македонска организација, наспроти поканите, не се солидаризира со востанието на Албанците, зашто тие дејствуваа по сугестија на Австрија, а и самите Албанци имаа аспирации спрема дел од Македонија дури до Велес. Каква спогодба и да се постигнеше, Албанците дејствувајќи и поттикнувани од надвор, од Австрија, не ќе можеа да опстојат на своите ветувања...

Во продолжение на тие настани, се подготви специјален закон за разоружување на целото население во Албанија и во Македонија, особено во крајграничните зони. Законот влезе во сила и неговото спроведување беше доверено на специјални воени комисии, наречени дисциплински. Тие почнаа да го спроведуваат на еден брутален начин, служејќи се со груби репресивни мерки, со тепање и измачувања само и само да приберат какво и да е оружје.

Тие акции секогаш даваа можност за насилства и како последица постојани жалби од страна на населението. Всушност, разоружувањето

колку и да беше принципиелно, општо, тоа не беше реализирано, освен за албанските земји, Македонија и христијаните воопшто. Во многу места населението беше принудено да бега по планините или зад границата. Само во Бугарија пребегнаа повеќе од 3.000 души Македонци од пограничните околии, а некои беа принудени да купат пушки за да ѝ ги дадат на власта само за да се отарасат од тепањето и измачувањето.

Еден друг момент, уште поважен за обеспокојување на христијаните во Македонија, беше маџирското прашање. По анексијата на Босна и Херцеговина од Австрија, младотурците посакаа да го искористат незадоволството, доста неприродно, за да предизвикаат едно емиграционо движење кон отоманските земји, слично на тоа што се случи по 1878 г. во истиот реон и во Бугарија. Тие емигранти (маџири) требаше да бидат населени во Македонија во желба, отворено изразена, да можат да формираат во неа едно турско мнозинство.[202] Планот за населувањето беше изработен на таков начин што одржувајќи врски со постоечкото турско население, новодојдените требаше да формираат една непрекината верига, што, од друга страна, ќе ги разделува групите на христијанското население. Еден од највидните младотурци, лидер на младотурскиот комитет, д-р Назим беј, беше главниот поддржувач на тоа движење.

Тој обид обеспокојуваше и предизвика негодување кај македонското население поради многу причини. Познато е дека селаните од тој дел владееја многу малку сопствена земја, додека поголемиот дел работеа како земјоделци, кои дел од жетвата ја даваа како рента за користење на земјиштето или како земјоделски работници на имотите на беговите, големите земјовладетели и речиси сите Турци. Тие, впрочем, мислеа дека ако има слободна земја поправедно е да им ја дадат ним, отколку на туѓинци, а, од друга страна, стравуваа да не им ја одземат и таа што ја работеа и оти новодојдените, речиси очајни фанатици - кои инаку не би ги напуштиле нивните огништа каде немаа никаква причина да се жалат - ќе се дадат на насилства и на тој начин да ги доведат пред пропаст за да се населат на нивно место. Тоа, во крајна линија, и се случи во одделни места, уште повеќе што поради традиционалната небрежност на Турците, маџирите не наоѓаа ништо подготвено и природно беше да посегнат врз куќите, нивите и градините на христијаните.

Од сето тоа произлезе едно големо непокојство кај христијанското население, кое виде дека јасно се развива политиката на исламизам или подобро речено на Турцизмот. Иделозите на тоа движење - „Обединување

---

[202] Генерал Махмуд Мухтар паша во својата книга „Турција, Германија и Европа“, стр. 150, вели: Ќе се израдувам од масовното емигрирање на бугарското население во Бугарија, со надеж дека ќе бидат заменети тие бегалци со емигранти муслимани од Босна.

и напредок“ - ги сметаа, поради своите чувства, бошњаците како вистински Турци, иако и тие реално беа, според расата и јазикот, срби. Згора на тоа, воведувањето задолжителна воена служба за муслиманите уште повеќе ја зголеми недовербата и антипатијата на христијанските турски поданици спрема младотурскиот режим.

Различните законодавни мерки, непријателски за нетурското население, беа прифатени од парламентот. Забраната за политичко групирање врз национална основа или за користење на името, повлекуваше и забрана на извесни организации, како на пример, македонските конституциони клубови, позитивно расположени спрема турската влада, што потоа станаа решителни нејзини противници. Отфрлањето од страна на парламентот на едно решение, што предвидуваше промоција и објавување на законите на сите јазици кои се говореа во империјата, го покажа малото значење што мнозинството им го придаваше на нетурците. Христијаните не беа единствената жртва на таа асимилаторска политика. Арапите беа исто присилувани, наспроти нивната многубројност, наспроти значењето што го имаа како сонародници на Пророкот и на свештеничкиот јазик, што е и нивни народен. Тој јазик дотогаш беше секогаш прифаќан во јавниот живот на Сириските и Месопотамиските вилаети, најмалку на исто рамниште како турскиот, факт што уште повеќе се оправдуваше со тоа што во тие области населението не беше мешано, како во европскиот дел на Турција што го нарекуваа Румелија, беше целосно хомогено од гледна точка на јазикот и сите говореа на арапски, додека турски никој не знаеше.

Владата посака и таму, како и секаде на друго место, да ја наложи исклучиво употребата на турскиот јазик. Таа претензија беше непријатна, зашто особено Сирија, на пример, беше огниште на арапската култура и нејзините жители, како и христијаните, беа горди на својот јазик, толку богат, толку еластичен, толку развиен. Така што, намерата на владата предизвикуваше само одвраќање од турскиот јазик, што не ќе можеше да се издигне до степен на литературен и политички јазик ако немаше позајмени три четвртини од своите зборови од арапскиот. На тој начин, партијата „Обединување и напредок“ можеше да се одалечи од двете народности, кои до тој момент беа најсиланата поддршка на Халифатот, албанците и арапите, тие кои на империјата и ги дадоа нејзините најдобри општественици и службеници, нејзините најспособни офицери и најверните војници. А малку подоцна како гром од ведро небо дојде и војната во Триполитанија, кон која Италија одамна имаше аспирации и се подготвуваше да ја заземе како своја колонија.

Положбата на империјата стануваше сè потешка и потешка. Албанците, кои благодарение на поделбата на третиот армиски корпус (Скопје) речиси целосно беа господари на Косовскиот вилает, поднесоа барања

што ги доближуваа до независност на Албанија во нејзините најшироки граници. Христијаните се видоа уплашени да ги изгубат дури и правата, шти тие ги имаа во времето на Абдул Хамид. По акцијата за разоружување и населувањето на придојдените маџири, во законот против четите (уште неизгласан, но применет), што дозволуваше секакви самоволни апсења, тие гледаа како на владин чекор за ограничување на правата на Патријархот и на другите религиозни шефови, како и задна намера да се вмеша во училишните прашања. Различните христијански народи ја чувствуваа потребата да се здружат пред општата опасност. Дури Бугарите и Грците се беа помириле. Внатрешната организација, иако не целата, одново ја почна својата дејност, главно и поради тоа што лица, групи, неодговорни фактори јавно поддржувани и поттикнувани од власта, започнаа физички да уништуваат, тепаат некои истакнати во минатото нелегални лица, војводи и четници. Динамитните атентати одново започнаа. На 11. XII. 1911 г. експлодираше бомба крај џамија во Штип при што рани неколку души. Тогаш турското население се нафрли врз Бугарите, од кои 25 души беа убиени, а 169 ранети. На 1. VIII.1912 г. експлодираше бомба на пазарот во Кочани, во големо мнозинство бугарска околија. Жртви беа шестмина Бугари и само двајца Турци, но следуваше еден општ колеж во кој 150 души беа убиени и над 250 ранети. Во тие премрежија, 80 Бугари беа претепани во Кичево без никаква причина, туку само од претпазливост.[203] Сето тоа наметна еден нов бран од бегалци во Бугарија и на други места.

Тоа беше резултатот од едвај четиригодишното управување на Комитетот „Обединување и напредок“, на неговата егоистична и крајно националистичка политика.

Сега да се вратиме малку назад за да видиме што се случуваше меѓу Македонците, без разлика на вера и народност. Сите националности уплашени, обесхрабрени, а многумина и очајни, се заложија да ги засилат своите легални институти, со цел да се самозаштитат како посебни етнички и религиозни малцинства со свои обичаи, традиции, национално битие и др. Особено Македонците уште по превратот, односно револуцијата се заложија да водат една чисто легална борба за опстојување на своите вековни желби и барања. Како резултат на долготрајните борби внатре во револуционерната организација, по превратот, на легален терен се формираа две групи, различни по идеологија и сфаќања за идното уредување на државата. Се создаде десница, што се оформи во посебна легална организација во конституциони клубови и со свој весник „Татковина“ (Отечество), чии уредници беа Матеј Геров и Д. Крапчев, и Народно-федеративна македонска партија, левица, на чело со највидните маке-

---

[203] Жанкиер - Историја на Отоманската империја, том II, стр. 361.

донски бивши нелегални дејци војводи Јане Сандански, Христи Чернопеев, Димитар Мирасчиев и многу други истакнати, видни, авторитетни бивши нелегални, а сега легални дејци. Тие ги основаа весниците „Народна волја", чиј уредник беше А. Томов, „Конституциона зора" (Д. Мирасчиев) и „Единство" (Христо Чернопеев). Уште првите денови по прокламирањето на слободата и конституцијата-Хуриетот, започнаа и заемните обвинувања, разногласија итн. Десницата како поумерена, поддржана и од заинтересирани лица и фактори во Бугарија, сакаше една децентрализација, со што Македонија би се оспособила во посебна, речиси автономна провинција. Народно-федеративната партија сакаше исто права и слободи за македонското население, но во рамки на конституцијата, со цел постепено да се чекори кон демократизирањето на Турција, ако се покаже дека таа во никој случај не ќе може да се реорганизира врз федеративни начела, што препорачуваа најдалекувидите општественици меѓу сите националности во империјата. Но, младотурците беа далеку од сите тие желби и препораки на своите соработници. А со својата тврдоглавост и упорност, секогаш само долеваа масло на огнот и придонесуваа да се засилат и сепаратистичките тежненија, кои сè уште постоеја во главите на мнозина бивши дејци, иако политички не беа доволно подготвени. Вековниот атавизам меѓу муслиманите и христијаните ги притискаше сè повеќе и повеќе во крајности. Јасно беше дека секакви револуционерни методи на борба беа исклучени. Прашање беше како, со какви средства и методи ќе треба да се води легалната борба. А тоа малкумина го знаеја и не водеа сметка што ќе биде ако одново се почне со четнички акции, тероризам, бомби итн. Македонското население од искуството во минатото знаеше како да се бори нелегално, за што ги имаше и сите услови. Водачите на десницата, повеќето крајни националисти, наместо борбата да ја насочат по еден правилен пат, по своја иницијатива, па и по надворешни сугестии и инспирации, се заземаа колку што може повеќе и побрзо да се компромитира новиот режим, погрешно сметајќи дека на тој начин Македонија ќе добие повеќе. Левицата жестоко се спротивставуваше на сите скриени намери и агитации на десницата, меѓутоа беше немоќна да се наметне и да ги придобие срцата и душата на огромниот дел од македонското население, чии погледи сè уште беа свртени кон Бугарија... А, младотурците, било од неискуство, било од нестручност и кусогледост, без да сакаат и олеснија повеќе на десницата, отколку на левицата, која во предвечерието на претстојната Балканска војна незаслужено беше речиси ги изгубила своите позиции, а со тоа и влијанието меѓу народот.

Лидерите на левицата, оставени без поддршка од внатре - младотурците, и од надвор - Бугарија, се најдоа како риби на суво. Некои предвреме ја напуштија областа, други очајуваа, а останатите малкумина

останаа пасивни во очекување да видат како ќе се развиваат работите. Малкуте приврзаници, што ги имаа, не беа доволни за продолжување на една сериозна општествено-политичка работа, која би дала резултати.

Настапеното во последните 3-4 години спокојство во областа, создаде сигурност во сите области на животот. Трговијата и стопанството се засилија. Земјоделците, дуќанџиите, трговците ја засилија војата работа и се почувствува значително подобрување. Започнаа да се создаваат разни културно-просветни, трговски, гимнастички, спортски друштва, додека останатите учителски, женски и други се реорганизираа за да одговорат на својата намена. Се отворија нови училишта и се поправаа старите цркви и манастири. Воопшто, во просветно-културен однос, македонското население беше значително унапредено со училишта, читални и други култуно-просветни органи и друштва. Во 1911/12 г. имаше седум митрополии, со 1.310 свештеници, 1.825 цркви и 72 манастири, потоа две гимназии со 503 ученици и 28 учители, пет педагошки училишта со 832 ученици и ученички и 64 учители, една трговска гимназија со 104 ученици и 10 учители, една семинарија со 150 ученици и 14 предавачи. Почетни училишта 1.273 со 72.454 ученици, а класни 88 со 4.410 ученици и учители во нив 2.118. Вкупно, 1.373 училишта, 78.322 ученици и 2.248 учители, без да ги сметаме весниците и списанијата, што излегуваа и добро се продаваа.

Како што рековме, револуцијата од 1908 г. беше насекаде добро прифатена и дури со една изгледа предвремена доверба. Турција како никогаш дотогаш стекна голем престиж и во Европа. Младотурците беа до толку уверени во нивната политичка исправност, што советите кои им ги даваа странците беа лошо примани.

Но, при постоење на безредие, што од ден на ден се зголемуваше, во внатрешноста на империјата одново почнаа агитациите водени од различни елементи, како и неспокојството во соседните области. Големите сили, кои не без основа на Блискиот Исток гледаа како на опасен сад со експлозивни материјали, требаше да водат сметка дека мерките на претпазливост стануваа неопходни. Впрочем, меѓу масата се постави старото прашање за реформи.

Гроф Бертхолд, кој на 15.II.1912 г. го замени гроф Еренталь, како министер за надворешни работи на Австрија, на 14.VIII. претстави проект базиран врз принципот на децентрализација и административна автономија на провинциите, систем за кој, познато е, комитетот „Обединување и напредок“ постојано манифестираше спротивни чувства. 1.) Тој предлог, многу добро прифатен од останатите Големи сили, не можеше да има никакви последици. На 7.X. Големите сили се согласија со следниот текст:

1. Големите сили најенергично ги осудуваат сите дејства, што можат да го нарушат мирот;

2. Врз основа на чл. 23 од Берлинскиот договор, тие го земаат в раце, во интерес на населението, спроведувањето на реформите во управувањето на Европска Турција, подразбирајќи дека тие реформи нема да донесат никакво накрнување на суверенитетот на Султанот и на територијалната целовитост на Отоманската империја. Оваа декларација, од друга страна, ја запазува слободата на Големите сили за општо проучување на реформате во иднина.

3. Ако наспроти тоа, избувне војна меѓу балканските држави и Отоманската империја, тие нема да дозволат по завршување на конфликтот никаква промена на постоечката територијална положба во Европска Турција. Големите сили ќе направат пред Високата порта заеднички чекори, што произлегуваат од навестената декларација.[204]

Таа декларција, што беше повеќе од неопходна и требаше целосно да се почитува, поради разурнувачките настани стигна многу доцна. Предвидените чекори беа направени пред балканските држави на 6.X и пред Високата порта на 10.X., но Црна Гора ги испревари на 8.X враќајќи го документот, по објавената војна на Турција. Останатите балкански држави, па дури и Турција, поради своите започнати мобилизации уште на 1.X, не можеа да го спречат избувнувањето на општата војна, наспроти огромните напори што сè уште ги вложуваа Големите сили.[205]

## Балканската војна

Уште во 1908 г., министерот за надворешни работи на Австро-Унгарија во парламентот соопшти дека Високата порта дала согласност да се соедини железничката патна линија преку Новопазарскиот санџак со Митровица.

Русија за да го намали влијанието на Австро-Унгарија, нејзин соперник и една од најзаинтересираните држави за Балканот која се закануваше дека евентуално ќе го окупира Новопазарскиот санџак и ќе се симне во Солун, како и да го отежне последниот англиски проект, излезе со нови предлози за реформи во Турција, откако беа надминати разногласијата меѓу Русија и Англија околу балканскиот проблем.

---

[204] Австриската нота гласеше: Виенската влада сака да знае дали Големите сили се расположени да започнат разговори со неа, односно: 1) Да ја советуваат Високата порта да прифати политика на постепена децентрализација, што на христијанските народи ќе им ги даде границите, на кои тие легално претендираат; 2) Да дејствуваат пред балканските држави спокојно да ги прифатат резултатите на таа политика. Дипломатски документи, Балканското прашање, том I, стр.168.

[205] Л. Ламуш, „Петнаесет години балканска историја“, стр. 81.

Додека турските политички партии „Обединување и напредок“ и „Спогодба и слобода“ меѓусебно се препираа, додека раководството во Турција беше во војна, внатре со Албанците и Арапите, а надвор со Италија, балканските држави побрзаа да се спогодат и да ја искористат ситуацијата. Исто така, стравот од младотурскиот режим да не посегне врз традиционално гарантираните слободи на христијанските народности во границите на империјата, ги принуди балканските држави да се помират. Владите на Бугарија, Србија и Грција успеаја да се договорат за една заедничка акција, одбранбена во принцип, но при поблагопријатни околности таа требаше брзо да се претвори во напаѓачка.

Во започнатите преговори Бугарија како цел, во случај ако се наметне акција против Турција, предлагаше автономија на Македонија. Србија беше решително против таа идеја, зашто наспроти нејзините објаснувања за етничкиот карактер на таа област, таа многу добро знаеше дека Бугарите преовладуваат и дека една автономна Македонија многу бргу ќе стане целата бугарска. Впрочем, требаше да се предвиди евентуално една поделба и тогаш проблемите стануваа уште поголеми поради претензиите на Србија. Бугарија не можеше доброволно да остави под туѓа власт градови и околии, кои играа главна улога во духовната и народна преродба на племето и кои беа ја најавиле својата етничка припадност со толку борби и жртви.

Можеше, меѓутоа, на 29.II (13.III) 1912 г. да дојдат до согласност, која, подвлекувајќи ја автономијата на Македонија, предвидуваше нејзина поделба во случај ако првото решение биде оценето како несоодветно. Договорот за пријателство и сојуз во седумте члена содржеше взаемна гаранција на политичката независност и територијалната целовитост на двете држави и обврска взаемно да си даваат помош во случај ако некоја од Големите сили се обиде да анексира или окупира, дури и привремено каков и да е дел од територијата на Балканскиот Полуостров, што се наоѓа под турска власт (се визираше намерата на Австро-Унгарија). Тој предвидуваше склучување и на воен договор, што беше потпишан на 26.IV, кој, пак, предвидуваше не само војна со Турција, туку и со Австрија[206] и со Романија во случај ако тие нападнат една од сојузничките држави.

Отпосле тој беше дополнет со согласноста меѓу српскиот и бугарскиот генералштаб. Таа носи датум од 15.IX.1912 г..

---

[206] Една тајна воена спогодба, склучена во декември 1909 г. меѓу Русија и Бугарија, предвидуваше исто случај на евентуален конфликт со Германија, Австро-Унгарија или Романија. Во случај на победоносна војна со Турција, Русија се ангажираше да го поддржи присоединувањето кон Бугарија на земјите на кои мнозинството на населението е според јазикот бугарско, блиску до границите на Сан-Стефанскиот договор.

Кон сојузниот договор од 29.II.1912 г. беше додаден и прилог, потпишан тајно истиот ден, кој ги предвидуваше околностите во кои би можело да се преземе воена акција против Турција и резултатите од таа акција. Беше јасно договорено дека ако не се постигне разбирање меѓу двете држави, тие ќе ѝ се обратат на Русија за посредништво, чие решение ќе биде задолжително за двете држави. Тој прилог кон договорот од 29.II.1912 г. е еден суштински документ, зашто ја определуваше судбината на освоените земји и евентуално нивна поделба меѓу победничките држави. Ние мислиме дека е полезно да го пренесеме целосно текстот на чл. 2, што се однесува на тоа прашање.[207]

„Сите територијални проширувања, што ќе се добијат од една заедничка акција, предвидена во чл. 1 на денешниот прилог, потпаѓаат под заедничката власт (кондоминиум) на двете држави. Нивната ликвидација ќе се изврши без доцнење во еден рок најмногу од три месеци по склучувањето мир и тоа на следната база; Србија ѝ го признава на Бугарија правото на земјите, што се наоѓаат на исток од Родопите и Струма; Бугарија ѝ го признава правото на Србија врз земјите што се наоѓаат северно и западно од Шар планина"

„Што се однесува до земјите меѓу Шар Планина, Егејското Море и Охридското Езеро, ако двете страни дојдат до договор дека нивното одделување во автономна провинција е невозможно со оглед на заедничкиот интерес на бугарската и српската националност или од други причини, било внатрешни било надворешни, со тие земји ќе се постапи во согласност со направените поделби. Србија се задолжува да не пројавува никакви претензии над земјите расположени од другата страна на линијата исцртана на тука приложената карта...! Бугарија се задолжува да ја прифати таа граница ако НИ Величество императорот на Русија, кој ќе биде поканет да биде врховен арбитер околу тоа прашање, се произнесе во полза на таа линија".

Јас не ја исцртав детално граничната линија, која ги поставува во сомнителна зона, како што од тогаш ја нарекуваат „спорна зона", градовите: Куманово, Скопје, Тетово, Кичево, Дебар и Струга и во реонот врз кој Србија се обврзуваше да не пројавува никакви претензии Крива Паланка, Штип, Велес, Прилеп, Битола и Охрид.

Од тој текст произлегуваат многу важни факти:

1. Идејата за автономна Македонија, идеја што секогаш беше поддржувана од Бугарија, не беше целосно изоставена во 1912 г.;

2. Србија ѝ го признаваше формално правото на Бугарија врз поголемиот дел од Македонија, зашто се обврзуваше да не бара ништо понатаму од исцртаната линија во алинеја 4 на чл. 2.

---

[207] Во книгата на Ив. Е. Гешев „Балканскиот сојуз" се изложени сите детали од преговорите со Србија (стр. 14-23), како и текстот на договорот и неговите прилози (стр. 191-223).

Треба да додадам, продолжува Л. Ламуш, дека текстот на ал. 4,5 и 6 од чл. 2 е наполно јасен и нема место за никаков спор и толкување.

Тој чл. 2 е основната причина за втората, наречена меѓусојузничка војна, зашто конфликтот меѓу сојузниците беше мотивиран од претензиите на Србија да не ги исполни неговите клаузули и со нејзиното барање да се прошири арбитражата на императорот Николај II врз една гранична линија преку границата определена за спорната зона и исцртана во алинејата 4.

Идејата за договор со Бугарија почна да се реализира во мај 1911 г.. Официјалните преговори почнаа едвај во текот на октомври и се одолжија поради разликите во поглед на автономијата на Македонија, што Грција, како и Србија, не сакаше да ја прифати и преговорите завршија на 16/29 мај 1912 г. со потпишувањето на договор за одбранбен сојуз. Воена согласност беше потпишана на 29. IX. 1912 г. и во тие моменти забрзаниот развој на настаните не дозволи да биде склучена спогодба за поделбата на земјите, што сакаа Турција да ги снема.

Со Црна Гора преговорите почнаа во јуни 1912 г., но тие брзо и лесно беа завршени, со оглед дека никакви деликатни прашања не ги раздвојуваа двете држави, географски многу оддалечени. На 8. X Црна Гора и објави војна на Турција. Сепак, постапките пред Високата порта, како од страна на големите сили, така и на балканските држави продолжија.

На 30. IX - 13. X Бугарија од името на српската и грчката влада и врачи на Турција нота, според која само коренити реформи, искрено и чесно спроведени, ќе можат навистина да ја олеснат мизерната судбина на христијанските населенија во империјата, да ѝ гарантираат ред и спокојство на Европска Турција и на балканските држави. Кон таа нота, чиј крај беше на некој начин ултимативен, беше додаден реферат, што во детали ги содржеше бараните реформи, создавањето етничка автономија на различните народности, обврска да не се менува етничкиот карактер на провинциите преку доселување на муслимани, организирањето на регрутните комисии да се врши по околии и од христијански кадар, назначувањето валии за вилаетите населени со христијани да го вршат Швајцарци или Белгијци одобрени од Големите сили, формирање на еден виш совет, составен подеднакво од христијани и муслимани итн.

Високата порта не се одоброволи да даде одговор на таа нота. Таа нареди да бидат сопрени и задржани сите транспорти со артилериски материјали и муниција, што според силата на една согласност од порано, се вршеа за Србија преку Солун. За неколку години, во реалноста, односите меѓу Турција и српската влада станаа до извесен степен пријателски. Високата порта се надеваше со тоа да изврши противудар на дејноста на Бугарија...

Последните настани наметнаа промена во тоа држење. Во тоа време, мобилизацијата на бугарските, српските и грчките војски, наредена на 30. IX

и 1. X, се спроведуваше и концентрирањето на војските на границите беше започнато. Турција ги беше презела истите мерки. Сè беше подготвено за војна, која Бугарија и Србија ја објавија на 14/27. X. 1912 г..

Мобилизацијата беше прифатена со најголем ентузијазам и во сите кругови, бројот на пријавените ги надминуваше предвидувањата. Присуството, особено во Софија, на еден голем број македонски емигранти, важните позиции што некои од нив ги заземаа во политиката, армијата, просветата, помагаше да се поддржи и развива тој дух и ентузијазам. Многу Македонци успеаја да ја минат границата и дојдоа да војуваат под бугарските знамиња, и со своите сонародници, веќе населени во Бугарија, но не уште натурализирани и, следствено, необврзани на воена дисциплина, тие формираа една цела дивизија од 15 дружини и неколку чети со специјални родови оружје.[208]

Главниот напор на сојузниците беше да го загрозат Цариград и, природно, Турците требаше таму да се спротивстават со голем дел од своите сили. Поради тоа, главниот театар на воените дејства неизбежно се наоѓаше во Источна Тракија, меѓу бугарската граница и утврдувањата на Цариград. Тие бугарски војски, што требаше тука да дејствуваат, и делови од помошта, што подоцна при опсадата на Одрин ја дадоа Србите со две дивизии и тешка артилерија, беа војските кои требаше до крајот на војната да се борат со масата од турски војски, постојано надополнувани со поддршка од Мала Азија, со оглед дека грчката флота не можеше да ги премине Дарданелите за да се спречат турските транспорти во Црно и Мраморно Море.

Успехот на бугарските војски, победата кај Селиолу и преземањето на Лозенград, им ги отвори турските земји. Големиот судир, што траеше од 28. X - 2.XI на фронтот Бунар - Хисар -Љоте - Бургас, доведе до пораз на турските војски и на тој начин, само еден месец по објавувањето на војната, Цариград беше сериозно загрозен. Се случи и друга појава, односно навлегувањето на бегалците Турци од Тракија, кои бегаа пред непријателските војски и го наполнија Цариград со своите фамилии, добиток, облека и покуќнина, натоварени на воловски коли. Тие сироти луѓе беа навистина по плоштадите, чекајќи да бидат пренесени во Мала Азија.

Турската армија беше засегната од колера и бројот на жртвите во непосредното соседство на Цариград, главно во Сан-Стефано, беше значителен. Подоцна колерата се пренесе и меѓу бугарските војски, кои се бореа кај Гаталџа...

---

[208] Ефективата на дивизијата изнесуваше 14.670 луѓе, без да се сметаа 2.174 борци, кои формирале партизански одреди (чети). Најголемиот контингент го дадоа околиите: Дебарска, Охридска, Кукушка, Битолска, Прилепска, Велешка, Штипска итн. Тие дружини заедно ги формираа „македонските доброволци“, што детално е опишано во посебна книга од полковник П. Дарвинов.

Уште на 31. X (13.XI) великиот везир Ќамил паша со специјално писмо до цар Фердинанд побара да се склучи мир. Турција на 3. XI се обрати и до пратениците во Цариград и побара нивна интервенција за запирање на воените дејства... Успесите на сојузниците беа исто блескави и брзи и на втората линија во Тракија и Македонија.

Српската армија на 23. IX, кај Куманово, им нанесе целосен пораз на Турците и по доста херојски битки ја окупира Битола на 18. XI. Во исто време, една бугарска дивизија, VII-та Рилска, се симнуваше по долината на Брегалница, ги разби Турците кај Кочани и го продолжи својот поход кон Солун, каде што пристигна на 9. XI и помогна, командантот на тој град, Таксим паша, да капитулира, зашто беше притеснет и од југ, од грчките војски. Капитулацијата беше склучена со командантот на грчките војски, но бугарските војски рамо до рамо со грчките влегоа во градот. Во тој момент, ривалството меѓу сојузниците веќе се projави и тоа преку желбата на Грците по секоја цена да го добијат Солун пред пристигнувањето на бугарските војски во самиот град.

Спротивно на тоа што се случуваше во Македонија, на бугарската армија во Тракија ѝ остануваше тешка задача, зашто врските со Мала Азија преку Црно Море, Мраморното и Босфорот останаа слободни, така што поддршката постојано пристигнуваше од Анадолија, Курдистан и од арапските вилаети. Бугарските војски, впрочем, истовремено со подготовките за напад врз силно укрепената Чајалџа линијата, требаше да внимава и на можен напад, како врз нејзината оператива, така и откај Дарданелите...

На 13/26. XI дојде до првата средба меѓу бугарските и турските делегации во Бахче-кој. Разликите во условите најавени од двете страни, ги продолжија преговорите и дури на 3. XII беше потпишан протоколот за примирјето. Преговорите за склучување на мирот требаше да започнат на 30. XI во Лондон.

Мировните преговори се одвиваа многу побавно од воените операции. Турците не сакаа да го признаат поразот. Тие уште се држеа и веруваа во декларацијата на Големите сили, според која балканските држави не требаше да добијат никакво територијално проширување. Тие предлагаа само автономија на Македонија и Албанија, а Одрин беше уште во турски раце. На 28. I. 1913 г., делегатите на сојузниците ги прекинаа преговорите во Лондон и утредента главниот командант на бугарските војски реши да го прекрши примирјето... Непријателските дејства одново започнаа. Крвав пораз им беше нанесен од Бугарите на Турците пред Булаир на 8. II. Истиот ден, целосно пропадна еден обид за десант кај Шаркој во задништата на бугарските линии, извршен од корпусот на Хуршид паша, но поткажан од Енвер бег, негов началник на штабот. Меѓу бугарските војски, што ги

одбија Турците, фигурираа и македонските дружини, кои уште тука ја покажаа својата храброст, со разбивањето и заробувањето на Јавер паша кај Булаир.

Неуспехот од 8. II помогна да се распрсне илузијата на Турците и уште следниот ден Турција побара големите сили да предложат свое посредување меѓу завојуваните страни. По една размена на мислења, Високата порта, на 27. II, ја прифати границата од Марица до Црно Море, што минува на југ од Одрин, наспроти гаранциите, односно религиозните и историските споменици. Но, додека се случуваше таа размена на мислења меѓу Високата порта и Големите сили, Јанина им беше предадена на грците (24. II), а на 13. III, Одрин беше заземен со напад. Малку подоцна, на 9. IV, Есад паша ја предаде Шкодра. Секој од сојузниците посебно и самиот сојуз во исто време успеа да го добие посакуваното. Новозапочнатите преговори во Лондон беа уште побавни и едвај на 17/30. V. можеше да се потпише договорот за мир меѓу Турција од една страна и четирите сојузници од друга. Султанот им ги отстапи на сојузниците сите земји од својата империја во Европа, што се наоѓаа на запад од линијата повлечена од Енос на Егејско Море до Мидија на Црно Море, со исклучок на Албанија. Точната траса на граничната линија Енос-Мидија требаше да ја определи интернационална комисија.

Грижата да ги определат границите на Албанија беше оставена на шестте големи сили. Крит им беше отстапен на сојузниците, но судбината на сите други турски острови во Белото Море, како и на Атинскиот Полуостров беше исто отстапена на Големите сили.

Мирот на исток изгледаше воспоставен. За несреќа, најтешкиот дел, поделбата на освоените земји меѓу победниците, остана да се доврши и требаше да стане причина за нова војна.

## Втората Балканска војна и поделбата на Македонија

По конечното разбивање на турската војска во долината на Вардар, Албанците целосно го одделија нивното прашање од тоа на Турција. Конференцијата на делегатите во Лондон донесе акт за таа ситуација и реши на 20.XII.1912 г. Албанија да формира независна држава. Со тоа решение балканското прашање уште повеќе се усложни.

Србија, која сакаше излез на море, за да се ослободи од притисокот што можеше да се изврши врз неа од Австро-Унгарија, беше решила да го заземе централниот дел на Албанија и главно Дурацо, додека Тирана требаше да се отстапи на сојузничка Црна Гора. Но, тука прашањето престана да биде чисто балканско. Италија и Австрија соперничеа во Јадранското Море, но

истовремено водеа сметка да го спречат присоединувањето на тие земји кон една трета држава, зашто во натамошната игра на влијание тоа би можело да ја наруши рамнотежата. Согласност имаше уште од 1897 г., дополнета во 1900 - 1901 г., со што се предвидуваше статус-квото да биде зачувано врз крајбрежната турска линија на Јадранот и дека во случај одржувањето на турското владеење да стане невозможно, Албанија требаше да биде независна.

Српската влада веќе се беше согласила со решението на Големите сили. Таа ги беше повлекла своите војски од албанскиот брег и дури ги сопре нивното учество во опсадата на Шкодра. Црна Гора сè уште беше упорна, но и таа ќе биде принудена да отстапи и да ја напушти Шкодра. Австрија сè повеќе и повеќе стануваше настојчива и се закануваше дека самата ќе се вмеша, што без друго ќе повлечеше и италијански десант во Валона.

Без сомнение, не може да не се признае дека Големите сили во случајот дејствуваа во согласност со праведноста, признавајќи ја независноста на еден народ со стар европски корен, одамна населен на Балканскиот Полуостров, и обезбедувајќи му во најшироки граници владеење на земји населени исклучиво со албанци. Но, откако ја обезбедија целовитоста на Албанија на север, го ограничија излегувањето на српскиот народ на Јадранот, му го оспорија тој слободен излез на море, што Србите го сметаа за суштествен, откако ги окупираа Дурацо и Шкодра. Како и по Берлинскиот договор, желбата за проширување на Србија, одбиена од нејзиниот природен пат на запад, беше неприродно насочена кон југ, кон Македонија.

Романија сакаше да го зголеми својот брег на Црно Море. Нејзините амбиции одеа многу далеку и ја опфаќаа целата земја, што некогаш ја нарекуваа бугарски четириаголник: Русе, Силистра, Варна и Шумен, реон врз кој ниту географски, ниту историски, ниту етнографски таа имаше некакви права. Изгледа таа беше добила од Австрија во 1900 г. гаранции за тоа освојување при дадени околности.

Уште на 21. X.1912 г., романската влада, макар и неофицијално, ги беше пројавила своите претензии, што се состоеја во отстапување во нејзина полза на една доста широка земја по работ од Тутракан на Дунав до Балчик на Црно Море и ситуација многу бргу се усложнуваше. Зашто, кон крајот на г.та Романија се закануваше со мобилизација. Конфликтот на тој терен беше неизбежен и само енергична акција на Големите сили можеше да го зачува мирот меѓу довчерашните сојузници. А сите од сојузниците уште многу порано го предвидуваа тој конфликт и се подготвуваа за него.

Ненадејно, на 29 јуни 1913 г., Бугарија ги нападна сојузниците и судирите почнаа, најпрвин во источна Македонија кај Порнар даг (Пангеон) на југ

од Драма, што грците сакаа да го заземат за да ја владеат железничката патна линија Солун - Деде Агач и околината на Кавала...

Судирите со српската армија започнаа по целата должина на западната граница-од Видин до Штип и во борбите кај Брегалница бугарската армија ќ е биде разбиена. Бугарија нападната од четири противници: Србија, Грција, Романија и Турција, ќе биде принудена да побара примирје и да се започне со преговори за мир. Наместо во Ниш, по инсистирањето на Романија, тие преговори во период од 15-20 дена се водеа во Букурешт каде како бившите сојузници Србија и Грција, така и Романија и Турција се јавија се големи претензии, наспроти претходно склучените договори и спогодби по заземањето на отсечените од Турција територии.

Романските војски без никаков отпор и без да испукаат ниту еден куршум стигнаа во околината на Софија - Етро Поле и Араба конак - и се заканија дека ќе влезат и во престолнината на Бугарија. Турците под разни изговори го прекршија мирот со Бугарија и одново ја заземаа Источна Тракија и напредуваа кон Одрин, што бугарските војски го напуштија без да пружат каков и да е отпор. Речиси истовремено со тоа, Турците ја минаа и Марица и ја заземаа и Западна Тракија - Деде Агач, Ѓумурџина, Ксанти, каде објавија дури и една република...

Тука не е место да опишуваме како се подготвуваа, како се водеа војните - Балканската, Меѓусојузничката и следната Општоевропска, каде и какви борби се водеа со сите нивни добри и лоши страни, со пројавената храброст, упорност и самопожртвуваност. Има редица дела од разни автори, кои ги опишале сите борби, околности и историски факти.Тука нас не интересира како дојде до поделбата на Македонија и што преживеа македонскиот народ во текот на војните, што се водеа на македонска територија и за време на кои се дадоа нови огромни човечки и материјални жртви, без да ги сметаме маките, страдањата, убиствата, грабежите и палежите на толку села и градови-Кукуш, Дојран, Гевгелија, Лерин и други.

Во Букурешт, Македонија ќе биде распната на крст-поделена на три дела, со ништо неоправдани граници, кои уште повеќе ја накрнија нејзината територијална целовитост како една географска и економска целина. Со тоа се спречи и нејзиниот економски и културен развој како посебна провинција. Бугарија ги зема околиите Горна Џумаја, Петрич, Мелник, Разлог, Неврокоп, Струмица, т.е. горните теченија на реките Струма и Места, планински краишта, малку населени и многу помалку плодни, од тие дадени на Србија и Грција.

Грција го зема најдобриот дел-повеќе од половина Македонија. Таа доби 2.145.000 души, што претставува 81% од своето првично население, кое поради речиси се удвои. Нејзиниот дел ги вклучуваше најплодните

полиња на Солун, Серес, Драма, Воден, како и островите Крит, Митилин и други, потоа големото пристаниште на Солун, вториот град на бившата Европска Турција, Јанина, Кавала итн.

Србија и Црна Гора добија пошироки земји, но помалку населени и не толку богати како тие дадени на Грција. Населението на тие земји од околу 1.750.000 души, го зголемуваше за 56% населението на тие две словенски области на север. Кон Србија останаа градовите Скопје, Битола, Призрен, Приштина, Велес, Штип, Гевгелија и други.

Земјите, што останаа под Бугарија, вклучуваа население од околу 633.000 души, од кои речиси 43%-околу 415.000 муслимани, Турци и помаци. Притоа, Бугарија требаше да отстапи една територија населена од 280.000 души, така што добивката и се намали на околу 353.000 жители, т.е. едно зголемување од 7%.

Притоа, загубите на различните војски за време на војната со Турците беа:

1. За бугарските војски 52.000 убиени и исчезнати и 164.000 ранети;
2. За српските војски 16.500 убиени и исчезнати и 48.000 ранети;
3. За грчките војски 3.000 убиени и исчезнати и 5.000 ранети.[209]

Букурешкиот договор беше потпишан на 28. VII (13. VIII) 1913 г. Бугарските делегати ги прифатија тешките услови на договорот, од една страна поради заканите на романската влада дека ќе и нареди на својата војска да влезе во Софија, и од друга, зашто Русија и Австрија беа ветиле дека тој договор ќе биде подложен на една ревизија од страна на Големите сили. Но, во реалноста веќе не станувашe збор за ревизија на Букурешкиот договор, ниту за почитување на Лондонскиот. За првпат по еден век Големите сили се дефокусираа од балканските работи и ги оставија малите балкански држави и Турција самите да си ги средат нивните сметки. Меѓутоа, требаше многу кратко време за да ја разберат големината на направената од нив грешка.

Европа пропушти уште една можност на Балканот да воспостави траен и гарантиран мир. Нејзината воздржаност во 1913 г. беше, исто така, нечесно. Како и нејзината вмешаност во 1878 г., како и Берлинскиот договор, така и Букурешкиот мир го посеа семето на идните конфликти. Тој воспостави ситуација уште полоша од претходната, ја зголеми пропаста,

[209] Бројките се земени од извештајот на Карнегиевата комисија и произлегуваат од заинтересираните влади. Се гледа дека бугарските војски претрпеа, самите, загуби поголеми отколку тие на сите сојузници заедно, што се објаснува со многу подолгото траење на нејзините операции, жестокоста на борбите, што таа ги водеше, и особено со фактот дека таа ги имаше пред себе најдобрите војски на империјата, постојано поддржувани во бројноста и засилувани со нови контингенти од Азија.

противречностите и ривалствата што ги делеа двете словенски нации на југ. Тој направи меѓу Бугарија и Романија да се појави непријателство, што дотогаш не постоеше, зашто немаше никаква причина. Го охрабри национализмот и амбициите на Србите и даде можност меѓу нив и Австрија да се создаде ситуација во која идната нова војна стои на врвот на иглата, што и се случи по убиството на австрискиот престолонаследник во Сараево.

Во Букурешт, довчерашните сојузници со Романија се собраа всушност само за да го поделат заедничкиот плен. Таму Македонија беше, како што рековме, распната на крст. И гордиот и амбициозен бугарски цар Фердинанд, во манифестот за демобилизација уште во истиот момент додека заседаваше конференцијата во Букурешт, отворено изјави дека бугарските војски ги превиткуваат своите знамиња за подобри денови, а со тие зборови декларираше дека Бугарија ќе бара реванш!

И многу праведно бившиот англиски министер сер Едуар Греј, во своите мемоари вели дека „непријателствата меѓу народностите, што беа заборавени поради заедничката борба против Турција, се појавија одново кога Турците престанаа да претставуваат закана за Европа".

„Големите сили останаа бесчувствителни при потпишувањето на Букурешкиот мир. Тој договор го посеа семето на идните војни. Ја остави Бугарија навредена и оштетена, ограбена и лишена од тоа што таа веруваше дека треба да и припадне. Никаков иден мир не беше можен на Балканот, додека постои Букурешкиот мир. Турција исто и многу природно, беше навредена од поднесените загуби. Така, една година подоцна, кога почна Општоевропската војна, имаше две држави, Бугарија и Турција, кои очекуваа еден реванш и беа подготвени да се приклучат на страната, која и да е, што ќе им даде надеж за да го добијат. И двете сакаа реванш„, вели тој.

И продолжува: „Создадената ситуација од Втората балканска војна не беше резултат на правото, туку на силата. Тоа неизбежно гарантира неспокојство во иднина. За да се обезбеди еден траен мир за во иднина беше неопходно Големите сили да се вмешаат и да помогнат од преговорите во Букурешт да произлезе праведен резултат. Тие не го направија тоа поради стравот од проблемите, што можеби ќе произлезеа и меѓу нив самите и тој страв фактички го направи мирот помалку стабилен во наредната г. кога беше објавена и општата европска војна".[210]

Букурешкиот договор, освен прашањето за територијална поделба на освоените и отстапени од Турција земји, постави и редица други второстепени прашања, што останаа отворени и неразрешени. Така, на

---

[210] Том I, стр. 262 и наредните.

пример, прашањето за народносните права, т.е. културните придобивки стекнати во текот на повеќе од педесетина години, по цена на толку напори, страдања и крв. Исто така, прашањето за напуштените имоти, останати необработени поради пропаѓање или заминување на нивните сопственици итн. Но, главно прашање, што во тоа време беше актуелно и живо се дискутираше и коментираше, беше прашањето за направените злосторства врз мирното и незаштитено македонско и друго население од страна на завојуваните страни. Уште пред започнувањето на Втората балканска војна бившите сојузници почнаа меѓусебно да се обвинуваат кој, кога, каде и како извршил редица злосторства над мирното население и кој и како ги нарушил правилата на војувањето. Таа кампања, вербална и во печатот, продолжи долго и по завршувањето на двете војни. Целото општествено мислење на Балканот и во Европа живо се заинтересира и се наложи да се формира една меѓународна анкетна комисија, која ќе ги утврди фактите и ќе се произнесе околу поставеното прашање. Со средства обезбедени од американскиот милионер Карнеги, беше формирана соодветна комисија и беше наречена Карнегиева, составена од странци, кои на лице место требаше да ја реализираат анкетата за настаните за време на војните, да се произнесат и да дадат свои заклучоци. Анкетарите тоа навремено и го сторија и во еден голем извештај отпечатен на француски и англиски ги дадоа своите заклучоци, што неспорно се автентични, направени од сведоци и компетентни лица и како такви вистинити, објективни, непристрасни. Подолу ќе дадеме некои извадоци, цитати од извештајот на меѓународната комисија, што даваат макар мала претстава за извршените злосторства од страна на завојуваните „ослободители" на Македонија и читателот ќе види колку и какви маки, страдања, жестокости претрпе целото македонско население, без разлика на вера, јазик и народност...

Новите поробувачи уште со потпишувањето на Букурешкиот договор започнаа на брутален начин да воспоставуваат редица ограничувачки мерки за да можат колку што може побргу да го денационализираат, асимилираат македонското население, со цел да го убијат, да го уништат неговото национално, народносно сознание. Освен со црквата, касарните и други културно-просветни друштва и организации, создадоа и полициско-административни правилници, што строго и безобѕирно се применуваа. Освен тоа, само за Македонија се создаде специјален закон за да може во најкусо време македонскиот народ да го заборави своето потекло, да го изгуби своето национално сознание.

„Во земјите освоени од Србија, вели Л. Ламуш, владата водеше сметка за непријателското расположение на населението, па на 21. IX - 4. X. 1913 г. донесе еден закон за општествена безбедност, реално драконски, кој според извештајот на Карнегиевата комисија се изедначува со една

вистинска воена диктатура и предизвика страв во странскиот печат". Членовите на комисијата, исто така, сметаа за неопходно во извештајот да го цитираат целосно, наспроти неговата големина, тој документ толку карактеристичен и важен (стр. 145).

„Една од најважните одредби на тој закон, продолжува Л. Ламуш, беше правото дадено на власта да може да ги интернира семејствата на емигрантите (нелегални), како и оние во чии куќи се криеја вооружени луѓе. Дури и српските весници ги осудија тие необично строги мерки. „Радничке новине", социјалистички весник, пишуваше: „Ако е вистина дека ние ги ослободивме тие земји, зошто таму се воведува тој исклучителен режим"? Во реалноста тој режим можеше да се оправда единствено со непријателското расположение и спротивставувањето на населението, а тоа јасно докажуваше дека тоа население не се чувствуваше српско и своите нови господари ги сметаше не како ослободители, туку како насилници".

Со тој специјален закон, српската влада ја беше изгубило веќе мерката во управувањето и нарочно самата постави бомба под сопствените нозе. И борбата, легална и нелегална, започна одново. Пак започнаа старите четнички акции и терористички акти, придружени со убиства, интернирања, масовни бегства по планините и зад границата. Дури, по разни поводи се случија и јавни демонстрации во некои градови во внатрешноста на државата. Колку притисокот од горе беше поголем, толку и спротивставувањето од долу спонтано беше поголемо. Лесното ограбување и богатиот плен ги поттикнуваше српските националистички, шовинистички, милитаристички елементи и групи, кои неодговорно започнаа на сите страни да го манифестираат својот необуздан шовинистички бес.

Македонија речиси целата разорена, ограбена, поделена со вештачки, неприродни граници, остана беспомошна и сама да бара начини, средства и можности за своето востановување и веќе со свои сопствени сили да се бори за својата слобода и независност, што беше и остана еден општ национален идеал како завет од претходниците, легални и нелегални дејци, македонски општественици, едни загинати во борбите, други во затворите и заточенијата по беломорските острови и азиски затвори, а трети прогонети и распрснати по сите страни на светот-Бугарија, Америка, Цариград и др. И уште веднаш по војните, ВМРО, иако разнебитена, успеа да се соземе и повторно да ја започне старата борба, но веќе не против турскиот апсолутизам, туку против новите поробувачи, навистина помали, но многу пожестоки и посвирепи од турските џелати. Уште во октомври 1913 г., согласно една спогодба потпишана во Цариград, се договорија условите за нова заедничка борба меѓу привурзаниците и симпатизерите на ВМРО и младотурскиот национален комитет со седиште во Цариград. Сега веќе

и турската нација се виде во ситуација на угнетена. Според таа спогодба, ВМРО со своите чети требаше да дејствува во централна и северозападна Македонија, а младотурскиот комитет во источна Македонија: Сари-Шабанско, Кавалско, Драмско, каде беа останати компактни турски маси, од кои дел и како бивши војници обучени да ракуваат со оружје.

За релативно кусо време се создаде неопходниот легален и нелегален апарат, се подготвија и се екипираа многу востанички чети, со намена да навлезат секоја во својот претходно определен реон на дејствување, а во централна Македонија се создадоа и екипираа и мешани чети, кои започнаа со своите дејства - четнички акции и терористички акти, исто како во блиското минато. Уште во првите месеци во 1914 г. почна борбата, но многу бргу се објави општоевропската војна. Турција предвремено влезе во неа од страната на Централните сили - Германија и Австро-Унгарија и по мобилизацијата на својата војска, сите турски офицери и четници беа повикани да се јават во сопствените воени делови во Турција и ги напуштија четите, по што тие се расформираа без да се дочека времето за една заедничка акција во цела Македонија. Новите поробувачи останаа да го играат своето Јудино оро над живиот труп на несреќна Македонија, потпадната под ново, потешко ропство отколку во минатото под турско владеење.

Општобалканската ситуација се влоши уште повеќе, а и општоевропската положба стана застрашувачка-се подготвуваше општоевропската војна, која не задоцни да започне. Се чекаше само повод. Атентатот во Сараево - убиството на австроунгарскиот престолонаследник Франц Фердинанд и неговата сопруга на 28. VI. 1914 г. беше тој повод. „Веќе не стануваше збор за нејасни опасности, за предвидувања, туку за еден реален факт од кој што можеа да произлезат најлошите последици. Цела Европа беше во неспокој. Искрата, што фрли оган врз барутната атмосфера наталожена во Европа, беше предизвикана на Балканскиот Полуостров“.

Австро-Унгарија, поддржана од нејзините сојузници, милитаристичка и до заби вооружена Германија, по еден ултиматум до Србија ја мобилизираше својата армија и ја започна војната против малата и незаштитена Србија, која за кусо време ја окупира и Бугарија, која, пак, исто така, чекаше само повод за својот отпорано навестен реванш. А, според силата на склучената тајна спогодба со Германија и Австрија на 24. VIII (6. IX) 1915 г., се стави на страната на таканаречените Централни држави и влезе во војната откако заедно со војските на Австро-Унгарија зазеде голем дел од Србија и целиот дел од Македонија под српско владеење. Една г. порано и Турција беше исто влезена во војната од страната на Германија и Австро-Унгарија. По заземањето на Вардарска Македонија, Бугарија влезе во војна и со Грција и ја зазеде цела источна Македонија. Фронтот на војната се

протегна од Деде-Агач по крајбрежната линија до Орфанскиот залив, а од таму во средиштето на Македонија, т.е. по течението на реката Струма, до Беласица, Дојран, Гевгелија, Лерин, јужно од Битола до Охрид и од таму до Јадранското Море. Така, речиси цела Македонија, без Солун со околината, Воден, Лерин, Костурско, падна под бугарско владеење и војната со целата свирепост, во период од три години, се водеше исклучиво на македонска територија. Цела Македонија стана арена на долги и жестоко водени воени дејства меѓу силите на Централните држави - Германија, Австро-Унгарија и нивните сателити Бугарија и Турција од една страна - и силите на Спогодбата (Антантата) - Англија, Франција, Русија, Романија - од друга.

Уште пред општата мобилизација на бугарската војска, сите Македонци кои живееја во Бугарија, способни да носат оружје, иако сè уште не го имаа стекнато правото да бидат бугарски поданици, беа повикани на „тринеделна“ обука и од нив се формираше посебна пешадија наречена 11-та пешадиска дивизија. Таа, иако недоволно обучена и екипирана, уште во почетокот на воените дејства зема учество во борбите, што се случија и од левата и од десната страна на Вардар, кај Валандово, Криволак, Беласица, Круша Планина и кај Демир Хисар и се истакна во сите судири. Сите останати Македонци беа мобилизирани во соодветните делови на војските и на трите балкански држави: Бугарија, Србија, Грција. Така, сите Македонци, без разлика на вера и народност, се бореа на сите фронтови, но не за распределба на светот, за што се водеше општоевропската империјалистичка војна или за поделбата на заземените колонии, туку со сознанието и вербата дека се борат за слободата на Македонија.

Како што се знае, војната траеше повеќе од три години, а на Балканот се водеше исклучиво на македонска територија. За време на војната, Македонија, општо земено, повторно даде големи човечки и материјални жртви, кои сразмерно беа поголеми отколку сите жртви што Македонија ги беше дала за време на Балканската и Меѓусојузничката војна. Беа разрушени цели градови:Кукуш, Дојран, Гевгелија и други, огромен дел од цивилното население, жени, деца и старци, беа евакуирани во внатрешноста на областа и распрснати по сите краишта: Ниш, Софија, Ќус-тендил, Пловдив, Скопје и др. Еден голем дел од цивилното население, особено во Источна Македонија-Драма, Серес, Кавала, Демир Хисар, поради општиот недостаток од храна, беше изложен на вистинска глад од што починаа многу невини, останати без секаква поддршка и помош луѓе, главно жени, деца, старци... Сите ги поднесуваа маките и страдањата притиснати од војната, но страдањата на македонското население беа најголеми по својот размер и траење...

Најпосле, во септември 1918 г., поради пробивот кај Добро Поле, бугарската армија ослабена, речиси деморализирана го напушти фронтот

кај Добро Поле и позициите на реката Црна и Кајмакчалан и без команда и дисциплина се упати кон внатрешноста на Бугарија, главно кај Ќустендил, каде беше седиштето на бугарскиот главен штаб. А, од таму кон Радомир, Перник и стигна во околината на Софија, со цел да им се одмазди на своите раководители-воени и граѓански лица, и на владата, како единствено виновни за војната и настанатата национална катастрофа. Веднаш по потпишувањето на примирјето во Солун на 29. IX.1918 г., разбунтуваните и истоштени од долгата војна војници се распрснаа и се вратија по своите села.

Царот и владата требаше да ги поднесат сите последици од војната. Царот беше готов да ја напушти земјата, да абдицира. Александар Малинов, претседател на министерскиот совет, се појави пред него и му соопшти дека врховните интереси на државата бараат негово абдицирање и заминување. Тој се согласи, но не без спротивставување, и наредниот ден, на 3 октомври 1918 г., потпиша еден манифест, соопштувајќи дека тој се откажува од тронот во полза на својот син Борис. Ноќта, под заштита на германски војски, тој со специјален воз замина за Германија. По него замина и бившиот министер претседател В. Радосавлев, искрен германофил, за да не се врати веќе никогаш во Бугарија...

Една г. по потпишувањето на примирјето во Солун, официјална Бугарија ќе биде повикана во Париз каде заседаваше заедничката конференција за мир со дотогаш завојуваните држави и на 27. XI. 1919 г., во едно од предградијата на Париз - Неј, беше потпишан мирот со Бугарија, со што се санкционираше и поделбата на Македонија извршена во Букурешт. Македонија, измачена, разорена, целосно онеправдана остана повторно во ропство многу полошо од тоа што беше дури и под турско владеење.

За време на војната често се говореше за слобода, за правото на народите. Вилсон, претседател на САД, уште на 4. XII. 1917 г., рече дека „цената на мирот ќе биде целосна праведност и непристрасност, праведност на секое место и за секој народ,,, дека ,,крајното уредување ќе ги засегне нашите непријатели, исто толку колку и нашите пријатели“.

Но, кога се дојде до склучувањето на договорите за мир, правото на народите, праведноста, повеќе не постоеја, освен за победниците, за нивните пријатели или за нивните протежеа. Правото на посилниот целосно триумфираше, а некаде повеќе отколку во сите претходни договори...

Не само што на поразените  им беа поднесени целосно подготвени услови, туку делегатите беа третирани на начин, што навистина не може да се спореди во минатото, а дотогаш беше познат како воени заробеници. Шефовите на државите или на владите на Големите сили секогаш беа целосно неподготвени за балканските прашања. Дури Ж. Клемансо, тогашен министер-претседател на големата и слободољубива во минатото

Франција, иако многу начитан, ја фаворизираше античка Грција и од доверба ја пренесе својата фаворизираност врз современа Грција. Политичарите на Романија, Грција и Србија, делегати на конгресот во Париз, впрочем мораа, по нивна желба, да ги советуваат редакторите на договорите за мир и да вклучат клаузули, што ќе одговараат на нивните амбиции и нивното непријателство.

Единствен исклучок беше американската делегација со својата објективност, праведност и далекувидост. Таа единствена се обиде да го постави и прашањето за автономијата на Македонија, што може да се види од протоколите на Париската општа конференција. Но, категоричното спротивставување на Ж. Клемансо и делегатите на балканските држави го спречи тоа. Претседателот на САД, Вилсон, беше рекол: „Гласот на човештвото бара настојчивост, а завршувањето на војната не значи и одмазда од каков и да е карактер и ниту еден народ не може да биде уништен или казнет, зашто најодговорните суверени во една држава, лично тие извршиле еден престап“ (послание до Конгресот од 4. XII. 1917 г.). „Односите на балканските држави меѓу нив ќе треба да бидат определени преку една пријателска размена, со оглед на традиционалната и народносна поврзаност, историски воспоставена“ (11 точка од посланието до Конгресот од 8. I. 1918 г.). „Народите и провинциите треба да престанат да бидат сметани меѓу владите како подвижности или како вешти замени во една игра. Во оваа војна не треба да биде извршено никакво уредување на териториите, што не одговара на интересите и богатствата на заинтересираните населенија и што ќе биде само едноставно уредување или компромис меѓу амбициите на соперничките држави. Секој целосно определен народ треба да ги види своите аспирации реализирани во рамките на можното и на начин да се избегнат сите причини, нови или стари, за спор или антагонизам од кои тие произлегле, за во иднина да нема нови опасности за мирот во Европа и во светот“ (говор во Конгресот на 11. II 1918 г.).

Ако тие паметни препораки беа почитувани, договорот ќе беше многу поразличен од тој што го предложија претставниците на Големите сили, кои решаваа под влијание и прозивки на балканските политичари Венизелос, Пашиќ, Весниќ, Т. Јоанеску и други (Л. Ламуш). Наспроти надменоста, мегаломанијата, злобата и одмаздата на претставниците на силите победнички, „миротворците“ во Париз, по зачуденоста на европското интелектуално и прогресивно општествено мислење, не можеа да не забележат дека огромна маса од народности во Централна и Југозападна Европа и на Балканот во иднина ќе создаде големи и сериозни потешкотии, поради што решија да предвидат упатства за признавање на некои права на етничките и религиозни малцинства, кои останува во пределите на други туѓи по јазик, вероисповест и народност зголемени држави.

На 28. VI. 1919 г., во Версај беше потпишан договор за таа цел меѓу главните сојузни и Здружени сили и Полска, во Сен-Жермен, на 17. IX. 1919 г., со Чехо-Славија, подоцна, не без извесно спротивставување, и со државата на СХС* (5. XII. 1919 г.) и со Романија, на 9. XII. 1919 г.. Како гаранција, тие задолженија беа ставени во договорот, а што се однесува до Тракија, тој беше потпишан во Севр на 10. VIII. 19120 г.[211]

Со главните упатства, кои се однесуваа до правата на малцинствата надвор од граѓанската и политичка еднаквост и слободната исповест на религијата, што се гарантирани со јавното право на секоја цивилизирана земја, беа засегнати и следните права: Не може да се наметнат никакви ограничувања против слободната употреба и примената на еден јазик каков и да е тој, било во приватните или трговски односи, било во религиозните служби, во печатот, во публикациите од секаква природа, било на јавни собири.

Наспроти воспоставувањето на еден официјален јазик, на жителите кои говорат на друг јазик, ќе им бидат дадени праведни услови при неговото користење пред судовите, било усно, било писмено.

Жителите кои образуваат религиозно или јазично малцинство, ќе имаат еднакво право да формираат, управуваат и контролираат со нивни средства добротворни, религиозни или социјални друштва, училишта и други воспитни институции, со право слободно да го користат својот сопствен јазик и да ја применуваат слободно својата сопствена религија.

Што се однесува до јавното образование, владата ќе дозволи во градовите и околиите каде населението е во големо мнозинство од жители кои говорат различен од официјалниот јазик, доволно олеснувања со кои во почетните одделенија наставата на децата ќе биде одржувана на нивниот мајчин јазик.

Исто така, таму каде малцинството е во компактни маси, било според верата било според јазикот, државата, како и општините, ќе треба во буџетот да предвиди доволно средства за одржување на наставата, верата и добротворноста.

Државите потписнички прифаќаат дека упатствата на претходните членови, што се однесуваат на лица кои припаѓаат на малцинства со ред раса, вера или според јазик, претставуваат задолженија од меѓународен интерес и ќе бидат ставени под гаранција на Друштвото на народите. Тие

---

* Се однесува на Кралството на Србите, Хрватите и Словенците.

211 Познато е дека подоцна со договорот од Севр, западна Тракија, меѓу Места и Марица, ѝ се даде на Грција, со поддршка од Англија, која веруваше дека ќе има голема полза од формирањето на една голема Грција, врз која како полуколонијална држава ќе има протекторат и дури политички лица на Големите сили ѝ го отворија на Грција патот кон Цариград, но поразот на грчката армија во Мала Азија ѝ стави крај на таа надеж...

прифаќаат дека секој член на Советот на Друштвото на народите има право да му обрне внимание на Советот за секое нарушување или опасност од нарушување на кое било од тие задолженија и дека Советот може да преземе такви мерки и да даде такви наредби, што би биле ефикасни за случајот.

Тие наредби беа доста умесни и можеа да придонесат за целосно задоволување на заинтересираните населенија, ако беа лојално применети. За жал, во однос на Македонците, тие никако не беа применети.[212] Уште повеќе, Србија не ги признаваше Македонците за посебно религиозно и етничко малцинство и дури забрани да се споменува зборот Македонија, и наместо така, да се нарекува Јужна Србија. Македонците во некои места каде се водеа нелегални четнички борби и акции, освен што немаа граѓански, политички или национални права и слободи, туку немаа право дури и на живот.

По поразот на грчката армија во Мала Азија, една огромна маса од несреќни грчки бегалци ќе биде префрлена во источна и јужна Македонија. И за да им најде место и да им пружи услови за живеење на тие бегалци, Грција успеа да наложи една конвенција според која сите Турци од Македонија присилно треба да се иселат во Турција, а друг, исто така, голем дел од Македонците останат во пределите на Грција да се исели во Бугарија, а од таму да се преземат сите преостанати Грци. Со тие мерки, едноставно дојде до нови преселби на месното население, кое беше принудено да ги напушти своите огништа и да избега во туѓи земји, каде ќе го сметаат како не добредојдено. Недвижниот и голем дел од движниот имот требаше да се остави или да се продаде по минимални цени. Разорувањето беше толку големо што одвај може да се опише. Додека останатите балкански народи, по војните, почнаа да ги лекуваат своите рани, да ги поправаат или подобрат своите имоти, македонската мартирологија продолжи до доцна и по завршувањето на војните.

Македонското население од разни места и држави со години испраќаше мемоари, резолуции, петиции до Друштвото на народите, задолжено со договорите за заштита на религиозните и етнички малцинства. Но, Советот на Друштвото не направи ништо за да се олесни судбината на македонското население. Дури, официјално не се примаа никакви петиции, меморандуми и други молби.

Многу бргу Македонците разбраа и се уверија дека Друштвото на народите, според својот состав и функционирање, беше повеќе еден институт, со свој специјален апарат, не за да ги заштитува останатите под туѓа власт национални малцинства и онеправдани и угнетени мали народи,

---

[212] L. Lamuss, „Петнаесет години балканска историја“, стр. 168-69.

туку за нивно поголемо и пожестоко поробување и угнетување. Зашто сè зависеше и се решаваше од Советот на четворицата претставници на Големите сили, кои на секој можен начин само им олеснуваа на своите бивши сојузници, пријателски големи и мали држави кога преземаа освојувања, поделби, чисто империјалистички цели и ги заштитуваа своите груби материјални интереси. Македонците лишени од сè, од имот, од граѓански, политички или национални права и слободи, останаа само со заветот од нивните претходници - со своето херојство!

Единствениот преостанат „капитал“ на Македонците беше тоа што во опустошените, раскинати делови на Македонија, пресечени со херметички затворени природни граници утврдени со бодликави мрежи и волчји јами, сепак имаше боречки елементи, кои наспроти сите непријателства, ограничувачки строги воени и административни мерки, останаа да се борат. Но, веќе не само за национално и политичко, туку и за социјално ослободување на татковината, зашто долгото искуство, маките страдањата ги беа научиле дека, всушност, економското, социјалното ропство е тоа што го потхранува и нивното национално и политичко ропство.

Околноста дека по Првата општоевропска империјалистичка војна само во Бугарија избегаа или се преселија повеќе од 30.000 бегалци, повеќ ето бивши активни легални и нелегални дејци во Македонија, придонесе новата борба за слобода и независност да започне речиси истовремено со приклучувањето во воените дејства на завојуваните големи европски и мали балкански држави. И така, натрупаната повеќеилјадна македонска емиграција во Бугарија и Америка, започна да се реорганизира, да се подготвува со нови сили за претстојната нова легална и нелегална борба.

А, како општоевропската така и општобалканската ситуација беше од корен променета. Израснаа нови политички, економски, национални општествени организации и политички партии, кои, според програмата, менталитетот и разбирањето, целосно се разликуваа од управувачките партии пред војните. Во самата Македонија уште првите години по Општоевропската војна, имаше околу 100.000 невработени. Со тоа на сцената се појави еден нов решителен фактор-градското и селското работништво, толку лошо притискано, експлоатирано од сопствените буржоазии во трите балкански држави: Србија, Грција и Бугарија, кои ја поделија Македонија. Така што покрај контингентот од безимотни или малкуимотни селани се појави и нов контингент од невработени, речиси гладни лица и цели семејства...

Во тоа време, како што се знае, се беше случила големата Октомвриска социјалистичка револуција, која го потресе целиот свет, откако прокламира нови идеи и принципи како во внатрешната, така и во надворешната политика на СССР, кој се појави како нов решавачки фактор во Европа

и во целиот свет. Таму пред сите останати други држави, принципот на самоопределување на народите, како и заштитата и покровителството на националните малцинства, се спроведоа во дело, во животот на новата држава. А сето тоа беше еден заразен пример за сите останати држави и народи во Европа, Азија и во целиот свет. Многу од онеправданите и угнетени народи и национални малцинства во Европа и Азија почнаа да гравитираат спрема СССР за да бараат помош и содејствие за своето делумно или целосно национално, политичко и социјално ослободување. Навистина, уште во првите години западните империјалистички држави преземаа строги ограничувачки мерки за да не може да се шири влијанието на СССР во Европа и во целиот свет. Со други зборови, да не можат идеите на револуцијата да се прошират во Европа, која остана фактички без мир и спокојство, главно поради алчноста, кусогледоста на претставниците на големите сили, кои при склучувањето на договорите за мир ги заштитуваа исклучиво своите сопствени освојувачки, поделбени и класни интереси. Тие се однесуваа за нова распределба на светот, за нови колонии и протекторати.

Македонците беа меѓу првите, кои се насочија спрема СССР. За кусо време, беше воспоставен контакт со некои револуционерни фактори, организации и лица во СССР за да се бара еден нов пат за борба со сеопшта помош на новата веќе револуционерна, толку пространа држава. Изменетата општоевропска и општобалканска ситуација и прегрупирањето на општествените, социјални сили на Балканот уште повеќе помагаше да се постави одново рационалното разрешување и на македонското прашање, откако ќе започна една нова легална и нелегална борба, различна од таа во минатото, базирана врз нови методи и средства, и не само одделно во Македонија, туку и на Балканот. Уште првите години се започна со формирање, пред сè, на еден општ македонски револуционерен фронт составен од сите дотогашни организации, групи и посебни лица, фронт кој ќе влезе во координација со подготвуваниот заеднички балкански револуционерен фронт во кој влегуваа сите социјал-револуционерни партии, групи и лица од сите балкански држави. Така се дојде до идејата за формирањето на еден општ револуционерен фронт во кој требаше да влезат ако не сите, барем мнозинството од тогаш постоечките национал-револуционерни и социјал-револуционерни организации, партии, групи и лица за заедничка координирана борба и на Балканот со моќната поддршка и сеопшта помош и содејство на новиот револуционерен фактор-Сојузот на Советските Социјалистички Републики, кој сè повеќе и повеќе стекнуваше престиж и влијание како во Европа, така и во целиот свет.

Како почеток на тој заеднички национал-револуционерен фронт, по една долготрајна подготовка и по долги, тешки преговори и иницијативи,

во 1925 г. се формира ВМРО (Обединета) како посебна, нова македонска, општо револуционерна организација. Но, минатото го остави своето „наследство“. Многу од старите националистички и милитаристички остатоци и предрасуди беа останати во главите и на лицата, кои влегуваа во разните легални и нелегални македонски организации, групи и лица. Некои од реакционерните фактори на Балканот сѐ уште живееја со своите стари претстави и разбирања, сѐ уште не можеа да ги изживеат своите заблуди, предрасуди и сфаќања, со оглед на своите класни, државни, партиски, династички или групни, сталешки интереси, и директно или индиректно ги побудуваа, поттикнуваа или им помагаа на останатите главно политички непросветени лица, кои тињеа по еден фатален пат кон нови потреси и државни и национални катастрофи. Наспроти околностите дека и последниот Македонец од искуството разбра и се убеди дека Македонија не можеше и нема да може да се ослободи по пат на војна, туку само по пат на револуција и тоа ако се бори не посебно, изолирано, туку паралелно без да се меша со останатите социјал-револуционерни партии, организации, групи и лица во сите балкански држави. Само национал-револуционерните и социјал-револуционерните организации, групи и лица беа и можеа да бидат природните сојузници во борбата на македонскиот народ за слобода, национално и социјално ослободување.

Но, за несреќа на Македонија, во Бугарија воскресна, се повампири стариот врховизам и го започна своето пакосно дело и влијание.

И во тој меѓупростор, жалните остатоци од бившата ВМРО се групираа и за кусо време се создаде една доста силна организација, која главно во Македонија под бугарска власт-Пиринска Македонија, разви една колку фатална, толку и пакосна дејност, повторно со истите средства и методи-четнички преминувања и терористички акти, што постепено се проширија и во останатите два дела од поробена Македонија-Вардарска под српска власт и Егејска под грчка власт. На тој начин, самите Македонци го ставија надвор од законите целото македонско население, без разлика на вера, јазик и народност. Што се однесува посебно до Бугарија, каде таа дејност беше полека и поттикнувана од заинтересирани неодговорни лица и групи-фактори во државата, подновената ВМРО стана држава во државата. Но, како што рековме, борбата беше почнала и диференцијацијата меѓу широките македонски емигрантски маси и тие во Пиринска Македонија сѐ повеќе и повеќе се зголемуваше сѐ додека не се стигна повторно до формирањето на јасно определена десница и левица, кои влегоа во отворена и непомирлива борба. Поради редица разногласија, започнаа следења, измачувања, масовни и поединечни убиства не само во Пиринска Македонија, туку и меѓу македонската емиграција во внатрешноста на Бугарија дури до Русе, Варна, Пловдив и други места, села и градови.

Особено по убиството на Тодор Александров на 31. VIII. 1924 г., следењата, масовните и поединечни убиства се засилија, зачестија и се стигна дури до заемни братоубиствени борби, невидени и нечуени дотогаш. Пиштолот, бомбата, ножот, беа единствените аргументи. Дури, по улиците на Софија, Варна, Пловдив, паднаа сосема невини луѓе, убиени по грешка, само зашто на изнајмените убијци им се сторило дека лицето е истото што требало да се убие! Во тоа време, како што се знае, падна убиен од изнајмен убиец и најголемиот ум како национал-револуционер Ѓорче Петров, без да ги набројуваме имињата на сите останати отплатени жртви-видни легални и нелегални активисти во македонското национал-ослободително движење. Во период од 5-6 години беше убиена елитата на македонската революционерна мисла-беа убиени повеќе од 1.000 души македонски револуционери*. Многумина, кои случајно останаа живи, беа принудени да се сокријат, други да избегаат во странство-Европа, Америка и Цариград. Тоа беше една од последните низи на македонската мартирологија. Тоа е, можеби, најцрната точка во историјата на македонската национал-ослободителна борба или поточно од историјата на македонските братоубиства. Најпосле, едвај во 1934 г. самата официјална Бугарија, па и целото општествено мислење сфатија дека таа нова, необична ВМРО, свесно создадена и поддржувана во текот на толку години од бугарската влада и дворецот, не е ништо друго освен една банда од убијци, чија „револуционерна дејност“ освен што со ништо не придонесуваше за социјалното ослободување на македонскиот народ или божем за олеснување на неговата зла судбина, туку поскоро е и едно суштинско зло за самата Бугарија како држава. Зашто, тие потомци, наследници, продолжувачи на револуционерното движење, применувајќи ги идеите и методите на своите претходници во изменета и историска ситуација, што повеќе не ги оправдува, беа ослабнати до беспомошност и дегенерирани како суштински епигони. Така заврши тоа општествено зло, кое во период од 10-12 години со своето насилство и терор донесе толку зла и на цела Македонија. Но, тоа е, впрочем, дел од најновата историја на македонското национал-ослободително движење, што не е предмет на оваа книга, туку на друга, веројатно во 2 - 3 тома, во која опстојно ќе ги изложам сите собития и историски факти во релативно не толку далечното минато на Македонија, но со една анализа, што ќе придонесе појасно и попрегледно да се видат пропустите и грешките направени од нашите претходници за да не се повторат и во иднина...

Втората светска војна веќе се подготвуваше. Фашистичка Германија бараше само повод за да ја започне, што и се случи во 1939 г.. Фашистичка

---

* Бројката е преувеличена и неоснована и со пропагандистички цели.

Германија ја присвои, ја присоедини кон себе Австрија (аншлус), ги нападна Полска, Белгија, Холандија, ги разби Франција, Чехославија и стана господар речиси на цела западна и југозападна Европа. А на 6. IV. 1941 г., на еден брутален начин, без никакво право и основаност се втурна во бивша Југославија, која за 10-12 дена ја разби и се упати кон Грција, островот Крит, Северна Африка-Триполитанија и Киренаика и стигна до Ел Аламејн-египетската граница, а речиси истовремено со тоа ја започна војната и против СССР за да го реализира својот историски план - Drang nach Ostend (чекор кон Исток).

Германија во својот јуриш кон Блискиот Исток-Средоземното Море, ја зазема и цела Македонија, отстапувајќи и поголем дел од неа на фашистичка Бугарија, како награда за добрите услуги, што и ги пружи уште во почетокот на војната, и дозволи слободно да влезе и да ги заземе сите стратешки пунктови и информативни средства. Така, Македонија и во последниот момент потпадна под бугарско владеење и ги промени своите господари. Наместо бившите српски, грчки поробувачи, се појавија други, германски, бугарски, албански, кои останаа до крајот на воените дејства на Балканот. Македонија, наместо да биде, како што од сите се посакуваше и долги години се проповедаше од најдобрите, далекувиди, образовани, слободољубиви свои синови-вистински патриоти-како Ригас, Светозар Марковиќ, Христо Ботев и цела плејада други балкански и европски родољуби, обединувачка алка меѓу балканските народи, таа стана јаболко на раздорот меѓу нив и во последните две-три десетлетија заличе на една фудбалска топка, што секој од поробувачите можеше да ја шутира според неговите желби.

Но, уште во 1941 г. единствено југословенската Комунистичка партија го исфрли лозунгот за вооружено востание, ги повика сите југословенски народи на бунт и револуција. Борбата започна и се водеше со голема упорност и жестина. За време на таа континуирана борба од средината на 1941 до 1945 г., југословенските народи дадоа колосални човечки (1.700.000 души) и неброени материјални жртви, но на крајот ја стекнаа својата слобода и независност. Во таа борба зема учество и Вардарска Македонија како дел од бившата Југославија. И на 29. XI. 1943 г. во градот Јајце (Босна) се свика АВНОЈ и се призна правото на македонскиот народ да се осамостои во посебна политичка единица, а една г. потоа, на 2. VIII. 1944, се свика во манастирот Св. Прохор Пчински и АСНОМ, каде се донесе решение и се поставија темелите на македонската држава, како нераскинлив дел од новата реорганизирана врз федеративни начела Југославија. Малку подоцна се формира првата македонска влада, а потоа преку општо, тајно, директно гласање се избра и првото македонско Народно собрание со Президиум и се уреди Народна Република Македонија во рамките на Федеративна Народна Република Југославија.

И така во наши дни, Македонија врви брзо кон својот економски, културен, национален и политички развој, на што и ние сме сведоци, за да ги достигне останатите поразвиени и понапредни во секој поглед републики во заедничкиот сојуз-Федеративна Народна Република Југославија.

# ВРХОВИЗАМ И ЦЕНТРАЛИЗАМ – ФЕДЕРАЛИЗАМ

## Два светогледа, два концепта

Руско-турската војна од 24. 1.1877 до 3.3.1878 г. заврши со Сан-Стефанскиот договор (3.3.1878) склучен меѓу Русија и Турција во едно од предградијата на Цариград. Сан-Стефано, според чија сила (член 15), Турција требаше да отстапи голем дел од својата европска територија и да се формира една нова држава - Бугарија, која до исполнувањето на сите обврски од страна на Турција произлезени според Сан-Стефанскиот договор, остануваше времено окупирана од победничките руски војски. Фактот дека Русија се приближуваше до самиот Цариград, потоа до Босфорот и Дарданелите ги исплаши останатите заинтересирани големи сили - Англија и Австро-Унгарија, и уште на 14 август 1878 година, Англија преку својот министер за надворешни работи изјави дека - „секој договор меѓу Русија и Турција, кој би ја изменил положбата на Балканот ќе треба да добие одобрување и согласност од големите сили“.

Двете најзаинтересирани големи сили - Англија и Австро-Унгарија, во тоа време сметаа дека новоформираната бугарска држава, според силата на настанатите и создадени околности, треба да биде една подунавска губернија и за да се намали значењето на тој факт го ставија во функција целиот свој дипломатски апарат, со цел да се осуети секоја желба, секој план на Русија да се доближи до Босфор и Дарданелите, да излезе на топлото Средоземно Море, а со раздробувањето или намалувањето на Отоманската империја, која сите ја сметаа за „болен човек“, кој во едно блиско или подалечно време ја очекува својата смрт, да се попречи сувоземниот пат на Англија кон Персискиот Залив, а од таму за Индија.

Англија се трудеше ако не може да ја спречи, тогаш да ја намали руската моќ, па откако не можеше да ја спречи да се вгнезди на Кавказ и на Балканот барем да го направи невозможно руското влијание на Исток, да ја отфрли Русија од можноста да се приближи до Индија.

Паѓањето на Плевен (ноември 1877 г.) и разбивањето на турските сили кај Шепново (јануари 1878 г.), со што се отвори патот на руската армија кон Пловдив и Одрин, ги разбуди сомневањата на големите сили и тие почнаа да дејствуваат. На 31.1.1878 година, во Одрин беше поднесен договор за примирје меѓу Русија и Турција и беше договорено дека Бугарија со граници определени од мнозинството на бугарското население, но во никој случај не помали од оние што беа определени на Цариградската конференција (1876 г.), ќе биде издигната во автономно, трибутарско кнежевство со народна христијанска управа и месна полиција. Со тоа беа поставени првите основи на идната бугарска држава.

Англија веднаш го искажа своето незадоволство и кон средината на февруари 1878 година ја испрати својата флота во Цариград, во заштита на Турција. Односите меѓу Русија и Англија се заострија и се навестуваше опасност од нова војна. Австрија* ѝ се приклучи на Англија. Решавачкиот збор за свикување на општоевропска конференција остануваше на Германија на чие чело стоеше кнезот Бизмарк, кој се беше издигнал до положба на врховен арбитер. Но, додека тие преговори продолжуваа, мирот меѓу Русија и Турција беше потпишан во Сан-Стефано на 3 март 1878 година.

По потпишувањето на Сан-Стефанскиот договор англиското раководство посака Русија веднаш да се согласи со општа ревизија на договорот, а мотивите за тоа беа дека:

1) Договорот од 3 март во Сан-Стефано под покровителство на Русија создава една силна словенска држава, со важни пристаништа на Црното и Егејското Море, што ќе ѝ овозможат преголемо влијание над политичките и трговски односи во нив;

2) Руското влијание ќе се прошири далеку зад пределите на новото кнежевство;

3) Русија ќе го има правото на покровителство над членовите на руската црква, а со тоа ќе се засили влијанието на Руската империја во државите и крајбрежјето над густото грчко население, кое е доминантно, и тоа ќе биде не само во нејзин, туку и во редот на сите нации, кои имаат интерес во источниот дел на Средоземното Море;

4) Отсечувањето на Цариград од останатите области на Балканот, кои и во иднина остануваат под управа на Портата, ќе создаде големи

* Се мисли на Австро-Унгарија.

и постојни потешкотии во нивното управување и не само што ќе ја лиши турската управа од секаква политичка власт над нив, туку ќе создаде сериозна опасност, безредија, анархија;

5) Присилното одземање на Бесарабија од Романија, простирањето на Бугарија до брегот на Црното Море, заземањето на важното пристаниште Татум ќе ја направат руската морнарица доминантна над сите соседи на Црното Море;

6) Заземањето на ерменските крепости на Кавказ, заземањето на извесни реони на Курдистан ќе нанесе голем удар врз австриската трговија, која од Трапезуна минува низ тие места за Персија, па целиот транспорт ќе може да биде постојано стопиран по желба на Русија;

7) Договореното обесштетување е извонредно големо и ако Турција не ќе може да го плати, ќе биде заменето со отстапување на нови значајни територии или, пак, со наложување специјални задолженија за да потпадне под политичко потчинување на Русија, а тоа Велика Британија не може да го дозволи зашто позициите и географската положба што ги зазема Отоманската империја, како владетел на преминот, Сирија, Персискиот Залив и како близок сосед на Суецкиот канал, имаат извонредно големо значење за англиските интереси.

Австро-Унгарија, и покрај сите можни отстапки што руското раководство ѝ ги направи, се покажа непопустлива.[213] Тогаш меѓу Русија и Англија во Лондон, на 29 мај 1878 година, беше потпишана спогодба меѓу Солебер и Шувалов, која е и основата врз која се водеа побарувањата во Берлин.

Во таква ситуација и такви услови, на 13 јуни 1878 година, под претседателство на кнезот Бизмарк бил свикан Берлинскиот конгрес. Двете најзаинтересирани држави - Англија и Австро-Унгарија уште на првото заседание предлагаат, спротивно на постигнатото во Сан-Стефано, значително да се намали територијата на новата држава за да се ограничи Бугарија само со земјите меѓу Дунав и Балканот, а целата останата територија, што влегувала во границите на Сан-Стефанска Бугарија, да се врати на Султанот. Така што територијата на новото кнежевство од 160.000 квадратни километри да се намали на околу 60.000, „со што ќе се обезбеди расположение и пријатно чувство кај населението на териториите, што ќе се вратат на Султанот, со доволно гаранции било ако им се даде административна автономија било на друг начин“.

---

[213] Австро-Унгарија, всушност, сакала, општо кажано, западните граници на новата држава во никој случај да не ги засегаат сферите на австро-унгарските интереси.

Вториот дел од „покосената“ во Берлин Сан-Стефанска Бугарија беше таканаречената Источна Румелија. Мотивите за нејзиното создавање беа да се примират руско-англиските противречности - Русија да биде колку што може подалеку од Цариград, но раководителите на англиската политика, на чело со Дизраели и лорд Биконфилд како докажани русофоби, не се решија да настојуваат областа на југ од Стара Планина, која во своето мнозинство беше неспорно населена со чисто бугарско население и беше „главниот театар“ на востанието во 1876 година, да остане одново под директна власт на Султанот.

Раздвојувањето на Јужна и Северна Бугарија не беше суштествено, туку произволно. Уште во 1879 година германскиот научник Глункли говорејќи за решението, ја истакна неговата несоодветност и посочи дека тој акт е неспроведлив, неодржлив и не може да се смета на неговата долготрајност. Но истовремено европските државници, водени првенствено од завојувачки, колонијални стремежи, во него гледаа залог за идниот мир и спокојство на Балканот.[214]

При уредувањето на Источна Румелија учеството на населението не беше дозволено како што беше во кнежевството Бугарија, туку сè беше оставено во рацете на европската комисија. Комисијата изработи еден тврд, либерален устав, кој му даде широки права на населението и областа се стекна со широка локална автономија.

Македонија и Лозенградско, кои според Сан-Стефанскиот договор влегуваа во состав на Бугарското кнежевство, на Берлинскиот конгрес ѝ беа вратени на Турција, со обврска таа таму да воведе реформи што ќе ја гарантираат положбата на христијаните и ќе ги спречат насилствата на Турците. Но Берлинскиот конгрес не донесе ревизија на членот 15 од Сан-Стефанскиот договор, кој јасно и децидно го задолжуваше турското раководство во сите земји на Европска Турција каде живеат христијани, да обезбеди примена на Уставот за островот Крит од 1868 година каде се има предвид и желбата на месното население. Членот 23, алинеа 1 на Берлинскиот договор, утврди дека Уставот од 1868 година ќе биде воведен на островот откако во него ќе се внесат измените, кои се оценуваат како праведни, следствено без да се прашува населението.

Втората алинеа на чл. 15 на Сан-Стефанскиот договор, исто така, претрпе измени. Соодветната на таа алинеа, алинеа втора на чл. 23 на Берлинскиот договор, дозволува само тоа дека во сите области на Европска Турција за кои не е предвидено посебно уредување со Берлинскиот дого-

---

[214] „Бугарското прашање на Цариградската конференција во Сан-Стефано и Берлин“ од проф. Г. П. Генов, стр. 325.

вор ќе бидат воведени организациони устави, соодветни на тој од островот Крит. Таа одредба ги засегна Македонија и Одринско без, се разбира, договорот да ги споменува изрично.

Воопшто, Големите сили многу несериозно се однесуваа спрема таму договорените реформи, а христијаните страдалници очекуваа многу повеќ е од решенијата на европските дипломати. Во суштина, во Берлин никој не мислел дека чл. 23 ќе доведе до едно вистинско и сериозно подобрување на положбата на христијанското население во Турција. Сепак, чл. 23 од Берлинскиот договор им даде право на потчинетите христијани постојано да укажуваат и да рекламираат, макар и безуспешно, на неговото исполнување.

Турските задолженија се впишани во тој меѓународен договор, кој им дава право на сите (но, истовремено им наложува и задолженија) да бараат исполнување на чл. 23 на договорот од Високата порта како дел од преземените обврски.

Во согласност со одредбите на Берлинскиот договор, Бугарија, од политички аспект, остана вазално кнежевство под суверенитет на Султанот и ги презема сите стари меѓународни задолженија што Турција ги имаше веќе во однос на големите европски држави. Така, новата држава ја наследи, според силата на договорот, старата турска царинска тарифа. Слободниот царински режим, наследен од Турција, со 8 % увозна царина, успеа за кусо време да му нанесе смртоносни удари на месното еснафско производство на новото кнежевство.[215]

Таа епоха се совпадна со епохата на најинтензивен раст на европската капиталистичка индустрија и грандиозниот развој на производствената техника и со последиците од тоа - политиката на засилено барање и завладување туѓи пазари. Од друга страна, таа епоха се совпадна со епохата на политичка трансформација на Бугарија, која од една турска провинција со средновековни политички и социјални односи и полуисточна култура низ новото управување се подложи на режимот на западноевропските држави. Тоа двојно влијание не задоцни да предизвика

---

[215] Во 1887 година во Народното собрание беше усвоен дпредлогот за развој на бугарската индустријав. Во 1889 година Бугарија склучи посебен трговски договор со Англија и го наруши трговскиот договор на Отоманската империја со европските договори од 1861 и 1862 година, што беше задолжителен за неа. Во 1894 година се зголеми царината од 8 на 10%. Се разбира, најрешителниот чекор за удар врз локалната индустрија беше направен во 1897 година. Тогаш не само што беше специјално дополнет и проширен законот за локалната индустрија, туку Бугарија склучи трговски договори со европските држави во кои за првпат ја протурка и тенденцијата за специфичните царини и ги покачи фискалните царини за заштита на бугарската индустрија до 25% на државата, „Стопанска Бугарија“, К. Попов, стр. 278 - 279.

реакција во стопанските и социјалните форми на животот, што му нанесе решителен удар на тогаш доминантното затворено домашно еснафско стопанство и го расчисти патот за стоковото парично производство и на западно-европската конкуренција.[216]

Таков беше развојот на стопанските односи, следствено и развојот на производствените сили во државата. Всушност, како што се знае, и самите приврзаници на дијалектичкиот материјализам, иако секогаш и секаде ја посочуваат определувачката улога на економскиот фактор, никогаш не потврдиле дека личниот и општествен живот можат да бидат објаснети само со брзото дејство на економскиот фактор. Многумина од нив, всушност, се подигрувааа со оние кои „се вадат на економијата". Неспорно, треба да се имаат предвид и други второстепени фактори, географијата, општествено-историските, психо-биолошките... Така што за да ги објасниме подоцнежните настани и општествено-политички борби што се појавуваат на сцената, треба да се знае дека тие, основно, минале во една меѓусебна врска: создаденото општествено, политичкото уредување. Паричното стопанство ја претвори Бугарија во стопанска средина и создаде општи стопански, но и политички, образовни и културни интереси. Борбата за бугарска државна организација го обедини духовно народот во нација преку отрезнување на општественото во битие со сознание. Но изминатите општествени борби ги создадоа начелата на бугарската демократија зашто тие не беа ништо друго, освен земање активно учество на народот во изградбата на политичките форми на неговиот општествен живот. Под притисок на новата општествена неопходност - капитализам и земјоделски труд - личноста растеше во длабочина и широчина, таа се збогатуваше со нови квалитети, со нови културни и здравствени вредности.

Младата бугарска држава во времето на првото десетлетие по ослободувањето, време кога, како што тврдат видни бугарски економисти, првично се создаваше капиталот беше арена на жестоки внатрешни борби и немаше време и можност да се следи една строго определена стопанска политика. Масовното пропаѓање на занаетчиите, рушењето на старите односи, создаваше незадоволство во државата, а трговците капиталисти бараа покровителство за бугарските производи. Следствено се наложуваше една нова економска политика. Но, во тоа време дојде до еден важен политички настан - обединувањето на Северна со Јужна Бугарија (6 септември 1885 година), што фактички ги прошири националните граници, националниот пазар, а истовремено со тоа избувна и српско-бугарската војна, која го одвлече вниманието и на раководството и на народот во сосема друга насока. Борбата меѓу либералите и конзервативците

---

[216] К.Г. Попов, 25-годишнината на Бугарија, стр.3.

времено беше прекината, а на општествената сцена се појави Стефан Стамболов, тогаш млад државник, бивш револуционер, кој имаше земено активно учество во Старозагорското востание и беше кален во народните, заеднички борби. Стефан Стамболов за да обезбеди, пред се, слобода и национална независност на Бугарија, според силата на сложените услови и околности, воведе еден режим на политички терор против сите свои противници, како и против понапредните демократски елементи. Како изразит русофоб тој сакаше да го елиминира секое руско влијание во државата и гравитираше кон западните големи сили, негувајќи пријателска политика кон тие држави. Покровителството и заштитата на намножените селски и градски стокопроизводители и трговци, брзите општествени промени, изградбата на погони, касарни, железници, пристаништа, надворешните заеми, сето тоа го засили економскиот и стопанскиот развој и Пловдивскиот саем  во 1892 година беше суштинска демонстрација на бугарските производни сили, на бугарскиот стопански растеж.

Обединувањето и српско-бугарската војна, од која како победник излезе Бугарија, го подигнаа националното самочувство на целата веќе возобновена и освестена бугарска нација и постепено во новата држава се образуваа и оформуваа општествено уредување, воена организација, градска и селска интелигенција, која ја заземаше службата во општествената и државна хиерархија: рицери, судии, адвокати, лекари, инженери и брзо зголемени кадри од чиновници, населени по разните полициско - административни и општински служби во државата. Слободата на трговијата, надворешната конкуренција, личната иницијатива го потхрануваа и засилуваа и индивидуализмот во сите дејности и класи. Спомените од борбите за црквата и училишта и револуционерните борби за политичка независност го засилија националното самочувство на народот, а настаните од кои произлегоа редица личности во политичките и воените односи уште повеќе го засилија националното сознание, што мнозинството од народот го земаше за пример и поддршка.

Жедните за просвета градски и селски маси, ситните стокопроизводители, ситните сопственици, селани, занаетчии - ситни трговци - ги полнеа сите училишта за да црпат знаења, наука, воопшто духовна култура, а многумина и да создадат кариера во животот, да станат офицери, судии, адвокати, лекари или најмалку чиновници по разните установи на државната управа. Воопшто, стопанскиот и културен подем се засили кога новите материјални сили по раѓањето и создавањето на капитализмот во Бугарија биле, според својата тенденција, прогресивни и го потиснуваа сè понапред материјалниот и културен прогрес на државата. Спомените од руско-турската војна, обединувањето, српско-бугарската војна, како и спомените од долгогодишната борба за цркви и училишта

и за национално самоопределување, на сите Бугари останати надвор од пределите на новата држава им беа сè уште свежи и очите на сите беа свртени кон слободниот дел каде освен како бегалци се сметаа како и многуте други преселници, кои бараа начин полесно да најдат престој во една блиска според јазикот нова братска држава.

Наспроти општиот стопански и културен подем општоземено државата, според силата на договорите склучени меѓу бившата Отоманска империја и Големите држави, вклучувајќи го и Берлинскиот договор, се гледаше ограничена во својата политика. Освен тоа отпорот на големите држави и неколку години по Берлинскиот конгрес покрај тоа што не се намали, туку напротив се зголеми, а тоа уште повеќе наложуваше некаква иницијатива на бугарските државници.

По Берлинскиот конгрес, од моментот кога Германија почнува да навлегува со своето влијание и да се интересира за состојбите во Турција, кога зема учество во реорганизацијата на турската армија (Фон дер Голц) и во изградбата на железничките патни линии (Цариград-Багдад 1888 г.), источното прашање стана уште поактуелно и се заостри. Доселувањето на германски офицери во Цариград создаде сериозни грижи и за Русија, а проникнувањето на Германците во насока на Месопотамија ги заплаши и англиските раководства во Персија и Индија. И така, прашањето за Блискиот Исток од прашање меѓу Австрија и Русија и Англија и Русија се претвори во едно сложено меѓународно прашање, чие разрешување од година во година стануваше сè потешко. Од таа причина, имено, статус-квото на Балканот одговараше на интересите на големите сили. Но, постоечката положба стана пречка за општествениот, правилен развој и законските и праведливи аспирации на балканските народи. Тој чувствителен карактер на прашањето за Блискиот Исток внесуваше постојана раздразнетост кај заинтересираните држави (проф. Бицили).

Сер Едуард Греј, англиски министер за надворешни работи, во своите мемоари кога говори за тешкотиите околу правилното разрешување на балканскиот проблем, посебно за македонското прашање, за да даде претстава за големите потешкотии на прашањето, прави споредба со еден претоварен брод заглавен во песоклива почва. И при секој обид да се извлече, оддалечи, спаси, тој сè повеќе и повеќе потонува во песокот, а со тоа напорите и маката сè повеќе и повеќе се зголемуваат и често се стигнува до безнадежност...

Уште првите години по ослободувањето борбата против русофилството добиваше карактер на борба за зачувување на националната самостојност од влијанието на царска Русија, која во државата делуваше со разни средства, поткупи, терор, убиства, вооружени чети и др.[217]

---

[217] Руски архиви, книга „Авантурата на царската политика во Бугарија“.

Во таа борба земаат учество офицерите, учителите, образованите чиновници и лумпен-буржоазијата. Па така, и самото разграничување на новата држава лишена од бреговите на Егејското Море неминовно се насочи кон западните држави Австрија и Германија, кои го насочуваа своето економско и политичко влијание, првата кон Солун, а втората кон Цариград-Багдад. За Бугарија остануваше еден единствен пат за стопанско и економско проширување -територијата на Отоманската империја, главно Цариград и Европска Турција. И требаше да се избере пат за тоа проширување - на мирен, легален или насилен начин, т.е. со разбирање, пријателство со Турција или преку притисок и сила, односно вооружена форма. Како што се знае, Стефан Стамболов, тој револуционер од пред ослободувањето, беше безрезервно за блиско разбирање и пријателство со Турција, но по неговото паѓање и убиство (1894 г.) во државата се засили едно погрешно, непријателско расположение и се избра вториот пат, патот на вооружена акција во Турција, со што се даде чекор на бугарските посакувани апетити за поголемо бугарско влијание и по можност побрзо територијално проширување кон Македонија и Одринско.

Како што се знае, во минатото многу Македонци беа учествувале во грчкиот заговор, во бугарската легија, во четите на Хаџи Димитар и Христо Ботев, се бореа и во времето на српско-бугарската војна, како што сметаа и се надеваа дека по Грција, Србија и Бугарија, ќе дојде и на нив ред да се ослободат од турскиот јарем.

И уште во првите години по ослободувањето на Бугарија се формираат македонски друштва, братства, но со различна цел и задачи. А во 1890* година во Софија се оформи еден општонаречен Врховен македоно-одрински комитет, кој си постави за задача да ги помага морално и материјално емигрантите од Македонија и Одринско организирани во братства, а истовремено да го запознава и привлекува општественото мислење внатре во Бугарија и надвор од неа со неподносливата положба на бугарското население во тие области. Тоа е таканаречената надворешна организација во која влегува голем дел од емигрантите, кои заземаат и видни државни служби како во граѓанскиот, така и во военият сектор. За претседател бил избран со голем авторитет како личност и општественик, покојниот Трајко Китанчев, по професија учител, поет и писател, родум од Ресен, Македонија. По доаѓањето на кнезот Фердинанд, од германско потекло и со германско воспитување, за прва задача си постави да ја реорганизира војската, да ја постави на поздрави основи, да

* Врховниот македоно-одрински комитет бил создаден во март 1895 г. во Софија. Најпрвин бил именуван како Македонски комитет, а во декември 1895 г. се преименувал во Врховен македонски комитет.

ја дисциплинира и да направи еден одличен инструмент за спроведување на својата внатрешна и надворешна политика. Војската за кратко време беше добро организирана, дисциплинирана и добро екипирана, се јави како една одлично организирана сила преку која кнез Фердинанд се служеше за остварување на своите цели и задачи. Таа претставуваше одлично организирана и дисциплинирана, обучена сила и стана суштински фактор во управувањето. Фердинанд, според надворешните интереси и настојувања, во власта повикуваше ту една ту друга од владејачките партии, иако всушност регулатор на внатрешната политика беше армијата, која кнезот Фердинанд лесно ја користеше кога посакуваше при остварувањето на својата внатрешна и надворешна политика, без да ѝ даде можност на самата армија како целина, таа самата да преземе иницијатива за каква и да е политичка акција, туку секогаш да стои на страна како светилник на внатрешниот мир и спокојство во државата, а само со одделни свои блиски и најдоверливи лица од самата армија да ги спроведува своите планови и намери и самиот да ги разрешува поголемите прашања од внатрешен и надворешен карактер во државното управување. Поради тоа во државата се создаде една реакција против „личниот режим", реакција што ги опфати понапредните, демократски елементи главно од владејачките партии: демократи, радикали, либерали, земјоделци, без да ги сметаме социјалистите.

Општата положба во Македонија и Одринско во економските, културните, политичките, воопшто социјалните односи, остана иста каква што беше пред руско-турската војна во Бугарија и Источна Румелија. Месното христијанско население, главно земјоделско, во економските односи остана во една полузависна ропска положба, оставено во немилост на турските феудалци, сопственици, без да ги сметаме разните разбојнички банди кои постојано невознемирувано од власта дејствуваа во државата. Во подалечното и поблиското минато, реформските акти, колку и да постоеја само на хартија, сепак во основа влијаеја уривачки врз старите феудални односи создавани од времето на првите султани. Стоково-паричните односи што постепено проникнуваа и се развиваа ги притискаа занаетчиите, еснафите, кои сè повеќе и повеќе пропаѓаа, а кога на сето тоа ќе се додадат мизерните услови и на занаетчиите и на селаните, станува целосна сликата за тешката материјална положба во која се наоѓаше месното бугарско население. Селаните го чувствуваа најтешко угнетувањето на турскиот феудализам. Тие страдаа од турските феудалци од кои повеќето притоа имаа и монопол врз граѓанските и воените служби во државата како муслимани (мухамеданци) Турци, а следствено и владејачка нација. Занаетчиите и ситните трговци, пак, страдаа и постепено пропаѓаа од сè повеќе и повеќе развиените во

државата стоково-парични односи, а создадената селска и градска интелигенција, повеќето учители, свештеници, онеправдани, лишени од секакво учество во управувањето, беше станала непримерен непријател на државата. Ехото од решенијата на Цариградската конференција и Берлинскиот конгрес, големото обединување на новата слободна братска држава-Бугарија-македонското население, без разлика на општествената положба, безрезервно ги прифаќаше сите односи сè до неговото блиско или подалечно идно ослободување и подготвено ја примаше секоја покана за жртва во името на еден сопствен национален идеал. Остануваше да се јави само една иницијатива и мнозинството од месното градско и селско население да се ангажира во една жестока борба за слобода и поподнослив живот.

И подобна иницијатива се појави кога во 1893 година се поставија основите на Внатрешната македоно-одринска револуционерна организација* на чело со Централен комитет, со седиште „секаде и никаде“ во Солун. Целта што се постави уште во првиот момент беше автономија на Македонија, следствено и нормално различна од целта и задачите на Врховниот македоно-одрински комитет во Бугарија. Организацијата регрутираше свои истомисленици од целото месно население, без разлика на вера и народност-Бугари, Власи, Грци. Раководители беа главно учители и свештеници, а, исто така, и ситни трговци, лекари. Првата задача е да се притискаат беговите, големите сопственици на чифлиците за да се спречат да ја издаваат земјата под наем, зашто се сметаше дека со тоа ќе може да се постави почетокот за разрешување на земјоделското прашање и постепено да се отстранат албанското самоволие, грабежите и зулумите.

Првите иницијатори и основачи на Внатрешната револуционерна организација се Христо Татарчев, претседател, лекар од Ресен, Петар Поп Арсов, секретар, од с. Богомила (Велешко), учител**, Дамјан Груев, Иван Хаџи Николов, книжар од Кукуш, Антон Димитров, адвокат од Битола, и Христо Батанџиев, учител од с. Гуменџе, Солунско, сите родум од Македонија, воспитани во духот на бугарската преродба и убедени продолжувачи на бугарските национални револуционерни дејци од пред ослободувањето, наследници на Љубен Каравелов, Васил Левски, Христо Ботев, Г. Бенковски и други, кои создадоа револуционерни традиции, ја подготвија и изнесоа на своите плеќи целата епопеја на Априлското

* Првичното име на Организацијата беше Македонска револуционерна организација, на чело со Централен македонски револуционерен комитет, а името Внатрешна македоно-одринска револуционерна организација го добила на Рилскиот конгрес во 1905 г.

** Прв секретар на Македонската револуционерна организација бил Дамјан Груев.

народно вооружено востание со сета негова големина, но кои на потомството му оставија еден скап и свечен идеал дека само со појава на масовна революционерна борба ќе може да се дојде до конечно национално и социјално ослободување. А со тоа воведоа една демократичност во методите на борбата, демократичност која е во крвта и во душата на сите Словени жедни да ја сочуваат својата самостојност и битова особеност, жедни за слобода, најценетиот залог за нивниот труд и благосостојба.

Дамјан Груев во своите спомени вели:

„Сметавме да дејствуваме главно во насока да се бара спроведување на Берлинскиот договор. Мислевме да создадеме организација по примерот на револуционерната организација во Бугарија пред ослободувањето, да дејствуваме по примерот на В. Левски, Хр. Ботев, Г. Бенковски и други. Ние бевме ја проучиле таа организација. Записите на Захари Стојанов, на пример, беа ни влијаеле и воопшто долгогодишната бугарска револуционерна литература".[218]

Боречко-демократската идеологија на Васил Левски, Христо Ботев, Г. Бенковски и други, од една политичка демократија, што произлегуваше и сметаше на силата и духот на народните слоеви, таа се определи и се раководеше од демократските сили во државата, безимотните и полуимотните селани и разорените занаетчии. Тоа беше демократија која подготвуваше еден голем политички и социјален преврат - разрешување на аграрното прашање и национално ослободување по пат на национална револуција.

Основањето на ВМОРО е едно големо дело и во историјата на македонскиот народ е една пресвртен датум, кој ставаше крај на минатото и отвораше нова ера, нов пат кон иднината. Делото е големо, велико, не само затоа што се појави во еден соодветен психолошки момент, туку и затоа што потцрта дека само по пат на вооружено народно востание, подготвено и организирано од една идеолошка зацртана, оспособена организација, со свесно определена цел и задачи е единствениот пат за вистинско национално ослободување. Револуционерната организација вдахновено и безрезервно го восприми принципот на автономија, како единствено возможен начин за ослободување од турскиот феудализам, теократизам, апсолутизам во управувањето. Само автономијата можеше да биде најздравата гаранција за мир во Европска Турција и на Балканот.[219]

---

[218] Спомени на Д. Груев, стр. 9-10 од проф. Л. Милетич, Софија

[219] Зборот автономија се состои од аутос (јас) и номос (закон) - јас самиот сум којшто го дава законот. Слободен, автономен, е тој којшто не се потчинува на законот, одејќи од нешто надворешно или туѓо за него

И навистина, тие не се излажаа. Уште во првите две години во повеќето градови и некои понапредни и поголеми села се основаа тајни комитети, со раководители главно учители, занаетчии. Месното население, пред сè, учителите, со задоволство ја прифатија иницијативата која го разгоруваше нивниот патриотизам и желбата да работат, да се борат за правда и слобода!

Но, токму кога тајно, целосно се рашируваше револуционерната мрежа од градски и селски комитети во Македонија, Врховниот македоно-одрински комитет, доволно закрепнат и во контакт со офицерството во Бугарија, по налог на бугарското раководство (Стефан Стамболов беше веќе убиен) и во интерес на Дворот, подготви и реши да се крене едно делумно востание во источна и северозападна Македонија, со одделни чети формирани и екипирани во Бугарија, водени од војводи и бивши арамии, кои ги познаваа местата и условите, но командувани од офицери, на број околу 40 души и четници околу 800 души, навлегуваа во Македонија - Разловечко, Малешевијата, струмичката долина, го преземаа градот Мелник по неколку судири со турската редовна војска и башибозукот (милиција), со цел да се предизвика вниманието на големите сили, откако истовремено се изврши притисок врз Турција да го признае официјално кнезот Фердинанд. Востанието беше кренато, повеќето чети беа разбиени, но тогаш бугарското раководство се покажа веќе индиферентно, што ги разочара луѓето на Комитетот на чело со Трајко Китанчев. А една година подоцна кнезот Фердинанд ја направи и првата официјална посета на Цариград и султанот Хамид Втори (1896 година).

Борис Сарафов во своите спомени по тој повод кажува:

„Дали раководството знаело за таа работа и востанието не ни беше познато, но се чудевме откако кај Ајдучкиот кладенец ние наоѓавме сандаци со куршуми на војската, а момчињата беа вооружени со мартинки".

Тоа се зборови на еден од активните учесници во исценираното востание - кажани свесно, кратко, категорично, кои не оставаат простор за какво било сомневање. А, подоцна продолжува:

„Откако се прибрав во Софија го најдов Комитетот поделен, расцепен: од една страна генерал Николаев (по смртта на Трајко Китанчев тој, повторно по налог од горе, стана негов наследник), Андреј Љапчев, Тома Карајовов, Јосиф Ковачев, Димитар Матов, Александар Радев и други, а од друга Наум Туфекџиев и офицерите, кои не сакаа да се занимаваат со дипломатија (т.е. со теоретизирање, обопштување), туку да се организира движење и протести. Како што се знае, сите горенаброени цивилни лица, воспитани во духот на бугарската преродба и бугарските национални револуционерни движења од кои биле инспирирани, беа чесни, доследни на себе си општественици, кои не во секого верувале или сакале да одат

во чекор со Дворот (Александар Радев и други) И по смртта на Трајко Китанчев и тие се изненадиле и, секако, доволно се разочарале од тогашното бугарско раководство, особено од Дворот“.

Во Бугарија општеството и самиот Трајко Китанчев од организираното движење очекуваа повеќе и континуитет. Китанчев искрено веруваше дека политичките резултати на движењето ќе бидат позначителни. Неговото разочарување беше тешко, големо и тој не можеше да поднесе кога најпосле се увери дека движењето беше искористено и за цели кои немаа врска со неговата главна цел. За владата и за Дворот движењето, како едно предупредување до Европа, го беше постигнало своето соодветно значење. Министрите, следствено, не можеа да не го сменат односот кон оние кои го беа изнесоа. Што значи, сите учесници, Тр. Китанчев на прво место, се сметаа за подведени и измамени.[220]

И како резултат на сè, не друг, туку генерал Николаев станува претседател на Врховниот македоно-одрински национален комитет. Ете следствено каде се крие причината на таа прва поделба меѓу Македонците - офицери и цивилите (граѓански лица), кои беа во и околу В.М.О. Комитет. Ете го зародишот на сите подоцнежни крвави борби меѓу Македонците и бугарското општество. Но, сепак тоа не може да се земе за суштинска целосна идејна и организациона поделеност каква што ќе видиме подоцна. Внатрешните дејци, основачите и истомисленицитe на ВМОРО, исто така, во прв момент беа доста изненадени од тоа исценирано, изолирано востание и Д. Груев специјално доаѓа во Бугарија за да се сретне со свои блиски пријатели и да се информира за тоа какви се целите на тоа предвремено востание. Груев по средбите со Китанчев и други доволно свесни лица, без да преземе некое непримерно однесување, останува смирен и, секако, договара како во иднина заедно да дејствуваат внатрешните со надворешните дејци. Се враќа во Македонија и со другарите заклучуваат дека ќе биде корисно да се испрати специјално лице, кое ќе биде нешто како агент, претставник на ЦК во Софија, кое ќе соработува со луѓето на Врховниот комитет. За таа цел изборот, многу корисно и мудро, паднал на Ѓорче Петров, кој во тоа време бил учител во Солун и веќе член на реизбраниот Централен комитет. Малку по него и Гоце Делчев станува илегалец и тој се придружува кон Ѓ. Петров, а тоа е првото претставништво на ВМОРО во Софија.

Генерал Никоалев како доверливо лице на Дворот, но без особени врски и влијание меѓу Македонците, а можеби оставен привремено без некои задачи и инструкции, ја запоставува работата на Комитетот и настанува една апатија кон ослободителното дело. Тоа загрижи многумина

---

[220] „Македонските ослободителни борби“, Христо Силјанов, стр. 59.

од тогашните македонски дејци и по иницијатива на Борис Сарафов, а со него заедно и Ѓорче Петров и Гоце Делчев, се заземаат да го заживеат Комитетот. Откако за почеток го подигнуваат неговиот авторитет во општеството и за да можат да се снабдат со парични средства, како и со оружје за кое се чувствувала голема потреба, по долги советувања и размислувања му понудуваат на Иван Цончев, како авторитетна личност и доверливо лице на кнезот Фердинанд, да ја преземе претседателската позиција. Но, тој не се согласил. Како решителен поддржувач на едно блиско востание и доколку го преземе претседателството не сакал да се изложува пред јавноста ако тоа не биде кренато за 5-6 месеци, па побарал во прво време да се постави некој млад офицер, кој ќе го подготви теренот, по што тој би излегол на виделина. Поради укажувањата и изложените мотиви на Цончев, сите, вклучувајќи ги и Ѓ. Перов и Г. Делчев, се согласуваат во државата да се отпочне засилена агитација и да се подготви терен за избор на Борис Сарафов за претседател на Врховниот македоно-одрински комитет.

Една година по официјалната посета на Фердинанд на Цариград, по повод Кримското востание, започнува грчко-турската војна во 1897 година. Бугарското раководство посака да ја искористи ситуацијата и го засили притисокот врз Турција, па побара неколку берати за бугарски митрополити и конзулства во Одрин, Дедеагач, Солун, Битола, Скопје и Сер, како и амнестија за политичките затвореници заточени на островот Родос. Во втората половина на 1898 година односите меѓу Бугарија и Турција сосема се влошуваат, па Турција спроведува делумна мобилизација. Но меѓународната положба со ништо не беше променета и Австро-Унгарија заедно со Германија и Русија како поддржувачи стојат на позиции на ниту еден начин да не се дозволи ниту Турците да влезат во Софија ниту Бугарите во Цариград!

На 20 април 1897 година, три дена по отпочнувањето на грчко-турската војна, кнезот Фердинанд, веќе официјално признат и од Русија, за да ја принуди Портата заминува за Берлин, бара „компензации“ за неутралноста на Бугарија - отворање бугарски конзулати во Македонија, како и берати за бугарски митрополити. Берлин ѝ дава услов на Портата да се отстапи и излегуваат берати (во ноември) за воспоставување три митрополии (Битола, Дебар, Струмица). Фердинанд сè уште стравува од развојот на македонското движење и непрекинато бдее. Тој се обидува да го диригира Движењето, не седи со скрстени раце. Македонското влијание сè повеќе и повеќе расте. Тогаш во Софија од 70.000 жители, 20.000 се доселеници од Македонија.

Во 1898 година видниот македонски револуционер Борис Сарафов е веќе на чело на надворешната организација - претседател на Врховниот

македоно-одрински комитет, кој во исто време е во договор со ВМОРО. За кусо време со големи напори и ревност дејноста на Врховниот комитет се проширува, се образуваат нови братства и друштва, чиј број од 20 достигнува до 200, се издаваат обврзници од првиот македонски патриотски заем*, се формираат стрелачки друштва, а по кусо време доаѓа до убиство на уредникот на весникот Peninsula Balcanica - Михалијану во Букурешт, што предизвикува голема вознемиреност во општествената јавност како во Романија така и во Бугарија и за малку не доаѓа до војна. По тој повод Фердинанд по секоја цена сака да го тргне Сарафов и да го замени со друго подоверливо и умерено, но и подисциплинирано лице.

Сѐ што се случуваше на Балканот ги обеспокои Австро-Унгарија и Русија. Бугарскиот дипломатски аташе е лошо примен кога презема чекори и постапки да ја побара согласноста на Австрија за создавање на Сан-Стефанска Бугарија. А во исто време бугарското раководство со еден меморандум до Високата порта бара автономија за Македонија со столица во Солун и губернатор од владејачката нација (јануари 1899 година). И тоа беше вистинска бомба. Во тој период Фердинанд менува на власт ту русофили, ту русофоби, ту протестира, ту апси видни македонски дејци, раководители. Борис Сарафов е уапсен (април 1901 г.) и Фердинанд го заменува со свој пријател, генерал Иван Цончев...

Во тоа време и подоцна, како што се знае, кнезот Фердинанд секогаш во сите кабинети во министерствата за војна и во тоа за надворешни работи, внимаваше и им ги доверуваше само на свои доверливи лица министри, зашто фактички тој ги поставуваше. Тоа, впрочем, беше јавна тајна, а султанот Хамид одлично ги познаваше карактерните црти на кнезот Фердинанд, знаеше дека тој беше горд, славољубив и со големи амбиции. Поради тие квалитети на неговиот карактер, Изет паша - тогашен

---

* Решение за создавање фонд на обврзници за собирање парични средства, коишто „да се употребат само за едно востание во Македонија", било донесено на вториот Конгрес на Македонскиот врховен комитет, одржан во декември 1895 година во Софија. На Третиот конгрес на Комитетот, одржан во ноември 1896 година, во Софија, било донесено решение за пласирање на создадениот „Патриотски заем" од 300.000 лева во злато, со обврзници во вредност од 50 лева златни, за помош на македонското ослободително дело. Во 1900 година, со Решение на Седмиот конгрес на Комитетот, „Патриотскиот заем" бил зголемен на 1.000.000 лева златни, со обврзници во вредност од 50 лева златни. Од 1899 година со доаѓањето на Борис Сарафов за претседател и на Владислав Ковачев за секретар на Македонскиот врховен комитет, посебно внимание било посветено на пласирање на обврзниците од „Патриотскиот заем" среде македонските друштва во Бугарија. Види повеќе кај Княжевство България и македонският въпрос. Протоколи от конгресите на Върховния македоно-одрински комитет 1895-1905. Съставител; Цочо В. Билярски, София, 2002.

главен секретар, началник на канцеларијата при Илдоз-Кјошк, во своите мемоари пишува дека ,,султанот Хамид го мачеше надменоста на кнезот Фердинанд, прекриена со скокотливо славољубие и големи амбиции и го опсипуваше со скапи подароци, а тој Фердинанд секогаш кога лично се обраќаше кон Султанот, се потпишуваше: „Ваш покорен слуга“...

Македонија и Одринско, како и македонското ослободително движење, за кнез Фердинанд, а следствено и за официјална Бугарија, беа како монета за поткусурување со која постојано се служеше секаде кога сакаше да се зацврстат и остварат интересите, пред сè, на официјална Бугарија како држава. Тоа иритираше многумина и од бугарските општественици, но првенствено македонските дејци кон кои постепено почнаа да се приклонуваат како истомисленици и советници и ред други бугарски општественици, политичари и лица постојано опозициски настроени спрема кнез Фердинанд поради сè повеќе и повеќе засилувачкиот „личен режим“, лица водени не само од интересите на бугарската држава, туку и од интересите на целата нација во и надвор од пределите на Бугарија. Некои од тие бугарски политичари, општественици, економисти со порадикални напредни погледи и убедувања за управувањето на државата се одликуваа и со своите крајно демократски и леви, секако, некои и со револуционерни сфаќања како што беа сите видни социјалисти, вооружени со свој строго определен, научен метод и погледи на свет за сите општествено-политички прашања и специјално за правилното решавање и на македонското прашање како такво што ја засега целата бугарска нација.

Македонија и Одринско стануваат објект кон кој се насочува главно бугарската официјална надворешна политика, стремеж кон проширување по линијата на најслабото и возможно спротивставување, што истовремено претставува и стремеж на управувачките партии како претставници на соодветните реформи и на општествените и класни групи во државата, кои го наложуваат тоа - Бугарија поставена врз темели на модерниот капитализам, насочена кон бреговите на Егејското и Бело Море и излегување на источните пазари, главно Цариград и Мала Азија.

Спомените од решенијата на Цариградската конференција и постигнувањата на Сан-Стефанскиот договор макар и зафрлени во архивите, ги поттикнуваа не само бугарските државници и општественици од управувачките партии, туку и голем, образован дел од бугарската трговска и индустриска класа, а следствено и од веќе создадените самостојни градски и селски стокопроизводители-бугарската буржоазија и нејзината интелигенција; општественици, политичари, новинари, воено-граѓанско чиновништво и офицерството, создадено и воспитано во соодветен дух и како реализатор и изразувач на интересите и националистичките желби, аспирации на самата бугарска буржоазија. А како инструмент, средство за

реализирање на една подобра политика, како што е Дворот, бугарското раководство, тој и блиските до него општественици и интелектуалци.

Секоја лична или групна иницијатива што би произлегла од Бугарија лесно би можела да се контролира и, секако, насочува исклучиво во духот и интересите на официјална Бугарија, но иницијатива произлезена од надвор, во Македонија, и тоа од лица кои тешко можат да се подведат, контролираат и насочуваат, создаваше неспокојство во бугарските официјални средини, кои фактички сакаа да го преземат создаденото ослободително револуционерно движење.

Егзархијата како институција којашто официјално ги претставуваше бугарските црковно-училишни интереси, но како дел од турското уредување, иако поддржувана од Бугарија, не можела да го шири своето влијание и воопшто не било возможно да презема каква било подобна акција без да не се изложи, како строго легална, културно-просветна институција, пред очите на турската управа. Ете зошто уште неколку години по основањето на ВМРО, по настаните во 1895 година се појавува една странска, туѓа иницијатива од лица на служба во Егзархијата, но со доволно врски со бугарските официјални средини. Така во Солун, по иницијатива на неколку интелектуалци, сите учители или директори на гимназии (М.К. Сарафов, Н. Начев, Ан. Тошев, Ат. Наумов, Иван Гарванов, Н. Колушев и др.) со врски меѓу бугарските првенци-трговци во Солун, Битола, Прилеп и други блиски до Егзархијата, уште во самиот почеток се спротивставуваат на Револуционерната организација кога го истакнуваат мотивот дека создавањето секакво избрзано револуционерно движење ќе биде опасно за општобугарската национална кауза и оти не може да им се дозволи на иницијаторите на Револуционерното движење со својата мрежа и пропаганда да делуваат и влијаат среде широките маси од бугарското население. Тие формираат „Добротворно братство“, со цел да се пропагира идејата за црковно-училишна просвета и пропаганда, така како што сакала и самата Егзархија.

Основачите на Револуционерната организација доволно зафатени со активна, притоа придружена со голем ризик нелегална работа, силни со мотив за неопходноста од создавање на револуционерна организација како единствено средство за стекнување на политичка слобода, пат осветлен од историски обиди во минатото, ја оценуваат иницијативата на егзархистите како погрешна и се спротивставуваат. Но, разногласието и недоразбирањата меѓу нив се пренесуваат и на околината и се доаѓа до заемни кавги и клеветења. Егзархистите, следејќи ги постапките на своите противници, испраќаат „патриотски“ предупредувања во Цариград и Софија за опасноста која ја застрашувала бугарската национална кауза.

„Нечесноста на црковната партија лежеше во самите пораки, совршено злонамерни за тоа време. Само поединци и незадоволници можеа да се

ослободат од една политика која проповедаше ништо да не се презема против турската власт, засилување на Егзархијата, борба со унијатите и со туѓите пропаганди воопшто“. Така Иван Гарванов (Спомени, стр. 111) ја формулираше теоријата на М.К. Сарафов, водач на „егзархистите“ во Солун од 1894 до 1896 година.

Тоа не можеше да ја исполни душата на младината воспитувана и од К. Величков, кој, иако не беше Македонец, придонесе најмногу за револуционизирање на македонската младина во Солун, младина која остануваше под пораките на Васил Левски, Христо Ботев, Каблешков и други, и гореше за независност од петвековната тиранија.

За среќа, борбата меѓу егзархистите, еволуционистите и основачите на Револуционерното движење не продолжи, а првите за да се приспособат го преименуваа братството во „револуционерно“ откако на чело застана Иван Гарванов со задача „да го одделат Комитетот од лошиот пат по кој врвеше“. „Револуционерното братство си создаде таен хектографиран весник „Борба“, воведе заклетва за членовите, создаде клонови во Велес, Прилеп, Сер. Вооружени со револуционерната идеја, црковниците егзархистите, еволуционистите мораа да најдат приврзаници и меѓу учениците и да образуваат свој одделен кружок во гимназијата“.[221]

Револуционерното братство си создаде врски и со Врховниот македоно-одрински комитет во Софија, кој влегува како посредник, помирител меѓу едните и другите - десните и левите. И по кусо време се создава еден протокол и во присуство на поручникот Камбуров од Елена, како претставник на Врховниот комитет, се постигнува согласност, според која членови на Револуционерното братство се приклучуваат кон Револуционерната организација, но во Централниот комитет на ВМРО не влегува Иван Гарванов, туку Јосиф Кондов, локален трговец. Така, обидот на еволуционистите да ја предадат својата организација и да создадат терен и влијание пропадна. Желбата да организираат нешто како полуреволуционерна сила за да се спротивстават на постоечката и суштинска Револуционерна организација немаше никакво оправдување, ни теоретско ни практично. И не можеше да заврши поинаку освен со капитулација.[222]

Тоа компромисно разрешување на спорот меѓу егзархистите, еволуционистите и револуционерите, иако заврши со капитулација на првите, силно го разгневи Ѓорчета Петров, кој во тоа време не бил во Солун, туку во Софија како делегат на Централниот комитет. Петров, кој многу добро ги познавал сите лица иницијатори и истомисленици на

[221] Македонски ослободителни борби, Христо Силјанов, стр. 124-125.
[222] Христо Силјанов, стр. 128.

егзархистите, во тоа време чисто од теоретски причини се произнел спротивно од тоа што го посакувал, дека ,,тоа не е патот по кој ќе треба да се оди во иднината зашто ако само за задоволување на амбициите на неколкумина, па биле тие и од првите редови во Македонија, се остава простор во хиерархијата на Револуционерната организација да се стигне до една нелогична, опасна ситуација со која се создава преседан, што може да нè повлече многу далеку и да донесе лоши последици за иднината на ослободителното револуционерно движење,,.

Како што се знае, подоцна историските предупредувања на Ѓорче Петров беа оправдани. Тој компромис внесе бацил како внатре во Револуционерната организација, така и надвор во Врховниот македоно-одрински комитет. Од тогаш почнаа и недоразбирањата, несогласувањата, разликите околу целта и задачите на Македонската револуционерна организација. Но поставени меѓу чеканот и наковалната, пред изборот да има поголема слобода на дејствување за да се засили Комитетот и да се снабди со средства и оружје толку неопходни во тоа време и за Внатрешната организација, Врховниот комитет на чело со Борис Сарафов бил присилен да ја прифати таа помирувачка улога за да се избегнат и проблемите што би можеле да му ги создаде бугарската влада и Дворот, чии спроведувачи фактички биле сите погореспоменати лица во редовите на Револуционерното братство, што всушност не било друго освен насадување на политика и тактика во Македонското револуционерно движење, каква што одговарала на интересите на Егзархијата, следствено на интересите на бугарското раководство, а, се разбира, и на желбите на Дворот.

Како важен настан во тоа време беше таканаречената Виничка афера повторно предизвикана однадвор, но не од Врховниот комитет, туку од една банда. На 14 ноември 1897 година една разбојничка банда преминува од Бугарија и користејќи се со јатаци во Виница (Кочанско) влегува една ноќ во селото каде го убива локалниот заробен Турчин, Кзим, со цел да го ограби. Тоа ѝ даде повод и основа на турската полиција под раководство на Дервиш ефенди да го расветли настанот и да открие еден склад со оружје - пушки и патрони. Поради слабоста на некои лица, главно Георги Иванов, раководител на месниот комитет, аферата се рашири и за кусо време опфати неколку околии: Кочанска, Кратовска, Радовишка, Паланечка и Кумановска, и во рок од два месеца се извршија невидени убиства и насилства. Бројот на убиени беше 218, на уапсени 528, пребегани во Бугарија 300. Повеќето беа селани, земјоделци, но меѓу уапсените имаше 27 учители, 13 свештеници, а меѓу пребегнатите 10 учители и 11 свештеници. Во јануари 1898 година судот осуди 10 души на три до 101 година затвор за учество во заговорот против државата. Седум месеци по

пресудата беа испратени во малоазиската тврдина Подрум кале. Освен тие осудени беа и други 12 души (еден на смрт за убиство на Кзим ага.[223]

И така, уште пред Иван Цончев да стане претседател на Врховниот комитет, споровите, разногласијата меѓу македонските дејци околу Врховниот комитет се изразуваат одвоено, но сѐ уште формално, фактички расцеп нема. Сите настани дотогаш, иако по налог на бугарската влада, фактички даваа повеќе негативни резултати, отколку позитивни, корисни за Ослободителното движење. Одејќи по примерите и делата на Васил Левски, Љубен Каравелов, Христо Ботев, Г. Бенковски, земајќи поука од историските искуства на бугарското национално револуционерно движење во минатото, иницијаторите и организаторите на Внатрешната организација во почетокот, всушност, не се грижеа да ја развиваат, да ја оформат и оспособат идеологијата на Револуционерната организација. Поради огромната практична, теренска работа, што им претстоеше, тие повеќе се занимаваа со деловна работа, отколку со теоретски објаснувања. Во тие наметнати, избрзани, одвоени, изолирани и од надвор подготвени акции, никнуваа чети кои немаа и не можеа да имаат поддршка од месното население поради отсуство на комитети, од една страна, и крајно неблагодарната надворешна меѓународна и меѓубалканска положба, од друга, што ги спречува поенергично, силно да се спротивставаат на сите обиди за мешање во Движењето однадвор, без знаење и согласност од Внатрешната организација. И како прв одговор се поставува паролата на Христо Матов[224], тогаш теоретичар на Револуционерната организација, дека таа се наслонува, пред сѐ, на внатрешноста, а со тоа и врз идејата за самостојност на ВМРО. Тие од кусата историја на бугарското национално революционерно движење увиделе дека движењето наместо да се лула ту кон една или друга насока и држава треба да биде независно, национално движење, кое ќе го следи својот сопствен пат и ќе води своја сопствена политика (В. Левски), зашто ќе треба да се темели, пред сѐ, на внатрешните сили на народот, откако ќе ја организира революцијата одвнатре. За таа, имено, цел се создава и мрежа од револуционерни месни комитети. Всушност, тие принципи и таа идеја за внатрешноста и самостојноста на Револуционерната организација сѐ уште не се сфаќаат од пошироката јавност.

Поголемиот дел од народот опфатен со инерција сѐ уште е под влијание на обединувањето и српско-бугарската војна и смета дека и Македонија и Одринско, како Источна Румелија, евентуално, еден ден ќе може да се

[223] Членовите на самата банда, која го изврши грабежот и убиството во Виница, беа фатени во Бугарија и осудени од воениот суд во Ќустендил, Хр. Силјанов, стр. 77-78.

[224] Основи на македонската революционерна организација, Хр. Матов.

присоедини кон слободната држава и ќе се реализира Сан-Стефанска Бугарија. А, пак, врховистите водени од интересите, пред сè, на бугарската држава ги отфрлаат тие спасувачки принципи и идејата како смешни и проповедаат дека само со помошта на Бугарија, со нејзината добро организирана и екипирана армија, ќе може да се постигне посакуваното обединување на бугарската нација. Како и да е, со постепеното развивање и проширување на Револуционерната организација се оцртуваат двата идеолошки фронта - тие на врховизмот и на централизмот, откако подоцна уште повеќе ќе се диференцираат и изразуваат во две одделни идеологии, со дијаметрално спротивни становишта како според целта така и според методите, средствата на борба, тактиката. Уште во 1896 година во Солун се одржа едно собрание на највидните македонски дејци, собрание што може да се смета како прв основачки конгрес на формираната Револуционерна организација. Уште тогаш се реши да се изработи и отпечати нов устав и правилник, наместо старите - нецелосни и хектографирани. На собранието се разменети мислења за основните решенија на уставот, а нивната подготовка им била доверена на Ѓорче Петров и на Гоце Делчев.

Карактеристични за постигнатата еволуција се некои од решенијата на новиот устав - чл. 1, 2 и 4. Организацијата ја урива веќе секоја бариера меѓу Бугарите и другите народности во Македонија и си поставува за цел да ги обедини напорите на сите незадоволни елементи и да ги ангажира во борбата против општиот непријател - турскиот режим.[225]

Но, како што се знае, идеолошките определби со својот вид и односи секогаш малку или повеќе доцнат. Широките општествени, народни слоеви често се искрено уверени дека тие се борат за едно објективно, општонародно и праведно дело. Тоа, зашто сè повеќе и повеќе се наложувало по можност, паралелно со практичната, деловна, теренска, тековна работа, македонските дејци да се заземат и за изготвување на една идеологија, која со постојана вербална и писмена пропаганда ќе остане достојна за поширокиот круг луѓе, да ја опфати широката јавност во Бугарија и во Македонија. Не само да се добие во време и сила, туку да може и самата идеја да стане вистинска материјална сила во развојот на растечкото со брзо темпо Револуционерно движење.

По апсењето на Борис Сарафов и неговите другари Славчо Ковачев, Тома Давидов, како и Ѓорче Петров, генерал Иван Цончев во блиски врски со Дворот и лично со кнезот Фердинанд, по налог, се разбира, од горе, станува претседател на Врховниот комитет и отворено влегува во судир со сите македонски дејци, кои не сакале да одат во чекор со него и неговите инспиратори. Иван Цончев во напорите да се наметне и да ја

[225] Македонски револуционерни борби, стр. 46.

зацврсти положбата оди до таму што исклучува неколку братства, кои биле опозиционо расположени спрема Врховниот комитет. На редовниот конгрес на македонските братства одржан во 1902 година (летото) по наредба на претпоставените им забранува на учителите, како на свои потчинети чиновници, да земат учество на конгресот. Споровите, разногласијата околу целите и задачите на Организацијата уште една-две години порано беа присутни во општеството и за време на заседавањето на конгресот дојде до формална поделба, кога наместо еден се оформија два комитета - еден на чело со Иван Цончев - Стојан Михајловски, Стоичев, Николов, А. Бозуков и Ѓорги Белев членови - и вториот со претседател инж. Христо Станишев, потпретседател Тома Карајовов, членови К. М. Јаворов, Стојанов, Јордан Асенов, Ѓ. Петров. А по расцепот во државата вербалната и печатена пропаганда и агитацијата сè повеќе и повеќе се засилуваа, откако во жестоките спорови се внесоа и лични елементи поради разгорените страсти.

Треба да се одбележи дека и во офицерството отпорано имаше извесно незадоволство од Б.Сарафов, како поради грешките и произлезените компликации така и заради човечката завидливост. Иван Цончев побрза да се зближи со постарите другари, полковник Јанков и потполковник Николов. Сметајќи дека е дојден неговиот час, Цончев не сакаше да се идентификува со новото мислење на Врховниот комитет, кој веќе беше го ревидирал првичното решение утврдено од пред него, во интерес на делото, да не брза со оставката.[226]

Цончев и неговите другари не само што не ги уважија новите објаснувања и намери на Сарафов, туку настојуваа, преку својот полномошник кого на време го поставија во Комитетот, да ги поддржи нивните кандидатури на претстојниот конгрес. Сарафов им предлагаше можни решенија и комбинации за да ја зачува претседателската позиција. Спорот заврши со караница. Цончев поведе кампања против Сарафов за извршени злоупотреби на пари од Комитетот. Во одговор на тоа Сарафов со една телеграма до друштвата ги именува за расколници. Десетина дена подоцна, на 24 март 1901 година, членовите на Сарафовиот комитет беа уапсени.

[226] Заминувањето на Сарафов треба да се гледа од аспект на влијанието што го имаа над него со своите сопствени и наметнати ставови неговите најблиски пријатели со Симеон Радев на чело. „За да го сондираме теренот - вели самиот Сарафов во неговите Спомени (стр. 58-59) - како ќе му се одрази тоа (заземање на Врховниот комитет од страна на Цончев н.з.), им го соопштивме на шефовите на политичките партии. Кога го слушнаа тоа, кренаа врева: „Што? Организацијата во рацете на луѓе на Дворот?! С. Радев дојде од Европа и така ни кажа - токму кога во Европа делото е тргнато кон досега најдоброто, отсега тоа целосно ќе се компромитира, зашто падна во рацете на официјални личности“.

Единствено средство да се избегне судирот беше Внатрешната организација предвреме да крене востание, востание со сите изгледи за раководење од тука. Со тој план во главата излезе на линија и Иван Цончев. Врз тој план се базираа сите негови ветувања за поддршка и сите уверувања за секаква активност. Сарафов, добро посветен на плановите на своите бивши другари и сега безрезервно прифаќајќи ја каузата на Внатрешната организација, даваше тревога, ги предупредуваше членовите и предлагаше решителни мерки, без да се сопира и пред Цончев за да предупреди на замисленото, предвреме решено востание. Не само техничките причини, туку психичката, револуционерната подготвеност, моралот и разумот на внатрешните говореа против таквата замисла и ги правеа разликите меѓу двата табора непремостливи. Генерал Иван Цончев го разбра тоа и се заложи да го реализира планот наспроти внатрешните. Тој организираше стражи, пунктови, служби на границата, успеа да стави рака и врз таму складираните 700-800 маликери (од оние што Сарафов ги беше доставил). Во почетокот на есента 1901 година во крајграничните внатрешни реони се јавија и првите „врховистички“ чети.

Внатре, на чело на Централниот комитет беше веќе застанал Иван Гарванов. Во летото за задгранични претставници беа назначени Димитар Стефанов, бивш директор на битолската гимназија, и Туше Делииванов, бивш главен учител во Кукуш. Се постигна една нова формална спогодба меѓу двете страни врз база на директивата изнесена и со апсолутно мнозинство прифатена на редовниот конгрес. Но, тоа се покажа, всушност, наложено од тактички причини - да се добие во време за нова порешителна офанзива: најрадикалното прашање за востанието продолжуваше да ги дели. Без да се депонира формално склученото „примирје“, непријателските дејства се обновија со уште поголема жестина и таму и тука. Атакувана веќе и дома, Внатрешната организација доста успешно си ги бранеше позициите внатре и од своја страна мина во отворени настапи против Врховниот комитет во Бугарија. Борбата се водеше среде самите друштва од кои дел откажаа да го поддржуваат Врховниот комитет.

Уште пред формалниот расцеп, борбата меѓу двете организации тука се водеше вербално или преку печатот. Целиот македонски свет во Кнежевството се подели и се смести во едниот или во другиот табор. Каузата на внатрешните најде жестоки заштитници во лицето на мнозинството претставници на интелигенцијата со најразлична идејна определба. Целата таа интелигенција беше, може да се каже, на нејзина страна. Мнозина видни социјалисти[227] ги ставија во заден план партијата и доктрината и со страст се предадоа на таа борба. Теоријата за еволуционизмот во

[227] Димо Хаџи Димов, Н. Харлаков, Вл. Димитров и др.

револуционерниот процес (преминување на количеството во квалитет) и принципите на самоопределување и суверенитет на Внатрешната организација, како еманација на месното население кое се бореше, му се допаднаа на социјалистичкиот менталитет.

Определбите од 1895 година, претпазливоста на интелигенцијата спрема тогашниот државен врв и потхрануваната критика кон офицерската „каста“ ги насочуваа креативно способните кон таборот на Внатрешната организација, иако дејствувачки внатрешните, оддалечени од овдешното влијание, немаа ништо општо со социјалистичкото убедување. Напоредно со нив се развиваа и несоцијалисти, водени од убедувања во кои преовладуваше било загриженоста за застрашеното, нападнато скапо дело, било длабокото убедување во правилноста на заштитничката кауза, било безрезервната доверба и симпатија кон Делчев и кон внатрешните мачениции, корифеи на Организацијата - Д. Груев, Хр. Матов, Пере Тошев и други. Од најистакнатите меѓу нив, кои со перото и словото се беа поставиле во улога на внатрешните, треба да ги спомeнеме А. Страшимиров и П.К. Јаворов, и двајцата во првиот цут на својот поетски талент. Тие заедно со социјалистот Димо Хаџи Димов, со темпераментниот публицист Иван Кепов, уредник на ќустендилскиот весник „Изгрев“ во тоа време, со македонските журналисти Тома Карајовов и Никола Наумов - првиот силен со дијалектиката, вториот со остриот јазик - беа главните пера, кои ја изнесуваа идејната и вообичаена весникарска политика против „врховизмот“. Во почетокот на 1902 година внатрешните имаа веќе и свој печатен орган, создаден специјално за потребите на спорот - весникот „Дело“, кој, според зборовите на уредникот П.К.Јаворов, „им пружи на читателите 30 статии против прекршената од Комитетот директива - и ниту три, на пример, за преземените активности против Турција...“.

Врховистичката теза беше тешко да се заштити пред мислечкиот свет. Нејзината интимна страна воопшто не беше творба за пример. Затоа комитетскиот печат и весникот „Реформи“ во начело не се задлабочуваше многу во принципиелни спорови. Напаѓачката тактика, применета веќе против Б. Сарафов, беше ставена во дејство и спрема Внатрешната организација. Иако таа не можеше да се идентификува со една или повеќе личности, нејзиниот морален лик се отсликуваше преку дејствата и активностите на одделни нејзини членови или истомисленици. Главни одлики на врховистичкиот табор беа: авторитетот на Стојан Михајловски како писател и мислител, солидната општествена положба на генерал Иван Цончев и неговите другари како реномирани офицери, нивните врски со бугарската армија, нивното влијание врз дворските и управувачки средини и нивната лична независност како нови луѓе, кои допрва ќе треба да се докажуваат.

Жестокоста на борбата, стигната до користење на братското оружје и до братоубиства, ја изроди и тука уличната и медиумската борба до степен да исчезне заемното уважување меѓу едните и другите борци. И едните и другите се прикажуваа поцрни отколку што беа. Во својот вулгарен вид - во оној вид што најсилно дејствува меѓу недокажани луѓе, меѓу особениците, ги претставуваше врховистите како силни спроведувачи на честољубивите егоистични и династички желби на кнезот Фердинанд, на штета на македонскиот род „боголисци“ и „лакеи“ на бугарскиот Двор, а внатрешните како збир од „мафиози“, „даскали“ и „коцкари“, кои и тука и таму го експлоатираат светото ослободително дело, без да мислат и без да се кадарни да реализираат некакво востание.

Но, настаните бргу ги повикаа на работа и едните и другите и ги извадија на виделина заблудите, грешките и „кадарноста“.

И така, за еден краток период, двете разлики, двете активности, двете сфаќања за целите и задачите, како и за методите, средствата на борба, следствено како и според целта, така и според тактиката, и конечно се разграничуваат, оформуваат, и двата табора влегуваат во една непримерна борба, која продолжува и денес, само постепено видоизменувајќи се во продолжение од близу половина век во нејзиниот историски развој. А тоа е една значајна појава што ретко се среќава во историјата на националните движења кај останатите народи. Таа континуирана и жестока борба ги има своите длабоки корени, се разбира, во самото дејствување како одраз на објективните социјално-економски и политички услови во државата.

Навистина, македонското национално-ослободително, революционерно движење е продолжение од бугарското црковно-просветно движење и оди по стапките и по примерот на бугарското национално революционерно движење од пред ослободувањето на Бугарија. И самите основачи на ВМРО - Д. Груев изрично вели, се стремевме да одиме и да ги поддржуваме бугарските национални революционери од минатото В. Левски, Хр. Ботев, Г. Бенковски и др. Навистина, во време на бугарското црковно-просветно, а потоа и национално революционерно движење имаше две одделни тежненија, две различни сфаќања за целта и задачите на ослободителното движење - еволуционисти, претставници на интересите и идеите на поимотните трговци и истомисленици, но нивната борба не се изрази така како борбата меѓу врховистите и централистите.

„Млада“ Бугарија, како претставничка на огромниот дел од селанството, занаетчиството и другите трговци, се спротивстави со збор и со оружје против конзервативците, еволуционистите, бугарските чорбаџии, кои се мачеа да го поведат бугарскиот народ по една друга линија на борба, што одговараше, пред сè, на нивните лични и групни интереси. Но, таа борба не ги доби тие размери, таква жестина и главно не беше континуирана и

исцрпувачка како борбата меѓу врховистите и централистите. Се поставува прашањето зошто беше така? Во што се разликуваат борбата, идеологијата, тактиката на „младите“ и „старите“ од пред ослободувањето? И едните и другите беа претставници на општествени слоеви, групи, кои, според интересите, беа различни, а, според духот, сфаќањата и разбирањата, следствено и според тактиката, исто така, беа различни, но континуирани при остварувањето на своите лични и групни интереси.

„Борбата меѓу „младите“ и „старите“ беше борба како меѓу две поколенија така и меѓу две тактики, две програми, но кои одговараа на групно-социјалните интереси на оние општествени сили на кои се потпираа соодветните организации. Додека просветителите и црковниците ги изразуваа интересите на богатите врвови на бугарскиот народ, революционерите беа претставници на интересите на пропаѓачките еснафи, занаетчии, на огромниот дел од селаните. Еволуционистите во мирната и легална борба гледаа залог и пат кон прогрес, револуционерите под прогрес подразбираа потреба од борба за политичка слобода и независност. Трнливиот пат на таа идеологија, изработена од В. Левски, Хр. Ботев и други револуционери демократи, за кратко време беше освоена со големи подвизи и дела. Таа идеологија и тактика ги подготвија Старозагорското, а потоа и Априлското востание. Тука, во конкретниот случај, прашањата се поставија на друга основа.

Основачите на ВМРО беа претставници на интересите на огромниот дел од селското население, кое останало без земја, во една полузависна положба беше оставено да ги обработува беговските чифлици, да работи тешки, принудни ангарии, да плаќа даноци и берии, да го трпи самоволието на локалните субаши, без да го сметаме влијанието на Албанците и другите разбојнички банди, кои делуваа во државата. Тие, основачите, ги претставуваа и интересите на сè повеќе и повеќе растечките занаетчии, еснафи, кои тешко ја поднесуваа конкуренцијата на внесените од надвор мануфактурни, фабрички стоки, а, исто така, и на бројните трговци, како и на произлезената од сите тие слоеви селска и градска интелигенција, заедно со учителите и ситните трговци. Особено учителите, како што беше и во бугарското национално револуционерно движење, „станаа со отворени повици проповедници на револуцијата и со телото и духот се беа предале на делото, и не само што се предадоа, туку станаа најжестоки и најактивни проширувачи на комитетското дело“ (Ст. Заимов).

Но, основа на македонското национално револуционерно движење беше и остана за долго време селанството. Тоа ги полнеше редовите на востаничките чети, тоа на плеќи ги понесе сите тешкотии на борбата, зашто инстинктивно сфаќаше дека само по пат на револуционерна борба ќе може да се одземе земјата од турските феудални бегови, а за тоа е

неопходно да се отстрани самата турска власт, која ги поддржуваше крупните земјоделци - турските феудални бегови.

Ете зошто многу правилно некои општественици и револуционери од социјален аспект го сметаа македонското прашање, пред сè, како селско прашање и при лозунгот „Македонија за Македонците“ тивко, но фактички на дело го изнесоа и неговото дополнување „и земјата на селаните“. Само така можеме да го објасниме фактот дека за релативно кратко време, за помалку од десет години, Револуционерната организација толку се рашири што можеше во 1903 година да ја изнесе на плеќи целата Илинденска епопеја. Но карактеристично е што редовите на Револуционерната организација се засилуваа и пополнуваа главно од македонски Бугари, додека турското население како припадник на владејачката нација стоеше на страна, а, пак, останатите народности поради недовербата или националниот антагонизам не влегуваа масовно во Организацијата. „Бугарите во Македонија сами врз грбот го носеа товарот на револуцијата и тоа се нужни жртви, што треба да се дадат за да се продолжи борбата додека се постигне крајната цел“ - велеше Гоце Делчев.[228] Следствено, во Македонија, според создадените околности и услови, немаше друго освен богати бугарски трговци, индустријалци, лихвари и други, какви што имаше пред ослободителната епоха во Бугарија. Такви услови имаше и меѓу другите народности - Грци, Евреи и Турци, а Бугарите беа реткост. Ете зошто револуционерите не најдоа сериозна врска во изградбата на Револуционерната организација. Но, во замена за тоа, друг посилен фактор во лицето на офицерска Бугарија како држава, ги заштитуваше интересите на повисоките класи - создадената и оформена буржоаска класа.

Внатрешните и надворешни дејци, според потеклото, беа од една иста класа - синови на самостојни селски и градски стокопроизводители или на сиромашни слоеви. Но на општествената арена се јавија две различни сфаќања, две различни, според духот и расположението, групи, со дијаметрално спротивставени тежненија, разбирања, менталитети. И едните и другите, иако произлегуваа од една иста средина, според духот и разбирањето, според воспитувањето, коренито се разликуваа и за кусо време се поделија на два непријателски, еден спрема друг непомирливи табори, кои со текот на времето сè повеќе и повеќе се засилуваа и оцртуваа. Како да се објасни таа туѓа појава? Ако поделбата, расцепот беа главно поради лични амбиции и сметки, со исчезнувањето на одделни видни личности, борбата би требало да се ограничи, ако не можеше сосема да се прекине, да запре. Ако, пак, водачите, раководните

[228] Македонски ослободителни борби, Хр. Силјанов, стр. 204.

лица беа претставници на одделни, условни класни групи, со текот на времето, при изменетите внатрешни услови или настанатите собитија како прокламирањето на Конституцијата во Турција - хуриетот, војните требаше да стивнат, ако не можеа сосема да се прекинат, да исчезнат како остаток само во историјата. Напротив, ние гледаме таа борба не само што не се прекинува и исчезнува, туку добива нови форми, нова само надворешна облека во чија основа останува истиот стремеж, истиот менталитет и сфаќ ање како според целите така и според задачите и методите на борбата. Прашањето не се поставува и разгледува како чисто групно-условено или класно, туку како општонационално, засегајќи ги интересите на целиот бугарски народ, чиј претставник, заштитник и покровител се јавува веќ е новообразуваната, доволно консолидирана држава, со свој државен, граѓански и воен апарат, притоа со своја иако мала, но добро организирана, дисциплинирана, обучена и екипирана армија, со која се мисли дека ќ е може да се разреши и македоно-одринскиот проблем и да се постигне заветниот идеал Сан-Стефанска Бугарија, а следствено и обединување на бугарската нација.

Се знае дека во обичниот живот човекот не секогаш е таков за каков што тој се смета. Треба да правиме разлика меѓу тоа што човек го мисли за себе си и тоа што тој во суштина е. Како што минуваме од одделната личност кон општествените групи, преку кои се развива историскиот живот, работата е уште посложена. Тоа што една општествена група мисли, чувствува и го тврди за себе, за своите цели и идеали, тоа не се совпаѓа секогаш со она што таа го прави. Има една противречност што е карактеристична за историскиот или за општествениот живот на човекот. На една страна стои дејствувањето, а на друга - тоа што луѓето го мислат за себе си, за своите делувања и идеали. Тоа може да е една позлатена, глазирана маска за нив, а може да биде и едно нивно самозалажување. Тоа е она што ние го нарекуваме општествена идеологија. Колку едно општествено движење стои поблиску до опстојувањето на материјалните интереси, толку е посклоно да бара и изработува една поудобна, поубава идеологија. Но, секогаш и секаде меѓу идеологиите и објективното дејствување, реалноста, треба да правиме едно разграничување, една разлика.

Многумина израснати и воспитани во духот на една епоха усвојуваат едни разбирања, создаваат едни традиции, што обичните луѓе понатаму ги сметаат за свети. Многумина честопати, со националистички убедувања, со патриотски пламен во нивните мисли и умови, се заблудуваат кога сметаат дека државата и нацијата се совпаѓаат. Колку и да се многу допирните точки меѓу тие два поима, тие две единства, не се совпаѓаат. И во тоа се крие почетокот на редица заблуди во умовите на многумина,

секако, чесни, добросвесни лица, општествени и други дејци. Додека едни искрени, чесни и добросвесни лица ги поистоветуваат тие два поима, тие две спротивставени единства, други прават тенка разлика. И едните и другите можат да се чесни, добросвесни, секако, искрено убедени, а тоа се должи или на недоволна просвета или на редица други причини и фактори, како воспитување, пропаганда, примери и имитации земени од историјата или традицијата во минатото и друго, а честопати тоа е плод на една стара рутина и предрасуди, постојани сопатници во животот на човечките групи, национални или класни. Така што во дадениот историски момент, во тој период од создавањето и развојот на македонското национално ослободително движење, врховистите беа исклучиво луѓе, кои според духот, воспитувањето и општествената положба сакаа да одат во чекор со официјалната надворешна и внатрешна политика на бугарската држава, која со сите свои средства имаше можност и сила да регрутира свои агенти, приврзаници од срединиte на бугарското општество. Следствено тие лица не ги следеа интересите на мнозинството македонско население, туку на официјална Бугарија како држава заштитник на интересите на побогатите слоеви, чиј претставник и спроведувач беше самата држава, која бараше начини и можности за своето економско и територијално проширување, сè пошироки пазари за националната трговија и во зародиш, но и брзо растечката индустрија. А, пак, внатрешните дејци, воспитани, пред сè, во друг дух и насока, со сосема друг менталитет, сметаа дека е во интерес на самата нација земена како една заедница, како и за самата млада држава, да се оди по друг пат, не само по патот следен и проповедан од официјална Бугарија. Мотивите и основите да се усвои еден друг, сопствен пат беа многубројни и се наложуваа како од надворешни меѓународни и меѓубалкански, така и од внатрешни услови и причини. Така, за да останат Македонија и Одринско надвор од пределите на Бугарија, не беше само желба на Турција, туку тоа го налагаа, пред сè, интересите на големите сили и затоа, на пример, во еден момент кога турските делегати покажуваат една голема упорност и опстојуваат на своите позиции и желби, кнезот Бизмарк јасно им порачал дека Берлинскиот конгрес е свикан да решава прашања не толку во интерес на Турција, туку прашања во интерес на Европа! А видовме дека по Берлинскиот конгрес противречностите, соперништвата меѓу големите сили, освен што не се намалија, туку со германското тивко проникнување во Турција - Цариград и Мала Азија, тие противречности уште повеќе се засилуваа и изоструваа, и единственото средство да се избегнат посериозни усложнувања беше запазување на статус-квото, запазување на целовитоста на Отоманската империја, како и на богатите провинции, кон кои беа насочени погледите на сите заинтересирани големи држави: Англија, Австро-Унгарија, Русија, Германија, потоа Франција, која со жив интерес

следеше сè што се случува во Сирија. Ете зошто процесот за автономија, за осамостојување на Македонија во одделна политичка единица, освен од географски и економски причини - Македонија претставуваше една географска и економска целина - се оневозможуваше, се диктираше и од политички причини. Дотолку повеќе што и поларизацијата на балканските држави Србија, Бугарија и Грција сè повеќе и повеќе се зголемуваше, не само поради нивните интереси за покровителство и да ги заштитат своите сонародници, кои живееја во Европска Турција, туку и заради тоа што тие држави бараа проширување на своите национални пазари. Така што секој обид за разрешување на македонскиот, а следствено и на балканскиот проблем со оружје, со војна, можеше да биде, како што подоцна историски се покажа, катастрофален како за самите балкански држави така уште повеќе и за балканските народи.

Но, така не мислеа раководствата и одделни групи во соодветните држави. Напротив, сите ги подготвуваа духовите за војна, откако сè повеќе и повеќе ги засилуваа армиите преку кои единствено сметаа дека ќе ги реализираат и остварат и своите национални идеали: голема Грција, голема Србија, голема Бугарија, па и голема Романија, без народите да согледаат дека величењето на една од нив, неминовно носи последици и уништување на друга. Тој стремеж, тој менталитет создаден кај новото поколение особено силно се манифестираше и во Бугарија, зашто таа најмногу чувствуваше потреба за проширување на своите граници, а, пак, тврдењето дека во Македонија, како дел од Одринско, мнозинството од населението беше бугарско, уште повеќе ги потхрануваше тие надежи, па официјалните средини, одговорни и неодговорни фактори во државата, фактички сè повеќе и повеќе ја засилуваа армијата, која во една поблиска или подалечна иднина требаше да ја преземе својата улога и на штит да ги понесе Македонија и Одринско пред круната на бугарскиот кнез, а подоцна веќе официјална титула „цар на сите Бигари“. Така што појавата на врховизмот не беше само плод на желбите, амбициите на неколку личности, туку желба на самата официјална Бугарија (Србија, Грција), желба на управувачките партии. А, пак, разбирањата, сфаќањата, амбициите на самиот кнез, како лице од германско потекло, со германски дух, образование, воспитување и менталитет, уште повеќе ги засилуваа тие националистички ставови за разрешување на македонскиот, со тоа и на балканскиот проблем. Со силна, дисциплинирана, добро екипирана армија, Бугарија сакаше да ја замени Турција на Балканот.

Сето тоа вознемируваше, обеспокојуваше еден голем дел од по-образованите општественици и револуционери во Бугарија, дотолку повеќе што таа веќе го беше почнала патот на својот капиталистички развој и раслојувањето во државата сè повеќе и повеќе се манифестираше со

создавањето разбојнички здруженија, чии интереси и стремежи ги изразуваа создадените во државата социјалисти, радикали и други здруженија и лица со порадикални, леви идеи и убедувања за раководењето на државата. Тогаш, уште во 1895/96 година, социјализмот во Бугарија беше во мода - вели во своите спомени и Борис Сарафов.

Но, како што се знае, во секоја држава и нација има секогаш две национални култури, две дијаметрално спротивни тенденции, сфаќања, животни прашања. Великоруска на Пуришкевич, Чучков, Струвс, и втора на Н.Г. Чернишевски, Доброљубов, Херцен, Плеханов и нивните следбеници корифеи во руската национална и социјална преродба. Германија на Бизмарк - Вилхелм Втори, и Германија на Блајхредер, Фридрих Енгелс, Авг. Бел, Карл Либкнехт и други. Во минатото Бугарија на старите ханови, со нивните бољари и велможи, подоцна на цареви и патријарси и Бугарија на поп Богомил и неговите следбеници, а во ново време Бугарија на конзервативците, на Фердинанд, генерал М. Савов, Др. В. Радославов, Ив. Цончев и Бугарија на В. Левски, Хр. Ботев, П. Каравелов, Д. Благоев и нивните следбеници. Тоа беа две спротивставени гордости, две концепции, два светогледа преобразени во историјата.

Погледнато објективно, внатрешните дејци на чело со Д. Груев, Ѓ. Петров, Г. Делчев и други, со ништо не биле против самата бугарска држава, туку беа дејци, општественици, кои воспитани во друг дух со понапредни идеи, сакаа со сè да бидат корисни, пред сè, за самата нација земена како заедница и да работат, да се борат за поправилно, но побезболно разрешување на македонското прашање, кога безрезервно го прифатија трнливиот пат на македонска народна борба преку револуција за стекнување, извојување на политичка слобода, како единствено средство за правилен економски и политички развој не само во Македонија и Одринско, туку и на бугарската нација земена во својата општост. Но, наместо од слободниот дел да наидат на целосна и безрезервна помош и поддршка, обратно - по една грешка од таму, се соочуваат со најголемата пречка, и борбата наместо да спласне, да сопре, таа сè повеќе и повеќе се разгоруваше и се стигна, всушност, до заемно братско самоистребување...

Карактеристично е дека уште на самиот почеток, кога самата идеја на централистите сè уште не беше достапна до широките маси во Бугарија и во Македонија, во нивните редови како активни дејци и повеќето како истомисленици се наредија најрадикалните, напредни елементи - борбени фигури со демократски и социјалистички идеи и разбирања - сите со револуционерно расположение и убедувања лица влегуваат во борбените редови. И, едни од надвор, други од внатре, се ставаат на услуга на Македонското национално револуционерно движење, работат, агитираат, се борат и откако се изложуваат на ризици и опасности, многумина, иако

сè уште млади, си ставаат крст на својата сопствена иднина и кариера и со една голема самопожртвуваност во борбата ја наоѓаат својата смрт по македонските планини и турските зандани...

Борбата меѓу врховизмот, од една страна, и централизмот, од друга, како што гледаме, продолжува до денес, но се виде дека во минатото позициите на централистите историски се оправдаа, докажаа и потврдија. Сè како што кажаа, предвидуваа, претскажуваа првите лидери на централизмот излезе историски вистинито. Но, првите апостоли, мачeници во Движењето, останаа со своите маки, неволји и тешкотии, а многумина од нив станаа жртви на своите убедувања, на своите идеали. Затоа денес пред нас и идните поколенија, тие, без разлика на нивните политички убедувања, се слават како мачeници, светци - народни, национални херои.

Својствено за големите дела е тоа што првично се негираат, се исмеваат до денот кога тие наидуваат на сеопшто одобрување. Најизмачуваните од хероите се тие кои ги создаваат своите убедувања и дела врз принципи што се однесуваат на една далечна иднина! Но, тие силни жртви бледнеат пред огромните човечки и материјални загуби, штети, пакости, што ги нанесе врховизмот во општата борба. Тука на кратко ќе направиме еден баланс за да се види какви порази предизвика врховизмот насаден на македонска почва за да се разбере и од најнеобразованите, најнепросветените какви катастрофални последици има само во еден кус период од време, помалку од десет години, а за останатите уште поголеми порази, пакости, загуби ќе продолжиме понатаму, следејќи период по период, година по година, во Македонското ослободително движење до последниот момент. Тој баланс се налага и поради тоа што секој добронамерен и свесен човек, особено младото поколение далеку од таа епоха, ќе може поправилно да сфати, да разбере и објективно да процени кое од двете движења, двете разбирања, двете концепции за целите, задачите и методите на борбата, тактиката беше поправилно. А следствено и соодветно на објективните внатрешни и надворешни услови во кои се создаде, зајакна и прошири - Внатрешната револуционерна организација, како единствена организирана сила, што може да понесе една таква величествена борба, не само против турската феудална власт, турскиот апсолутистички режим, со сите средства какви што можеше да даде една силна држава со својот полициско-административен граѓански и воен апарат, туку и против погубувањата, престапите и демагогијата на врховизмот, доаѓајќи и од Бугарија, и од Србија, и од Грција, изразен особено по Илинденското востание со навлегувањето на грчката и српската вооружена пропаганда, со цел не толку да ги заштити своите истомисленици, колку да се скрши самата ВМРО, а со тоа да се убие идејата за автономија, независноста на Македонија.

Создавањето на македоно-одрински легални здруженија, обединети во една општа организација во Бугарија, беше една неопходност, наложена со силата на сложените локални услови и околности. Македонските, пак, тракиски емигранти веднаш најдоа прибежиште и поддршка во една братска, веќе слободна држава. Бугарија, настапувајќи од свои лични и групни интереси, па и според силата на една патријархална праведност, со други зборови и од чисто алтруистички побуди, налагаше да се здружат во општа организација и во рамките на општиот закон - Конституцијата (Уставот) морално и материјално да им помагаат на своите браќа по крв, останати да живеат и да страдаат под тешкиот и неподнослив турски режим. Но, иако веднаш групирани, организирани, самите закони во државата не дозволуваат активно да се ангажираат во внатрешните работи на една туѓа, соседна држава, а со тоа и нарочно да се влошуваат односите со Бугарија, без самата Организација притоа да има своја мрежа внатре во државата и да е во постојан контакт со месното население, чии потреби и страдања ќе ги познава поодблизу. Секакво испраќање на одделни чети, со цел да кренат востание и тоа во туѓ свет, освен што не може да има некаков реален успех, остава впечаток и убедување дека бунтовите, востанието не се плод на локалното население и на локалните услови, туку се должат на надворешна сугестија и вмешаност и тоа од заинтересирани фактори, кои, според службата и положбата, се обични реализатори на официјалната бугарска политика - офицерството или лица кои заземале или заземаат видни државни граѓански или воени одговорни должности.

Акцијата преземена од Врховниот комитет по желба и наредба на бугарската влада, односно на Дворот и лично на кнезот Фердинанд, е изнесена накусо и концизно од Христо Силјанов во книгата „Македонските ослободителни борби“.

„Офицерството беше обземено од искрена возбуда. Десетина офицери изразија желба да заминат. Како свој технички советник, еден вид началник на штаб, Трајко Китанчев го ангажираше Димитар Венедиков, од с. Бан, Разловечко, на служба во артилериската инспекција при Военото министерство.

Најнапред беа мобилизирани старите војводи - Кацареа, Никола Георгиев, Кочо Мустрина, Дончо Златков и други. Ангажирани во едно народно и политичко дело, тие под заклетва дадоа збор дека ќе се придржуваат кон дадените инструкции: нема да си дозволат никакво самоволно дејство, нема да посегаат врз мирното и невооружено турско население, сѐ што се зема внатре за храна и други потреби ќе се плаќа итн.

Се организираа четири поголеми востанички одреди и неколку помали чети, сите околу 800 души. Водењето на дружините се остави на војводите, а командувањето на офицерите, околу 40 души.[228]

Чета од околу 160 души, командувана од поручник Начев, имаше за задача ненадејно да ја нападне Струмица, да го уништи таму сместеното артилериско одделение и да ги онеспособи топовите. Четата ја мина границата кај Царево Село. На Голак уште првата ноќ таа го изгуби началникот. Но преку ноќта четата наиде на турска заседа кај Карагозли и притоа еден нејзин член беше тешко ранет. Потоа, над село Сушица, беше нападната од аскер и во целодневна борба изгуби осум души. Тргната обратно, кон Бугарија, дружината беше одново опколена и нападната кај с. Габрово, Џумајско. Тука таа се задржува цел ден и со напад си го проби патот, но даде десетици убиени, многумина беа ранети. Во таа борба загина поручник Мутафов. Таа дружина има најмногубројни жртви. Од 160 души, во Бугарија се вратија само 75.[229]

Втората дружина од околу 150 души, наречена Пирин Планина, на Кочо Љутата, со офицери, капетан Матров, поручник Ат. Бозуков и други, тргна неколку дена подоцна за да му помогне на одредот на поручник Начев во исполнувањето на неговата струмичка задача. Дружината се размина со таа на Начев кога последната се враќала по стапицата кај Сушица. Таа наиде на аскер во движење и имаше неколку акции. Уште на одење таа требаше да се брани на истото место над с. Габрово. Нејзините акции го забавија до извесен степен повлекувањето на Начевата дружина.

Најмногуброен, околу 200 души, беше одредот на Дедо Стојо, со офицерите Тома Давидов, капетан Димитриев и други. Дедо Стојо, кој покрај многуте квалитети на искусен и неуморен војвода, спроведуваше самоволие  и други навики врз колегите, мирно ја поведе дружината од мирните Родопи и неосетно се приближи до Доспат. Големото мешано село беше нападнато, ограбено од војводата. Врз населението беа преземени активности спротивно на инструкциите што Комитетот им ги беше дал

[229] Походот беше исклучително долг и исцрпувачки. Многумина капнаа. На поручник Начев му отекоа нозете и падна. Свесен, чесниот офицер намерно остана поназад од дружината и се самоуби. Командувањето со дружината го презеде поручник Мутафов.

[230] Интересни нешта за држењето на населението ми раскажа опасниот полковник Јордан Венедиков (тогаш потпоручник), еден од офицерите во струмичката дружина. „Ние само од потреба или без да сакаме влегувавме во контакт со населението. Наоѓавме различни млади луѓе, овчари, говедари и други, кои нè услужуваа и особено при повлекувањето ни помагаа. Повеќето беа обземени од страв и нè предупредуваа: „Ќе се обратиме на Турците. Не можеме да не се обратиме, зашто инаку ќе изгориме!“. „Можете да им се обратитее, одговаравме ние, знаејќи дека е бесполезно да ги убедуваме да не кажуваат. Неколку години подоцна истото тоа население ќе биде непочитувано.

на старите арамиски војводи. Згора на сѐ, Дедо Стојо, откако по свое се расправи со Доспат, уште истата ноќ оддели 16 свои момчиња, го напушти одредот и заедно со помошник војводата Крсто Захариев се упати кон Драмско, барајќи некој богат турски чифлигџија. Падна убиен. Четата се растури и четниците во групи се враќаа во Бугарија, без акции и без жртви.

Потпоручник Борис Сарафов со четите на Кочо Муструкот и Кољо Ризов, сите 45 души, границата ја минаа на Петровден, 29 јуни, и преку Разлог заминаа за Пирин каде се обединија со четата на Дедо Антон, па станаа 65 души. Таа, како и другите чети, се движеше според арамиските начела, криејќи се во планината и од населението и хранејќи се главно од влашките овчари. Старите војводи од типот на Кочо Муструкот му создадоа доста главоболки на началникот и неговите офицери.

,,Многу мачно беше за мене - раскажува, присетувајќи се Борис Сарафов - да ги убедам тие луѓе за да извршат патриотски подвизи. Голем дел од нив мисли само да направи една мала ѓурултија, ќесето да не им остане празно, да не загинат и да се вратат во Бугарија. Јас им докажував дека многу поголемо значење има ако го нападнеме градот Мелник. Пет пушки да испукаме, ама во градот. Требаше многу за да ги убедам да се воздржат при нападот од каков било грабеж и делото да остане чисто, патриотско, политичко. За да ги смирам, им реков дека подоцна, на враќање, може да им се дозволи некаде грабежв.

Акцијата против Мелник излезе доста ефектна. На 12 јули в зори, четата ненадејно ја заседе клисурата и влезе во градот, го заседе управниот дом каде се справи со десетина задремани заптии, како и телеграфската станица, што ги запали, а потоа го нападна и го разурна затворот. Во зградата на околиското раководство дојде до експлозија од запалениот пеколен товар од патрони. По кратка престрелка со Турците и придојдениот аскер од касарната, противникот се разбега по полето и востаниците станаа господари на градот. Борис Сарафов ги собра првенците и им објасни дека целта на борбата им е ослободување на Македонија и околу ручек го напушти градот. За време на престрелката, четата запали 37 турски куќи. На враќање таа имаше подолга престрелка кај с. Влахи и на 22 јули стаса на бугарска територија. Целата загуба беше двајца полесно ранети во Мелник.[231]

Внатрешната револуционерна организација не зеде апсолутно никакво учество во тоа движење. Нејзина помош не беше побарана. Но, и да

---

[231] Во судирите со турската војска беа заробени 64 души четници. Тие беа заточени на островот Родос и изложени на разни тортури, но подоцна беа амнестирани од Султанот и се вратија во Бугарија.

беше, таа во својот прв стадиум од своето опстојување едвај би можела нешто да придонесе.

Ми се врти во главата - раскажува Ѓорче Петров кога во 1895 година намина во Битола - како се однесувавме кон тоа востание. Немавме никакво предупредување дека ќе се случува нешто корисно. Следевме што се случува со просто љубопитство - ниту го почувствуваме ниту му дадовме некакво значење. Но, повеќе бевме наклонети кон симпатија. Нашата психологија на чисто месни идеи не ни ја дозволуваше помислата дека Бугарија може тука да игра нешто за свои цели. Тој настан ни најмалку не влијаеше врз нашата дејност, ниту да нè сопре ниту да ни го измени патот.

Како акција подготвена однадвор, без да се праша волјата на Македонија, но на нејзина сметка, движењето од 1895 година е преседан"...

Од изложеното погоре, дадено објективно врз основа на документи, повеќето од официјален карактер, јасно е како ефемерно, безуспешно заврши самата акција, откако притоа учесниците, повеќето луѓе разгорени со патриотски и националистички убедувања, станаа жртва на една политика која целеше не на ослободување или подобрување на положбата на македонското население, туку повеќе на други државни, дворски интереси - да се предизвика вниманието на големите сили, официјално да се признае кнезот и да се внесе страв и немир во официјалните турски средини. Истовремено со тоа се внесе разочарување кај највидните лица, кои стоеја на чело на Врховниот комитет кога за прв резултат се доби раздвојување меѓу самите членови на Комитетот - офицерството од една страна и останатите цивилни, граѓански лица на чело со Трајко Китанчев, Александар Радев, Димитар Матов, Андреј Љапчев, Тома Карајовов и други од друга. Во еден момент, кога штотуку беа поставени основите на Внатрешната револуционерна организација, кога таа почна да ги создава своите строго тајни, конспиративни селски и градски комитети во цела Македонија, веднаш, особено со таа акција, се предизвика вниманието на турската власт уште на самиот почеток да ја зголеми својата претпазливост и беше повод да го засили својот терор! Еден стекнат резултат, што сите внатрешни дејци го прифаќаат мирно и рамнодушно, кога сметаат дека со зборови и убедувања ќе може да се постигне разбирање, што самиот Д. Груев не го крие, туку отворено и искрено го изнесува пред Трајко Китанчев и други членови на Комитетот, секако, и пред Ѓ. Петров како воен министер. „И револуционерите внатре во Македонија, како и надвор од неа, не го пресретнаа решението на Комитетот да се стави на услуга на бугарското раководство. Тие очекуваа неколку добри резултати:

1) дека надворешниот свет, покрај Ерменија, ќе проговори и за Македонија;

2) дека ќе дојде до израз целата деморализираност на турскиот војник;

3) да се искористи и едното и другото за агитација меѓу масите.[232]

Тоа, впрочем, беше само првиот сомнителен потег, а по него следуваа, како што ќе видиме, и втор, трет итн.

Откако кнезот беше официјално признат и ја реализираше првата официјална посета на султанот Хамид Втори (1896 г), наредната година по објавувањето на грчко-турската војна, тој прави обид да побара опстојување на Сан-Стефанска Бугарија. Но кога ќе се соочи со непријателството на Австро-Унгарија и Германија, со меморандум во Цариград повторно бара автономија со генерал губернатор од владејачката нација, ама и тука не добива ништо, па се задоволува со некои три берати за митрополии и неколку конзулски агенти во Македонија. И толку. Но, со тоа не се завршува, а, пак, Врховниот комитет се држи до расположение за нови акции за стекнување влијание во Македонија и престиж пред западноевропските големи држави. Меѓутоа, меѓународната положба наместо да се подобри, станува уште понепријатна - Русија притиска кон Далечниот Исток и се подготвува за војна со Јапонија и по секоја цена сака на Балканот да има мир и како никогаш за запазување на статус-квото за целовитост на Отоманската империја, за да не можат нејзините ривали Австро-Унгарија или Англија да ја искористат положбата на штета на нејзините вековни стремежи - доближување до Босфорот и Дарданелите или, пак, спуштање на Австрија кон Митровица за кон Солун.

Борис Сарафов како лице со жив темперамент, не толку послушен и дисциплиниран и со врски со Внатрешната организација, се гледа веќе како неподобен и наместо него како претставник на Врховниот комитет се истакнува генерал Иван Цончев кон кого лично кнезот Фердинанд негува целосна доверба. Цончев, по наредба од горе, застанува на чело на Комитетот, стекнува во државата доста голем авторитет и влијание, притоа снабден со доволно парични средства и материјали: пушки, патрони и друго, презема иницијатива да крене едно делумно востание, откако со тоа дома настапи и самата Внатрешна организација. Поради тоа, почна нова жестока борба, која одзеде маса средства, а едните и другите долго време се убедуваа да не ги менуваат улогите. Врховниот комитет да се занимава само со легална пропагандна работа и морално и материјално, во духот на Уставот, да ја помага Внатрешната организација, што било вметнато и во изработената директива прифатена како резолуција на општиот револуционерен конгрес 1902 година, во јули месец, во која буквално се вели:

---

[232] Г. Делчев - биографија, од П.К. Јаворов, стр. 33.

„Задачата на македоно-одринската организација во слободна Бугарија не е да го унапредува и раководи револуционерното движење во Македонија и Одринско, кое се развива во посебни услови и не бара никакви притисоци однадвор, туку само да го поткрепува морално и материјално и истовремено да ги истакнува неговите цели и стремежи како пред бугарското така и пред европското општество; и бившиот македоно-одрински комитет во лицето на Б. Сарафов и неговите другари отстапи од главните задачи на организацијата во слободна Бугарија и влезе во улогата на Внатрешната организација, со што предизвика последици на македонското дело.

Теророт како систем на борба е не само бескрупулозен, туку неговото практикување во слободна Бугарија може повеќе да го компромитира и забави, отколку да го забрза ослободителното дело:

РЕШИ;

Се потенцира револуционерниот карактер на ослободителното движење во Македонија и Одринскоe.

Врховниот комитет не само што не ја почитува директивата, туку почнува една силна агитација како против бившиот претседател Б. Сарафов, така и против самата Внатрешна организација. Од таа директива, што Цончевите пријатели ја криеја само од тактички причини, остана само едно морално значење за внатрешните, кои подоцна се повикуваа на неа во вербалната и медиумска борба против Врховниот комитет. Уличната и медиумска борба меѓу двата табора во кнежевството за свој резултат го имаше тоа што ја отуѓи симпатијата за ослободителното дело кај значаен дел од неутралното граѓанство и потроши значителен дел од општествениот кредит на водачите. Уште почувствителен беше ударот врз нарушувањето на тајната и конспиративноста - тие две карактеристики на Револуционерната организација. Агентите по крчмите и улиците и новинарските пера во печатот изнесуваа имиња на дејци и местата на престој, како и нивните дела во внатрешноста. Ангажираните во кампањата за заемно напакостување не сакајќи ја олеснуваа задачата и на турската шпионска мрежа во Бугарија.

Но неизмерно потрагично беше пренесувањето на заразата од раздор во внатрешноста. Сите елементи кои имаа повод или основа да бидат загрижени или да стравуваат од Организацијата, кренаа глава. Тоа беа на прво место арамиите, кои Комитетот ги беше осудил на смрт или ги држеше на око, злоупотребените, извалканите и соочени со судење селски раководители за собрани комитетски пари - сите кои се чувствуваа притиснати или беа ограничени од економски причини. Сите незадоволни, неделотворни, засегнати. Уште чуле недочуле за продлабочувањето на раздорот во Софија некои сами побрзаа да му ги понудат своите услуги

на Врховниот комитет (Дончо Златков, Иван Пашовалијата, Дедо Георги, Арнаутина, Ангел Сугарвајлијата, Мих. Капотавлијата, Петар Уже, Васе Пеливанот, Гоно од Муртулово и други).

Братоубиствата започнаа пред судирите меѓу четите. Над Дончо Златков, на пример, тежат неколку такви убиства: на двајца млади револуционери Александар Илиев, Александар Китанов во Џумајско и на Кецкаров во Петричко. Во хрониката се забележани и предавствата на чети, па дури и на војводи (Алексо Пороклијата). Не недостасуваат обиди за труење на противната чета со храна, упади што говорат за страшно насилство врз населението во тие реони. Јане Сандански во своите Спомени се жали дека Саракинов ги убедувал селаните оти Сандански носел во кемерот 400 лири од мис Стон. А, Борис Сарафов во своите Спомени со голема огорченост вели: На 29 јануари бевме на врвот Голак во една мандра. Од Голак навлегувавме во Малешевско кон с. Разловица. Прво, се скривме во колибите, горе во планината, а вечерта отидовме во селото. Ги собравме селаните. Видовме дека тука се заразени од партизанството. Цончевите чети со наши се пресметуваат. Разбрав дека тука ќе си имаме повеќе работа за да го одвратиме населението од партизанството и потоа да го подготвиме за востание. Потоа отидовме во колибите на с. Митрошинци (Малешевско). Од разговорите со селаните видов дека тука луѓето се крајно деморализирани -ѓаволести, итри, од секој збор две лаги прават, земаат оружје и го кријат...

Тука најдов една чета на Цончев, која дејствуваше под водство на некој си Карабиберов, офицер од армијата, родум од кнежевството, разбојнички оформен, бивш коцкар. Дивееше по селата, проповедаше со кундакот, ги тепаше селаните за да го служат со храна навреме, да го чуваат од Турците... стр. 78

Врховистите агитираа за скоро востание кое ќе било пошироко и неизбежно, помогнато од армијата на Бугарија. Доаѓањето на многу руски ветерани од ослободителната војна по повод 25-годишнината на Шипка се искористи како доказ дека зад востанието стои Русија. Тие агитации станувaa толку безоглeдни колку подолу стоеја агитаторите. Несомнено, воената униформа на офицерите агитатори влијаеше само по себе во полза на застрашувачките и препознатливи измамнички агитации.

За контраагитацијата на внатрешните ги имаме признанијата на Ј. Сандански и не останува ништо освен да ги цитираме:

Планот беше, вели Сандански[233], да се објаснува на народот целта на Организацијата, за што се подготвува, да се објасни дека не е вистина оти Организацијата не мисли за востание, барем не тогаш кога врховистите

[233] „Спомени“, стр. 24-25.

сакаат. Објаснувавме во што се разликуваат врховистите од нас. Велевме дека тоа се луѓе на Дворот, дека сакаат да ги фатат нишките на Организацијата за да можат да се поигруваат со делото. Со нивното востание што го пропагираа, ние велевме, сакаат, прво, да нѐ дезорганизираат и, второ, дека тие, како офицери, говорејќи за востанието сакаат по секоја цена да го кренат, наведувавме за пример дека од востанието во 1895 година корист имаше само кнезот, што имено го прифаќаа. Говоревме дека, според наше сфаќање, востание може да се крене само ако сите се подготвени, без да се надеваат на надворешни ветувања, дека треба прво да се осигураме оти целиот народ се подготвил, дека сето тоа треба да се организира и кога ќе се види дека сме доволно силни може да се одлучува за востание. А, оние, врховистите, постапуваат поинаку, велат, вие кревајте се, од таму иде Русија, а од тука Бугарија. А, вие, како што гледаме, ќе бидете измамени, бргу ќе потклекнете. Објаснувавме дека тоа прашање не е бугарско, туку европско и дека Бугарија и да сака да го решава сама, не може. Ние треба да го поставиме на меѓународен терен итн.

Така или поинаку, кон крајот на летото 1901 година врховистите веќе беа завладеале, со исклучок на неколку села, со Џумајско, Петричко и Малешевско. Врховниот комитет имаше веќе и внатрешна база за востание.

Вознемиреноста и деморализацијата од делови зафати и други соседни подалечни реони (на пример, полковник Јанков се беше насочил и кон Костурско), но тие се откажаа од врховистичково водство. Разловечко, Мелничко, Неврокопско и Демирхисарско со својата настојчивост најмногу помогнаа да се ограничи врховистичкото владеење само во споменатите три реони.[234]

Ни другата година, 1902, наспроти сите предупредувања, борбите не сопреа, повторно организирано однадвор со одделни чети беше кренато таканареченото Џумајско востание, кое, како што беше речено, се изрази во следното; на 23 септември 1902 година во с. Железница пукна првата востаничка пушка... Судири имаше и во некои соседни околии: три во Малешевско, два во Петричко, по еден во Малешевско, Струмичко и Разловечко. Бројот на сите судири меѓу 13 септември и 1 ноември изнесуваше 19.

Според статистичките податоци во „Мемоарите“ на Внатрешната организација, во судирите земаа учество 2.580 борци и 1.396 турски војници; загинаа 95 востаници. Најдолготрајни судири, 10-12 часа, имаше кај Кресна,

[234] Македонските ослободителни борби, Христо Силјанов.

Езерце и Железница, а најкрвави кај Кресна и Србиново-Градево, каде загинаа 43 востаници и 108 Турци. (стр. 90-93)

Со пожари, насилства и грабежи беа опфатени 15 села во Џумајско и Разловечките околии: Железница, Србиново, Градево, а во втората: Елешница, Долна Драглица и др. Убиени беа 37 мажи и 8 жени, нападнати 111 мажи и жени, ограбени 807 куќи, опожарени 87 (стр.179). Во Бугарија пребегнаа повеќе од 2.000 души - за сите странски набљудувачи беше јасно дека востанието ја има својата база на територијата на кнежевството: од тука заминуваа и тука по кусо време се враќаа востаничките одреди, предводени од офицери во бугарска воена униформа. Не за такво востание мечтаеше и работеше Внатрешната организација. Таа сметаше дека револуцијата треба да ги има поддршката и главните ресурси во внатрешноста и да ги има сите неопходни елементи на нешто месно, автентично, автономно. Тоа беше во духот на идеологијата, тоа се наложуваше од добро разбраните интереси на македонското ослободително дело и од општите интереси на нацијата; само тоа би можело да ги направи неактуелни политичките и морални позиции на бугарското раководство пред европскиот концерт и пред европското општествено мислење. Џумајското востание во очите на одважните водачи беше делумно успешен атентат против така сфатената идејна и тактичка база на Внатрешната организација.

Внимание предизвикува и оценката на К. Величков, тогашен кнежевски дипломатски претставник во Белград. Во еден извештај од 18 октомври 1902 година, Бр. 916, тој вели:

„Ако едно востание е нужно за да се покрене македонското прашање и да се дојде до прифатливо решение, таа цел би можела да се постигне само со едно востание што би избувнало внатре во Македонија и би било така организирано што ќе ги опфати сите краеви на државата и во еден подолг период ќе им пружи отпор на непријателските сили. Самата слабост на востанието е една причина за стравување“.

И така, резултатски, иницираното од Бугарија, од Врховниот комитет и Иван Цончев, изолирано, делумно востание, освен што не придонесе ништо суштествено за Македонија - освен таканаречените падарски реформи - туку донесе редица порази, насилства и злодела:

1) Лично на Иван Цончев се должи изнесувањето пред светот на принципиелните разлики меѓу двата табора и следствено, формирањето на двете струи во легалната организација: пријателска и непријателска спрема заклетвата (Внатрешната организација), во дотогашната нејзина работа и во нејзините идни намери.[235]

---

[235] Г. Делчев - биографија - П. К. Јаворов, стр. 60.

2) Се разурнаа неколку реони во североисточна Македонија - долината на Струма, каде се разорија неколку околии - Џумајската, Петричката, Малешевската;

3) Внесе голема деморализираност, која долго време не можеше со ништо да се поправи и следствено, лошо се одрази во најдобриот момент од животот и развојот врз внатрешната организација;

4) Се дадоа излишни човечки и материјални жртви од двете страни, без да ги сметаме жртвите на турскиот терор и 2-3 илјади бегалци, кои беа принудени да ја напуштат Македонија и да се преселат во Бугарија за да станат неомилени, изложени на мизерија, глад и болести;

5) Џумајското востание создаде и кај многумина наметна расположение, а кај некои и убедување за едно избрзано, ненавремено, масовно, вооружено, но не широко востание (какво се бараше според уставот), што се изрази со Илинденското востание во 1903 година, 20 јули (3 август). Со формалниот расцеп, до кој дојде една година порано, и со жестоките долги, исцрпувачки, легални и нелегални борби, што следуваа, главно со чети во пограничните реони на Македонија, се внесе еден раскол, еден расцеп, кој ги раздедини македонските надворешни и внатрешни сили, а тоа многу лошо се одрази врз развојот на целото натамошно револуционерно движење кога се нанесоа редица порази во општото македонско ослободително движење, како и на целата бугарска нација како една заедница.

Следната 1903 година, во месец јули, за време на Илинденското востание, еден дел од врховистите, вклучувајќи го и генерал Иван Цончев, со своите чети повторно заминаа во некои од пограничните реони - Пирин - и од таму, повеќе со пушка крај нозе, ја набљудуваа грандиозната борба на македонскиот народ, кој се беше масовно кренал во Битолско, Костурско, Охридско на општа вооружена борба против својот вековен поробувач и во продолжение од повеќе од три месеци водеше, со невидена упорност и самооткажувања, величествена борба на живот или смрт за својот идеал -слобода и независност на својата татковина - Македонија. Врховистичките лидери тогаш можеа да сфатат како предвремено и непотребно потрошија сили и енергија во една предвреме за нив изгубена борба. А, по востанието повеќето од преостанатите востанички чети на Внатрешната организација се вратија во деловите на кнежевството и повторно се сместија по своите места каде беа ангажирани, но веќе исцрпени од движењето, осамени, изоставени од широките народни маси. Меѓутоа, Внатрешната организација, иако крајно изнемоштена од нерамната борба со турската влада, најде сили и можности и по Илинденското востание да се спротивстави и да ги одбие и српските и грчките вооружени пропаганди кои, по примерот на Врховниот комитет пред востанието, со невидена жестокост, како диви ѕверови се нафрлија врз пределите на Македонија не толку да го

изразат покровителството и да ги заштитат своите сонародници доколку ги имаше, колку да ја уништуваат и тоа како единствени сојузници на турската влада, која тајно ги толерираше и поддржуваше, Внатрешната организација, која пред туѓиот свет излезе како држава во држава, со свои институции, своја пошта, свои раководители и извршни органи. И така, кон крајот на 1904 и во 1905 година, Внатрешната организација, освен со бугарскиот врховизам, истовремено влезе во отворена борба и со српскиот и со грчкиот врховизам, во лицето на грчките и српските чети, испратени по желба на соодветните заинтересирани официјални фактори во двете соседни држави на чело со соодветните генералштабови, без да ја сметаме и борбата на Организацијата и против турската власт, која сепак продолжуваше. Тоа е најтешката, најтрогателната, а можеби и највеличествената епоха од борбите на Внатрешната организација, кога истовремено се бореше против 3-4 свои отворени противници, но на крајот на краиштата, иако изнемоштена, излезе победничка. Врховизмот, и бугарски, и грчки, и српски, идејно и практично, на дело беше разбиен по цена на скапи жртви, притоа многу невини, исклучителни жртви дадени пред олтарот на татковината во името на еден општ национален идеал - слободата.[236]

* * *

Паралелно со тие борби и судири, соочени со турската војска, жандармерија и полиција, во период од 2-3 години повторно се создаде една таква ситуација, таков хаос, кој не само што опстојуваше, туку всушност и ги заплаши заинтересираните големи држави, кои само чекаа повод и оправдување да се замешаат во внатрешните работи на бившата Отоманска империја.

Руско-јапонската војна беше веќе завршена. Русија беше со одврзани раце, но зафатена со залечување на своите рани од војната и со напори да го спречи реализирањето на руската револуција во 1905 година, а Австро-Унгарија, постојано со јасно определена цел, строго следеше сè што се случува на Балканот и стремежите ги насочуваше преку Новопазарскиот санџак и Митровица кон Солун. Во текот на јануари 1908 година австро-унгарскиот министер за надворешни работи Ерентал, соопшти дека Високата порта дала веќе согласност да се поврзат железничките линии кон Митровица. Русија, за да го попречи австро-унгарското влијание, но истовремено да го спречи и крајниот англиски проект, излезе со нов

---

[236] Постојаните дејствија на грчката вооружена пропаганда во Македонија, српската четничка борба во Македонија и Азот и др.

предлог за реформи во Македонија. И во почетокот на јуни 1908 година, за да се избегнат разногласијата меѓу Русија и Англија, дојде до историската средба меѓу двајцата императори - рускиот и англискиот - во Ревел, каде се подготви планот за реформи со кои се отвораше патот за една прикриена автономија за Македонија. Тоа ја потресе Турција. Зашто стануваше јасно дека ќе изгуби од владеење голем дел од европската територија, и по иницијатива на младотурската, тогаш сѐ уште нејасна партија на чело со комитетот „Обединување и напредок“, дојде до младотурскиот превrat - хуриет - што беше извршен на жесток начин, исто како и во минатото, со топовски канонади. Но веќе не на Босфорот - Цариград, туку во Македонија - во Битола, се преизгласа старата Конституција (устав) изработена уште во времето на Митхат паша. Под ултиматумот на бунтовниците - офицери при Третата армија на чело со Енвер бег и Нијази бег, превратот го смени Султанот, а со воведувањето на конституционалното управување се почувствуваа реформските планови на европските сили.

Турција, како за чудо, стекна голем надворешен престиж и сите заинтересирани сили се воздржаа за да видат што ќе произлезе од таа промена. Во државата дојде до пресврт, заживување, а четите на Внатрешната организација, по претходна спогодба во Солун, по наредба на Централниот комитет на ВМРО, се префрлија од планините во градовите каде за првпат Турци и христијани се збратимија, се прегрнуваа воодушевени од исфрлената парола - слобода, братство, еднаквост. Така, неочекувано, во Турција настапи нова ера, а Македонското револуционерно ослободително движење прекина со една своја етапа, со својот херојски период, што многумина веќе го нарекуваа романтичен, и влезе во нова етапа од својот развој, втора по ред, која ќе ја наречеме идејно-преодна или подготвителна, започната од самиот почеток на младотурскиот државен преврат - хуриет (10 јули 1908 година). Врховизмот, пак, тајно се извлече на нови позиции, бдеејќи и очекувајќи момент да се појави со друго лице, со друг облик, сѐ додека подоцна не го видиме да продолжи во неговиот карикатурален вид.

16. 3.1944 г.

*ПРИЛОЗИ*

# МАКЕДОНСКА ХРОНОЛОГИЈА

**1878 г.**

Сан-Стефанскиот договор ја вклучи Македонија во пределите на Бугарија.

Било објавено Разловечкото востание (1878 г. 20. XI)

**1880 г.**

Европската конференција во Цариград подготви проект врз основа на чл. 23 од Берлинскиот договор, за реформи во Македонија.

Во Солун се формира комитет, што беше во врска со Разлошкото востание.

Во Демирхисарскиот (Битолско) манастир Слепче се одржа првиот заеднички собир на видни лица од Прилепско, Охрид, Битола, Крушево и други места под името „Демирхисарски заговор“.

Портата задолжи една комисија од турски чиновници, која врз основа на чл. 23 од Берлинскиот договор, го подготви „законот за вилаетите“

**1885 г.**

Македонското друштво во Софија почна да го издава на роден и француски јазик весникот „Македонски глас“.

**1890 г.**

Битолскиот валија Али-Рифат паша формира месна милиција „факриј“ против разбојниците

**1893 г.**

Г. Делчев и Д. Груев ја основаа во Штип, Внатрешната македоно-одринска револуционерна организација.

**1894 г.**

При осветувањето на црквата „Св. Кирил и Методиј“ во Ресен се одржала првата средба на македонски дејци и се поставени темелите на Внатрешната македонска револуционерна организација.

**1895 г.**

Прв конгрес на македонските друштва во Бугарија под претседателство на Трајко Китанчев.

Вооружено востание во Мелничко; Мелник е преземен од четите.

**1896 г.**

Султанот издаде ново ираде, со кое ги прошири предвидените реформи за Ерменија врз сите вилаети (11. XI)

**1897 г.**

Виничката афера. Тепани 111, 90 измачувани, 5 умрени, силувани 13 жени, 5 убиени, 628 уапсени, 10 души испратени во заточение (27. XI).

**1898 г.**

Во една прилепска куќа беа опколени од турската полиција Јордан Гавазов и Христо Чемков, и за да не паднат во турски раце, се самоубиваат.

Кочанската афера, Радовишко. Упасени 120, измачувани 127, осудени 23, умрени в затвор 6 (7. IX).

**1899 г.**

Новоселска афера, Штипско. Сандо Малинин, опколен, сам убива 16 души аскер и успева да побегне. Уапсени 21 души, полуден 1, убиени 2, осудени 14 (4. I).

Убиен од Турците, револуционерот Стојан Лазов, во градот Прилеп.

Судир меѓу четата на Кољо Машкото и аскерот кај с. Гаваљанци, Кукушко (2. IV).

Судир со четата на Мицо Делчев и Иван Карасулски (13. VII).

Почина Екатерина Симитчиева, ранета од турски аскер во Куманово (13. IX).

Валандовската афера. Тепани и измачувани 150 души, уапсени 95 (20. XII).

**1900 г.**

Ениџе-Вардарска афера. 35 души измачувани, 21 уапсени (25. VIII)

Судир со четата на Апостол војвода кај Горчопин, Гевгелиско (2. XII)

**1901 г.**

Кукушка афера. Настрадаа: затворени 32 и измачувани 45; од последните 1 полудел, 2 умреле и 2 осакатени (јануари).

Судир на четата на Карабиберов и аскерот кај с. Раенци, Струмичко (21. I)

Солунската афера. Уапсени 27 души, меѓу кои членовите на Централниот комитет (7. II).

Гевгелиска афера. Измачувани 51, уапсени 44 души (17. II).

Дојранска афера. Измачувани 10, уапсени 8 души (23. III).

Тиквешка афера. Измачувани 111, уапсени 32 (5. IV).

Радовишка афера. Уапсени 88, измачувани 18 (12. IV).

Судир меѓу аскер и четата на Кољо кај с. Пуста Река, Крушевско (3. V).

Судир меѓу четата на Килифарски со аскер кај с. Клиново, Тиквешко (11. X).

**1902 г.**

Судир меѓу аскер и четата на Коце Пејков кај с. Бигла, Кочанско (19. I).

Судир меѓу аскер и четата на Христо Чернопеев кај с. Бајалци, Гевгелиско (17. II).

Судир меѓу четата на Кузо Стефов и аскер во с. Шестово, Костурско (24. II).

Битолска афера. Уапсени 68, измачувани 52, осудени 42 души (25. II.

Судир меѓу четата на Коце Пејков и аскер кај с. Грлени, Кочанско (26. II).

Судир меѓу аскер и четата на Тома Давидов кај с. Озорлени, Охридско, и со четата на Дејан кај с. Арбиново, Охридско. Тома Давидов беше убиен (28. III).

Беше убиен војводата Михаил Попето во судир со Турците кај с. Гаваљанци, Кукушко (3. IV).

Кадиноселска афера, Прилепско. Методи Патчев и седуммината другари се самоубија откако ги потрошија патроните. Уапсени 92, измачувани 3 (6. IV).

Судир меѓу аскер и четата на Боби Стојчев кај с. Жидимирци, Кумановско (7. IV).

Судир меѓу аскер и четата на Иван Караџа кај с. Мутулово, Кукушко (31. IV).

Судир со четата на Марко војвода кај с. Трсе, Леринско (15. V).
Судир меѓу аскер и четата на Антон Ќосето кај Штрбевски колиби, Малешевско (20. V).
Судир меѓу аскер и четата на Христо Чернопеев кај с. Железница, Горноџумајско (28. V).
Трсенска афера, Леринско. Уапсени 148, дадени на суд 40 (30. V).
Судир меѓу аскер и четата на Иљо Дединчето во с. Смрделинино, Радовишко (31. VI).
Судир со четата на Вељо Марков кај с. Ракитница, Демирхисарско, Битолско (8. VI).
Судир со четата на Милан Делчев кај с. Неманци (30. VI).
Судир со четата на Петар Ацев кај Никодимска гора, Прилепско (3. VII).
Воденска афера. Уапсени 26, измачувани 4 (20. VII).
Кочанска афера. Уапсени 33 (21. VII).
Ракитничка афера, Демирхисарско-Битолско. Уапсени 45, убиени 5, ранети 3, запалени куќи 14, ограбени куќи 18 (23. VII).
Афера во с. Волан, Драмско. Уапсени 14, измачувани 36, тепани 16, убиени 5, , запалени 17 (24. VII).
Судир со четата на Ивана Даскалот кај с. Волан, Драмско (24. VII).
Судир со четата на Лазар Москов и аскер во с. Вишени, Костурско.
Судири со четите на Саев, Левтеров, Дончо кај с. Тросково и Кумарица, Горноџумајско (5. IX).
Кичевска афера. Уапсени 12 (12. IX).
Судир со четата на Јанаки Масков во с. Смрдеш, Костурско (20. IX).
Судир со четата на Јордан Пиперката кај с. Козица, Кичевско (20. IX).
Судир со четата на П. Гајков кај с. Загоричани, Костурско (22. IX).
Востание во Горноџумајско (с. Железница) (23. IX).
Судир со четата на Динето кај с. Крушоради, Леринско (28. IX).
Судир со четата на Коста Попов кај с. Барбарево, Струмичко (12. X).
Старшевска афера, Серско. Уапсени 25, измачувани 9 души (18. X).
Судир со четата на полковник Јанков кај Бабиби Стени, Костурско (20. X).
Судир со четата на Ангел Винички во с. Драгобрашта, Кочанско (26. X).
Голема афера во Струмичко. Уапсени 428, измачувани 230 души (28. X).
Судир со четата на Јордан Пиперката и аскер кај с. Брзово, Демирхисарско-Битолско (28. XII).
Во ноември султанот издаде ираде за реформи и за инспектор за нивно спроведување го назначи Хусеин Хилми паша.

Блиску до с. памела, леринско, во еден судир со турскиот аскер загина Марко војвода.

Кај с. Гвадаљанцие убиен Михаил Попето.

**1903 г.**

Судир меѓу аскер и селската чета кај с. Велгожди, Охридско (18. I).

Судир меѓу аскер и четата на Пенчо кај с. Избишта, Ресенско (22. I)

Судир меѓу аскер и четата на Андон Ќосето кај с. Аснагија, Радовишко (16. II)

Судир меѓу аскер и четата на Чернопеев, Бајчев,Жеков и П. Самарџиев во Ново Село, Кочанско (18. II).

Судир меѓу аскер и четите на Славејко Арсов, П. Стрезов, Н. Кокалев, Пенко и други кај с. Љубојно, Ресенско (22. II).

Судир на четите на Борис Сарафов и Крсто Асенов во с. Владимирово, Малешевско (28. II).

Судир меѓу четата на Ѓорѓи Радев и аскер во с. Горно-Броди, Серско (5. III).

Турски аскер го запали с. Жерве, Воденско (9. III).

Судир меѓу четите на Тодор Саев и К. Настев од една страна и аскерот од друга кај врвот Чавките, Малешевско (9. III).

Судир меѓу аскер и четата на Апостол војвода кај с. Бојмица, Гевгелиско (9. III).

Судир меѓу аскер и четата на Бачваров кај с. Карбинци, Штипско (27. III).

Судир меѓу аскер и четата на Гоце Нисторов кај с. Оризари, Еницe-Вардарско (28. III).

Беше убеин војводата Тодор Саев од с. Белица, Разловечко, во судир со Турците кај с. Цапарево, Петричко (10. IV).

Судир меѓу аскер и четите на Чернопеев, Дечев, Т. Ангелов, Мазнејков кај с. Лески, Кочанско (14. IV).

Беше убиен кочанскиот војвода Цено Куртев (15. IV).

Судир меѓу аскер и четата на Христо Попето кај с. Загоричани, Прилепско (април).

Судир меѓу аскер и четите не Чернопеев, Дечев, Т. Ангелов, Левтеров, Мазнејков кај с. Готенци, Малешевско (19. IV).

Судир на четата на Боби Стојчев и Сандо Георгиев кај с. Стубак, Кумановско (23. IV).

Судир меѓу аскер и четата на Алексо Парајлијата кај с. Игуменец, Петричко (24. IV).

Беа убиени во судир со Турците кај с. Логодаш и Габрово, Горно-џумајско, војводата Софрониј Стојанов, од с. Цер, Битолско, и неговите другари Борис Сугарев од Прилеп и Димитар Мичев од Охрид (28. IV).

Судир меѓу аскер и четите на Борис Сарафов, Чакаларов, Пандо Кљашев и др. во с. Смрдеш, Костурско (28. IV).

Кренатабешевовоздух„БанкОтоман“ибешепрекинатагасоводната мрежа во Солун од Орцето, Мечето и др.

Судир меѓу аскер и четата на Ванчо Мицков кај с. Латово, Кичевско (1. V).

Беа убиени во судир со Турците кај Баница, Серско, Гоце Делчев и војводата Димитар Гуштанов од с. Старчица, Неврокопско (4. V).

Окружен революционерен конгрес во Смилево, Битолско, за кревање на востание на Илинден (5. ).

Колеж во Битоа (6. V).

Судир меѓу четата на Иван Вапцаров и аскер кај с. Голешово, Демир-Хисарско (6. V).

Судир со селската чета кај с. Цапари, Битолско (6. V).

Судир меѓу аскер и четата на Арсо Мицков кај с. Брждани, Кичевско (8. V).

Судир меѓу аскер и четата на Крсто Асенов кај с. Луковец, Воденско (9. V).

Судир меѓу аскер и четата на С. Атанасов кај с. Луково, Кратовско (11. V).

Судир меѓу аскер и четата на Алексо Парајлијата кај с. Горни Пороj, Демир-Хисарско (15. V).

Судир меѓу четите на Чернопеев, Бакалов и Дончо кај с. Ограждeн (21. V).

Опожарување на с. Смрдеш, Костурско (22. V).

Судир меѓу аскер и четата на Иван Карасулски кај с. Падалиште, Енице-Вардарско (23. V).

Исто со четата на Н. Жеков кај с. Негриновци, Радовишко (24. V).

Судир меѓу аскер и четата на Мазнејков кај с. Кдино, Радовишко (24. V).

Судир меѓу четата на Јордан Стојанов и аскер кај с. Голак, Горно-Џимајско, (25. V).

Судир меѓу четите на Чернопеев, Лефтеров, Китурија и Дончо кај Барбаревска Планина, Струмичко (26. V).

Судир Меѓу четата на Чукалев и аскер кај с. Песодери, Леринско (2. VI).

Судир меѓу четите на Лазар поп Трајков, М. Розев, Пандо Кљашев и Чакаларов во с. Желево, Костурско (3. VI).

Исто со четата на Стамен во с. Смиљанци, Радовишко (3. VI).
Судир меѓу четите на Танушев, Д. Капинаџијата, Ј. Спанчовалијата, Атанас Пешовалијата и Стојан Филипов кај с. Галата, Демир-Хисарско (7. VI).
Исто со четата на Н. Бојанков кај с. Топлица (Сувите корита), Прилепско (7. VI).
Судир со четата на Максимов на Голак планина (11. VI).
Судир со четата на С. Атанасов и Димитар Стојанов кај с. Раткавица, Кратовско ( 11. VI).
Судир со четите на Чакаларов, Лазаров и Трајков, Пандо Кљашев, Диочо кај Дмбенската планина, Костурско (13. VI).
Судир со четите на Трајко Ѓотов и Гоце Нисторов кај с. Драгомировци, Кукушко (25. VI).
Судир со четата на Крсто Асенов во Јулин, Кукушко (25. VI).
Судир со четата на Гоне Парадов кај с. Мутулово, Кукушко (27. VI).
Судир со четата на Крсто Асенов кај с. Тодораци, Кукушко (27. VI).
Судир со четите на Крсто Асенов и Трајко Кјотов кај Армanскиот ѓол, Кукушко (8. VII).
Судир со четата на П. Јуруков кај с. Копривчица, Тиквешко (12. VII).
Беше убеин од Турците војводата Алексо Парајлијата меѓу селата Игуменци и Стиница, Петричко (15. VII).
Судир со четата на Александар Василев кај с. Дуње, Прилепско (19. VII).
Судир со четите на Петар Ацев и Н. Пшков кај месноста Ливада, Прилепско (19. VII).
Судир со четата на Иван Смичков кај Бозовишките лозја, Прилепско (22. VII).
Беше убиен револуционерот Тале Христов од Прилеп во судир со Турците (22. VII).
Објавено беше големото македонско востание (2. VIII).

# СОДРЖИНА

КОН ОВА ИЗДАНИЕ (*Предраг Димитровски*) ---------------------------- 5

ПРЕДГОВОР (*Проф. д-р Зоран Тодоровски*) ---------------------------- 9

**МАКЕДОНИЈА НИЗ ВЕКОВИТЕ**
**– Македонија во древноста, средниот и новиот век** -------------------- 25

Предговор ---------------------------------------------------- 29

БАЛКАНСКИОТ ПОЛУОСТРОВ ВО ПРЕДИСТОРИСКИТЕ ВРЕМИЊА --------- 31
Траките, нивното доселување, култура и исчезнување -------------------- 31
Древна Македонија во археолошки поглед ------------------------------ 53
Создавањето на македонската држава --------------------------------- 58
Македонија во древноста- ----------------------------------------- 60
Народноста на старите Македонци ---------------------------------- 63
Македонија при навлегувањето на Персијците. Еден драматичен настан ------- 79
Македонија во древноста II ---------------------------------------- 80
Древна Македонија ----------------------------------------------- 82
Александар Македонски како мит за балканските народи ----------------- 87
Александар Велики (Историјата на еден гениј. „Синот на Сонцето“.
Светската империја) ---------------------------------------------- 88
Александар Велики ----------------------------------------------- 90
Подвизите и освојувањата на Александар Велики
(од 336 до 331 г. пр. Ис. Христа)- --------------------------------- 91
Александар Велики по освојувањето на Персија (од 331 до 323 г. пр. Христа)
Историја на античкото општество (Грција, елинизам и Рим)
Што е „античко општество“ ---------------------------------------- 102
Марксизмот и создавање на научна историја на древниот свет --------------- 109
Македонија и Грција- --------------------------------------------- 114
Источниот поход на Александар и „светската монархија“ ------------------- 128
Римската дипломатија и Македонија --------------------------------- 147
Распаѓањето на Македонското царство -------------------------------- 154
Востанието на Македонците под водство на Андришко т.н. псевдофист
(лажниот Филип) ------------------------------------------------ 157
Македонија како римска провинција ---------------------------------- 158

Македонија во време на римските и византиските императори- - - - - - - - - - - - - - - 160
Доаѓањето на Словените на Балканскиот Полуостров и населувањето –
Преселбата на некои од словенските племиња во Македонија- - - - - - - - - - - - - - - 164
Византиското селанство, земјоделскиот закон и словенската колонизација - - - - - 168
Византиската култура - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - 173
Средновековна Бугарија и Македонија- - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - 183
Богомилството и богомилите- - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - 191
Историското дело на Кирил и Методиј - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - 193

ДОАЃАЊЕТО НА ТУРЦИТЕ НА БАЛКАНСКИОТ ПОЛУОСТРОВ - - - - - - - - - - - - - - 201
Ропство под владеењето на турските султани- - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - 201
Земјоделските и аграрни односи кон крајот на XVIII век - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - 214
Од Развојот на градскиот живот и занаетите во Бугарија во XVIII и XIX век -
Д-р Ив. Сакозов - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - 232
Стопанскиот живот во градовите - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - 236
Македонската борба - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - 242
Општ број судири и убиени за време на Илинденското востание- - - - - - - - - - - - - - 273
Македонија и европската дипломатија - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - 276
Австро-руските спогодби и политиката на Австрија и Германија на Балканот- - 276
Политиката на Русија на Балканот - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - 278
Австро-руската спогоба од 1897 г. - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - 281
Македонската криза - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - 283
Реформите во Турција и македонската револуција - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - 286
Мирцштетските реформи - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - 288
По востанието. - Обновување, реорганизација на Внатрешната револуционерна
организација и борбата против туѓите вооружени пропаганди - грчката,
српската и врховизмот во Бугарија - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - 290
Големата саможртва на „Ножовци“- - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - 297
Дејноста на младотурците и резултатот на нивната работа - - - - - - - - - - - - - - - - - - 314
Балканската војна - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - 322
Втората Балканска војна и поделбата на Македонија - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - 328

ВРХОВИЗАМ И ЦЕНТРАЛИЗАМ - ФЕДЕРАЛИЗАМ - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - 347
Два светогледа, два концепта - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - 347

ПРИЛОЗИ
МАКЕДОНСКА ХРОНОЛОГИЈА - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - 393

**Павел Шатев**
**ИСТОРИЈА НА МАКЕДОНИЈА**
**(Материјали – Том 1)**

---

*Издавачи*
**Државен архив на Република Македонија**
**Македоника литера**

*За издавачите*
**Д-р Зоран Тодоровски**
**Ленче Тосева**

*Уредник*
**Нове Цветаноски**

*Избор и превод*
**Предраг Димитровски**

*Предговор и редакција*
**Проф. д-р Зоран Тодоровски**

*Лектура*
**Александра Тимковска**

*Обликување на корица*
**Кочо Фиданоски**

*Компјутерска обработка за печат*
**Снежана Бошковска**

*Печат*
**Европа 92**
Кочани, 2012

*Тираж*
550 примероци

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

94(497.7)”.../19”

ПАВЕЛ Шатев : Историја на Македонија. Т. 1, Материјали /
[стручна редакција, коментари и предговор Зоран Тодоровски ; превод и редакција Предраг Димитровски]. - Скопје : Македоника литера : Државен архив на Република Македонија, 2012. - 375 стр. ; 24 см

Фусноти кон текстот. - Содржи и: Прилози

ISBN 978-608-4614-24-1 (мак. лит.)
ISBN 978-9989-622-87-8 (д.а.н.р.м.)
1. Тодоровски, Зоран [главен уредник] [автор на воведот]
2. Димитровски, Предраг [преведувач] [уредник]
а) Македонија - Историја - До 20в.
COBISS.MK-ID 92759050